YU ISSN 0351-448X

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ — СКОПЈЕ
FACULTÉ DE PHILOLOGIE DE L'UNIVERSITÉ DE SKOPJE

ГОДИШЕН ЗБОРНИК

ANNUAIRE

КНИГА 11 — 12 TOME

СКОПЈЕ — SKOPJE
1985 — 1986

ГОДИШЕН ЗБОРНИК

ANNUAIRE

КНИГА 11 — 12 TOME

СКОПЈЕ — SKOPJE
1985 — 1986

YU ISSN 0351-448X

ГОДИШЕН ЗБОРНИК

ANNUAIRE

КНИГА 11 — 12 TOME

СКОПЈЕ — SKOPJE
1985 — 1986

РЕДАКЦИСКИ ОДБОР
COMITÉ DE RÉDACTION

Гане Тодоровски (претседател)
Стојка Бојковска
Миодраг Милошевиќ — Другован
Ефтим Кафециски
Лидија Арсова — Николиќ
Звонко Никодиновски
Фанија Попова
Агим Полоска (секретар)
Љупчо Стефановски

Адреса: Филолошки факултет, Поштенски фах, 567, Скопје
Adresse: Faculté de Philologie, boîte postale 567, Skopje

ГОДИШЕН ЗБОРНИК

на Филолошкиот факултет на Универзитетот „Кирил и Методиј" во Скопје

Книга 11—12 (1985 — 1986)

Во финансирањето на овој Зборник учествуваше и Заедницата за научни дејности во СРМ

Печатено во печатницата „Просвета" — Куманово

Тираж 600 примероци

Печатењето е завршено во месец јуни 1987 година

СОДРЖИНА

ЛИТЕРАТУРА

Вера Стојчевска — Антиќ — Илија Велев
Кон кирилометодиевската библиографија во Македонија (1945—1985) — — — — — — — — — — — — 7—70
Vera Stojchevska — Antich — Ilija Velev
Towards the bibliography on Cyril and Methodius in Macedonia (1945—1985) — — — — — — — — — — — 70
Mihael Bergner
Leben und Werk Jacob und Wilhelm Grimms und ihre Wurdigung in der Deutschen Demokratischen Republik — — — 71—77
Михаел Бергнер
Живот и дело на Јакоб и Вилхелм Грим и нивното уважение во Германската Демократска Република — — — — 77
Миодраг Милошевиќ — Другованц
Книжевноисториското дело на Гане Тодоровски — — — 79—115
Miodrag Milošević — Drugovac
Gane Todorovski 's Literary and Historical Work — — — 116
Љубица Тодорова — Јанешлиева
Структурата, значењето и митските елементи во романот *Одрази во златното око* на Карсон Макалерз — — — — 117—138
Ljubica Todorova — Janešlieva
Structure, meaning and mythological elements in Carson McCullers s novel Reflections in the golden eye — — — — — 138—139
Евтим Кафециски
Н. В. Гоголь во руската критика и наука за книжевноста 141—178
Ефтим Кафеджиски
Н. В. Гоголь в русской критике и науке о литературе — 179
Нада Момировска
Поезијата на Мите Богоевски — вредностен показател и континуитет во револуционерната лирика — — — — — 181—187
Nada Momirovska
Die Dichtung von Mite Bogoevski — ein Hinweis auf den Wert und Kontinuität der revolutionären Lyrk — — — — — 187
Лидија Арсова — Николиќ
Првите словенски преводи и првите теориски концепции — 189—197
Lidija Arsova — Nikolich
The first slavonic translations and the first concept in translation theory — — — — — — — — — — — — 197
Науме Радически
Марксистичката естетика и марксистичката литературна критика — — — — — — — — — — — — — 199—210
Науме Радически
Марксисткая эестетика и марксисткая литературная критика — — — — — — — — — — — — — — 211
Гане Тодоровски
Крлежа и Македонија — — — — — — — — — — 213—221
Gane Todorovski
Krleža and Macedonia — — — — — — — — — — 221

Катица Кулавкова
Контекстот и диференцијацијата на книжевно-уметничкиот од псевдоуметничкиот текст — — — — — — — — — 223—233
Katica Kulavkova
The literary context and differentiation between literary and pseudo-literary texts — — — — — — — — — — — 233—234

ЈАЗИК

Gerlinde Glaser
Die Frau im Makedonischen — — — — — — — — — 235—246
Герлинде Глазер
Жената во македонскиот јазик — — — — — — — — 246
Лилјана Минова — Ѓуркова
За врската меѓу завршокот на именката и нејзиното вклопување во јазичниот систем — — — — — — — — — 247—253
Liljana Minova — Đurkova
On the relation between some endings of nouns and the accomodation of nouns to the language system — — — — — — 254
Борис Марков
Редот на зборовите во руската проста реченица од аспект на македонскиот јазик — — — — — — — — — — — 255—270
Борис Марков
Порядок слов в русском простом предложении с аспекта македонского языка — — — — — — — — — — — 270—271
Звонко Никодиновски
Метаговорните глаголи во францускиот јазик — — — — 273—325
Zvonko Nikodinovski
Lev verbes métalangagiers en français — — — — — — 325—326
Лидија Арсова — Николиќ
Поетската граматика на Едгар Алан По во песната „Гавран" — — — — — — — — — — — — — — 327—338
Lidia Arsova — Nikolich
The poetic grammar of Edgar Allan Poe in his poem „The Raven" — — — — — — — — — — — — — — — 339
Коста Пеев
Редукцијата како фактор во разграничувањето на југоисточните говори — — — — — — — — — — — — 341—358
Kosta Peev
Vocalic reduction as a factor of differentiation of the Southeastern Macedonian dialects — — — — — — — — 358
Агим Полоска
Лексичка интерференција на македонскиот и албанскиот дијалект во Преспа — — — — — — — — — — — 359—364
Agim Poloska
A lexical interference of the Macedonien and Albanian dialects in the region of Prespa
Велко Силјаноски
Артикулациската фонетика во наставниот процес: Како ја делиме горната површина на најподвижниот орган на говорот — — — — — — — — — — — — — — 365—374
Velko Siljanoski
Articulatory phonetics in the process: The division of the upper surface of the tongue
Дореана Христова
Конструкции со сврзникот „Да" во македонскиот и во францускиот јазик — — — — — — — — — — — 375—380
Doreana Hristova
Les constructions avec la conjonction „Da" („Que") — — — 380

ГОДИШЕН ЗБОРНИК

ANNUAIRE

КНИГА 11 — 12 TOME

УДК 019.931:881.01(497.17)

Вера СТОЈЧЕВСКА — АНТИЌ и Илија ВЕЛЕВ

КОН КИРИЛОМЕТОДИЕВСКАТА БИБЛИОГРАФИЈА ВО МАКЕДОНИЈА (1945—1985)

Состојбата на македонската средновековна книжевност генерално беше проследена дури по завршувањето на НОБ, кога дефинитивно беше призната и конституирана македонската држава и нација. Со оглед на веќе познатите историски состојби до 1945 година, оваа литература беше разгледувана во составот на бугарската, српската или грчката средновековни литератури. Кирилометодиевскиот период, кој зазема клучно место во рамките на нашата средновековна книжевност, особено во IX, X, XI век, станал предмет на посебни истражувања. Ракописното наследство, толку богато и доминантно во Македонија, многу бргу го привлекло вниманието на славистите, уште во екот од почетниот стадиум од развитокот на славистиката. Грижливо обработуваните ракописи на нашиот терен бргу исчезнувале и го наоѓале своето место во туѓи книгохранилишта. Покрај нивното исчезнување, тие најчесто биле приклучувани кон другите соседни книжевности. Мораме да истакнеме дека и покрај очевидното премолчување или присвојување на македонската редакција, се јавувале пера кои не можеле да ги предвидат и да не ги споменат и нагласат македонските карактеристики.

По повод 1100 годишнината од доаѓањето н Климент Охридски во Македонија го остваруваме овој труд, кој мошне прегледно ќе даде пресек за развитокот на книжевно-историските научни резултати во врска со истражувањата на кирилометодиевскиот период. Поаѓајќи од книжевно-историските материјали моравме да се допреме до лингвистички трудови, историски, историско-уметнички, археолошки, без да имаме цел овие посебни области од науката целосно и суштински да ги засегнеме. Дури и книжевно-историските трудови се застапени

преку посебни изданија на книги, зборници, списанија, додека помалите трудови, рецензии, прикази, обично објавувани во списанија, зборници и весници, ќе го најдат своето место во целосната библиографска граѓа што се подготвува во Институтот за литература при Филолошкиот факултет во Скопје.

Прилозите во оваа анотирана библиографија се претставени хронолошки, според годините на објавувањето. Текстовите од иста година се распоредени според азбучниот редослед на презимињата на авторите, или според називот на делата. Трудовите од научните собири, симпозиуми, зборници, се целосно претставени во една библиографска единица.

Во секој случај, книжевноисториската повоена дејност му припаѓа на Харалампие Поленаковиќ. Во 1949 година проф. Поленаковиќ пишува „Вистината за делото на Кирил и Методиј" (Нова Македонија, 9 јуни). Во 1954 година го пишува предговорот кон делото на Ватрослав Јагиќ „Кирил и Методи и нивните ученици". Посебно значаен труд претставуваше „Белешки за кирилометодиевското прашање кај Македонците во XIX век (Гласник на ИНИ, Скопје 1963, бр. 1, 157—180). Кон овој библиографски преглед може да се приклучат: „Прилог кон кирилометодиевската библиографија", Литературен збор, Скопје 1964, бр. 5) и „Прилог кон кирилометодиевската библиографија" (Вера Антиќ, Историја, Скопје 1969, бр. 2, 231—236).

Покрај овој наш прилог кон кирилометодиевската библиографија, ќе следи целосното нејзино претставување, заклучно со јубилејната Климентова прослава во 1986 година.

Владимир Мошин: Македонското евангелие на поп Јован, Институт за македонски јазик, Скопје 1954, 1—266.

Во ЈАЗУ се наоѓа интересното изборно евангелие, познато во науката како Евангелие на поп Јован. Евангелието претставува скратен апракос, составено за некоја месна црква или за домашна капела. Во светогорските ракописи имало доста со потекло од Македонија, посебно од Лесново, за што и В. Мошин се изјаснува во овој труд. Авторот го определува самото Евангелие кон крајот на XII век, или во самиот почеток на XIII. Инаку, ова Евангелие е од истиот тип како и Остромировото, Савината книга, Асемановото евангелие, Листовите на Ундолски, Добромировото евангелие. В. Мошин во анализата на текстот посебно се задржува врз разликите меѓу српската и македонската редакција, заклучувајќи дека ракописот е составен во македонска редакција.

Блаже Конески: Вранешнички апостол, Институт за македонски јазик, Скопје 1956, 9—70; 1—52.

Вранешничкиот апостол е зачуван во Архивот на ЈАЗУ, а името го добил според селото Вранешница каде што бил пронајден од попот Јован. По истражувањата на научниците: Н. Ружичиќ, Б. Цонев, В. Мошин, и други, се појави изданието на овој апостол од Блаже Конески, кој даде полна и исцрпна анализа, со што и овој споменик беше достојно презентиран пред славистичкиот свет. Палеографските белези укажуваат на неговото дефинитивно одредување во рамките на XIII век. Граматичката и јазичната анализа на Вранешничкиот апостол недвосмислено укажуваат на македонски споменик настанат во Северна Македонија. И овој текст би го вброиле кон оние споменици за кои е карактеристично бележењето на ѫ и ѧ, какво што покажуваат текстовите со замена на носовките. Лексичките форми укажуваат на подлабока старина, т.е. ја чуваат традицијата на архаичната македонска школа.

Книга за Климент, Книга за Климент Охридски, „Кочо Рацин", Скопје 1966, 5—207.

По повод 1050 годишнината од смртта на Климент Охридски се појави книгата „Книга за Климент", чија содржина ја претставуваат студиите на Харалампие Поленаковиќ, Блаже Конески, Петар Илиевски, Димче Коцо.

Харалампие Поленаковиќ: Климент Охридски. Живот и дејност. 5—69.

Во оваа студија авторот го проследува животниот пат на Климент Охридски, врз основа на значајните извори што се однесуваат на Климент Охридски, како и целокупната значајна дејност на споменатиот автор. Со оглед на длабоката традиција што и денес е евидентна во Охридско, во Македонија, Поленаковиќ ни презентира најзначајните народни творби кои се однесуваат на Климента. Покрај тоа, Климент Охридски живее и во творбите и спомените на македонските преродбеници и современи автори.

Блаже Конески: Охридската книжевна школа, 69—89.

Студијата Охридската книжевна школа претставува значајно остварување, бидејќи самиот автор се задржува на многу клучни моменти и карактеристики од оваа Школа. Во неа доаѓа до израз прифатениот став и во современата славистика

дека првичната азбука што ја составиле браќата Кирил и Методиј е глаголицата, настаната во почетниот стадиум од изведувањето на Моравската мисија. Во неа доаѓаат до израз најважните аспекти од периодот на почетниот период од словенската писменост, особено апострофирани и во списот на Црноризец Храбар „За буквите".

Петар Илиевски: Две слова на Климент Охридски и едно на Јован Егзарх во еден ракописен зборник од XV век, 39—115.

Во оваа студија станува збор за новооткриниот ракопис со проповеди од манастирот „Свети Илија" од село Ракотинци, српска редакција, со потекло. Во него се среќаваат две похвали од Климента и едно слово од Јован Егзарх, врз кои текстови авторот се задржува посебно.

Блаже Конески: Словата на Јоана Егзарха, 115—129.

Авторот на оваа студија анализира повеќе Егзархови слова и доста аргументирано заклучува дека текстовите Похвала кресту, Словото за Рождество, Словото за Богојавление, му припаѓаат на Јоан Егзарх. Со овој труд се прави вистински чекор кон запознавањето на словата од Егзарха, кои честопати истражувачите му ги препишуваа на Климент Охридски.

Димче Коцо: Климентовиот манастир „Св. Пантелејмон" и раскопката при „Имарет" во Охрид, 129—175.

Во месноста „Имарет" во Охрид се наоѓал манастирот на Климент Охридски „Св. Пантелејмон". Со своите долгогодишни истражувања проф. Димче Коцо го утврди точно таму и местото на Климентовиот гроб. Со раскопките при Имарет беа откриени двете Климентови цркви, кои се наоѓаа во манастирот Св. Пантелејмон, основан од Климента во 893 година.

До крајот на книгата се презентирани текстови од Климент Охридски, Житието на Методиј, Житието на Наум, Похвала на Климент.

Македонски текстови 10—20 век, составиле: Б. Конески и О. Јашар — Настева, Издавач: Сојуз на друштвата за македонски јазик и литература, библиотека „Литературен збор", Скопје 1966.

Овој избор на текстови, според предговорот на составувачите, има за цел да го прикаже развојот на јазикот на словенската писменост во Македонија, во временски период повеќе од илјада години. Текстовите се поделени во два дела: старомакедонски (старословенски) период и новомакедонски период. Во рамките на тие периоди се извршени и внатрешни

поделби, а за секоја одделна поделба на текстовите се претставуваат нужните библиографски податоци како и поважните јазични карактеристики.

Старомакедонскиот период внатрешно е поделен на следните подгрупи:

I. Од крајот на 10—11 век — застапени се фрагменти од следните текстови: Асеманово евангелие; Зографско евангелие; Мариинско евангелие; Синајски псалтир и Синајски еухологиј.

II. Од старословенски писатели во понови преписи — застапени се следните текстови: О писменах од Црноризец Храбар; Похвалата на Кирила од Климент Охридски и Житието на св. Наум од ученик на Климент и Наум.

III. Од 12—14 век — застапени се фрагменти од текстовите: Добромирово евангелие; Охридски апостол; Битолски триод; Октоих од 13 век; Евангелие на поп Јоан; Добрејшово евангелие; Вранешнички апостол; пролошкото житие на Гаврил Лесновски од 1330 година.

IV. Од 15—18 век — застапени се фрагменти од текстовите: Калиникова грамота; Слепченски писмовник; Македонски дамаскин; Тиквешки зборник; Трескавечки кодик; Записи и натписи.

Новомакедонскиот период внатрешно е поделен на следните подгрупи:

I. Текстови пишувани со грчка азбука — Песна од Костурско; Четиријазичникот на Данаил; Верују од ракописен молитвеник; Охридски речник; Кониково евангелие; Кулакиско евангелие; Житие на св. Јоан Владимир. Грчкото писмо е транскрибирано со современ македонски правописен систем.

II. Текстови од литературата и учебниците од 19 век — Митераства од Ј. Крчовски; Чудеса на пресвета Богородица од Ј. Крчовски; Огледало од К. Пејчиновски; Утешение грешним од К. Пејчиновиќ; Наказание на Ѓурчин Кокале; Писмо на Цинот; Афоризми на Цинот; Борбата против владиката Мелетија во Охрид; Од една дописка на Д. Миладинов; Песни на К. Миладинов; Песни на Р. Жинзифов; Сердарот од Г. Прличев; Текстови од македонските учебникари и Авторибиографијата на М. Цепенков.

III. Записи од 19 век на народна поезија и проза — Песни од Зборникот на Миладиновци; Фрагменти од поемата Кузман Капидан; Приказни од Зборникот на М. Цепенков; Приказни од Зборникот на С. Верковиќ.

IV. Текстови од 20 век — Фрагмент од книгата „За македонските работи“ од К. П. Мисирков; Песна од К. Рацин; Богомилите од К. Рацин; Текстови од НОБ.

Проф. д-р Владимир Мошин: Палеографски албум на јужнословенското кирилско писмо, „Кочо Рацин", Скопје 1966, 3—165.

Палеографскиот албум на јужнословенското кирилско писмо се појави во 1966 година, по повод јубилејната прослава 1050 годишнината од смртта на Климент Охридски. Тој се јави како неопходна потреба. Постојните палеографски албуми на Можајскиј, Соболевскиј, Лавров, дадоа посебен придонес во славистичките истражувања, меѓутоа, се чувствуваше одамна потребата од еден атлас кој ќе ја следи еволуцијата на словенското кирилско писмо. Токму затоа овој палеографски албум дава значаен придонес за поцелосното согледување на кирилското јужнословенско писмо.

При изборот на текстот авторот водел сметка за палеографското значење, редакцијата, правописната школа и за обликот на писмото. Земени се предвид снимките на најкарактеристичните, класичните примери на одделни писма, зачувани во збирките на: Григорович, Гилфердинг, Успенскиј, Погодин, Сирку. Некои од текстовите потекнуваат и од личната колекција на В. Мошин. Повеќе простор им е посветен на средновековните текстови, а помал на помладите. Посебно внимание им е дадено на текстовите кои ги зачувале најстарите дијалектни особености. Се разбира тоа се пергаментните ракописи. Меѓу постарите ракописи овде се претставени: Савината книга — X, XI век; Супрасалскиот ракопис, крај на X век; Хилендарските ливчиња, крај на X век; Листовите на Ундолски, XI век; Новгородското ливче, XI век; Добромировото евангелие, XII век; итн. Овде сакаме да напоменеме дека треба да се видат најновите резултати од истражувањата на В. Мошин, во однос на најновото датирање на одделни стари ракописи, презентирани на Симпозиумот за Методиј, во Скопје, МАНУ, 1985 година.

СЛОВЕНСКА ПИСМЕНОСТ, 1050 годишнина на Климент Охридски, Народен музеј Охрид, 1966. Одборот за прослава на 1050-годишнината од смртта на Климент Охридски предвиде богата дејност, меѓу кои активности беше и подготовката на овој зборник што го издаде Народниот музеј во Охрид. Првата студија во овој зборник со наслов: *„Првобитното словенско писмо и најстарата глаголска епиграфика* (7—12), е на познатиот и плоден славист В. Штефаниќ. Во неа се осврнува на историјатот на словенското писмо, застанувајќи на страната на славистите кои ѝ даваат примат на глаголицата, како првично писмо создадено од Кирила. Се запира на трите карактеристични подрачја каде што се негувала глаголицата: мо-

равско-панонско, бугарско-македонско, хрватско. Во секој случај студијата дава пресек на современото ниво и достигањата на славистиката во врска со овие значајни прашања.

Владимир Мошин, исто така неуморниот славист и пред сè палеограф, се претставува со трудот *„Најстарата кирилска епиграфика"* (35—44). Авторот на трудот ги прима мислењето за неоспорното заштитување на глаголицата од страната на средновековниот писател Црноризец Храбар, во кого е склон да ја бара личноста на Наум Охридски. Улогата за составувањето на кирилицата му ја придава на Климент Охридски. Во самото кирилско писмо разоткрива два вида и го документира преку разните откриени графити. *„Грчко-словенска културна симбиоза во Македонија"* е трудот на Петар Хр. Илиевски (45—55). Населувањето на Словените на Балканот, особено во Македонија, имало огромно значење за културниот развиток на тоа население. Македонците биле во најтесен контакт со грчката култура. Дури и по неуспехот на Моравската мисија по 885 година најблагопријатни услови за продолжувањето на таа Кирилометодиевска традиција се создадоа во Македонија, преку дејноста на Климента. Во 1018 година Македонија повторно потпаднала под византиска власт, но продолжил духовниот живот кој извирал од Охридската архиепископија. Охридските архиепископи дури го негувале култот на Климент Охридски. Од XIII век натаму во Македонија се јавуваат паралелно и словенски и грчки ракописи. Грчкиот јазик и грчката книжевност силно влијаеле во Македонија, но и словенското влијание се чувствувало и во ономастиката, посебно во топонимиите. *„Охридска книжевна школа"* е насловот на трудот на Блаже Конески (57—61). Кон крајот на IX век во Охрид оживеала книжевната дејност на старословенски јазик. Климент Охридски, основачот на Охридската книжевна школа, посебно се истакнал со своите книжевни текстови. Во оваа школа се употребувала глаголицата, додека во Преславскиот центар доминирала кирилицата. Нејзиното влијание се чувствувало и во старата руска книжевност. Радмила Угринова — Скаловска е застапена со трудот *„Споменици на старомакедонската писменост"* (63—72). Во Македонија настанале многу значајни старословенски споменици, особено во Охридскиот книжевен центар. Авторот ги разгледува следниве значајни ракописи: Зографското и Мариинското четвороевангелие, Асемановото евангелие, Синајскиот псалтир, Синајскиот требник, Болонскиот псалтир, Охридскиот апостол, Григоровичевиот паримејник, Вранешничкиот апостол, итн. *„Климентовата традиција во книжевноста"* е насловот на трудот од Харалампие Поленаковиќ (73—86). Во овој труд авторот ја проследува Климентовата традиција во литературата, почнувајќи од првиот анонимен сос-

тавувач на Климентовата служба и завршувајќи со примерите на таа традиција во богатото македонско народно творештво. По оваа статија следи Библиографијата за Климент Охридски што ја одбра Вера Вангели. Димче Коцо говори за *„Трикон-халните цркви во Климентовото време"* (91—100). Во Охрид се пронајдени седум рани византиски базилики со богати мозаици. Црквите во манастирите на Климент и Наум се трикон-халии. Токму врз карактеристиките на овие цркви се движи и темата во оваа студија. Цветан Грозданов се задржува врз *„Портретите на Климент Охридски во средновековната уметност"* (101—109). Авторот ги претставува преку овој труд најважните сознанија за портретите на Климент Охридски во Македонија. Тие главно се наоѓаат во Охрид и охридските цркви но и во други македонски цркви. Насловот на студијата на Мара Харисијадис е *„Грчко-словенски врски на подрачјето на македонската ракописна орнаментика"* (111—127). Авторот се задржува на мошне важните карактеристики од ракописната орнаментика, врз примерите што ги нудат значајните старословенски ракописи. *„Охридски неумски ракописи и почетоци на словенската музичка култура"* е насловот на трудот од Димитрие Стефановиќ. Авторот се задржува на охридските неумски ракописи, по број четрнаесет од IX до XIV век. Истражувањата укажуваат на развиената музикалност од страната на св. Кирил и Методиј и Климент Охридски. Блага Алексова изнесува интересно излагање за *„Материјалната култура на Словените во Македонија"* (141—151). Материјалот започнува со населувањето на Словените на Балканот во VI век, потоа преку карактеристичните пронајдоци за нивната материјална култура на теренот на Македонија во VII, VIII, IX век, се нудат богати примери од материјалната култура на Словените во Македонија.

Блаже Конески: Историја на македонскиот јазик, изд. „Култура", Скопје 1967, стр. 237.

Блаже Конески беше еден од првите составувачи на литературниот современ македонски јазик. Истиот автор ја изготви и историјата на македонскиот јазик, што е мошне значајна за детално проследување на неговиот развој. Во славистиката веќе е зацврстен научниот факт дека првиот книжевен словенски јазик, создаден од солунските браќа Кирил и Методиј, во основата го има македонскиот говор, поточно солунскиот дијалект од IX век. Подоцнежниот развоен период на овој јазик, меѓу другите словенски јазични варијанти, ја издиференцира и македонска варијанта. Македонска јазична варијанта низ целиот среден век, во поголема и помала мера, се развивала со специфични особености.

Во уводниот дел од Историјата станува збор за македонскиот јазик во балканската јазична средина и наспрема соседните словенски јазици, за македонските дијалекти и за литературниот јазик. Непосредниот контакт со соседните јужнословенски јазик придонесол за ред промени во развојот на македонскиот јазик. Меѓутоа, во него рано почнале да се развиваат извесни црти што ги изделуваат како целост во однос на говорите на соседните јужнословенски јазици. Проследени се и дијалектните разлики во македонскиот јазик што се зараѓале низ целиот историски развоен период. Исто така е укажано на условите и принципите по кои бил оформен македонскиот литературен јазик после Втората светска војна, кога Македонија во рамките на ФНРЈ ја стекна општествено-политичката и културната национална самобитност.

Останатиот дел од студијава го опфаќа историскиот развој на македонската фонологија, морфологија, синтакса и лексика. Од областа на Фонологијата е разгледана гласовната структура на зборот, вокалниот и консонантскиот систем, а посебно е проследен и историскиот развој на акцентот. Од морфологијата се проследува историскиот развој на зборовните групи со посебен осврт на нивните граматички категории. Во синтаксата се разгледуваат моделите на речениците и синтагмите. Посебно поглавје зафаќа и лексиката каде што се разгледува продуктивниот начин на зборообразувањето, основните фази во развојот на речникот на македонскиот јазик и контактите во речникот со балканските јазици. На крајот е дадена опширна библиографија што ја потврдува широката научна консултација при пишувањето на Историјата на македонскиот јазик.

Панонски легенди; научен коментар: Харалампие Поленаковиќ — превод: Радмила Угринова — Скаловска; изд. „Македонска книга", Скопје 1969, стр. 80.

„Панонските легенди" ги содржат опширните житија на браќата словенски просветители Константин — Кирил и Методиј, што се најважни и најкомплетни извори за нивниот живот и дело, напишани на словенски јазик. Тоа е комплетно издание каде што за првпат во Македонија научно пошироко, се коментираат Панонските легенди и за првпат се преведени на современ македонски јазик. Исклучителната тешка и одговорна задача ја реализираа двајца наши научни работници. Станува збор за Харалампие Поленаковиќ — добар познавач на животот и делото на Кирил и Методиј и Радмила Угринова — лингвист, чии потесни научни ориентации се движат во историјата на македонскиот јазик и пошироко во историјата на словенските јазици од средновековниот период.

Во научниот коментар (стр. 5—21) Поленаковиќ се задржува на неколку поважни пунктови од проучувањето на Легендите, за кои науката нема изедначено единствени ставови. Пред сè станува збор за времето кога се пишувани, на кој јазик најпрво биле напишани и кој ги напишал. Исто така е нагласена уметничката вредност на Легендите и како дел од најстарите словенски книжевни оригинални дела е укажано на нивната посебна книжевно-историска вредност. Натаму се коментира содржината од житијата и се имплицираат нивните историски реалитети. Преводот што е извршен на современ македонски јазик овозможува со нивните содржини да се запознаат поширок круг читатели и да ги прошират нивните сознанија за првите словенски просветители.

Кирил Солунски, I, II — Симпозиум 1100-годишнина од смртта на Кирил Солунски, МАНУ, Скопје 1970.

Во 1969 година Македонската академија на науките и уметностите организира меѓународен симпозиум од 23—25 мај во Скопје и Штип, по повод 1100 годишнината од смртта на Кирил Солунски. Поднесените реферати се објавени во посебен зборник, под горниот наслов. Содржините на излагањата ги даваме според редоследот на печатењето, и тоа првин од првиот том: Секција А, археологија, историја, историја на литературата, историја на уметноста; потоа том II: Секција Б — лингвистика, палеографија, филологија.

Блага Алексова: Придонес од истражувањата во Баргала Брегалница за осветлувањето на историјата на Словените во Македонија, 13—23.

Блага Алексова подолг период се занимава со истражувањата на локалитетите Баргала Брегалница. Во рефератот доаѓа до заклучок дека досегашните истражувања во Горен Козјак дадоа резултати и откритија за епископското седиште на градот Баргала и се констатира продолжување на животот во овој град и со доаѓањето на Словените. Авторот смета дека со ова име се поврзани основите од стекнувањето на првата словенска писменост, како и со покрстувањето на населението од овој крај. Градот Козјак постоел уште по населувањето на Словените во овие краишта. Овде е истакнато мислењето дека Брегалничката епископија треба да се бара во самото епископско седиште на Баргала, каде што е убициран Епископиумот на овој ранохристијански град.

Stjepan Antoljak: Makedonija u 9 stoljeću, 23—43.

Историчарот Стјепан Антољак во својот реферат се задржа посебно на одделни историски извори од VI до X век, врз основа на кои самиот автор заклучува дека може да се каже дека некои западни автори, оддалечени од оваа територија само знаат за Словените (Исидор Севилски), а други прават разлика меѓу Македонците и Бугарите, како и меѓу Склавиниите и Бугарија (Анастасиј Библиотекарот во латинскиот превод на Теофановата хронологија). Византиските писатели на тој терен точно ја воочуваат разликата меѓу Македонците и Бугарите, како и меѓу Македонија, Тракија и Бугарија. Тоа значи дека едни ги подразбираат под името „Македонци" како жители на темата Македонија (во поширока или потесна смисла), а други — многу пошироко, како Македонски Словени (Константин II Порфирогенет). Според тоа се заклучува дека уште во IX век се среќава името „Македонија" и „Македонци" и во византиската воена-административна управа, како и кај современите извори, а особено оние од подоцна.

Коста Балабанов: Словенските просветители Кирил и Методи во делата на македонските иконописци од XIX век, 43—65.

Коста Балабанов во оваа студија се задржува на 46 уметнички дела, во кои фигурира Кирил Солунски, и тоа во уметничките дела од XIX век. Најстарата датирана икона со негов лик ги претставува седмочислениците од познатиот зограф Дичо од селото Тресонче, 18. XII. 1862 година. На прв план се наоѓаат Кирил и Методиј. Истиот автор на 20 февруари 1863 година ја насликал иконата со ликовите на Кирил и Методиј и Климент Охридски. По хронолошки редослед авторот се задржува на доста значајни остварувања по македонските иконостаси во кои фигурираат Кирил Солунски, Методија, Климент и Наум Охридски. Последната опишана икона, иако не е потпишана, авторот со сигурност му ја припишува на Димитрија Андонов Папрадишки, од крајот на XIX век или во самиот почеток на XX век. Според разгледаните и претставените икони може да се одделат три групи: 1. Икони во кои се насликани само двајцата словенски просветители, 2. Икони во кои покрај Кирил и Методиј е насликан и трет светител, 3. Икони во кои се насликани покрај Кирил и Методиј и други светители.

Борис Бошкоски: Свети Кирил — мисионер и заштитник на словенската писменост, 65—75.

Авторот на овој труд се задржува на клучни етапи од мисионерската дејност на браќата Кирил и Методиј. Така на

пример, дадени се почетоците и зародишот на тријазичната ерес, со која браќата повеќекратно ќе се занимаваат, потоа Кирил Филозоф се истакнувал како одличен познавач на православието и во одбрана на словенската литургија црпел материјал од осветената традиција на Православната црква со гесло дека секој народ има право да го слави Бога на свој јазик. Кирил Филозоф давал и многу цитати од Светото Писмо во прилог на ваквото мислење. Борис Бошковски се задржува врз сите значајни полемики што ги воделе браќата во одбрана на словенската писменост и култура воопшто. Посебно ги апострофира умните дијалози и дејности на Кирил Филозоф, кому и му ја посветува статијата.

Josip Bratulić: Žitja Konstantina Ćirila i Metodija i staroslavenska asketskoproučna literatura, 75—85.

Во Хрватска уште во средината на XIX век имало видливи и високи резултати од проучувањата на Кирилометодиевското прашање. Посебно не може да се превиди високата дејност што во Хрватска ја започнал В. Јатиќ, која подоцна се прелила во општословенските славистички достигања. Во овој поглед не заостанувал и придонесот од изучувањата на Фрањо Рачки. За да се согледа поцелосно Кирилометодиевскиот корпус авторот сметал за неопходно да се осврне првин на житијата на Кирил и Методиј. Врз основа на историската поставеност на Кириловото житие, како и на Методиевото, изградени со цел да објаснат важни моменти од нивната мисионерска и архиепископска дејност, може да се заклучи дека Кирил и Методиј ѝ дале на словенската црква многу значајни црковни дела, неопходни за нејзиното живеење. Оттука и податоците за Библијата, за отеческите книги, добиваат подруга светлина. Браќата се погрижиле уште за својот живот да ги преведат најнеопходните дела за потребите на словенската црква.

Љупка Василев — Стефкова: Иницијали старословенских ћирилских споменика, 85—91.

Авторот во овој труд заклучув дека старословенскиот кирилски иницијал е во значителна координација со самиот тип на писмото. Василев ги разгледува најкарактеристичните старословенски споменици: оние кои имаат особини на некалирафско минускулно писмо, имаат и иницијален репертоар од постариот тип, неослободен од наследството на глаголицата, а наследениот орнамент не се вклопил во формите на новото

писмо. Подоцна поразвиените писарски центри, каде што можело да настане калиграфското, уставното кирилско писмо од Супрасалскиот ракопис, се успеало да се формираат иницијали согласно кон писмото.

Biserka Grabar: Iz problematike slavenskih apokrifa, 91—97.

Авторот на овој труд поставува важно прашање во врска со местото и појавата на апокрифите во словенска средина. Може да се смета дека апокрифната литература започнала да се преведува од грчки на словенски јазик не порано од самиот крај на IX и почетокот на X век, што значи во раниот подем на словенската писменост и книжевност. Јасно е дека од тоа време не е зачуван нити еден оригинален апокрифен состав, но со анализата на најстарите преписи на зачуваните апокрифни текстови може да се претположи дека и во ова време апокрифите биле познати среде Словените. Овие најстари текстови зачувале доста архаични форми кои ни помагаат во разоткривањето и претставувањето на прототиповите. Покрај тоа познато е дека уште за времето на цар Симеон (893—927) бил познат индексот на забранетите книги. Со други зборови, ако не би биле познати споменатите апокрифни состави, не би имало потреба и од појавата на еден ваков индекс на забранети текстови. Авторот врши анализи на апокрифните состави и доаѓа до заклучок дека со исклучок на Никодимовото евангелие, кое било преведено од латински јазик во Хрватска, сите други апокрифни состави настанале врз основа на грчки извори, преведени во Македонија или во Бугарија.

Цветан Грозданов: Односот меѓу портретите на Климент Охридски и Климент Римски во живописот од првата половина на XIV век, 99—109.

Појавата на портретите на Климент Охридски е поврзана со сликарската работилница на Михаил и Ефтихиј. Уште пред да го отпочнат декорирањето на црквите обновени или подигнати од крал Милутин, во црквата Богородица Перивлепта во 1295 година го остварија ликот на градскиот заштитник, Климент Охридски насликан заедно со архиепископот и книжевникот Константин Кавасила. Кон крајот на XIII век физиономијата на Климент Охридски била оформена. Во иконографијата на истата црква застапен е и ликот на папата Климент Римски. Климент Римски и папата Силвестер се насликани еден покрај друг, во низот на архиереите. Додека физиономијата на Климент Охридски е одредена, во однос на Климент Римски

се забележуваат импровизации. Во охридскиот круг можело да се врши и влијание во претставите на овие светители, едниот вселенски, другиот локален. Во натамошниот текст авторот на трудот се задржува на значајните сликарски остварувања на овие два портрети. На крајот се дадени и осум фотокопии од значајните сликарски остварувања.

Воислав И. Илиќ: Кирилометодиевската традиција во две беседи на Григор Прличев, 109—122.

Во уводниот дел авторот се осврнува врз кирилометодиевската традиција забележлива во творбите на македонските преродбеници. Посебно се задржува на оригиналните беседи на Григор Прличев, посветени на Кирил и Методиј. Во беседите провејува македонското национално чувство, а во првата беседа посебно се апострофира Македонија која раѓа знаменити мажи. Авторот во анализата на делата на Прличев се запира и на одредени слични делови што се јавуваат кај други книжевни дејци од Македонија.

Мирјана Ђоровић — Љубинковић: Одраз култа Ћирила и Методија у Балканској средњевековној уметности, 123—131.

Во овој труд авторот се задржува на распространетоста на кирилометодиевскиот култ на Балканот. Најстарата зачувана претстава на св. Кирил на Балканот се наоѓа во Охрид, во црквата Света Софија од XI век, претставен како архиерej. Авторот смета дека овој портрет е правен врз основа на Италијанската легенда. Кирил е насликан покрај Климент Охридски. Во фрескосликарството Кирил се среќава и како големосхимник. Во 1640 година сликарот Козма го насликал во Морача Кирил Филозоф, покрај ликовите на српските светители, во вид на икона. Авторот дава и две фотокопии на портретите на Кирил Солунски.

Радивоје Љубинковић: Ordo Episcoporum u Paris gr. 880 и архиерејска помен — листа у Синодикону цара Борила, 131—148.

Авторот се задржува на горепосочените изворни материјали и откако добро ги споредува и анализира, заклучува дека во централниот Балкан и во неговиот источен дел некогаш постоеле две независни цркви, кои од разновидни политички причини честопати и пред научната јавност се прикажувани како една црква. Со овој труд мислењето за автокефалноста на Самоиловата црква уште еднаш се потврдува.

Петар Миљковиќ — Пепек: Црквата Св. Константин од село Свеќани, 149—163.

Авторот дава детални показатели за состојбата на фреско-сликарството на црквата Св. Константин. Според иконографските и стилските разгледувања на фрагментите од двата слоја декорација во Свеќани произлегува дека овој споменик значително ги дополнува познавањата за историскиот развиток на средновековното сликарство во Македонија, иако фреските во знатна мерка се оштетени. Од зачуваните остатоци првиот слој од фреските е најзанимлив, бидејќи потекнуваат најверојатно од X век. Според ова овие фрески спаѓаат меѓу најстарите зачувани дела од раниот период на христијанската култура на Словените од Македонија. Авторот на крајот дава фотокопии од скици, планови и слики од истоимената црква.

Бранко Панов: Дејноста на Кирил и Методија во Македонија, 163—186.

Авторот ги зема предвид историските извори кои се однесуваат на раниот период од животот на Кирил и Методиј, поточно кога тој ја поврзува нивната дејност со Македонија. Б. Панов смета дека словенската област каде што кнезувал или управувал Методиј била струмичко-брегалничката област во Македонија. Во Македонија Методиј го создал делото „Закон судниј људем". Покрај тоа тој е на становиште дека на реката Брегалница Кирил Филозоф во 855 година ја измислил словенската азбука. Според тоа првата словенска азбука — глаголицата била создадена на македонска почва и таа добила општословенски карактер со изведувањето на Моравската мисија. Кон средината на 50-те години дејноста на Кирил и Методиј во Македонија била прекината и браќата од извесни причини се повлекле на Олимп (855 година).

Jože Pogačnik: Slovensko srednjeveško slovstvo in Ciril-metodijska tradicija. 187—197.

Авторот ги зема предвид историските услови за развиток на Словените во средниот век, кои се одвиваат во правно-политички смера: Карантанија и Панонија. Втората област е важна во врска со дејноста на браќата Кирил и Методиј. Авторот ги разгледува сите клучни места од житијата на Кирил и Методиј, започнувајќи од заинтересираноста на панонскиот кнез Коцел за словенска дејност, сакајќи да ја истакне желбата и тенденциите на панонците за сестран словенски просперитет и култура. Покрај тоа се задржува на нивните филозофско-теолошки погледи, на нивните погледи за јазикот и јазиците, итн.

Хараламлие Поленаковиќ: Дипломатскиот значај на мисиите на браќата Кирил и Методиј со особен осврт на Моравската мисија, 197—205.

Браќата Кирил и Методиј, како мошне образовани и талентирани луѓе во Византија, земале активно учество во политичкиот живот на државата. Нивната дипломатија дошла до израз особено преку изведувањето на трите мисии: Арапската, Хазарската, Моравската. Посебно се истакнати побудите за отпочнувањето на моравската мисија, имено согледувањето на опасноста од страната на моравскиот кнез Ростислав, од склопениот германско-бугарски сојуз. Тоа се случило уште во 862 година. Во 964 година Ростислав бил нападнат од Германците. Со успешното изведување на Моравската мисија придобивките биле огромни, во интерес на Словените, на планот на вкрстените односи меѓу Исток и Запад.

Борѓе Сп. Радојчиќ: О Константину — Кирилу и Методију и о почецима словенске писмености, 205—218.

Авторот смета дека Кирил и Методиј и покрај тоа што биле Грци, нивното дело им припаѓа на Словените, во што би требало и да се бара нивното големо значење. Како Методиев неразделен ученик го смета Климент Охридски, кој заминал на Олимп заедно со Методиј, а потоа им се придружил и Константин. Во врска со изведувањето на Моравската мисија авторот смета дека настанала првобитната словенска азбука, и тоа глаголицата. Посебно е подвлекувано значењето и дејноста на Климент Охридски, кој од времето на кнез Борис, со царот Симеон, направил многу за областите каде што учителствувал и епископувал. За времето на цар Симеон, кога станува збор за златниот век на бугарската култура, многу книжевни и културни дејци работат на полето на просветата, книжевноста, културата, меѓу кои посебно се истакнува дејноста на Климент и Наум Охридски во Македонија.

Загорка Расолкоска — Николовска: Црквата св. Ѓорѓи во Горен Козјак во светлината на новите испитувања, 217—227.

Авторот на овој труд се задржува врз најважните податоци во однос на црквата Св. Ѓорѓи во Горен Козјак, североисточно од Штип. Истражувачката работа врз оваа црква, околу архитектурата и живописот, што се одвиваше во 1967—68 година, посочува три фази од развитокот на историјата на оваа црква. Првата фаза останува како најстара и најмалку расветлена, од која потекнува единствената зачувана фреска, но врз која се наоѓа слика од третата фаза.

Драги Стефанија: Словенечките филолози и прашањето за основата на старословенскиот јазик, 227—244.

Генезата на старословенскиот јазик било секогаш актуелно прашање во славистиката. Во одреден момент на распространетите сфаќања во однос на ова прашање од страната на Ј. Копитар и Ф. Миклошич, последниве филозофи ја истакнаа панонската теорија за основата на старословенскиот јазик, сè додека В. Јагиќ не ја поби со убедливи документи, истакнувајќи ја македонската теорија, добивајќи добри истомисленици во личностите на: Орослав Цаф, Ватрослав Облак, Карел Глазер, Матија Мурко, Франц Гривец, Рајко Нахтигал, Франц Рамовш, Франц Томшич, Јоже Погачник, итн. Посебно внимание на ова прашање му обратил Ватрослав Облак. Авторот заклучува дека терминот старословенски, за јазикот што браќата Кирил и Методиј го издигнале на ниво на литературен јазик, го смета како исправен. Во својот труд Стефанија ги акцентира насоките на истражувачката работа и на добиените резултати на славистот Ватрослав Облак.

Нико П. Този: Кирил и Методиј во творбите на македонските копаничари, 245—249.

Кон крајот на XIX век, во времето на националниот подем во Македонија, се зголемувал интересот за уметничките дела, во кои се претставени браќата Кирил и Методиј. Покрај сликарските творби доминираат и скулпторски дела. Македонските копаничари биле привлечени од претставите на Кирил и Методиј и работеле длабоко пластични фигуративни мотиви. Во овој поглед предначеле дебарските копаничари. Овие автори изработиле убави релјефни икони, иконостаси, како и скулпторски творби. Посебно е апострофирано делото на копаничарот Атанасовски, потоа на Петар Калајџиев.

Борђе Трифуновиќ: Константинова (Ћирилова) књижевна дела у светлости неких Фотијевих књижевноестетских погледа, 249—261.

Авторот поаѓа од некои основни карактеристики на стилот во Константиновите дела и бара соодветни ставови во делата на Фотиј. Меѓутоа, со оглед на тоа што делото на Фотиј е доста обемно, пред испитувачот се поставува широк пат на изнаоѓање на сите погледи и сфаќања за книжевното дело. Оттука авторот доаѓа до констатација дека некои Константинови сфаќања биле блиски до Фотиевите. Константин ја чувствувал естетиката и поетиката на својата епоха, која пак од друга страна ја означува личноста на Фотиј.

Сергей Трощки: Номоканон св. Мефодия и его важность за наше время, 261—274.

Меѓу најважните преводи на браќата Кирил и Методиј се смета преводот на Номоканонот, зборник од канони и закони. Преводот на грчкиот канонски Свод (Синагога) го направил Методиј. Овој словенски превод имал и има огромно значење во православните словенски цркви. Во Бугарија бил искористен при преводот на Крмчијата без објаснување. Во Србија влијаел врз текстот на Крмчијата на св. Сава, а потоа и врз руската Крмчија.

Marin Franičević: Staroslavenski utjecaj u hrvatskoj predrenesansnoj versifikaciji, 275—281.

Старословенските влијанија се јавуваат во хрватската глаголска литература, која е пишувана на народен јазик, и тоа е посебно жива на чакавскиот говор. Тој стар хрватски стих кој се формира во XIV и XV век, се јавува под влијанието на усната народна поезија, латинската- класичната и средновековната версификација. Авторот покажува примери за хрватската версификација.

Димитар Шопов: Две поетски творби на Константин Брегалнички за епохалното дело на словенските првоучители, 281—293.

Многу средновековни автори во своите творби го величаат делото преземено од браќата Кирил и Методиј во врска со изведувањето на Моравската мисија. Константин Брегалнички во два свои поетски труда се задржува точно на нивните високи идеали, со цел културно вреднување на Словените. Станува збор за Азбучната молитва и Службата на Методиј, во кои дела средновековниот писател гради значајни поетски остварувања — два акростиха.

Кирил Солунски, 2.

Вториот дел од зборникот посветен на Кирил Солунски опфаќа: лингвистика, палеографија· филологија. Во него се поместени 28 реферати, и тоа по овој редослед:

Димитрије Богдановић: О неким питањима лексикографске обраде јужнословенских ћирилских споменика српске редакције, 11—18.

Авторот ги дава насоките на организираното изучување на кирилските јужнословенски ракописи со српска редакција, што е и неопходна истражувачка работа за Речникот на старословенскиот јазик.

Dalibor Brozović: O inventaru fonema starocrkvenoslavenskog jezika i o njihovim razlikovnim obilježjima, 19—35.

Авторот ја истакнува непреценливата важност на старо-црковнословенскиот писмен „систав", и тоа за развитокот на сите подоцнежни форми на словенската писменост. Брозовиќ укажува на многу карактеристични фонеми од овој јазик преку конкретни примери.

Иванка Веселинов: Бечкеречки типик 14 века, 35—50.

Бечкеречкиот типик од првата половина на XIV век, припаѓа кон старите полни српски типици. Во 1666 година овој текст ѝ припаѓал на Бечкеречката црква. Овој типик е многу сличен со Српскиот Ковин и на тој од Коморан. Се разликува од Никодимовиот типик, а уште повеќе од Романовиот.

Josip Vrana: Makedonska redakcija staroslavenskih evanđelja, 51—67.

Авторот прави еден вид ревизија во смисла на сфаќањата и погледите кон редакциите во кои се среќаваат старословенските евангелија. Нагласува дека само со компаративна анализа на поширока основа може да се извлекуваат заклучоци за редакциите, за да се избегнат евентуалните заблуди, доколку едностранo или само по еден критериум се приоѓа кон нивното изучување. Тешкотиите се јавуваат што многу важни евангелија не се издадени, а само врз нивните критички издања ќе можат да се извлекуваат опстојни и меродавни заклучоци. Најстарите македонски евангелија зачувале голема архаизност, бидејќи не биле многу дотерувани и изменувани.

Георги Георгиевски: Хилендарските ливчиња, 67—81.

Овој ракопис го пронашол Григорович во 1844 година во една хилендарска келија. Авторот во овој труд се задржува врз палеографските и фонетските особености на текстот, истакнувајќи дека во него е зачувана правилната употреба на носовките, со што се споредува со Савината книга и Супрасалскиот ракопис.

Петар Хр. Илиевски: Учество на грчкиот и балканскиот латински во развојот на старословенската деклинација, 81—97.

Уделот на грчкиот и балканскиот латински, со кои словенскиот јазик дошол во потесен контакт, се состои во тоа што го покренале и го забрзале развојот којшто зреел самостојно и во словенскиот.

Блаже Конески: Црковнословенскиот јазик на фреските во Македонија 97—110.

Употребата на црковнословенскиот јазик по фреските во Македонија претставувала уште една негова специјална функција. Грчките натписи од периодот на првиот период од развитокот на словенската писменост доминираат, сè до промената на оваа ситуација кон крајот на XII век и почетокот на XIII, со создавањето на државата на Немањиќите и Трновското царство. Меѓутоа, во Македонија продолжува влијанието на грчкиот јазик. Во XIV век ситуацијата се менува и кај нас, со тоа што се јавуваат натписи и на црковнословенски и на грчки јазик.

Miroslav Kravar: O dvoječiznom karakteru staroruske pismenosti, 111—122.

Староруската етапа во развојот на рускиот книжевен јазик сведочи за почетоците на процесот на асимилација на двата јазика, кои и денес остануваат неразделно силни во прикриено-хибриден, но целосен систем на книжевниот јазик.

Herta Kuna: Ćirilo-metodijanska tradicija u leksici vojvođanske literature druge polovine XVIII v., 123—134.

Авторот прави обид да установи во каков степен кирило-методиевската традиција се задржала во лексиката на литературата во Војводина во XVIII век.

Zdenka Kurcova: Příspěvek k razboru Ohrriodských listů, 123—134.

Авторот се задржува врз Охридските листови, правејќи споредби со значајни споменици кои им се најсродни.

Радован Лалић: Проблем црковнословенског језика као књижевног језика код Срба пре Вука, 149—162.

Ладислав Матејка: О проблемима нормализације у раној славенској писмености, 163—175.

Мито Миовски: За адаптацијата на туѓата ономастика во Клоцовиот зборник во споредба со Михановиќевиот панегерик, 175—197.

Во трудот се анализира компаративно ономастичкиот материјал од Клоцовиот зборник и Хомилијарот на Михановиќ.

Живота А. Михаиловић: Одломак македонског рукописног октоиха с краја XIII и почетка XIV века, 197—216.

Овој паметник се јавува како вреден ракопис од историјата на старословенскиот и делумно македонскиот јазик, како и за историјата на јужнословенската писменост.

Александар Младеновић: Графије Б и Ц у неким македонским споменицима, 217—229.

Владимир Мошин: Палеографско-правописне норме за јужнословенске рукописе пергаменог раздобља, 217—229.

Авторот на трудот мошне образложено ги систематизира палеографско-правописните норми на пергаментните јужнословенски ракописи, користејќи богат материјал од карактеристичните текстови од овие ракописи.

Малик Мулич: К вопросу о художественом мастерстве в древнейших славянских переводах службеных миней, 239—257.

Целта на авторот му е со овој реферат да предизвика објективна критика, дискусија, во рамките на разновидните ставови, како и во рамките на неговиот метод за истражување и постигнатите резултати.

Оливера Јашар — Настева: Турцизмите кај К. Пејчиновиќ со оглед на религиозната терминологија, 257—269.

Олга Недељковић: Редакције старословенског јеванђеља и старословенска синонимика, 269—280.

Историјата на словенскиот превод на Евангелието поминала низ седум редакции. Авторот се задржува врз карактеристиките на сите овие редакции.

Миливој Павловић: Структура и стил високог ранга у старомакедонском књижевном језику Константина и Метода Солунских, 281—290.

Марија Пантелић: Западне варијанте у старословенским псалтирима, 281—291.

Вангелица Папазисовска: За Савината книга, 301—319.

Авторот на трудот го споредува овој ракопис со значајни и слични текстови, како на пример со Зографското, Мариинското евангелија, вршејќи текстуални анализи, правописни и палеографски.

Блаже Ристовски: Некои прашања околу појавата на христијанството и писменоста кај Словените во Македонија, 319—339.

Авторот се задржува на почетоците на христијанизација на Македонските Словени, врз азбучното прашање, заземајќи став дека Словените во Македонија се христијанизирале во еден продолжителен процес од VII до IX век, додека азбучното прашање се одвивало надвор и независно од Бугарија.

Димитрије Стефановиħ: Екфонетска нотација у старим словенским рукописима, 339—347.

Авторот ги анализира екфонетските знаци во најстарите старословенски ракописи, особено земајќи ги предвид познатите Куприjановски фрагменти. Стефановиќ заклучува дека екфонетската нотација не нашла поширока примена во старите словенски ракописи.

Биљана Стипчеви: О српским паримејницима, 347—389.

Проблемот на паримејниците е тесно поврзан со проблемите на хрватските глаголски бревијари. Споредбата на лексичкиот материјал дава интересни заклучоци, врз кои посебно се задржува авторот, врз основа на четири списоци од српските паримејници.

Преостанатите три реферата од зборникот се однесуваат на палеографска, правописна и граматичка анализа на три значајни словенски споменици, што се гледа од самите наслови:

Вера Стојчевска — Антиќ: Листовите на В. М. Ундолски, 347—389.

Рада Угринова — Скаловска: Енинскиот апостол во споредба со некои други апостоли, 389—405.

Љубица Штављанин — Борђевиħ: Београдски македонски октоих (из средине XIII века), 405—419.

Mosché Altbauer, Psalterium Sinaiticum, The Macedonian Academy of sciences and arts, Skopje 1971.

Меѓу значајните македонски глаголски ракописи спаѓа и Синајскиот псалтир, пронајден на Синај, по што и го добил називот. Овој вонредно значаен текст, разгледуван од повеќе слависти, со последното издание од страната на Моше Алтба-

уер, во издание на МАНУ, доаѓа како мошне значаен материјал, преку целосното фототипско претставување, со одличните коментари и заклучоци, по исцрпните истражувања, од еминентниот славист Моше Алтбуер.

Владимир Мошин, Словенски ракописи во Македонија, I, II, Скопје 1971. (Соработници: Лидија Славева, Султана Кроневска, Јованка Јакимова). „Македонија — земја на првото запознавање на словенските просветители Кирил и Методија со словенскиот јазик; лулка на словенската писменост, врз чие создавање работеле првите ученици и соработници на Солунските браќа, Климент и Наум; јадро на Самоиловата држава, која во последната четвртина на X век го опфаќала и Преслав, центарот на бугарската просвета, во т.н. златно време на Климентовите современици Јован Егзарх и Константин Презвитер ... денеска, поради историските околности, е можеби најсиромашната од сите словенски земји со ова старо ракописно богатство" — Со овој увод В. Мошин го започнува предговорот кон важното и значајно дело — описот на словенските ракописи во Македонија. Авторот на двата тома, заедно со соработниците ги опишал зачуваните ракописи, кои денес се сопственост на следниве установи: Архив на Македонија, Народна и Универзитетска библиотека, Филозофски (денес Филолошки) факултет, Институт за македонски јазик, Скопска митрополија, храм Св. Богојавление во Прилеп, црква во село Ропотово — Прилеп, манастир Св. Јован Бигорски, манастир Св. Пречиста — Кичевско, Народен музеј Охрид, Историски архив Охрид, Историски архив Титов Велес, Стојмир Поповски с. Манастир, Доленци, Кичевско, село Лавчани — Кичевско. Опишани се 134 ракописи, 18 фрагменти, 58 документи, записи и писма.

При опишувањето на ракописите авторите се служеле со сите пропозиции од достигањата на современата палеографска наука и ексцерпирани се најважните наслови и поднаслови, со сите нужни податоци, за да се добие целосна претстава за односниот ракопис. Вториот том содржи фотокопии од опишаните ракописи.

Бранко Панов: Теофилакт Охридски како извор за средновековната историја на македонскиот народ, изд. „Култура" — Скопје 1971, стр. 403.

Овој монографски труд на Бранко Панов, што беше и докторска дисертација на авторот, го користи изучувањето на Теофилакт Охридски како извор за проследување на историјата на македонскиот народ. Проучувајќи ја дејноста на охридскиот архиепископ Теофилакт, кој бил претставник на грч-

киte тенденции за асимилирање на словенскиот народ, се приближуваме до правилното сфаќање на положбата на македонскиот народ во време на византиското владеење, конкретно во време владеењето на императорот Алексиј I Комнен (1081—1118). Панов мошне комплексно ја разграничува историјата на македонскиот народ во време на византиското господство од историјата на бугарскиот народ, за кое прашање во почетните истражувања научниците не се снајдоа најдобро, а причина за тоа беше најразличното прекривање на дел од историјата и погрешниот третман на истата.

Во почетокот на трудот е расветлена биографијата на Теофилакт. Главно интересирањето е задржано на неговата предархиепископска и архиепископска дејност и на нејзиниот карактер, за натаму да се прошири кон хронологијата на писмата. Изворните податоци од Теофилакт се користат за да се добие одговор на многу нерешени или уште непоставени прашања од аграрната историја на Македонија. Посебен дел зафаќа проследувањето на политичката историја на Македонија. Пред сè се расветлува византиската военоадминистративна управа во Македонија во време на владеењето на императорот Алексиј I Комнен, а се разрешуваат и прашања од црковната управа. Особено внимание се посветува на улогата на Теофилакт во грцизирањето на охридската црква и асимилирањето на македонскиот народ. Нема да се пропушти моментот и да се проследат оние изворни податоци од Теофилакт кои зборуваат за колонизаторската политика на Алексиј I Комнен. Во врска со норманските, крстоносните и српските навлегувања и завладувања во Македонија авторот ја поврзува и активноста на класната и ослободителната борба на македонскиот народ против феудалците и византиската држава воопшто. Во трудов свое место ќе најдат и оние податоци кои зборуваат за распространетоста и суштината на богомилското и павликијанското движење. Како што е истакнато во уводниот дел, иако податоците од Теофилакта се нејасни и кратки (донекаде и тенденциозни), сепак овозможуваат да се расветли еден дел од и онака мрачната и непрозирна средновековна историја на македонскиот народ.

Петар Хр. Илиевски: Крнински дамаскин, Институт за македонски јазик, Скопје 1972, 5—230, 1—562.

Името на Дамаскин Студит станало апелатив за слово, односно за зборник на слова со религиозно-поучна содржина на жив говорен, народен јазик. Епохалното дело на Дамаскин Студит бил зборникот „Θμαυρός", кој извршил пресудно влијание врз словенските литератури. Првиот превод на овој збор-

ник бил извршен во Македонија, познат во науката како „Македонски превод на Дамаскинот". До откривањето на Крнинскиот Дамаскин овој превод бил познат по пет ракописи. Авторот на шестиот, Крнинскиот Дамаскин, бил епископот Григориј пелагониски, од XVI век. Авторот на овој обемен труд детално се задржува врз преводот на Григориј, врз содржината, квалитетите, јазичните и палеографските особености, давајќи драгоцени вести и за текстот и за авторот на текстот, како и за преведувачот на Дамаскиното дело. Со вакво образложение, исцрпно презентиран материјал, фототипско издание на текстот, славистиката ги збогатува своите согледувања и заклучоци во однос на дамаскинската литература кај нас.

Лидија Славева, За старословенскиот триод, Slovo, Zagreb 1972, br. 22, posebni otisak, 93—117.

Разгледувајќи ги старословенските триодни текстови, и остатоците од нив, Славева заклучува дека првиот словенски триод го изработил најверојатно Климент Охридски, кој пред смртта (916) го превел Цветниот триод. Во текот на времето триодот се менувал во поглед на структурата и текстот. Најстариот структурен тип е зачуван во македонските триоди: ЈАЗУ IV d 107 и Шафариковиот. Тоа се полни триоди со едноставна служба од минеен вид. Триодните текстови Славева ги сместува во четири групи. И вториот тип триоди се македонски: Орбељски, Копитарев, Хлудов, Верковиќевиот. Во третата група спаѓаат српските триоди. Четвртиот тип е застапен во повеќе редакции и претставува „Бденија".

Моше Алтбауер, Добромирово евангелие, кирилски споменик од XII век, МАНУ, Скопје 1973.

Добромировото евангелие претставува значајно македонско евангелие, и тоа четвороевангелие. Било препишувано во јужномакедонски центар. Главниот текст од ова евангелие денес се чува во Народната библиотека во Ленинград, 183 листови. М. Алтбауер пронајде уште 23 листови од овој текст во манастирот Света Катерина на Синај. Во издание на МАНУ се појави целосниот текст, подготвен од М. Алтбауер. За него е карактеристична правилната употреба на носовките со извесни незначителни исклучоци. По проучувањата на овој текст од страната на: Вокресенски, Сперански, Јагиќ, изданието на М. Алтбауер пополни и дополни повеќе непознати и нејасни прашања во врска со ова најстаро кирилско евангелие.

Харалампие Поленакови: Во мугрите на словенската писменост, Мисла, Скопје 1973, 9—289.

Професорот Харалампие Поленаковиќ повеќе години ѝ посвети на средновековната книжевност во Македонија, кој предмет и го предаваше на Филозофскиот факултет во Скопје. Во 1973 година се појави петтомното издание на одбраните трудови на Х. Поленаковиќ, од кои една книга ѝ е посветена на средновековната книжевност во Македонија, со наслов „Во мугрите на словенската писменост". Во овој труд се собрани најважните и најсуштинските студии на проф. Х. Поленаковиќ, поместени во два дела. Во првиот дел од книгата се наоѓаат тематските студии кои се однесуваат на почетоците на словенската писменост, на творците на таа писменост, браќата просветители Кирил и Методиј. Низ сите овие шест студии може да се каже дека читателот може да добие заокружена претстава за нивниот животен пат, за нивните бројни дејности, за дипломатскиот значај на мисиите што ги презеле за својот живот, за кирилометодиевското прашање кај Македонците во XIX век.

Вториот дел од книгата содржи пет трудови, кои се однесуваат на Климент Охридски, родоначалникот на старата македонска литература. Во овој дел се изнесени ред хронолошки моменти од животниот пат и делото на Климент Охридски. Посебно се прави осврт врз неговото литературно дело, врз Панонските легенди, односот на нашите преродбеници кон Климента, потоа станува збор и за односот Климент Охридски — Црноризец Храбар.

На крајот од книгата доаѓа списокот на кратенките користени во трудовите.

Климент Охридски; Житија. Слова. Поуки. Предговор: Харалампие Поленаковиќ; Избор, превод и коментар: Радмила Угринова — Скаловска; изд. „Македонска книга" — библиотека „Од македонското книжевно наследство", Скопје 1974, стр. 165.

Овој зборник од книжевни творби на Климент Охридски за првпат во Македонија формира поширока претстава за делото на овој наш книжевен деец. Книжевните творби се преведени на современ македонски јазик, со што се овозможува со нивните содржини да се запознаат поширок круг читатели. Изборот е пропратен со предговор што го напиша Харалампие Поленаковиќ. Во предговорот вниманието е задржано врз изворите за реконструкција на Климентовата биографија, на коворите за реконструкција на Климентовата биографија, на ко-

ментирањето на неговиот животен пат и на богатиот книжевен опус. Изборот, преводот и коментарот го направи Радмила Угринова — Скаловска. Веднаш по предговорот Угринова се осврнува кон изборот и преводот (што ги изврши на современ македонски јазик) од каде што се согледуваат начелата и методите со кои се служела при работата. Оттаму ја согледуваме и идејата, изборот да ги опфати сите книжевни родови од книжевниот опус на Климента. Така се предадени книжевни творби концентрирани во четири циклуси: Похвали и житија на Кирила и Методија; Општи поуки за празници, на апостоли и маченици; Поуки за големите христијански празници и Похвални слова на христијански светители. Вкупно се застапени дваесет и три книжевни творби.

Михајло Георгиевски: Прилог кон описот на словенските ракописи во Македонија т.е. во Народната и универзитетска библиотека „Климент Охридски" — Скопје, сп. Историја, год. IX, бр. 2, Скопје 1975, стр. 131—158.

Во оваа статија Михајло Георгиевски врши опис на 14 словенски ракописи што се чуваат во НУБ „Климент Охридски" — Скопје. Истите не се опишани во познатата публикација на Вл. Мошин „Словенски ракописи во Македонија" (Скопје 1971). Овде станува збор за следните ракописи: Акатист на Пресвета Богородица од крајот на XV или почетокот на XVI век (НУБ М 98); Два листа од псалтир, втора половина на XVI век (НУБ М 99); Печатен псалтир со ракописно дополнение од средината на XIX век (НУБ М 1); Фрагмент од псалтир, втора половина на XIX век (НУБ М 51); Упатства за читање на апостолот на Василија Поп Илиов од Разлошка Белица, од 1854 година (НУБ М 88); Упатства за читање на евангелието од втората половина на XIX век (НУБ М 86); Фрагмент од апостол и месецослов, втора половина на XIX век (НУБ М 95); Фрагмент од минеј за месец септември — служба на св. Симеон Столпник, крај на XIX век (НУБ М 87); Фрагмент од цветен триод, втора четвртина на XIX век (НУБ М 91); Пофална молитва на Пресвета Богородица од втората половина на XIX век (НУБ М 78); Црковно пеење на Спиро Стојанов учител од село Блатец, од 1887 година (НУБ М 1); Нотен зборник за црковно пеење со црковно-словенски текст од втората половина на XIX век (НУБ М 52); Црковен нотен зборник од втората половина на XIX век (НУБ М 61); Мал поменик на Стојан Минов од 1884 година (НУБ М 93). Кон описите на некои од ракописите се приложени фотокопии и водени знаци. Други описи на ракописи Георгиевски објавува во: „Музејски гласник", Скопје (1973,

бр. 2; 1974, бр. 3; 1979, бр. 4; 1982); „Гласник на ИНИ, Скопје (1975, бр. 1 и 3); „Историја", Скопје 1974, бр. 2; во „Македонски јазик" од 1977 г. и други.

Дамаскин; Предговор, избор, редакција и коментар: Радмила Угринова — Скаловска, изд. „Македонска книга" — библиотека „Од македонското книжевно наследство", Скопје 1975, стр. 134.

Дамаскините се зборници со мешана содржина во кои за првпат е нагласена тенденцијата во пишаната литература да се воведи народниот говор, што ќе биде разбирлив за пошироките круг читатели. Во прво време овој назив ги опфаќал само преводите на „Сокровиште" — книжевно дело на Дамаскин Студит, Солунчанец кој живеел и работел во XVI век. Подоцна кога биле прифатени неговите книжевни идеи смислата се проширила до поопштите горе споменати карактеристики.

Во ова популарно издание комплетниот подготвувач Радмила Угринова овој средновековен книжевен жанр, негуван од XVI до XIX век, го доближува до пошироката читателска публика и ја запознава со неговиот историски развој и со содржините што ги опфаќа. Имајќи го предвид читателот на кого му е наменето изданието Угринова ги преведува постарите текстови (од XVI и XVII век) на современ македонски јазик, а останатите од XVIII и XIX век се дадени во нивната оригинална и поблиска за денешниот миг јазична звучност. Сепак над нив е извршена транскрипција на извесни знаци според современата македонска азбука. Во изборот се застапени десет текстови од XVI до XIX век преку кој се бележи надвладувањето на црковнословенската основа на писмениот јазик од страна на народниот јазик. За комплетно разбирање на содржината од страна на читателот секој текст е проследен со коментар и забелешки преку кои се дообјаснуваат некои термини. Во врска со тоа на крајот е даден и Речник на туѓи и понепознати зборови и форми.

Записи и летописи; Избор и редакција: Радмила Угринова — Скаловска; изд. „Македонска книга", библиотека „Од македонското книжевно наследство", Скопје 1975, стр. 186.

Записите — што книжевниците и другите црковни и световни лица ги оставале по маргините на ракописите, и натписите — оставани по ѕидовите и по инвентарите од црквите и манастирите, имаат големо значење при проучувањето на словенското културно наследство. Голем број научници се задржуваат на нивните содржини, други вршат нивно евидентира-

ње, а во поново време сè повеќе се проширува интересот истите да се разгледаат од историски и книжевно-теоретски аспект.

Ова издание подготвено од Радмила Угринова — Скаловска претставува селективна збирка на записи, натписи и летописи што имаат македонска провиниенција. Овие кратки содржини во предговорот се разгледуваат како пластична слика на народниот живот во текот на мачното историско минато, а истовремено се претставуваат како вистинско книжевно наследство кое „многустрано и реалистички го опишува тој живот". Бидејќи тематски нивните содржини припаѓаат кон различни области од животот, во изборот тие се распоредени во неколку поглавја: белешки од пишувачи и препишувачи; белешки за ктитори, зидари и зографи; белешки за дарители; белешки за подврзување и поправка на книги; белешки од познати и непознати личности за различни настани; надгробни белешки итн. Посебно место добиваат летописите и летописните белешки, кои на некој начин го сликаат животот во минатото. Во изборот се застапени поголем број летописни белешки и девет летописни текстови. Да споменеме дека е запазен и хронолошкиот редослед на записите, натписите и летописите. Еден дел од записите што потекнуваат од постар период се претставени со старословенски правописен систем и се преведени на современ македонски јазик. Останатите текстови не се преведени, а се објавени во транскрипција на современ македонски правописен систем.

Блаже Конески: Од историјата на јазикот на словенската писменост во Македонија, изд. „Македонска книга", Скопје 1975, стр. 141.

Овој труд на Блаже Конески, како што и самиот ќе каже во предговорот, претставува зборник од статии што го проследуваат „континуитетот на една писмена активност, со сите нејзини специфики, во смената на историските ситуации". Според периодите што се проучуваат статиите се поделени во два дела: Стар период и Нов период.

Во стариот период се поместени истражувања од историјата на јазикот на словенската писменост во Македонија од нејзиното создавање во втората половина на IX век, сè до почетокот на XIX век. Во овој дел завземаат место статиите во кои се зборува за општиот развој на старата словенска писменост во Македонија; карактеристиките на македонската варијанта на црковнословенскиот јазик; зборот боукарь во апологијата на Црноризец Храбар; јазичните карактеристики во словата на Јоан Егзарх; црковнословенскиот јазик на фреските во Македонија; соопштението на Хоматијан во краткото житие

на Климент дека тој открил појасни букви и за варијантите на црковнословенскиот јазик во Македонија во првата половина на XIV век.

Во новиот период лингвистичкиот интерес е концентриран врз развојот на современиот македонски јазик. Таму посебно внимание се посветува на состојбите во македонскиот јазик од XIX век до моментот кога беше создаден новиот литературен јазик. Во овој дел се застапени статиите: За некои црковнословенски елементи во усната традиција во Македонија во XIX век; Стихови на глас трпезечки (епитафот на К. Пејчиновиќ); За еден прилепски ракопис од средината на XIX век; Факторот на традицијата во развитокот на македонскиот литературен јазик; Односот на К. П. Мисирков спрема факторот на традицијата во развитокот на литературниот јазик; За некои појави во лексиката на македонскиот говор и писмен јазик; а на крајот се коментира појавата на македонскиот речник и работата врз истиот.

СПОМЕНИЦИ за средновековната и поновата историја на Македонија, Архив на Македонија· том I — Скопје 1975, том II — Скопје 1977, том III — Скопје 1980, том IV — Скопје 1981.

Од 1960 година во Архивот на Македонија работи специјална Комисија за публикување на архивската граѓа значајна за историјата на Македониј. Со утврдената програма не била опфатена средновековната граѓа, која би требало да формира еден дипломатски кодекс. Со оглед на специфичните историски услови и живот на македонскиот народ, овие рамки се поеластично проширени во серијата „Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија". Уредник на сите четири досега објавени томови под овој наслов е проф. Владимир Мошин. Во презентираната граѓа се наоѓаат значајни текстови кои нудат интересни аспекти и извори и за книжевната историја во Македонија.

Вера Антиќ: Од средновековната книжевност, изд. „Македонска книга", Скопје 1976, стр. 163.

По самиот наслов се гледа дека во книгата се застапени повеќе содржини од средновековната литература. Дадени се два тематски блока: Во првиот се поместени научните проследувања за животот и делото на епископ Константин Брегалнички и на Црноризец Храбар, а исто така се објавени нивните познати дела во превод на современ македонски јазик; Вториот тематски блок го сочинуваат пет наслови: „Одрази од апокрифите за Соломон во фолклорот"; „Свети Алексија — чо-

векот божји"; „Хагиографија за св. Ѓорѓи и мегданот со ламјата"; „Од историјата на средновековниот роман" и „Романот за Александар Велики и фолклорот." Веднаш се уочува дека станува збор за одразот на горе споменатите средновековни книжевни родови во фолклорот, што е потесен научен интерес на овој автор.

Покрај именувањето на Константин како Преславски или Презвитер, Антиќ го прифаќа називот Брегалнички со оглед на тоа дека од Преслав преминал во Брегалничката област и таму ја ширел словенската писменост создадена од неговите учители Кирил и Методиј. Од особено значење се научните коментари за Поучителното евангелие, а такви коментари — заедно со текстовите — се дадени за сите пет делови. Исто така се прокоментирани, а некои и преведени, оние дела за кои се смета дека ги пишувал тој: „Прогласот кон светото евангелие", „Службата за Методиј"; „Четири слова против аријаните" и „Преводот на Катахезите на Кирил Ерусалимски". За Црноризец Храбар е истакнато дека во науката сè уште не е утврдено кој се крие во псевдонимот, по кое прашање и Антиќ не завзема краен став. Познатиот трактат „За буквите" го определува дека настанал кон крајот на IX век.

По прашањето за одразот на наведените средновековни книжевни родови во фолклорот авторот се служи со аналитички и компаративни методи, со што се добива јасен преглед во нивната мотивска врска. Значењето на овој труд е и во тоа што се нуди широка информација за погледите на поголем број слависти по односните прашања, што е од особена корист за добивање на пошироки сознанија за секој иден истражувач.

Михајло Георгиевски: Исаиа Серски и неговиот историско-литературен расказ за преведувањето на богослужбените книги од грчки на словенски и за поробувањето на Македонија од Турците во 1371 година, Современост, год. XXVI, бр. 4—5, Скопје 1976, стр. 295—304.

Од Исаиа Серски досега е познат само преводот на делото на Дионисиј Ареопагит и поговорот кон истата книга. Поговорот има особена важност зашто дава податоци за тешкотиите при преведувањето од грчки на словенски јазик и се задржува на значаен историски момент — 1371 година кога се одвивала Маричката битка, пресудна за поробувањето на Македонија од страна на Турците. Во оваа статија предмет на коментирање е токму овој поговор. Михајло Георгиевски прави обид од содржината на поговорот да реконструира некои битни моменти за расветлување на потеклото на овој оригинален творец. Така во заклучокот стои дека тој живеел во XIV век, а прево-

дот го извршил на седумдесет годишна возраст. Истакнато е убедувањето дека бил од Сер, зашто да го преведе делото го потикнал серскиот митрополит Теодосиј, негов „владика и заштитник". Овој расказ во науката бил запазен уште во 1842 година од рускиот славист А. Востоков. Да ја дополни научната претстава Георгиевски дава преглед на проследувачите на овој оригинален средновековен текст. На крајот е објавен целиот поговор во превод на современ македонски јазик, а се дадени фотокопии на фрагмент од препис и на расчитан текст.

Д-р Вера Антиќ: Локални хагиографии во Македонија, изд. „Просветно дело", Скопје 1977, стр. 203.

Хагиографската литература била мошне омилена кај сите православни народи. Се појавила кон крајот на II век обусловена со ширењето на христијанството. Оттогаш и низ целиот среден век култот за одредени христијански светители се повеќе растел и се распространувал меѓу народот.

Вера Антиќ во предговорот на оваа студија го дава развојниот пат на овој мошне популарен книжевен род, што превземен од Византија се негувал низ целиот среден век и во Македонија. Застапениот материјал има своја строго поставена цел, да се концентрира на одреден дел од оваа книжнина. Макар што такви состави во Македонија почнале да се пишуваат уште за време на Климент и Наум Охридски, мошне е важно изделувањето на локалните хагиографии на пустиножителите св. Јоаким Осоговски, св. Прохор Пчински и св. Гаврил Лесновски. Покрај нив во книгата се поместени и хагиографиите на Иларион Мегленски — противник на еретичките движења и на Ѓорѓи Кратовски — бескомпромисен заштитник на христијанската вера.

Комплексот од приложените хагиографски текстови за петте светители претставува дополнување на веќе стекнатата претстава за сличните текстови посветени на Кирил и Методиј, Климент и Наум и други, што почесто беа презентирани во популарна форма во македонската книжевна историографија. Во овој случај кај нас за првпат се извршени преводи на горе споменатите локални хагиографии. Преводите овозможуваат подиректен контакт со поширокатa читателска јавност. Од особено значење е поместувањето на вториот дел во книгата кој содржи книжевно-културен и историски коментар посебно за секој светител, за нивните житија и за манастирите со чии имиња директно се поврзани нивните градби. Предговорот и статиите во книжевно-културниот и историскиот коментар се проследени со фусноти од поширока литература, што овозможува упатување за натамошно истражување во таа област.

Д-р Вера Антиќ: Низ страниците од јужнословенските книжевности, изд. „Наша книга", Скопје 1977, стр. 305.

Овој труд на Вера Антиќ содржи шест поглавја: „Јоан Егзарх"; „Кон богомилското движење"; „Презвитер Козма"; „Дуалистичкото книжевно наследство"; „Разумник" и „Дуалистички елементи во Фолклорот". Веднаш е уочливо дека наведените поглавја имаат повеќе заеднички пунктови за истражување. Предмет на научниот коментар се автори и дела чии содржини изразуваат одредени погледи за светот, одделни црковни прашања, догми, толкувања, разјаснувања и слично. Уште е поважно што овие дела и автори подеднакво се читани од повеќе јужнословенски народи и вршеле подеднакво влијание кај истите. Оттука и потребата на овие прашања да им се пристапи колективно, без да се ограничуваат во локални димензии.

Во овој случај е даден коментар за животот и делото на преславскиот книжевник од IX и X век Јоан Егзарх, а истиот е дополнет со превод на современ македонски јазик на фрагменти од „Небеса" и „Шестоднев", дела препишувани во средниот век кај сите јужнословенски народи. Научно се коментира и Богомилското движење и тоа: појавата, идеите, одразот меѓу народот како и борбата на христијанската црква против истото, во кое гледала за себе опасност и неговото учење го третирала за еретичко. Во дослух на тоа во трудот Антиќ се задржува на Презвитер Козма кој во своето дело „Беседа против Богомилите" полемизира со богомилското учење бранејќи го христијанското. Покрај проследениот животен пат и коментирањето на неговото дело е застапен и превод на фрагменти од „Беседата". Натаму следи прегледот на дуалистичкото книжевно наследство како и на неговиот одраз во фолклорот, како и коментарот за Разумникот, којшто исто така бил прифатен од страна на Богомилите.

Душко Наневски: Македонска поетска школа, Скопје 1977.

Во оваа книга Душко Наневски поместува две статии за Климент Охридски: „Слово за Климента" (стр. 13—24) и „Зракот на Климент" (стр. 25—43). Неговите размислувања се насочени кон една реченица од Климентовото „Пофално слово за Кирил", која истиот ја преведува „На сите народи сокриените тајни во извесни зборови разумно им ги толкуваше, на едни со писменост, на други со учење". Реченицата се анализира врз три пунктови: дека постојат скриени тајни во извесни зборови; дека тие тајни ги знаел филозофот Кирил и дека разумно т.е. рационално им ги толкувал на сите народи. Преку овој

навод Наневски го расветлува и ликот на Климент, за којшто вели дека и тој ги познавал скриените тајни во зборовите. Така, тој го нарекува Климента опитен граматичар, а Охридската книжевна школа — граматичарска. Во тој контекст се поврзуваат и модерните структурални идеи во лингвистиката како дослух на граматичарските чувства што ги покажал Климент Охридски.

Вера Антиќ: Средновековните текстови и фолклорот, изд. „Мисла", Скопје 1978, стр. 268.

Ова научно издание на Вера Антиќ претставува дел од нејзината докторска дисертација со наслов „Литературните текстови од Тиквешкиот зборник и нивниот одраз во народното творештво", одбранета во јануари 1974 година на Филозофскиот факултет во Скопје. Во печатениот текст, од технички причини, се опфатени обработките на поважните текстови од Тиквешкиот зборник, со особен осврт на соодветната состојба во фолклорот.

Откако ќе се истакнат основните историски, палеографски, јазични и текстолошки особености на зборникот, се прифаќа кон разоткривањето на односот меѓу неговите текстови и народното творештво. Предмет на научен коментар ќе бидат старозаветните и новозаветните апокрифи, физиологот, хагиографиите и средновековните раскази. Од апокрифите се застапени следните текстови: Слова за — Аврам, Сара, Исак, Исмаил, Света троица, смртта на Аврам, прекрасниот Јосиф, составувањето на псалтирот, лошите жени, Самсон, пророкот Илија (старозаветни) и слова за — воздвижението на Богородица, виденијето на апостол Павле, Марта, составувањето на евангелието, овошката (новозаветни). Во Физиологот се групирани словата за — орелот, еленот, волкот, лисицата, змијата, голубот, жабата и други. Од хагиографските текстови се застапени — Павле Кесарски, Марија Египетска, Св. Меркурij, Св. Ефрем. Во ракописот се застапени и следните средновековни раскази — Теофана крчмарката, Еладиј, Езоп, Мелентиј пустиножител, Евстратиј. Сите наведени текстови се коментираат одделно. Извршена е споредба на текстовите со слични во други ракописи и се прават обиди да се откријат нивните најстари варијанти. Посебен интерес се појавува при разоткривањето на односот меѓу секој застапен книжевен текст во зборникот и фолклорот, воглавно се изнаоѓаат нивните мотивски совпаѓања.

За да е комплетен научниот преглед по поставениот наслов на крајот се илустрираат списоци од: Описи на словенски ракописи од кои авторот се служел при споредбите на сличните текстови во другите ракописи; Поважни библиографски

единици користени при истражувањето и Поважни зборници со народни умотворби со чија помош се анализира односот меѓу текстовите од Тиквешкиот зборник и други текстови од народните умотворби.

Михајло Георгиевски: Уште еден прилог кон описот на словенските ракописи во Македонија, сп. Историја, год. XIV, бр. 1, Скопје 1978, стр. 159—186.

Ракописите што се опишуваат во статијава се сопственост на: НУБ „Климент Охридски" — Скопје (17); Црквата во Делчево (3); Павле Лаповски — свештеник во Крушево (1); Црквата во с. Подвис, Крушевско (1) и на Славе Младеновски од Берово (1). Истите не се опишани во познатата публикација на Вл. Мошин „Словенски ракописи во Македонија" (Скопје 1971). Станува збор за следните ракописи: Акатист на св. Јован Крстител и патерик отечник од крајот на XVIII век (НУБ Мс 109); Фрагмент од цветен триод од третата четвртина на XVII век (НУБ Мс 96); Фрагмент од цветен триод, прва половина на XIX век (НУБ Мс 94); Фрагмент од цветен триод, средина на XIX век (НУБ Мс 89); Фрагмент од постен триод, втора половина на XIX век (НУБ Мс 107); Фрагмент од осмогласник, средина на XVII век (НУБ Мс 108); Печатен псалтир со последование од 1546 година со ракописни записи од XVII век (НУБ Мс 104); Печатен псалтир со ракописно дополнение од почетокот и крајот на XIX век (Ц. П. Мс 1); Фрагмент од псалтир, втора четвртина на XIX век (НУБ Мс 105); Фрагмент од минеј за месец септември, крај на XVIII век (НУБ Мс 92); Фрагмент од минеј за месец ноември, од 1845 година (НУБ Мс 90); Месецослов, упатства за читање на апостолот и др., втора половина на XIX век (НУБ Мс 62); Фрагмент од часослов, втора половина на XIX век (НУБ Мс 102); Фрагмент од служебник, втора четвртина на XIX век (НУБ Мс 106); Фрагмент од монашки правила, втора половина на XVI век (НУБ Мс 103); Врачевски молитви од четвртата четвртина на XIX век со вметнат дел од крајот на XVIII или почетокот на XIX век
вметнат дел од крајот на XVIII или почетокот на XIX век
(П. Л. Мс 1); Зборник на Георги Николов од Пехчево, од 1889 година, со воскресник, учење за анѓелите и две песни (НУБ Мс 100); Нотен литургиски зборник на Георги Николов од Пехчево од 1892 година (НУБ Мс 101); Музички нотен зборник од втората половина на XIX век (НУБ Мс 54); Црковно пеење од втората половина на XIX век (Ц. Д. Мс 2); Црковно нотно пеење од крајот на XIX век (Ц. Д. Мс 3); Црковно нотно пеење од четвртата четвртина на XIX век (Ц. Д. Мс 1) и Книга на приходи, расходи и инвентар на црквата во село Владимирово,

од 1856—1893 година (С. М. Мс 1). Во статијата се приложени фотокопии и водени знаци од еден дел на погоре наведените ракописи.

Драгољуб Драгојловиќ и Вера Антиќ: Богомилството во средновековната изворна граѓа, изд. МАНУ, Скопје 1978, стр. 274.

За појавата на Богомилите и за нивното учење во светската наука постојат голем број студии. Овој историски, културен и социолошки проблем посочува голем научен интерес за ред поставени прашања. Но, отсекогаш кога некој ќе се зафати да разјасни одредена покомплексна ситуација ќе наиде на празнина од директни извори, било тоа да се богомилски или пак антибогомилски. Особено е поголема тешкотијата при барањето на богомилските извори, зашто нивните книги биле масовно уништувани и сè што било во врска со нивното учење, или прифатено од нив, се отстранувало како еретичко. Нешто подобро стои ситуацијата со барањето на антибогомилските извори, зашто истите се распространувале меѓу населението и самото свештенство како указ да се чуваат од еретичкото учење. Овие извори не се доволни зашто во суштина не ги објаснуваат идеите на богомилското учење. Најсодржаен извор во таа смисла е полемичкиот труд на Презвитер Козма „Беседа против новопојавената богомилска ерес", од каде што се црпат податоци при првичниот интерес за Богомилите и нивното учење.

Оваа студија, подготвена од Драгојловиќ и Антиќ, има за цел да се даде целосна оцена на зачуваните извори пишувани на словенски, грчки и латински јазик. Со ваквата поставена задача студијава е прва од ваков вид во светската наука. Во предговорот авторите објаснуваат дека класификацијата на зачуваните споменици е извршена хронолошки според книжевните родови, само кај мешаните книжевни споменици земена е предвид содржината, а не книжевната форма. Студијата е поделена на два предметни дела: „Богомилска и псевдобогомилска книжевност" и „Антибогомилска книжевна граѓа.

Во првиот дел се коментира оригиналната богомилска книживност и псевдобогомилската книжевност. Вториот дел ја опфаќа антибогомилската книжевна граѓа. Таа е пообемна во однос на првата и затоа во студијата е поделена на три групи: Словенска изворна граѓа, Грчка изворна граѓа и Латинска изворна граѓа. Словенската содржи полемички текстови, канонски и правни списи, записи и натписи, житија, пофалби, молитви и литургиски текстови. Останатите две изворни граѓи

(грчката и латинската) ги содржат истите текстови како во словенската изворна граѓа и се збогатени уште со епистолографијата, историографијата и хронологијата. Крајот на студијата содржи пошироко резиме на англиски јазик за секоја изворна граѓа, а исто така изготвен е и регистар на лични и на географски имиња.

Ѓорѓи Поп-Атанасов: Словенски ракописи од Македонија во Музејот на Српската православна црква и во Српската патријаршиска библиотека, сп. Историја, год XIV, бр. 2, Скопје 1978, стр. 139—164.

Во двете од насловот наведени институции се наоѓаат околу илјада стари словенски ракописи. Збирката што се чува во музејот е значително поголема од онаа што се чува во патријаршиската библиотека. Од целокупната импозантна бројка што ја спомнавме на втората и припаѓаат само околу 260 ракописи. Во првата збирка свое место нашле и ракописите на Рад. М. Груиќ, што речиси сите потекнуваат од Македонија.

За време од едномесечното истражување во наведените збирки Ѓорѓи Поп-Атанасов прегледал околу 50 ракописи од кои издвојува 19 што потекнуваат од Македонија или пак се со македонска јазична редакција. Како што и авторот ќе рече во уводот од статијата, целта не е да се даде детален опис на одредените ракописи туку да се потенцира нивното македонско потекло, зашто некои од нив се третираат како „бугарски ракописи" или како ракописи со „бугарска јазична редакција". Издвоени се следните ракописи: *Музејска збирка при МСПЦ* — Посен триод (28) од 1654 г.; Житија и поуки (43) од средината на XIV век; Кучевишки минеј (53) од 1622 г.; Четвороевангелие (138) од крајот на XV до почетокот на XVI век. *Груиќева збирка при МСПЦ* — Апокрифен зборник на Аџи Баба даскал (19) од XVIII и XIX век; Зборник (154) од 1811 г.; Пролог за јануари-јуни и „Ксантопулово сьбрание" (167) од 1670 г.; Четвороевангелие (234) од средината на XV век; Елеосвештение над болен монах (3-I-65) од втората половина на XIII век; Четвороевангелие (247) од крајот на XIII век; Мало зборниче од Прилеп (3-I-89) од средината на XVIII век; Каноник (3-I-97) од XIV и XV век; Кичевски октоих (3-I-110 и 227) од средината на XIII век. *Патријаршиска збирка при СПБ* — Четвороевангелие (73) од втората половина на XV век; Зборник (163) од XV век; Псалтир (243) од XVI век; Зборник (245) од XIX век; Служебник (248) од втората половина на XVI век; Поменик на манастирот св. Јован Бигорски (251) од 1869 г.

Страници од средновековната книжевност; избор. редакција, предговор и забелешки: Вера Антиќ и Харалампие Поленаковиќ, изд. „Македонска книга" — библиотека „Од македонското книжевно наследство", Скопје 1978, стр. 274.

Појавата на оваа книга се покажа како исклучителна нужност за расветлување и осознавање на средновековната книжевност негувана скоро десет векови во Македонија и во останатите словенски земји. Имено истата содржи репрезинтативни фрагменти и цели текстови од единаесет популарни средновековни книжевни жанрови: библиски текстови; хагиографии; молитви, пофалби, слова, творби од Климент и служби; апокрифи; разумник; Физиолог; средновековни романи и раскази; списи од историски содржини; поезија; коледник и трмник и записи и натписи.

Во библиските текстови се предадени фрагменти од македонски ракописи пишувани со глаголското и кирилско писмо. Ракописите пишувани со глаголица не се претставени во нивната оригинална ортографија, туку како и кирилските се предаваат со старословенски кирилски правопис — веројатно од оправдани технички причини. Да не се изгуби духот што го поседува таа книжевност, како и оригиналниот призвук на нејзиниот јазик, на овие ракописи (од XI до XIV век) не им е извршена транскрипција на современ македонски правописен систем. Кај подревните текстови од другите книжевни жанрови исто така е запазен старословенскиот правописен систем, додека поголемиот дел од текстовите во изборот е претставен со современа транскрипција.

На страниците од овој избор свое место ќе си најдат поголем број значајни македонски средновековни споменици, меѓу кои: Зографското евангелие, Синајскиот псалтир, Битолскиот триод, Охридскиот апостол, Вранешничкиот апостол, Лесновскиот пролог, Првото и Второто Житие на Наум Охридски, Житието на Алексиј човекот божји, Житието на Јоаким Осоговски, Житието на Прохор Пчински, Краткото и Опширното Житие на Гаврил Лесновски, оригиналните творби на Кирил и Методиј, Климент Охридски и на други анонимни книжевници, повеќе апокрифни текстови, текстови од разумници и Физиолози, Средновековни романи и раскази, Трактатот „За буквите" од Црноризец Храбар, Самоиловиот натпис од 993 година, Азбучната молитва, Канонот во чест на Димитар Солунски, текст од коледник, неколку записи и натписи запишани по ракописите и по ѕидовите на манастирите, и многу други.

Според предговорот, што составувачите го приложуваат на почетокот од изборот, се гледа дека овој труд има задача „да го запознаат читателот со содржинската страна на разновидните средновековни книжевни родови". Макар што се нуди и материјал од лингвистички прашања, составувачите се откажуваат од таквите претензии давајќи ги текстовите и во современа правописна транскрипција. Така претставени тие имаат за цел недоволно проучената средновековна книжевност да им ја доближат на оние што не се занимаваат професионално со неа и што во доволна мера не ги уочиле нејзините вистински вредности.

Михајло Георгиевски: Македонското книжевно наследство од XI до XVIII век, изд. НИО „Просветен работник", Скопје 1979, 241 стр.

Македонското средновековно книжевно наследство создавано по црквите и манастирите за жал до наши дни целосно не е сочувано. За време на војните и постојаните ропства на македонскиот народ во средниот век голем број книжевни споменици биле уништени, или тоа го сториле противниците на словенството кои ги наложувале грчките елементи во христијанската богослужба. Дел од спомениците што успеале да бидат сочувани во текот на XIX и првата половина на XX век биле разнесени од разни нивни собирачи и патешественици по странските институции. Само мал дел денес остана да се чува во СР Македонија. Побуден од тие причини Михајло Георгиевски извршил преглед на словенските ракописи пишувани во Македонија, со што дава увид во дел од огромното книжевно наследство од средновековниот период.

Иако насловот упатува на македонското книжевно наследство од XI до XVIII век, Георгиевски се задржува и на почетоците на словенската писменост во Македонија, како и на книжевното дело на Климент Охридски, Константин Брегалнички и Црноризец Храбар. Не го запоставува и прегледот на првите познати македонски глаголски ракописи, како што се: Зографското Евангелие, Асемановото евангелие, Охридското евангелие, Македонските глаголски листови итн. Натаму следи прегледот по насочените во насловот периоди. Веќе од четвртата глава на трудот — што ги опфаќа книжевните споменици од XIV век — се прикажани општествено-политичките, економските и културните прилики во Македонија за секој век посебно. При евидентирањето на книжевните споменици се дадени најосновните податоци: називот, времето на пишување, редакција, формат, обем, потекло, пишувач, поважни записи и место на чување.

Радмила Угринова — Скаловска: Старословенски јазик, изд. Универзитет „Кирил и Методиј", I издание, Скопје 1970; II издание, Скопје 1979.

Книгата воглавно е наменета за студентите во Македонија кои го изучуваат старословенскиот јазик на славистичките групи при Филолошкиот факултет во Скопје. Во последно време овој учебник се користи и во средното насочено образование при културолошкиот наставен смер. Книгата содржи увод, граматика, текстови и речник кон граматиката и текстовите.

Во уводниот дел Радмила Угринова го предава историјатот на старословенскиот јазик, задржувајќи се потесно на постанокот на најстарата словенска писменост, азбуката, глаголското и кирилското писмо, постарите глаголски и кирилски пишани споменици и на варијантите на старословенскиот јазик (чешко-моравска, панонско-словенска, македонска, бугарска, руска, хрватска и српска, романска). Во граматичкиот дел посебно внимание им е посветено на фонетиката, акцентот, морфологијата и синтаксата. За практично согледување на старословенските граматички правила се поместени изводи на текстови од познатите постари книжевни споменици. На крајот следи речник на зборови што се среќаваат во граматиката и во текстовите. Истиот е двојазичен: старословенско-македонски. Дадени се и фотокопии од некои книжевни споменици преку кои студентот се запознава со оригиналното писмо на старословенскиот книжевен јазик.

Вера Стојчевска — Антиќ: Навраќање кон Библијата, изд. „Македонска книга", Скопје 1981, стр. 384.

Ширењето на христијанството и обавувањето на богослужбата од далекиот среден век и сè до денес воглавно се одвива со помош на Библијата. Целата средновековна книжевност била во нејзин знак и го потсилувала христијанското чувство кај секој поклоник. Библијата извршила огромно влијание и во посовремените светски култури, а меѓу нив и во македонската култура.

Подготвувањето на студијава од страна на Вера Антиќ има посебна програма — увид на реактивирањето на библиската содржина во современите книжевни и духовни простори. Составена е од два дела: „Библиски простори" и „Од културната историја, книжевност и фолклор". Во првиот дел воглавно се предава значењето на Библијата и влијанието што

го наметнала во современото книжевно творештво. Во таа смисла посебни осврти се направени врз творештвата на Достоевски, Толстој, Пушкин, Гоголь, Тургењев, Казанзакис, Сингер, Барбис и врз современото македонско творештво. Вториот дел ја задржува истата научна концепција свртена кон влијанието на библиските текстови во современите културни интерпретации за светот и постоењето. Додека во првиот дел е присутно држењето до марксистичките и филозофско-книжевните третмани на односното влијание, во вториот дел на овој проблем му се пристапува со построга историчност и со неконвенционална социолошка импликација. Така, се разгледани средновековните книжевни состави популарни и по XV век, теолошко филозофските полемики на прилепчанецот Акиндин во јужнословенската изворна граѓа, односното влијание во фолклорот од каде што произлегуваат дуалистичките ориентации во неговата содржина, а исто така се коментира трансформација на мотивот за Болен Дојчин. Во овој дел е нагласено и влијанието на индиските мотиви од делата „Панчатантра" и „Варлаам и Јоасаф" во јужнословенските книжевности и фолклорот. За илустрација на наведениот научен коментар е даден превод на современ македонски јазик на извадоци од „Панчатантра".

Блаже Конески: Климент Охридски, За литературата и културата, Култура, Македонска книга, Мисла, Наша книга, книга четврта, Скопје 1981, 7—19.

Авторот на овој вонреден сублимиран труд го расветлува ликот на Климент Охридски, со акцент на неговите најважни карактеристики, кои на крајот ја презентираат вонредната слика и претстава на личноста на Климента. Мисијата што ја започнаа Кирил и Методиј се движела во рамките на односите меѓу Цариград и Рим, особено почнувајќи од 863 година. Меѓутоа, подоцна оваа мисија ги надраснала овие рамки „зашто се сврза со еден длабок процес што ќе доведе наскоро до коренити преобразувања на културната свест на Словените." И славата за браќата Кирил и Методиј не дојде од Византија, туку од словенскиот род. Токму овие придобивки остануваат во континуираната дејност што ќе ја развие еден од нивните ученици — Климент Охридски. Примајќи ги сите голготски измачувања и препреки Климент ја продолжува чистата Кирилометодиевска традиција, овојпат на друг терен, во Охридската книжовна школа, во Македонија. Во овој крај, на овој народ ќе им подари триесетина години плодна работа, зацврстувајќи ја свеста дека Словените треба да се вклучат во културниот

свет како активен субјект. Климент со својот живот и со секој гест докажа дека и најтешките препреки не се непремостливи. Ги преброди сите конфликтни ситуации, истраа во борбата, покажувајќи пример на упорен и издржлив борец, воин, учител, мудрец, кој немал време за исповедна книжевна дејност, туку практична и општопотребна за словенското племе. Византија била во соседството, на север Моравска мисија била пресечена, а тријазичната ерес се јавувала и на Север и на Југ. Кирил и Методиј и Климент оставија трајно дело, ослободено од рамките на одредена историска ситуација. Тоа е што ги издигнува толку високо. А Климент ја сфатил суштината и мудроста на браќата, а потоа ја продолжил, за да избие во друг негуван вид, преку афинитетите и способностите на Климента.

Ѓорѓи Поп-Атанасов: Непознати преписи на Климентови слова од XIII век, Литературен збор, год. XXVIII, кн. 6, Скопје 1981, стр. 53—58.

Климент Охридски е творечки најплоден книжевен деец од првата генерација кирилометодиевски ученици. Во славистиката се познати бројни статии и студии што се задржуваат на неговиот живот и на неговата просветно-книжевна дејност. Досега се засведочени над 20 негови книжевни дела, а за поголем број други дела се мисли дека се пишувани од него. Од 1970 до 1973 година Бугарската академија на науките објави тритомно издание на собраните Климентови дела. Оваа статија на Ѓорги Поп-Атанасов се задржува на два преписа на Климентови слова, кои не се споменуваат во горе наведената најобемна публикација. Станува збор за необјавените преписи на две поучни слова: Поука пред Преображение и Поука пред Успение Богородично. Двата преписа се сочувани во фрагмент од пролог за мартовската половина на годината од XIII век, кој се чува во библиотеката на Академијата на науките на СССР во Ленинград, под сигнатура 4.9.31. Овие преписи на Климентовите слова се вбројуваат меѓу најстарите и за натамошно проучување се објавени нивните текстови. На крајот се приложени и Фотокопии од споменатите слова.

Вера Стојчевска — Антиќ: Климент и Наум Охридски во народната традиција, изд. „Наша книга", Скопје 1982, стр. 99.

Колкава била популарноста на Климент и Наум Охридски меѓу населението од Охрид во средниот век зборуваат создадените за нив легенди и преданија. Популарноста што ја поседувале кај Охриѓани ниту денес не ги намалила своите

димензии. И во денешно време постарите граѓани раскажуваат како Климент ноќе шета во Охрид и „го чува сонот на Охриѓани". Книжевната наука до сега доволно се има задржано на овие народни творби посветени на учениците на Кирил и Методиј. Еден од покомплетните трудови на овој план кај нас е збирката од легенди и преданија што ја подготви Вера Антиќ.

За да се воведе читателот во содржината на легендите и преданијата, авторот излага кус предговор во кој се истакнува историското значење на Климент и Наум и нивното застапување во усното творештво. На тој начин денес со најразлични карактерни трансформации ја збогатуваме нашата претстава за нив. Уште е истакнат големиот интерес во науката да се проучува оваа народна традиција преку која се негува култот за охридските учители. Застапени се 58 вакви творби во пет циклуси. Врз текстовите е извршено јазично осовременување што овозможува пристапен контакт со пошироката читателска публика и добивање стилски поизразит ефект. Исто така е користена поширока литература што ја формира во извесен степен бараната информација за ова прашање. Мошне е корисно и наведувањето на изворите од каде што се позајмени текстовите. Тоа овозможува секој интересент да ги пронајде и да ги види нивните оригинали.

Вера Стојчевска — Антиќ: Од ракописното наследство, (Прилепски ракопис на Илија Димитриевиќ од 1838 година), изд. „Македонска книга", Скопје 1983, стр. 229.

Овој труд на Вера Стојчевска — Антиќ се зафаќа со проблемот книжевно-критичка анализа на еден македонски ракопис од 1838 година, што го пишувал прилепскиот учител Илија Димитриевиќ. Имено станува збор за „Зборник на песни на свети Георги, свети Алексеј човек божји и народен зборник на Илија Димитриевиќ". Ракописот се чува во Архивот на Македонија во Скопје под сигнатура М II-11.

Содржината на Зборникот е мешовита и се состои од следните текстови: Чуда на свети Георги; Тропар за свети Георги; Српски песни; Тропар на турски јазик со старословенски правописен систем; Гледајте браќа мои — верувања во лоши денови; Прво што било наука, од Апостолските дејанија; Чуда на светиот Алексеј човек божји. Сите текстови се поместени на тринаесет листови, од колку што е составен и ракописот, и се посебно коментирани. Напоредно со коментарите се приложени и нивните содржини кои веројатно ќе побудат и интерес за јазично проучување на ракописот, зашто истиот нуди интересен материјал за состојбата на македонскиот јазик во Прилепско од првата половина на XIX век. Особено

е истакнато влијанието врз текстовите на овој ракопис од српската граѓанска лирика и јазик. Во таа смисла посебно е задржано внимание на изворите од некои песни. Како извор за овој проблем ракописот се користеше и порано од страна на овој автор, Б. Конески и Х. Поленаковиќ.

Д-р Никола Бошале: Климент Охридски и школата на хуманизмот, Завод за заштита на спомениците на културата и Народен музеј во Охрид, Охрид 1983, 9—169.

Авторот на овој труд пополнува една празнина, еден аспект на согледување на хуманизмот во средновековниот период, поврзан за Охридската книжевна школа и Климент Охридски. Хуманизацијата добила квалитетен израз и афирмација во времето на Климент Охридски. Меѓутоа, за да се сфати феноменот Охрид авторот се задржува на значајната предисторија на овој град, времето на антиката и предхристијанскиот период. Бошале ги претставува Лихнидос и Хермелеја, култот кон непосредните и живи односи, за да ѝ даде акцент на Климентовата школа на хуманизмот, на одразот во народната традиција. Се разбира целокупниот социолошки приод кон оваа тема ја чини книгата занимлива, а авторот пополнил со оваа социолошка студија еден значаен вакум во изучувањата на засегнатата проблематика од средниот век.

Цветан Грозданов: Портрети на светителите од Македонија од IX—XVIII век, изд. Републички завод за заштита на спомениците на културата, Скопје 1983, стр. 321.

Според уводот на оваа комплексна студија, предметот на проучување е насочен кон откривање на еден дел од влијанието на Македонските Словени во создавањето на уметничките дела што се однесува на изборот и претставувањето на светителските личности, чиј култ имал основни жаришта во Македонија. Првиот дел од книгата Цветан Грозданов им го посветува на портретите на словенските првоучители Кирил и Методиј, а во истата истражувачка рамка свое внимание ќе им посвети и на портретите на Климент и Наум Охридски, како и на композицијата на Седмочислениците во живописот по црквите и манастирите. Особено поширока анализа е извршено врз портретите на Климент.

Посебен дел им е посветен на портретите на другите светители од Македонија, како што се петнаесетте тивериополски маченици, Ераѕмо-Размо Лихнидски, Прохор Пчински, Јоаким Осоговски, Гаврил Лесновски, Иларион Мегленски и др. Авторот се задржува и врз проследувањето на културното движе-

ње во Македонија, конкретно во охридската диецеза во рамките на историјата на уметноста од XVIII век. На тој план се разоткриваат влијанијата настанати меѓу Охрид и Москополе во збогатувањето на иконографијата и посебното влијание врз Карловачката диецеза и врз Света Гора. Во тој контекст се проучуваат и портретите на Јован Владимир, Самоиловиот брат Давид и на Теофилакт Охридски, а е истакната и творечката дејност на Христофор Жефаровиќ.

Ѓорѓи Поп-Атанасов: Основен хронолошки каталог на старословенски ракописи од Македонија, Спектар, од год. I до год. III, бр. 1—5, Скопје 1983—1985.

Овој каталог има за цел на едно место да се соберат повеќе словенски ракописи што потекнуваат од Македонија, а кои денес се чуваат по институциите и манастирските библиотеки надвор од СР Македонија. На овој начин се овозможува да се прошири претставата за ракописното наследство кое од минатиот век па сè до Втората светска војна, беше масовно разнесувано на сите страни — надвор од нашата република. Се разбира, Каталогот не ги опфаќа сите ракописи од Македонија што ги снашла таквата судбина. За крајниот список се потребни долготрајни истражувања, што значи Каталогот е отворен и во секое време ќе биде пополнуван. Опфатени се 634 ракописи подредени хронолошки од X до XIX век. Македонската провениенција на ракописите се одредува според: редакцијата (ако е македонска), местото на пишување и ако се однесени од Македонија. Секој книжевен споменик е евидентиран со најнужните податоци: наслов, време на пишување, пишувач, место на пишување, редакција, обем и формат, писмо, записи, потекло и слично. Материјалот е ексципиран воглавно од познатата литература во која се опишуваат ракописните збирки на одредени институции и манастирски библиотеки. Под секој ракопис се наведува местото каде што се чува истиот и неговата сигнатура под која е заведен. Овој амбициозен труд на Ѓорги Поп-Атанасов овозможува корекција на третманот за провениенцијата на повеќе словенски ракописи во досегашната научна интерпретација.

На 15 август 1984 година во Охрид се одвиваше научната дискусија на тема *Контактите и влијанијата на средновековните литератури во Југославија и на Балканот*. Оваа дискусија се одвиваше во рамките на работата на Семинарот за македонски јазик, литература и култура. По прочитувањето на рефератите и одржаната дискусија, проф. Радмила Маринковиќ беше задолжена да направа резиме од резултатите добиени на претпладневната и попладневната кни-

жевна секција. За дискусијата беа пријавени 13 референти од кои 11 ги прочитаа рефератите, додека двајца ги доставија само за печатење. Општиот впечаток од научната дискусија е следниот. Одредена група реферати се однесуваа на ракописи со македонска провениенција. Тоа се следниве реферати: Вангелија Десподова: Мирославовото евангелие и неговата врска со македонската предлошка; Зденка Рибарова: Лингвистичко-литерарните контакти во северомакедонските библиски текстови — Радомировото евангелие; рефератот на Љупка Василев се однесуваше на Македонскиот посен триод. Посебно беа посочувани предлошките на овие ракописи, за да се бараат натамошните врски и патишта на развиток, како и контакти со другите словенски ракописи. Оваа проблематика предизвика жива дискусија, во која посебно зеде учество Лидија Петровна Жуковскаја.

Второто проблемско јадро се однесуваше на словенските извори, важни за проучување на одредени периоди во распон од XI до XVI век. Во оваа насока беа интересни рефератите на Франтишек Вацлав Мареш: Словен „скит" во Скопскиот апостол и Кшиштоф Вроцлавски: Јужните Словени во старата полска писменост. Во третото проблемско јадро рефератите расветлија повеќе културно-историски и литературни влијанија и врски, чие зрачење се чувствувало на теренот на Македонија кон другите словенски средини. Ова посебно го апотрофира рефератот на Драгољуб Драгојловиќ: Ширење словенске књиге из Охридске књижевне школе. Кон барањето на врските и влијанијата меѓу литературите во средниот век се однесуваа и рефератите на Ѓорѓи Поп Атанасов и Вера Стојчевска Антиќ. Заемните врски меѓу средновековните пишани текстови и усното творештво беа опфатени во следниве излагања: Кирил Пенушлиски: Осврт врз прашањето за поврзувањето на средновековните литератури и фолклорот на јужнословенските народи; Билјана Јовановиќ — Стипчевиќ: „Самовила" у јужнословенској средњевековној традицији. Радмила Маринковиќ во рефератот „Причање о мисијама у Панонским легендама" прави обид за примена на современите структурални испитувања на важните словенски состави — Панонските легенди.

По прочитувањето на рефератите се разви плодна дискусија, која недвосмислено покажа дека постојат ред проблеми од оваа област кои бараат сериозни натамошни истражувања. Оттука дојде и заклучокот дека се неопходни вакви теми во рамките на научната дискусија при Семинарот. Општиот заклучок беше дека презентираната современа методологија на покажаните и извршените истражувања може да се смета во ист ранг со таа што ја среќаваме на меѓународните славистички собири.

Рефератите од оваа научна дискусија се објавени во посебен зборник: *XI научна дискусија* (Охрид, 13—16 август 1984), Скопје, Универзитет „Кирил и Методиј", Семинар за македонски јазик, литература и култура, 1985. Во овој зборник се објавени и двата реферата на двајцата учесници што не присуствуваа на Научната дискусија: Јоже Погачник: Одредување појма „средњовековна книжевност" и Лидија Славева: Структурната еволуција во „јужнословенскиот триод". Во зборникот се поместени доставените реферати од оваа дискусија од страна 111 до 231.

Ѓорѓи Поп-Атанасов: Археографски белешки од неколку белградски ракописни збирки, Спектар, год. II, бр. 4, Скопје 1984, стр. 15—26.

Голем е бројот на словенските ракописи што се чуваат по институциите во Белград. Еден дел од тие ракописи се со македонска јазична редакција, други се пишувани во Македонија, а пак трети се донесени од Македонија. За изделување на таквите ракописи е потребна дополнителна истражувачка работа, зашто досегашните описи на овие збирки беа поопшти, и во сите случаи не ги даваа податоците што ќе го одредат правилно нивното потекло. Исто така редакциската припадност на ракописите во постарите публикации не беше секогаш правилно одредена. Во оваа статија Ѓорги Поп-Атанасов врши позначајни археографски белешки на неколку ракописи од белградските збирки, со што ја нагласува нивната македонска провинциенција. Така станува збор за следните ракописи: Цветен триод од XIII век, што се чува во СПБ под број 305; Апостол од крајот на XIII и почетокот на XIV век, што се чува во САНУ под број 430; Цветен триод од 1514 година, што се чува во МСПЦ — Музејска збирка број 133; Житие на Григориј Омиритски од третата деценија на XVI век, што се чува во МСПЦ — Груиќева збирка број 96; Поучително евангелие од 1593 година, што се чува во МСПЦ — Груиќева збирка број 195. Во статијата се дадени информации и за други ракописи што се наоѓаат во СПБ и во МСПЦ. На крајот се дадени неколку фотокопии од ракописите со што се илустрира наведениот археографски материјал.

Стјепан Антолјак и Бранко Панов: Средновековна Македонија, том I—III, издавач „Мисла", Скопје 1985.

Публикацијата „Средновековна Македонија" опфаќа три томови. Во обемната содржина се застапени монографии, статии и други позначајни научни трудови. Истите авторите ги имаат пишувано во периодот од 1958—1983 година. Поголемиот

број од трудовите се објавени низ страниците на повеќе списанија, зборници и други публикации, а дел од нив овде за првпат се објавуваат. Ова импозантно издание содржи пошироκ преглед на македонското културно и историско минато. Опфатен е периодот од населувањето на Словените во Македонија до првите векови на османлиското владеење т.е. периодот меѓу VI и XVI век.

Првиот том ги содржи научните истражувања на Стјепан Антолјак. Истите се поместени во шест поднаслови. Во првиот се разгледуваат изворите за историјата на македонскиот народ од периодот VI—XV век. Второто е посветено на македонските склавинии каде што посебно внимание се посветува на доаѓањето на Словените на Балканот, одбележувањето на македонските склавинии, историските прилики во IX век итн. Третиот поднаслов му е отстапен на монографскиот труд за Самоиловата држава. Натаму, во наредниот поднаслов станува збор за востанијата на македонскиот народ во XI век и за Богомилското движење. Во петтиот поднаслов се разгледани некои проблеми за градовите и стопанската историја на Македонија, а во последниот се коментира загатката околу топонимот „Асамати".

Вториот том е напишан од Бранко Панов и го содржи монографскиот труд „Теофилакт Охридски како извор за средновековната историја на македонскиот народ". За истата монографија, што претходно е засебно објавена, ние имаме извршено осврт во оваа прилика.

Третиот том ги содржи статиите од научната работа на Бранко Панов. Истите се групирани во пет поднаслови. На прво место им се отстапува простор на историографските прилози што се однесуваат за населувањето на Словените во Македонија до првите векови на османлиското владеење. Потоа се застапени прилози од областа на културната историографија. Посебно внимание им е посветено на дејноста на Кирил и Методиј, на брегалничката мисија што ја извеле првите словенски просветители. а извесно внимание се посветува и на највредните претставници на првата генерација кирило-методиеви ученици Климент и Наум Охридски. Во третиот поднаслов се вршени истражувања за богомилството во Македонија. Во наредниот поднаслов е проследен историјатот на неколку средновековни македонски градови. На крајот се поместени прилозите за Охрид и Охридската област во средниот век. Да напоменеме дека повеќето прилози што се застапени во овој том се составен дел од научната библиографија на Бранко Панов. Истите можат да се сретнат по страниците на повеќе списанија, зборници и други периодични публикации во Македонија и пошироко.

XII Научна дискусија при XVIII Семинар за македонски јазик, литература и култура, одржана 12—15. VIII. 1985 г.

Како и секоја година, така и во 1985 година, Семинарот за македонски јазик, литература и култура организираше научна дискусија. По вообичаеност истата се одвиваше во две области: Лингвистика и Литература. Во областа на литературата се разгледуваа две теми: „Кирило-методиевската традиција во Македонија" и „Македонската литература во 19 век". Првата тема е предмет на ова библиографско претставување. На овој проблем свои излагања поднесоа единаесет научни работници.

Блага Алексова во својот реферат се задржа на „Првите словенски црковни градби во Источна Македонија". Оваа тема кај авторот има побудено подолготраен истражувачки интерес, а секој нов прилог ги проширува сознанијата за споменатото прашање.

Бранко Панов настапи со рефератот „Брегалничката мисија на Константин Филозоф — Кирил и создавањето на словенската азбука". Во излагањето се застапува тезата дека на културен план Кирил и Методиј дејствувале кај Словените уште пред да бидат испратени да ја обавуваат познатата Моравска мисија, а годината 855-та е прифатена како период кога е создадена словенската азбука.

Гостинот од Рим (Италија), *Весели Леополд Јержи Мариа* ги изложи своите археолошки истражувања за местото каде што се наоѓа гробот на Методиј Солунски. Во рефератот „Околу ископините на Методиевиот гроб" беше направен обид да се даде прецизен одговор на досега неутврденото прашање.

Со особено внимание беше проследен рефератот на *Владимир Мошин* „Јусови, јерови и надредни знаци у југословенским архаичним рукописима X века". Се констатира дека во најстарите словенски ракописи еровите и назалите се употребуваат на нивните етимолошки места, за разлика од подоцнежните, од редакцискиот период, кога назалите меѓусебно се заменуваат во определени позиции. Во најстарите словенски ракописи јотацијата и палаталноста на консонантите се изразува со надредни знаци, додека во подоцнежните се изразува со додавање на една јота.

Михајло Георгиевски во својот реферат „Поглед кон македонското книжевно наследство од најстаро време до денес" ги претстави поважните книжевни споменици, што се составен дел на кирило-методиевата книжевна традиција.

Франтишек Вацлав Мареш од Виена (Австрија) на научната дискусија настапи со рефератот „Старословенски натписи во Св. Наум". Од насловот се гледа дека предмет на неговото

научно коментирање беа натписите од различни периоди, и пишувани од различни раце, што се наоѓаат по ѕидовите и по некои предмети на манастирот Св. Наум во Охрид.

Ѓорги Поп-Атанасов настапи со рефератот „Структурни редакции на македонскиот октоих". Беа класифицирани македонските ракописни октоиси, притоа се разграничеа следните типови: скратен (неделен) октоих, октоих параклитик и изборен октоих.

Во рефератот „Народните преданија за св. Наум" *Томе Саздов* се здржи врз одразот на овој кирило-методиев ученик во народните преданија. Значајната улога на Наума не одбегнала од народната смисла духовно да се зачува споменот за нешто што му е непосредно на македонскиот човек.

Рефератот на *Сотир Гулабовски* „Кон проучувањето на музичката дејност на словенските просветители Константин — Кирил и Методиј" опфаќа интересни податоци за музичката дејност на солунските браќа. Покрај книжевната и просветната дејност е истакната и музичката, што ја обавувале напоредно во склопот на нивната општа културна мисија.

Александар Спасов во рефератот „Кирило-методиевската традиција и Р. Жинзифов" го нагласи одзивот на кирило-методиевската традиција во XIX век, конкретно кај македонскиот преродбенски поет Рајко Жинзифов. Ова излагање, на некој начин, ги поврза двете поглавја врз кои беше ангажирана литературната секција на научната дискусија.

На крајот да напоменеме дека споменативе реферати ќе бидат отпечатени во засебен зборник, преку кој со нивните содржини поподробно ќе може да се запознае секој интересент.

Од 1 до 3 октомври 1985 г. во МАНУ се одржа научен собор, под покровителството на Советот на академиите на науките и уметностите на СФРЈ, со наслов: *„Кирило-методиевскиот (старословенскиот) период и Кирилометодиевската традиција во Македонија"*. Уводен збор на првата пленарна седница одржа академикот Блаже Конески, истакнувајќи ја важноста, улогата и местото на Кирилометодиевскиот период, на браќата и на традицијата што се одржа во Македонија. По поздравните говори настапи доајенот на славистиката, проф. Владимир Мошин, со мошне исцрпен реферат, со наслов: „Размислувања за почетоците на словенската писменост и архаичниот период на кирилицата во X век." Во своето излагање Мошин истакна мошне значајни и нови истражувачки заклучоци и резултати. Главно се задржа на следните пунктови: на револуционерното значење на епиграфско-лингвистичкиот критериум на јужнословенските ракописи во X век; глаголицата е создадена во 863 година; ситуацијата со азбуката „без устроение" од VII век до 863 година; преселбата на Кирилометодиевите ученици

на Балканот, 886 година и пренесувањето на Кириловата глаголица во Охридската книжевна школа. Како најголема новина во рефератот беа истакнати и разгледани десет споменици од архаичниот период, кои професорот ги датира во X век: Зографските ливчиња, Македонското ливче, фрагментот од Ресенскиот триод, Слуцкиот псалтир, Енинскиот апостол, Листовите на Ундолски, Супрасалскиот ракопис, Хилендарските листови, Савината книга, Новгородските листови.

Во попладневната секција настапија следните учесници: Јосип Хам зборуваше за појавата и развитокот на Кирилометодиевското писмо на хрватска почва и неговите врски со Македонија. Оваа интересна проблематика Хам ја започнува со поставувањето прашање, дали оваа традиција во Хрватска дошла од Моравска, Панонија или од Македонија, дали по 885 година? Притоа ги подвргнува уште еднаш на анализа сите споменици и автори кои се застапувале за еден или друг приод, со цел да се заземат вистински и критички ставови во оваа јубилејна година. Јоже Погачник ги опфати мошне студиозно и заокружено културолошките премиси во Кирилометодиевската традиција. Вера стојчевска Антиќ во својот реферат се движеше на релациите врски и влијанија меѓу Библијата и апокрифите. Сакралната архитектура во Македонија во периодот на првиот христијански подем кај Македонските Словени беше темата на Петар Миљковиќ Пепек. Оваа архитектура започнала да се развива уште од првата половина на IX век, преку контактите со домородното христијанско население, а потоа сè поинтензивно во времето на бугарскиот кнез Борис до целосното прифаќање на христијанството. Авторот прави обид да даде целосна слика на развојот на сакралната архитектура во периодот од првата половина на IX век до 1018 година. Мошне студиозен осврт даде Биљана Јовановиќ — Стипчевиќ врз структурата, историчноста и поетиката на грчко-словенскиот паримејник. Во словенските паримејници историчноста претежно е поништена, а воведени се општи читања за осветување на црквата, против земјотреси и против нападот на „поганите".

На овој собир настапи и Франтишек Вацлав Мареш, кој посебно се задржа врз значењето на Методиј, осврнувајќи се на преведувачката дејност, особено врз неговата теорија за уметничкото преведување. На 2.X.1985 година со оваа варијанта од рефератот настапи на Свечениот собир во Битола по повод 1100 годишнината од смртта на Методиј.

Во Рим Ф. В. Мареш настапи со реферат со наслов: „Методиевиот придонес за формирањето и обогатувањето на првиот словенски книжевен јазик". Во излагањето Мареш ги апострофира книжевните дела на Кирил од една страна и

Методиевите од друга страна, со апострофирање на примери. Посебно беше нагласен придонесот на Методиј во обогатувањето на речникот во областа на лексиката од Стариот Завет, Апокалипсата, во областа на правната терминологија, потоа спецификата на Методиевата синтакса, неговиот придонес за нивото на поетиката, како и на уметничкиот превод. Посебно истакна дека старословенскиот јазик беше еден од првите книжевни народни јазици во Европа и неговиот постанок стана траен залог (придонес) во европската и светската култура. Професорот Мареш се задржа и врз преводот на Библијата.

Содржината на рефератот на Ф. В. Мареш, на меѓународниот научен собир за Кирил и Методиј во Загреб, се однесуваше на периодизацијата на старословенскиот јазик. Овој јазик беше наменет за употреба на сите Словени, поради што беше отворен за прилагодувањето на месните словенски дијалекти. Се чуваат групите: тратлат, итн. Се среќаваат исти лексички старословенски елементи. Обележјата на месните дијалекти мошне силно продираат во јазикот, но честопати без определен ред, понекогаш и хаотично и во тоа време се формираат доделни редакции. Старословенскиот јазик ја врши функцијата на книжевен јазик, додека месните книжевни јазици во полна смисла уште не се формирани. Се формираат посебни варијанти на старословенскиот канонски јазик, + — 1100 година. Нормата на книжевниот јазик е основана врз живиот јазик од изворните говорници. Месни елементи на милието продираат во јазикот свесно — сразмерно регулирано и обмислено. Во вториот период црковнословенскиот книжевен јазик се потпира врз книжевната традиција. На македонско и бугарско подрачје се гледа стремежот за зачувување на падежите, на инфинитивот. Периодизацијата може да се изврши по два критериума: 1. функција, 2. однос на книжевниот јазик кон живиот јазик. Првиот период е канонскиот старословенски јазик кој ја суплира функцијата на непостојниот, кој сè уште не е формиран месен книжевен јазик. 3. Новоцрковниот јазик врши само функција на една lingua sacra. Паралелно со него постојат одделни словенски книжевни јазици. Неговата тенденција е центрипетална, силно е нормиран и на крајот се кристализираат 3 типови: рускиот, хрватско глаголскиот и чешкиот. (Научниот собир во Загреб се одржа од 16 до 21 X. 1985 година).

Вториот ден претпладнето го поднесе својот реферат проф. Блаже Конески, на тема „Јазичните контакти меѓу старата македонска и руска писменост". За времето на Самуиловото царство се случило покрстувањето на Русите, кога и се создаваат контактите меѓу Киев и Охрид. Оттука доаѓа и учеството и влијанието на македонските текстови во создавањето на ста-

роруската писменост. Меѓутоа, и обратното воздејство е исто така старо. Во оваа секција проф. Зузана Тополинска се задржа врз таканаречениот дативен однос во словенските јазици. Мошне широк дијапазон покажа и темата „Дијалектните состојби во Македонија до XIV век", кој реферат го поднесе проф. Божидар Видоевски. Во излагањето за заемните врски помеѓу македонската и српската варијанта на црковнословенскиот јазик, Радмила Угринова Скаловска прави обид да се проследат заемните врски на македонската варијанта на црковнословенскиот јазик со варијантите на црковнословенскиот јазик на српско-хрватското говорно подрачје. Трајко Стаматовски се задржа врз еден мал административно-правен документ од 1859 година на беровски говор.

Вангелија Десподова на Собирот во Скопје поднесе реферат со наслов: „Архаизмите и неолотизмите во лексиката на Карпинското евангелие". Во него е апострофирано Карпинското евангелие, македонски текст, со правописни и јазични особености типични за ракописите од североисточна Македонија, со траги од постара македонска предлошка. Споредена лексиката на Карпинското евангелие со канонските евангелија и со македонските евангелија од т.н. среден период, ќе забележиме дека Карпинското евангелие содржи повеќе архаични лексеми, застапени и во најстарите глаголски текстови, како и група лексеми што најчесто не се среќаваат во другите македонски црковно-словенски евангелија, а се среќаваат во ракописи преведени од други оригинали. Карпинското евангелие покажува посебен стил во лексиката и нуди извесен број неологизми.

(Десподова настапи со излагање на Научниот собир во Загреб, по повод 1100 годишнината од смртта на Методиј (16—21, X, 1985), со наслов: „Карпинското евангелие и неговото место меѓу словенските полни апракоси". Карпинското евангелие претставува полн апракос, но според класификацијата на Г. А. Воскресенски тоа не спаѓа во втората туку во првата редакција. Лексиката на Карпинското евангелие е доста архаична и блиска со ракописите од првата редакција на евангелскиот текст, а исто така и со лексиката на старите триоди. Додека Л. П. Жуковскаја го определува во петта група, Десподова го класифицира во десетта група, бидејќи дополнителната седмица почнува со саботата и има четива за сите денови. За да го определи местото на ова евангелие меѓу полните апракоси, авторот на трудот го споредува со српското Вуканово и со македонското Радомирово евангелие.

Истиот автор настапи и на симпозиумот по повод 1100 годишнината од смртта на Методиј во Нитра (12 — 17 мај 1985) со наслов: „Лексиката на материјалната култура во македонските библиски ракописи". Потпирајќи се на сопствените

истражувања на лексиката од 23 македонски библиски ракописи од XI до почетокот на XV век, како и на картотеката што ќе послужи за изработка на Речникот на македонските библиски ракописи, авторот доаѓа до следното сознание: и покрај лексичките разлики што се среќаваат во македонските библиски ракописи, нивната лексика не се разликува битно од лексиката на библиските ракописи од другите редакции. Се изделува само последниот слој (околу 10% од сета лексика), внесен од последните препишувачи и редактори и врз основа на кој се карактеризираат ракописите од македонска јазична редакција.).

„Јазичните особености на Лобковскиот (Хлудов) паремејник" е насловот на рефератот од Зденка Рибарова, прочитан на научниот собир во Скопје. Лобковскиот паремејник (1294—1320) спаѓа кон оние споменици кои во сразмерно голема мера ги одразува промените настанати во говорниот јазик. Од фонетска гледна точка го карактеризираат пред сè бројните примери со Ъ — О, Ь — Е во сите позиции, меѓусебните замени на Ѫ — А, Ѧ — Ѣ и јасни потврди за затврднувањето на непарните меки консонанти со исклучок на Ч кое ја чува мекоста. Покрај промените што го документираат упростувањето на деклинацискиот систем, потоа бројните грешки во употребата на именските форми, како и употребата на општата падежна форма го одразуваат загубениот осет за значењето на падежните морфеми и воспоставувањето на аналитизмот во македонскиот јазик. Освен иновациите, Лобковскиот паремејник чува и некои архаични особености од предлошката.

Зденка Рибарова настапи на Научниот собир во Загреб, со наслов: „Книгата на пророкот Јон": Оваа книга во хрватскоглаголските бревијари се наоѓа во две верзии: една која е поврзана со стариот паримеен превод. Глаголскиот текст има свои специфичности. Другата верзија, прилагодена кон Вулгатата, не е сосема независна од паримејниот превод. Целата книга на пророкот Јон е позната само преку паримејната верзија во бревијарите VO, Vb2, N1. Во сите проучени текстови најголема сличност со стариот паримеен превод се забележува во стиховите од втората глава кои ја содржат молитвата на Јон. Оваа ситуација се објаснува со посебната поставеност на молитвата на Јон во целата книга.

Во попладневната секција значаен придонес даде рефератот на академикот Димче Коцо, со наслов „Причините за непостоењето на ликовите на Кирил и Методија во нашата средновековна уметност до турскиот период". Авторот причините ги бара во негативното оценување на Моравската мисија од страната на Византија, бидејќи Кирил и Методиј прерасна-

ле во словенски мисионери. Значи причините би биле од политички карактер, а не од религиозен. Тоа се потврдува и со повторното поставување на нивните ликови во црквите на Балканот по пропаста на Византија. Насловот на рефератот на Цветан Грозданов беше „Требино".

За ширењето на култот на словенските просветители Кирил и Методиј во Македонија зборуваше Коста Балабанов. Интересните народни преданија за Наум Охридски најдоа свое место во рефератот на Томе Саздов. „Првите словенски цркви по Брегалница" беше темата на Блага Алексова. Силно развиената црковна организација по Брегалница имала пресудна улога во животот на словенските племиња. Со подруга ориентација, мошне илустративна, се покажа и рефератот на Љупка Василева, кој се однесуваше на орнаментиката на Болоњскиот псалтир. Светлите примери на Методиј, што ги следел свети Климент, беа предмет на посебно разгледување во рефератот на Борис Бошковски.

Третиот ден пленарната седница започна со рефератот на Стјепан Антољак, кој посебно ги разгледа правците на движењето на Кирил и Методиј за времето од Моравската мисија, што е мошне битно прашање во славистиката воопшто, и недоволно разработено. Академикот Петар Илиевски поднесе реферат за просветителската мисија на св. Методиј. Се задржа на семантичката анализа на терминот просветител, просвештение, потоа на дејноста на браќата во манастирот Полихрон, чинот на создавањето на глаголицата во 863 година. Со стекнувањето на писменоста некултивираните Словени се вреднуваат во културните народи и организирано можеле да се спротивставуваат на соседните асимилаторски тенденции. Мошне богат со податоци за Кирилометодиевската традиција во македонскиот културно-национален развиток во втората половина на XIX век и првата половина на XX век, беше рефератот на Блаже Ристовски. Бранко Панов во својот реферат „За Методиевото словенско кнежевство и создавање на „Закон судниј људем", апострофира дека Методиј бил кнез десет години во Стримонската клисура, каде што и го создал трудот „Закон судниј људем". Авторот смета дека азбуката била создадена во 855 година од страната на Кирил Филозоф. Миноски Михајло даде доста опстојни податоци за македонската историографија за делото на Методиј Солунски. Истражувањата на Христо Меловски се однесуваа на две прашања: дали минијатурата од Хрониката на Скилица е аргумент за покрстувањето на кнез Борис од Методиј, и дали треба да се менува денот на смртта на Методиј — 6 април. Првиот податок авторот не го смета како веродостоен, а во однос на второто прашање, доколку се менува датата, таа не би требала да биде 19 април, туку 10 април.

Во последната попладневна секција беа изнесени интересни новооткриени преписи. Лидија Славева зборуваше за новооткриениот фрагмент од триод од XI век. Михајло Георгиевски откри еден струшки зборник од XVI век со творби од Климент Охридски, кој посебно го претстави и анализираше. Мошне интересна проблематика присутните открија во рефератот на Сотир Голабовски, а се однесуваше на Кирилометодиевската традиција во средновековната македонска музика. Мито Миовски ги анализираше лексичките варирања во Панонските легенди и нивниот одраз во словенскиот современ ореол. За употребата на инфинитивот во истите Панонски легенди излагаше Георги Георгиевски. Меѓу најмладите учесници беше забележан настапот на Красимира Илиевска, која доста студиозно се задржа на Методиевиот Номоканон. Ѓорѓи Поп Атанасов го разгледа преписот на Солунската легенда од манастирот во Бијело Поље.

Во програмата не беше најавен рефератот што го поднесе проф. Лешек Мошински, а се однесуваше на интересната проблематика за евангелиските титули во старо-црковните-словенски тетраевангелија. На собирот не настапија од оправдани причини: С. Бернштејн, Р. Маринковиќ, И. Доровски, Ј. Русек, а ги испратија во определениот рок своите резимеа.

Во заклучниот збор што го поднесе на последната и завршна пленарна седница Блаже Конески беше апострофирано значењето, убавите резултати што се прикажаа на Собирот. Конески се осврна врз сите излагања и реферати, определувајќи го местото и значењето на секој прилог кон главниот наслов што го содржеше овој научен собир.

Наум Охридски. Научен зборник. Издавач „Историски архив — Охрид", Охрид 1985, стр. 1—130.

Овој научен зборник, посветен на Наум Охридски, претставник на првата генерација кирило-методиеви ученици, содржи десет научни прилози од исто толку научни истражувачи. Како што ќе биде забележано и во уводниот дел на Зборникот, главна иницијатива за неговиот состав е „да се внесе нови светлини, во една одамна присутна празнина во научната литература — делото на Наум Охридски и севкупните традиции на неговиот манастирски комплекс". Содржински прилозите се од интердисциплинарен карактер и опфаќаат дотични истражувања од областа на лингвистиката, историјата, книжевноста, ликовната уметност, архитектурата, палеографијата, археологијата и психијатријата. Во натамошниот текст прилозите ќе ги претставиме по редоследот што е застапен во изданиево.

1. Франтишек Вацлав Мареш: Стари словенски натписи (графити) во црквата на манастирот Свети Наум на Охридското Езеро, стр. 9—12.

Овој научен прилог за предмет на истражување има три стари словенски натписи (графити), што се наоѓаат на столбовите, и во припратата на црквата од манастирот Св. Наум. Станува збор за глаголско-кирилски графит (потпис на поп Никола) од XII век, кирилски запис на Мајанец (?) од XI до половината на XIII век и уште еден кирилски потпис на некој поп, можеби од крајот на X век. Од споменатите епиграфски споменици се приложени фотоси, а низ содржината е извршена палеографска и лингвистичка анализа.

2. Радмила Угринова — Скаловска: Житијата на Наум Охридски, стр. 13—16.

Овој труд ги одбележува двете досега познати словенски житија посветени на Наум Охридски, од чии содржини воглавно се реконструира пошироката научна претстава за неговата дејност и за неговиот животен пат. Авторот ги коментира поважните податоци за овие житија и укажува на нивните преписи, а истовремено врши компаративна анализа на двата текста, при што се реконструираат одредени историски факти. Научниот интерес се задржува и на јазично-правописната анализа на преписите, по кое прашање е даден заклучокот дека, иако правописот е ресавски, со регулирана употреба на обата ера и српска замена на јусовите, сепак извесни јазични црти укажуваат на македонска говорна средина на препишувачите на обете житија.

3. Душан Глумац: Нешто за животот на Наум Охридски, стр. 17—24.

Со оглед на тоа дека за животот и дејноста на Наум Охридски не е познато многу, а и не се пишува со некој поголем интензитет, овој труд на Душан Глумац го заслужува своето внимание со обидот да даде поширока книжевно-историска претстава. Како главни извори и овде се користат житијата за Наум, но се запазува и напорот преку сознанијата за неговите современици да се реконструира дел од културно-историските вистини за него.

4. Наум Целакоски: Летописот на манастирот Св. Наум, стр. 25—63.

Летописот, врз којшто подробно се задржува Наум Целакоски, претставува поголема новост во Зборникот. Да напоменеме дека овој новооткриен извор на повеќето трудови

им послужил како значаен компаративен материјал. Неговата целосна содржина е посветена на ктиторот на манастирската црква и севкупната манастирска дејност. Летописот е пишуван во втората половина на XIX век, а негов автор е охриѓанецот Димитрија Петру. Долги години тој бил секретар, учител и епистат во Наумовиот манастир. Текстот е пишуван на грчки јазик и содржи 254 пишувани страници + 44 празни листови. Опфатени се настани до 1896 година. Сега се чува во Охридскиот историски архив, а е заведен под Збирка Масин, инв. бр. 358. Кон коментарот на Целакоски се поместени и прилози за: Различни врежани и напишани натписи во црковните книги и во натписите на плочите, по ѕидовите и на други места; Годишни сметки од 1 јули 1885 до 30 јули 1890 година; Преглед на годишните сметки, од 1 јули 1888 до 30 јуни 1889 година.

5. Петар Миљковиќ — Пепек: Некои погледи врз архитектурата на манастирската црква Св. Наум крај Охридското Езеро, стр. 65—83.

Петар Миљковиќ — Пепек се задржува врз автентичната архитектонска структура на Наумовата црква, која иако низ времето трпела одредени обнови и преправки, до денес успеала да го сочува својот белег, јасно согледлив за историскиот развоен пат на архитектурата во Македонија од периодот на штотуку христијанизираните Словени. Пепек врши ново навраќање кон некои архитектурни проблеми на првобитниот храм и кон неговите подоцнежни обновувања. Посебно ја истакнува историската важност на овој архитектурен споменик. Сите негови излагања се пропратени и илустрирани со одредени шеми и фотографии.

6. Цветан Грозданов: Живописот на гробниот параклис на Свети Наум Охридски, стр. 85—98.

Цветан Грозданов се задржува врз проучувањето на живописот на гробниот параклис на Св. Наум Охридски. Параклисот бил декориран со фрескосликарство шест години пред живописувањето на целата црква, поточно во 1800 година. Овој податок се дознава од неодамна расчитаниот ктиторски натпис на грчки јазик, сочуван во параклисот. Во трудов се дава опис на трите поголеми циклуси од живописот, при што се проследуваат идеите, темите и ликовните особености. Текстот е илустриран со извонредни цртежи и фотоси од односниот живопис.

7. Гојко Суботиќ: Натписите од Свети Наум, стр. 99—109.

Овој научен прилог од Гојко Суботиќ во коментарот ги опфаќа само сликаните натписи и непосредно ги толкува соодветните содржини, што помагаат при поширокото запознавање со поновото минато на манастирот. Воглавно тоа се белешки за последните градителски работи и живописувањето. Се наоѓаат видно одбележани на ѕидниот живопис, на гредите меѓу столбовите и на иконите во резбаниот иконостас. Од особена важност се приложените оригинални текстови на позначајните натписи.

8. Димитар Ќорнаков: Иконостасот во црквата Свети Наум, стр. 111—116.

Димитар Ќорнаков со овој прилог врши опис на иконостасот во црквата Свети Наум. Наведени се основните податоци за иконостасот, а меѓу другото се вели дека истиот датира од XVIII век и е еден од постарите вакви ракотворби во Македонија. Според стилските особености е заклучено дека анонимниот резбар работел под влијание на резбарските работилници на Света Гора. Воопшто, влијанието на Света Гора врз македонското резбарство, не само во овој пример, имало првостепено значење, особено при изработката на иконостасите.

9. Томе Саздов: Народните преданија за Наум Охридски, стр. 117—124.

Македонскиот народ, кај којшто Наум Охридски одвивал дел од својата просветителска дејност, неговата историска личност ја пренел во народните традиции, овековечувајќи ја и во народните преданија. Во оваа прилика Томе Саздов разгледува повеќе преданија за Наум и ја анализира нивната содржина. Од изложениот коментар се гледа дека преданијата за Наума воглвно содржат легендарни, митолошки или религиозни елементи, а е евидентен фактот дека постојат сосема малку елементи од етиолошките народни преданија.

10. Петар Филдишевски и Павел Тунтев: Психијатриски традиции во манастирот Свети Наум, стр. 125—130.

Во манастирот Свети Наум народот барал одредени чудотворства за лекување против душевни болести. Кај народот ваквото верување било засновано од митот за чудотворната моќ на Наум Охридски да лекува душевно оболени лица. Под дејство на таа причина игуменот на манастирот Гаврил во 1662

година изградил „болница", веројатно за лекување на душевни болести. Ова може да се протолкува како настанување на „прва психијатриска институција" во Македонија. Во овој труд се разгледуваат три преданија во кои се зборува за моќта на Наум да исцелува душевно болни луѓе. Од особена важност е освртот врз лекувањето на душевно-болните при манастирот низ аспектот на современата психијатриска наука.

San Cirillo et san Metodio e la loro tradizione in Macedonia; Македонска книга, Институт за македонски јазик, Скопје 1985. Свети Кирил и свети Методиј во традицијата на Македонија, 5—103.

Под овој наслов се појави зборникот на италијански јазик, со трудови што се однесуваат на Кирилометодиевскиот период. Во првата студија *Словенските просветители Кирил и Методиј* Харалампие Поленаковиќ се осврнува врз животниот пат и целокупното дело на браќата Кирил и Методиј. Кирилометодиевската традиција оставила континуирана традиција во Охрид и Охридско, во Македонија преку делото на *Климент Охридски,* под кој наслов се јавува и вториот труд од овој зборник од Блаже Конески. Во наредната студија Радмила Угринова Скаловска се осврнува врз народната основа на старословенскиот јазик. Несомнено е дека плодотворната дејност на Климент Охридски, како и на Наум Охридски, оставила траги во народната традиција во Македонија, врз што се однесува трудот на Вера Стојчевска Антиќ *Климент и Наум Охридски во народната традиција.* Секако и историјата на уметноста им одделува посебно место на споменатите словенски апостоли. Во студијата на Цветан Грозданов Македонија и портретите на словенските учители до крајот на XIII век, доаѓаат до израз истражувањата врз портретите на Кирил и Методиј, додека Коста Балабанов во последниот труд од зборникот ни ги претставува просветителите во делата на македонските иконописци. Трудовите од овој зборник се дадени како избор од веќе објавени дела на споменатите македонски истражувачи и научници, што се гледа и од приложената библиографија на италијански и на македонски јазик. Зборникот беше промовиран на Интернационалниот конгрес во чест на св. Методиј, одржан во Рим, од 7—11 октомври 1985 година.

Македонски лечебник од XIX век, приредил д-р Драги Стефанија, изд. „Македонска книга", Скопје 1985, стр. 68.

Ова издание е нов прилог кон проучувањето на македонското ракописно наследство од областа на народната медицина, но истовремено претставува и нов извор за палеографски,

правописни, дијалектолошки, лексички и други јазични истражувања. Ракописот се наоѓа во Народниот музеј во Охрид под инв. бр. 941. Истиот е составен од најразлични рецепти за правење лекови против одредени болести, баења, молитви, имиња на лекови и имиња на луѓе што собирале лековити билки. Текстот е пишуван со кирилско и грчко писмо, а јазикот е претежно македонски. На места се среќаваат текстови пишувани со црквенословенски и со турски јазик. Во изданиево Драги Стефанија врши поширок коментар за датирањето, авторот или сопствениците, од кое место потекнува зборникот и дава податоци за традицијата на народната медицина во Македонија. Треба да се споменат и фонетските, морфолошките, лексичките и стилистичките анализи што се извршени врз текстот на зборникот. На крајот е предаден дел од текстот на лечебникот со современа македонска правописна транскрипција.

Ѓорѓи Поп — Атанасов: Кратовскиот книжевен центар во XVI век, Литературен збор, год. XXXII, книга 2, Скопје 1985, стр. 3—7.

Кратовскиот книжевен центар, како и другите книжевни центри во Македонија, има важна улога во развојот на средновековната македонска книжевност. Дури и во најтешките општествено-политички услови, кога Турците владееле со овој крај, не престанала да функционира книжевната дејност во овој центар. Кратовскиот книжевен центар особено бил активен во текот на XVI век, за кој период и Ѓорѓи Поп — Атанасов се задржува во оваа статија. Се истакнуваат дејностите на следните книжевници: протопоп Јоан, поп Лазар, поп Петар, иеромонах Филимон, иероѓакон Силвестер и протопоп Лука. Овој труд на Ѓорѓи Поп — Атанасов за првпат во македонската книжевна историографија врши потесен преглед на овој книжевен центар во одреден период — XVI век. Истиот ќе биде од исклучителна важност за натамошните истражувања кога научниот интерес ќе се задржи поопстојно — разгледувајќи го Кратовскиот книжевен центар низ неговата повеќевековна активност. Впрочем, македонската книжевна наука треба да се зафати со таа задача.

Ѓорѓи Поп — Атанасов: Каде и кога е пишуван Битолскиот триод и кој е неговиот пишувач, Литературен збор, год. XXXII, Скопје 1985, кн. 4, стр. 21—28.

Битолскиот триод денес се чува во библиотеката на Бугарската академија на науките под број 38. Врз маргините на овој значаен ракопис пишувачот оставил повеќе записи. Содр-

жината на записите го поттикнала Ѓорѓи Поп — Атанасов да даде некои свои мислења за тоа кој го пишувал ракописот, каде и кога е пишуван. Според него споменатите во записите граматик Георги и поп Георги од село Вапа се две различни лица. Вршејќи анализа на записите доаѓа до констатацијата дека триодот го пишувал граматик Георги, а предлошката од којашто се служел при препишувањето му ја позајмил поп Георги од село Вапа. Во науката е спорно прашањето за местото каде што бил пишуван Битолскиот триод. Мислењата се изедначени дека е пишуван во манастир или црква по име св. Врачи, некаде во Западна Македонија. Но, во тој дел на средновековна Македонија имало повеќе манастири и цркви што го носеле тој назив. Поп — Атанасов претпоставува дека црквата св. Врачи каде што бил пишуван триодот се наоѓала во Прилепскиот, Кичевскиот или Дебарскиот крај, но со поголема веројатност во некое кичевско село (Стрелци, Козичино, Речани, Световраче). Во врска со датирањето на ракописот Поп — Атанасов врши корекција на досегашните датирања, вклучувајќи го овој книжевен споменик во периодот на XI век.

Ѓорѓи Поп Атанасов: Слепченскиот книжевен центар во XVI век, Разгледи, год. XXVII, бр. 5, Скопје 1985, стр. 523—529.

Книжевната дејност во Слепченскиот манастир посветен на св. Јован Крстител — Демирхисарско, особено била плодна во текот на XVI век. Овој труд на Ѓорѓи Поп Атанасов се задржува на книжевната дејност во Слепченскиот манастир што се одвивала во овој период. Поширок простор му е посветен на најплодовитиот книжевник од овој книжевен центар Висарион Дебарски. Од неговото книжевно наследство досега се идентификувани 23 ракописи, а за други ракописи постои сомневање дека се пишувани од негова рака. Висарион е претставен како активен книжевник кој при создавањето на ракописите самиот вршел избор на текстовите и ги собирал по свој вкус од разни ракописи. Покрај Висарион во XVI век во Слепченскиот манастир работеле и книжевниците монаси Пахомиј, Матеј и Сисој. Од Пахомиј се познати 10 ракописи, кој ги пишувал не само во Слепче туку и во Косово (престојувал во манастирите „Воисиловица“ и „св. Арханѓел Михаил“ во с. Росиница). За Матеј се истакнува дека бил помлад од претходно споменатите книжевници, а од негова рака се идентификувани 3 ракописи. Сисој е проследен преку неговиот единствено познат ракопис кој го пишувал заедно со Висарион Дебарски во 1544 година.

Ѓорѓи Поп — Атанасов: Ракописни текстови на македонски народен говор, изд. „Мисла", Скопје 1985, стр. 227.

Овој исклучителен труд на Ѓорѓи Поп — Атанасов има истражувачки и практичен карактер. Истражувачкиот карактер се засновува во повеќе насоки. Проследени се појавата и ширењето на ракописните текстови на народен говор во Македонија во чиј контекст се евидентирани 69 ракописи. Истите се датирани од периодот меѓу XVII и поч. на XX век, а се земени предвид само оние текстови што се пишувани со кирилско писмо, додека за текстовите пишувани со грчко писмо се остава можноста во друг момент да бидат проследени. Поп — Атанасов анимира еден малку познат список од пишувачи на ракописи кои ѝ припаѓаат на македонската книжевна историја: Мано Хаџи Петко од Башино Сило, Илија Христев од Прилепско, Григори Хаџи Орданов од Ваташа, Георги Димович од Југозападна Македонија, Арсениј и Данил калуѓери во Бигорскиот ман., монах Неофит, Тома Митрович, даскал Станко, даскал Димитриј Поп-Јосифович — сите од Североисточна Македонија, и книжевниците од Разлошко — Никола Поп-Филипов, Михаил Поп-Филипов, и Костадин Јованов. Посебно поглавје му е посветено на истражувањето врз графискиот систем и палеографските форми на некои покарактеристични букви од текстовите што се објавени во вториот дел од книгата. Од особена полза е изготвената табела на палеографски варијанти на одделни букви. Еднаков истражувачки интерес е пројавен за основните црти на правописот, како и за некои јазични особености што се среќаваат низ ракописите.

Практичниот карактер на изданиево го наложуваат целосно објавените текстови на 7 ракописни зборници: Белградски македонски зборник, XVIII в., САНУ бр. 323; Зборник на Георги Димович, крај на XVIII — поч. на XIX в., Софија, НБ 620; Пловдивски македонски зборник, 1810 г., Пловдив, НБ 233; Зборник на даскал Станко, средина на XIX в., Белград, НБ 118; Зборник на монах Антоние, 1854 г., Охрид, Ист. арх. М — 218; Зборник на Гене Сарфилов, 1875—1885 г., Скопје Фил. Фак. М. I—7—1339 и Зборник, последна третина на XIX в., Скопје, Фил. фак. М. I—6. Приложените текстови претставуваат значаен прилог од изворен материјал за проучување на историскиот развој на македонскиот јазик, а со оглед на тоа што се посочуваат текстови од повеќе места на Македонија, се овозможува пристап кон надгледен материјал за дијалектолошки проучувања. Треба да се забележи уште еден значаен придонес со изготвувањето на Речник — индекс, каде што се поместени сите зборови од објавените текстови, а од зборовите што се среќаваат често, се дадени по неколку примери.

Анте Поповски: Глас од дамнината — кон поетиката на македонските средновековни црковни записи, изд. „Македонска книга" Скопје 1985, стр. 149.

Ова издание условно може да се подели на два дела. Првиот дел опфаќа 80 страници, каде што се поместуваат општи напомени за културно-историските ситуации од VI век до кирилометодиевскиот период. Поголемиот дел од текстот е посветен на записите — како на афтентична, оригинална средновековна литература, каде што доминира есеистичко-поетски и продуховен коментар произлезен од самата вокација, што ја поседува авторот. Вториот дел опфаќа 142 записа евидентирани од повеќе збирки на записи и описи на ракописи познати во славистиката, врз кои Поповски врши стиховна организација со цел да им приопшти поетски легимитет. Извршена е правописна транскрипција на текстовите.

Vera STOJCHEVSKA — ANTICH / Ilija VELEV

Summary

TOWARDS THE BIBLIOGRAPHY ON CYRIL AND METHODIUS IN MACEDONIA (1945—1985)

We have done this selective survey of the annotated bibliography on the Cyril and Methodius tradition in Macedonia on the occasion of the 1100 anniversary of the arrival of Clement from Ohrid in Macedonia. This survey presents the literary and historical results from the research work done on this subject. We have taken into consideration the literary and historical materials but, at the same time, we could not avoid the linguistic, historical, artistic and archeological items. Even the literary and historical works are selectively presented which means we considered mainly monographies, collections and journals while the articles, reviews published in different journals, and newspapers will be published as a whole by the Literature Institute at the Skopje Faculty of Philology.

Dr. Michael BERGNER

UDK 803,0:929(049,3)
398(430.2)+803,0:929(0493)

LEBEN UND WERK JACOB UND WILHELM GRIMMS UND IHRE WÜRDIGUNG IN DER DEUTSCHEN DEMOKRATISCHEN REPUBLIK

Am 4. Januar 1985 jährte sich zum 200. Male der Geburtstag von Jacob Grimm, am 24. Februar 1986 können wir des 200. Geburtstages von Wilhelm Grimm gedenken. Anlaß genug, Leben und Werk der großen deutschen Märchensammler, Erzähler und Sprachschöpfer zu würdigen.

Geboren in dem hessischen Städtchen Hanau, hielten die fast Gleichaltrigen von Kindheit an fest zusammen. Nach dem frühen Tod des Vaters unterstützten sie die Mutter nach Kräften. Sie waren damals erst etwa zehn Jahre alt und bewahrten das Gefühl der Verantwortung gegenüber den vier jüngeren Geschwistern bis an ihr Lebensende. Jacob und Wilhelm Grimm genossen eine gemeinsame Erziehung, besuchten zusammen das Lyzeum in Kassel und gingen 1802 bzw. 1803 nach Marburg, um ein Studium der Rechte aufzunehmen. Hier wurden sie vor allem durch den jungen Extraordinarius Friedrich Carl von Savigny gefesselt, der zu den Begründern der sogenannten Historischen Rechtsschule zählt.

Wie sehr sich die Brüder Grimm aneinander gewöhnt hatten, merkten sie, als Jacob auf einer Studienreise 1804 monatelang in Paris weilte. »Er schrieb an Wilhelm: ‚Wir wollen uns einmal nie trennen, und gesetzt, man wollte einen anderswohin tun, so müßte der andere gleich aufsagen. Wir sind nun die Gemeinschaft so gewohnt, daß mich schon das Vereinzeln zum Tode betrüben könnte.' Und Wilhelm antwortete dem Bruder: ‚Was du schreibst von Zusammenbleiben ... hat mich gerührt. Das ist immer mein

Wunsch gewesen, denn ich fühle, daß mich niemand so lieb hat als du, und ich liebe dich gewiß ebenso, herzlich.'«[1]

Die intensive Beschäftigung mit Volkspoesie in den Jahren 1805/07 festigte ihre Liebe zu dieser Literatur so, daß sie die aussichtsreichere und lukrativere Laufbahn als Juristen aufgaben. Wilhelm und Jacob, die einen gemeinsamen Haushalt führten, nahmen eine Tätigkeit als Bibliothekare auf (1814 bzw. 1816), um sich ganz dem Studum des vaterländischen Altertums widmen zu können. Was ursprünglich nur Liebhaberei war, wurde zu ihrer Lebensbeschäftigung, und sie selbst wurden zu Mitbegründern einer neuen, aus dem Schoß der Romantik gewachsenen Wissenschaft, der deutschen Philologie.

Der erste weithin sichtbare Ertrag einer Baschäftigung der Brüder Grimm mit Volkspoesie war die Sammlung der Märchen. Im Dezember 1812 erschien der erste Band der »Kinder-und Hausmärchen«, ein zweiter folgte 1815; und bereits am 14. Oktober 1815 konnte Wilhelm seinem Bruder gegenüber feststellen: »Die Märchen haben uns bei aller Welt bekannt gemacht.«[2]

Bis an ihr Lebensende vermehrten und verbesserten sie in sieben Neuauflagen ihre Sammlung. Bedeutsam auch die Beschäftigung der Brüder Grimm mit altem Sagengut. 1816 und 1818 erschienen 585 Stücke, gesammelt ab 1808 und herausgegeben als »Deutsche Sagen« in zwei Bänden.

Wesentlich für die Erarbeitung entscheidender Grundlagen der Germanistik war Wilhelm Grimms literaturgeschichtliches Hauptwerk »Die deutsche Heldensage« (1829). Auch in den von ihm allein veranstalteten Editionen alt — und mittelhochdeutscher Dichtung blieb Wilhelm Grimm den volkspoetischen Anfängen der Brüder treu.

Jacob Grimm vor allem war es, der in seiner wissenschaftlichen Arbeit weit über die Poesie hinausgriff. Einer der Anstöße dazu war von A. W. Schlegel gekommen, der im Oktober 1815 die Wissenschaftsübung der Grimms in einer Rezension kritisch beurteilte. So hatte er unter anderem »die Grimmschen Unkenntnisse auf sprachlichem Gebiet, besonders den Mangel an philologisch-historischer Kritik bei Beurteilung und Interpretation alter Dichtungen gerügt und eine geschichtliche Behandlung der deutschen Sprache gefordert«[3],

Vor allem auf Jacob Grimm verfehlte diese Besprechung ihre Wirkung nicht. Seit dem Herbst 1816 arbeitete er sich intensiv in die historisch-vergleichende Betrachtung der Sprache ein. 1819 legte er den ersten Band der bahnbrechenden »Deutschen

[1] Die Kinder-und Hausmärchen der Brüder Grimm, hrsg. v. Anneliese Kocialek, Bd. 4, Berlin 1958, S. 194 f.

Grammatik« vor, deren weitere Bände 1826, 1831 und 1837 erschienen. Mit diesem Werk wurde der germanischen Philologie »ein festes sprachwissenschaftliches Fundament gelegt, man hat das Jahr 1819 gern das eigentliche Geburtsjahr dieser Wissenschaft (im Sinne einer Hinwendung zu festgegründeten Prinzipien und strenger Wissenschaftlichkeit) genannt«[4]. Jacob Grimm distanzierte sich in seiner »Deutschen Grammatik« von rein spekulativen Fragestellungen, wie eine universelle oder der nationalen Sprache geschichtlich vorausliegende Ursache ausgesehen haben könnte. Zugleich vollzog er eine »Abkehr ... von dem Problem der Angemessenheit und der Anpassung grammatischer Formen an die als vorgegeben und sprachunabhängig betrachteten Strukturen des logischen Denkens«[5].

Jacob Grimm brach sowohl mit der Tradition der von der rationalistischen Linie der Aufklärer beeinflußten philosophischen und normativen Grammatikbeschreibung als auch mit den zu einem Großteil »diffusen etymologischen und glottogonischen Spekulationen der tastenden Orientierungsphase einer sprunghaft neubelebten und sich energisch verbreiternden nationalphilologischen Strömung«[6].

Mit der Arbeit an den ersten drei Bänden der »Deutschen Grammatik« baute Jacob Grilm seine unbestrittene persönliche Autorität auf dem Gebiet der Sprachwissenschaft auf.

1837 wurden Jacob, der 1829 und Wilhelm, der 1831 Professor an der Göttinger Universität geworden war, aus dem Lehramt entlassen. In diesem Jahr protestierten sie zusammen mit fünf weiteren Professoren der Göttinger Universität (»Göttinger Sieben«) gegen den Verfassungsbruch ihres Landesherrn, des Königs Ernst August von Hannover. Die Entlassung hatte auch die Folge, daß die »Deutsche Grammatik« Fragment blieb. Nach dem vierten Band, der Synatx des einfachen Satzes, wurde die Arbeit an ihr nicht wiederaufgenommen.

Die Hoffnung auf eine baldige Berufung erfüllte sich nicht. In dieser Situation unterbreitete die Weidmannsche Buchhandlung, ein Leipziger Verlag, den Brüdern im Brühjahr 1838 den Vorschlag, ein neues, großes Wörterbuch der deutschen Sprache abzufassen. Sie nahmen an, obwohl Jacob zunächst zögerte.

---

[2] Wilhelm Grimm: Brief an Jacob Grimm v. 14. 10. 1815, in: Briefwechsel zwischen Jacob und Wilhelm Grimm aus der Jugendzeit, hrsg. v. Hermann Grimm/Gustav Hinrichs, Weimar 1881, S. 275 f.

[3] Geschichte der Deutschen Literatur, hrsg. v. Hans-Günther Thalheim, Bd. 7, Berlin 1978, S. 517.

[4] Ebenda.

[5] Jacob Grimm — Reden in der Akademie, hrsg. v. Werner Neumann/ /Hartmut Schmidt, Berlin 1984, S. 14.

[6] Ebenda, S. 15.

Die Forderung nach einem umfassenden deutschen Wörterbuch war alt und dessen Notwendigkeit weithin anerkannt. Zuerst wurde der Plan für ein vollständiges Wörterbuch der deutschen Sprache im 17. Jahrhundert im Kreise der »Fruchtbringenden Gesellschaft« — einer Sprachgesellschaft — erörtert, kam aber nicht zur Ausführung. 1697 forderte Leibnitz die lexikalische Erfassung der allgemein gebräuchlichen wie der fachsprachlichen, der schriftsprachlichen wie der mundartlichen, der lebenden wie der veralteten Wörter. Dem 18. Jahrhundert blieb diese Aufgabe wohl bewußt, auch Adelung, der gegen Ende des Jahrhunderts mit einem umfangreichen Wörterbuch der deutschen Sprache hervortrat, führte den großen Plan nicht aus. Sein Werk galt in erster Linie der Feststellung und Sicherung der hochdeutschen schriftsprachlichen Norm.[7]

Das Wörterbuch der Grimms war umfassender konzipiert. Die Gegenwartsprache, meinten die Brüder, hatte ihre alte Sprachmächtigkeit verloren. Sie kritisierten die aus dem gängigen Wortgut entstandenen Neubildungen, vor allem Zusammensetzungen, und den steigenden Einfluß von Fremdwörtern. Ihr Ziel war es, dem deutschen Volk den ganzen Reichtum seiner angestammten Muttersprache vorzuführen und damit die Einsicht in die sprachliche Entwicklung zu fördern sowie das sprachliche und nationale Selbstbewußtsein zu stärken. Jacob und Wilhelm Grimm wollten den Wortbestand der gesamten hochdeutschen Schriftsprache seit der Mitte des 15. Jahrhunderts, das heißt etwa seit Erfindung des Buchdrucks, darstellen. In ihrem Wörterbuch sollte frühneuhochdeutsches Wortgut ebenso aufgenommen werden wie volksmäßiges, derbes und auch vulgäres Wortgut, ferner hochdeutsches Sonder — und Fachwortgut in weitem Umfang, vor allem älteres, das mannigfachen sprach — und kulturhistorischen Aufschluß versprach. Wörter der hochdeutschen Mundarten sollten berücksichtigt werden, wenn sie in die Schriftsprache eingefürt worden waren. Ausgeschlossen blieb dagegen grundsätzlich Niederdeutsches und rein mundartliches Wortgut.

Im November 1840 berief Friedrich Wilhelm VI. von Preußen die Brüder Grimm nach Berlin. Damit sollten »verdienstliche schriftstellerishe Leistungen auf dem Gebiete der deutschen Sprachforschung, schönen Literatur und Geschichte« gewürdigt, den Grimms aber auch die Möglichkeiten gesichert werden, das Vorhaben eines »vollständigen critischen Wörterbuchs der deutschen Sprache« ins Werk setzen zu können[8]

---

[7] Vgl. Joachim Dückert: Wie feine, dichte Flocken ... Das Deutsche Wörterbuch von Jacob und Wilhelm Grimm, in: Sonntag, 5/1985, S. 11.

[8] Vgl. Alan Kirkness: Geschichte des Deutschen Wörterbuches 1838—1863. Dokumente zu den Lexikographen Grimm. Mit einem Beitrag von Ludwig Denecke, Stuttgart 1980, S. 104 f.

Im März 1841 folgten die Brüder der Berufung nach Berlin, die sie materiell einigermaßen sicherstellte. Ihr Status war allerdings von einem Kompromiß gekennzeichnet, der sich in Vorteilen und Nachteilen für sie äußerte. Die Berufung und das Gehalt (zasammen 3000 Taler) wurden ihnen als Mitgliedern der Akademie der Wassenschaften zuteil. Jacob war seit 1826 korespondierendes und seit 1832 auswärtiges Mitglied, Wilhelm war seit 1832 korrespondierendes Mitglied. Beide wurden 1841 zu ordentlichen Mitgliedern ernannt bzw. gewählt. Als solchen stand ihnen das Recht zu, an der Universität zu lesen, wovon sie in einem unterschiedlichen Maße, Jacob bis 1847, Gebrauch machten. Ihr Haupttätigkeitsfeld war jedoch die Teilnahme an den Sitzungen und Geschäften der Akademie und die Fortsetzung ihrer persönlichen Arbeiten. Entsprechend dem damals ausschließlichen Charakter der Akademie als einer Gelehrtengesellschaft waren sie faktisch Privatgelehrte, die durch die Art der für sie getroffenen Regelung ihrer Einkünfte vom König ausgehalten wurden. Ein staatliches, regulär besoldetes Amt erhielten sie nicht.

Mit vielen bürgerlichen Intellektuellen im Deutschland des 19. Jahhunderts teilten die Grimms das Geschick, wechselnden fürstlichen Herren dienen zu müssen. Wenn vor allem Jacob Grimm zu einem Vorkämpfer der Idee einer bürgerlichen Nation in Deutschland wurde, so folgte er damit nicht zuletzt auch eigener Lebenserfahrung.[9]

Die Arbeit am »Deutschen Wörterbuch« sollte die schwerste und sorgenvollste der Brüder Grimm werden. »Wir wollen kein Gesetzbuch machen ... Unser Werk wird ... eine Naturgeschichte der einzelnen Wörter enthalten«, sagte Wilhelm Grimm auf der Germanistenversammlung 1846 in Frankfurt/Main und brachte damit den historischen — die Wortbildung darstellenden — Charakter des Wörterbuchs klar zum Ausdruck. Diese Darstellung beschränkte sich nicht auf die Zeit seit Erfindung des Buchdrucks, sondern griff in die älteren deutschen Sprachstufen zurück und verwies darüber hinaus auch die Verwandtschaft und Herkunft des betreffenden Wortes aus den übrigen germanischen und den außergermanischen Sprachen bis zu den ältesten Stufen der indoeuropäischen Sprachfamilie nach.

Mit der »Deutschen Grammatik« Jacob Grimms sowie dem von den Brüdern Grimm und über 80 Helfren aus Quellen der zurückliegenden 400 Jahre gesammelten Belegmaterial (mehr als 600 000 Belegzettel) verfügte das Wörterbuch über eine wissenschaftliche Grundlage, wie sie allen Vorgängern gefehlt hatte.

[9] Vgl. Jacob Grimm — Reden in der Akademie, hrsg, v. Werner Neumann/Hartmut Schmidt, Berlin 1984, S. 9f.

1854 lag der 1. Band (A — Biermolke), allein bearbeitet von Jacob Grimm, vor. Wilhelm übernahm die Bearbeitung der mit dem Buchstaben D beginnenden Wörter. Als er am 16. Dezember 1859 starb, hatt er sich seiner Aufgabe sauber und ordentlich und bis auf das letzte Wort entledigt. Jacob drang noch bis zum Wort F r u c h t (im 4. Band) vor. Am 20. September 1863 starb auch er. Damit war etwa das erste Viertel des Alphabets erledigt. Nach dem Tode der Begründer des Wörterbuchs warb der S. Hirzel Verlag Leipzig, auf den 1853 die Verlagsrechte übergegangen waren, Gelehrte zur Fortsetzung des Werkes an, die von dem noch Ausstehenden ganze Buchstaben zur Bearbeitung übernahmen und dem Wörterbuch ihren Stempel aufdrückten.

1906 übernahm die Preußische Akademie der Wissenschaften die Leitung des Wörterbuchs.

Nach der Befreiung vom Faschismus hat die Berliner Akademie der Wissenschaften das »Deutsche Wörterbuch« in großzügigster Weise gefördert. Es entsprach der Kulturpolitik in der damaligen sowjetischen Besatzungszone und danach in ber DDR, bei der antifaschistisch-demokratishen Erneuerung und dann beim Aufbau des Sozializmus, an die fortschrittlichen kulturellen Traditionen anzuknüpfen und das wertvolle humanistische Erbe, wozu auch das unvollendete »Deutsche Wörterbuch« und andere Werke der Brüder Grimm gehören, als verpflichtendes Vermächtnis zu verstehen.

Im 1952 neugegründeten Institut für deutsche Sprache und Literatur der Akademie der Wissenschaften bildete die Arbeitsstelle des Deutschen Wörterbuch eine eigene Abteilung mit bis zu 20 Mitarbeitern. Während eine seit 1950 in Göttingen biestehende Arbeitsstelle nur etwa ein Viertel des noch Ausstehenden bearbeitete, hatte die großzügig aufgebaute Berliner Arbeitsstelle den Hauptanteil an der Beendigung des Deutschen Wörterbuchs (1960). Das Werk war nun auf 32 Bände gewachsen, seit Beginn seines Erscheinens waren 103 Jahre vergangen. Aber noch fehlte der Schlüssel zum Werk, das Quellenverzeichnis; es wurde 1971 fertiggestellt.

Um die Brauchbarkeit des Deutschen Wörterbuchs als wort-historisches Grundlagenwerk für die deutsche Sprache auch für die Zukunft zu sichern, erscheint seit 1965 eine nach den neuesten Erkenntnissen der germanistischen Sprachwissenschaft überarbeitete Neuauflage des gewaltigen Werkes, herausgegeben von der Akademie der Wissenschaften der DDR in Zusammenarbeit mit der Akademie der Wissenschaften zu Göttingen.

Das Werk der Brüder Grimm ist aus der Geschichte der Germanistik und der Sprachwissenschaft nicht wegzudenken.

Die Wertschätzung, die in der DDR dem Wirken der beiden Wissenschaftler entgegengebracht wird, drückt sich nicht zuletzt in der jährlichen Verleihung des »Jacob-und-Wilhelm-Grimm-

Preises der DDR« aus, vorgenommen durch den Minister für Hoch- und Fachschulwesen. Auf diese Weise werden Wissenschaftler geehrt, die sich in ihrer Arbeit besondere Verdienste um die Erforschung und Vermittlung der deutschen Sprache und Literatur erworben haben. Mit der internationalen Zasammenarbeit, in der diese Ergebnisse zustande kamen, wurde über die fachliche Tätigkeit ein Beitrag zur Völkerverständigung geleistet ein Beitrag im Sinne der Brüder Grimm.

Резиме

Д-р Михаел БЕРГНЕР

ЖИВОТ И ДЕЛО НА ЈАКОБ И ВИЛХЕЛМ ГРИМ И НИВНОТО УВАЖЕНИЕ ВО ГЕРМАНСКАТА ДЕМОКРАТСКА РЕПУБЛИКА

Статијата ги обележува од една страна битните станици од животот на значајните германски собирачи на приказни, раскажувачи и јазични творци и ги именува од друга страна најважните делови од нивното дело.

Додека во уводниот дел се упатува на занимањето на браќата Грим со народната поезија, понатаму широк простор заземаат грижите, пред сè на Јакоб Грим за основање на една германска филологија. Така подробно се навлегува како во „Германската граматика", јазично-научен фундамент на германската филологија, така и во работата на браќата Грим на „Германскиот речник". На крај авторот укажува на продолжението, кое проследи по смртта на браќата Грим, па сè до денес и на уважението на Јакоб и Вилхелм Грим во Германската Демократска Република.

УДК 886,6(091)+886.6.09:929(049.3)

Миодраг МИЛОШЕВИЌ — ДРУГОВАЦ

КНИЖЕВНОИСТОРИСКОТО ДЕЛО НА ГАНЕ ТОДОРОВСКИ

1

Писателот е на *поприштето*, на оној, според Гане Тодоровски, *маѓепсан мегдан*, или не е писател. Едноставно, тој е во постојана акција бидејќи е во постојана потрага по себеси, по идентитетот на времето во својот духовен универзум, по идентитетот на етносот на којшто генерички и историски му припаѓа со својот јазик, своето потекло, својата субјективна судбина. Затоа и не е претерано ако се рече: писателот, всушност, е таа акција, со стремеж да се идентификува со динамиката на историските движења, со копнеж да се поистовети со ликот и свеста на народот во мигот на неговото судбинско историско препознавање.

Ова се неколку пролегоменски идеи, речиси ексцерпирани од критичкото и книжевноисториското дело на Гане Тодоровски, идеи врз кои тоа и во моментот мошне значајно дело е втемелено како една, своевидна, пробудена свест и совест на македонското книжевно траење од раните преродбеници во почетокот на XIX век до овие, денешни, слободни и широко раскрилени книжевни хоризонти, во кои факторот на критичката пробуда и книжевноисториското систематизирање имаат улога од големо национално и општествено значење. И не само поради свеста за тоа какво е, навистина, ова значење, Г. Тодоровски и како признат поет и интелектуалец со еден наполно свој духовен компас во разрешувањето на загатката од наследените книжевноисториски противречности, идејни и естетски антиномии, уште како млад писател, уредник на списанијата „Иднина", „Млада литература", „Разгледи" итн., и како млад универзитетски наставник со исклучително плодна научна перспектива, па и како своевидник во нештата од ежедневието на нашиот книжевен живот, со страст на истражувач и

со визија на историчар којшто ја има пред себе целокупноста на книжевните процеси, се впуштил во нивното минуциозно одгатнување и достоинственичко именување на нивните не секогаш пријатни и единствено прифатливи научни — вистини!

Со книгите *Претходниците на Мисирков* (1968), *Трактати за сонцељубивите* (1974), *Матош* (1977), *Маѓепсан мегдан* (1979), *Веда Словена* (1979)[1] и *Подалеку од занесот, поблизу до болот* (1982), тој се вреди меѓу челните македонски книжевни критичари и историчари, преферирајќи еден ангажиран вид критика со стремеж кон афирмација на ткн. национален критериум, виталистички димензиониран не како некаква, евентуално, задоцнета романтичарска апотеоза на националното, ами како една објективна, тука и таму дури и полемичка свест за националната книжевна егзистенција. Таа критика е секогаш вид акција, во која ниту делото останува без оценка, ниту книжевната историја без критички релевантните судови.

Следствено, логично и природно е што постои научен интерес критичката и книжевноисториската есеистика на Г. Тодоровски да се проследи со еден аналитички сеопфат, за меѓу другото да се утврдат нејзините доминантни преокупации и нејзиниот методолошки концепт, а напоредно со тоа и нејзините односи, референции, влијанија — во нашата литература и литературната наука. За таа цел аналитички ќе е целесообразно и следното: да се има целосен увид и во многу други книги (избори, антологии, учебници), како и во одделни посебно печатени трудови на Г. Тодоровски, а ова од причина што и од нив можат да се извлечат становишта и судови од интерес за нашата книжевна историја, и од значењето на оформувањето на една интегрална проекција на сите критички актуелни и книжевноисториски валидни сегменти на ова дело. Во прв ред тоа се неговите избори и редакции од македонското книжевно наследство (*Никола Вапцаров:* „Одбрани творби", 1971; *Марко Цепенков:* „Одбрани творби", 1974; *Вапцаров:* „Творби", 1979; *Константин Миладинов:* „Избор", 1980; *Жинзифов:* „Одбрани творби", 1981; *Цинот:* „Собрано дело", заедно со Боро Мокров, 1982);; литературни помагала и учебници *Литература за III клас* и *Примери од литературата за III клас* (со Невена Исакова, 1977); избори и редакции од други литератури — *Иван Мажураниќ* (1963), *Отон Жупанчич* (1975), Иван Горан Ковачиќ, *Одбрани творби* (1978), Антун Густав Матош, *Одбрани творби* (1978), Силвие Страхимир Кранчевиќ, *Одбрани творби* (1978), Крлежа, *Поезија* (1979), П. К. Јаворов, *Одбрани творби* (1982);

[1] Докторската теза „Веда Словена и нејзините мистификации" е одбранета на Филозофскиот факултет во Скопје, во 1966 г.

антологии *Словенечки поети* (1956), *Езерска земја* (со Томе Момировски, 1967), *Правостоина* (современи поети од албанска народност во Југославија, со Адем Гајтани, 1968), *Новата хрватска поезија* (со Славко Михалиќ, 1973), *Современа хрватска поезија)* со Бранимир Бошњак, Далибор Цвитан и Бранко Малеш, 1981), *Австриската поезија на XX век* (1982) и др. Известно е дека самиот овој *список* на дела, избори, редакции и антологии посведочува за еден навистина импозантен научен опус, редок кај нас и по својата обемност и по својата разновидност на истражувачки потфати, критички процедури и аналитичка компетенција. Затоа изгледа не малку чудно што во одделни *скици* или *прегледи* на генетичко-развојните процеси на македонската критика и книжевноисториска мисла Гане Тодоровски одвај ако се спомнува (или не се ни спомнува!): на пример, се опомнува како еден од припадниците на ткн. *универзитетски круг*, но самото негово дело останува и натаму во сенката дури и на некои помалку значајни појави во македонската книжевноисториска наука, или, пак, тоа дело се сместува во една поинаква Прокрустова постела, во еден методолошки хетероген контекст на ткн. *критика како анимација*. Ако во првиот случај за историската критика или за критичката историографија на Г. Тодоровски се донесува еден воопштен суд во смисла на нејзината *акрибичност* како превосходна карактеристика на целиот тој круг,[2] во вториот случај се констатира дека оваа критика (како анимација!) „е поттикната од еден внатрешен афинитет и интимистичка приврзаност кон својот извор", дека „знае да биде продорна, убедлива и луцидна", а *неотпориte* на овој вид критика се согледуваат „во нејзината некомплементарност: акцентирајќи го поединечното таа е принудена да го елиминира општото, осветлувајќи го својот извор таа не е кадарна да го согледа и да го определи во поредокот на општите вредности".[3] Вистина, сите овие искажувања и определби се од постар датум; меѓутоа, затоа секогаш постои можноста за машки (авто) корекции, а колку што нам ни е познато такви (авто) корекции не се направени ни подоцна кога критичарскиот и научничкиот профил на Г. Тодоровски можеше да ни се наметне како сосем оформен, покрај другото и по заслуга на неговите собрани и во книги објавени трудови.

[2] Види: *Миодраг Друговац*, „Современа македонска књижевна критика", Замак културе, Врњачка бања, 1974, стр. 95.

[3] Види: *Милан Ѓурчинов*, „Критички сведоштва", Култура, Скопје, 1976. — Литературата, литературната критика, вредностите (1965), стр. 306.

Не е уочена персоналноста на тоа дело, па не е утврдена ни димензијата на неговите вкупни значења! Оттаму и лутања и несоодветностите во неговото типолошко и методолошко определување. Хипотеките на минатото по инерција ги умножува матрицата на новите состојби, но во нив нешто навистина е дефектно. Создадена хиерархија како да тврдоглаво се брани себеси, чувствувајќи дека ова дело, најпосле, ќе ги измести нештата, ќе се наложи како една вредност којашто во схемата на хиерархијата внесува императив на корекција, а со тоа и еден нов поредок на вредноста. Според таа *схема* Г. Тодоровски е поет достоен за почит; сè друго е непознато како појава и аргумент. Ретките одгласи за тој *аргумент*, колку и да се импресионистички афирмативни, само ја потврдуваат тезата дека во нашите критички согледби поетот Г. Тодоровски води главен збор, — другото е или ad hoc самопреиспитување пред огледалата на сопствената книжевна историја или чин на просто-проширена, репродуктивна анимација! Воопшто не е забележано дека кај нас е веќе конституирана цела една школа на ткн. критичка историографија, со свои научни (истражувачки) темели и методолошки обѕири. Еден од главните претставници на таа школа е токму Гане Тодоровски.

2.

Во предговорот кон книгата *Маѓепсан мегдан* (1979) Г. Тодоровски наведува дека таа е „плод на речиси триесетгодишна активa во областа на литературниот запис, па е замислена како една ретроспективa, чија цел е да го претстави основниот фонд на таа авторова повеќегодишна дејност". Натаму тој нè запознава и со следното од структурата на овој свој обемен избор: „Петте циклуси зафаќаат прашања речиси исклучиво од македонската култура и литература, изнесени во вид на *граѓа, иследувања, коментари, одгласи, осврти, вреднувања, полемики, размисли* и *обопитувања*"[4] (подвл. М. Д.). Со ова како да се определени и *моделите* на неговото критичко и книжевноисториско мислење, *моделите* со кои и инаку ќе се среќаваме во сите книги на Г. Тодоровски.

Не е случајно што првите два циклуса на книгава *(Навраќања кон потеклата, Пофалба на виделината)* им се посветени на македонските книжевноисториски теми: не е тоа само обид хронолошки, историски, да се претстави македонското книжевно минато (Кирил и Методи, Миладиновци, Жинзифов, Мисирков, Д. Х, Димов, Вапцаров, Рацин, македонската народна песна и Илинден, итн.), ами и едно интелигентно укажување

[4] Гане Тодоровски: „Маѓепсан мегдан", Култура, Скопје, 1979. — Збор до два наместо вовед, стр. 7.

на сопствените превосходни преокупации и сопствената превосходна вокација. Ова и наспроти фактот што критичар се препознава во книжевноисториските трудови на Г. Тодоровски, како што и книжевен историчар се наоѓа во неговите критички *одгласи, осврти* и *вреднувања* (во третиот циклус *кажувања за еден врвеж*, а делумно и во четвртиот и петтиот циклус *Незаобиколени предели* и *Простори за прелаги и љубопитства)*, каде што има и остри полемички тонови во реплицирањата со обиди, тука и таму, лагите и фалсификатите да стекнат право на граѓанство под фирма на историска наука или белетристика (во текстовите за Димо Хаџи Димов, Димитар Спространов и др.). Но и воопшто критичкиот дух на Г. Тодоровски е упатен кон полемички дискурс, кон полемичка инвективa, а што во основа происходи од сфаќањето на литературата како едно отворено, ту виуличаво ту вжештено поприште („мегдан"), каде што ни една битка не е добиена еднаш засекогаш и каде што врлуваат многу сили на анационална и антидијалектичка (ненаучна) инертност, сеништа на поранешните историски, државноправни и книжевни хипотеки, ветришта на повампирените сан-стефански и други посегања или, едноставно, неразбирања а со тоа и несоодветностите во и околу утврдувањето на вистинските правци на развојот на македонската повоена книжевност, некогаш и со обид механички врз неа да се применат некои српски и други југословенски периодизациски и типологизациски стандарди (С. Лукѝќ).

Историската критика (а. книжевноисториска есеистика; б. аналитички трудови на книжевноисториски теми) на Г. Тодоровски ја карактеризира стручноста, а таа се огледува во владеењето со изворниот податок и во квалификуваноста на аналитичкиот коментар на секој и најмал фактографски детаљ, којшто никогаш не е една, евентуална, екскатедарска цел (само) задоволна со своето разоткривање пред јавноста. Многуте од овие *теми* и не се непознати, т.е. не проговорува прв за нив Г. Тодоровски, а, сепак, нивната повторна актуелизација делува на рецепиентот со првична свежест, речиси откровенски, пионерски, секогаш интелектуално надахнато и со аргументи од прва рака, меѓу кои како по правило се откриваат и некои сосем нови и непознати за односниот историски контекст. Така, на пример, во огледот *Големиот чин на Солунските браќа* откако ќе констатира колку нивната „историска мисија (е) од непреодно значење" за словенскиот свет, неговиот „културен развиток и консолидација",[5] Г. Тодоровски ќе запише и тоа

[5] Исто, стр. 11.

дека „делото на Кирил и Методи содржи во себе димензии на демократско и револуционерно осмислување — борба за прогрес и равенство меѓу народите!" Но и со таа *вистина* тој како да не се задоволува; тргнувајќи од неа и од „фактот дека во лицето на најпознатиот продолжувач на нивното дело — Климент Охридски среќаваме плодна акција врзана за македонската средина", тој мислата ќе ја доразвие во духот на својот интелектуален хоризонт и согласно со својот аналитички (дијалектички) ум, утврдувајќи колку „сето тоа мошне илустративно говори дека во историјата нема случајности, туку законитости, дека големите идеи можат да се зачнат таму каде што постојат објективни услови за нивното раѓање и формирање".[6] Општопознато е дека Македонија е *лулка* на словенската писменост, просвета и култура, но и на христијанството меѓу Словените на Балканот, за што Г. Тодоровски, меѓу другото, го посочува и Новиот завет, конкретно — двете посланици на апостолот Павле до Солунчани... Меѓутоа, како што укажува нашиот книжевен историчар, и „првата протестна реч против феудалното деформирање на христијанството никна и се разви во Македонија". Во објаснувањето на тезата тој се потпира врз една нова, откровенска статија на Петар Поп Арсов од 1919 година *(Распни ја)*,[7] што е само рефлекс или продолжена мисла, би можело да се рече, на Григор Прличев и Трајко Китанчев од кон крајот на XIX век.[8]

Бидејќи податокот е секогаш во функција на аналитичкиот коментар, тој не се исцрпува во апстрактни и евазионистички ламентирања по минатото, колку и да е тоа објективно за почитување и од аспект на еден книжевен историчар. Илустрација за ова е и огледот *За првата биографија на Миладиновци* („која потекнува од перото на Македонец", зашто постојат и прилози и на некои од попознатите бугарски и руски книжевни историчари и општественици — Александар Рачински, А. Теодоров, Ив. Шишманов, Бл. П. Алексиев, „а во прв ред треба да се спомнат обемните монографии на Михаил Арнаудов и Иван Хаџов"). Во описот на биографскиот труд *Димитрија и Константин Миладиновци* на Рајко Жинзифов (објавен во 48-иот број на списанието „Ден" од 1. XII 1862 г., орган на московските славјанофили), Г. Тодоровски наведува дека тој е напишан „во формата на лични впечатоци и спомени", дека тоа се „непотполни биографски цртички, засновани на лични набљудувања", па утврдува дека „дури и таква оваа скица послужи како најдобар извор за податоци, од кој скоро сите

[6] Исто, стр. 12.
[7] Исто, стр. 13.
[8] Исто, стр. 14.

подоцнежни иследувачи на делото на Миладиновци обилно се користеа".[9] Согласно методот на Г. Тодоровски, фактографијата и коментарот се две членки на една и иста аналитичка равенка; тие меѓусебно се дополнуваат, оформувајќи рељефна слика за историскиот контекст. Личноста и делото се неразделни чинители на таа слика. Според тоа, биографскиот (националниот, социјалниот), еден, всушност, аналитички продуховен неопозитивистички третман, овде се осамостојува како една своевидна, можеби и реакција на извесни непресметливи и помодарски, суви и апстрактни интерпретативни модели, со кои самата книжевна историја останува со празни раце пред вистината за себеси! За Жинзифов како биограф Г. Тодоровски вели дека „не е сув регистратор, не е студен констататор" — што од збор до збор е една, всушност, најточна, најпрецизна, речиси дефиниционски индикативна карактеризација на онаа критичка историографија која, преку трудовите на Х. Поленаковиќ, К. Пенушлиски, Б. Конески и некои други книжевни историчари од ткн. универзитетски круг, во модернизиран облик и со една иманентно своја есеистичка процедура, ја препознаваме во книжевноисториското ракопис на Г. Тодоровски.

Тоа надградување, облагородување на фактографскиот податок, таа способност за ширење на книжевноисториските претстави за делото и личноста (речиси според принципот на концентрични кругови), тој донекаде и надвладеан а сепак изворно за методот поттикнувачки историски детерминизам, со смисла за сеопфатно кореспондирање со факти од различни области и со различен ранг, за при сето тоа научничко *јас*, низ опсервацијата и низ критичките профилирања на книжевните достоинства, не малку и низ една јазички и стилски богата со историска свест и книжевен рафинман, барокна а научнички функционална реченица, да не остане во сенката на предметот на секое конкретно истражување, ни во сенката на истражувачите кои што пред него ја задолжиле книжевната историја со свои иследувања на истиот предмет (во случајот е тоа Х. Поленаковиќ), сето тоа и не само тоа се примарни својства на овој наш, автентично модерен, оти е меѓу другото и дијалектичен — книжевен историчар. Автентичен и широк во сфаќањата, во опфатот на книжевната материја, а што им е својствено само на ерудитивни личности и талентирани проследувачи на книжевноисториското времеплов! Како да ни сугерира тој: треба да се sирне и под лушпата на податокот, за да му се извлече неговата најдлабока смисла и преку неа да се утврди сушноста на едно и тешко гордо траење низ историјата.

[9] Исто, стр. 16.

Едно такво траење е врзано и за македонската народна песна, и умотворба воопшто. Во огледите за Димитар и Константин Миладинов, а во врска со собирањето на македонски народни песни и печатењето на Зборникот со помошта на Јосип Јурај Штросмаер (Загреб, 1861), нивната трагична смрт и „неколку контроверзни мислења" околу неа, итн., често авторот е и принуден да го повторува познатото, да интерпретира мислења на други иследувачи, но сето тоа за да неговиот истражувачки контекст биде што поцелосен а со тоа и неговите аргументи неоспорно многу поуверливи. Ова работно начело е по суштина дијалектичко: се претпочита, имено, тоталитетот на една книжевна појава, но кон тој сеопфат патот непремено води преку откривање на поединечното, кое понекогаш само на прв поглед остава впечаток на деталь со периферно значење за науката. На пример: за да ја дообјасни историската вистина за запишувањето на народни песни со грчка азбука од страна на Д. Миладинов (од што, подоцна, во Загреб, кај К. Миладинов се јави проблемот за транскрибирањето на кирилска азбука!), Г. Тодоровски ќе ја посочи и собирачката дејност на Јанаки Стрезов, другарот на Д. Миладинов. Или: коментирајќи ги *контроверзните мислења* за смртта на браќата Миладиновци во цариградскиот затвор, тој при крајот од својот мошне документиран оглед, што е еден вид антрополошко-етичка и книжевноисториска расправа, забележува: „неколку моменти нѐ присилуваат да претпоставиме дека Константин бил Унијат".[10] Ова и наспроти фактот што како студент во Русија Константин јавно се изјаснува против унијаќењето, Унијатското движење, Унијата! Г. Тодоровски и овојпат дијалектички размислува и изведува логични претпоставки. Аргументацијата што ја посочува (Писмото на свештеникот Фаверијал до Конгрегацијата на лазаристите во Париз, Писмото на Штросмаер до министерот за надворешни работи на Австрија — Рехберг) зборува во прилог на претпоставката, иако со неа овој проблем научно не е решен.

Сакаме да речеме колку е неопходно трудовите на Г. Тодоровски да се проследуваат *ред по ред* и со *водење белешки*, како што нѐ учеше Богдан Поповиќ! Во нив, истовремено и паралелно, се елаборираат по неколку основни теми што се егзистенцијални за нашата книжевна историја; велиме — *основни*, иако темата за унијатството на Константин Миладинов може во овој контекст да ни се пристори и како *споредна*, рефлекс на смртта на Струшките браќа, но и израз на оној стремеж на критичката историографија на Г. Тодоровски да се разгатнат сите појави што се во непосредна или посредна за-

[10] Исто, стр. 40.

висност со централната тема, бидејќи таа историографска задлабоченост во книжевното минато не е сува и статична, ами динамична и критичка. Тој критички однос спрема предметот на иследувањето, како и спрема досегашните иследувања (се-едно какви авторитети стојат зад нив) — е едно суштествено обележје на книжевноисториската методологија на Г. Тодоровски. Поттикната од ерудиција таа се налага со свеста за целокупноста на книжевниот процес, за чие дообјаснување најчесто ткн. помошни науки (социологијата, антропологијата, психологија, националната историја) се една подразбирлива неопходност.

Честа е кај Г. Тодоровски и категоричноста на исказот, што е израз на уверливоста на презентираниот *доказен материјал*. Но, категоричноста на исказот не треба да се сфати како арогантна аподиктичност, зад која обично не останува никаков, ни најмал простор за утрешната, евентуална, корекција. Во таа смисла Г. Тодоровски несомнено ќе се согласи со становиштето дека критиката, па и вид на неговата историска критика, „не може да претендира да го пронајде *дното* на делото", меѓу другото и со оглед на фактот што „секоја метафора е знак без дно„[11] но таа постојано ќе се движи кон тоа *дно* и при тоа ќе го осветлува од сите за неговиот метод функционални аспекти. Би можеле да речеме дека критичкиот текст на Г. Тодоровски, со незначителни исклучоци, е вид книжевноисториски тест: категоричкиот императив на тој текст се препознава во неговата смисла како вид подготовка за книжевната историја! Таа подготовка овде се остварува на два плана: првиот е по суштина *рекапитуларен*, другиот — *откровенски*. Надополнувајќи се, тие творат единство на методот. Без нив, двата, книжевноисториската егзегеза е незамислива; заклучокот нејзин исто така, зашто синтезата е круна на тој дијалектички истражувачки процес, круна на воспоставената интеракција, со стремеж кон напред, меѓу тезата и антитезата. Еден пример за ова е текстот *Да раздајам нашиот јазик на татковјната моја...*, со скромен поднаслов *Неколку белешки за К. Миладинов*, каде што и лирски топло, дури и трогателно му се оддолжува на тој „маченик презаситен со лишенија, тегобни чувства, страдања и тешкотии, живот испошаран со темни сиви намуртени бои, живот без зрачок светлина, без грст топлина",[12] како патем потсетувајќи нè на неговото студено московско секојдневие и дружењето со Рајко Жинзифов,

[11] Ролан Барт: „Књижевност, митологија, семиологија", Нолит, Београд, 1971, стр. 242.

[12] Гане Тодоровски: „Маѓепсан мегдан", стр. 41—42.

и како патем оцртувајќи го неговиот лик: „Висок, мршав, бледен, со големи црни очи и со тажен израз на лицето...", односно: „Болежлив и нежен, чувствителен и меланхоличен, со поетски искри во срцето...",[13] за натаму да продолжи за поезијата на К. Миладинов во која се „осеќа јасно влијанието на народната песна која што тој детално ја проучувал" (тезата), наведувајќи ги некои неприфатливи толкувања „дека враќањето кон изворите на колективното творештво, кон мотиви и изразни средства на анонимните певци, јасно говори за ограничените возможности на Константина како поет" (антитеза) и, најпосле, утврдувајќи: „Токму, напротив, тоа стриктно држење на Константина кон народната поезија во тоа време на потполно отсуство од повисока писмена традиција на неговиот роден говор ни зборува многу убедливо дека тој умеел да го пронајде вистинскиот пат во создавањето основите на една национална литература" (синтеза).[14]

Главно консеквентното почитување на таа научнички инаку подразбирливата тријада (теза — антитеза — синтеза), иако таа не е секаде остварена во духот на својот класичен (и логичен) редослед, е забележливо и во еден од неговите најрани трудови *Димитрија Миладинов во очите на атинскиот ловроносец* (1951), во кој документирано и надахнато одговори на прашањето: „Како Прличев гледаше на Димитрија Миладинов", а исто така и во огледите за Рајко Жинзифов, тој „поет на македонските неволи", потоа за Григор Прличев, Крсте П. Мисирков, Димо Хаџи Димов, Никола Ј. Вапцаров, Кочо Рацин и др. Паѓа во очи дека тоа се писатели и општественици кои што и инаку, повеќе или помалку, се постојана книжевноисториска преокупација на Г. Тодоровски; некои од нив (Жинзифов, Вапцаров) тој ќе ги претстави и со посебни критички (научно) осмислени избори од нивното творештво, со свои предговорни и поговорни појаснувања на сè она што најтесно е сврзано со нивната животна и творечка судбина, појаснувајќи го и времето во кое таа се остваруваше со многу трагични вистини на својот пат. При тоа принципот на консултација е нешто што се подразбира (што го подразбира научниот метод на Г. Тодоровски): според него, една книжевноисториска теза може најуверливо да се претстави само до колку не се пренебрегне спротивната страна, покрај чии вистини (или „вистини") науката не може да поминува молчешкум, најчесто како и да не постојат! Оттаму впечатокот дека доказите на Г. Тодоровски се толку уверливи, т.е. неприкосновени.

[13] Исто, стр. 43, 45.
[14] Исто, стр. 46.

Со други зборови, во методот на Г. Тодоровски непрестајно содејствуваат *истражувачкото* и *критичкото* како функционални чинители на еден и ист научен чин. Можеби за ова е посебно интересен прилогот *За конфликтот меѓу Прличев и охридскиот митрополит Натанаил:* тргнувајќи од Автобиографијата и новопронајденото Писмо на Прличев до Натанаила од 26 октомври 1875 година, а тоа им било адресирано и „до група видни охридски граѓани (Н. Локин, К. Разме, Ч. Сапунџија, К. Групче, Г. Бојаџи, З. Беле, Ј. Секуле, К. Сион и Ј. Дафин), членови на Охридската општина",[15] Г. Тодоровски утврдува кои се можни причини за конфликтот меѓу „двете горостасни фигури на духовниот, политичкиот, културниот и литературниот живот од македонскиот XIX век".[16] И документот и анализата на документот се толку уверливи што, навистина, понуденият заклучок како да безрезервно самиот се наметнува: „Зашто, конфликтот помеѓу Прличев и Натанаил е мошне значаен податок за едно гибелно разијдување на најистакнатите наши луѓе од осумдесеттите години на XIX век, чин последици не се ни ефемерни, ни малуважни, туку важни заради тоа што ни откриваат период на криза на духовите, во која бездруго, како би рекол фигуративно Вапцаров, „и туѓи прсти беа вмешани". Посебна степен на љубопитство може да претставува овој судир и како потсетување дека личниот меѓусебен конфликт што прераснува од мала навреда до постојана нетрпеливост, од мигновено недоразбирање до затемелена омраза, доведува до состојби што таложат во себе поразни последици. Кај помалите народи и тоа во време на жестоки и пресудни битки за етничко опстојување и за консолидација на движечките идеи и на расположливите интелектуални сили, кога се вложуваат сесрдни усилби за трасирање на неизменлива насока кон единствена и заедничка цел — народната благосостојба — најмалку е пожелно неединството, разијдувањето, конфликтите помеѓу себеси".[17] Чии се тие „туѓи прсти" — не е тешко да се заклучи од соопштението на Г. Тодоровски, иако *не е неважно,* како што и самиот забележува, што ќе се сретнат и *поинакви гледања на овој конфликт.* Тој и ги посочува некои од нив, на тој начин оставајќи им простор и на утрешните иследувачи од свои аспекти и со свои средства да се изјаснат за настанатиот проблем од поновата македонска културна историја.

Сличен пример на истражувачката компетенција, а, наедно, и критика на истражуваниот предмет, наоѓаме во двата текста за К. П. Мисирков, посебно во вториот текст под наслов

[15] Исто, стр. 89.
[16] Исто, стр. 84.
[17] Исто, стр. 92—93.

Поглавје на Ламански. Меѓу другото тука се истражени изворите на еволуционистичко-реформистичките идеи на Мисирков, на неговото залагање за културно-просветна акција (со девизата „со просвета кон слобода") и со оспорување на вооружената борба како „незрел потфат по принцип", па оттаму „оние бројни идејни конфузии и противречности што можеле да проникнат кај него како влијание на словенофилската идеологија".[18] Мисирков бил под влијание и на идеите на Стојан Новаковиќ, Јан Бодуен де Куртене, Петар Данилович Драганов, Карл Хрон и др., но посебно е тука значаен идејниот влог во неговото духовно формирање од Владимир Иванович Ламански, професор на универзитетот во Петроград и уредник на списанијата „Известија на санкпетербуршкото словенско благотворително општество" и „Живаја старина", автор на низа научни и публицистички трудови за јужните Словени.[19] За да ја дообјасни природата на ова пресудно влијание, Г. Тодоровски тргнува оддалеку, од тоа кој е и какви се идеите на самиот Ламански, запознавајќи нè дека „е застапник (во повеќе свои публицистички дела) на конзервативни словенофилски сфаќања (види ја неговата докторска дисертација „Об историческом изучении греко-славјанскаго мира в Европе", 1870) и дека на планот на неговите интересирања за Македонија и одделните занимања со македонска проблематика мошне занимливи се неговите врски и односи со Стефан Верковиќ, Петар Данилович Драганов и бездруго највеќе со Крсте Петков Мисирков". Како поткрепа на тезава ни се предлага и следниов приказ на самата славенофилска идеологија: „Словенофилите во Русија од крајот на четириесеттите години на минатиот век па наваму сè до Мисирковиот престој во оваа земја, се залагаат за промени во постоечкиот општествен и политички поредок, се залагаат главно за спроведување *реформи,* истакнувајќи ја при тоа својата теорија за посебниот, оригинален (т.е. „самобитен") *еволутивен* пат во историскиот развиток на Русија. Тие ја негираат класната борба, го величаат православјето, уверени се монархисти, врли противници на либералнобуржоаската идеологија, со знатни заслуги за развојот на историската наука, во собирањето и проучувањето на народната поезија, музика, итн."[20] По овој синтетичен, историски и теориски прифатлив приказ на основните филозофски меѓници на славенофилската идеологија, којашто кон прашањето на словенските народи и нивните меѓусебни односи *најчесто* се поставува „на сличен начин како и реакциоерниот пан-

[18] Исто, стр. 114.
[19] Исто, стр. 112.
[20] Исто, стр. 112, 113—114.

славизам на владејачките кругови на царска Русија", духовниот лик на Мисирков ни станува неспоредливо појасен, а со тоа и посфатливи неговите еволуционистичко-реформистички идеи во однос на Македонија, нејзиниот национален, политички и културен статус во рамките на Отоманската империја.

Нас овој проблем нè интересира и со оглед на методот на Г. Тодоровски: тоа е еден, по суштина, дијалектички, аналитичко-синтетички метод на научно квалификувана, објективна расправа, во која двете димензии — истражувачката и критичката — се безпоговорно строго меѓузависни, комплементарни (во иста онаа смисла во која се комплементарни и двете дисциплини — книжевната историја и книжевната критика). Велиме *објективна*, но не и сувопарно-објективистичка е таа расправа, во принцип секогаш остварена со еден приповдигнат тон, речиси реторички нијансиран, одухотворен и со една поетска растревоженост пред силите на инерцијата во духовниот развиток на неговиот народ! Преку таа *субјективност* како неотуѓиво присуство во неговата реченица се остварува рафинираноста на изразот, се доловува онаа топлина во глетката (во релјефот на понудената претстава за некој лик или појава), се сугерира една димензија на човечката возбуда, на хуманистичката загриженост од аспект на верен толкувач на татковинските *копнежи* и *теглила*, но и од аспект на еден широк историски третман на настаните и на луѓето во нив.

Таков е и огледот *Никола Вапцаров* (1909—1942); такви се и двата огледа за Димо Хаџи Димов. Личноста и делото на Вапцаров (со тоа и на Антон Попов и Македонскиот литературен кружок во Софија) се од кругот на централните книжевноисториски преокупации на Г. Тодоровски. Во личноста и делото на Вапцаров се прекршува нешто *судбинско македонско*, а тоа е една тема пред која интелектуално љубопитниот дух на Тодоровски и инаку најмногу отстојува со обиди да проникне во нејзините историски, национални и социјални феномени, со свои погледи за единствено можното нивно толкување. Според Г. Тодоровски, Вапцаров „како поет спаѓа во редот на оние творци што си ја стекнуваат славата посмртно". Има многу докази за точноста на ова становиште како од животот така и од делото на Вапцаров. Македонец, но и пролетерски поет, тој е една исклучителна личност со трајно дело во македонската книжевна историја. Студијата на Димитар Митрев од 1952 (1954) година тоа го потврдува, а и многу други огледи и есеи на наши книжевни историчари. „Вапцаров значи една од најуверливите творечки потенцијали на македонскиот народ", пишува Г. Тодоровски. „Вапцаровото македонство е мошне чиста и изјаснета определба, бидејќи е вткаено во основната содржинска означеност на неговата по-

езија, бидејќи е чист изблик на неговата емоционално-интелектуална структура".[21] Вапцаров е Македонец, но и комунист. Комунистичката идеја многу рано ќе стане „јавен амблем на (неговата) животна смисла".[22] Тој и животот ќе го жртвува за неа: „На 23 јули 1924 година, во 11 часот, во присуство на најблиските, изречена им е пресудата. Истата вечер, во 21 часот и 10 минути, заедно со петминатa свои другари е стрелан".[23] Како што се гледа, овде се наведени два текста за Вапцаров, од кои првиот е пред сè еден вид пролегомена за пошироки критички опсервирања; вториот текст, пак, е книжевноисториска кратка студија, со тенденција кон едно портретско заокружување на свои истражувачки резултати. При тоа Г. Тодоровски се повикува и на сето досегашно критичко наследство за Вапцаровиот „тежок и трновит пат до ѕвездите",[24] кон она негово поетско претставување „на четириесет и пет јазици на светот", кон она, најпосле, значајно укажување на големиот поет Салвадоре Квазимодо: „Народите, кои имаат личности како Вапцаров, растат во очите на светот".[25] Секако е точно дека тие *растат* и со својот животен подвиг, всушност — со она сплотување на животниот подвиг и творечкиот чин: стрелан во една софиска касарна од цар-борисовската фашистичка фаланга, Вапцаров умира како Македонец и комунист, а тоа македонското и комунистичкото (пролетерското) се две неразделни содржини на неговата интелектуална, наедно патриотска и интернационалистичка свест. И неговите *Моторни песни* и неговата предводничка улога околу формирањето и делувањето на напредниот и национално самосвесниот Македонски литературен кружок (1938—1941) тоа мошне впечатливо го докажува: „Вапцаров како комунист и како Македонец се ангажира активно околу формирањето на Македонскиот литературен кружок во Софија. Тој е негов иницијатор и водач".[26] И критичките оценки за поезијата на Вапцаров заслужуваат внимание; сублимно, со неколку реченици откриена е и мотивската и стилско-изразната парадигма: „Почнува да пее на национални и социјални мотиви, апострофирајќи при тоа јасно и недвосмислено став на категоричка ангажираност и присутност во времето. Изразот му станува постепено самобитен и оригинален, оти ја поврзува ботевско-јаворовска-

[21] Исто, стр. 156.
[22] Исто, стр. 157.
[23] Гане Тодоровски: „Животот и делото на Никола Јонков Вапцаров (1909—1942)", предговор во изборот „Творби" на Н. Ј. Вапцаров, Мисла, Скопје, 1979, стр. 21.
[24] Исто, стр. 16.
[25] Исто, стр. 25.
[26] Гане Тодоровски: „Маѓепсан мегдан", стр. 159.

та традиција со императивите на времето. Го воведува делничниот, разговорниот јазик во стихот, не ѝ робува на формата во артифициелна смисла, создава поезија на најнепосредна комуникативност осудувајќи го неправедното општество, пеејќи за трагиката на расчерекчениот Македонец, за животот „без маска и без грим", за луѓето од фабриките, за шпанските антифашисти што го бранат Мадрид. — Поезијата на Ванцаров се јавува како функционална надополна на неговиот честит и храбар животен пат. Ванцаров ѝ ја врати довербата во поезијата".[27]

Нема сомнение: критичките текстови на Г. Тодоровски се вид подготовка за книжевната историја; книжевноисториските негови трудови, меѓутоа, значат дел или делови на таа историја, со свест за нејзините развојни процеси и за оние вредности без кои македонската книжевна историја е, едноставно, незамислива. Илустрации за ова се и огледите *Македонската литература меѓу двете војни, Белешки кон поетиката на Рациновиќе „Бели мугри"* и, меѓу другите прилози од второто поглавје на книгава *Маѓепсан мегдан,* еден „обид" за проследување на фолклорната инспирација во поезијата на претставниците од таканаречената средна генерација современи македонски писатели — *Посегање кон митот.* Првиот прилог е ретроспективна снимка на литературните состојби во еден пресуден период за конституирањето на современата македонска книжевност, со појава на повеќе творечки личности од кои и започнува континуираниот развиток на македонската поетска, драмска, прозна и критичка реч (Рацин, Иљоски, Крле, Панов, Абациев, Ванцаров, К. Неделковски, Митрев и др.). Смирено, објективно, тргнувајќи пред сè од критериумот на литерарната вредност, Г. Тодоровски и овојпат како да намерно не го проширува (вештачки растегнува!) списокот на имиња и творби од овој период, иако се знае дека тој е многу подолг од претставениот кај него а што во нашата книжевна историја е докажано многу пати за последниве две и повеќе децении.[28] Но, како и во порано коментираните текстови, така и сега а особено во следните два прилога Г. Тодоровски за темите што ги разгледува често размислува и како теоретичар на литературата, со што прашањето на неговата вокација се поставува во една битно нова светлина, а со тоа и неговиот научен лик. Имено, како да е начисто со

[27] Исто, стр. 161.

[28] Види ги, на пример, книгите „Македонскиот стих 1900—1944", I—II (1980) и „Појави и профили" I—II (1982) на д-р Блаже Ристовски; „Македонската литература од Мисирков до Рацин" (1975) и „За македонската книжевна критика" (1980) на М. Друговац и др.

фактот дека „критиката не е само подготовка за историјата на книжевноста туку и подготовка и коректив на книжевната естетика",[29] Г. Тодоровски е често склон и по афинитет и по предизвикот на разгледуваната книжевна материја да се впушти во суптилни теориски проблематизирања од значење и за книжевноста и за книжевната критика. Сигурно е дека неговото сфаќање на критиката тендира кон еден вид практична хуманистичка аксиологија, чии идејни и филозофски темели се препознатливо дијалектичко-материјалистички. Националниот и етичкиот обѕир на тие темели им придодаваат една суверености на идентитетот, суверености во чие огледало и делото и критиката се премерувааат според еден автентично национален критериум на вредноста. Треба да се сфати, сепак, дека тој критериум не се шематизира и канонизира како единствено применлив во хиерархизирањето на книжевните вредности и во издвојувањето на најсуштественото во книжевните појави. Тоа се гледа и од теориското (поетичкото) тематизирање на Рациновиот стих, во кое, како прво, е одбегнато едно евидентно кај некои наши проследувачи на Рациновата поезија типично глорификаторско восхитување од неа а што „можеше да имплицира на овој план и многукатни обратни ефекти".[30] Г. Тодоровски утврдува: „Рацин се враќа кон традицијата категорички, творечки решително, иако тој гест носи во себе многушто конзервативно, анахронично по суштина, ограничувачко по можности за творечко разгрнување. Стихот на народната песна дури во македонскиот деветнаесетти век е постојано надминуван, иако нему му се навраќаат речиси сите поети. Од Џинот, преку Константин Петковиќ, Пејчиновиќ, Прличев, Спространов, Китанчев, Цепенков и други, дилемите продолжуваат пред отворената алтернатива: од каде да се појде. Но, тоа бездруго е само поаѓање и *‚Бели мугри'* се само првата попатна станица во Рациновиот творечки растеж, насилно прекинат. Зашто поетиката на народната песна беше претесна рамка на Рациновиот раст".[31] Мудроста на ова искажување е во теориската и книжевноисториската вистина; таа се потпира врз сознанието за целокупниот југословенски и европски книжевен процес, не запоставувајќи ја националната содржина на тој процес, но, истовремено, не хипостазирајќи ја неа до мерка на единствена норма.

---

[29] Драган М. Јеремиќ: „Критичар и естетски идеал", Графички завод, Титоград, 1965. — Уместо предговора или позитивна и негативна критика, стр. 10.

[30] Гане Тодоровски: „Маѓепсан мегдан", стр. 174.

[31] Исто, стр. 178.

3.

Ова разгрнување на националниот критериум веќе парадигматично е олицетворен во критички инспиративниот оглед *Посегање кон митот*. Г. Тодоровски смета дека писателите Јован Котески, Александар Христовски, Петре Андреевски, Петар Бошковски, Радован Павловски и Трајан Петровски, кои што „во нашата литература влегуваат некаде помеѓу 1955—60 година" со свои текстови се *најподатливи* „за едно поосмислено проследување и разгатнување на појавата на посегање кон митот, на појавата на плодотворно ракување или допир со народниот обичај, предание, легенда и воопшто усна литературна традиција..."[32] При тоа Г. Тодоровски приспомнува дека „фолклорниот фон и народната песна (расказ, обичај, предание) не се чувствуваат непосредно кај претставниците од споменатава генерација македонски поети, така како што тоа беше случај со претставниците на поранешните генерации" (К. Миладинов, К. Рацин, С. Јаневски, Б. Конески и др.). Исто така треба да се знае дека користењето на фолклорот „низ една потворечка постапка не е ниту измислица, ниту заеднички акција или програмски определена тенденција или хипотека" на споменативе поети од ткн. средна или трета повоена генерација, но тие поети сепак донесоа извесна посебност и во смисла на една „амбициозна обнова и критичка корекција на дотогашните доминантни поетики". Тој смета дека *посебноста* за која станува збор „најопределено ја објаснуваат факторите: средина, време и личност", и таа „тријада на разгатнувањето е суштина" во неговото приоѓање кон поезијата на шестминатa автори.[33]

Методот „на разгатнувањето" на Г. Тодоровски како по правило бара сеопфатна елаборација, бара увид во историските закономерности и културата на изразот. Во основа неопозитивистички, тој метод, нималку парадоксално, е национално релевантен и научно актуелен и модерен, марксистички, бидејќи меѓу другото трага по интегралните компоненти на едно дело или појава, во случајов на *прелевањето* на лексичките и метричките искуства од народната во индивидуалната уметничка поезија. Во приказот на оваа појава се тргнува од едно дијалектички и поетички целосообразно сознание за неа во поетскиот ракопис на К. Миладинов, М. Цепенков и В. Чернодрински, кај кои е забележлива „директната реч, упростената синтакса, стереотипните споредби, типични слики, најпознатите мотиви". Кај овие поети (кај К. Миладинов

[32] Исто, стр. 180.
[33] Исто, стр. 181.

само во песните кои најдиректно се надоврзуваат на народната поезија) „позајмената идеја не се доразвива: индивидуалниот творец, преокупиран пред сè од воведувањето на народната реч во поезијата, повеќе му е неинвентивен епигон на анонимниот народен творец, кој настојува да се легитимира како прифаќач на језичнометричките и други формални својства на народната песна".[34] Овој манир ќе биде надминат дури во периодот по Револуцијата кога „ќе дојде до проширено и поинвентивно надградување врз народната песна". (Интересно е дека дури ни К. Рацин во ова проследување за творечко надградување на народната песна не се издвојува од контекстот на претходниците, но затоа веројатно би требало да се има предвид текстот на Г. Тодоровски во кој се произнесува за поетиката на основоположникот на современата македонска литература!).

Како е извршено тоа „поинвентивно надградување врз народната песна" во поезијата на наведениве современи наши поети?

Г. Тодоровски е на мислење дека „тој процес е посложен и го следиме низ продорите во посуптилната мотивика, во обновата на народната митологија, во магичните тајни на обичајот и народното суеверје, во елиптичниот израз на бајалките, гатанките и пословиците, во слободниот полет на вообразбата од фантастичната народна приказна, во лапидарната реч на народниот раскажувач". Во постапката на тоа суптилно и пред сè творечки функционално надградување „се отфрла конвенционалниот орнамент на народната песна, се избегнува архаичната нејзина стилистика. И се приоѓа од нејзината катарктичка функција (или моќ), се чепка по нејзината фантастика и симболика, во форми и идеи кои творечки се извршуваат во поразвиени целости. Изворниот блескот на народната реч, нејзината синтактичка разгрнатост, експресивната моќ и прегнантност, дури и нејзината недореченост, сето тоа се презема како повод, како благородно влијание, кое наедно со најмодерните угледувања на неосимболистичката, имажинистичката и надреалистичката поетика доведуваат до творечки синтези од завидно ниво".[35] И, сè е тука: ерудицијата и свеста за специфичностите во развојот на македонската поезија, способноста за уочување на најкарактеристичните белези од феноменолошката релација народна — индивидуална поезија, точното фиксирање на модернитетот со негово полно име и презиме врз опсервациите од претходно детално проучениот поетски материјал, а во продолжение на текстот и една пре-

[34] Исто, стр. 182—183.
[35] Исто, стр. 185.

цизна критичка дијагноза на вредностите во однос на темата (митот) што овдека се разгледува — на пример, за песната *Слобода* на Јован Котески, поемата *Смртта на бабарот* на Петре М. Андреевски и др. Заклучокот е дека Г. Тодоровски е и критичар со вродена дарба, но и ерудит којшто докажано е *свој на своето* во книжевната историја и теориските систематизации. Како стрплив кујунџија тој со години и децении го создавал своето критичко и книжевноисториско дело, во кое се препознаваат епохите а во нив секоја и макар малку значајна личност има свое место според творечкиот дострел и способностите делото да зрачи од рамката и преку рамката на животното им секојдневие! Толку книжевни процеси и метаморфози, толку творечки судбини со нивни трагични лунѕања од немило до недраго а со светлосни визии во онаа основна своја духовна глетка, онаа што потекнува од народните низини и со крилеста имагинација преку една хуманистичка енергија на творечко и научно вистинољубие ја докоснува иднината — сето тоа, а впрочем и не само тоа (како што ќе се види подоцна) може да биде дел од една научнички самобитна патека само кај исклучителните истражувачки творечки умови, ретки и во поразвиените литератури од нашава!

Колку тој истражувачки ум суверено се движи и низ области кои де факто се специјалистички, ни покажуваат огледите за македонскиот фолклор: *Македонската народна песна и Илинден, За македонскиот детски фолклор, Петар Данилович Драганов и неговиот интерес за македонскиот фолклор* и др. Тргнувајќи од своето светосознание, Г. Тодоровски има свој став и спрема народосознанието, според тоа и спрема македонската народна песна како иманентна составка на тоа сознание. Тој ги класифицира народните песни за Илинден според мотиви, имиња и вредности, за при сето тоа да биде и објективен информатор и критичар со усет за уметничкиот коефициент во нив, за ефемерното и трајното во речта на народниот пејач. Со овој, како и со студиозниот оглед за „основоположникот на руската македонистика", Петар Данилович Драганов,[36] Г Тодоровски како да сака уште еднаш да ни докаже со свој научнички опит, дека книжевната историја е незамислива без книжевната фактографија, а што сепак тој не запаѓа во сув, екскатедарски историцизам, се должи пред сè на способноста фактографскиот материјал да биде инвентивно (есеистички) творечки надграден, при што духот на персоналноста на истражувачот, неговиот нерв, се чувствува насекаде во текстот. Тој пулсира во секоја реченица и податокот е тука да ја поткрепи вистината, да ја осмисли книжевноисториската

[36] Исто, стр. 212.

оценка. Со текстот, пак, за македонскиот детски фолклор повторно, иако сега на друг план, се актуелизира прашањето за подготвеноста, за компетенциите на Г. Тодоровски како теоретичар на книжевноста (на фолклорот). Извесно е дека и во оваа област тој има што да каже, и знае тоа да го каже со свој јазик, свои теориски разбирања, свој стил на толкување . . .

Упатеноста во специфичните одлики на детскиот фолклор, разјаснетиот став во однос на неопходноста ова фолклорно подрачје научно да се проучува како одделна, книжевно и воспитно мошне значајна целина, критичката позиција што ја има спрема фолклористичката и книжевноисториската наука воопшто и, посебно спрема македонската, сето тоа ни говори од каков научен профил е овој пионерски, поттикнувачки и предизвикувачки труд на Г. Тодоровски, чија најнепосредна цел е да ја заинтересира науката за детскиот фолклор што „егзистира во мошне суптилни видови и се протега врз мошне компликувани жанрови, недоволно разработени како феноменолошки појави".[37] Тоа се *мали* (Цветан Минков) или *пократкu* (Гане Тодоровски) фолклорни жанрови — приспивалки, залагалки, брзозборки, формулетки, бројаници, подбивки итн., кои што *системно се непроучени* како од фолклористиката така и од блиските на неа научни дисциплини: лингвистиката, литературноисториската наука, психологијата, педагогијата и сл.[38] Имајќи увид во историската и теориската страна на истражуваниот проблем, што ќе рече: собраното од браќата Миладиновци, Шапкарев, Цепенков и други собирачи на македонски народни умотворби, како и теориските коментари (понекогаш одвај и обиди да се специфицира феноменот на детскиот фолклор) на Иван Д. Шишманов, Цветана Романска, Цветан Минков, Георгиј Виноградов, Миливоје Кнежевиќ, Кирил Пенушлиски, Томе Саздов и др., Г. Тодоровски и можеше сосема компетентно да утврди она што е научна вистина за овој дел од фолклористиката: „ . . . детскиот фолклор очигледно треба да се третира и како една неделива компонента на детската литература воопшто, т.е. една претходна етапа на индивидуалната литература за деца, етапа која е присутна во сите општествени формации и која во одредени средини (цивилизации) одиграла во преломни периоди забележителна улога". За илустрација на горната констатација Г. Тодоровски ги наведува имињата на Пјер Перо, браќата Грим, Ханс Христијан Андерсен, Луис Керол, Едвард Лир, Пушкин, Божена Немцова, а од македонците во XIX век — Јордан Џинот, Константин Миладинов и Григор Прличев (кои што „директно и индирект-

[37] Исто, стр. 198.
[38] Исто, стр. 199.

но укажуваат на потребата од одгледување на детскиот фолклор"[39]). Како ургентни прашања на кои науката треба да одговори, според Г. Тодоровски, се *систематизацијата* и *класификацијата* на детскиот фолклор.

Како ретко кој наш критичар и книжевен историчар Г. Тодоровски со многу разбирање ќе се впушти во потрага по генезата на македонската литература за деца, по нејзините први поетски никулци во XIX век. По негова заслуга ќе биде откриен Григор Прличев во една нова книжевна светлина, овојпат и како поет за деца: тоа е еден „циклус песни за деца, стихови за кои во досегашната литература за Прличев беше мошне малку спомнато,[40] кои бездруго фрлаат нов сноп светлина врз Прличевата вонредно комплексна творечка натура".[41] По однос на ова за нас научно е значаен, секако, самиот Прличев како детски поет, автор на *Сердарот* којшто „скоро две третини од својот живот посвети на учителскиот позив и во својата публицистичка активa евидентира написи од педагошки карактер,[42] токму во периодот на своето дефинитивно напуштање на грчкиот јазик, токму во кулминациониот врв на својата поразно болна и тешка преориентација кон ‚звучниот славјанизам'[43], се зафати да ги илустрира низ стих своите погледи за воспитанието, своите морално-етички сфаќања". Г. Тодоровски смета дека овој обид на Прличев „да пишува детски песни е занимлив од повеќе аспекти": тука е пред сè фактот на интеракцијата меѓу „дарбата на творец и животната професија на учител", меѓутоа ништо помалку е од значење и тоа што Прличев „бил татко на пет деца". Од историјата на литературата за деца ни е познато дека сите овие фактори

---

[39] Исто, стр. 202.

[40] Кирил Г. Пърличев: Към характеристиката на Григор С. Пърличев, (По спомени, сведения и документи), Македонски преглед, год. IV, кн. 2, стр. 98—140, София 1928. — Цит. од Г. Тодоровски.

[41] Гане Тодоровски: „Трактати за сонцељубивите", Култура, Скопје, 1974. — Прличев како детски поет, стр. 27.

[42] Гане Тодоровски: „Пак Кирил Прличев, во спомнатата статија, дава преглед на една ракописна книшка од заоставштината на поетот, која ја третира како „следа от обществено-възпитателната деиност на Григора Пърличев" и за која претпоставува дека е преводна работа од елински или француски јазик. Се однесува за составот: „Должностите на човека како особа". Тој цитира целосно во својот прилог повеќе поглавја од овој ракопис, поврзувајќи ги со неговите детски песни." — Нав. дело, стр. 28.

[43] Г. Тодоровски напоменува дека терминот „звучен славјанизам" Прличев „првпат го употребува... во својата статија — есеј ‚Мечта на еден старец', напишана во Охрид на 27 март 1883 а публикувана во весникот „Балкан", г. I, бр. 15, од 28. IV. 1883 г.". Итн. — Исто, стр. 28. Сето ова го наведуваме за да се уочи онаа, би можело да се рече, *заситеност* на научната апаратура со која располага и низ која толку суверено се движи нашиот книжевен историчар.

беа и се, главно, решавачки во настојувањата на одделни писатели да пишуваат за деца (Јован Јовановиќ Змај, Отон Жупанчич, Ванчо Николески, Бранко Ќопиќ и толку други, и не само во нашите литератури!), независно од тоа дали се привржаници „на Сократовите етички принципи",[44] како Прличев, или нивното дело упатува на други етички системи и кодекси што функционално се содејствувачки со сензибилитетот, со интелегибилниот свет на детето од оваа наша, техничка, астронаутска, атомска цивилизација! Сигурно е прифатливо становиштето на Г. Тодоровски дека, покрај реченото, „не бидува да се пренебрегне претпоставката дека во годините на неговиот (Прличевиот — М. Д.) старт во новиот јазичен амбиент, мајсторот на возобновениот хомеровски верс помислил да ги провери своите версификаторски умеења низ најнепосредниот, наједноставниот, најшколскиот вид на пеење: детската песна!" Тоа се 12 песни од ракописот под наслов *Воспитание* („малка книжка под имя въспитание или 12 нравственни песни" — според *Објавлението* на самиот Г. Прличев, објавено во цариградскиот бугарски весник „Право", год. VII, бр. 31, стр. 4, од 16 октомври 1872 г.[45]). Г. Тодоровски утврдува дека збирката е настаната 1872 г. и дава прегледни појаснувања и на нејзиниот историјат и на јазикот на песниве, а исто така се осврнува на „сокрушителната критика на Нешо Бончев" како и на „подбивите на Ботев" — во однос на Прличевиот превод на *Илијада*, но најнепосредно и во врска со неговите детски песни.[46] Се има впечаток дека и оваа студија на Г. Тодоровски, а всушност хабилитационен труд од големо значење за нашата книжевна историја и, посебно, за историјата на македонската литература за деца, недвосмислено уште еднаш нè уверува дека во неговиот научен лик имаме едно среќно двојство, една среќна творечка средба на книжевен историчар и критичар по вокација, и дека тие делуваат паралелно и истовремено кога е тоа потребно — како и во случајот! Зашто, Г. Тодоровски и овојпат не се задоволува само со истражениот фактографски корпус од Прличевите *12 нравствени песни;* тој, имено, не открива за да констатира еден факт, ами открива за да анализира и вреднува. Така, на пример, тој низ аналитичките операции утврдува дека во Прличевите детски песни „премногу доминира морализаторската компонента",[47] дека „извлекувајќи некаков заклучок врз основа ритмичко-метричката слика на Прличевите песни за деца, констатираме значајно богатство од метричко разнообразие и длабока смисла и респект

[44] Исто, стр. 28.
[45] Исто, стр. 31.
[46] Исто, стр. 33.
[47] Исто, стр. 34.

за музичката компонента на стихот",[48] дека „педагогот Прличев претежнува над уметникот во песните што го чинат циклусот ‚Воспитание'", дека „настојувајќи да ги осуди пороците кај луѓето, заправо во нивната возраст, кога е тоа најефикасно — во дејството, тој ја сведува својата поетска реч на гола дидактика, без соодветно покритие на изразно-стилски достоинства на стихот, без кои поезијата си останува стихуван морален трактат, ритмувана дидактика, тенденциозна педагошка фраза", заклучувајќи: „Општиот впечаток се сведува на тоа. Метафориката, изразните реквизити на неговите песни за деца, повеќе се од скромни..."[49] И не само од пиетет спрема авторот на *Сердарот* и *Скендербег*, ами од потреба да се експлицира единствено можната критичка оценка за неговите детски песни, Г. Тодоровски при крајот од својата исклучително вредна студија ќе забележи дека „нивната историска стојност е над уметничката", но, сепак, „тие не се лишени од извесна драж како четиво и за денешниот наш читател..."[50]

Покрај Х. Поленаковиќ и Б. Конески, Г. Тодоровски е најдоследен наш проучувач на македонскиот книжевен и културен XIX век. Извесно е дека искуствата на своите учители и колеги тој ги прифаќа, со тоа што на креативен начин ги обединува во својот научен метод: а) екскатедарскиот позитивистички третман на Х. Поленаковиќ и б) есеистичкиот суптилитет на Б. Конески. Онаа *заситеност* со податоци од првото искуство, првото и основното на еден акрибиски ориентиран книжевен историчар, не се доведува во прашање со второто искуство, ниту сосема се надминува, но се суптилизира, се рафинира со една есеистичка варијанта во која пулсира податокот како имаенција на методот и како чинител sine qua non на книжевноисториската наука. Па, без оглед дали е пред нас книгата *Трактати за сонцељубивите*, „книга сочинета во чест на оној мал и незнатен а сепак возбудлив и величествен дел од поворката на македонските заљубеници на правдата и вистината", книга во која „се трактува за хелиотропите и хелиофилите" и се „трага по разгатката на поимите *сонце* и *љубов*, двете познати сили или двете основни компоненти на единствената сила што ги води луѓето, човештвото, светот и природата кон напредок",[51] или е предмет на нашето интересирање монографската студија *Веда Словена*, во која исто така се *трактува* и се *разгатнува* една од многуте вистини за македонскиот преродбенски, романтичарски XIX век, ние сме соочени

[48] Исто, стр. 39.
[49] Исто, стр. 40.
[50] Исто, стр. 48.
[51] Исто (Збор до два наместо вовед), стр. 5.

со еден научен метод и една стилска парадигма за кои најточно ќе е ако се констатира високата свест за нивната персоналност, во која се содржани и визијата на нашиот книжевен времеплов и смислата на неговото акрибиско, минуциозно дешифрирање, сето тоа, пак, со еден научно сигурен и специфично негов јазик на многузборлива аргументација... Таква е и онаа негова критичка (книжевноисториска) *реконструкција на Цепенковото поглавје во нашата литература,* поглавје што ден-низ-ден, како што пишува во огледот *Марко Цепенков,* се разгрнува, се дооформува со литературни творби (Автобиографијата, песните, драмата за Спиро Црне, записките за македонските војводи итн.), со кои тој, „како најизвишена вертикала, никната од народните низини", е повеќестрано вреден за нашата културна историја.[52] Такви се и неговите биографски, историско-политички и литературно-критички согледби на личноста и делото на Трајко Китанчев, еден оглед-студија во која повторно доаѓа до најпотполн израз широката информираност и научната компетенција во деталното аналитичко остварување на еден краток но богат живот од неговото раѓање до смртта, општествено-политичката дејност на Китанчев и неговата литературна активa (песни, статии, полемики, студии на разни историски и лингвистички теми). „Примерот на Трајко Китанчев нè враќа мошне сестрано кон потребата од дијалектичка преоценка на многушто во македонското културно-политичко минато!" — забележува Г. Тодоровски. — „Скудоумието на површните политичари од вчера и денес, коњуктурниот резон на режимските историографи, недобронамерноста и тапоумието на пропагандните гласноговорници, воопшто морничавото наследство од победените општествени формации, сето тоа небаре неотфрлена каловина остана како предрасуда, заблуда и догма да ги мати претставите за Македонија во многу потенцијално јасни умови на балканската научна и политичка мисла. Сета таа тежина дури и овојпат нè предупредува на потреба од едно кратко и обврзно воведувачко разјаснување на феноменот на македонската интелигенција во минатото, чиј најброен дел се ставаше во непрестапна услуга на соседните национални идеали и култури!"[53] Вели: „воведувачко разјаснување...", а пред нас, од текстот за Китанчев, се разгранува цело едно животно стебло со многу плодови од кои треба да се ползува и македонската книжевна историја! Во таа смисла огледот на Г. Тодоровски донесува грст вистини и една цела низа критички оценки и преоценки, во вид на укажувања и антиципации, како утрешниот книжевен

[52] Исто: *Марко Цепенков,* стр. 49.
[53] Исто: *Трајко Китанчев,* стр. 87—88.

историчар треба да постапува и во приодот кон тоа *стебло* и во ползувањето на неговите *плодови*. Едно од нив нè бездруго обврзува и нас по овој несекојдневен повод, ако ништо друго барем да го консултираме во контекстот за Китанчев и книжевноисториското дело на Гане Тодоровски, зашто има теми, има личности и дела во македонската книжевна историја за кои сè уште се молчи, а се молчи или од непознавање на нивните вредности или со несигурност, некако шепнешкум, им се пристапува со оглед на ваквата или онаквата им национална изјаснетост Но, Г. Тодоровски предупредува потсетувајќи нè на неопходноста од „дијалектичка преоценка", што е еден императив sui generis на целокупната наша книжевноисториска наука, посебно и над сè кога се пред неа литературните иницијативи а не ретко и вредности од преродбенскиот период и сè таму до Рациновската епоха во предвечерието на Револуцијата. Во своите разјаснувања (преоценки) Г. Тодоровски како да ја следи дијалектичката мисла на Димитар Митрев, па и оној рефлекс на таа мисла кој, почитувајќи ги историските закономерности, расудувајќи марксистички, што значи и без националистички оптеретувања, всушност се залага за двојна припадност на одделни писатели од литературното минато — еден пример за тоа е токму Трајко Китанчев, друг пример е, да речеме, Анѓелко Крстиќ. Тој пишува:

„За Трајко Китанчев, заслужен син на Македонија, еден од сонцељубивите, бележит и честит напор да му се припоможе на сопствениот народ во рамките на сопствените способности, и тоа токму во едно мошне пресвртно време, во годините на македонското револуционерно зачекорување кон слободата, во годините на македонското дефинитивно национално конституирање (процеси, кои, штом по неколку децении напрегање завлезат во поблагопријатни општествени констелации ќе илустрираат показ и на бранувања на народните низини), за Китанчев, човек на револуционерна акција и активна научно-публицистичка и литературна дејност, кај нас, во овие 25 години слободна македонска национална разгранетост,[54] малку е пишувано, малку е зборувано, воопшто малку е сторено тој да им се доближи на младите поколенија како неизбришлив дел од нашата понова културно-политичка историја. Така е заради честите недоразбирања околу поимот што од нашето историско минато, што од нашето културно-политичко и уметничко наследство е НАШЕ, според кои критериуми треба да го присвојуваме или оттуѓуваме делото на нашите претходници, пи-

[54] Текстот *Трајко Китанчев* е објавен во „Разгледи", Скопје, бр. 9—10, 1970 г.

шувано на други јазици, настанато во други средини, оптоварено од други сфаќања? Бездруго, покрај сите познати причини на одредени кадровски, институционални и материјални можности на нашата млада наука и уметност, постојат потешкотии и од еден ткн. субјективен вид, т.е. принципиелна неодреденост на нашата научна и уметничка мисла на планот: наше, само македонско, наше — заедничко македонско-бугарско, наше — заедничко македонско-грчко и наше — заедничко македонско-српско културно-политичко и уметничко наследство?!"[55]

Во меѓувреме, секако, нешто е изменето во однос на „одредени кадровски, институционални и материјални можности", но онаа „принципиелна неодреденост" (или неснаоѓање, или непознавање, дури и извесен културен опортунизам!) спрема литературното минато, спрема едно наследство кое не може туку-така да се премолчува или, едноставно, од непознавање или други причини да се отпишува од македонската книжевна историја! Една од вредностите на овој текст на Г. Тодоровски е и во тоа што нè упатува на личноста и делото на Т. Китанчев и што дијалектички размислува за неговото место во македонската книжевност. И баладата *Дедо Неделко,* и поемата *Марко Крале си ја губи силата,* а и некои други стихотворби на Китанчев, впрочем како и научната лингвистичка статија *За акцентот во зборовите во ресенскиот говор од западно-македонското наречје,* најодзади и статијата *Сервантес и неговиот Дон Кихот* и други трудови, нè обврзуваат да им се оддолжиме со научна книжевноисториска и критичка сериозност, како и на НАШЕ книжевно и научно-публицистичко наследство.

Воопшто, македонскиот романтизам, па и подоцнежната, фолклорно-реалистичката формација во нашата литература, обилуваат со ткн. табу-теми, со личности и дела на кои сè уште им приоѓаме без соодветни книжевноисториски критериуми. За оваа истражувачка рамка сигурно е од големо значење, за нас речиси и еден пионерски труд, монографското дело *Веда Словена* на Гане Тодоровски. Велиме *пионерски труд,* иако се поминати повеќе децении „откако е извршен чинот на демистификацијата над ‚Веда Словена', откако е развенчано ова дело од ореолот на лажната слава што извесно време го красеше".[56] Имено, бугарскиот научник Иван Д. Шишманов, „најкомпетентната личност што досега се занимавала со овој проблем, можеби рече сè што требаше да се рече и подвлече

[55] Г. Тодоровски: *Трајко Китанчев,* стр. 88—89.

[56] Гане Тодоровски: „Веда Словена" (1965), Македонска книга, Скопје, 1979. — Предговор, стр. 5—6.

како дефинитивно разјаснување за несудениот монументум на сесловенското минато". Па, сепак, како и обично во науката, точката на крајот од едно дело е само точка на крајот од една помината научна патека; другите се претпочитаат и подразбираат, точно како што пишува и Г. Тодоровски: „Чинот на демистификацијата не можеше да означи и крај на интересирањата за едно дело кое таму некаде кон шестата деценија на минатиот век претставуваше првокласна атракција за јавноста на повеќе европски земји." Кој сè не најде за потребно, а и умствени сили, квалификувано и од различни научни аспекти да се одгласи за мистификацијата на Стефан Верковиќ и Јован Гологанов — филозофи, етнолози, фолклористи, писатели, политичари, општественици, духовници, државници, книжевни историчари итн., и „се изнесоа на виделина толку многу претпоставки, заклучоци, асоцијации, коментари, критички забелешки што навистина впечатокот на оној, кој повторно ќе посегне да претура по тие купишта од занимливости не може да се сведе никако на интерниот заклучок дека сите можности за една понова или покомплексна анализа се исцрпени!" Но, при сето тоа („купишта од занимливости") треба бездруго да се има и своја појдовна точка и своја визија за овој „грандомански и премногу кратковечен паметник на бугарскиот и македонскиот национален романтизам", на оваа „утопистичка и фантазерска ретроспектива на сопственото минато", инаку ќе е беспредметно секакво повторно навраќање кон тоа дело! Во појаснувањето на своето научно интересирање за *Веда Словена* Г. Тодоровски е сигурен, пред сè, дека „сите тие прилози, речиси од ред, се јавуваат во граѓански општества од страна на апологети на либерално-буржоаски или конзервативни и клерикални или пак позитивистички, кое нешто бездруго треба да претпостави извесни заблуди на тогашната историографија, фолклористика, етнографија или литературна историја". Ова дотолку повеќе, смета Г. Тодоровски, „кога ќе се има предвид дека проблемот завлегува во период (македонскиот XIX век) за кој во овој момент две современи и социјалистички историографии, бугарската и македонската водат на фронтален план повремени престрелки од далечина, — потребата за обнова на конверзацијата околу *‚Веда Словена'* и како можност за формулирање и прецизирање на едно *македонско, денешно или современо гледиште* на нештата, станува очигледна, да не речеме оправдана" (подвл. М. Д.).[57]

Литературната мистификација *Веда Словена* нашиот книжевен историчар ја разгледува „во контекстот на нашата преродба...", т.е. и како едно „поглавје на неминовниот роман-

[57] Исто, стр. 6.

тичарски занес". Ние не мораме наполно да ја прифатиме тезата на Арнолд Хаузер, што во продолжение ја наведува Г. Тодоровски, дека, имено, „романтизмот секогаш прилега на лага и самоизмама, која... најгласно говори за она во што најдлабоко се сомнева"![58] Но, со неа уште колку се открива вистинското лице на романтичарската апотеоза, конкретно и онаа од делото на Верковиќ и Гологанов. Романтизмот не се исцрпува со мистификации, ни историски ни теориски; тој најмалку се препознава во таквите дела какви што се и попознатите европски литературни мистификации, за кои Г. Тодоровски заклучува дека се *мода* на тоа време, *мода* во „векот на митолошките теории".[59] Меѓутоа и тие се дел на романтичарското движење, еден негов значаен национален и литерарен сегмент, една негова од посуштествените карактеристики: враќање кон минатото и негово национално глорифицирање! Но, во случајов глорифицирањето достигнува еден свој митомански врв, преминувајќи во мистификација која, барем според обем, ги надминува сите претходни: и Макферсоновиот *Осијан*, и Меримеовата *Гусла*, и *Кралевдворскиот ракопис* на Вацлав Ханка! Обид е тоа да се создаде уште еден *свештен паладиум*, уште еден словенски пантеон, уште една потврда на *ултраромантичарски занес*, за со него да се докаже *невозможното:* и како историја, и како народно предание, и како поетска имагинација и екстатичност... Да се докаже, имено, дека и ние не сме народ без балкански корен, без свое предисториско и предхристијанско минато, без своја историска и поетска слава!

Многу труд е вложен во оваа сјајна студија, со која не се открива само мистификацијата *Веда Словена* во сите нејзини историски, антрополошки, етички и поетски (стихотворечки) поединости; се открива и нашиот XIX век со свои национални бранувања и различни човечки конвулзии, интелектуални стремежи и изместувања, поетски достоинства, идејноидеолошки утопии и чекорења напред кон вистинското словенско, македонско утро преку буни, востанија и револуции; и револуции во духот на нашиот човек. И, делото на Гане Тодоровски се чита и се препрочитува, како што и натаму ќе се чита и препрочитува, речиси како мошне возбудлив авантуристички роман, чии главни јунаци се Стефан Верковиќ и Јован Гологанов, би рекол — барем што се однесува до овој монументален корпус од над 300.000 стихови — Дон Кихот и Санчо Панса на нашата понова литературна историја! Но, тој *роман* има своја научна позиција и свои инструменти за сис-

[58] Исто, стр. 7.
[59] Исто, стр. 9.

тематско, критичко и книжевноисториско растајнување на проблемот, на уште една, овојпат македонска и марксистичка демистификација на *Веда Словена*. Тоа мораше некој да го стори и добро е што сторителот е најден во личноста на Г. Тодоровски: само научник со вонредна интелектуална енергија и широки познавања, и лишен од разни, наследени и стекнати со време предрасуди, и само научник ослободен од историските и книжевноисториските хипотеки на минатото, можеше со право и најкомпетентно да се фати во костец со една ваква, колку сложена, толку и предизвикувачка проблематика! Таа имплицира многу солидни познавања од разни научни дисциплини, од историјата и митологијата до психологијата и европските литератури. И, пак, Г. Тодоровски не истражува за да констатира, ами истражува за да анализира, а на анализираното има своја научна боја, свој знак на препознавање. Тоа е еден интелектуален универзум со многу патеки и засолништа, свиоци и прудолнини, со многу луѓе, речиси еден мравјалник од луѓе и идеи, копнежи и заблуди, илузии и дезилузии, каква што е на пример и Верковиќевата од крајот на неговиот трагичен живот.

„Времето кое е скудно со факти, посега кон фантазиите", вели Г. Тодоровски. *Веда Словена* е дело на едно такво време. Верковиќ е жртва на една сопствена фикс-идеја. Па, сепак, „луѓето што се раководеле од вакви идеи (подобро: фикс-идеи) не смеат да бидат осудени или отфрлени. Во свое време тие допринеле со некаква полза: му го обрнале вниманието на светот врз постоењето на мали народи, за кои одвај и да се знаело! Го заинтригувале љубопитствата на другите народи со некаква лажно конструирана слава, оригинална култура, историско величие. Па, ако Индијците ги имаат своите епопеи Рамајана и Махабхарата, Персијците: Зендавеста, Евреите: Библијата, Грците: Илијадата и Одисејата, Германците: Нибелингите, Французите: Бесниот Роланд, еве и ние Словените, што веќе ги имаме: Словото за походот на Игора и Кралевдворскиот ракопис, можеме сега да се гордееме со уште еден, најсвечен паладиум: ‚Веда Словена', песни од предхристијанско и предисториско време, бесцени траги на една првобитна култура, постара од сите други во Европа. Така се изгради илузијата за сопствен, словенски пантеон, полн со раскошна колекција од секакви богатства. Веда Словена на Верковиќ и Гологанов беше таков, имагинарен пантеон. Скап колку една шумна провокација — јавноста на покултурна Европа да го сврти погледот малку кон заборавената шир на најјужниот дел од огромниот словенски океан".[60]

[60] Исто, стр. 17—18.

Тезата на Г. Тодоровски е дека авторите на *Веда Словена* се Стефан Верковиќ и Јован Гологанов: првиот е интелектуален поттикнувач, ментор, носител на основната фикс-идеја; вториот е стихотворец, „инвентивен измамник". Првиот е „маѓепсан од фантастичната идеја за индиското потекло на Словените, која впрочем на времето завлекува и други", па тој „исцело се впушта во упорито и фанатички слепо и тврдоглаво докажување на својата хипотеза дека прататковци на Словените на Балканот се Траките, Илирите, Македонците, Пеонците, дека Словените на Балканот го сочувале најдобро првобитниот аријски тип, таков, каков што постоел тој уште во епохата на Риг-Ведата. Затоа и смета дека токму во Македонија, таму, во клисурите помеѓу Пирин (Перуновата планина) и Родопите ќе наиде на аргументи што ќе ја потврдат неговата претпоставка".[61] Тоа е, секако, една *псевдо-теорија*, или: една од многуте *патриотско-романтичарски теории*, а Верковиќ не е единствен нивен протагонист. Г. Тодоровски докажува како се развивал историјатот на тие теории, почнувајќи од *митолошката школа* на Вилхелм и Јакоб Грим, односно тргнувајќи од идеите на Јохан Готфрид Хердер и Павле Ј. Шафарик. На нашиот простор тие идеи пуштаат корен во сфаќањето на Раковски и Цинот — да ги спомнеме само нив двајцата! Верковиќ, пак, покрај другото, се надахнува и од идеите на Илирското движење во Хрватска. Г. Тодоровски докажува дека најправоверен ученик на Верковиќ е — Павле Ј. Шафарик: инспираторот на *Веда Словена*, вели тој, „како по азимут ја следи мечтаната турнеја на апологетот на панславизмот".[62] Но, сепак, сепак, останува да се одговори: па, зошто, добога, се роди една таква идеја, голема по својот идеен и национален сеопфат, грандиозна по својата литературна реализација и своите мистификаторски претензии?

Г. Тодоровски убедливо докажува: 1. дека *Веда Словена*, тој „нов, доста краткотраен, но сепак пленителен мит", „не е рожба на штурата хипотеза на некаков си дојден од Босна, школуван во Загреб, дека не е приватна и осамена измислица на побрканиот ум на некој си недоучен лесноверник, следувач на Херострата, туку е последица на една колективна заблуда од која не беа поштедени ни најистакнатите имиња на народната преродба";[63] 2. дека постои аналогијата меѓу *Веда Словена* и *Осијан*, *Гусла* и *Кралевдворски ракопис*,[64] 3. дека во науката постојат тезите *за* и *против Веда Словена* како мисти-

[61] Исто, стр. 21.
[62] Исто, стр. 26.
[63] Исто, стр. 32.
[64] Исто, стр. 43.

фикација; 4. дека авторите на мистификацијата *Веда Словена* се С. Верковиќ и Ј. Гологанов; [65] 5. дека, за да се сфати овој „комплексен и комплициран процес од обиди и напори, да се наложи една неодржливост", се наложува и потребата „од изготвување длабочински психографски портрет на Стефана Веркови"; таа „снимка", констатира Г. Тодоровски, „ќе ни ја олесни работата над општата дијагноза на ‚Веда Словена'";[66] според Г. Тодоровски, психограмот на С. Верковиќ е како што следува: „тој остава зад себе бројни докази на несебично, упорито, чесно и доблесно служење на повисоки интереси, — но, сепак тој во основата на својата психа си останува грда карикатура на клерикалното теолошко образование, си останува психичка конституција сериозно подгризана од болеста што се вика мистика, метафизика, ограниченост, и верска застапеност"; 6. и, не на крајот: „Патот до идејата за ‚Веда Словена', кај Верковиќ води од националниот екстремизам и утопизам на Људевит Гај до политичкиот конзерватизам на славјанофилските идеи во втората половина на XIX век, од псевдоерудицијата на митолошките и етимолошки теории, на преродбениците, до интелектуална и дилетантска мегаломанија во предговорите на двата тома на делото" (1874, 1881).[67] Сето тоа и многу други, низ анализата докажани вистини за Верковиќ и Гологанов, и за нивната заедничка мистификација *Веда Словена,* го прикажува Г. Тодоровски како научник со свои *клучови* за отворање на оваа тешка проблемска *брава,* тешка но и инспиративна за истражувачите со дух и интелект, и со свои *шифри* во ракувањето со книжевната материја од преродбенското наследство.

4

Воведувајќи нè во својата најнова книга *Подалеку од занесот поблизу до болот,* Гане Тодоровски во вид на првична информација но и пословнично скромно забележува дека таа „доаѓа како надополнување на *Трактатите за сонцељубивите* (1974) и *Маѓепсаниот мегдан* (1979), за да ја продолжи насоката од *записи на македонски теми*". Во тие *записи,* имено, научно и есеистички се проблематизирани темите од магистралната линија на македонската национална, културна и книжевна историја, а според една методологија којашто е парадигматично интегрално аналитичка, т.е. по суштина — марксистичка, бидејќи е дијалектичка и ангажирано критичка според своите темелни филозофски определби.

[65] Исто, стр. 59.
[66] Исто, стр. 72.
[67] Исто, стр. 75.

Всушност, *записите* на овој компетентен истражувач, аналитичар и критичар на појавите и делата од македонската книжевна историја и современоста треба да се сфатат, како што ни порачува и самиот Г. Тодоровски во уводниот текст на книгава, „како скромен придонес кон едно современичко толкување на македонската национална проблематика, т.е. напор да се вмести во видното поле на авторот прашањето за улогата и местото на книжевноста и науката и публицистиката во осмислувањето и закрепнувањето на националната опстојба", а сето тоа и со цел „да се посведочи одново една цврста определба за *македонско гледиште* врз нашето минато и сегашност".[68] (Подвл. М. Д.).

Критериумот *македонско гледиште*, со кој имаме можност одблиску да се запознаеме и од неговите огледи во претходно објавените книги, па и во книгата *Претходниците на Мисирков*, е прв и основен критериум во критеристиката, во книжевноисториската визија на Г. Тодоровски, во неговата научна методологија. Но, како *прв* и *основен*, тоа е и еден *појдовен* критериум, што значи дека со него во една апсолутна смисла не се исцрпува ни критеристиката на овој наш еминентен критичар и книжевен историчар, ниту методологијата на аналитичко разгатнување на комплексната, често и мошне противречната национална книжевна феноменологија, посебно и во прв ред книжевните појави и процесите на националното осознавање во македонскиот XIX век. По суштина овој критериум е национален, но и докажано дијалектички, функционално марксистички, и тој има свои аналогии во книжевната историја на други народи со ткн. задоцнет, нерамномерен или дисконтинуиран книжевен развиток. Ние наполно се согласуваме дека еден таков критериум е, истовремено, национална и книжевна неопходност, речиси еден кодекс без кој не се може ни во книжевноисториските проблематизирања кај народи со поинаква историска судбина. Имено, Г. Тодоровски навреме сфати дека македонската книжевна историја не може да очекува некој друг, сеедно кој е тој и со какви национални гледања, политички тенденции и естетски мерила, да ни го осветли книжевното минато, оти се покажало и денес се покажува дека тој *друг* има свои национални критериуми со кои македонското книжевно наследство се или присвојува, или негира, или толкува без чувство за изнијансираноста на националните и книжевните вистини. Само со едно *македонско гледиште* можно е, меѓу другото, и да им се одговори достатно мудро и дијалектички, т.е. сонцељубиво или вистинољубиво,

[68] Гане Тодоровски: „Подалеку од занесот поблизу до долот", Мисла, Скопје, 1983. — Збор до два наместо вовед, стр. 5.

на различни и ден-денешни посегања кон тоа македонско книжевно наследство, и вистината за него најпосле да се изнесе на виделина.

Сето ова е една историска актуелност и кога расправата се води за периодот од пред појавата на Крсте П. Мисирков, еден период „што се одликува со многубројни разоткривања на вистината за Македонија". Дел од нив, за жал, „од најразлични причини не ѝ се познати на нашата поширока јавност".[69] Дел од тие вистини за Македонија, нејзиниот јазик и култура, е содржан и во следното: „Периодот помеѓу 1883 и 1903 година е времето кога се врши посистемна пенетрација на македонскиот јазик во литературата, јазик кој денеска со минимални диференции, речиси се совпаѓа со нормите на литературниот наш јазик; тоа е време кога се буди македонската национална свест и кога се регистрираат бројни манифестации на културно и политичко поле сред македонската емиграција."[70] Тоа *разоткривање* е еден долготраен процес, со различни манифестации на (во македонската политичка, културна и книжевна мисла. Постојат лутања и тешки лични, интелектуални, па и душевни кризи, меѓутоа процесите на себенаоѓањето еднаш зачнати дијалектички продолжуваат со нови појави на македонска национална свест, во литературата — и преку тематскиот комплекс и преку јазичниот идиом, во една вертикала најчесто и со евидентни потпирања врз македонската народна умотворба и нејзиниот јазичен колорит. Се покренуваат списанија и весници со македонски емигрантски амблем, се формира ВМРО, се јавува Васил Главинов, собирачката дејност на редица ентузијасти, автодидакти или учени луѓе ги согледува своите бројни стојности и во огледалото на поширокаата јавност и, не на крајот, за македонската национална мисла (ткн. *македонско национално прашање)* со научна компетенција се произнесуваат многумина странци (на пример, Карл Хрон и др.),[71] што ќе рече: македонското национално прашање се интернационализира не само на политичко ами и на научно и книжевно поле. За сето тоа Г. Тодоровски пишува и во огледите објавени во книгата *Претходниците на Мисирков:* низ архивски истражувања се издвојува она што носи печат на македонска самосвест, или се тоа барем одделни, но не и ретки никулци на едно *македонство* кое натаму, во следниот период, преку К. П. Мисирков и огновите на Илинденската епопеја, ќе се разгрне и докаже со многу појави во поли-

[69] Гане Тодоровски: „Претходниците на Мисирков", Мисла, Скопје, 1968. — Воведување, стр. 5.

[70] Исто, стр. 6.

[71] Види: „Белешка за Карл Хрон", во книгата „Претходниците на Мисирков", стр. 11—21.

тичката и книжевната мисла, со многу акценти и во делото на оние автори кај кои се евидентира извесно колебање во македонското национално изјаснување.

Од периодот пред Мисирков, а и подоцна, еден таков пример е делото на Евтим Спространов: тој „е мошне интересен на таа линија и претставува своевидна најтипична илустрација на сите оние ломења, конвулзии и постојани дилеми што се исправаа пред Македонецот — интелигент и интелектуалец, пред Македонецот — писател и научник". Единствено можно објаснување на *лутањата, конвулзиите и дилемите* за кои станува збор (и не само во книжевно-историската есеистика на Г. Тодоровски!) е содржано во следното: „Распнат помеѓу сè почестите појави на македонското национално сознание и секојдневните, неуморни клукања на бугарската и српската пропаганда, тој македонски интелектуалец, кој можеби во поголемиот свој дел живееше надвор од родната земја, се черечеше постојано во внатрешни кризи, подлегнувајќи најчесто пред упорните и неумоливи притисоци на средината што не го толерираше!"[72] Но, тоа не значи дека спрема такви автори (интелектуалци, научници, писатели) треба да имаме став како и маќеата историја спрема нив до точката на нивниот животен и интелектуален летопис. И поемата *Оплакувањето на Мара* (Мара Воперката), и прозните состави *Подслушнат разговор, Писмо од градот, Без пушка не излегвам, Митре* и уште некои други текстови, како и неговиот *Дневник*, независно од колебањата на Е. Спространов во однос на националната му изјаснетост, легитимно ѝ припаѓаат на македонската книжевна историја и со оглед на фактот што тие дела се напишани на македонски јазик „со конкретен и јасен показ на стремежот централните македонски говори да се издигнат на степен на литературен јазик".[73] Заслугата на Г. Тодоровски, како и во случајот на Трајко Китанчев и редица други првоначални наши политички, културни и книжевни дејци од втората половина на XIX век, е што, извлекувајќи ја личноста и делото на Е. Спространов од длабините на историјата, да не речеме — од заборавот!, низ критички изнијансирана, суптилна естетска и тематско-мотивска анализа, наедно го приопштува тоа дело на македонската книжевност и фиксира точки на уметнички достоинства и неотпорности. Анализата е секогаш, речиси без исклучок, *тотална*. Тоа е исклучителна доблест на еден метод: во книжевноисториските истражувања тој се карактеризира со *заситеност* на фактографскиот материјал, според еден конзи-

[72] Гане Тодоровски: „Претходниците на Мисирков". — Белешки за Ефтим Спространов, стр. 60—61.

[73] Исто, стр. 64.

стентен критериум на тотална разгатка следејќи го научниот принцип на тријадата *теза-антитеза-синтеза*, а аналитичката експертиза е тука еден превосходен критички чин, што во исто време е и круна на неговата повеќенасочна доказна постапка. Низ неа и со неа не се докажува само националниот идентитет, социјалниот или етичкиот плурализам на делото, ами се утврдува и неговиот уметнички хабитус, неговата естетска ефикасност и сугестибилност. Еден од бројните примери на примената на итегралната (тоталната) аналитичка постапка е и текстот *Белешки кон поезијата на Марко Цепенков*, еден од нашите бележити собирачи и писатели на кои што Г. Тодоровски им посветува должно научно внимание речиси во сите фази од својата плодна и повеќекратно значајна книжевноисториска и критичка работа.

Таков впечаток се има и по прочитувањето на книгата *Подалеку од занесот поблизу до болот*, а имајќи ги постојано предвид и сите претходни книги на Г. Тодоровски, книги и одделни текстови (предговори, поговори: дека сето тоа, имено, се делови на еден научно осмислен книжевноисториски и критички чин, би рекол: с и с т е м, при чие разгледување читателот останува без дилеми и што се однесува до поставените истражувачки задачи и до резултатите од истражениот корпус на проблеми, како ни во однос на консеквентноста на неговиот критичко-аналитички третман. Сјајни примери на синхрони, компаративни историски и книжевно-критички истражувања, коментари и вреднувања претставуваат прилозите за Константин Миладинов, Григор Прличев, Кочо Рацин, Никола Јонков Вапцаров, Антон Попов, Македонскиот литературен кружок во Софија, Коле Неделковски, Коле Чашуле, Божин Павловски и Ташко Георгиевски, во кои Г. Тодоровски е истовремено научник во мера на една критички функционална акрибичност и критичар со свое научно име и презиме во применетата аналитичка постапка. Со таа постапка, имено, ниту една национално, социјално и естетски релевантна компонента на делото (или на личноста, во нејзиниот историски времеплов) не останува тајна зад девет брави во чие разоткривање или растајнување не се применети во моментот и најсоодветните и единствено за предметот на истражувањето и анализата функционални средства! Со други зборови, тие *средства* се содејствувачки со проблематиката што научно се елаборира, но тие се истовремено и израз на едно по суштина дијалектичко сфаќање на самата таа елаборација како критички втемелен научен чин, методолошки широко поставен и осмислен со сè она што денес, кај нас и во светот, е искуството *sine qua non* во критиката и науката за книжевноста. Крајните граници на тоа многузначно и мошне плодотворно *искуство* со еден есеистички облагороден, протејски променлив но вездеден методолошки ак-

туелен неопозитивистички потход и, од друга страна, исклучително функционалните токму за оваа проблематика генетичко-структуралистички методолошки резони, со нивни не секогаш типични или школски сфатени облици на истражувачкото или критичкото проследување или коментирање.

Некои теми Г. Тодоровски ги проширува, дообјаснувајќи го националното и книжевното во нив (К. Миладинов, Р. Жинзифов, Г. Прличев, К. Рацин, Н. Ј. Вапцаров и др.); некои, пак, се откровенски, но и натаму предизвикувачки за него како критичар и книжевен историчар (Антон Попов и Македонскиот литературен кружок), и не е само претпоставка дека тој ќе им се навраќа во деновите што се пред нас;[74] но, сите се бележит дел на нашата книжевна историја, дури и критичките записи за една цела низа на современи македонски писатели од Коле Чашуле до Атанас Вангелов, Горан Стефановски и Катица Кулафкова. Тие *записи* (прикази, осврти) се една посебна тема на нашето интересирање за критичкото дело на Г. Тодоровски, но и во моментот може да се констатира дека како критичар тој, главно, го потслушнува оној вездеприсутен шлагворт на неговата книжевноисториска оперативна: од делото да се извлече максимум можни информации, за при тоа да се утврди кои се *акционите вредности* на делото и, според тоа, нивната вкупна смисла за националната книжевна *опстојба!* Со тие *записи*, меѓу другото, се дооформува и во целост се афирмира едно ретко истакнувано но кај нас присутнио мислење и за моментната состојба на македонската книжевна критика и за Гане Тодоровски како книжевен критичар: македонската книжевна критика во моментов доживува извесна егзистенцијално значајна, би рекле — *пресвртничка регенерација*, во која евидентен удел имаат критичари кои не се тоа по вокација. Еден таков критичар е и Гане Тодоровски. Меѓутоа, овде е неопходно да се отвори една критичка заграда: дали и зошто Г. Тодоровски не е критичар по вокација? Поскоро би се рекло следното: и тој е критичар по вокација, но неговата вокација не е и исклучително критичарска. Тој е книжевен историчар по вокација; и поет по вокација. Над сето, пак, и наедно со сето тоа, Г. Тодоровски е една исклучителна и исклучително сестрана научна и творечка *личност*. Затоа и по овој повод е потребно да се подвлече и следното: разгледувајќи го и оценувајќи го книжевноисториското дело на Гане Тодоровски, ние не можеме постојано да не го имаме пред себе и неговото жанровски разнострано и вредно критичко дело. Патем укажувавме со право на тоа и во овој труд.

[74] Како што сме информирани, наскоро треба да излезе од печат еден избор од поетското и критичко-публицистичкото творештво на Антон Попов, со предговор и коментари на Г. Тодоровски.

Како ургентна задача стои анализата и оценувањето на тоа дело, и не само од причина за да се отклонат постоечките хипотеки и необјективно конципираните хиерархии во нашата критика и во нејзината историја! Зашто, мошне е голем влогот на Г. Тодоровски во вкупната трансформација на критичките модели кај нас, а неговата присутност на оној негов и наш заеднички *маѓепсан мегдан* е еден интелектуален факт достоен за одбележување и по овој повод, бидејќи е за почит. Ѕвездени мигови и на нашата критика и на неговата критичка оператива претставуваат елаборациите и аналитичките експертизи на егзистенцијалните невралгичности што како тема број еден нѐ пленат од вистините за ткн. македонска дијаспора, за која Г. Тодоровски напиша многубројни страници поттикнат пред сѐ од романсиерските предизвици на Ташко Георгиевски и Божин Павловски. Дури и повеќе: небаре оваа тема, на еден или друг начин, е иманентен чинител и конститутивен фактор на целокупната книжевноисториска и критичка мисла на Г. Тодоровски, тема со лајтмотивски зрачења низ пространата интелектуална шир, како обединувачки енергичен принцип на неговата книжевна идеологија. Не станува тука збор само за одреден афинитет, зашто таму каде што болката е извор на интелектуални иницијативи прашањето за афинитети добива изрази на гротескна баналност!

Како книжевен историчар, Гане Тодоровски ерудитивно трага по *вистината* за личноста и делото, утврдувајќи во што е содржана нејзината уметничка, социјална и национална многузначност; како книжевен критичар, пак, тој остварува аспектуално широк и сложен, дијалектички целесообразен дијалог со делото, не запоставувајќи ни еден од факторите што влијаеле врз неговото настанување, не одбегнувајќи ни полемика, кога е тоа неопходно, со времето и со историјата во чии пазуви се раѓала една творечка личност, за колку утредента, со авторитетноста на своето дело, да биде фактор на историските процеси. Притоа ниту делото останува без оценка, ниту книжевната историја без критички релевантните судови.

Како книжевен историчар Гане Тодоровски е еден од најзаслужните истражувачи и аналитичари на македонскиот книжевен XIX век и на епохата меѓу двете светски војни. Егзактноста на неговиот истражувачки метод ни открива претставник на ткн. критичка историографија во македонската наука за книжевноста. Методолошкото *вјерују* на таа книжевноисториска школа е: документот е услов за докажување на тезата, анализата е најправоверна нејзина интелектуална смисла.

Д-р Миодраг Друговац

Miodrag MILOŠEVIĆ — DRUGOVAC

Summary

GANE TODOROVSKI 'S LITERARY AND HISTORICAL WORK

The articles on Konstantin Miladinov, Grigor Prlichev, Kočo Racin, Nikola J. Vapcarov, Anton Popov, The Macedonian Literary Circle in Sophia, Kole Nedelkovski, Kole Čašule, Božin Pavlovski and Taško Georgievski are brilliant examples of synchronic and comparative historical and literary investigations, commentaries and evaluations in which Gane Todorovski is both a literary historian and a critic.

As a literary historian, Gane Todorovski searches for the *truth* about the characters and the work itself and his task is to illuminate the artistic, social and national aspects of the work; as a literary critic he carries out a dialectical dialogue with the work and considers all factors relevant to it, not hasitating to polemize with time and history where necessary.

As a literary historian Gane Todorovski is one of our most distinguished research workers in the field of Macedonian 19th Century and the period between the two world wars. His methodology makes him a representative of the so called critical historiography in the Macedonian literary science. The mrthodological *credo* of this literary and historical scool is: document is the first premise to prove the thesis, and analysis makes its true intelectual meaning.

УДК 820(73—31.09

Д-р Љубица ТОДОРОВА — ЈАНЕШЛИЕВА

СТРУКТУРАТА, ЗНАЧЕЊЕТО И МИТСКИТЕ ЕЛЕМЕНТИ ВО РОМАНОТ ОДРАЗИ ВО ЗЛАТНОТО ОКО НА КАРСОН МАКАЛЕРЗ

Романот *Одрази во златното око* Карсон Макалерз* го напишала набргу по првиот *Срцето е осамен ловец,* за период од два месеци. Како што рекла и самата напишан е во духот во кој пишувал Чехов — „како да сум шмукала шеќерче" и „всушност е сказна".[1]

Одрази во златното око е роман за убиство што се случило во еден армиски гарнизон. Сторијата ги проследува настаните што го предизвикале и довеле до него, преку сликање на внатрешниот конфликт меѓу разумот и инстинктот во главниот лик — капетанот Пендертон. Всушност она што Макалерз во овој роман го проследува е фрустрацијата во животот и неможноста за општење на двата основни психолошки типа луѓе; мисловниот и инстинктивниот (според Јунг), покажувајќи ја нивната наклонетост кон разумски или инстинктивни реакции и имплицитно карактеризирајќи ги како интелектуални или анимални типови. Повеќето ликови во романот олицетворуваат еден од овие два психолошки типа, покажувајќи незаинтересираност, непознавање, па дури и антипатија спрема

---

* Carson McCullers (1917—1967) е американска писателка од Југот. Ги напишала романите *Срцето е осамен ловец (The Heart Is a Lonely Hunter), Одрази во златното око (Reflections in the Golden Eye), Балада за тажната кафеана (The Ballad of the Sad Cafè), Член на венчавката (The Member of the Wedding), Часовник без стрелки (Clock Without Hands),* драмата *Квадратен корен од прекрасното (The Square Root of Wonderful)* и дваесетина раскази. (Некои раскази се објавени постхумно во збирката *The Mortgaged Heart — Срце во залог).*

[1] McCullers Carson. Lecture Notes, »as if I were eating candy«. (цитирано според: Smith. Simeon Mozart, Jr. »Carson McCullers: A Critical Introduction«, Ph. D. dissertation, University of Pennsylvania, 1964, p. 31). »The Flowering dream«, p. 2, »It's really a fairy story —«.

спротивниот, што всушност ја претставува скриената и непозната страна на нивното битие, или она што Јунг го нарекува *сенка.*

Групата анимални ликови ја сочинуваат — војникот Вилијамс, Леонора Пендертон, мајорот Ленгдон и коњот „Огнена птица", а интелектуалните: капетанот Пендертон, Алисон Ленгдон, Анаклето и Венчек. Сепак тие не се реалистични ликови, туку ликови — тези, претставени преку слики на животни и птици.

Поставувајќи ги во ситуација во која може да ги посматра нивните опсесии, реагирања и заемни односи, Макалерз всушност експериментира, сакајќи да открие како овие едностранн луѓе ќе се покажат и дали ќе го остварат животот. Едностраноста на нивното битие, кое ги прави непотполни, не им овозможува да се ослободат од обземеноста со себе, од осаменост, и да остварат вистински контакт и општење со другите луѓе. Така, во основата на овој роман, како и во *Срцето е осамен ловец,* одново лежи преокупацијата на Макалерз со феноменот на човековата осаменост, овој пат согледан и осознаен во еден психолошки и биолошки контекст, претставен преку употреба на слики и симболи произлезени од митските.

Романот *Одрази во златно око* е поделен на четири дела, кои го следат развојот на сторијата. Во првиот дел претставени се главните ликови: Вилијамс, Пендертон, Леонора и делумно Морис и Алисон Ленгдон и зачнат е заплетот што започнува со скришното набљудување на Вилијамс на Леонора. Во вториот дел прикажано е нивното секојдневие, како и конфликтот во брачните односи на Пендертонови и Ленгдонови, особено на вторите. Третиот дел ги содржи клучните случки кои се центар во романот: епизодата на јавање на коњот од страна на Пендертон, забавата кај Леонора и срцевиот удар на Алисон. Во последниот дел, преку понатамошно задлабочено откривање на особеностите на ликовите, со смртта на Алисон и на крајот со убиството врз Вилијамс се разрешуваат сите судири.

Може да се рече дека *Одрази* не е роман на акција, туку на ликови. Секој дел по форма, како во драма, содржи по пет сцени. Секоја од нив најчесто се сосредоточува врз еден единствен лик, а најмногу сцени им се посветени на клучните ликови Вилијамс и Пендертон. Бидејќи ликовите се олицетворение на одредена теза (анималност или интелектуалност или духовност), тие со другите се наоѓаат во однос на комплементарност или спротивност. Така анималноста на Вилијамс се надополнува со анималноста на Леонора и Морис, а нивната заедничка е во контрапункт со разумноста на Пендертон и духовноста на Алисон, Анаклето и Венчек. Низ таквите варија-

ции на надополнување и контрапункт во една полифоничност се изградува општата тема на феноменот на човековата фрустрација и неможноста за општење.

Сторијата започнува со недоразбирање меѓу војникот Вилијамс и капетанот Пендертон, за кого го врзуваат непријатни чувства (војникот еднаш му истурил кафе врз новите панталони; и тој е оној кој се грижи за коњот на жена му). Спротивно на неговите инструкции, Вилијамс расчистувајќи ја лединката пред куќата ги исечува токму оние гранки што требало да прават „sид", еден вид заштита од блиската шума. Сезнајниот наратор Пендертон експлицитно е претставен како човек кој од останатите се разликува со својот однос кон трите основни феномени: животот, сексот и смртта; тој е сув интелектуалец, пасивен, бисексуален и кукавица. Сцената меѓу жена му Леонора, кога таа го предизвикува соблекувајќи се гола, а тој ѝ се заканува дека ќе ја убие, незабележан ја гледа Вилијамс. Осаменик во гарнизонот, кој животот го поминува на ниво на физиолошкото (јадење, спиење, јавање коњ, сончање) и работа, тој е фасциниран од телото на Леонора бидејќи немал контакт со жени, ниту пак дотогаш видел гола жена. Оттогаш Вилијамс секоја вечер скришно доаѓа пред куќата на Пендертонови и набљудува што се случува внатре. Повторно ја доживува сликата што ја видел во еден вид транс, каков што во својот дваесетгодишен живот искусил порано, реагирајќи инстинктивно, кога купил крава, го открил господа, убил човек и се пријавил во војска. На дванаесеттата вечер Вилијамс притаено влегува во куќата и до зори ја набљудува заспаната Леонора, доживувајќи климакс на задоволство што единствено го постигнува кога длабоко во шумата се сонча гол. Како и тогаш, насмевката му е сензуална и дива.

И преку односите на сопружниците Пендертонови и Ленгдонови се разоткриваат особеностите на ликовите. Леонора Пендертон и Морис Ленгдон уживаат во својата едноставност и сè што е телесно: јадат, пијат, играат, јаваат, водат љубов, немајќи разбирање ниту интерес за било што интелектуално или уметничко. Додека пак, разочарана во мажа си и животот, Алисон Ленгдон, која еднаш во депресија по смртта на своето бебе си ги пресекла брадавиците на градите со градинарски ножици, го минува животот во безначајности и тривијалности на квази-естетското. Нејзиниот слуга Анаклето со секој збор, движење, интересот кон балетот и музиката и стариот Венчек, кој со задоволство слуша и свири музика, ја нагласуваат нејзината јалова естетичност. Иако има планови за практична акција — да се разведе од Морис и со слугата да отвори некаква продавница, Алисон е фатена во својата психичка и физичка болест. Таа отфрла сè што е материјално,

телесно, па дури и храната; живее, односно умира низ божемна — естетска безживотност. Пендертон се самоизмачува со сè што постои околу него: поради љубомората кон жена си и нејзината љубовна врска со Морис, во кого самиот е вљубен, поради индиферентноста на Алисон. Вознемирен е не само што нема кого да љуби, туку ни да мрази. И покрај зафатеноста во военото училиште каде што предава, можноста за унапредување и навидум богатиот општествен живот, тој е депремиран и осамен.

Клучниот настан што води кон расплетот е епизодата со коњот. Едно попладне Пендертон го јава племенитиот коњ Огнена — птица на жена му. Јавајќи низ полето и шумата доживува за него несетено чувство полно со сензуалност и страст, што му овозможува за прв пат да ги забележи убавините на природата и светот околу себе. Тој ужива во лудата трка, во стравот што му го предизвикува коњот сакајќи да го отфрли од себе но завршува со тоа што до изнемоштеност го тепа со камшик, чувствувајќи омраза кон него и кон она што тој му го овозможил да го доживее. В миг таа негова омраза се усмерува кон војникот Вилијамс, кој незабележано се појавува гол и без збор, полн со љубов и нежност го поведува со себе врзаниот, бичуван, претепан коњ.

Оттука сторијата се расплетува по две нишки: смртта на Алисон и смртта на Вилијамс.

Алисон често се чувствува лошо, не може да спие и страда од осаменост. Една вечер срцето дури престанува да ѝ чука, па Анаклето ја смирува, раскажувајќи ѝ за нејзиното бебе, пеперутките и глувците што ги сонувал и цртајќи ѝ паун со златно око. Неколку вечери редум таа забележува сенка на човек пред куќата на Пендертонови. Вечерта, пред да доживее срцев удар, мислејќи дека тоа е мажот ѝ, влегува во собата на Леонора, а таму наоѓа обичен војник. Не успева на Пендертон да му ја каже вистината, зошто тој всушност и не сака да ја знае. Алисон умира два дена по доаѓањето во лудница, каде што ја сместуваат откако решава да се разведе и да замине.

По смртта на Алисон кај сите настануваат промени, но тие се најзначајни кај Пендертон и Вилијамс. Чувството на омраза кон Вилијамс кај Пендертон прераснува во опседнатост со него, во чувство што не е ни омраза ни љубов. Тој се обидува да го премости јазот меѓу себе и војникот, поистоветувајќи се со него. Вилијамс, пак, откако беше виден од Алисон, почнува да чувствува страв кој кај него е повеќе резултат на анимален инстинкт отколку резонирање, бидејќи всушност тој и не знае од што се плаши. Неговото однесување се менува. Ноќе сонува и вика, а навечер во гарнизонот

предизвикува тепачки. Истото се случува и на 12 ноември, кога по обилниот дожд и тепачката, тој по седми и последен пат доаѓа да ја гледа Леонора. По патот за прв пат му се случува незгода. Паѓа в дупка и пали кибрит, што капетанот кој страда од бессоница го забележува. Пендертон притаено го демне, повеќе го насетува отколку што го гледа човекот што го бара, и со пиштол го убива. Последната слика во романот како завршна секвенца во театарска претстава зборува со сценографска симболика: туку што разбудената Леонора — изненадена од оваа за неа непотребна трагедија, Пендертон во својата груба ноншница — скршен како некој „развратен калуѓер"[2]; мртвиот млад војник — во лицето и снагата сè уште полн со животна анималност.

Иако романот може да се сфати како сатира на етосот на војската, како што на тоа едностранo гледа *Макдаугел*[3] во својата книга, неговите импликации се пошироки и поуниверзални. Треба да истакнеме дека преку еден банален настан од секојдневниот живот, Макалерз успеала да го драматизира и анимира вечниот конфликт во човекот меѓу инстинктот и разумот, телесното и духовното. Изразувајќи се на начин сличен на басна, таа покажува дека, доколку човекот не успее во себе да изнајде баланс меѓу спротивностите на својата личност, е осуден на осаменост и фрустрација, неспособен да општи со другите, лишен од својата човечност.

*
* *

МИТСКИ ЕЛЕМЕНТИ

Романот е вид стилизирана модерна басна, а не сказна како што се искажала самата авторка, бидејќи на ликовите во него им се дадени особености на животни и птици. Всушност, правејќи поделба и карактеризација на сетилни и мисловни типови ликови, Макалерз при описот на нивниот физички изглед, интересирањата и реагирањата употребува стилски средства како епитети и метафори за да изгради слика што постепено ќе прерасне во одреден симбол.

Анималните ликови, оние што ги движи сопствениот природен животен инстинкт, се идентификувани, преку еден вид градација: од мачка, бивол до коњ, кој и самиот како сеопфа-

[2] McCullers Carson. Reflections in the Golden Eye, The Cresset Press, London, p. 160, »dissipated monk«.

[3] Види McDowell, Margaret B. *Carson McCullers,* Twayne United States authors series, Boston, 1980, p. 50.

тен лик и симбол постои во романот. Така коњот Firebird станува поетска синтеза на сите анимални ликови во него и ја изразува нивната животност и нагонскиот порив на несвесното.

Симболиката на коњот е сложена и парадоксална, а верувањата за него се содржани во сеќавањата на сите народи. Тој во почетокот се сврзувал со мракот и хтоничниот свет, а подоцна со светлината и небото, носејќи ги во својата динамика особеностите на спротивностите.

> Многустраноста на неговите симболични акцепции потекнува од комплексното значење на големите лунарни фигури, каде што имагинацијата по аналогија асоцира на земјата во улога на Мајка, на нејзината лунарна светлина, водите и сексуалноста, божественоста, вегетацијата и периодичното обновување. Затоа психоаналитичарите од коњот направиле симбол на *несвесен психизам,* или на *нечовечна* психа (Јунг). Тој е архетип сроден или близок на архетипот на *Мајката, на меморијата на светот,* или Времето затоа што е сврзано со *големите природни часовници.*[4]

Неговите симболични значења се прошируваат со тоа што коњот во земјата на боговите и хероите престанува да биде хтоничен и лунарен и станува ураничен и соларен. „Овој бел небесен коњ претставува контролиран инстинкт, управуван од човекот, сублимиран и тој според новата етика е највозвишената победа на човекот".[5]

Во индоевропската традиција коњот станува симбол на сила, креативна моќ, младост, повеќе сексуална отколку духовна моќ — триумфална виталност.

Во хетерогамијата Земја — Небо, која управува во верувањата на земјоделските народи, кобилата ја инкарнира улогата на Мајката — земја.

Келтската божица Епона и божествените коњи на Диомед во трачкиот мит задржуваат облик на коњ.

---

[4] *Dictionnaire des Symboles,* (Jean Chevalier), Robert Laffont, 1969, 184, »La multiplicite de ses acceptions symboliques découle de cette signification complexe des grandes figures *lunaires,* où l'imagination associe par analogie la terre dans son rôle de Mère, son luminaire la lune, les eaux et la sexualité, le rêve at la divination, la végétation et son renouvellement périodique. Aussi les psychanalystes ont-ils du cheval le symbol du *psychisme inconscient* ou de *la psyché non-humaine* (JUNA), archetype voisin de celui de la Mere, *mémoire du monde,* ou bien de celui du temps, puisqu'il est relité *aux grandes horloges naturelles.*

[5] Ibid., »Ce blanc cheval céleste représente l'instinct contrôlé, maîtrisé, sublimé, il est, selon l'éthique nouvelle, *la plus noble conquête de l'homme.*«

Многу богови и божици, полубогови и јунаци имаат особености на коњ (Асвинс, Кастор, Хегинст и Хорса, Посејдон, Атина, Афродита, Хронос, Пегас). Така Деметра, божицата на плодноста имала коњска глава.[6]

Всушност коњот е еден од главните симболи на плодноста.

Од многузначноста на симболот на коњот во општочовечката традиција Макалерз користи повеќе различни елементи меѓусебно комбинирајќи ги и градејќи од нив свој сопствен симболичен систем, кој во основата е митолошки. Придавајќи им на ликовите особености на коњи, како што тоа е случај со боговите и хероите од тевтонската и грчката митологија, таа го користи коњот како прво: симбол на животот; како нагон на силата и виталноста, нагласувајќи ја во дихотомијата yin — yang неговата соларност, и второ: во однос на јунговските интерпретации на симболизмот на коњот го употребува како израз на *нечовечниот психизам*, нечовечната психа, односно необуздените нагонски пориви на несвесното или она што тој го нарекува *сенка*.

Идентификацијата на ликовите со коњот Макалерз ја спроведува на два начина: прво, придавајќи им на ликовите сличности со него при сликањето на нивниот физички изглед и физиологија и второ, преку сликање на односот кон него и тестот дали уживаат во јавањето.

При сликањето на физичкиот изглед на анималните ликови Макалерз ги употребува истите елементи и епитети како за коњот Firebird создавајќи на тој начин во свеста на читателот, блиска, речиси идентична слика за нивниот физички изглед.

Од описот што е даден за Firebird и Вилијамс, станува јасно дека човекот е еден вид трансформација на коњот, односно коњот е тотем.

Очите на Firebird се тркалезни и пурпурни, а на Вилијамс кафени и како жар.

На Firebird влакната му се светнати, гривата густа и сјајна, ноздрите кога е на сонце му се заокруглуваат.

На Вилијамс косата му е со костенливи перчиња, лицето тркалезно и испечено од сонце, усните полни и црвени.

Иако на изглед е преголем и претежок за чистокрвно животно Firebird се движи со прекрасна огнена грациозност. Вилијамс со израз нем и тап што обично го имаат животните, со става наизглед несмасна, се движи тивко и крепко како животно или крадец.

---

[6] Види *Standard Dictionary of Folklore, Mythology and Legend* (Maria Leach and Jerome Fried), Funk and Wagnalls, New York, 1972, p. 504.

Леонора, чие тело одишува со природна убавина, е женска варијација на анималноста. Лицето ѝ е свежо, розово, мазно и затегнато, со благост на Мадона, косата права и жолтоцрвеникава, телото заоблено и еластично. Со ефектот на овие карактеристики Макалерз вешто ја скицира сликата на мачка, како еден нов израз на анималноста и виталноста.

„Симболизмот на мачката е многу хетероген и осцилира меѓу нејзините доброчинителски и злочинителски тенденции". Тие тенденции можат да се објаснат со нежниот и подмолен аспект на тоа животно. Од тој хетероген симболизам, се чини, Макалерз најмногу се користи со верувањата во Јапонија за виталноста на мачката и поврзаноста со жените, индиското верување дека таа го симболизира „блаженството на анималниот свет"[7] и верувањето на многу народи дека црната мачка симболизира темнина и смрт.

Машкиот пандан на Леонора — Морис Ленгдон — е бик (буфало како го нарекуваат коњушарите според начинот на кој јава). Тој е убаво граден маж, со тап но весел и пријатен израз на лицето. Неговиот физикус ја изразува машкоста и сексуалноста.

Во митологијата референците за бикот најчести се во врска со плодноста и сексуалната моќ. Старите Персијанци го обожувале врховниот бог кој правел тревата да расте, бил чист и самосоздаден. Слично во Египет врховниот бог — Птах бил претставуван како бик — Апис. И во Грција боговите имале атрибути на ова животно, кое наедно им било и жртвувано. Бикот се поврзува и со Дионис. Најдобро познати референци за сексуалната моќ на бикот се приказните за Европа — која ја грабнал и оплодил Зевс претворен во бик (од овој спој се родил Минос) и за Пасифаја која самата, со помош на Дедал, се оплодила со бик и го родила Минотаурот.[8]

Сите три анимални ликови Вилијамс, Леонора и Морис го живеат животот, повеќе или помалку, на ниво на примитивна природност.

Вилијамс е осаменик кому му се непознати пороците на цивилизацијата: не пие, не пуши, не се коцка, не блудничи, добро јаде, спие, од срце работи во коњушница и е вешт со коњи. Во слободното време јава низ шумата, „во дивата негибната природа каде што има девствени борови"[9] и каде лежи гол на сонце. Тој е слика на природниот невин човек, кој нема чувство на страв.

---

[7] Види *Dictionnaire*, op. cit., 178—9; *Standard.*, op. cit. 197.
[8] Ibid., 739—743; 170.
[9] *Reflections* op. cit., 7, »wild unspoiled country... virgin pines«.

Вилијамс само преку своите осети, бидејќи во неговата свест тешко влегуваат значењата, го восприема светот и животот, живеејќи длабоко во своето несвесно. Иако во армискиот гарнизон е опкружен со луѓе, тој не воспоставува никаков контакт со нив, дури ни на вербално ниво. Единствено општи со коњите и сонцето, со кои сака да самува.

Леонора ужива во сè што е инстинктивно и сензуално: да јаде, пие, да се сонча гола, да оди боса, да танцува, пее, да се смее, да јава коњи и да води љубов. Со инфантилни ментални способности (одвај успева да напише писмо и собере прости броеви), таа го восприема и живее животот широкоградо и во својата природност не се плаши од ништо („ни од човек, ни животно, ни господ").[10]

Морис Ленгдон е голем гурман, добар јавач и страстен љубовник. Со скромни емоционални и интелектуални предиспозиции, тој не ги разбира страдањата на својата жена Алисон по смртта на нивното бебе и не верува во нејзината болест. Смета дека та бега од должностите на офицерска жена во гарнизонот, која треба да приредува и посетува забави, да оди на лов, да јава и да води љубов. За него во животот, како што вели самиот, важни се две нешта: да биде добро животно и да ѝ служи на својата земја,[11] да биде — мажјак и војник.

Анималните ликови, а особено Вилијамс и Леонора се претставени во корелација со сонцето. Тие уживаат да го изложуваат своето тело на допирот на неговите зраци. Единственото нешто без кое Вилијамс не може е сонцето: „дури и во најстудените денови тој лежел неподвижен и гол и пуштал сончевата светлина да навлезе во неговата плот"[12]. Од сложениот симболизам на сонцето во различните култури, Макалерз го презема и употребува неговото највообичаено и најпопуларно значење како извор на светлина, топлина и живот, дарител на живот, оживувач. На тој начин симболот на сонцето ја проширува и преобразува симболиката на коњот (отелотворен во Firebird и трите анимални лика) од хтоничен во соларен. Вилијамс и Леонора се деца на сонцето и денот.

Кај ликовите за кои многу брзо и вешто, преку описот и начинот на живеење, успева да создаде аналогија со коњот, Макалерз ја нагласува анималноста преку сликање на односот што тие го имаат кон Firebird и други животни и доживувањето кога јаваат.

---

[10] Ibid., 22, »neither man, beast nor the devil«.
[11] Ibid., 148, »to be a good animal and to serve my country«.
[12] Ibid., 70, »Even on the coldest days he would lie still and naked and let the sunlight soak into his flesh«.

Односот на Леонора и Вилијамс е анимален и со многу нешта потсетува на митскиот модел на односот мајка — дете, жена — маж и легендите за човек — животно од грчката митологија, како што тоа правилно го забележа Карни[13].

Доживувањето на Вилијамс со коњите секогаш претставува ритуал на обожување. Преку доживеано сетивно и тактилно искуство, тој се соединува и претопува со предметот на своето обожување. На коњите им дава шеќер и ги милува. Рацете му се топли и лигави. Ја гали стелната кобила по мевот и го прегрнува нејзиниот врат.

Слично содомистично доживување имал на седумнаесетгодишна возраст со својата крава, кога „додека ја молзеше го допираше своето чело на нејзините топли слабини и ѝ зборуваше со нежен брз шепот. Ги брцаше склопените раце во ведрото полно со пенливо млеко и пиеше со бавни голтки“[14]. Доживувањето наедно е и сакрално, во кое тој преку коњот и кравата како симболи ја обожува дарителката на животот — мајката земја.

И во односот на Леонора со Firebird, кој асоцира на односот жена — маж, можат да се најдат слични аналогии и споредби со митолошки епизоди, како што посочува Карни: Европа и бикот, Леда и лебедот, Пасифаја и бикот. Но тој однос според неа е ироничен, бидејќи наедно ја гради и руши традицијата[15]. Јавањето за Леонора е уште една потврда за нејзината анималност, телесност и сексуалност, активност слична на јадењето и водење љубов. Доживувањето на Леонора и Firebird е заемно. Тој од задоволство го извива вратот во лак, опашката му е крената и пена му се појавува на муцката, а таа, успевајќи да ја зауздн неговата привидна побуна, „се смееше гласно и му зборуваше на Firebird со глас што трепери од страст и возбуда“[16]. Поистоветувањето на човекот со коњот станува целосно во самиот акт на јавањето. Во хаитските и африканските *Ваудоу*, абисинскиот *Зар* и древните *мистерии* на Мала Азија и Египет постои размена на улогите меѓу коњот и коњаникот. Човекот опседнат од коњот и самиот станува коњ бидејќи е вјаван од неговиот дух (на пример Зар) и соодветно се однесува. Ваквата унија ја среќаваме и во верувањата на балканските народи во трачкиот коњ.[17]

---

[13] Види Carney, Christina F. »A Study of Themes and Techniques in Carson McCullers, Fiction«, Ph. D. dis. Columbia Univ. 1970.

[14] Reflections 36, »He would press his forehead against her warm flank as he milked and talk to her in soft, urgent whispers. He put his cupped hands down into the pail of frothy milk and drank with lingering swallows.«

[15] Види Carney, op. cit.

[16] *Reflections*, 30, »laughed aloud and spoke to Firebird in a voice that was vibrant with passion and excitement«.

[17] Филиповић, С. Мил. *Трачки коњаник*, — у обичајима и веровањима савремених балканских народа, Нови Сад, Мат. Српска, 1950.

Односот на Вилијамс кон Леонора е аналоген на тој со коњите и особено со кравата, бидејќи таа за него претставува нов облик на божицата на која ѝ служи — мајката земја.

Вилијамс ја доживува Леонора нагонски, ирационално, примитивно и контактот му се сведува на ниво на визуелност, тактилност и фетишизам.

Опишувајќи ги сцените во кои Вилијамс ја набљудува Леонора како спие, Макалерз одново ја скицира неговата слика на животно, кое контактот со предметот на обожување го облагородува. Тој кај неа влегува тивко како мачка, со ококорени очи зјапа во темнината, лицето го доближува до нејзиното за да ѝ го почувствува дишењето. Тој сиот е обземен од блаженство и милина што никогаш порано не ги почувствувал; клечи нишајќи се на стопалата и држејќи си ги колената; очите му се зажарени; на лицето му лебди израз на ненадејна среќа што ја доживувал само кога со својот коњ длабоко заоѓал во шумата и се сончал гол, кога со некоја своја необјаснива моќ успевал да го натера коњот да танцува или елегантно да оди на една нога. При сите такви моменти на блаженство и среќа на усните му игра сензуална дива насмевка.

Сиот свој живот и искуство Вилијамс ги доживува несвесно, чувствувајќи ги преку своите сетива, а не рационално рекуп процес на мислење. Тој во својата примитивност, природност, невиност и наивност не се плаши од ништо и со ништо не е оптоварен. И кога убил човек реатирал нагонски и дури ни една мисла не се формирала во неговата свест за тоа. Меѓутоа, во овој природен човек, односно примитивецот Калибан, како што го нарекува Коул[18], преку доживувањето на Леонора пополека навлегува флуидот на свеста. Станува свесен дека Пендертон го следи откако бил откриен при набљудувањето; не оди веќе да ја гледа, започнува да сонува и да вика во сон, да се тепа со војниците. Невиноста на природниот човек е гибната, поматена во контактот со други луѓе.

Во контраст со анималните ликови се оние кај кои анималната страна, инстинктот и природниот нагон се притаени и потчинети на разумската и духовната. Такви се Алисон (и како нејзини дополнувачки Анаклето и Венчек) и Пендертон, кои, иако имаат некои заеднички особености, во основата се различни. Во цртањето на нивните ликови Макалерз го употребува симболизмот на птица и скршена кукла.

Алисон е достт сложен лик. Судирот меѓу анималното и духовното, инстинктот и разумот, несвесното и свесното кај неа е разрешен. Таа го доживеала својот полн живот одр-

[18] Види Coale, Samuel Chase. »The Fiction of W. Faulkner. C. McCullers, F. O. Connor and W. Styron«, Ph. D. Dis. Brown Univ. 1970.

жувајќи ја рамнотежата меѓу двете спротивности: умеела да го обуздa и најтврдоглавиот коњ,[19] да готви и добро да јаде, учела деца, родила дете. Но бидејќи детето е родено со мана и умира, таа не успева да го задоволи својот природен нагон кон мајчинство. Извршува насилство врз себе, сечејќи си ги брадавиците на градите поради тоа што мажот ѝ е прељубник, па нејзините гради ја губат својата природна функција. Овој нејзин акт го толкуваме и како комплекс на кастрација. Таа, повеќе свесно отколку инстинктивно го отфрла од себе сето што е телесно, физичко и живее во и со духот.

Со својата појава, духовните и интелектуалните активности и наклоности Алисон е отелотворување на симболизмот на птицата.

Во митологијата летот на птицата[20] е симбол на односот меѓу небото и земјата. Птицата е во спротивност со змијата како симбол на земјата — приземниот свет. Зборот птица на грчки може да значи и — небо. Од основното нејзино значење како симбол на душата, односно духот произлегуваат и останатите: дека таа е интелект, чисто знаење, инкарнација на смртта и слика на божеството. Птиците ги симболизираат духовните, возвишените состојби на битието.

Во Таоизмот бесмртните земаат облик на птици, со што се означува леснотија, ослободување од земјината тежа. Кај Браманците птицата е фигура на душата, која му бега на телото или пак има само интелектуални функции. Така во *Ригведа* се вели „интелигенцијата е најбрзата птица".[21] Во *Упанишадите* птиците имаат две значења: тие се симболи на индивидуалната душа и на универзалниот дух кој е чисто знаење. Во африканската уметност, птицата, која на маските е чест симбол, ги претставува знаењето, животот и плодноста.

Кај некои народи птицата се јавува како инкарнација на душата на покојниците. Јакутите сметаат дека при смртта добрите и лошите луѓе се качуваат на небото, каде што нивните души земаат форми на птици. Во Египет душата е претставена како птица со глава на маж или жена. Во архаичните религии на Блискиот Исток овој концепт на душата — птица, односно идентификацијата на смртта со птица е атестиран. *Книгата на мртвите* ја опишува смртта како птица во лет. Малите птици како и пеперутките често фигурираат не само како души на умрени туку и како души на деца. Затоа симболизмот на птицата може да се доведе во врска со сли-

[19] *Reflections*, 32.
[20] Види *Dictionnaire*, op. cit. 556—59; *Standard*, op. cit, 142.
[21] Ibid., 556 »l'intelligence est le plus rapide des oiseaux.« Види и Nodilo, Natko. »Religija Srba i Hrvata«, RAD JAZU.

ката на Психа во хеленистичко-римската уметност, каде што таа е претставена како убаво девојченце со крилја на пеперуга, бидејќи кај нив душата често се замислува како пеперута.

Птицата може да биде и слика на божествата. Во келтските верувања таа е гласник на боговите од оној свет, нивен помошник. Во Ирска, Галија и Британија птиците биле почитувани како божества на кои им биле подигнати споменици. Кај Египќаните многу претстави за боговите се комбинација на анатомијата на човек и птица, бидејќи тие првин биле птици и животни кои пополека добиле изглед на луѓе. Такви се: сфингата, а во грчката митологија Горгона (со коса од змии, со страшно женско лице, тело на лавица, крилја на птица, бронзени канџи), Медуза, Харпии, сирените и фигурите.

Во градењето на претставата за Алисон како птица, Макалерз го следи истиот метод како за анималните ликови: придавајќи ѝ во физичкиот изглед и во физиолошките карактеристики атрибути на птица, и поистоветувајќи ја нејзината духовна и интелектуална активност со симболизмот на духовноста и интелигенцијата на птицата.

Наспроти бујноста, заобленоста и еластичноста на Леонора и другите анимални ликови, Алисон е ситна, бледолика, болникава. Калеша, со црни болежливи, блескави очи, голем нос и сензуална уста. Рацете ѝ се тенки до испиеност и болно бледи.

Алисон всушност не јаде ништо супстанцијално, туку пие некакви топли напитоци, и ноќе не можејќи да спие, обично размислува и чита. По смртта на детето веќе не јава, нема никаков физички ниту духовен контакт со мажот Морис. Духовноста и интелектуалноста на Алисон се поистоветува со птицата како нивен заеднички симбол.

Алисон ништо практично не работи, освен што плете. Времето го минува боледувајќи. Живее од своите сеќавања за младоста, сеќавањето на бебето, од читање, слушање музика и бесцелни играрии со слугата, од емоциите на минатото и доживувањата на естетското. Нејзината духовност не се состои само од естетската, туку и од етичката компонента. Таа е единствена што се грози од хипокризијата на Пендертон и Морис, од неверството на својот маж, и аморалноста на Леонора, и го согледува животот како гротеска — како одраз во златното око на паунот. Алисон, свесно негирајќи го животот, отфрлајќи го физичкото, телесното и инстинктивното, се определува за својата неминовна смрт, што и самата ја претчувствува. Како негација на телесноста и инкарнација на духот, таа е птица во својот залуден лет.

Сликата на птица во однос на Алисон е загатната во романот, но не е проследена до крај. Макалерз му остава на перцептивниот читател самиот да ја довообличи од материјалот

содржан во сторијата. Сликата е иницирана во сеќавањето на бесчувствениот Морис на ловот на препелици, на кој тој ја повел набргу по нивната свадба. Првата препелица што ја убил рекол дека е нејзина. Кога Алисон ја вади од челустите на кучето и гледа дека трепери се потресува: „птицата сèуште беше жива; тој безгрижно ја умртви и ѝ ја подаде. Таа го држеше малото топло разбушавено тело што стана некако унижено при падот, и гледаше во мртвите стаклести очи. Тогаш, наеднаш заплака"[22].

Бесчувственоста и анималноста на Морис, неговата неспособност да ја сфати психологијата на својата жена, придонесува за нејзината смрт, а нејзиниот лет во духовноста станува залуден и бесцелен.

Слично и Анаклето и Венчек можат да се поврзат со симболизмот на птицата, иако во врска со нив Макалерз непосредно не ја употребува таа слика. И кај обајцата телесноста и физиолошките потреби се минимални. Обајцата, фатени во сексуална неутралност (Анаклето е момче со феминизирано однесување, а Венчек стар бекар), живеат со и преку уметноста така нагласувајќи го естетскиот аспект и духовноста на ликот на Алисон, бидејќи се единствените со кои таа всушност општи. Венчек свири виолина, слуша сериозна музика и иако е сиромав има пијано, плочи, книги, цвеќе, ангорска мачка. Анаклето е фасциниран со рускиот балет, што самиот се обидува да го имитира. Ужива во сè што е убаво: во цветни аранжмани, убаво сервирана храна и убаво однесување и зборување. Во сè, освен во сликањето кое му е примитивно, е имитатор.

Уживањето во музиката, читањето, задоволството во играриите, укажуваат на наклонетоста на овие ликови кон убавината и хармонијата, кон духовното. Но бидејќи таквата страна на нивната личност не одржува рамнотежа со поинаквата, анималната човекова природа, таа е бесцелна и безживотна.

Конфликтот меѓу спротивностите на човековата природа: анималното и духовното, инстинктот и разумот, несвесното и свесното најочевиден е кај Пендертон — главниот лик на романот. Тој се разликува од останатите луѓе со својот чуден однос кон трите основни феномени на постоењето, животот, сексот и смртта.

Сексуално е биполно суштество (андрогина фигура), „еден вид баланс меѓу женски и машки елементи — со подложност на обата пола но без активна моќ на ниеден од нив"; „Во

[22] *Reflections*, 45, »The bird was still living, so he brained it carelessly and then gave it back to her. She held the little warm, ruffled body that had become degraded in its fall, and looked into the dead little glassy eyes. Then she had burst into tears.«

балансот меѓу двата големи инстинкти, кон животот и кон смртта, вагата силно натежнуваше на една страна — кон смртта. Поради тоа капетанот беше кукавица"[23].

Водејќи живот според стриктните воднички правила, Пендертон претендира да биде интелектуалец, а всушност е деформиран резонер. Многу чита, главата му е полна се статистички податоци и информации за научни точности, зборува три јазика, знае нешто од астрономијата, чита доста поезија, дружејќи се со книгите до длабоко во ноќта. Меѓутоа, неговиот интелектуализам, сведен на празно резонерство е безфункционален, бидејќи е неповрзан со животот и бидејќи капетанот во основата е страшливец.

> Ни покрај своето познавање на многу одделни факти, капетанот никогаш во својот живот во главата немал ниедна идеја, бидејќи формирањето на идеи вклучува соединување на два или повеќе познати факти. А тоа капетанот немал смелост да го направи[24].

Пендертон е во постојан судир меѓу својот разум, свест и инстинктивната, несвесна своја природа, која наоѓа израз во неговото клептоманство. Устремен да живее на рамниште на едностранa интелектуалност (разум и свест), тој го гуши инстинктот и несвесното во себе, станувајќи садист. Видлив израз на неговиот внатрешен конфликт претставуваат епизодите на убивањето на мачето, односот кон жена му Леонора, камшикувањето на коњот и убиството на војникот Вилијамс, настани кои следователно се акумулираат еден во друг.

Набргу по женидбата, фасциниран од убавината, топлината и мекоста на мачето што одненадеж го наоѓа на улица, Пендертон свирепо го убива ставајќи го во процепот на поштенското сандаче. Ја убива животноста и виталноста што тоа ја претставува, потиснувајќи го на тој начин сопствениот импулс кон животот. Убивачки нагон покажува и кон својата жена Леонора, чија анималнa природа истовремено и го одбива и го привлекува.

---

[23] Ibid., 15, »a delicate balance between the male and female elements, with the susceptibilities of both the sexes and the active powers of neither«; 16, »In his balance between the two great instincts, towards life and towards death, the scale was heavily weighted to one side-to death. Because of this the Captain was a coward.«

[24] Ibid., 16, »But in spite of his knowledge of many separate facts, the Captain never in his life had an idea in his head. For the formation of on idea involves the fusion of two or more known facts. And this the Captain had not the courage to do.«

Судирот меѓу разумот и инстинктот, свесното и несвесното е анимиран преку доживувањето кога јава на коњот и преокупираноста со Вилијамс, кој претставува негово човеколико олицетворение. За да го претстави што попластично тој внатрешен судир кај Пендертон, Макалерз изградува сложен модел на слики на коњ и сенка, во кои тие меѓусебно се испреплетуваат и взаемно надополнуваат. Firebird и Вилијамс, односно митскиот коњ се всушност „сенката" на Пендертон во јунговска смисла. Значењата на симболизмот на сенката Макалерз ги изградува, комбинирајќи ги и прелевајќи ги интерпретациите и значењата од фолклорот и аналитичката психологија.

Во фолклорот на разни народи интерпретациите на сенката се сосредоточуваат на идејата дека сенката е душата, животната суштина или силата на поединецот. Така Египтјаните верувале дека луѓето имаат три вида тело: плот, „двојник" и сенка, додека некои племиња во Западна Африка дека човекот има четири души, од кои едната е сенка. Во многу делови на светот (Африка, Јужна и Северна Америка, Азија и Европа) се верува дека суштината на животот, за која се употребува зборот „душа", всушност се наоѓа во сенката и оттука следува постоењето на приказните за вѕидување на сенките. Од северноамериканските Индијанци, Фокс Индијанците веруваат дека човекот има две души — една мала што се наоѓа во срцето и му е дадена од божеството, и една голема — *сенка* што ја дава Висакам — нивниот народен јунак. Кај Индијанците во Северна Канада сенката и душата се разликуваат една од друга и двете заедно се одделуваат од трупот. Душата оди во царството на волкот на Запад, а сенката останува крај гробот. На голем број индијански јазици од Јужна Америка истиот збор значи сенка, душа и слика. Кај многу африкански народи сенката се смета како втора природа на суштествата и нештата и таа се поврзува со појмот на смртта. Сенката е оној аспект на yin, наспроти аспектот на yang.

Јунг го нарекол „сенка" оној несвесен дел на личноста, кој не е наполно несвесен и кој ги претставува непознатите или малку познатите својства на човековото *јас*, неговите скриени, потиснати и често неповолни видови. Сенката, според Јунг, се наоѓа во судир со *јас* и ја претставува втората ненегова страна. Нивниот сооднос е „борба за ослободување". Јунг смета дека во соништата и митовите сенката се јавува во персонифицирана форма, лице со ист пол како и сонувачот. Меѓу архетиповите што ја симболизираат сенката тој ги вбројува и коњите, а во митовите чудовиштата.[25]

[25] Види *Standard*, op. cit. 1000; *Dictionaire*, op. cit. 560—61; *Čovijek i njegovi simboli*, (Karl Jung), Zagreb, Mladost, 1973, von Franz, 158—230.

Во романот *Одрази* сликата на сенката се среќава неколкупати и зборот е употребен само во контекстот на Пендертовите восприемања на Вилијамс, кои секогаш се поврзани со чувство на непријатност, нагласен страв и темнина. По караницата со својата гола жена, Пендертон станува свесен дека куќата сета е осветлена а „сите сенки зголемени", помислувајќи веднаш во страв дека Вилијамс видел сè. Во својот делириум, кога го јава Firebird и кога го обзема мистично чувство дека се спојува со земјата, тој само со крајче на окото гледа човек на карпата како се сонча коњ пасе; по камшикувањето на коњот, спрострен на земјата од изнемоштеност, наеднаш чувствува дека некој е покрај него. Сеќавајќи се на ноќта кога Алисон дошла кај него и кога тој, не сакајќи да се соочи со вистината, не пошол да види кој е во собата на жена му, во „сеновитата потсвест на душата"[26] чувствува дека го знае одговорот.

При единственото свое јавање, јавајќи го Firebird, Пендертон доживува егзалтација полна со страв, ужас и убавина и го чувствува животот околу себе — она што го потсетува на детството и она што го претставува Вилијамс, живеејќи повторно само за едно одредено време во своето несвесно, својот id. Меѓутоа, кога го здогледува во далечината, како некоја сенка, младиот и убав војник како се сонча, тој се бори несвесното да го потисне длабоко во себе и во бес до изнемоштеност го бичува коњот преку кого го доживеал забравеното. Кога Вилијамс го одведува претепаниот коњ, во него се формира чувство на омраза:

> Сите понижувања, зависти и стравови во неговиот живот, најдоа одишка во овој голем бес... Душата му зовре од дузина итри планови, со кои може да стори војникот да страда. Во срцето капетанот знаеше дека оваа омраза, страсна како љубов, ќе остане во него до крајот на животот[27].

Доживувајќи ја и осознавајќи ја својата скриена страна, Пендертон е фасциниран и се ужасува од анималноста на Вилијамс, и тие две чувства во него конвулзивно се борат. Во персонифицирана форма во него се борат свесното и не-

[26] *Reflections*, 21, »all the shades raised«; 146, »in the shadowy unconscious of his mind«.

[27] Ibid., 93. »All the humilations, the envies, and the fears of his life found vent in this great anger... His mind swarmed with a dozen cunning schemes by which he could make the soldier suffer. In his heart the Captain knew that this hatred, passionate as love, would be with him all the remaining days of his life.«

свесното, неговата сопствена суштина и суштината на војникот. Чувствува како обајцата да се борат голи, тело до тело, во смртна борба, кога ги гледа „убавите вешти раце и кревката заобленост на војниковиот врат". Притоа, чувствува слабост во слабините, одвај може да стои, а растреперените очи му се како сини запалени пламени. Со очи „вкочени, свирепи и светли", го следи Вилијамса, гонен од потребата со него да воспостави некаков контакт. Во неговата близина свеста му се заматува, грлото му се стега, одвај може да голта, во опасност е да ја загуби моќта на сетивата („кога беше близу војникот чувствуваше дека не може да гледа ниту да слуша добро")[28].

„Преокупацијата со војникот растеше во него како болест", како рак. Иако прави свесен напор да сфати, сепак не може да разбере како неговото непријатно чувство прераснало во омраза, а тоа во болна опсесија. Неговата инклинација кон несвесното и потребата да го прифати е толку силна што тој почнува да замислува дека и самиот е обичен војник, млад, близнак со Вилијамса, „со младо, еластично тело, грациозен, со густа сјајна коса и трклезни очи, неизморени од учење и напор". Кога не го гледа војникот, „чувствува како срцето му набабрува од дива носталгична тага што не може да ја контролира". Во неговата душа се случува значаен психолошки и мистичен премин. Со „изострена сетивност блиска на делириjум", носејќи ја во себе сликата на војникот, иако се чувствува изолиран од сите, тој станува ранлив, отворен за сето што го гледа околу себе, дури и врабецот. Сето тоа во „неговите очи добива абнормално значење... мистериозно значење за неговата судбина", така губејќи ја примитивната инстинктивна моќ да ги класификува „сетивните впечатоци според нивната важност"[29].

Пендертон е преплавен од својата сенка, и неговата свест и разумност доживуваат растур. Доживува дури напад на амнезија кога заборава сè: зборовите од лекцијата, лицата на студентите. Меѓутоа, во себе единствено јасно ја гледа сликата на Вилијамс.

Конфликтот меѓу свесното и несвесното, разумот и сенката во Пендертона се разрешува ноќта кога го убива Вили-

[28] Ibid. 97—8 »the fine, skilful hands and the tender roundness of the soldier's neck«; 117, »steady, cruel, and bright« 119, »when he was near the soldier he found himself unable to see or to hear properly.«

[29] Ibid, 137, »His preoccupation with the soldier grew in him like a disease«; 139, »with a young, easy body... with thick glossy hair and round eyes unshadowed by study or strain«; 149, »sharpened sensitivity close to delirium«. 150, »took on an abnormal importance in his eyes... some mysterious beating on his own destiny«... »the sensory impressions according to their relative values«.

јамса. Го убива повеќе чувствувајќи го, отколку гледајќи го неговото физичко присуство во собата на Леонора. На тој начин конфликтот меѓу свесното и несвесното, инстинктот и разумот, животот и смртта парадоксално се разрешува во победа на свесното, разумот и смртта преку несвесното и инстинктот како инструмент. Убивајќи го Вилијамса, Пендертон убива дел од себе, ја убива својата сенка.

Додека анималните ликови се претставени преку сликата на животно, слевајќи се сите во сликата на коњот, дотогаш оние кај кои е нагласена духовноста и естетското со сликата на птица. Пендертон, пак, во чија личност се одигрува судирот меѓу свесното и несвесното, разумот и инстинктот, интелектот и анималноста и кој негирајќи и отфрлајќи ја својата „сенка" го негира и отфрла животот во себе и околу себе, е претставен со сликата на мртов предмет — сликата на скршена кукла. Неспособен да изнајде рамнотежа меѓу двојството на својата личност, да ја осознае и прифати својата „сенка", тој живее живот полн со фрустрации, стравови и осаменост.

И при сликањето на неговиот физички изглед Макалерз избира епитети карактеристични за безживотен предмет, кој ја има функцијата на расипан автомат: лицето му е остро и напнато, косата црна, очите стакленосини, рацете бели, гласот врескав и арогантен, зборувањето нервозно и усилено, држењето и одот крут. Особен е и педантен во облеката. Слабо јаде, пребирач е, слабо спие, многу сонува, не јава.

Сликата на скршена кукла во асоцијација со Пендертон прв пат се јавува во епизодата по камшикувањето на коњот. Победен од неговиот животински нагон, полн со животност, иако му се осветува тепајќи го, Пендертон и самиот е исцрпен и „личи на скршена кукла, стара и отфрлена". Слична претстава има самиот тој за себе, кога се обидува да размислува за природата на човековите задоволства. Таа претстава е онаа вистинската, а не онаа каква за него ја имаат другите — „деформирана слика слична на кукла, бедна во лицето и гротескна во обликот". И на крајот од романот сликата е дооформена. Во чудна ноќна ношница тој по убивањето на Вилијамс личи на „скршен и развратен калуѓер"[30]. Монахот на разумот е скршен од својата разумност.

Другите слики што го надополнуваат и заокруснуваат симболизмот во романот се ноќта, шумата, сонот на Анаклето во кој се појавуваат пеперутки и глувци, и секако одблесокот, одразот во златното око, според која романот го добил насловот.

[30] Ibid., 90, »looked like a broken doll that had been thrown away; 144, »a distorted doll-like image, mean of countenance and grotesque in form«; 160, »a broken and dissipated monk«.

Ноќта и шумата се слики што го надополнуваат симболизмот на несвесното, „сенката" и смртта во романот.

Кај Грците ноќта е ќерка на Хасо, мајка на Небото (Уран) и на Земјата (Геа). Затоа таа има двојно значење: на мракот каде што ферментира наставувањето и каде што се подготвува да бликне денот. Таа ќе ги роди сонот и смртта, соништата, тескобите, нежноста и триумфот. Ноќта е слика на несвесното и во ноќниот сон несвесното се ослободува[31].

Макалерз ја употребува сликата на ноќта во релација на ликовите што се стремат кон интелектуалното, разумското и смртта. Алисон и Пендертон ноќе не можат да спијат. Тие ноќе учат, читаат, размислуваат, исполнети со своите измачувања, фрустрации и осаменост. И Вилијамс, кој порано добро спиел, започнува по цела ноќ да бдее над Леонора.

Меѓутоа Пендертон и Алисон токму ноќе го здогледуваат Вилијамса како сенка, што го покажува нивниот нагон обременет со несвесното. На тој начин Макалерз го усложнува традиционалното значење на ноќта, употребувајќи ја во функција на слика и на несвесното и на свесното.

Шумата освен засолниште и закрила во која не влегува светот како кај Келтите, Грците и Индусите и благодет на небото кој носи дожд, има и други значења. Поради нејзината мрачност и длабоки корени, шумата за модерниот аналитичар го симболизира несвесното. Според Јунг, паничните ужаси, стравот од откривање на несвесното се инспирирани од шумата[32]. Макалерз ја употребува сликата на шума во јунговска смисла. Анималните ликови, кои се олицетворение на несвесното не се плашат од шумата и тие најпотполно живеат кога длабоко навлегуваат во неа. Меѓутоа, кај Пендертона стравот од несвесното (од „сенката") е претставен преку неговиот страв од шумата. Тој е крајно вознемирен кога, спротивно на неговите стриктни наредби, Вилијамс ги исечува оние гранки од дрвјата што требало да прават некаков вид ограда, вид од блиската шума. Доживува паничен страв кога разиграниот коњ го носи длабоко во шумата. Потиснувајќи го несвесното, непознатото и заборавено во детството, Пендертон се плаши да ја открие и осознае шумата — својата „сенка", нејзината тајна и таинственост. „Стоејќи сам во шумата, тој беше мало човече"[33].

Во сонот на Анаклето е одразен судирот меѓу спротивностите на човековата природа — анималната и духовната. Во неговиот сон малата Катрин (мртвото бебе на Алисон) добива

---

[31] Види *Dictionnaire*, op. cit., 545.

[32] Види Ibid., 366—67.

[33] *Reflections*, op. cit., 13 »Standing alone in the woods he was a small man.«

форма на пеперуга. (Кога ја држел за раче имал чувство „...како да држам пеперуга в рака"[34]), додека анималноста и бесчувственоста на Морис се искажува преку сликата на новородени лигави глувчиња, што излегле од неговите чизми. Грозејќи се од нив, Анаклето се обидува да ги истресе од себе.

Духовноста и естетичноста на Анаклето, што е всушност аналогна и одраз на таа на Алисон, освен дескриптивно е прикажана и преку симболиката на неговиот сон. Пеперугата, слично како и малата птица во однос на Алисон, поради својата ослободеност од тежината и летот во височините, го симболизира духовниот и естетскиот аспект во Анаклето кон кој тој со сето свое битие е устремен, додека лигавите глувчиња — телесноста и анималноста што тој ги отфрла.

Индуските текстови укажуваат дека одразот на светлината или на реалноста не ја менува природата на предметот што е одразен, туку дека содржи извесен аспект на илузија, извесна лага во однос на принципот, како одразот на месечината во водата. Светлината се одразува во водата, но таа, спротивно на Шива, не продира длабоко. Така глетката претставува едно индиректно, лунарно осознавање. Од друга страна огледалото за реалноста дава една превртена слика. Table d'Emeraude вели дека она што е горе се чини како да е долу. Манифестацијата се содржи во обратниот одраз на принципот[35].

Аспектите на илузија и превртеност на реалноста на сликата што е одразена не се присутни во сликата на одразот што Макалерз ја употребува, туку всушност е обратно. Одразот таа го употребува како средство кое објективно ја одразува реалноста, односно пообјективно отколку неа ја согледуваат ликовите во својата свест.

Така Пендертон за прв пат ја согледува својата вистинска природа во тркалезните, пурпурни и полни со животна радост очи на коњот како „расплинатa слика во вода на своето исплашено лице". Своето болно детство тој го гледа нејасно и со страв. „Во своето минато гледаше како што се зјапа во разнишаната слика на дното на бунарот"[36].

Иако кај едностраните, фрустрирани и осамени ликови во романот клучен проблем е да се осознае суштината на животот и човековата судбина, единствено Алисон со помошта на цртежот на Анаклето успева во тоа. Неговиот „паун некако страшно зелен, со едно големо златно око, и во него тие од-

[34] Ibid., 109, »...like holding a butterfly in my hands«.
[35] Види *Dictionnaire*, op. cit., 511.
[36] *Reflections*, 84, »a liquid image of his own frightened face«. 91. »He looked back at the years behind him as one stares at a shaking image at the bottom of a well«.

рази на нешто ситно и... гротескно"[37] се вистинската претстава на реалноста, на животот на едностраните, било анимални или интелектуални типови луѓе, кои поради тоа што тие се фатени во својата фрустрација и осаменост, е гротескен.

Од подробната анализа на симболизмот на сликата на коњот, птицата, сенката и скршената кукла и оние што нив ги надополнуваат (сонцето, денот, ноќта, шумата, пеперугата и глувчињата и одразот) произлегува заклучокот дека во романот *Одрази* Макалерз употребува митски модели слики, за да ги претстави објективно психолошките тензии во човекот. Бидејќи романот го анимира конфликтот меѓу свесното и несвесното, разумот и инстинктот, духовноста и анималноста во човековата личност, претставен преку две групи ликови што се нивно олицетворение, може да речеме дека тој е роман за „двојникот" во човекот, за неговата „сенка". Лоцирајќи ја драмата што се случува во човековата душа во секојдневната реалност, во одредено време и место, и на еден стилизиран начин покажувајќи ја фрустрацијата и осаменоста од која страда модерниот човек, Макалерз поседува дарба на своите задлабочени видувања да им даде силина на мит.

Ljubica TODOROVA — JANEŠLIEVA

Summary

STRUCTURE, MEANING AND MYTHOLOGICAL ELEMENTS IN CARSON McCULLERS, S NOVEL *REFLECTIONS IN THE GOLDEN EYE*

In her novel *Reflections in the Golden Eye* Carson McCullers deals with the phenomenon of human loneliness treated in a psychological and biological context. It is a novel of characters in which by presenting the events that have lead and resulted in a murder that took place at an army garrison, and the inner conflicts in the mind of the major character (Penderton), the frustration and the inability to communicate of the two basic psychological types of people — the rational and the instinctive — as well as their one-sidedness, incompleteness, egocentricity and loneliness are shown. McCullers has created contrapunctal characters, character- thesis by applying to them images of animals

[37] Ibid., 111, »A peacock of a sort of ghastly green. With one immense golden eye. And in it these reflections of something tiny and... »Grotesque««.

and birds that have mythical implications and thus, revealing the hidden and unknown side of their being. Therefore it could be said that *Reflections in the Golden Eye* is a novel about the double-about man's *shadow*. In this way her stylized modern fable animates man's eternal conflict between his instinct and his reason, between the animal and the spiritual in him, showing the necessity for establishing a certain balance between them, so that loneliness and frustration in life, the inability to communicate and consequently man's inhumanity could be avoided.

The detailed analysis of the symbolism in the novel, of the images of the horse, the bird, the shadow and the broken doll, as well as of those that are complementary to them (the sun, the day, night, the woods· the butterflies, mice and reflections) shows that in her attempt to present objectively the universal psychological states and conflicts, McCuller uses mythical models of images and thus succeeds in giving her profound insights the froce and permanence of myths.

Евтим КАФЕЦИСКИ

УДК 882 (091)

Н. В. ГОГОЉ ВО РУСКАТА КРИТИКА И НАУКА ЗА КНИЖЕВНОСТА

Изучувањето на Гоголь отсекогаш се одвивало под знакот на една непрекидна борба на мислењата околу различните прашања сврзани со одделните етапи од неговиот животен пат, со особините на неговата личност, со творечкиот развиток, а во прв ред — со особеностите на неговата поетика. Притоа сложеноста на појавите од „внатрешната" и „творечката" биографија на Гоголь придонесувала за цела низа спротивни оцени и заклучоци, како и за извесната недореченост што обично ги карактеризира искажувањата за сушноста на тие појави.

Така на пример, познати се долготрајните обиди во критиката сушноста на Гоголевото творештво да се објасни со психологијата на писателот, со една или со друга варијанта на трагедијата на генијалната личност; да се докаже теоријата за „раздвоеноста" на Гоголь, за противречноста меѓу Гоголь-мислител и Гоголь-уметник, Гоголь-романтичар и Гоголь-реалист. За некои Гоголь е човек малку образован, недоволно упатен во прашањата од развитокот на современата филозофско-естетска мисла, писател кој слабо ги познавал западноевропските книжешности; за други тој располагал со широки познанија од сите области на општествениот живот, од уметноста и од книжевноста, како руската така и западните. Според дел од критиката, сликањето во Гоголевите дела ја одразува реалната сотојба на приликите и појавите во животот на тогашна Русија; според други, Гоголевите слики и ликови се само „хиперболи" и „карикатури" кои немаат врска со руската стварност. Во хуморот на Гоголь некои гледаат таква особеност на неговото творештво преку која писателот ги исмејува негативните појави во современиот живот, а тоа исмејување кај него има таква смисла што поминува во сатира; за други пак Гоголевиот смев служи само за тоа да разведри и да развесели.

Заедничко за оцената на Гоголевото творештво од современата на писателот критика и критиката од средината на 50-те години од XIX век е — установувањето блискоста на одделни негови мотиви и епизоди кон украинскиот фолклор, како и определувањето на хуморот за основна црта на Гоголевата творечка индивидуалност. Од дел од критиката исто така се потцртува верноста на сликањето на народниот бит (на пр. во „Вечери на салашот кај Дикањка").

Меѓутоа во искажувањата на современата критика (ако се изземат оцените на Белински) покрај поретките признанија, паѓа в очи или далеку поприсутната тенденција на одречување вистинските вредности на писателот, или нивното речиси целосно неразбирање. Така на пример авторот на „Ревизор" и на „Мртви души" ќе го обвинат за „безвкусност", за „посебна дарба да раскажува шеговни истории", за „варварски" јазик за непознавање на рускиот живот, невистинитост во неговото прикажување и сл.

Н. А. Полевој, уредникот на списанието „Московский Телеграф", не може да најде оправдание за Гоголевата романтичарска хиперболика и префрлувајќи му на писателот за „несообразни карикатури" бара од него такво сликање кое одговара на животот. Во рецензијата на „Вечери на салашот кај Дикањка" („Московский Телеграф", 1831, бр. 17) Полевој прави и низа иронични забелешки за „недостатоци на јазикот", за „одвратни детали", за „бедност на фантазијата" и сл. Крајно негативната оцена на Полевој предизвикала реакција кај некои од критичарите, како на пр. кај О. М. Сомов и Н. И. Надеждин. Во своите статии и рецензии тие полемизираат со Полевој и го бранат Гоголь, што сведочи за разгорената борба околу името на писателот веќе на првите етапи од неговиот творечки пат. Под влијание на полемиката, а и одново размислувајќи за повестите на Гоголь, во осврот на втората книга од „Вечери на салашот кај Дикањка" Полевој прави значителни корекции во своите ставови.

О. И. Сенковски во својата статија за „Мртви души", објавена во августовскиот број на „Библиотека для чтения" за 1842 г., со нагласена ирониј зборува за стилот на „Мртви души", забележувајќи дека „најјасните епитети" кај нивниот автор се „бог знае" и „ѓаволот знае"; „а пак кога сака со необична точност да го определи предметот, употребува некаков. Мајстор на стилот, нема што!", заклучува критичарот. На Сенковски му паѓа в очи и Гоголевиот обичај да скока од предмет на предмет, но тој „обичај" критичарот не го восприема како една од особеностите на гротескната сушност на Гоголевиот стил, туку како недостаток

на тој стил, тесно сврзан со погореспомената „немоќ" на писателот да го „определи предметот". Сенковски решително востанува и против именувањето на „Мртви души" со „поема", што го асоцирало со мислите на К. С. Аксаков, одушевениот апологет на Гоголевото дело, за блискоста на Гоголь до Хомер изразени во статијаа „Неколку зборови за поемата на Гоголь „Доживувањата на Чичиков или Мртви души" (1842). На излезената во 1845 г. книга на П. А. Кулиш „Обид за биографија на Н. В. Гоголь" Сенковски ѝ посветил опширна рецензија во која сака да докаже дека, освен „пламените обожаватели и привржаници", другата публика секогаш си останувала „повеќе одошто непријателска, студена и рамнодушна кон Гоголь". А тоа е според Сенковски затоа што поради „нејасноста" на своите поими Гоголь и не можел да делува „на разумот на епохата".

Појавувањето на книгата на Кулиш ќе го искористи за напад на Гоголь и Ф. В. Булгарин, за кого сите попознати француски, англиски и германски писатели (кои имале успех кај европската публика), стојат неспоредливо повисоко од Гоголь. Кај сите нив има некаква висока идеја, познавање на човековото срце и на општеството; кај Гоголь — само карикатури, кај него нема ни еден висок карактер, тој ги слика само физичките чувства, зашто според Булгарин, — „не го познава човекот".

За С. П. Шевирјов, покрај К. С. Аксаков еден од најпознатите претставници на словенофилската критика, меѓу кои авторот на „Ревизор" и на „Мртви души" имал повеќемина пријатели и поклоници, учеството во полемиката околу Гоголь значело и брба за Гоголь. Неговата анализа на „Мртви души" содржи интересни мисли за типичноста на Гоголевите карактери, за естетската смисла на лирските места во поемата и тн. За него, „колку понизок, погруб, поматеријален" е светот што го слика писателот „толку повисоко, поодделна и послободна од него треба да биде неговата субјективна личност..." Оттука, според Шеширјов, „како да се гледаат две сушества" во делото на Гоголь, а неговата поезија „не е целосна, ... а двојствена, раздвоена". Шеверјов му префрла на Гоголь за тоа што „понекогаш комичниот хумор му смета... да го опфати животот во сета негова потполност и широчина" („Москвитянин", 1842, бр. 7 и 8).

Највисоките достигања на критичката мисла на В. Г. Белински се сврзани со неговите интерпретации на особеностите и уметничките вредности на творештвото на Пушкин, Лермонтов и Гоголь, трите најпознати имиња на руската книжевност од првата половина на XIX век.

Врската Белински — Гоголь има посебно значење не само за толкувањето на сложените појави од Гоголевото творештво, туку и во склопот на естеската и идејната борба што се води во рускиот книжевен и општествен живот во 30-те 40-те години од XIX век. И Гоголь и Белински се родени во таа борба за новото во естетиката и во книжевноста и како појави на тој процес тие заемно се дополнуваат и објаснуваат.

Определувачко за односот на Белински кон Гоголевото творештво, како и воопшто кон секоја појава на уметноста, е неговото сфаќање за високите и за трајните вредности само на она уметничко дело кое е сврзано со животот, со вистината за него. Оттука Гоголь со своите први повести ќе го привлече вниманието на Белински, кој понатаму многу од ставовите од своите книжевно-критички погледи ќе развие и ќе образложи врз материјалот од Гоголевите уметнички создании. „Г. Гоголь... му припаѓа на бројот на необичните таленти. Кој не ги знае неговите „Вечери на салашот кај Дикањка"? Колку остроумност, веселост, поезија и народност има во нив?",[1] пишува Белински 1834 г. во своите „Книжевни визии". Подоцна, разгледувајќи ги другите повести на Гоголь, Белински пак ќе се осврне на повестите од „Вечери на салашот кај Дикањка", кои се за него „поезија млада, свежа, мирисна, упојна како љубовен бакнеж..." Во споредба со нив во повестите од „Миргород" и „Арабески" има „помалку од тој упој, од таа лирска нездржаност, но повеќе длабочина и верност во сликањето на животот.[2]

За Белински Гоголь стои на чело на сета современа руска уметничка проза, тој „барем во сегашно време е глава на книжевноста, глава на поетите"; во прв ред со неговите достигања во книжевното творештво е сврзано постоењето на „натуралната школа". Во списанието „Молва" (1835 г., бр. 15) Белински објавува пократка рецензија на „Миргород" и „Арабески" во која „новите дела на разиграната и оригинална фантазија на г. Гоголь" ги разгледува како „најнеобични појави во современата книжевност". Нешто подоцна истата 1835 год. во списанието „Телескоп" (бр. 7 и 8) се појавува опширната статија на Белински — „За руската повест и повестите на г. Гоголь", како резултат од едно опстојно изучување на творечката оригиналност и на уметничките достоинства на дотогашните Гоголеви прозни остварувања.

[1] В. Г. Белинский. Собрание сочинений в трех томах. Том I, Госиздудлит, Москва, 1948, стр. 83.

[2] Исто таму, стр. 141.

Таа статија, покрај тоа што критички ги следи развитокот и достигањата на руската повест, почнувајќи од Марлински и завршувајќи со Гоголь, претставува и еден од најзначајните теоретски трудови на младиот Белински.

Откако најпрвин констатира дека во споредба со непосредното книжевно минато, кога доимнантни жанрови во книжевноста биле одата, басната, трагедијата, баладата, елегијата, идилата и Пушкиновата поема, „сега сета наша книжевност се претвори во роман и во повест"[3], Белински поминува на причината за таквата појава во современата книжевност, толкувајќи ја „како последица од општата потреба и од господаречкиот дух на времето". Но во што се состои, според авторот на статијата „За руската повест и повестите на г. Гоголь", таа „општа потреба" и тој „господаречки дух на времето", кои „сите книжевности ги подвеле под формите на романите и на повестите"?

Има „два начина", определува најнапред во врска со поставеното прашање Белински, на кои „поезијата ги опфаќа и ги репродуцира појавите од животот. Поетот или го пресоздава животот според сопствениот идеал, кој зависи од начинот на неговото гледање на работите, од неговиот однос кон светот, ...или го опишува во сета негова голота и вистина, останувајќи им верен на сите подробности, бои и нијанси од неговата стварност. Според тоа поезијата може да се раздели... — на идеална и реална"[4]. „Детството на древниот свет", продолжува понатаму Белински, „се завршило; верата во боговите и во чудесното умрела; духот на героизмот исчезнал; настнал векот на стварниот живот... Се родила идејата за човекот, индивидуалното суштество, одделно од народот, интересно без односи, во самото себе... Со својот неспоредлив Дон Кихот Сервантес го уништи лажно-идеалниот правец во поезијата, а Шекспир неа за секогаш ја помири и спои со стварниот живот"[5]. Тоа се всушност онаа „општа потреба" и оној „господаречки дух на времето" за кои станува-ше збор погоре и од кои произлегуваат новите барања во книжевноста, кои ги определуваат и новите жанрови и други форми на одразот на стварноста. Најсуштественото обележје на таа „реална поезија, поезија на животот, поезија на стварноста, најпосле вистинита и вистинска поезија на нашето време", потцртува Белински, се состои „во верноста кон стварноста", зашто за него „каде е вистината таму е и поези-

[3] Исто таму, стр. 102.
[4] Исто таму, стр. 103. — Курзивот на В. Г. Белински. — Во сите натамошни цитати од статиите на Белински — курзивот негов.
[5] Исто таму, стр. 106, 107.

јата"; нејзиниот „вечен јунак, постојаниот предмет на нејзините вдахновенија е човекот, самостојното суштество кое дејствува слободно, индивидуалното, симболот на светот, неговата крајна појава, интересното таинство за самиот себе, завршното прашање на сопствениот ум, последната загатка на неговиот љубопитен стремеж..." Во делата од таа поезија животот е насликан во „сета негова голота", во нив „него како да го секцираат со анатомски нож"[6]. А на тој „реален правец во поезијата" исцело му припаѓа Гоголь.

Враќајќи се уште еднаш на прашањето за господството на романот и на повеста во современата книжевност, Белински овојпат е уште поконкретен во објаснувањето на „причините" за него. Имено, можностите на формата на романот и на повеста, според Белински, се „поудобни" и пошироки за уметничкото сликање на човекот во однос на општествениот живот, од можностите на оние книжевни жанрови и видови што по својата застапеност доминирале во претходната книжевна продукција. Романот и повеста допуштаат проникнување во нивната структура на „такви детали, такви ситници, кои при сета нивна навидумна ништожност, ако се гледа на нив одделно, имаат длабока смисла и беэдна поезија во врска со целото, во општоста на делото, додека тесните рамки на драмата, директно или индиректно, повеќе или помалку, но секогаш се потчинуваат на сценските услови, бараат посебна брзина и живост, во текот на дејствието и не можат да допуштат во себе големи подробности, зашто драмата претежно, над сите родови на поезијата, го претставува човековиот живот во неговата највозвишена појава"[7].

Во својот преглед на одделните автори чие творештво е предмет на неговата анализа, Белински го покажува Марлински како „зачетник на руската повест", како писател кој ја започнал својата книжевна дејност со руски повести, „чија содржина е земена од светот на рускиот живот", иако тие негови повести „не се р е а л н а поезија, зашто во нив нема вистина за животот, нема стварност..."[8]. Сепак, Марлински има свое место и значење во историјата на руската книжевност имено како зачетник на руската повест, зашто до него во руската проза, констатира Белински, бил во полна доминација XVIII век со забележливото влијание од туѓите книжевности, кога „уште сите повести и романи завршувале среќно..."[9]

[6] Исто таму, стр. 108.
[7] Исто таму, стр. 112.
[8] Исто таму, стр. 114.
[9] Исто таму, стр. 115.

Со имињата на Марлински, кн. Одоевски, Погодин, Полевој, Павлов, Гоголь — Белински го означува „потполниот круг на историјата на руската повест". Завршувајќи го својот осврт на раскажувачите до Гоголь, Белински ги резимира и најкарактеристичните обележја на творештвото на секој од нив: „Г. Марлински е назначен како прв кој навести што е тоа повест; за кн. Одоевски повеста е само форма; два-трите успешни обиди на г. Погодин уште не претставуваат авторитет, колку поради тоа што нивното достоинство е едностранo, толку и затоа што тие биле споредна работа за својот автор, одмор од научната дејност . . . ; г. Павлов штотуку го започна своето творештво, а колку и да е убав почетокот, по него не може да се прави цврст заклучок за писателот"; во повестите на Полевој „има еден значаен недостаток . . . Тој недостаток се состои во тоа, што во нив, како и во неговите романи, покрај многуте очигледни знаци на вистинско творештво, на вистинска уметност, се забележува и големо учество на умот . . . кој во уметничката работа бара одмор . . ."[10].

Пристапувајќи кон анализата на појавите од творештвото на Гоголь, Белински најнапред укажува на општите обележја на неговите повести — „простотата на замислата, народноста, совршената вистина за животот, оригиналноста и комичност занес секогаш победуван од длабокото чувство на тага и тегобност. Причината за сиве овие качества е во еден извор: г. Гоголь е поет, поет на стварниот живот"[11], нагласува Белински.

Во толкувањето на одделните особености на Гоголевите повести Белински за основен излезен пункт го има својот став за изразитата самобитност на Гоголь како творечка појава: „Кажете каков впечаток пред сè предизвикува кај вас секоја повест на г. Гоголь?", прашува критичарот. „Не ве тера ли таа да речете: „Колку просто, обично, природно и воедно колку оригинално и ново е сето тоа!"[12]

[10] Исто таму, стр. 124.

[11] Исто таму, стр. 125.

[12] Исто таму, стр. 129. — На прашањето за длабоката самобитност на Гоголь Белински се враќа и подоцна, по други поводи. Во статијата за „Петербургскиот зборник" (1846) тој зборува за „оригиналниот и самобитен свет на поезијата на Гоголь, која му припаѓа исклучиво на неговиот талент", за „беспримерната во нашата книжевност оригиналност и самобитност на Гоголевите дела . . . беспримерна затоа што во тој поглед ни еден руски поет не може да се споредува со Гоголь", за тоа дека „Гоголь немал претходници во руската книжевност, немал (и не можел да има) обрасци во странските книжевности. За родот на неговата поезија до нејзиното појавување немало ни предвест" (В. Г. Белинский. Собрание сочинений в трех томах. Том III, Госизхудлит, Москва, 1948, стр. 62, 63).

Понатаму Белински поминува на главната мисла од својата интерпретација на Гоголевото уметничко творештво, — мислата за неговата верност кон животот, кон стварноста: „...не се запознавате ли вие со секоја личност од неговата повест така брзо, како одамна да сте ја знаеле, како долго да сте живееле со неа?“ И понатаму: „Не му верувате ли вие на зборот, не сте готови ли да се заколнете дека сето раскажано од авторот е права вистина, без каков и да е примес од нешто измислено?“ И објаснувајќи ја причината за таквите својства на Гоголевата уметност, Белински потцртува: „Тие созданија се означени со печатот на вистинскиот талент, тие се создадени по безусловните закони на творештвото,... тоа е поезија реална, поезија на стварниот живот...“[13] Оттука и понатамошното „предупредување“ на Белински: „Кога би намислил јас да ги испишам сите места што докажуваат дека г. Гоголь ја доловил идејата на животот што го прикажува и дека верно ја претставил, то јас би морал да ги препишам речиси сите негови повести од збор до збор“[14].

Белински укажува и на таквата особеност на Гоголевата уметничка индивидуалност, која се состои во тоа авторот „да го заинтересира читателот со празни, ништожни подробности“. „И колку пообична е... содржината на повеста, која премногу го апсорбира вниманието на читателот“, објаснува во врска со тоа критичарот, „толку поголем талент на авторот открива таа“[15]. А адачата на реалната поезија“, според Белински „и се состои во тоа, да ја извлекува поезијата на животот од прозата на животот и да ги возбудува душите со верното сликање на тој живот“[16].

Поминувајќи на карактерот на Гоголевиот хумор Белински пишува: „Што претставува речиси секоја од неговите повести? Смешна комедија, која почнува со глупости, продолжува со глупости и завршува со солзи и која, најпосле, се наречува ж и в о т. И така сите негови повести: отпрвин смешно, потоа тажно! И таков е нашиот живот: отпрвин смешно, потоа тажно! Колку поезија, колку филозофија, колку вистина има тука!...“[17]

„Народноста“ на Гоголевите повести, за која зборува понатаму во својата статија, Белински ја сфаќа не како достоинство, а како „неопходен услов на вистински уметничкото дело, ако под народност треба да ја разбираме верноста на сликањето на животот, обичаите и карактерот на овој или оној

[13] Исто таму, стр. 129.
[14] Исто таму, стр. 135.
[15] Исто таму, стр. 129—130.
[16] Исто таму, стр. 131.
[17] Исто таму, стр. 130.

народ, на оваа или онаа земја. Животот на секој народ се манифестира во своите единствено за него својствени форми, според тоа, ако сликањето на животот е верно, тоа е и народно"[18].

Најсуштественото од ставовите на Белински содржани во статијата „За руската повест и повестите на г. Гоголь" ќе влезе во основата и на подоцнежните негови оцени за творештвото на големиот уметник.

Белински, како и Гоголь, јасно ги согледувал слабите страни, бессодржајноста, шематизмот и безживотноста на делата од онаа драмска продукција, во прв ред комедиографската, што се наоѓала на репертоарот на современиот руски театар. Тоа биле предимно разните преведени и „руски", но сочинувани пак според туѓи обрасци водвили и други комични состави, што ги карактеризирале отсуството на општествено-социјална проблематика и „лесниот смев". Покрај тоа на руската сцена цврсто се држале псевдоромантичните драми на Н. В. Кукољник, забавните, полни со идеализации на односите и на животот на спаиските економии комедии на А. А. Шаховској и М. Н. Загоскин и сл.

Белински не бил задоволен од таквата состојба на современиот руски театар. Оттука уште во „Книжевни визии" тој ќе ја изрази својата пламена мечта: „О, колку убаво би било кога ние би имале свој, народен руски театар!"[19] Излегувањето од печат на „Ревизор" и неговото поставување на сцена означувало остварување на таа негова мечта. Во „Московски записи" („Молва", 1836, бр. 8) го наоѓаме и првиот одзив на критичарот за Гоголевата комедија: „Не треба да зборуваме какво широко, какво славно поле се открива овде за неговата дејност; ќе кажеме само дека на тоа поприште очекуваме многу од г. Гоголь. Неговиот оригинален поглед на работите, неговото умеење да ги доловува цртите на карактерите, да им дава печат на типични, неговиот непресушен хумор — сето тоа ни дава право да се надеваме дека нашиот театар наскоро ќе оживее, подобро речено — дека ќе имаме свој национален театар . . ."

Сепак, кон опстојно и продлабочено разгледување на „Ревизор" како нова и високоуметничка појава во руската драматургија Белински ќе пристапи во својата опширна статија за „Неволја од ум" (1839 г.), во која најмногу простор и внимание критичарот ќе посвети на анализата на ликовите на градоначалникот и на Хлестаков. „Лишен во младоста од секак-

[18] Исто таму, стр. 135.
[19] Исто таму, стр. 66.

во религиозно, морално и општествено образование", пишува Белински, „тој (градоначалникот — Е. К.) го наследил од татко-то и од светот што го окружувал, следното правило на вера-та и на животот: во животот треба да се биде среќен, а за тоа се потребни пари и чинови, а за нивното стекнување земање мито, проневера, нископоклонство и подлост пред власта, пред угледните и богатите, рушење и животинска грубост спрема пониските од себе. Проста филозофија! Но имајте на ум дека кај него тоа не е разврат, а негов морален развиток, негов највисок поим за своите објективни обврски..." И таквото свое постанување „тој го оправдува со простото правило на сите ординирани луѓе: јас не сум ни прв, ни последен, сите прават така". Тоа практично животно правило е така длабоко вкоренето во него што се претворило во правило на моралноста..."[20], забележува Белински.

Во восприемањето на Белински Хлестаков покрај главната црта на неговиот карактер — лажењето, е оличение уште и на плиткоста и ништожноста. Само безмерниот страв на градоначалникот и на другите претставници на градската управа од ревизијата, довел до тоа него да го примат за она што не е. „За градоначалникот", објаснува Белински, „ревизорот бил премногу мудра книга веќе само затоа што е ревизор — тешко било тој да го напушти овој аспект и затоа сè што лажел потоа Хлестаков... само уште повеќе го зацврстувало градоначалникот во неговата заблуда, место да го изведе од неа и да му ги отвори очите"[21]. Инаку, потсетува Белински, Хлестаков се спремал да оди в затвор, а наеднаш, по ненадејната промена во неговата судбина, се најдува окружен со сеопшто внимание и со почит, „се снабдува" со пари, по мачителниот глад се најадува и напива... Но поради што и како дошло до таа неочекувана промена во неговата положба, — сите да стојат пред него во став „мирно", тој тоа не се мачи да си го објасни; зашто, „за да се разбере тоа, треба да се размисли, а тој не умее да мисли, тој се влече онаму каде и како го туркаат околностите"[22], забележува Белински.

Зборувајќи во врска со „Ревизор" за достоинствата на вистински уметничкото создание, Белински потцртува: „Во уметничкото дело нема ништо произволно и случајно, а сè е неопходно и логички произлегува од неговата идеја"[23]. Секој детаљ од текстот на „Ревизор" уверливо го покажува тоа: „Да,

[20] Исто таму, стр. 485—486.
[21] Исто таму, стр. 495.
[22] Исто таму, стр. 496.
[23] Исто таму, стр. 487.

во таа комедија нема ни еден збор чија строга и безусловна неопходност не би можела да се докаже со самата сушност на идејата за вистинитоста на карактерите"[24].

Во врска со сцената што ја приведува подолу, деталите од која би можеле да послужат како илустрација на ова негово мислење, во која „мајката и ќерката се советуваат за тоалетата... и спорат за бледожолтиот фустан", во врска со „таа сцена и со тој спор" кои „потплно и со изразити црти ги обележуваат сушноста, карактерите и заемните односи на мајката и ќерката", Белински се запира на прашањето за типичноста, толку својствена за Гоголевите ликови и слики: „Токму во тоа и се состои т и п и ч н о с т а на сликањето: поетот ги зема најострите, најкарактеристичните црти на лицата што ги слика, отфрлајќи ги случајните, што не придонесуваат за истакнување на нивната индивидуалност. Но тој не ги избира со сортирање, не со размислување и со сравнување на оние што повеќе одговараат со оние што помалку одговараат, тој дури и не мисли, не се грижи за тоа, но сето тоа бидува кај него само по себе, зашто опишуваните од него лица на хартија најнапред се изразиле во неговата фантазија, и се изразиле во сета своја полнота и целост..."[25] и тн., формулирајќи ја притоа својата теорија за уметничкиот тип, укажувајќи на специфичните за уметничкиот творечки процес форми во кои авторот ги овоплотува своите типични созданија.

За да претставува неговото дело „затворен во самиот себе свет", што е според Белински еден од неопходните услови на секоја драма, авторот „зел од животот на своите јунаци таков момент во кој се сосредоточува сета целосност на нивниот живот, неговото значење, сушност, идеја, почеток и крај... — очекувањето и приемот на ревизорот"[26]. Во тоа што во концепцијата на „Ревизор" стравот е главна движечка сила на дејствието, а градоначалникот е уплашен од таквото „глупаво детиште" какво што е Хлестаков, примајќи го за ревизор, Белински гледа „длабока идеја". Дотолку повеќе што „градоначалникот на Гоголь", објаснува Белински, „не е карикатура, не е комична фарса, не е преувеличена стварност и воедно ни најмалку не е глупав, туку по своему мошне и мошне умен човек..." Крајот на комедијата, — „таму кадешто градоначалникот дознава дека е казнет од привидение и дека му претстои казна уште и од стварноста", за Белински е извонредно закономерен на нејзината идеја. „И затоа доаѓањето на жандарот со известието за пристигањето на вистинскиот ревизор",

[24] Исто таму, стр. 491.
[25] Исто таму, стр. 495.
[26] Исто таму, стр. 485.

заклучува Белински, „прекрасно ја завршува пиесата и ѝ ја придава сета полнота и сета самостојност на посебен, затворен во самиот себе свет“[27].

Пролетта 1842 г. излегуваат од печат „Мртви души“. Набргу по нивното излегување во петербургските и во московските списанија се појавуваат бројни, различни по својата управеност одзиви на новото дело на Гоголь, што ќе го предвестат натамошниот разгор на борбата на мислењата околу него.

Во својата прва статија за „Мртви души“ — „Доживувањата на Чичиков или „Мртви души“ (1842 г.), откако потсетува на тоа дека „Гоголь прв погледнал смело и право на руската стварност“, Белински укажува на посебноста и величината на последното дело на Гоголь на дотогашните негови дела, како и на суштоста на новите особености што го одликуваат него: „Во „Мртви души“ авторот направил таков голем чекор што сè дотогаш напишано од него се чини слабо и бледо во споредба со нив... За најголем успех и чекор напред од авторот го сметаме тоа што во „Мртви души“ насекаде забележливо и така да се рече опипливо избива неговата субјективност. Овде ние ја разбираме не онаа субјективност која со својата ограниченост или едностраност ја искривува објективната вистина за насликаните од поетот предмети, но онаа длабока, сеопфатна и хумана субјективност, која во уметникот открива човек со пламено срце... Тоа преовладување на субјективноста, проникнувајќи ја и оживувајќи ја сета Гоголева поема, достига до висок лирски патос и со освежувачки бранови ја опфаќа душата на читателот...“[28]

Летото 1842 г. во Москва била напечатена брошурата на Константин Аксаков „Неколку зборови за поемата на Гоголь“ „Доживувањата на Чичиков или Мртви души“, во која авторот ја докажувал својата мисла дека Гоголевата поема со особеностите на формата и со содржината ги обновува во руската книжевност традициите на Хомеровиот еп. Според К. Аксаков историјата на светската книжевност по Хомер покажувала процес на непрекидно опаѓање додека најпосле древниот епос не се изродил во современиот роман. Белински веднаш се одзвал со негативна рецензија на брошурата на К. Аксаков во списанието „Отечественные записки“ (1842, бр. 8), во која тој ја докажува бесмисленоста на секакво сопоставување на Гоголь со Хомер: „Илијада“ изразила позитивна, реална, општа, светска и сесветско-историска, според тоа и бесмртна содржина; „Мртви души“, како и секоја друга руска поема, засега уште

[27] Исто таму, стр. 486, 487.

[28] В. Г. Белинский. Собрание сочинений в трех томах. Том II, Госизхудлит, Москва, 1948, стр. 288—289.

не можат да изразат слична содржина, затоа што таа уште нема од каде да се земе..., објаснува Белински и додава: „Во „Илијада" животот е издигнат во апотеоза; во „Мртви души" тој се распаѓа и одречува; патосот на „Илијада" е блажениот упој кој произлегува од контемплацијата на дивно божествената слика; патосот на „Мртви души" е хуморот, кој го доловува животот низ видливиот за светот смев и невидливите, непознатите нему солзи"[29].

Во одговорот на Белински К. Аксаков истапил со противкритика во списанието „Москвитянин" (1842, бр. 9). Полемиката се завршила со опширната статија на Белински „Објаснување на објаснувањето по повод поемата на Гоголь „Мртви души" („Отечественные записки", 1842, бр. 11), во која тој опстојно ја образложува својата критика на становиштето на Аксаков. „Старогрчкиот епос можел да постои само за старите Грци, како израз на нивниот живот, на нивната содржина во нивна форма", подвлекува Белински. „За новиот пак свет тој немало зошто повторно да оживува, зашто новиот свет има свој живот, своја содржина и своја форма, според тоа и свој епос. И епосот на новиот свет се јавил предимно во романот чија главна разлика од старогрчкиот еп, покрај христијанските и другите елементи од новиот свет, ја сочинува уште и прозата на животот која влегла во неговата содржина и му е туѓа на старогрчкиот епос. И затоа романот никако не е искривување на древниот епос, туку е епос на најновиот свет, историски возникнат и развиен од самиот живот, негово огледало, како што „Илијада" и „Одисеја" биле огледало на стариот живот"[30].

Полемизирајќи со Константин Аксаков Белински укажува на неговите „фантазии" и „алузии", како на пример на тоа, дека според него „епската контемплација на Гоголь е — древната, вистинитата, истата како и кај Хомер" и оти „таа контемплација ја гледаме само кај Гоголь". Во врска со тоа тој го цитира К. Аксаков: „Поемата на Гоголь (вели тој) ви претставува цела форма на животот, цел свет... — свет кој изразува длабока целост, длабока, внатрешна содржина на општиот живот, свет кој ги поврзува со единствен дух сите свои појави". На ова Белински со отворена ирониja забележува: „Против ова нема што да се возрази: тоа е јасно. Ве молам: каков општ живот има во Чичкови, Селифани, Манилови, Пљушкини, Собакевичи и во сета таа почитувана компа-

[29] Исто таму, стр. 296.
[30] Исто таму, стр. 324.

нија што со својата ординарност го наполнува вниманието на читателот во „Мртви души"? Каде е овде Хомер? Каков Хомер овде? Овде е просто Гоголь — и никој повеќе"[31].

Тоа што било содржано во Гоголевата идеја за повеќетомна слика на Русија (II и III том на „Мртви души"), уверувањата на писателот за нови преродени јунаци во продолжението на поемата, побудило сомненија кај Белински. Неговата тревога во врска со тоа наоѓа израз на страниците од статијата „Објаснување на објаснувањето по повод поемата на Гоголь „Мртви души". Тој пишува: „Досега уште немало поважно дело за руската општественост, и само Гоголь може да ни даде друго, поважно дело, а дали навистина ќе даде — впрочем којзнае, судејќи по некои основни принципи на мислењето, што доста непријатно проблеснуваат во „Мртви души" и се однесуваат кон нив како дамки и петна кон сликата на великиот мајстор..."[32] Подолу Белински уште еднаш се враќа на таа мисла: „Впрочем којзнае како уште ќе се разоткрие содржината на „Мртви души"... Нам ни ветуваат невидени мажи и деви, какви уште немало на светот... Да, којзнае впрочем... можеби, судејќи по овие ветувања, г. Константин Аксаков скоро ќе дочека оправдание за некои од своите фантазии... Тогаш ние ниско ќе му се поклониме и од сè срце ќе го поздравиме... Но дотогаш — повторуваме: во тоа што уметничката дејност на Гоголь е верна на стварноста ние ја гледаме цртата на генијалноста"[33]. И признавајќи ја величината на творечката сила на Гоголевата фантазија, Белински воедно предупредува: „Ние дури имаме смелост да мислиме дека непосредноста на творештвото кај Гоголь има свои граници и дека таа понекогаш му изневерува нему, особено таму кадешто во него поетот се судрува со мислителот, то ест кадешто се работи во прв ред за идеи..."[34]

Подоцна во својата кратка рецензија на второто издание на „Мртви души" — „Доживувањата на Чичиков или „Мртви души", пишувана под впечатоците од „Избрани места од преписката со пријателите" и објавена во првиот број од „Современик" на Некрасов и Панаев (1847 г.), Белински уште поконкретно ќе ја формулира основата за својата вознемиреност поради таквите „знаци" во творештвото на Гоголь: „Значајни недостатоци наоѓаме во романот „Мртви души" речиси насекаде каде авторот се сили од уметник да стане некаков пророк и запаѓа малку во неприроден и високопарен лиризам...

[31] Исто таму, стр. 327.
[32] Исто таму, стр. 330.
[33] Исто таму, стр. 335.
[34] Исто таму, стр. 335—336.

Но за несреќа тие мистично-лирски немирштини во „Мртви души" не се прости, случајни грешки од страна на нивниот автор, туку можеби зрно на потполното губење на неговиот талент за руската книжевност..."[35] Оваа рецензија на Белински претставува всушност еден вид увод кон познатата негова статија за споменатите „Избрани места од преписката со пријателите", објавена во вториот број на списанието „Современик" за 1847 г.

Белински планирал подетална анализа на Гоголевите дела во „посебна статија", која меѓутоа не стигнал да ја напише.

По смртта на Белински критичкиот оддел на списанието „Современик" го преземаат во свои раце П. В. Аненков и А. В. Дружинин. Аненков, кој подоцна ќе се појави како автор на познатите спомени за Гоголь и за кружокот на Белински, во тие години истапувал како противник на Белински. Дружинин пак, како апологет на дворјанското сфаќање за уметноста и книжевноста, имено поради изразитиот демократизам на Гоголевите уметнички созданија во своите статии настои да го омаловажи вистинското значење на Гоголь за руската книжевност. Притоа тој не го одречува Гоголь како уметник; на страниците од „Современник" ќе се сретнат дури и пофални зборови за одделни негови творечки достигања. Меѓутоа, сопоставувајќи ги Гоголь и Пушкин и поставувајќи го прашањето за нивното значење за руската книжевност, Дружинин се изјаснува за неспоредливо и речиси безусловно повисокото место на Пушкин во тој однос. Погоден повод за ваквата оцена било излезеното во 1855 г. Полно собрание на Пушкиновите дела во издание на Аненков, на кое Дружинин му посветил поголема статија. Според него неопходно е за процутот на руската книжевност на Гоголевото влијание да му се спротивстави Пушкиновото. Во таа смисла Дружинин потсетува дека Гоголь, според него, и не е писател кој може да им служи за образец на други писатели. За него Пушкин е единствениот поет кој делува така што на рускиот живот да се погледне како на извор на поетски и среќни доживувања, а не како на објект за „сатира што казнува". Во својата интерпретација и во своето омаловажување на Гоголь Дружинин имал и истомисленици.

На тој начин кон средината на 50-те години од XIX век во руската книжевна критика се формира издиференцирана група од противниците на Гоголь, чие пишување и истапување било управено кон оспорувањето на оние вредности што објективно му припаѓале на Гоголевото книжевно дело.

---

[35] В. Г. Белинский. Собрание сочинении в трех томах. Том III. Госизхудлит, Москва, 1948, стр. 684—685.

Во таа борба околу Гоголь Н. Г. Чернишевски ќе ја земе на себе улогата да го брани неговото име од нападите. Чернишевски прв ќе го употреби називот „Гоголевски период на руската книжевност" за епохата на 30-те и 40-те години. Во таа своја определба и во објаснувањето на причините за релативно долгото траење на тој период, Чернишевски излегува од своето сфаќање за необичната „длабочина и широчина на сферата на Гоголевите идеи" за чија „разработка од книжевноста" и „усвојување од општеството"[36] било потребно многу време.

Во првата статија од својот „Преглед на Гоголевскиот период на руската книжевност", во кој покрај историјата на руската критика од 30-те и 40-те години се дава и оцена на Гоголь како писател и човек и се определува неговото место и значење за рускиот книжевен и општествен живот, Чернишевски пишува: „Без секаква споредба ние Гоголь го наречуваме најголем од руските писатели по значењето"[37]. Ваквата висока оцена на Гоголь произлегува од познатата естетска теза на Чернишевски според која уметноста не треба да претендира на тоа да биде повисоко од стварноста. А за него силата на Гоголевиот талент се состои имено во „необично тесното срдство со стварноста".

По зборовите на Чернишевски Гоголь „прв ѝ дал на руската книжевност решителен стремеж кон содржината". Покрај тоа, според него Гоголь треба да го сметаме за прв „самостоен" руски писател, додека „Пушкиновите дела... мошне потсетуваат или на Бајрон, или на Шекспир, или на Валтер Скот"[38]. И Чернишевски како и Белински е категоричен во својот став дека делата на Гоголь не можат да се сопоставуваат со делата ни на еден руски или западноевропски писател (ни на Тик, ни на Хофман, ни на кој и да е друг од нив).

Чернишевски веќе бил во поинакви услови одошто Белински кога го формирал својот однос кон Гоголь и се обидувал да ги осмисли појавите од животот и од творештвото на писателот. Чернишевски ги знаел и зачуваните фрагменти од II том на „Мртви души", а можел да се запознае и со Гоголевите писма (главно по изданието од 1857 г. на „Делата и писмата на Гоголь" во шест тома од Кулиш). Поставувајќи го прашањето за тоа — дали Гоголевите убедувања во „Избрани места од преписката со пријателите" се искрени, Чернишевски ќе се определи во прилог на несомнеността на Гоголевата искреност и покрај тоа што ќе ги признае заблудите на писате-

[36] Н. Г. Чернышевский. Очерки гоголевского периода русской литературы. Госизхудлит, Москва, 1953, стр. 5.
[37] Исто таму, стр. 10.
[38] Исто таму, стр. 21.

лот изразени во неговите конзервативни и реакционерни ставови. По повод II том на „Мртви души" Чернишевски зборува истотака за „искрената, непроизволна, макар и неправилна уверливост" на Гоголь во напишаното од него.

На „начинот на мислењето" на писателот воопшто, и на Гоголь посебно, Чернишевски му придава суштествено значење не само за разбирањето на неговиот поглед на свет, туку и за осмислувањето на општите вредности на неговото творештво. „Мислителот" во писателот не може да не кажува ништо за творецот; затоа, за да се разбере книжевното дело треба да се знае начинот на мислењето на писателот. Оттука Чернишевски не може да го прифати сфаќањето поддржувано од многумина, според кое Гоголь бил уметник, а не мислител. На тој начин Чернишевски се јавува како еден од првите Гоголеви критичари што го помируваат Гоголь — уметник со Гоголь — мислител.

Искажувањата на Чернишевски за Гоголь се управени всушност главно кон докажувањето на социјално-општествената обусловеност и значење на неговото творештво, како и кон одбраната на името на писателот од нападите на критиката, во тоа време особено засилени; врз анализата и интерпретацијата на појавите од Гоголевата поетика Чернишевски не се задржува посебно.

Воопшто, изучувајќи го книжевното дело на Гоголь, критиката од 40-те и 50-те години на XIX век се ограничува главно на поопшти оцени и заклучоци за одделни негови одлики, или се запира врз некои принципиелни прашања од теоретски и книжевно-историски интерес, како на пример прашањето за сушноста на уметничкиот одраз на стварноста, односно на романтичарскиот и реалистичкиот метод и сл., кои честопати излегуваат од рамките на конкретната проблематика на Гоголевото творештво.

Дури првите години од XX век ќе го означат почетокот на обидите за непосредно изучување на Гоголевата поетика, на Гоголь како уметник на зборот.

Книгата на Ј. Е. Мандељштам „За карактерот на Гоголевиот стил" дава мошне богат материјал од ексцерпти од творештвото на Гоголь и осветлува одделни прашања како — карактерот и содржината на работата на Гоголь врз стилската обработка на неговите дела; ги изделува стилските формули што се заеднички за одделните писатели и што се поретки кај Гоголь, како на пр. споредбите: „бел како снег", „црн како ноќ", „стројна како топола", „падна како отсечено дрво", или „објективните епитети", според определбата на Мандељштам, како: „бели гради", „остра сабја", „темна ноќ", „сино небо" и др.; се запира врз некои од формите што се типични само за

творештвото на Гоголь и се многу почести кај него (случаите на „засилување впечатокот" со повторување еден ист збор, необично честата употреба на два синонимични израза еден до друг, амплификацијата, која според Мандељштам ја прави Гоголевата реч „бескрајно трома, а оттука и тешка за читање", „субјективните епитети, т.е. таквите што се создаваат под влијанието на дадено настроение, на душевниот склоп на поетот и претставуваат метафора, алегорија и сл.", како: „уморно сонце", „ноќ што весело се смее", „замислен поток", „сонлива вода" и тн.); ја разгледува функцијата на странските зборови и изрази во Гоголевиот јазик; украинските елементи во него.

Запирајќи се врз прашањето за мерата на оригиналноста на Гоголевата творечка постапка, Мандељштам определува: „Стил со сличен карактер не можеме да најдеме ни кај еден писател од светската книжевност"[39]. Ова мислење на авторот на цитираната книга за карактерот на Гоголевиот стил се темели врз неговата теза за тоа дека Гоголь на својот творечки пат бил понезависен од туѓи влијанија од кој и да е друг попознат руски писател.

Книгата на Мандељштам содржи обемен материјал за проучувањето на вистинското богатство од формите што се преплетуваат во Гоголевиот стил, но проблемот за таа сложеност на структурата на Гоголевиот стил, нејзиниот автор не го зафаќа. За сета таа необичност од различни стилски појави кај Гоголь Мандељштам нуди вакво индивидуално-психолошко објаснување: „Во душата на Гоголь, како што знаеме од неговата биографија, се раѓале барања на нешто неопределено, понекогаш романтичарски прекрасно, понекогаш призрачно-грандиозно, кое тој не го сфаќал јасно... Како што во душата на уметникот имало барање на нешто призрачно, така и во неговиот јазик се чувствуваат одгласи од некаков фантастичен свет"[40]. И понатаму: „Како последица од општиот умонастрој, од сиот душевен склоп, поради неурамнотежениот карактер со каков се одликувал Гоголь, кај него мошне често објективниот тон на раскажувањето поминувал во субјективен..."[41]

Гоголевиот хумор, смета Мандељштам, никнал врз почвата на преживеаните од писателот страдања поради внатрешната неусогласеност и борба со самиот себе. Зашто, според него, „има многу примери за тоа дека хумористите се мошне несреќни луѓе", а тоа има свое објаснение во нивната необична „чувствителност кон сè она што им противречи на нивните

[39] Мандельштам Иосиф Емельянович. О характере гоголевского стиля. Спб. — Гельсингфорс, 1902, стр. 361.
[40] Исто таму, стр. 19, 21.
[41] Исто таму, стр. 176.

повозвишени претстави за животот..."[42] Проблемот на композицијата на Гоголь Мандељштам го поставува исто така на психолошки план.

Во составот на една стилска категорија, како на пример — „Гоголевите споредби", „Гоголевите епитети", „Гоголевиот хумор" и тн., кај Мандељштам се нашле мошне разнородни стилски појави, чија индивидуално-конкретна „тежина", меѓутоа, може соодветно да се определува само во составот на прашањата од поетиката на одделните дела на Гоголь, што како методолошки приод, по наше мислење, го наложува имено необичната разновидност и сложеност на феномените од Гоголевото творештво.

Сепак книгата на Мандељштам има посебно значење во историјата на изучувањето на Гоголь, зашто нејзиниот материјал го користат авторите на повеќе од подоцнежните трудови, посебно во изучувањето на проблемите од неговиот стил.

В. В. Розанов го определува Гоголь како сликар на појавите не во нивниот вистинит, туку во нивниот преувеличен вид, а неговото творештво како систем од хиперболични карикатури, одречувајќи ја во оваа смисла и „реалистичноста" на Гоголевите ликови и нивното значење за правилното разбирање на руската стварност. „Во своите дела тој сосем не ја одразил стварноста", пишува Розанов за Гоголь, „а со чудесно мајсторство насликал само низа карикатури на неа: затоа тие и се запомнуваат така, како што не можат да се запаметат никакви живи ликови"[43].

Розанов го разгледува Гоголевото творештво како сплет од две форми на стилот: цртите на едната одат бескрајно во височина („бескрајниот лиризам"), на другата — удолу („мртвата ткаенина" на натуралистичкиот јазик); нивното сочетание ја сочинува суштноста на Гоголевиот стил. И едната и другата, меѓутоа, „се оддалечуваат од стварноста еднакво лишени од движење, од живот, одухотвореност". Со таквата особеност на Гоголевиот стил Розанов го поврзува „марионетскиот безживотен карактер на Гоголевите типови". Типовите на Гоголь се — „ситни восочни фигурки", кои меѓутоа така „вешто" ги прават своите гримаси што читателот е во недоумение — дали тие не се мрдаат?

Така Розанов во настојувањето да ја урне легендата за Гоголевиот реализам патем ги доловува најсуштествените особености на Гоголевиот стил: и неговата гротескна суштност, — со типичното пореметување на едниот тон во раскажувањето

[42] Исто таму, стр. 348—349.

[43] В. Розанов. Легенда о Великом инквизиторе Ф. М. Достоевского. Изд. „Разум", Берлин, 1924, стр. 24.

со друг, и неподвижноста „восочна" симболика на Гоголевите портрети, и хиперболизмот во сликањето. Но во своите забележувања и констатации за Гоголевиот стил Розанов се основува повеќе на своето тенко чувствување на стилот, отколку врз некоја разработка на нужниот конкретен и посебно за таквата цел собран материјал од одделните Гоголеви дела, при што би се имала предвид и нивната стилска индивидуалност. Притоа и тој, како и Мандељштам, регистрирајќи ги стилските појави кај Гоголь, покрај нивниот објективен опис е склон да им даде и психолошка интерпретација, поврзувајќи ги со соодветни психички особини на писателовата личност.

Отфрлајќи го познатото мислење, според кое сета руска книжевност излегува од Гоголь, Розанов смета дека напротив, „сета таа, во својата целост претставува одречување на Гоголь, борба против него"[44]. Меѓу Гоголь и низата писатели што доаѓаат по него — Тургенев, Достоевски, Гончаров, Л. Толстој, Розанов гледа „дијаметрална спротивност". „...тоа што го согледале во него (во животот — Е. К.) и го насликале тие, нема ништо заедничко со она што го гледал и сликал тој"[45]. За Розанов Гоголь е „родоначалник на ироничниот правец во руското општество и книжевност", а неговите дела — „генијална и престапна клевета на човековата природа"[46].

Д. Н. Овсјанико — Куликовски прави обид за психолошко изучување на личноста, на уметничкото творештво и на другата духовна активност на тој, за него полн со внатрешни противречности и „загадочен", но воедно необично надарен, генијален човек, Гоголь. Авторот на „Ревизор" и „Мртви души" Куликовски го интерпретира како „уметник — експериментатор", кој „прави еден вид обиди над стварноста, изделувајќи некои црти или страни што него го интересираат, кои во неа сосем не се изделуваат, а секогаш, или во најголемиот број случаи, се споени со други црти или страни што ги сокриваат нив"[47].

Во делата на уметникот-експериментатор, пишува Куликовски, имаме „не широка и разнострана слика на животот", а „избор од некои црти"[48], поради што изучувањата

---

[44] Исто таму, стр. 20.

[45] Исто таму, стр. 21.

[46] Исто таму, стр. 27. — Белински пак, како што е познато, за Гоголь ќе рече: „Тој не му ласка на животот, но не го ни клевети" (В. Г. Белинский. Собрание сочинений в трех томах. Том I, Госизхудлит, Москва, 1948, стр. 133).

1923, стр. 37.

[47] Д. Н. Овсянико — Куликовский. Собрание сочинений. Том I. Гоголь. Изд. пятое. Государственное издательство, Москва — Петроград,

од уметникот страна на животот се покажува така изразито што нејзината смисла станува јасна за сите. Оттука „интуицијата на уметникот-експериментатор му дава на творечкиот процес определен правец", а појавите од животот, ликовите, излегуваат од уметничката лабораторија „корено преработени, посебно осветлени". Тогаш и се добива познатиот уметнички ефект: „ликовите и сликите, строго речено не се вистинити во смисла на точното и разнострано сликање на стварноста, но тие на свој начин ни ја зборуваат за стварноста, за човекот, за човештвото онаа тажна или страшна вистина што не ќе ја каже нивното најточно сликање"[49].

За Куликовски Гоголь како писател-експериментатор бил во исто време и „моралист-сатиричар" во чии ликови руските национални обележја добиле карактер на негативни својства, на недостатоци, дури на пороци. Како резултат на тоа кај Гоголь се добила слика не само на негативните страни на руската стварност во дадената епоха, туку заедно со тоа и слика на „искривена национална физиономија, генојална уметничка слика, на која руската национална психа е претставена од страна на сè она што е плитко, ниско, морално неодржливо"[50]. Во овој контекст Куликовски заклучува: „...тоа е — лага и клевета" на микроскопот кој го покажува во чудовишно зголемен вид она што во стварноста постои во микроскопски мал вид"[51].

На тој начин на Гоголь-реалист за дел од критиката, на чело со Белински, на почетокот од XX век ќе му го спротивстават Гоголь-иреалист кој сликајќи ја стварноста, ја „искривувал" вистината за неа. Кон таа линија се присоединува и познатиот руски поет Валериј Брјусов, чија интепретација на творештвото и на личноста на Гоголь, за тоа време необично смела и неочекувана, е содржана во неговиот реферат прочитан на свечената седница на Друштвото на љубителите на руската словесност, на 27 април 1909 г. — по повод 100-годишнината од раѓањето на писателот — и наскоро потоа напечатен под наслов „Испепеленныи" („Спепелениот").

Излегувајќи во основното од Розановското восприемање на Гоголь и формулирајќи го она што е според него најсуштествено за Гоголь како писател и личност, Брјусов пишува: „Ако сакаме да ја определиме основната црта на Гоголевата душа,

[49] Исто таму, стр. 42.
[50] Исто таму, стр. 113.
[51] Исто таму, стр. 114.

онаа faculté maîtresse што господари и во неговото творештво и во неговиот живот, — би требало тоа да го наречеме стремеж кон преувеличување, кон хипербола"[52].

Откако се определува веќе на почетокот од своето излагање против установеното мислење за Гоголь како доследен реалист, Брјусов, поаѓајќи од „силно нагласената склоност на писателот кон хиперболата", се труди да објасни дека и покрај стремежот на Гоголь да биде добросовесен сликар на животот што го окружува, тој „во своето творештво секогаш си останувал мечтаел, фантаст и во своите дела го овоплотувал всушност само идеалниот свет на своите привиденија"[53], дека создадениот од него уметнички свет е иреален, невистинит. Според Брјусов, „сивиот руски живот од 30-те години се претворил под перото на Гоголь во таква апотеоза на зачмаеноста, каква што не може да му претстави на светот ни една епоха од светската историја". Кај сите Гоголеви јунаци „чудовишно, несразмерно е развиен еден дел од душата, една црта на психологијата. Гоголевите созданија се — смели и страшни карикатури кои, само потчинувајќи се на хипнозата на великиот уметник, ние во текот на децении сме ги примиле како одраз на руската стварност во огледало"[54].

Наведените извадоци од расправата на Брјусов го илустрираат неговото мислење, според кое, реалистичките зафати — верниот одраз на животот — во принцип се исклучени од методот на Гоголь, за кого „нема ништо средно, обично, — кој го познава само безмерното, бескрајното"[55].

Па сепак во искажувањата на Брјусов постои нешто што се чини, ѝ противречи на неговата основна теза: во сознанието на Брјусов и покрај неговото одречување на каква и да е верност на Гоголь кон животот, е присутна претставата за некаква чудесна моќ на неговата уметност, за „хипнозата на великиот уметник", „потчинувајќи се на која ние во текот на децении сме ги примале Гоголевите созданија како одраз на руската стварност во огледало". Таа „хипноза" за која зборува авторот на „Спепеленият", не е нешто апстрактно, туку објективна сушност на творечката постапка на Гоголь. Размислувањата и оценките на познатиот поет всушност го доловуваат гротескниот карактер на Гоголевото творештво; тој јасно ја чувствува необичноста и дури „чудовишноста" на фор-

[52] В. Брюсовъ. Испепеленныи. К характеристик Гоголь. Докладь, прочитанн и на торжественном засѣдании о-ва Любителеи россискои словесности, 27 апрел 1909 г. Изд. 2-е. Москва, „Скорпион", 1910, стр. 15.
[53] Исто таму, стр. 15.
[54] Исто таму, стр. 16, 17.
[55] Исто таму, стр. 16.

мите од условниот план на Гоголевата гротеска. Меѓутоа, именно елементите на тој условен план — во случајов хиперболата и фанатистиката — Брјусов ги прима во нивното самостојно значење. Така на пример тој пишува: „Во Гоголевите творби со ништо не е одделено реалното од фанатистичното и невозможното во нив секој момент е способно да стане можно“[56]. Авторот на „Спепелениот“ индиректно се допира од суштината на психолошкото восприемање на гротеската: она што на почетокот од тој процес го примаме како самостојно и неможно, на натамошните негови етапи станува можно, побудувајќи на тој начин асоцијации за противречноста, необичноста и дури „чудовишноста“ на појавите и состојбите во стварноста.

Карактеристично е што во истапувањето на Брјусов не наоѓаме одречување на величината на Гоголь; „неможноста“ не неговото сиже, „чудовишноста“ на неговите јунаци, „нереалистичноста“ на неговите форми треба во толкувањето на Брјусов да го симнат зацврстеното традиционално восприемање на Гоголь како „реалист“ и на тој чин да се осветли и осмисли неговото творештво од една „поинаква“ страна. На стр. 8 од Предговорот кон првото издание на „Спепелениот“ Брјусов пишува: „Да се докажува дека Гоголь бил фантаст, дека и покрај сите негови усилби точно да ја опише стварноста секогаш си останувал мечтател, дека тој и во животот се занесувал со илузии, — не значи да се омаловажува Гоголь. Оспорувајќи го школското мислење, според кое Гоголь бил доследен реалист, јас не фрлав сенка врз Гоголь, туку само се обидував да го осветлам неговиот лик од друга страна“.

Но својата реакција против Гоголевиот „реализам“ Брјусов не ја засновува само врз појавите од творештвото на писателот; за поткрепа на својот став тој се повикува и на психолошки и на биографски „факти“. Со стремежот кон крајностите и кон преувеличувањето, според Брјусов, не било проникнато само творештвото на Гоголь, туку и сиот негов живот. „Сè што се случувало околу него тој го восприемал во преувеличен вид, привиденијата на својата пламена фантазија лесно ги примал за стварност и сиот свој живот го проживеал во светот на илузиите што се сменуваат“[57]. Во писмата на Гоголь, како во оние од младешките, така и во оние од зрелите години, Брјусов гледа примери за тоа како Гоголевата душа била опфатена ту од краен очај, ту од безгранична одушевеност, ту од гордост, ту од самопонизување. Оттука и заклу-

[56] Исто таму, стр. 24. — Курзивот мој — Е. К.
[57] Исто таму, стр. 35.

чокот на Брјусов: „За сите впечатоци од животот, без исклучок, Гоголь во своите писма зборува во засилен тон, со хиперболични изрази“[58].

Во Рим 1837 г. Гоголь дознава за смртта на Пушкин. На 28 март истата година тој му пишува на П. А. Плетњов: „Никаква полоша вест не можеше да се добие од Русија. Сета наслада на мојот живот, сета моја виша наслада исчезна заедно со него. Ништо не преземав јас без неговиот совет...“ Писмото до Плетњов продолжува вака: „Испратете ми ги парите што треба да ги уплати за мене Смирдин кон почетокот на април. Дајте му ги исто така на Штиглиц, да може тој да ги испрати на еден од банкарите во Рим за да ми бидат предадени мене. Подобро е тој да ги испрати до Валентин...“ и тн. За Брјусов овој „пост-скриптум“ е толку неочекуван, по својот тон толку противречен на почетокот од писмото, така што и првиот издавач на Гоголевите писма не се решил да го напечати и во своето издание ги поместил само редовите за Пушкин“[59].

Брјусов гледа сличен контраст и во Гоголевото писмо до М. П. Погодин од 30 март 1837 г. — во врска со смртта на Пушкин: „Мојата загуба е поголема од на сите... Мојот живот, мојата виша наслада умре заедно со него... Ништо не преземав, ништо не пишував без неговио совет. За сè што имам убаво, му должам нему... Што е сега мојот живот?“ Ова писмо завршува со ваква покана до Погодин: „...дојди во Рим. овде е мојот постојан престој... Небото е чудно. Го пијам неговиот воздух и заборавам на сиот свет“.

Во врска со ова Брјусов пишува: „Заборавам на сиот свет“, зарем таквиот заклучок одговара на зборовите: „сета моја наслада умре заедно со Пушкин“ и на извикот: „што е сега мојот живот?“[60].

Како што е познато Гоголь верувал дека неговото писателство не е обична работа, туку исполнување на „волјата божја“ и воедно „велик подвиг“. Во таквите Гоголеви оцени на сопственото книжевно дело Брјусов гледа силно изразена самоувереност, неумереност и склоност кон „крајностите“, како и во сè друго. И како дополнување на своите расудувања Брјусов укажува и на острите контрасти, неочекуваните обрати и недоследност во овие самооцени, зашто Гоголь понекогаш бил готов да негира секакво значење на своите книжевни дела и во одзивите за себе да доаѓа до крајно самоомаловажување.

---

[58] Исто таму, стр. 36.
[59] Исто таму, стр. 38.
[60] Исто таму, стр. 38—39.

За поткрепа на своето мислење за личноста на Гоголь Брјусов се повикува и на фактот дека во биографијата на Гоголь нема љубовни романи. „Но тоа не е поради недостиг на страст", пишува Брјусов, „а поскоро поради нејзино изобилство. И во страста, како и во сите доживувања, Гоголь би можел да оди само до крајни граници". Според Брјусов, „секое чувство на Гоголь се заканувало да помине во таков пламен кој е во состојба во еден миг него да го спепели"[61]. Во таков пламен сè повеќе, од година на година се претвора неговата љубов кон татковината, а религиозното чувство носено уште од детството, во последните години од Гоголевиот живот се распламтува во „смртоносен пожар". „И кога најпосле на таа внатрешна сила што живеела во него", го завршува своето излагање Брјусов, „Гоголь ќе ѝ даде слобода и ќе ѝ дозволи непречено да се размавне, — таа навистина ќе го спепели"[62].

Приодот на Брјусов кон творештвото и кон личноста на Гоголь е интересен не само како приод на еден познат поет. Без оглед на несомнените противречности и на многуте спорни и неприфатливи ставови од неговата интерпретација, таа покренува поширок размислувања за особеностите на Гоголевото творештво, упатува на неговата гротескна суштност, укажувајќи воедно на необичноста и на сложеноста на појавите од уметничкиот свет и од животот на писателот.

Г. И. Чудаков во својата книга „Односот на творештвото на Н. В. Гоголь кон западноевропските книжевности" ги сопоставува Гоголевите дела со делата на одделни западноевропски автори и се обидува да изнајде во нив извесни заеднички мотиви и блиски епизоди, да направи некои „паралели" и да го покаже степенот на „влијанието" на тие автори врз творештвото на Гоголь.

Јунакот од првото Гоголево дело — идилата „Ханс Кихелгартен", Чудаков го сопоставува со оние јунаци од западноевропската романтичарска книжевност, кај кои душевното настроение е определено од постојаното чувство на празнина и незадоволство од животот што ги очекува. Така душевната состојба на Ханс тој ја споредува со душевната состојба на Шатобријановиот Рене, кој исто како и Ханс не можел да се чувствува среќен во околностите во кои го поставила судбината. И тој исто така тргнува на патешествие да бара нови впечатоци и носен од таа мисла ги посетува Италија, Грција и други земји.

[61] Исто таму, стр. 49, 50.
[62] Исто таму, стр, 49, 50.

И кај „Вториот патешественик", јуанкот од драмата на Тик „Императорот Октавијан", протестот против „ординарноста и прозата" е изразен во склоноста кон патешествијата. И тој како и Гоголевиот Ханс се стреми во далечините на светот обземен од жедта за силни впечатоци и за наслада од убавините.

Но ликот на Ханс не му бил поткажан на Гоголь само од „влијанието"; во концепцијата на тој лик Чудаков ги гледа одразени во голема мера и психологијата и настроението на самиот автор. Во врска со тоа Чудаков се повикува и на проф. П. Н. Дашкевич кој „разјаснил" дека „оној чисто романтичарски стремеж во далечината, кон нешто поубаво, непознато, со кој бил опфатен Ханс, му бил секогаш присушт и на самиот Гоголь, кој до последните свои денови по настроението си останувал романтичар".

И откако го „решава" прашањето за тоа кое дело може да се смета за оригинално дело на еден автор („Нам ни се чини дека за „оригинално" може да се признае таквото уметничко дело во кое сликарот репродуцира оваа или онаа појава од животот согласно со своето настроение и со својот поглед на свет"), Чудаков изведува заклучок дека „Ханс треба да се смета за пооригинално Гоголево создание од другите личности во идилата, зашто во него со голема потполност се одразила личноста на авторот во периодот на работата над идилата"[63].

За извор на фантастичниот карактер на сижето на повеќето од украинските повести на Гоголь Чудаков го смета народното творештво; таа склоност и интерес кон фанастиката, во најголем дел позајмена од народната сказна, се карактеристични и за западноевропските писатели од почетокот на XIX век, во прв ред за германските романтичари (Тик, Хофман и други). Траги од влијанието на Тик Чудаков гледа во „Страшната освета" каде повикувањето на душата од телото на Катерина од нејзиниот татко-вештер „потсетува на сличната сцена од повеста на Тик „Пиетро Апоне" во која вештерот Пиетро ја повикува душата на умрената Крешенција". Но тој мотив, забележува Чудаков, „не е особено расширен во народното творештво (макаршто не му е непознат и нему) и затоа може да се мисли дека е навеан имено од Тик . . ."[64]

Според Чудаков повеста „Тарас Бульба" „може да биде доведена во врска" со историскиот роман на Валтер Скот и „делумно" со повеста на Мериме „Матео Фалконе". Таа „врска" (со Валтер Скот) Чудаков ја гледа во заедничката „карактеристична црта" — позајмувањето на сижето од историјата

[63] Г. И. Чудаковъ. Отношение твотчества Н. В. Гоголя къ западноевропеискимъ литературамъ. Киевъ, 1908, стр. 77.

[64] Исто таму, стр. 85.

— во романите на Валтер Скот од англиската, во повеста на Гоголь од украинската. Но Чудаков укажува само на можноста од „влијание" на Валтер Скот врз Гоголь, не поткрепувајќи го своето мислење со конкретни споредувања и илустрации од текстовите на „Тарас Бульба" и од делата на Валтер Скот. „Претпоставката" за тоа влијание според него станува само „уште поверојатна ако се потсетиме дека на руски јазик биле издадени мошне многу романи од тој писател и дека Гоголь ги читал со голем занес, почнувајќи од младешките години".

Епизодата на убиството на синот од таткото (синот кој му изневерил на својот долг) „можела да биде навеана од повеста на Мериме „Матео Фалконе"[65], заклучува Чудаков.

Меѓу „повестите од престолнинскиот живот" најповеќе „однос" кон западните книжевности, според Чудаков, има „Портрет". Кон неа тој приредува „паралели" од — повеста на Вашингтон Ирвинг „Таинствениот портрет" во која очите од закачениот на ѕидот портрет предизвикуваат ужасен впечаток кај гледачот, кој мошне потсетува на впечатокот од очите на портретот во Гоголевата повест; од повеста „Спинело", од „непознат странски автор" (објавена во „Вестник Европ" 1830, бр. 13—16), во која „сликањето на ѓаволот послужило како извор на несреќи за живописецот исто онака како кај Гоголь" и најпосле од Хофмановата повест „Артусовата сала" каде насликаните лица се толку живо претставени што излегуваат од рамките на сликата и одат низ салата.

„Дневникот на лудиот" Чудаков го сопоставува со повеста на Хофман „Животните погледи на Мачорот Мур" напишана во форма на дневник, во која наспоредно водат записи Мачорот и капелникот Крајслер, а записите на Мачорот ги одликуваат „благоразумност и здрава смисла".

Признавајќи го „чисто рускиот карактер" на сижето и на „поголемиот број од личностите" во „Ревизор", Чудаков констатира дека, „да се бараат книжевни влијанија врз изборот на сижето или врз обработката на карактерите на главните личности — претставува малку благодарен труд". Па сепак тој не ја одречува сосем можноста од такво влијание, кое според него може да се бара на пример во „положбата на Хлестаков и на женските личности во пиесата", која „многу потсетува на положбата на Маскарил и на двете хероини во комедијата на Молиер „Смешни преправачки"[66]. Оваа паралела Чудаков ја дополнува уште и со сличноста на самите карактери — Хлестаков „потсетува на Маскарил" со неговата „празност и леко-

[65] Исто таму, стр. 90.
[66] Исто таму, стр. 107.

мисленост", а жената и ќерката на градоначалникот — на женските личности во комедијата на Молиер, кои кај луѓето најмногу ја ценат надворешноста, умеењето да кажат неколку општи фрази што се сметаат за израз на образованост и на убаво однесување.

„Рамката" на „Мртви души" според Чудаков е слична со рамката на Сервантесовиот „Дон Кихот", но самиот Чичиков сепак многу малку личи на Дон Кихот; „идејата пак и планот на „Мртви души" се многу слични со идејата и со планот на „Божествената комедија" во која пеколот, чистилиштето и рајот соодветствуваат на трите дела од поемата на Гоголь"[67].

Тоа се според Чудаков трагите од извесно „влијание" од туѓите книжевности врз делата на Гоголь. Па сепак сите овие сопоставувања, ако го изземеме „Ханс Кихелгартен", се однесуваат само на некои надворешни паралели меѓу одделни елементи од Гоголевите дела и од посочените дела од западноевропските книжевности, а не на самата суштност на појавите од поетиката на Гоголь.

Колку се одело понатаму сè повеќе растел интересот кон проблемите на уметничката форма на книжевното дело, а следствено на тоа и интересот кон натамошните изучувања на широката област на Гоголевиот стил. Во таа смисла статијата на Б. М. Ејхенбаум „Как сделана", „Шинель Гоголя" („Поэтика", Пг., 1918), со мошне интересната постановка на одделни прашања од поетиката на „Шинела" (улогата на авторската реч, обилноста од детали во стилскиот состав на повеста, функцијата на сижето во неа), како и со оригиналниот приод кон нивното толкување зазема забележливо место во историјата на изучувањето на појавите од Гоголевото творештво, отворајќи нови аспекти во нивното осмислување.

Јурий Тињанов своите забелешки за Гоголевата поетика ги сврзува со своето мислење, според кое „основниот метод на Гоголь во сликањето на луѓето е — методот на маската"[68]. Како маска можат да служат пред сè облеката, костумот, истакнатата надворешност. Но маската може да биде и „словесна" — на пр., во врска со имињата (кај Ејхенбаум — „звучната семантика", меѓу другото — на имињата).

Според Тињанов, во Гоголевото дело не сижето само по себе, а главно „немотивираното сменување на маските" прави да го почувствуваме комичното. Сета „Повест за тоа како се скарал Иван Иванович со Иван Никифорович" извира од еднаквоста и различноста на имињата, објаснува Тињанов.

[67] Исто таму, стр. 114, 118.

[68] Юрий Н. Тынянов. Достоевский и Гоголь. (К теории пародии). Во кн.: Юрий Н. Тынянов. Архаисты и новаторы. Минхен, 1967, стр. 418.

„Името на Иван Иванович во почетокот на I глава се спомнува 14 пати; името на Иван Никифорович речиси исто толку; заедно, едно до друго при сопоставувањата тие се спомнуваат до 16 пати. Проекцијата на различноста на словесните маски во предметни ја дава нивната потполна спротивност: „Иван Иванович е слаб и со висок раст; Иан Никифорович е малку понизок, но затоа се шири во дебелина. Главата на Иван Иванович е слична на радоква со опашот удолу; главата на Иван Никифорович на радоква со опашот угоре" и тн. Проекција на еднаквоста на имињата во еднаквост на маските: „Како Иван Иванович, така и Иван Никифорович мошне не ги сакаат болвите... Впрочем, и покрај извесните разлики, како Иван Иванович, така и Иван Никифорович се прекрасни луѓе"[69].

Маските кај Гоголь „можат да бидат или комични, или трагични", определува Тињанов. Во врска со ова кај Гоголь имаме „два плана: висок, трагичен и низок, комичен. Обично тие одат заедно, последователно сменувајќи се еден со друг... На различноста на маските одговара различноста на стиловите (високиот... и нискиот..."[70].

Александар Слонимски во својата книга „Техниката на комичното кај Гоголь" си поставува задача „да ги објасни начините на комичното кај Гоголь од гледна точка на теоријата на комичното", при што во таа задача на авторот „не влегува разгледувањето на сета целокупност на начините на комичното", а само на оние „што имаат широко композиционо и смисловно значење".

Во првиот дел од книгата на Слонимски се дава најпрвин определба на хуморот и на „комичната гротеска" според тезите на Липс и Фолкелт, што ќе биде појдовна точка и за Слонимски во толкувањето на суштноста на комичното кај Гоголь; „Хуморот претставува толку посебен вид на комичното, што некои теоретичари — на пр. Липс, него го одделуваат од комичното, го спротивставуваат на сета останата област на комичното. Основа за таквото одделување претставува она своевидно значење што го добиваат во хуморот присутните во него некомични елементи"[71]. А според теоријата на Фолкелт услов за хуморот претставува „широкиот и разностран опфат на животот"[72]. Најголемиот број од Гоголевите дела се однесуваат на најсложената форма на комичното — хуморот.

---

[69] Исто таму, стр. 421—422.
[70] Исто таму, стр. 422.
[71] Александр Слонимский. Теника Комического у Гоголя. „Academia", Петроград, 1923, стр. 7.
[72] Исто таму, стр. 8.

Понатаму во примерите од „Повеста за тоа како се скарал Иван Иванович со Иван Никифорович", од „Ревизор", „Шинела", се карактеризира Гоголевата творечка постапка низ која се остварува својственото за хуморот сочетание на комичното со сериозното. Остринатa на контрастите во тие сочетанија кај Гоголь, на пр. во формите на неочекуваните премини и стилски обрати (смените на високата, патетична реч со комичната интонација во раскажувањето и сл.), наедно со изопаченоста на комичните ликови, според Слонимски, ја сочинува суштноста на комичната гротеска. „Најпотполн израз — својот врв" гротеската го достига во „Шинела" и во „Мртви души". Подоцна, откај 1842 г., во процесот на работата над II том од „Мртви души", патетизмот и дидактизмот на Гоголь ја задушуваат неговата комична стихија и започнува распаѓањето на гротеската.

Кај Слонимски општите принципи на изучувањето на формите на комичното во Гоголевото творештво се сврзани со работите на Мандељштам и на Ејхенбаум. Во вториот дел од својата книга Слонимски ги изучува формите на „комичниот алогизам" кај Гоголь на кој укажува Мандељштам и кој според Слонимски „се состои во комичното разрушување на логичните и причинските врски"[73] — пореметувањето на семантичките низови во фразата („комиката на бесмислицата", „комиката на произволните ситуации", „разговорот на глувите"); одразот на „комичниот алогизам" во композицијата (безмотивноста во Гоголевите дела, отсуството на „природна позитивна мотивираност").

Досега разгледаните работи посветени на изучувањето на Гоголевите уметнички форми го запираат вниманието на нивните автори главно без областа на стилот, некои од тие работи делумно ги поврзуваат проблемите на стилот со проблемите на композицијата, но поспецијално не се занимаваат со неа.

Книгата на В. Ф. Переверзев „Творештвото на Гоголь сепак се изделува меѓу трудовите од почетокот на нашиот век со поопстојното толкување на прашањата сврзани со композицијата во поетиката на Гоголь.

Излегувајќи од својот основен став кон Гоголевото творештво како кон „факт на социјалниот живот", Переверзев меѓу сите фактори што на некој начин влијаеле врз Гоголь, за доминантна ја смета социјалната средина, која го определува и начинот на мислењето на писателот и формите во кои тој го одразува животот на таа средина, — сè во Гоголевата поетика, од начинот на сликањето на карактерите до композици-

[73] Исто таму, стр. 35.

јата и пејсажот. Во отсуството на социолошко осветлување на појавите од Гоголевото творештво тој гледа воедно и отсуство на сериозна аналитичка работа врз нив.

Переверзев издвојува две стихии во творештвото на Гоголь — козачката и ситноспаиската, кои фантастично се преплетуваат во „Вечери на салашот кај Дикањка", а потоа се одделиле една од друга. Со карактерот на овие две стихии Переверзев се обидува да ги објасни и особеностите на Гоголевото творештво, формите на стилот и композицијата. Во творештвото на Гоголь, во неговата еволуција по „Вечери" господството ќе ѝ припадне на ситноспаиската стихија: писателот го познавал животот на спаиската средина од личните впечатоци и затоа и успехот во творештвото од животот на таа средина, според Переверзев, бил неспоредливо поголем од оној во делата со тема од козачкиот живот кој можел да му биде познат само од книжевните извори. Во натамошната еволуција, на Гоголь не му било тешко да помине и кон сликањето на чиновничката средина, зашто нејзиниот живот му бил добро познат (личните врски, службата во Петербург и тн.), додека делата во кои авторот се обидувал да го наслика животот на средината што не ја познавал добро — крупноспаиската и големосветската, останале незавршени и без успех. Затоа Гоголь дал естетски завршена слика само на животот на ситноспаиската и на ситночиновничката средина.

Од начинот на животот на ситноспаиската и на ситночиновничката средина, како што веќе укажавме, Переверзев ги изведува и особеностите на композицијата кај Гоголь. Објаснувајќи ја основата врз која никнува „механичката структура на Гоголевите дела", „неповрзаноста" на одделните делови во нивниот строеж, Переверзев пишува: „...сликарот на натурално-спаиската средина може да му даде органска поврзаност на своето дело само во тој случај, ако за предмет во прикажувањето го земе последователниот развиток на карактерот, ако во неговото дело има централна фигура, јунак"[74]. Меѓутоа животот на таа средина го карактеризира „крајна разединетост"; „ситноспаиската и ситночиновничката провинциска пустелија не му давала на Гоголь јунак и, следствено, го лишувала од единствената основа врз која било можно да се построи во сите делови органски поврзано дело... Композицијата на „Мртви души" е така приспособена кон средината што се слика, што со самиот свој строеж ве тера да ја чувствувате сета примитивност и простота на нејзиниот живот, отсуството на бележити личности и на длабоки социјални врски во неа, отсуството на развиток, стројност и поврзаност"[75].

[74] В. Ф. Переверзевъ. Творчество Гоголя. Москва, К-во „Современныя проблемы", 1914 стр. 113—114.

[75] Исто таму, стр. 113—114.

Богатото присуство на фантастиката во украинските повести на Гоголь Переверзев го објаснува со потребата фантастиката во нив да ја замени психологијата. Имено во светот за кој Гоголь можел да има само книжна претстава, дејствувањето на фантастичните сили можело да му даде на животот побурен тек, повеќе убавина, необичен вид, несекојдневна психоголија. Но бидејќи Гоголь не го постигал тоа врз основа на реалните текови на животот, — делата во кои најмногу е застапена фантастиката, смета Переверзев, се најнеуспешни во уметнички поглед. Во делата пак со современа тематика со внесувањето на фантастичкиот елемент се постигал и поинаков естетски ефект: фантастиката во нив, објаснува Переверзев, само „појарко и порелефно го нагласува мракот на секојдневието"[76] на социјалната средина што е предмет на сликањето во Гоголевите дела. Најуспешна примена на фантастиката во такво дело Переверзев гледа во повеста „Нос".

Бедноста на Гоголевиот пејсаж Переверзев ја доведува во врска со скудноста на природата околу ситниот спаиски имот и околу малиот град, како и со отсуството на жив контакт со неа во светот на инертноста и зачмаеноста.

Во согледувањето на Переверзев Гоголевото творештво е „страшно бедно со внатрешни доживувања, со интимни размислувања и чувства, со какви е богато, да речеме, творештвото на Тургенев, или уште повеќе на Толстој, на Достоевски". Во своето ретко обраќање кон сликањето на емоционалниот живот „Гоголь никогаш не зафаќал емоции од вишата сфера... Така кај Гоголь никаде не ќе најдеме сликање на морална емоција во каква и да е форма... Туѓи останале на Гоголевото творештво и сите форми на социјалните емоции, — чувствата на симпатии, жалоста, самопожртвуваноста..."[77]. И сето тоа — пак во врска со општата бедност на животот на социјалната средина што е предмет на Гоголевото сликање. Дури и за предавањето на таквите чувства како „љубовта, татковските и мајчинските чувства", смета Переверзев, „Гоголь нема свои зборови... а се користи со зборови и со изрази од украинската народна песна"[78].

Врз основа на ваквите размислувања Переверзев прави заклучок дека „Гоголь никогаш не бил лиричар", како што сметаат мнозина, зашто „под лиризам подразбираме моќен подем на емоционалниот живот, незадржлива сила на чувството", и додава: „Силата на Гоголь не е во лиризмот, а во необичниот размав на фантазијата, во нејзината зачудувачка... непресушна сила..."[79]

[76] Исто таму, стр. 117—118.
[77] Исто таму, стр. 183—184.
[78] Исто таму, стр. 187.
[79] Исто таму, стр. 195.

„Упростеноста и едностраноста" на карактерите на Гоголевите јунаци, според Переверзев, е обусловена од духовната сиромаштија и од примитивноста на психологијата на ситноспаиската и ситночиновничката средина од која се земени тие. Бидејќи тие јунаци ги родила една средина, нив ги карактеризираат и општи сродни црти, меѓу кои основната е — „самозадоволното денгубништво". Оттука, и покрај сета разновидност на Гоголевите типови, не е тешко тие да се класифицираат. Според тоа Гоголевите „денгубници" Переверзев ги дели на три групи: чувствителни денгубници — кои живеат неподвижно, тихо, без какви и да е потреси, главно јадат и лежат (Шпољка, Афанасиј Иванович, Иван Иванович, Манилов; Потколесин — во сферата на градскиот живот; Тентеников — како варијанта на маниловштината на повисока степен од умствениот растеж, во крупноспаиската средина; Акакиј Акакиевич — како претставник на чиновничкиот сталеж; Пискарјов — на уметничкиот свет), активни денгубници — луѓе со богати залихи и изблици на енергија, кои горат од жед за движење, за акција, но таа енергија кај нив не се троши на сериозни, животно корисни работи (Чертолуцки, Ноздрјов, Хлестаков; Кошкарјов — во крупноспаиската средина; Чертков, Попришчин — во градската средина; Пироrов — како варијанта на ноздрјовштината во војнички мундир), расудливи денгубници — чии основни одлики се сметкаџиството и умеењето да се користат со бенефициите на својот положај (Иван Никифорович, Собакевич; Сквозник — Дмухановски; Пљушкин — „натамошен развиток на ликот на Собакевич, како хиперболичен, болен израз на истиот тој карактер"; Костанжогло — претставник на крупноспаиската средина, како тип на „расудлив денгубник" на највисоката степен од неговиот развиток). Во својата шема на карактерите Переверзев изделува уште една, четврта група — сложени карактери на денгубници — карактери кои содржат во себе црти од претходните три основни групи на карактерите, па според тоа претставуваат нивни комбинации (Петар Петрович Петух — како карактер на чувствително-активен денгубник; генерал Бетришчев — чувствително-расудлив и најпосле Чичиков — како најсложен карактер во Гоголевото творештво кој ги обединува во својата личност сите црти расфрлани во попростите карактери).

Меѓу најзабележливите трудови посветени на животниот пат и на творештвото на Гоголь спаѓа монографијата на В. В. Гипиус „Гоголь", во која авторот си поставува задача да ги сумира дотогаш постигнатите резултати во изучувањето на Гоголь, но воедно и „да придодаде кон поранешните достигања некои заборавени податоци и самостојно да набележи некои гледишта".

Според Гипиус Гоголь во творечкиот чин (создавајќи ги „Иван фјодорович Шпонька и неговата тетка", „Повеста за тоа како се скарал Иван Иванович со Иван Никифорович", „Невски проспект", „Ревизор", „Мртви души" и др.) ја вршел онаа негација на „суштествувателите" која му се претставувала како неопходна и во неговиот личен живот, т.е. во неговиот личен подвиг (службата и тн.) уште во 1827 година, кога „горел од неугаслива ревност да го направи својот живот нужен". Решавачка при тоа, смета Гипиус, била Гоголевата лична психологија, но не ја исклучува и историско-книжевната традиција, чие усвојување од писателот е потпомогнато имено од неговата психологија, — традицијата на доцниот дуалистички романтизам со неговото неприфаќање на светот и создавање на други светови. Оттука и кај Гоголь идеалните созданија, како што се јунаците — младичите и девојките од „Вечери на салашот кај Дикањка", неговата „полубогиња" Алкиноја", „божествената" непозната од бладањата на Пискарјов.

Во создадениот од Гоголь свет на „пошлоста"[80] Гипиус разликува „статична пошлост — отсуство на движење — динамична — пошлост на самото движење", „два круга — понизок и релативно — но само релативно — повисок. Понискиот круг е — крајната граница на паѓањето; сушноста на типовите што му припаѓаат нему може да се определи како — самозадоволна физиологичност и самозадоволна празност. Ситиот, топло облечен, окружен со домашна пријатност со нејзината неопходна припадност — „женичката", жител на овој круг не се стреми кон ништо и по можност ништо не работи". Старосветските спаии — „тоа се најпривлечните ликови, земени од површината на понискиот круг, а најодвратниот, од неговото дно, е „страшниот Пљушкин"[81]. Сè што е задолжителна опстановка на понискиот круг може да стане предмет на динамика. Задоволствата од храната, облеката, домашната пријатност, женичката, парите можат да се сменат со — гастрономија, со гиздење, со елементарна еротика, со алчност за чинови и пари. Најпотполни претставници на „динамичната прошлост" се Хлестаков и Чичиков.

Гоголевиот пат Гипиус го определува како „пат на реалист кој и во самиот реализам не престанувал да биде романтичар"[82]. Но признавајќи го постоењето на „исконска двој-

[80] Збор кој во своето значење во рускиот јазик вместува цела скала поими за негативното во човековиот духовен свет — баналноста, тривијалноста, плиткоста, простотата, ординарноста, вулгарноста, — па не е преводлив со еден израз.

[81] В. В. Гипиус. Гоголь. „Мисль", Ленинград, 1924, стр. 156.

[82] Исто таму, стр. 137.

ственост" кај Гоголь, која е „одамна одбележана но неточно протолкувана", Гипиус подвлекува: „Не паганството со христијанството се бореле во Гоголь, како што мислеше Мерешковски (естетскиот индивидуализам во тие години — не е христијанство), и не романтизмот со реализмот, како што определуваше Котљаревски (Гоголевата реалистичка сатира била израз на истото она „романтичарско" чувствување на животот), а одбивањето на индивидуалистот од традиционалната социјално-битова почва со привлекувањето кон истата таа почва"[83]. Со таа „двојственост" Гипиус ги поврзува сите Гоголеви творечки пориви: таа се одразила веќе во првата творба на писателот — „Ханс Кихелгартен", „претворајќи ја романтичната поема во идила". Втор таков „обратен импулс — неколку години по Ханс биле „Старосветските спаии". Идилата на „Старосветските спаии" Гипиус ја смета „епизода во историјата на личниот и на творечкиот пат на Гоголь". Таа епизода, според него, не можеме „непосредно" да ја поврзуваме со подоцнежните Гоголеви идеализации. Зашто „втората идила на Гоголь (како и првата во нејзиниот расплет"), објаснува понатаму Гипиус, претставува — „бегање од секаква идеологија", а својата следна идила („Избрани места од преписката со пријателите") Гоголь ќе ја поврзе со „создадената во тоа време идеологија". Оттука, Гипиус не гледа „директна идејна врска" меѓу Гоголь од „Миргород" и Гоголь од „Преписката"[84].

Според интерпретацијата на Гипиус „Мртви души" никнале од патосот кој може да се нарече разобличувачки, само што Гоголевото разобличување не било изобличување на историските и на социјалните форми на рускиот живот, а на секој одделен суштествувател[85]. Пишувајќи за последната етапа од Гоголевиот творечки пат, Гипиус ја образложува својата мисла за тоа дека традиционалното восприемање на сиот Гоголь како „реалист" е „праволиниско" и неприемливо зашто според него, вистински тенденции кај Гоголь кон реализам, притоа „статистички", неговиот „стремеж кон мамематичка верност спрема стварноста", „свртувањето кон натурализмот", се сврзани со творечките размислувања на писателот по излегувањето на I том од „Мртви души" и со неговата работа над II том"[86].

[83] Исто таму, стр. 83.
[84] Исто таму, стр. 86.
[85] Исто таму, стр. 150.
[86] Исто таму, стр. 202—203.

Неуспехот на II том од „Мртви души" Гипиус го гледа во „стремежот на авторот да создаде реалистички (по сегашната терминологија) и психолошки роман во широко и разнообразно замислен план..., а сосем не единствено во воведувањето на „позитивни" типови. Своето мислење тој го поткрепува со фактот дека во II том на „Мртви души" се неуспешни не само „идеалните", туку и оние ликови што се далеку од идеалност (Тентетников, Платонов, Глебов), т.е. сите ликови при чие создавање „психологизмот го заменувал вообичаениот тематизам". „Гоголь само неизбежно се слизнувал на шематизација и идеализација поради тоа што во минатото немал искуство во сликањето на психолошката сложеност"[87], објаснува Гипиус.

Книгата на Андрej Бели „Мајсторството на Гоголь", во која се изучува Гоголь како уметник на зборот, ја карактеризираат проникливи забележувања на авторот врз Гоголевата поетика.

Откако во општи црти ги спротивставува одликите на прозата на Гоголь на Пушкиновата проза, потцртувајќи ја нејзината посебност среде појавите од рускиот книжевен живот, А. Бели укажува на специфичноста, според неговото сфаќање, на творечкиот однос на Гоголь кон уметничката реч, што ги определува и оригиналните особености на строежот на неговата фраза. Гоголь, „тој потебнист до Потебња", пишува Бели, „се смее над усилбите на чуварите на јазичниот пуризам јазикот да го стиснат во граматиката...; Гоголь докажува дека револуцијата на јазикот може да прођде без строго спазување на сите граматички правилности, зашто јазикот е — во „јазикот на јазиците": во силата на ритмите и во блесокот на звукословието... а сосем не во правилата..." Оттука и силата на Гоголевиот јазик А. Бели ја гледа „во раскинатата рамнотежа на фразата заедно со сижето, дадено во неа, само со една страна влеана во формата, со другата слиена со процесот кој не се излева докрај во продукти и кој не го згаснува своето пламтење и потоа, откога делото е напечатено; оттука — преправките, новите редакции, сè до изгорувањето на првобитниот текст"[88].

Поминувајќи на „творечките фази на Гоголь", Андрej Бели најпрвин издвојува „три условни" периода во Гоголевото творештво што „одговараат на групите дела обединети со сродноста на нивните црти". Во првиот период спаѓа групата украински раскази во кои забележливо место имаат фолклорот, историјата и фантастиката. Временски делата од овој период

[87] Исто таму, стр. 210.

[88] Андрей Белый. Мастерство Гоголя. Исследование. Госизхудлит, М. — Л., 1934, стр. 9.

ги опфаќаат годините од 1829 до 1831. Втората група повести и комедии го опфаќа периодот од 1833 до 1836 г., т.е. до годината на заминувањето на Гоголь во странство. Третиот период ја опфаќа творечката дејност на Гоголь по таа година. Овие „три" периода од творештвото на Гоголь А. Бели ги прикрепува кон три фази од неговиот живот: првиот ја одразува допетроградската, вториот петроградската, третиот — фазата од животот на Гоголь надвор од Русија и во Москва.

Гоголевата проза од првиот период е мошне богата со звучни одгласи од украинската народна песна; подоцна, објаснува А. Бели, музиката веќе не ќе има такво место кај Гоголь: „мелодијата ќе ја прекине системот на лајтмотивите и ќе исчезне во маглата на непривлечните зборчиња („донекаде", „тоа", „ова")[89]. Хиперболата од првиот период е трага од народната песна; „таа е градена според украинските думи, добро изучени од Гоголь". Во вториот период хиперболата е и посилна и позастапена, „но стилот на хиперболата е друг; тој е последица од напорот на сознанието да го изрази несоодветството меѓу мелодијата и израснатиот од неа лик; содржината на најголемиот број хиперболи од првиот и од вториот период се наоѓа во меѓусебен однос на теза и антитеза"[90]. „Во првиот период Гоголь нè плаши, а излегува смешно; во вториот — каламбури, а излегува страшно", забележува А. Бели. „Во првата фаза ритамот е посилен од стилот, а во втората — стилот е посилен од ритамот"[91]. Општата содржина на особеноста на Гоголевата уметност од третиот период А. Бели ја определува вака: „Таква величина во сликањето на ситниците светската книжевност не познавала..."[92] Тоа значи дека при создавањето на делата од третиот период Гоголь бил сиот зафатен со „онаа тина од ситници што го соплела нашиот живот", за која зборува тој во „Мртви души". Во тој период Гоголь кој „посакал граѓански да ја изрази тенденцијата без лушпа, ги создал „Преписката" и „Исповедта", лушпата ја изгорел"[93].

Андреј Бели, според сопствените зборови, „намерно не се зафаќа со „хуморот" на Гоголь", зашто него „и не можеме да го наречеме хумор, а „стил" на очуднувањето на ликовите..." Во овој контекст А. Бели потсетува на цитираната книга на Мандељштам за карактерот на Гоголевиот стил и откако констатира оти „на почитуваниот изучувач му недостига метод за објаснување на стилот", одбележува дека „поради тоа... главата „Гоголевиот хумор" се развила во цела студија, во која

[89] Исто таму, стр. 12.
[90] Исто таму, стр. 13.
[91] Исто таму, стр. 19, 21.
[92] Исто таму, стр. 23.
[93] Исто таму, стр. 24.

под формата на десет „хумори“ е расширен поимот за хуморот до неможност тој да се собере во „хуморот“, зашто под хумор Мандељштам го разбира и нехуморот“[94].

Сижето кај Гоголь Андреј Бели го разгледува во врска со карактеристиките на неговиот стил. Основната особеност на Гоголевото сиже според А. Бели е таа што „тоа не се сместува во границите обично одмерени за него; тоа се развива „надвор од себе“; тоа е скудно, просто, примитивно во фабулата... но содржината, закопана во ситниците, отпрвин не ја гледаш; тоа пак што го гледаш — е одраз на Пушкинското сиже како одразот на бреговите во водата...“[95]

Од поновите руски критичари повеќе внимание на проблемот на уметничката форма кај Гоголь му посветил Виктор Шкловски.

За Шкловски секој уметник има свој пат кон вистината; Гоголевиот пат е во многу нешто необичен и сложен. Во „обичното“, она што е пред нас, Гоголь го разоткрива „необичното“, онаа „суштност на појавата што ја извлекува уметникот давајќи го општото во неговиот конкретен израз“[96].

Строежот на Гоголевото уметничко создание, забележува Шкловски, неговата „многупланност“, овозможува вместување во него голем број противречни една на друга можности на јазикот[97].

„Незначителноста на случката што влегува во основата на сижето“ кај Гоголь, според Шкловски го карактеризира самиот Гоголев свет[98].

Запирајќи се врз проблемот на жанрот во „Мртви души“, В. Шкловски забележува дека жанровата определба „поема“ во Гоголевата концепција на „Мртви души“ претпоставува „не само широчина на опфатот на животот на делото, туку и целосно отфрлање на традиционалните сижејни условности“, а „прибегнувањето кон формата на дело со висок поетски строеж“, — и некои чисто поетски обележја (смената на тоновите, лирските отстапувања и сл.). „Обрнувам внимание“, потсетува во врска со тоа Шкловски, „дека Белински речиси во сите свои статии го наречува Гоголља поет и не само во грчкото значење: поет-творец“[99].

---

[94] Исто таму, стр. 41.
[95] Исто таму, стр. 43, 44.
[96] Виктор Шкловский. Повести о прозе, Худлит, Москва, 1966, стр. 82.
[97] Исто таму, стр. 86.
[98] Исто таму, стр. 92.
[99] Исто таму, стр. 135—136.

Ефтим КАФЕДЖИСКИ

Резюме

Н. В. ГОГОЛЬ В РУССКОЙ КРИТИКЕ И НАУКЕ О ЛИТЕРАТУРЕ

Автор данного труда ставит перед собой задачу проследить за хронологией известных отзывов русской критики на отдельные произведения и особенности творчества Гоголя, начиная с тех, которые относятся к периоду жизни самого автора, а также проследить и за выдающимися достижениями русской науки о литературе в течении длинной истории изучения жизни, личности и творчества великого писателя на протяжении большей части XIX и начала XX века. Автором настоящей статьи в первую очередь отмечаются те отзывы и выступления о Гоголе, которые отражали необычайную противоположность мнений и оценок по поводу вышеупомянутых вопросов жизни и творчества писателя и которые, в то же время, почти всегда означали и борьбу против, или за Гоголя. При этом особое внимание автором настоящего труда уделяется тем достижениям в истории изучения Гоголя, которые более непосредственно относятся к явлениям обширной области гоголевского стиля, представлявшей всегда неисчерпаемый интерес для науки о литературе.

Д-р Нада МОМИРОВСКА

УДК 886.6—1(0:940.53/54).09

ПОЕЗИЈАТА НА МИТЕ БОГОЕВСКИ — ВРЕДНОСТЕН ПОКАЗАТЕЛ И КОНТИНУИТЕТ НА РЕВОЛУЦИОНЕРНАТА ЛИРИКА

Во Народноослободителната војна и Револуцијата создадени се значајни литературни дела. Ги пишувале афирмирани и млади писатели, ги испеал анонимниот автор или биле плод на колективно творештво. Најголемиот дел од оваа револуционерна лирика има уметничка носивост и живее и до ден денешен, а дел од неа е продуховено сведоштво на тоа понесено, отпорничко, херојско време на борба и жртва за слободата и човечковото достоинство.

Скоро сите поети во Македонија што испеаја револуционерна лирика (наедно со Коста Рацин и Мите Богоевски и Коле Неделковски, Волче Наумчевски, Бранко Заревски и други) да подвлечеме дека мнозинството што се јавија спроти Втората светска војна, како и во 1941-та и во 1942-та година создадоа дела со значителна уметничка вредност. Тие поети се со различен степен на уметничкиот еквивалент, ниеден не покажал елементи на дилетантизам. Дури и оние песни што имаат фрагментарни вредности имаат еманципаторско и книжевно достоинство. Без оглед колкав е нивниот опус, поголем или помал, независно од тоа колкав е нивниот творечки интензитет и творечки зафат тие имаат видливо место и за континуитетот на социјалната и револуционерна лирика. По својата целосност и естетска целесообразност испакнува Кочо Рацин. Иако во помал обем со одредени карактеристики испакнува и Мите Богоевски.

Револуционерната лирика не е поради простото идејно определување, сама за себе, автоматски книжевна, односно уметничка вредност. Таа ни е блиска, богата по многу нешта, живее до денденешен зашто повеќекатно е со високи својства. Таков е случајот со огнениот револуционер, искалениот кому-

нист и автентичниот поет Мите Богоевски чија животна, револуционерна и поетска повест е кратка но возбудлива горда и инспиративна. Иако во помал сооднос, но со подеднаков показ тука имаме симбиоза (како кај Кочо Рацин), двојна вредност и проникнување на самопрегорен револуционер и продуховен поет а едното и другото да не се само рамнотежа, туку во полно единство.

Мите Богоевски е син на сиромашни родители со многучлено семејство. Роден е во отпорничкото, бунтовното и револуционерното село Болно, место каде била болницата на Самоиловите војни. Тоа е под аголот на Галичица и Петрино со поопшти социјални и историски особености на Преспа каде се знае за многу национално-револуционерни борби и други понови прогресивни движења во историјата на македонскиот човек со мошне активен удел на луѓето од овој крај.

Првите поетски најави ги покажува уште како ученик во граѓанската школа во Ресен и во трговската академија во Битола. Со љубов кон книгата, со завидна книжевна култура, би се рекло натпросечна, начитан се појавува со изразита активност во литературната дружина „Иван Гундулиќ" во Битола. Истапува со реферати со романтичарски, национални, социјални историски теми, со поетизирана проза и одделни песни за деца. Заслужуваат одбележување двете негови песни од тоа време напишани на српскохрватски: Легенда на Македонските Словени (се однесуваа за царот Самуил) и Богомилите.

Првата песна на Мите Богоевски на македонски јазик е „Разделувачка", на тема печалбарство, нему и на неговите преспанци позната и прочувствена тема напишана по углед на народната поезија.

Уште во младешките години, како што тврдат некои негови соученици тој пишувал роман на социјална и печалбарска тема, кој поради премалото искуство или од други причини не е завршен.

По угледот на народната поезија но со побогати стилски фигури, со појадровита тематика и со пробиви да излезе од таа рамка е песната „Стојанка млада партизанка".

Уште една песна по углед на народната поезија што Мите Богоевски ја напиша е „Триесет и деветминаа", посветена на одредот „Даме Груев". Во оваа песна Мите Богоевски се движи по две линии. Преовладува осмерец со рамни и вообичаени народни кажувања но во одделни стихови и строфи (во третата и во единаесесеттата строфа) со градација и симболика.

Од поинаков вид, сосема различно од другите песни е „Спроти Илинден", што е предмет на нашето поопстојно разгледување.

Нема документирани и други веродостојни податоци (според едни Мите Богоевски, како што тврди Ацо Филип ја напишал на македонски јазик во школските години и му ја смета за негова втора песна; според д-р Ѓорѓи Сталев песната е напишана 1942 година спроти 2 август; според ставот на професорот и критичарот Димитар Митрев песната е напишана по 1941 година). По наше мислење, таа е напишана или спроти 2 август 1941 или веднаш потоа. Ова го тврдиме на основа на споредување на неговите сознанија за револуцијата и во однос на поетовото искуство и изграденост. Во однос на првото, тој со далеку поголема интуиција, зрелост и свест на револуционер го чувствува кревањето на револуцијата и големиот ослободувачки поход на народот што визионерски предводен од Комунистичката партија на Југославија и Јосип Броз Тито наспроти предавството на бившата југословенска влада, Петтата колона и распаѓањето и распарчувањето на Југославија и на Македонија; сета таа решителност за борба ја засака, ја виде и страсно се впи во неа.

Песната „Разделувачка" во осмерец, со цезура во петтиот слог е напишана по изразит углед на народната поезија. „Триесет и девет минаа" исто така е во осмерец и претставува значителен напредок во однос на песната „Разделувачка". Песната „Стојанка млада партизанка" е напишана во десетерец. Сите тие иако со различни вредности ја следат народната орална поезија, со содржинска и изразна, лесно претпознатлива фолклорна основа.

Во песната „Спроти Илинден" Мите Богоевски се надвишува новеќекатно: по идејно богатство, по метафорика и по други оригинални и надградени стилски фигури што на песната, која има анталогиска вредност и обезбедуваат можност да ѝ се направи целосна и сестрана теоретска анализа, што е и цел на овој реферат. Така, отпаѓа хипотезата дека оваа песна е напишана далеку пред 1941 година зашто е невозможно поетот што го достигнува творечкиот врв во песната „Спроти Илинден" да се врати на претходната елементарна фоклорна поетска вокација. Така што песната е напишана во 1941 или нешто подоцна 1942-та година.

Песната „Спроти Илинден" е целосна по многу нешто, богато и хармонично структуирана. Содржи два взаемно поврзани дела што произлегуваат еден од друг, се надоградуваат и прават разновидна целина на песна во бел, слободен, искршен стих, со богата метафорика, споредби, епитети и градација.

Метафората како мошне карактеристична стилска фигура за споредување употребена е повеќенасочно.

Во првите стихови:
„Гумно е
под копитата тешки на којни
се рони пласт по пласт.
По гумејната тешки горат селаните
скап е секој час.
Сонцето печит,
потта течит ко река
полека
полека.

. . . . . .

имаме метафорично значење на македонската почва, национално, социјално и судбинско определување. Низ соодветна симболика и асоцијација на врелото поднебје, на гумното на селанскиот труд се создава поетска претстава што сублимира повеќе битни значења на тешката судбина на македонскиот човек.

Второ, далеку покомплексно метафоричната поимност е употребата на Илинден. Еднаш во осумнаесеттиот стих Илинден е употребен како пократко и симболично означување на Илинденското востание 1903 година. Потоа во четириесет и вториот стих:

„Утре е ИЛИНДЕН
свети ден".

. . . . . .

со ИЛИНДЕН се означува „Вториот Илинден". По овие стихови, во наредните Мите Богоевски употребува нова социјална и класна категорија „работници", а потоа „селани". Така што стихот гласи:

„Гумно е.
Под нозете на работниците",
и на селаните од Македонија
и од цел голем свет
нек падне овој систем клет".

Тука имаме употреба на поимот систем и универзално сфаќање на борбата на целото прогресивно човештво против сите темничишта, сите системи на експлотација и поробување од капитализам до фашизам и сите видови национална и со-

цијална обесправеност. И најважното тука се мисли на „Вториот Илинден" како именување на народноослободителната војна и револуцијата.

Нашето тврдење на овие две изразити метафори со овие значења ги поткрепуваме со повеќе аргументи и споредувања во самата песна.

До четириесет и вториот стих Мите Богоевски определувајќи го „Првиот Илинден" се служи само со социјалната категорија „селани", потоа со поимот „роб" и „султан". Со тоа се определуваат историските рамка, социјалното и класното.

Пред да се мине на „Вториот Илинден" кај триесет и деветиот стих точно се дава временската рамка на изминатa историска меѓа и нова потчинетост на Македонија:

„Македонија мачна родена,
пак пропадна
и поробена остана.

. . . . . .

Потоа сосема е јасно дека во следниот стих:

„Утре е ИЛИНДЕН
свети ден."

. . . . . .

со асоцијација, интимен и сознаен револуционерен став спрема „Првиот Илинден" се мисли на „Вториот Илинден", на народноослободителната борба и револуцијата 1941-та година со што се доаѓа до полифоничност, до богата и сестрана метафора.

Ова мислење го имаше и критичарот Димитар Митрев. За ваквото сфаќање исто така можеме да ја приведеме употребата на овие стихови со значење за „Вториот Илинден" од 1945-та година до денес во низа рецитали, по повод значајни датуми и годишнини за народноослободителната војна и социјалистичката револуција кај многу македонски писатели, автори на рецитали, ораториуми и други музичко-сценски дела. Врз овие аргументи го темелиме нашето тврдење. Секое друго стојалиште е сфаќање на метафората Илинден како однос на Мите Богоевски спрема Илинденското востание, што е еднонасочено и згорнинско толкување на оваа песна.

Друга метафора е:

„Време е плодот да се берит."

Тука прижелкуваниот плод е сфатен како резултат на справедливата борба, решителноста, трудот, маката и сето творештво, духот и напорите да се успее, да се опстои, и да се победи и овојпат со нови жртви.

Во низата течен воедначен и мисловен поетски израз на стихот придонесуваат и епитетите „копитата тешки", „гумејната жешки", „големиот ден", „свети ден" и други.

Кај оваа песна имаме видлива, силна и слоевита градација, нагорно нижење на претстави, мисли и чувства. Мите Богоевски почнува од една скала на стихот што има одредено значење, за постапно интензивно потаму да се качи во нова угорна пластовитост на посилни, поважни и најударни значења.

Така имаме неколку убави примери на градација:

„Робот се дигна
пламен се вивна,
пламна,
село,
град . . ."

. . . . . .

Во саможртвата, идеалот и трагиката како свое решително национално и поопшто човечко обележје имаме во градацијата на овие стихови:

„Часот последен пукна:
умрете
за да живеете."

. . . . . .

Најсилен и најјадровит пример за градација имаме во последните стихови:

„Време е плодот да се берит,
Фрлајте ји вилите,
грабнете ји косите,
удрете на тиранните!"

. . . . . .

Врз овие изградени стихови со богати стилски фигури, проникнати со полет, со верба, со револуционерен знаес, со восхит и понесеност, не со гола, делничка политичка и борбена декларација, се достасува до видливо поетско уметничко

постигнување. Ако сме имале можност во песна од овој обем да откриеме и анализираме толку суштествени, идејни, естетски и теоретски вредности, тоа е достатно за неа и за нејзиниот автор кој прерано трагично загина за да остане запаметен и издиференциран како вредност и за социјалистичката револуција и за револуционерната лирика.

Nada MOMIROVSKA

Zusammenfassung

DIE DICHTUNG VON MITE BOGOEVSKI — EIN HINWEIS AUF DEN WERT UND DIE KONTINUITÄT DER REVOLUTIONÄREN LYRIK

Im Volksbefreiungskrieg und in der Revolution wurden bedeutende literarische Werke geschaffen. Sie wurden von affirmierten und jungen Schriftstellern geschrieben, von anonimen Autoren gedichtet, und sie waren eine Frucht des kollektiven Schaffens. Der größte Teil dieser revolutionären Lyrik ist künstlerisch sehr ausgeprägt und lebt bis zum heutigen Tag. Ein Teil davon ist ein beseeltes Zeugnis dieser entzückenden viderständischen, heroischen Zeit des Kampfes und des Opfers für die Freiheit und die Menschenwürde. Das ist der Fall bei dem feurigen Revolutionär, gehärteten Kommunisten und authentischen Dichter Mite Bogoevski, dessen Lebens-, Revolutions- und Dichtergeschichte kurz aber aufregend, stolz und inspirativ ist.

Лидија АРСОВА-НИКОЛИК

УДК 82.035=81+82.035.01

ПРВИТЕ СЛОВЕНСКИ ПРЕВОДИ И ПРВИТЕ ПРЕВЕДУВАЧКО-ТЕОРИСКИ КОНЦЕПЦИИ

Историјата на македонскиот книжевен превод почнува истовремено со поставувањето на темелите на словенската писменост и книжевност. Првите дела напишани со словенска азбука се всушност преводите на јазикот којшто го имаше за основа говорот на македонските Словени од околината на Солун. Тоа беа богослужбените книги кои биле потребни за ширењето на христијанството меѓу моравските Словени. Нажалост во науката не се сочувани автографи на делата на словенските апостоли Кирил и Методиј, туку само имаме податоци за нив од бројните извори, меѓу кои најважни и најкомплетни, напишани на словенски јазик, се житијата за овие двајца словенски просветители познати под заедничко име *Панонски легенди.*

Во Методиевото житие чијшто полн наслов гласи *Спомен и житие на блаженият наш татко и учител Методија, архиепископ Моравски,* постојат конкретни податоци во врска со делата коишто ги превел Методиј, сам или заедно со Константин — Кирил. Според ова житие, Методиј превел еден голем дел од потребните книги меѓу кои спаѓаат *Светото писмо,* освен *Книгата на Макавеите,* потоа *Номоканонот* и *Книгата за отците.* Со Константин — Кирил ги превеле порано само *Псалтирот* и *Евангелието со Апостолот* и со одбрани црковни служби. За оваа дејност сликовито се зборува во Методиевото житие: „Најпрвин од своите ученици одбра двајца попови, мошне брзописци, и набргу го преведе сето Свето писмо, освен Книгата на Макавеите, од грчки на словенски, за шест месеци почнувајќи од месец март до дваесет и шестиот ден на месец октомври... оти пред тоа беше превел само Псалтир и Евангелие со Апос-

тол и со одбрани црковни служби заедно со Филозофот."[1] Покрај Методиевото житие постојат и други извори според кои Методиј ги превел сите книги на Библијата, освен Книгата на Макавеите — сите шеесет библиски книги.[2] Во житието понатаму кишува: „Тогаш ги преведе и Номоканонот, тоест Правилата за законот и Книгата за отците."[3]

Во науката постојат мислења дека Методиј се бавел со преведување и пред да биде одреден да ја изведе Моравската мисија. Се тврди дека тоа било кога бил назначен за управител на една словенска област на Византија што се наоѓала на границата со Бугарија (во Стромонската клисура) и дека таму Методиј бил испратен од Византискиот император со цел да ја заштитува границата од Бугарите. Во тоа време, од 830 или 831 год. до 840 или 841 год., додека ја управувал оваа област Методиј го превел од грчки на словенски јазик делото *Закон судниј људем.* Ова дело не е сочувано во својата првобитна форма, а според најновите истражувања на неговиот јазичен состав се смета дека било напишано на словенски јазик но со грчки букви, а покасно било препишано со словенска азбука.[4] Делото има правна содржина и е прво дело на словенски јазик од правен карактер. Со оглед на содржината на ова дело коешто било наменето за словенската војска, најприфатливо е гледиштето дека настанало токму во времето кога Методиј, како управник на словенската област во Струимонската клисура ја организирал воената одбрана на границата на Византиското царство. При преведувањето на ова дело се користеле византиската Еклога, декретот на византискиот император Константин, Библијата и каноните на Василиј Велики.[5]

Методиј ги преведувал и оригиналните дела на Константин — Кирил од грчки на словенски за што се потврда и овие редови во Житието на Константин, што се однесуваат на полемиките што ги водел Константин за време на Хазарската мисија: „Од многуте работи ние накусо изложивме олку само за сеќавање; а кој сака да ги бара во потполност овие беседи, ќе ги најде во неговите книги што ги преведе учителот наш и архиепископ Методиј, брат на Константин Филозоф, разделувајќи ги на осум беседи, и тука ќе ја видите силата на зборот со божја благодет, како пламен што ги гори против-

[1] *Панонски легенди,* Македонска книга, Скопје, 1970, превод Радмила Угринова — Скаловска, стр. 79.

[2] Јоан Егзарх *Пролог кон преводот на Богословие* од Јован Дамаскин.

[3] Панонски легенди, стр. 79.

[4] Вера Стојчевска Антиќ „Преведувачката дејност на Методиј Солунски" *Спиелит,* 1, 1985, стр. 5.

[5] Op. cit, стр. 5.

ниците."[6] Се претполага дека во овие книги што ги превел Методиј спаѓаат: полемиките што Константин — Кирил ги водел во разни прилики, како што се полемиките со патријархот Јован VII Граматик, полемиките со Сараценитe, со Хазарите, покасно полемиките со тријазичниците во Венеција. Во овие книги спаѓаат исто така и некои други состави.

Од сите преводи на Методиј секако најголемо значење има преводот на Библијата со кој Словените влегоа во светската културна историја. Во славистичката наука постојат разни мислења во врска со тоа да ли Методиј ја превел целата Библија. Некои научници изразуваат резерви во однос на преводот на целиот Стар завет, а изразуваат претпоставки дека Методиј го превел само паримејникот, што значи само делови на Стариот завет. Во последно време сè повеќе се зазема гледиштето дека Методиј го превел целиот библиски текст. Според Ф. В. Мареш[7] Методиј го превел целиот библиски текст со што старословенскиот превод хронолошки се наоѓа на трето место во Европа. Пред овој превод целосни преводи на Библијата се латинскиот превод на Ероним Софроник, познат под името *Вулгата* (393—404) и готскиот превод на Вулфила од IV век. Преку преводот на Библијата и на богослужбените книги старословенскиот јазик покрај грчкиот и латинскиот јазик бил долго време единствениот меѓу останатите европски јазици на кој се изведувала богослужбата кај народите кои ја примиле христијанската религија.

Номоканонот е дело коешто го превел Методиј. Тоа е збирка на световни и црковни закони а преведена е од делото *Зборник со 50 наслови,* напишано на грчки јазик. Според Ф. В. Мареш преводот веројатно претставува скратен облик на ова дело.

За делото *Отечка книга* се претпоставува дека било превод на Дијалозите на св. Григориј Двоеслов.

Покрај богатата преведувачка активност на Методиј во славистичката наука е познат и неговиот Трактат за преведувањето којшто претставува прв прилог кон теоријата на преведувањето кај словенските народи а истовремено и прв теориски прилог во македонскиот книжевен превод. Се смета дека ракописниот отсечок *Македонското кирилско ливче* (најден во Македонија од А. Ф. Гилфердинг (1831—1872) и познат уште како ливче на Гилфердинг, коешто сега се наоѓа во библиоте-

[6] *Панонски легенди,* стр. 48.

[7] Франтишек Вацлав Мареш „Јазикот на словенскиот првоучител Методиј", Реферат на научниот собир *Кирило-методиевскиот (старословенскиот) период и Кирило-методиевската традиција во Македонија.* Скопје, октомври 1985.

ката на Академијата на науките на СССР во Лењинград) е дел од овој трактат. Во славистиката постојат повеќе мислења во врска со Македонското кирилско ливче. Срезневски (1863)[8] претпоставува дека овој ракопис е дел од книга во која се наоѓал еден од трудовите на првите словенски преведувачи. Овој научник исто така констатира дека постојат сличности помеѓу овој текст и Прологот на Јоан Егзарх којшто тој го составил при преведувањето на делото Богословие од Јоан Дамаскин. Славистот Илински (1906)[9] меѓутоа, ги утврдува разликите помеѓу двата текста — Македонското кирилско ливче и Прологот на Јоан Егзарх. Во 1948 год. Вајан ја изнесува тезата дека во Македонското кирилско ливче се содржи дел од прологот што го составил Константин — Кирил при преведувањето на апракос-евангелието. Ова становиште понатаму го застапуваат Хоралек (1956), Вашица (1966) и други.

Прашањето за Македонското кирилско ливче во најново време го покрена Ф. В. Мареш во статијата „Потеклото на текстот на Македонското кирилско ливче"[10]. Во оваа статија тој тврди дека постоел еден стар архетип и дека на основа на тој архетип се создале две варијанти: Македонско кирилско ливче што води потекло од Охридскиот книжевен центар и текстот на Јоан Егзарх од Преславскиот книжевен центар. Архетипот, според Мареш, е епилогот што го составил Методиј при завршувањето на преводот на Новиот завет. Во овој епилог се наоѓа и Трактатот за преведувањето што го составил Методиј, смета Мареш, а не Константин — Кирил, како што претпоставуваат некои слависти.

Мислењето на Мареш се разликува од становиштето на К. Трост изнесено во статијата „Преведувачко-теориските концепции на Македонскиот кирилски лист и на Прологот кон Богословие од Јоан Егзарх — Истовремено и прилог кон прашањето за авторството на Константин — Кирил".[11] Во оваа статија К. Трост ја застапува хипотезата на Вајан дека Македонскиот кирилски лист е дел на еден предговор на Константин —

[8] И. И. Срезневский *Известия Имп. Археологического общества* 5 1863, 66—68.

[9] Г. А. Ильинский *Македонский листок — отрывок неизвестного памятника кирилловской письменности XI—XIIвв. Памятники старославянского языка* I/5, С. — Петербург, 1906.

[10] Франтишек Вацлав Мареш „Потеклото на Македонското кирилско ливче", Slovo 32—33, Zagreb 1983, str. 5—15.

[11] Klaus Trost »Die übersetzungstheoretischen Konzeptionen des Cyrillisch-mazedonischen Blattes und des Prologs zum Bogoslovie des Exarchen Ioann — Zugleich ein Beitrag zur Frage der Autorschaft Konstantin-Kyrills«, *Slavistische Studien* zum VII Internationalen Slavistenkongress in Warschau 1973, München 1973, str. 497—526.

Кирил кон Евангелистерот. Тој претпоставува дека овој предговор Константин — Кирил го напишал на грчки, а наскоро потоа бил преведен на словенски. Овој преведен на словенски предговор му послужил на Егзарх како предлошка за неговите излагања во Прологот кон Богословието. Мареш, меѓутоа, тврди како што веќе напоменавме, дека се работи за епилог во кој се наоѓа Трактатот за преведувањето и дека него го напишал Методиј.

Исто така во поново време Е. А. Наумов (1975)[12] претпоставува дека за време на престојот на Кирил и Методиј во Моравија можел да постои текст со инструкции за преведување на богослужбени книги од грчки на словенски јазик. Содржината на овој текст покасно на словенскиот југ била адаптирана во двата центри — охридскиот од којшто потекнува Македонското кирилско ливче и преславскиот каде припаѓа верзијата на Јоан Егзарх.

Во врска со хронологијата на двата текста, Македонскиот кирилски лист и Прологот кон Богословието на Јоан Егзарх, постојат сосема спротивни мислења. Според постарото истражување преведувачко-теориските излагања во Македонскиот кирилски лист се базираат на Прологот кон Богословието, односно текстот на Македонскиот кирилски лист настанал по Прологот, некаде кон крајот на 9 и почетокот на 10 век. Според поновото истражување, имено според хипотезата на Вајан, чијашто аргументација ја дополнува Трост во споменатата статија, излагањата во Македонскиот кирилски лист се постари, и тие претставуваат дел на еден предговор на Константин — Кирил кон Евангелистерот, којшто откако бил преведен од грчки на словенски му послужил како предлошка на Јоан Егзарх. Без оглед на тоа кој од овие два текста е постар, тие се меѓусебно зависни во поглед на содржината, но не сосема зависни затоа што делумно се совпаѓаат а делумно се разликуваат. За нивните разлики и сличности се зборува во статијата на Трост, чијашто цел е да ја дополни хипотезата на Вајан во поглед на староста на двата текста и да ги покаже токму овие разлики и сличности во однос на преведувачко-теориските концепции што се застапуваат во двата текста.

Според Мареш двата текста претставуваат верзии на еден архетип, којшто всушност е епилогот што го напишал Методиј при завршувањето на преводот на Новиот Завет. Ова свое тврдење Мареш го аргументира со фактот дека грчко-словенските примери со кои се илустрираат преведувачко-теориските

[12] E. A. Naumov Najstarsze slovianskie rozwazania o sztuce tłumaczenia, Zesyty Naukowe Uniwersytetu Jagiellonskiego — Prace Historycznôliterackie, z. 33 (1975) 9—17.

концепции во Трактатот за преведувањето се од 15 и 16 глава на Откровението на Јован Богослов, а Откровението е последната книга на Новиот завет. Во овој епилог се наоѓа и Трактатот за преведувањето, којшто тврди Мареш, го напишал Методиј а не Константин — Кирил, како што претпоставуваат други слависти. До оваа констатација Мареш доаѓа и на основа на „апологетскиот, одбранбен карактер на текстот: на крајот на својата преведувачка дејност Методиј имаше многу повеќе искуство во тој поглед отколку што можеше да го има Константин кога одеше (или кога беше дојден) во Моравија со првиот превод на апракос-евангелието."[13] Мареш меѓутоа исто така тврди дека „Преславската верзија (кај Јоан Егзарх) поверно го зачувала првобитниот текст, охридската верзија (Македонското кирилско ливче) покажува свесна творечка редакција извршена во славниот охридски центар на старата словенска писменост."[14]

Трактатот за преведувањето е првиот словенски текст од теоријата на преведувањето. Во него се изнесуваат некои од основните поставки во оваа наука.

1. Во време оддалечено од нас единаесет векови, Методиј го отфрла формалистичкиот пристап кон преведувањето и се залага за семантичкиот. Своите поставки ги формулира на следниот начин: погрешно е преведувачот да не обраќа внимание на смислата туку само на зборовите — „голите звуци" не е она што треба да достигне до слухот на оние што сакаат да го разберат божественото слово, туку она што зборот го означува.

Кога е во прашање избор помеѓу постигање на адекватност во однос на зборовите и адекватност во однос на значењето, авторот на Трактатот смета дека треба да се даде предност на значењето, односно преводот треба да биде верен во однос на значењето. Превод на Евангелието којшто е верен само во однос на зборовите е премногу едноставен и не би можел да се прифати како единствен можен начин на пренесување на неговата содржина. Секако Методиј ги има предвид контекстуалните, стилските и естетските елементи коишто сите заедно играат пресудна улога во пренесувањето на пораката. Уште во тоа време може да се наслути комуникацискиот пристап кон преведувањето.

Во времето кога е пишуван Трактатот за преведувањето веројатно уште постоеле приврзаници на преведувањето ориентирано не кон формалната и содржинската страна истовремено, туку само кон формалната. За нив постигањето на фор-

[13] Ф. В. Мареш, 1983, стр. 12.
[14] Op. cit, стр. 13.

мално-граматичко соодветство било најважно. Овој начин на преведување бил доста раширен — познат е во античката преводна книжевност и покасно до времето на првите словенски преводи. Така во писмата на Ероним Софроник (340—420), еден од најпознатите писатели на раниот среден век и еден од најзначајните теоретичари на книжевниот превод во тоа време, се зборува за овој вид на превод. Во овие писма се споменува реведувачот Аквила којшто преведувал од хебрејски на грчки јазик при што се обидел формално-граматичките единици од хебрејскиот јазик да ги пренесе во грчкиот преведувајќи букви и слогови. Ероним го критикува преводот на Аквила за кој смета дека е неуспешен. Преведување ориентирано првенствено кон постигање на формално-граматичко соодветство би значело повреда на значењето а тоа пак значи повреда на содржината. Меѓутоа ваков вид на преведување постоел во времето на првите словенски преводи а него го застапувал веројатно грчкиот клер којшто бил под влијание на литературата на грчките граматичари и се залагал за постигање на формално-граматичко соодветство како што е зачувувањето на родот и бројот при преведувањето на грчките оригинали.

Во едно такво време кога постоеле привржаници на превод ориентиран кон постигање на формално-граматичко соодветство, стремежот кон превод ориентиран и кон постигање на значенско соодветство, изразен во Трактатот за преведувањето, делува револуционерно и модерно. Она што теориски се застапува во Трактатот практично се реализира во преводите, во кои постигањето на значенска еквиваленција се наоѓа во преден план.

2. Во Трактатот за преведувањето се поставува прашањето за адекватноста на преводот. Овој проблем го согледале некои теоретичари на преводот, што биле и самите преведувачи, уште порано. Ероним Софроник пишува: „Тешко е да се успее работите кои се добро изразени на друг јазик да сочуваат слична привлечност и во преводот" ... зашто секој јазик постои „сам за себе" и „е изворен само во својата средина."[15] Во врска со воспоставувањето на преводната еквиваленција помеѓу изворниот јазик и јазикот — цел во Трактатот за преведувањето се доаѓа до заклучокот дека „не секогаш точно може да се преведува елинскиот јазик на друг јазик. Истото се случува со секој јазик кога се преведува на друг." Оваа поставка изразена во време кога постоел строг однос кон религијата и кон сè што е во врска со неа, а нарочно кон светите книги и кога и мало отстапување од изворниот текст лесно можело да се

[15] Миодраг Сибиновић *Оригинал и превод. Увод у историју и теорију превођења.* Привредна штампа, Београд 1979, стр. 13.

прогласи за ерес, ова гледиште зачудува со својата смелост. Исто така привлекува со својата далековидост, со навлегувањето во теориските проблеми за кои денес постои обемна литература.

3. Во врска со претходната поставка се навлегува во лексиколошки проблеми — лексичките полиња на грчко-словенските синоними. Тешкотиите при постигањето на адекватноста на преводот произлегуваат и поради тоа што постои разлика во лексичките полиња на грчко-словенските синоними и кај сите нив не може да се воспостави преводна еквиваленција. Нијансите во значењето на синонимите во двата јазика се пречка за воспоставувањето на преводна еквиваленција, зашто еден збор во изворниот јазик може да е убав или возвишен или да изразува некое суштинско значење а истиот збор во јазикот — цел не мора да има такво обележје. Според тоа не може да се постигне адекватен превод истовремено и во семантички и во формален поглед.

4. Постигањето на содржински верен превод, којшто ќе биде разбирлив за Словените односно којшто ќе може да ја постигне целта за која е создаден — разбирање и прифаќање на христијанството — е поврзано и со разрешувањето на граматички проблеми во кои се навлегува во Трактатот за преведувањето. Имено во Трактатот се разгледува прашањето за граматичките категории, конкретно категориите *род* и *број* кај именките. За тоа зборува овој текст:

... ѧкоже се грьѹскъіи ватрахос и потамосъ, словѣньскьі жаба и рѣка. И пакъі таласа, имера, анатоли грьѹьскъіи женьскаꙗ имена, а словѣньскъі моужьскаѧ море, дн҃ь въстокъ. И пакъі гл҃емъ елиньскьі панъта та езни, а словѣньскъі вси ꙗзъіци.

Во текстот, како што се гледа, се наведуваат грчките именки βατραχος, ποταμος, за кои се кажува дека се од машки род, и нивните преводни еквиваленти во словенски жаба, рѣка, за кои се назначува дека се од женски род. Понатаму се цитираат грчките именки ημερα, ανατολη, за кои се наведува дека се од женски род и нивните словенски преводни еквиваленти дьнь, въстокъ, за кои се кажува дека се од машки род.

Авторот на Трактатот за преведувањето го прекршува сфаќањето за обврзно постигање на формално-граматичка идентичност при преведувањето, истакнувајќи ја разликата во категоријата *род* во два различни јазици — грчкиот изворен јазик и словенскиот јазик — цел. Со овие примери тој се спротивставува на едно сфаќање според кое формално-граматичкото соодветство треба да се става во преден план и според кое при преведувањето не смееле да се менуваат граматичките категории на изворниот, грчкиот јазик.

Трактатот за преведувањето мора да бил напишан со цел да послужи како инструктивен текст при преведувањето на богослужбени книги од грчки на словенски јазик и имал, значи, практична цел — да укаже на некои структурни разлики помеѓу грчкиот и словенскиот јазик кои треба да се имаат на ум за да се постигне адекватен превод.

Lidia ARSOVA — NIKOLICH

Summary

THE FIRST SLAVONIC TRANSLATIONS AND THE FIRST CONCEPTS IN TRANSLATION THEORY

— On the 1100 th Anniversary of the Death of Methodius —

This article is about those Slavonic translations which, according to scholarly investigation, are the works of Methodius. Special attention is paid to the Treatise on Translation, which is the first Slavonic work in the field of translation theory. It is considered that the Macedonian Cyrillic Fragment and the Prologue by Joann Exarch are two variants of an archetype, which, according to some scholars, is the epilogue written by Methodius on finishing his translation of the New Testament. In the Treatise some of the basic concepts of translation theory are presented. This article is particularly concerned with these concepts, taking into consideration thereby the scholarly literature on the authorship of the Treatise on Translation.

Науме РАДИЧЕСКИ

УДК 111.852+82,09:141.82

МАРКСИСТИЧКАТА ЕСТЕТИКА И МАРКСИСТИЧКАТА ЛИТЕРАТУРНА КРИТИКА

Почетоците и нагорните тенденции во развитокот на марксистичката естетика и марксистичката литературна критика, кои се аплицираат и пошироко во науката за литературата, не само што спаѓаат меѓу најзначајните појави во литературно-естетичките струења во поново време, туку дури и битно влијаат на културниот развој на човештвото во XX-от век. Имено, се работи за голем пробив на марксистичкиот научен метод во литературната наука, кој се јавува пред лингвистичко-стилистичките, структурално-аналитичките и други методи кои, исто така, добиваат сè поширока примена, а во некои случаи се развиваат на марксистичка основа; опстојува паралелно со нив и, се чини, има сили и да ги надживее. Процесот на создавањето на марксистичката естетика, всушност, значи создавање на една нова филозофска дисциплина во рамките на марксистичкото учење, дисциплина која не ја развиле неговите втемелувачи, а тоа создавање подоцна е извршено врз можностите и претпоставките на самото марксистичко учење.

Појавата и развојот на марксистичката естетика и на марксистичката литературна критика и предизвикува и подразбира вистински пресврт во филозофските, естетичките, уметничките, литературните и сеопштите идејни и културни текови во животот на човекот. Во сферите на таа *поширока проблематика*, како централно и појдовно прашање марксистичката естетика си ги постави односите кон уметничкото творештво. Зависно од општествено-економскиот, социјалниот и културниот развиток на поедини подрачја, како и во секоја друга епоха, тоа е резултат како на самиот дијалектички развиток, така и на најзначајните настани и процеси во новото време: значењето и актуелноста на марксистичкиот поглед на светот, социјалистичките револуции и воведувањето на социјалистич-

киот општествен систем во повеќе земји, научно-техничката револуција и другите тековини и придобивки на општиот развој на цивилизацијата на човекот.

За разлика од многумина теоретичари, кои, пишувајќи за марксистичката естетика, најчесто започнуваат со прашањето за нејзиното постоење или непостоење, за тоа дали е таква естетика можна или не, ќе започнеме со констатацијата дека развитокот на марксистичката естетика до денес зад себе веќе обележа извесен развоен период. Создавањето на марксистичката естетика, според Анри Арвон, продолжувачите на Марксовото дело ги ставило пред „проблеми кои тие, се разбира, ги решавале, но кои никогаш не успеале дефинитивно да ги решат. Заробеници било на својот сопствен вкус, било на императивот на политичката акција, и покрај често очајничките напори, тие доаѓале само до работ на една естетика."[1] Дури и младиот Ѓ. Лукач морал да ја брани својата „теза дека марксизмот има сопствена естетика", поради тоа „што марксизмот пред Ленина, и кај своите теориски најдобри застапници, како Плеханов или Меринг, скоро исклучиво се ограничил на проблемите на историскиот материјализам. Дијалектичкиот материјализам дури со Ленин повторно доаѓа во центарот на интересирањето."[2] Со овој пресврт развојот на марксистичката естетика фаќа поголеми и посигурни чекори, така што во периодот по Октомвриската револуција, односно уште во 20-тите години, во Советскиот Сојуз, како и во некои други европски земји, имаат веќе земено замав дискусиите за предметот, границите и принципите на марксистичката естетика.[3]

Но, дилемите и дискусиите околу марксистичката естетика, а најмногу во врска со нејзините почетоци, со нејзината заснованост, со нејзиното постоење и природа, сè до денес, се неедноставни и долготрајни. Дури и доста подоцна, како и многумина други, и нашиот теоретичар и марксистички естетичар Г. Старделов, во текстот *Марксистичката естетика како естетички систем,* уште на почетокот можеби не без право го постави прашањето: „постои ли воопшто марксистичка естетика, или естетика која врз основа на филозофските, онтолошките и гносеолошките претпоставки на марксизмот би можела

[1] Henri Arvon, »L'esthétique marhiste. Presses universitaire de France, Paris 1970, str. 7. Цитирано според: Sreten Petrović, »Marksistička estetika«, BIGZ, Beograd 1979, str. 19.

[2] Georg Lukàcs, »Aesthetik. Teil 1. Die Eigenart des Aeasthetischen, 1. Halbband. Luchterhand, Neuwied 1963, str. 16—17. Цитирано според: Sreten Petrović, »Marksistička estetika«, str. 19.

[3] Види: Sreten Petrović, »Savremena marksistička misao o književnosti«, предговор кон зборникот »Marksizam i književnost«, »Prosveta«, Beograd 1983.

да го испитува феноменот на уметноста и убавото? Возможна ли е една таква естетика, или: до колку е возможна, во што се состои нејзината суштност и кои се фундаменталните нејзини претпоставки врз кои таа би се конституирала во еден интегрален и суверен естетички систем?"[4] — за понатаму концизно и во суштина точно и да го постави и да го одговори најзначајното прашање во врска со постоењето на марксистичката естетика.

Сè до почетокот на триесеттите години од нашево столетие, кога беа откриени и објавени некои рани трудови на Маркс и Енгелс, за најрани авторитети во марксистичката естетика се сметаа Г. Плеханов и Ф. Меринг. Откривањето на Марксовите *Економско-филозофски ракописи* од 1844 година, а објавени дури во 1932 година, на *Германската идеологија*, која со Енгелс ја напишаа во 1845/46 година, на нивните писма до Ф. Ласал, а во врска со неговата драма *Франц фон Зикинген*, како и на писмата на Енгелс до Мина Кауцки и Маргарета Харкнес, по што доаѓа до свртување и кон естетичките сфаќања на Маркс и Енгелс, претставува извесен пресврт во развитокот на марксистичката естетика, а уште повеќе во сфаќањата за самата марксистичка естетика, доаѓа до пресврт во марксистичката метаестетика. Со тоа се поделија и сфаќањата за почетоците на развојот на марксистичката естетика и таа поделеност е сè уште присутна.

Иако во делото на основоположниците на марксистичката филозофија се наоѓаат, навистина, само зачетоците на марксистичката естетика, од некои подоцнежни марксистички теоретичари во него се бара дури и завршен, целосен естетички систем. При сето тоа, погледите на Маркс и Енгелс за уметноста „не настанале на основа на критичко разгледување на претходното естетичко знаење, како дополнување и коректура на некои порано засновани, непотполни и за нив незадоволувачки теории, ниту како последица на некои нови уметничкотворечки настојувања, на некој нов уметнички правец, туку на основа на пресвртот во толкувањето на историјата. Затоа, може да се рече дека Маркс и Енгелс најзначаен прилог на естетиката ѝ дале со материјалистичкото толкување на историјата, со својот историски материјализам."[5]

Се чини дека по еден добар дел од објективната вистина има и на двете страни, и во тврдењата на оние теоретичари кои стојат на становиштето дека марксистичката естетика за-

[4] Георги Старделов, „Марксистичката естетика како естетички систем", предговор кон: Маркс — Енгелс, „За уметноста и литературата", „Култура", Скопје 1964, стр. 5.

[5] Драган Јеремиќ, „Естетички погледи Маркса и Енгелса", предговор кон: К. Маркс — Ф. Енгелс, „О књижевности и уметности", „Рад", Београд 1976, стр. 12.

почнува со спомнатите, како и со некои други, трудови на Маркс и Енгелс, како и кај оние теоретичари кои сметаат дека марксистичката естетика ја започнуваат нивните следбеници, и тоа врз основа на естетичките системи на германските класични идеалисти: Хегел, Кант, Шелинг и Фихте. Оваа теорија аргументирано ја толкува и поддржува и југословенскиот марксистички естетичар Сретен Петровиќ.[6] Како среќна околност, прашањето за можноста, за постоењето на марксистичката естетика, всушност, е првото и најзначајното прашање за свеста за себеси, што е знак за сигурната појава на марксистичката метаестетика.

Почетните периоди од развитокот на марксистичката естетика обележани се, меѓу другото, и со борбата против постакласичната буржоаска естетика. Сериозни и повеќестрани тешкотии и отпори таа има и во својот натамошен развој. Така, дури и во периодот на 20-тите години, кој е мошне значаен за нејзиниот развој, и тоа во Советскиот Сојуз, според М. С. Каган, професор по естетика на универзитетот во Ленинград, „развитокот на марксистичката естетика тогаш течел во напната борба со разни антимарксистички и привидно марксистички учења".[7] Во своите натамошни развојни тенденции, кога сè поцврсто застанува на своите основи, марксистичката естетика од една страна го задржува својот критички однос кон другите естетички учења, а од друга страна пак, не се ограничува од позитивните и за неа прифатливите тековини на човековата мисла во XX-от век. Во исто време, на својот развоен пат таа не беше имуна ниту на запаѓањата во закостенувања и шаблонизирања на нејзините норми, кои често брзо се согледуваа во грубите грешки, но тешко се отстрануваа и оставаа подолготрајни последици. Сето тоа зависеше и беше условено од различните општествено-политички и други околности во разни земји и средини, а таа разлика во нејзиниот развој пак, можеби и најмногу ги условија разликите, различните патишта на нејзиниот развој општо. Но, и покрај извесните колебања при поконкретните определувања, се чини дека денес се веќе сосема несомнени фактите за постоењето и за резултатите, па дури и за извесни особености и вредности на естетиката која израснува врз претпоставките на марксистичкото филозофско учење.

Ако „естетиката станува наука дури тогаш кога ќе започне да ја проучува уметноста како специфична и објективна појава со нејзините законитости на уметничкото творештво

[6] Види: Sreten Petrović, »Marksistička estetika«, str. 21—24.

[7] Лекции по истории эстетики. Под ред. на проф. М. С. Каган, кн. 4, Ленинград 1980, стр. 11—12. Цитирано според: Sreten Petrović, »Savremena marksistička misao o književnosti«, [...], str. 12—13.

и на уметничките дела [. . .], тогаш кога во одделни уметнички дела ќе го открие она што е за уметноста битно, општо, нужно и законито",[8] тогаш, иако малку претерани, реално се примаат искажувањата дека марксистичката естетика би требало да биде идентична или барем скоро идентична со поимот за научна естетика. Во секој случај, тоа би можело да се прифати барем како основна тенденција на оваа естетичка мисла во развој. Тоа пак, што марксизмот е научен поглед на светот, условува и марксистичката естетика, како негова интегрална филозофска дисциплина, да биде една научна, не политичко-програмска, како што била во одредени средини и периоди ориентирана, и не практична, во негативната смисла на зборот, естетика.

Како естетика која, сепак, израснува пред сè од скутовите на германската класична филозофија, марксистичката естетика би требало да биде, во извесна смисла, „задоцнето" дополнување на марксистичката филозофија, на марксистичкиот филозофски систем, доколку истиот воопшто и може да се земе како систем, на марксистичкиот поглед на светот. Но поимот *марксистичка естетика*, се чини, поточно би било да се употребува во множинска форма. Зашто, поедини марксистички теоретичари своите естетички теории, не само што различно ги развиваат, туку, како што рековме и понапред, и различно ги темелат. Некои поаѓаат од естетичките погледи на Хегел, некои од естетичките погледи на Кант, Фихте, Шилер, Шелинг, наспроти дијалектичкиот опфат на германската класична идеалистичка филозофија во целост, којшто му е својствен на Маркс. Оттука и вистинскиот теориски плурализам во марксистичката естетика.

Естетиката најчесто се третира како филозофска дисциплина, како составен дел на филозофската наука. Филозофијата е целосен поглед на светот, а во тие рамки, естетиката е филозофска дисциплина која се однесува на уметноста. Од горното произлегува дека една филозофија, односно еден филозофски систем, би бил непотполн без своја естетика, а естетиката не би можела да се развива самостојно, туку се развива врз општите принципи на соодветната филозофија. Така, иако во рамките на својата филозофија Маркс не создаде и еден комплетен естетички систем, неговата филозофска мисла во своите основни принципи ги содржеше и потенцијалните

[8] Јанко Кос, „Некои битности на марксистичката естетика" (одломки од рефератот „За марксистичката естетика и за марксистичката литературна критика", поднесен на Пленумот на Сојузот на писателите на Југославија), „Нова Македонија", год. XI, бр. 3114, Скопје, 21 ноември 1954, стр. 5.

контури на една нова естетика, која, всушност, понатаму беше развивана од продолжувачите на неговото дело. Бидејќи марксизмот не е еден завршен, класичен, потполн, вид на филозофско учење, како што се другите познати филозофски учења, и марксистичката естетика не може да се претстави како завршен, затворен, комплетен естетички систем.

Според тоа, согласно со дијалектичкиот принцип, што го прифати и во смисла на сопственото надраснување, па ја претставува неговата креативна енергија, марксизмот не може да биде еден крут, не може да биде еднаш утврден и неменлив филозофски систем. Тоа зборува во прилог на неговата виталност и трајност, бидејќи не може да има застарување таму каде што „подмладувањето" и обновувањето е суштина на самото егзистирање. Непостоењето на еден константен, утврден систем при марксистичката филозофија го потврдува и искажувањето на денес еден од најпознатите современи теоретичари на марксистичката естетика, Стефан Моравски, кој вели дека „вистинскиот марксизам никогаш не бил монолитен поглед на светот, кој лесно би можел да се претвори во Света книга."[9]

Согласно со ваквата природа на филозофијата на марксизмот, не може да биде поинаква и природата на марксистичката естетика. Но, во нејзиниот случај, како што констатиравме и понапред, не е сосема исто. Постојат бројни сфаќања и поделби на концепциите и тековите во марксистичката естетика. Се чини дека најпознато е она според кое се разликуваат две основни концепции: гносеолошката и онтолошката. *Гносеолошката* концепција, односно теоријата на познанието, е најзабележителна ориентација во марксистичката естетика. Во марксистичката гносеологија посебно значајна е *теоријата на одразот*, која во еден период, а пред сè во Советскиот Сојуз и во некои други источноевропски земји, беше главен фокус на естетичките интересирања. Својот развоен врв во триесеттите години таа го доживеа во истоименото дело на Тодор Павлов, но во поново време истото беше сериозно оспорувано и се покажа дека во многу нешто тоа е надживеано.

Значи, теорискиот плурализам во марксистичката естетика, за кој веќе рековме од што произлегува, најчесто е сведуван на двата основни тека, на двете основни концепции во неа. Тоа се: *гносеолошката концепција*, со теоријата на одразот во својата основа и *онтолошката*, според која уметничкото дело се третира како ново поливалетно битие и стварноста на уметничкото дело се става над стварноста на животот и при-

[9] Stefan Moravski, »Istoricizam i filosofija umetnosti«, »Književna kritika«, Beograd, god. VII, br. 5, 1976, str. 7.

родата. Но, некои понови истражувања, се чини, и попрецизно ги определуваат тековите во развојот на марксистичката естетика. Такво нешто загатнува најпрво познатиот француски марксистички теоретичар Анри Лефевр, а југословенскиот естетичар Сретен Петровиќ, во својот капитален труд „Марксистичка естетика", утврдува три типа на интерпретација на марксистичката естетика: естетика mimesis, естетика poiesis и естетика estezis. Самиот, пак, тој, се застапува за четврта концепција на марксистичка естетика, за марксистичката естетика како *критика на естетичкиот ум*,[10] како што гласи и поднасловот на спомнатава негова студија. Само ќе напоменеме дека меѓу протагонистите на разни ставови, сфаќања и концепции во марксистичката естетика од почетокот, па и сè до денес, постојат жолчни меѓусебни дискусии и конфронтирања.

*

Постојано и одрекувана и бранета, за некои наполно постоечка, а за некои фиктивна, секогаш меѓу безрезервните прифаќања и потполните негирања, марксистичката критика, иако на теориски план сè уште се присутни несогласувањата околу нејзиното постоење, околу нејзините почетоци и, најмногу, околу самиот поим марксистичка критика, може да се рече дека сè повеќе го зазема своето место во современата мисла, ако не со друго, тогаш барем со дискусиите за неа. За марксистичката критика не може да се зборува надвор од контекстот на сфаќањата и дискусиите за марксистичките погледи кон уметноста, т.е. надвор од контекстот на марксистичката естетика. Навистина, сè помалку значење им се придава на оние сфаќања кои оваа (литературна) критика ја оспоруваа како критика која се изградува врз претпоставките на соодветен филозофски систем, затоа што секој вид на литературна или уметничка критика се надградува над некои сфаќања кои се директен или индиректен одраз на одредена естетичка или, пошироко, филозофска мисла. Но, тоа пак, не ги намалува сериозните дилеми во врска со карактерот, задачите и целите на оваа критика.

Самата марксистичка критика не се сретнува во еден класичен критично-естетички систем, ниту кај класиците на марксизмот, ниту подоцна. Можеме да зборуваме само за зачетоци на едни нови естетички сфаќања за литературата и уметноста, меѓу кои, понекогаш, и некои вреднувачки искажувања, пројавувани кај класиците на марксизмот. Тие се

[10] Sreten Petrović, »Marksistička estetika«, str. 24.

изнесувани, главно, како парцијални елементи низ филозофските, економските, политичките и другите проблеми во нивните дела. Тоа го истакнува и Ѓерѓ Лукач, кого го стават на врвот на марксистичката мисла во поново време, посебно кога се зборува за марксистичката естетика и критика. Според него, „марксистичката естетика, марксистичката историја на литературата и на уметноста, претставуват еден дел на историскиот материјализам, [...], тие се примена на дијалектичкиот материјализам."[11] Инаку, и тој стои на мислењето дека не може да се зборува за некој финален естетички или критички систем, програма или некаква основа кај Маркс и Енгелс, како и кај Ленин.

> Литературните студии на Маркс и на Енгелс — вели Лукач — имаат сосем необичен облик, па поради тоа читателот пред сè треба да се убеди во нужноста на таа форма, за да може да го најде ставот што е неопходен за правилното читање и за правилното разбирање на тие студии. Најнапред треба да се знае дека Маркс и Енгелс никогаш не напишаа целосна книга, па дури и ниедна студија за литературните прашања во вистинска смисла на зборот. Во својата подоцнежна возраст Маркс, навистина, мечтаеше за некаква пообемна студија во која сакаше да ги изложи своите мисли за неговиот сакан писател Оноре де Балзак, но тој план, како и толку други, остана само сон. Сè до својата смрт, големиот мислител беше толку зафатен со своето основно економско дело, што не можеше да ја реализира ни оваа намера, а ни планираната книга за Хегел.[12]

Почетоците на марксистичката критика нешто подоцна, а сигурно и поконкретно, ги одреди и Р. Велек. Тој забележува дека марксистичката критика „се повикува на неколку прогласи кои ги дадоа Маркс и Енгелс, но на неа како на систематска доктрина не можеме да наидеме пред последните децении на деветнаесеттиот век. Франц Меринг (1846—1916) во Германија и Георгиј Плеханов (1856—1918) во Русија, беа првите практичари на марксистичката критика."[13]

---

[11] Ѓерѓ Лукач, „За марксистичката естетика", „Култура", Скопје 1975, стр. 7—8.

[12] Исто, стр. 5.

[13] Rene Velek, »Kritički pojmovi«, »Vuk Karadjić«, Beograd 1966, str. 217.

Дискусиите во врска со марксистичката критика, како и во врска со реализмот во литературата и уметноста, се неразделни од дискусиите по сите прашања на марксистичката естетика, како што истите се нејзин интегрален дел, па овие маргиналии, бездруго, и трпат во својата композиција поради, во извесна смисла, поделениот пристап кон овие категории. Овие дискусии, со намален или засилен интензитет, се константно присутни и актуелни. Бидејќи разните и меѓусебно не ретко дијаметрално спротивни концепции на марксистичката естетика често се манифестирале низ отворени теориски конфронтирања, покрај главните естетички проблеми, како што се и прашањата во врска со барањата на оваа естетика од литературата и уметноста, како што се прашањата во врска со реализмот и посебно со социјалистичкиот реализам, се поставувале и прашања во врска со оценувањето на делата на литературната и другите уметности, што значи, прашањата на марксистичката критика. Оттука и разликите во марксистичката критика, зависно од општите теориски и, посебно, од естетичките погледи на секој критичар посебно. Затоа, и во денешно време во тие дискусии не ретко се сретнува прашањето која сè критика е марксистичка и каква треба да биде марксистичката критика.

На овие прашања се расправало како во европската и светската, така и во југословенската естетика и литературна наука[14] во поново време. Покрај сфаќањата дека како основа и зачетоци на марксистичката литературна критика можат да се земат искажувањата на Маркс, Енгелс и Ленин за некои дела и писатели, паралелно со нив се јавуваат и сосема спротивни сфаќања, т.е. дека овие оценки не можат да се земат како такви зачетоци. Д. Грлиќ, на пример, научното сфаќање за уметноста кај основоположниците на марксизмот многу поконкретно го наоѓа во самите филозофски и суштински темели на нивното учење, а не во нивните фрагментарни и стра-

[14] За марксистичката естетика и критика и кај нас се дискутирало, всушност, сè од појавата на марксистички идеи во уметноста и во општествената мисла кај нашите народи. Тие дискусии во повоениот период стануваат сè позачестени и поактуелни. Во врска со овие прашања се одржуваат дури и посебни научни собири. Таков е и научниот собир, Симпозиумот, на тема „Видови и можности на марксистичката критика", кој, во организација на Институтот за книжевност и уметност од Белград, се одржа од 9 до 11 октомври 1970 година во Херцег Нови. Рефератите и дискусиите од овој симпозиум, во соработка со издавачката организација „Просвета", Институтот ги објави во посебен зборник, под наслов „Književna kritika i marksizam", Beograd 1971.

нични судови за некои литературни дела.[15] Зачетоците на марксистичката естетика и литературна критика тој ги гледа како во Марксовиот, така и во марксистичкиот творечки концепт кај неговите автентични продолжувачи. На двата пола на ова прашање стојат бројни теоретичари и критичари од кај нас и од светот, но немаме ни можности ни потреба од прикажување на поединечни ставови.

На уметноста, на литературата, на естетиката, а со тоа и на една нова литературна критика, класиците на марксизмот скоро не ѝ посветиле внимание. На естетичките проблеми не само што не им посветиле подеднакво внимание како на историските, општествените, економските, политичките и социјалните проблеми, туку на нив тие и не се задржале посебно. Тоа доаѓа од причините што од „гледиштето на класиците на марксизмот имало многу поважни задачи, отколку што е занимавањето со проблемите на уметничкото творештво", забележува Никола Милошевиќ.[16] Марксистичката критика, во својот развоен пат, како од почетоците, така и понатаму, природно, не можела а да не трпи и извесни влијанија, (а според Милан Дамњановиќ, посебно е влијанието на новокантовските естетичари[17]), но тоа е веќе предмет на посебни интересирања. Не треба да се заборави дека таа има и свои привидни, релативни, па дури и остри застранувања, вулгаризирања и догматизирања, а во голема и евидентна криза навлезе во периодот на сталинизмот, што има и многу подолготрајни последици. Сепак, по сè изгледа дека барем дел од тие опасности се, со помали или со поголеми успеси, пребродени, па ако

[15] Dr Danko Grlić, »Literarna kritika i marksistička filozofija«, vo zbornikot »Književna kritika i marksizam«, »Prosveta«, Beograd 1971.

Во овој текст (стр. 253.) Грлиќ пишува: „...ми се чини дека токму филозофските или, поточно, трансфилозофските темели на Марксовата мисла се многу поконкретни и поадекватни за осветлување на она уметничко во уметноста, отколку што се тоа сите негови таканаречени позитивни, конкретни изјави за поедини уметнички дела. Марксовите основни интенции за очовечувањето на човекот, за реваloризацијата на вистинските човечки можности., за осериознувањето на филозофијата, значи и на она творечкото во една нова творечка и човечка атмосфера, за афирмацијата на онаа замисла која луѓето ги лишува од нужната животинска борба за материјален опстанок, за преминот од анималното царство на нужноста во човековото царство на слободата, значи, од предисторијата во историјата, за рехабилитација на субјективниот пред аморфниот, статичкиот објективитет, многу се попресудни за марксистичката смисла на одредувањето на уметничкото дело, отколку што се сите Марксови изјави за самите тие дела или негови валоризации на поедини уметници."

[16] Nikola Milošević, »Antinomije marksističke estetike«, zbornik »Književna kritika i marksizam«, str. 268.

[17] Milan Damnjanović, »Problem umetničke istine«, »Književna kritika«, god. VII, Beograd 1977, br. 1, str. 56.

денес станува збор за една реална состојба во марксистичката литературна критика, како во светот така и кај нас, ни се чини дека таа состојба доста верно ја изразува и искажувањето на Михаило Марковиќ, кој пишува:

> ... едни тврдат дека марксистичката литературна критика не постои, дека никаде нема да најдеме пример на таква критика, дека е тешко можно таа и да се замисли, додека други, помалку изненадени, одговараат дека можеме да споримe само за тоа колку е таа квалитетна и развиена, но дека не можеме да порекнуваме: дека таа во зачетоци постоеше уште кај Маркс и Енгелс, дека ја наоѓаме во делото на Меринг, Плеханов, Лукач, Блох, Адорно Дела Волпе, Лефевр, Голдман, Шкловски итн., — тогаш ваквиот судир на мислења сигурно поскоро има семантички корени, отколку што потекнува од неинформираност.[18]

Согледувањето на историскиот развиток и на современата состојба, наведува марксистичката естетика и марксистичката критика да се прифатат како еден несомнен значаен дел на теориската мисла за уметноста и литературата, како и на литературната критика во светот денес. Односно да ја прифатиме и да заземеме став за марксистичката критика, се разбира, по претходното отфрлање на „резултатите" од нејзините застранувања, догматизирања и вулгаризирања, како најманентна критичка мисла на сегашноста и како критичка мисла на иднината.

Појавувајќи се како самостоен критички правец при крајот на XIX-от и на почетокот на XX-от век, марксистичката критика, како еден од најпознатите правци во критиката на XX-от век, врши и влијанија на другите современи правци во критиката, асимилирајќи ги притоа и искуствата од другите. Тоа, дури и низ примерите на сопственото искуство, го потврдуваат и најеминентни личности на естетичката и на критичката мисла на нашата современост. Панорамата на денешната критичка мисла во светот покажува дека мрксистичките естетички и критички принципи се применуваат и во модерните критички видови, како што се: структуралистичката, формалистичката, лингвистичката, психоаналитичката, филозофската критика итн. Притоа, не е исклучена и креативноста на марксистичките естетски начела во комуникациите на критиката со науката пошироко. Во прилог на согледувањето на денешното

[18] Dr Mihailo Marković, »Predgovor« kon zbornikot »Književna kritika i marksizam«, str. 11.

значење на марксистичката критика служат и фактите што денес бројни и најпознати литературни критичари, теоретичари и естетичари од светот, на марксистичката литературна критика ѝ даваат значајно, па и челно место во современата критика во светот. Овие констатации своите несомнени потврди ги имаат во делата на критичарите кои нешто понапред ги именуваше М. Марковиќ, како и во делата на други, повеќе или помалку познати, марксистички теоретичари и критичари од XX -от век.

Колку може да се зборува и за разноликоста во сфаќањата за и на широчината на марксистичката критика и која сè критика е марксистичка? — се прашања кои, со оглед на различните критички и теориски поаѓалишта на критичарите од разните претпоставки во рамките на марксистичката естетика, се разновидни и многубројни, па бараат широко поставување и разгледување. Во функција само на доловување на сликата за природата на ова прашање, ќе истакнеме дека некои теоретичари се застапуваат за поширок, а некои за поограничен, па дури и доста ограничен опфат на она што би можело без забелешки да влезе во рамките на марксистичката литературна и уметничка критика. Еден од југословенските застапници за марксистичката критика, Р. Таутовиќ, на пример, отворено бара во марксистичката критика да се расчисти со Лео Шпицер, Морис Бланшо, Макс Бензе и други граѓански теоретичари, па и не само со нив, како и со нејзините догматски интерпретации од видот на ждановистичката критика и слични на неа.[19]

Во процесот на современиот развој на марксистичката критика, со оглед на пробивот на нови теми и искуства, како и на нови творечки потходи во уметноста и литературата, разбирлива е сосема потребата и од нејзиното неоглушување за значајните постигања и на другите критички методи, како и на другите научни дисциплини. Па се чини дека е сосема во право П. Џаџиќ, кој, инаку, смета дека треба да се употребува поимот марксистички пристап во критиката, а не марксистичка критика,[20] кога пишува дека „со марксизмот инспирираната критика од сега треба да одговори во која мера може да ги прифати методите на психоанализата, на лингвистиката, структурализмот и другите дисциплини кои ја менуваат сликата на знаењето во денешниот свет,"[21] зашто се работи за взаемни надополнувања на марксизмот со овие и со други дисциплини.

[19] Радојица Таутовиќ, „Чин", „Веселин Маслеша", Сарајево 1967.
[20] »Diskusija na skupu u Herceg-Novom«, vo zbornikot »Književna kritika i marksizam«, str. 509.
[21] Петар Џаџиќ, „Догма и стваралаштво", во кн. „Критика и време", „Вук Караџиќ", Београд 1975, стр. 217.

Науме РАДИЧЕСКИ

Резюме

МАРКСИСТКАЯ ЭСТЕТИКА И МАРКСИСТКАЯ ЛИТЕРАТУРНАЯ КРИТИКА

Появление и развитие марксисткой эстетики претставляет перелом в филозофскими, эстетическими, художествениими и культурними влияниями в второй половине XIX и первой половине XX века. Но всё-таки, дилемьы и дискусии об марксисткой эстетики, прежде всего об её появлении, обоснованостью, её существовании и природа существуют до сых пор. Кроме того существует и констатация что природа марксисткой эстетики обусловлена природой марксисткой филозофии, которая не может быт неизменяемая филозофская система. Здесь идёт речь и об развитию марксисткой эстетики, некоторимы теченияmы и которые являются её хяряктеристикамы.

Вторая часть текста посвещёна местополоежнию и постановлению марксисткой литературной критики в рамках марксисткой эстетики и марксисткой эстетики вообще, а с другой стороне и в рамках литературной критики шире. Из-за этого и марксисткая критика не встречается как одна класическая критическо-эстетическая система. Рассуждения об начале марксисткой критики здесь связяны с заявлениямы класиков марксизма о некоторыми произведениями и их писателей и на понятие что эты основы являются фундаментом их филозофского учения. На конце есть констатация что и марксисткая эстетика и марксисткая критика претставляют важную часть современной теоретической и критической мысли об художестве и литературы.

УДК 886.1/.2—821.035=866:908.497.17(0493)

Гане ТОДОРОВСКИ

КРЛЕЖА И МАКЕДОНИЈА*

Собрани сме за да ги промовираме петте новоизлезени томови од делата на Мирослав Крлежа што на македонски јазик ги издаде скопската издавачка куќа „Наша книга“:

I. Избор од поезијата и поемата „Баладите на Петрица Керемпух“;

II. Враќањето на Филип Латиновиќ, роман;

III. Хрватскиот бог Марс, раскази;

IV. Глембаевци, драми, и

V. Одбрани есеи.

Зад овој културен чин со кој се приопштува трајно кон македонскиот јазик дел од делото, најзначајното од многузначајното литературно дело на Крлежа, пулсираат напорите на неколкумина наши културни работници, чии имиња е редно овде да се спомнат: Илија Милчин, Георги Сталев, Евтим Манев, Димче Билјановски, Атанас Вангелов, и на кажувачот (пишувачот) на овие редови.

Со приопштувањето на дел од делото на Мирослав Крлежа на македонски јазик, дело речиси импозантно та неопфатно, македонската култура се збогатува со нови вредности, македонскиот јазик положува уште еден сериозен и тежок испит, додека пак уметничкиот збор на врвниот југословенски автор на сите времиња ја потврдува и низ овој свој чин на најнова објава својата трајност.

---

* Реч при промоцијата на Изборот од творештвото на Мирослав Крлежа, издадено на македонски јазик во пет тома, во издание на *„Наша книга“*, Скопје 1983 година. Промоцијата беше одржана во малата сала на МНТ во Скопје на 18 ноември 1983 г. Одломки од делата на Крлежа читаа и кажуваа артистите Нада Гешовска, Илија Милчин и Ристо Шишков.

Добро е во вакви пригоди да се потсетиме на нешто, кое спаѓа во категориите на помалудостапните до јавноста информации, за да ја избегнеме со тоа и опасноста од редење и повторување на општопознати факти: дека Мирослав Крлежа е роден тогаш-и-тогаш, таму-и-таму, дека го напишал тоа-и-тоа дело, итн. Впрочем, сите ние, како пристојни или примерни граѓани на СФРЈ (од времето пред апсурдот на заедничките програмски јадра за средните школи во СФРЈ), знаеме барем малку — кој е Мирослав Крлежа. Го знаеме тоа, делумно изворно, од делата на писателот, а го знаеме и од бројните книги, брошурки, написи и коментари од периодичниот и од дневниот печат ширум СФРЈ, и уште од инспиративните импресии и студии на Милан Богдановиќ, па преку првата монографија за Крлежа од Шиме Вучетиќ, сè до проникливите и привлечни и полни со предизвици книги и студии на Станко Ласиќ, Предраг Матвеевиќ, Звање Чрња, Иво Франгеш, Маријан Матковиќ, Марко Ристиќ, Александар Флакер и уште многу, многу други. Знаеме за Крлежа и од сето она што досега на македонски јазик се насобрало за него како одглас и критичка свест, од написите на Блаже Конески, Димитар Митрев, Коле Чашуле, Милан Ѓурчинов, итн. Најодзади, знаеме за Крлежа и од трудовите на Енес Ченгиќ, којшто е автор на повеќе книги за Крлежа.

Сепак,

Мирослав Крлежа, во чие огромно дело се кријат и бројни и занимливи податоци за Македонија, врзан е за нашата земја и за нашиот народ со две златни верушки во неговиот животен ланец, коишто блескотат постојано како најпрепознатливи пунктови на една богата и долга животна повест.

Всушност, станува збор за два мига, епифаниски необични, кои тој по сопствена желба (sponte sua) ги подвлекува во своите дела и биографски записи — во „Мој обрачун с њима" и во „Заставе", и во разговорите што ги водевме 1960 и 1979 година со него а се потенцирани и во трудовите на Станко Ласиќ, Енес Ченгиќ и Александар Флакер.

За што станува збор?

Првиот миг е врзан за месецот октомври 1913-та година, кога Крлежа првпат, како дваесетгодишник, престојува во Скопје, и за малку да ја изгуби главата, бранејќи ја македонската кауза; а вториот миг е врзан за 1979-та година, кога во Загреб, во неговиот дом, од името на Струшките вечери на поезијата му го врачивме Златниот венец на СВП, бидејќи поради болеста што започна да му здодева, не беше во можност да дојде во Струга и да ја прими наградата.

Би сакал накусо да укажам на овие две позанимливи поглавја од релацијата Мирослав Крлежа и Македонија, врз основа на податоците со кои располагам а кои важни и за-

нимливи клучни поглавја од неговиот живот, се надеваме, за нашата културна јавност би имале вредност на информација од повисока степен.

Во книгата на Енес Ченгиќ — „К р л е ж а“ (издание на загрепската „Младост“ и сараевското „Ослободење“, 1982 г.) на страниците 552—553 дадена е кратка информација за посетата на делегацијата на СВП — во состав: Ристо Милевски, претседател на Собранието на Струга, Анте Поповски, претседател на СВП, Јован Стрезовски, директор на СВП и Гане Тодоровски и Петре Бакевски, членови на Советот на СВП — сторена на 19 септември 1979 година, во пладневните часови.

Во живо сеќавање ми останува тој ден, кога некаде помеѓу 12 и 13 часот тргнавме со Енес Ченгиќ кон улицата „Гвозд“ број 23, во домот на Крлежа — за да го позлатиме...

Сите од ред, претпоставам нè импресионира внатрешната суредба на неговиот работен кабинет, претрупан со книги, антички раритети, уметнички слики, копии од фрески, вредни реликвии, што ли не! Анте Поповски, Мијак бистроумен, со брзи рефлекси и смисла за одбран збор, уште при влегувањето, веднаш по поздравувањето, така од нозе, уште заздивнат од качувањето по недобројаните скалила на влезот, во улогата на претседател на Советот нèа СВП, подавајќи му го Венецот, не испушта да рече:

— Уште еден раритет, за да се збогати оваа Ваша богата колекција!

Јован Стрезовски додава:

— Седумнаесет момински раце го ткаеле златово...

Во улога на штедар домаќин Крлежа нè подзагледува шеретски, небаре со насмевката на Петрица Керемпух, па отсечува:

— Не е важно, битно е што е убав!

Седнуваме. Бела Крлежа, сопругата на позлатениот со македонско злато писател, нè чести со кафе и француски коњак. Се разбира — оригинален.

Се уфрлам во малата пауза со претходно смислена реченица (која, всушност, и во ова денешно кажување има улога на поврзување со суштината на промоциски чин, т.е. со Крлежовото приопштување во македонскиот јазик и сеќавањата за него), со реченица од пет зборови. Му велам:

— Од денес сте веќе Македонец...!

Веднаш, со рутината на вешт драмски автор кој секавично реагира:

— Та, забога, вам мора тоа да ви е познато — јас сум тоа уште од 1913-та година, уште тогаш кога имав само 20 години јас станав Македонец. Им реков на српските офицери: господиновци мои, ова не е Србија, овде се зборува на друг јазик (Ме затворија... за малку да ме стрелаат...

Прекинува, колку за мал предив, па ме прашува потем:
— Ти кога си роден?

Му кажувам. Веднаш додава: ете, гледаш: јас сум петнаесетина до шеснаесетина години пред тебе Македонец...

Потоа започнува брзо и течно и извонредно логично да зборува за Скопје, Струга, Византија, Ана Комнена, за историјата, за Миладиновци, Мисирков, Ватрослав Јагиќ, за српско-бугарскиот спор околу Македонија. Не дозволува да го прекинуваме, а и не мора. Очевидно, пред нас имаше мошне крепка личност од 86 години, и — квалификуван Македонец...

Има нешто импресивно во сите овие асоцијации, редени прекутрупа, за релацијата Крлежа — Македонија. Еве зошто:

За да учествува во Балканските војни (во Првата и во Втората) во редовите на српската војска, Крлежа доаѓа како дваесетгодишник (роден е на 7 јули 1893), военен бегалец од австроунгарската армија, во Македонија. Доаѓа преку Франција. Во Марсеј се качува на брод за Солун. Кон април 1913 година е во Македонија.

За овие свои згоди и незгоди ни говори авторот во книгата „Излет во Русија" од 1926 година.

Неколку дена подоцна, кон почетокот на мај, истава година, Крлежа доаѓа во Скопје. Во книгата „Дамнешни денови", (Davni dani) 1956, (в. стр. 148—149) бележи дека идејниот и политичкиот хоризонт му се затвора за да ѝ препушти посилно предност на смислата за уметност. Ете, во тоа е големата смисла на овој податок. Скепсата на Крлежа е родена сепак во Скопје, врз македонска почва. Станко Ласиќ (види: „Крлежа" — хронологија на животот и делото, Загреб 1982, стр. 104) ни кажува дека „во потонувањето на идеалот и во воениот метеж уметноста (му) се наметнува како можно решение". Самиот Крлежа за ова ни го соопштува следното:

„Во Скопје, во годината 1913, во јуни месец, за сè ова имав необично јасни слики, уверен дека сето тоа може да се изрази со стихови долги два и пол метра. Во тој миг на слом на сите овоземски вредности, драгите детински илузии, самоизмами и мегаломании, мене ми се разјасни дека единствената вистинска и за тој позив достојна мисија на уметникот (во таквиот хаос во каков што ние живееме), не може да биде друго одошто да се проповеда љубов кон човекот како таков, без обзир на меридијани, паралели, бојата на маста, државата, нацијата или континентот. Значи, не за некој расен или народен човек во исклучивата смисла, туку за сè она бедно до најбедно човечко во нас воопшто. Тоа мене ми изгледаше дека е ‚придонес' на една цивилизација која уште ја нема — на другите цивилизации што умираат — и јас бев уверен дека е тоа она *ново* или дека тоа би требало да биде

рекао лаку ноћ свима, и не би човјек мислио колико је тај примитивни свијет посазидао ових храмова. То су ‚задужбине' македонских баруна, и овдје крај Скопља, десетак километара узводно уз Треску (а Треска је дивљи, алпински *torrente*, што хучи у мрачном кањону као луда вода), високо изнад огледала воде, педесетак метара, на козјој стази, на хридини, стоји таква једна мала капела, Свети Андреаш, и ту смо се попели прошле недјеље, а вриједило је да се види и то чудо, *Curiosum Mundi* из Тречента.

И шта се већ може открити у оваквој једној забаченој рушевини, под прорупљеним кровом, у брлогу, усред овчјег тора пуног сијена, сламе, смећа, балеге и говна, а у потпуном мраку, уз слабу свјетлост свијеће (коју смо срећом били понијели), а водио ме један македонски ђак наредник, коме су оца Илинденца убили људи Ванче Михајлова у Солуну, још прије уласка српских чета у Македонију. Човјек је љубавник овога сликарства: то му је нека врста, како да кажем, утјехе за национални понос и културну свијест ... и има овај бата право да је то наше. Никада се нисам бавио тим питањем, а сад ми се је објаснило којешта. Све је букнуло одједном с таквом снагом, да, ето, већ двије недјеље послије тог чудног доживљаја, никако да се отмем величанству своје импресије.

...И као што не знаш, јадна моја, што је значило бити и главу изгубити као Илинденац, тако појма немаш ни о томе шта су македонске фреске, а то нисам знао ни ја, драга моја госпођице, док ми се нису приказале у пуном свом достојанству ... Све је ту крв и све је ту жалост, па само крв и само жалост зраче из ових крвавих слика ...

До данашњег дана дубину ове трагедије нитко није описао, важност ових пустоловина никада нитко неће знати ни умјети оцијенити, управо као што неће знати оцијенити ни значење наше властите пустоловине, када се, жртвују себе, своју срећу, да мила моја, своју љубав, обмањујемо да би ове воде македонске, ова Треска, овај Вардар, ова Пчиња, престале да теку, да се ту нисмо ми велеважно појавили под шајкачама као ‚ослободиоци'" (Заставе, Београд 1969, стр. 523/524).

Во најновата литература (види: Aleksandar Flaker, Poetika osporavanja, Загреб 1982) воведена е синтагмата: *Крлежовиот Македонец* (види: стр. 142—154). Станува збор за расказот на Крлежа — *In ekstremis*, од 1932 г., каде е разгрната визија за Македонија и за балканскиот простор. Во овој расказ на Кр-

лежа, според Флакер, Македонецот е претставник на општобалканските патила, како автентичен претставник на просторната екстензија, како дно од адски циркулус (круг). Крлежовата визија за Македонија е повеќе трауматична. Флакер ни предочува дека главната личност во расказот „In ekstremis", Кунеј, во дијалогот со Македонецот, сретнат таму некаде во маслиниците на Кварнер, како војник на стража покрај брегот — се конкретизира балканскиот простор како простор на национална и социјална обесправеност, простор на непрекинати војни во кои, лишениот од земја селанец (читај: пролетеризиран) е само објект, исто така на *балкански* „знамиња" и „кралеви" (с. 148).

Претставувајќи ја Македонија како дно на адскиот циркулус, главниот јунак на Крлежовиот расказ по средбата со напатениот Македонец отвора нов простор, вели Флакер, којшто не е веќе географски, туку исклучиво морален. Крлежовиот Македонец зборува со тежина на драматична обвина:

> »Moj stariji brat bio je pod turskom zastavom, pa su došli Srbi i oteli nam sto i sedam ovaca. A ja sam srpskoga kralja služio tri puta i povukao se u Albaniju. Pa su Bugari došli i mater mi odvukli. I sestru. I oca su mi ubile Komite još prije. Sve su nam uzeli«. (s. 331—332).

Крлежа со својата литературна реч, прв од големите писатели на Балканот и Европа, не како во некој нов географски простор, туку тој се обиде да открива нов морален простор.

Во своите „Балкански импресии" (1924) пишувани по повод на Албанија и како одзив кон книгата на Коста Новаковиќ „Македонија на Македонците", во завршниот фрагмент, со мотивот на „оперетното устоличување на ,првиот Мбрет на Шкипнија'" (види: Есеи, книга 5, с. 91) како да ни се дава оптимална проекција на балканскиот простор за кој стануваше збор во анализите на Флакер за Крлежовиот Македонец. Крлежа се јавува во улогата на профет — актуелен е и по шеесет години: 1924—1984! Со цитирањето на овој пророчки пасус, чија смисла и во нашиве денови добива своја нова реактуелизација, ќе го завршиме и нашево излагање:

> „Денес, повеќе од секогаш, треба на Балканот да се гледа интегрално. Повеќе од секогаш треба да се верува во балканското единство заради спасот на нашите души и на оние невини жртви коишто катадневно гинат по пресеките и по планините балкански. Треба да се поставуваат конструктивни тези за да се поврзат со шини сите балкански долини, вдолж и вшир, бидејќи таму кадешто се

слуша свирежот на машината, таму умира крвната осveта и гасне неписменоста. Треба да се копнее по зачадени оџаци и осумчасовен работен ден! Таму, кадешто се создаваат синдикати и се развива класна борба, таму гаснат шпанските церемонијали и мбретовштината! Не со митралези и бесилки, туку со книги". —

Ете, на тој простор, балкански и инферален, и во оваа 1983-та година, доаѓа на македонска почва Крлежа, со своите пет книги, небаре пак во улогата на импозантен миротворец, за да нè облагороди со силата на својот уметнички збор.

* * *

Крлежа останува во нашата свест како автор на најсугестивната книжевна реч што ја познавале јужнословенските народи откако таа се бележи. Беше Волтер на нашето време. Беше многутомниот хроничар на светата и проклетата Илирија, беше писателот што го следеше со прониклив ум и недоброј асоцијации походот на голите, гладните и босите словенски патувачи „кои понесени од животниот елан допешачија откај Самоедите и откај сибирските тајги до Сплит и Охрид", беше писателот што ѝ даде своевиден и сопствен печат на уметноста во Титова Југославија, писател што ја заговараше и престоруваше во дело идејата на Вечната Убавина и Апсолутната Вистина. Мирослав Крлежа беше најголемиот духовен светлоносец во историјата на јужнословенските народи.

Допрва оваа горда земја ќе се возвиши во светот, откако тој вонјугословенски дел од светот ќе узнае каква и колкава бликотна и блескотна големина имале во својата средина нашите народи во тек на пет или шест децении на XX-иот век. Големото гесло на овој писател од најимпозантен формат беше дека книжевноста не може да биде изолирана од поимот во којшто е нурната и се вика стварност! И уште кажуваше дека кога веќе книжевноста е врзана за стварноста, таа во секој случај се вика земјата во којашто живееме и овој јазик на којшто зборуваме, бидејќи тоа е таа *materia prima* и единственото средство на нашето сопствено книжевно изразување.

Беше и останува голем пријател на Македонија и на македонската култура. Од импозантниот пиедестал на своето огромно знаење и морална храброст за набљудување на фактите (како што самиот поначесто умееше да каже) изјави дека заправо Нерези покрај Скопје претставува епохален датум во историјата на византиското и западноевропското сликарство. А кога го позлатувавме со струшкиот поетски Венец, изјави дека

се чувствувал како Македонец уште од 1913-та година, кога во Скопје требаше да биде стрелан затоа што се обиде да ја брани македонската кауза. Со својата студија „Илирикум сакрум" (1944) Крлежа посведочи дека знае не само за Нерези, но и за Курбиново и Старо Нагоричани, за Скопска Црна Гора и охридската Света Софија, за Стоби и Хераклеја, за богомилите и балканските војни, за Илинден и македонските трауми и парадокси. Крлежа беше пример на познавач на Македонија од највисок ранг. Имаме многу причини и да го читаме и да го почитаме.

Gane TODOROVSKI

Summary

KRLEŽA and MACEDONIA

In this article the author deals with Miroslav Krleža's interest for Macedonia, his relations and contacts with it in the course of his literary career. A special attention is given to the visit of Macedonian Delegation paid in September 1979 in Krleža's hous in Zagreb, when he was awarded the Golden Wreath of the Struga Poetry Evenings as one of the most distinguished Yougoslav and Croation poet. The author of this article was a member of this Delegation and hereby he puts down on a paper his memoirs of this encounter.

Катица Кулавкова

УДК 82,0

КОНТЕКСТОТ И ДИФЕРЕНЦИЈАЦИЈАТА НА КНИЖЕВНО-УМЕТНИЧКИОТ ОД ПСЕВДОУМЕТНИЧКИОТ ТЕКСТ

Меѓу „традиционалните" вредносни системи во книжевноста спаѓа и оној кој ги претпочита вонестетските пред естетските норми. Тој систем, распространет особено во книжевната историја и критика и во таканаречена историска поетика, го форсира биографскиот, историскиот, психолошкиот, идеолошкиот и социјалниот критериум во читањето, толкувањето и вреднувањето на книжевноуметничкото дело. Од позиција на таквиот аксеолошки концепт, сосема е природна и поделбата на контекстот на книжевен и вонкнижевен: книжевниот ги опфаќа формално-артистичките компоненти, а вонкнижевниот тематските, културно-историските, биографските и другите „претпоставки" на книжевното дело. Притоа, вонкнижевниот контекст се надредува над книжевниот, а неговите норми стануваат примарни и одлучувачки во проценката на делото, дури и кога тоа се одликува со нагласени естетски квалитети. Па, иако раководењето од споредни за книжевноста мерила, само по себе не може да се негира, ниту задолжително значи превидување на книжевноестетските вредности, тоа во секој случај заговара доминација на некнижевните околности врз естетските. Тука и се јавува потребата од наоѓање на примарното кодовско начело на книжевноста, односно од враќање во книжевниот контекст при проценката на книжевните текстови.

Одамна е согледана потребата од надминување на спомнатиот некохерентен систем и дека вреднувањето на книжевноестетските факти треба да поаѓа и да се служи пред сè со книжевно-естетски мерила: значи, да ја отфрли или да ја коригира идејата за вонкнижевниот контекст со тоа што ќе му ја врати предноста на книжевниот, а коннечно, да даде и одговор на прашањето што значи поимот книжевен контекст. Проблематизирањето на поимот контекст врз начелото на до-

минацијата на јазично-естетската функција и структуираност на текстот и ја доведе поетиката до еден иманентен, понекогаш можеби и формализиран, концепт според кој книжевниот текст е составен од книжевен и не вклучува никаков вонкнижевен контекст. Но тука се отвора една нова дилема: елиминирањето на вонкнижевниот контекст е оправдано кога се работи за реализиран книжевно-комуникациски склоп (текст), дали тоа е подеднакво оправдано и функционално кога се работи за текстови кои покажуваат уметничка претензија, но кои истата не ја реализираат. Може ли, имено, критериумот вонкнижевен констекст да биде применлив во диференцирањето на псевдокнижевните од книжевноестетските текстови?

Критиката што по однос на традиционалните некнижевни пристапи се прави во текот на дваесеттиот век, кој и самиот не останува имун и нечувствителен на искушенијата на биографските, психолошките, социолошките и идеолошките критериуми, во својата спремност за нивна радикална промена не ретко пренебрегнува еден факт кој заправо оди во прилог на традиционалната акселогија, и тоа токму од гледна точка на иманентно естетските методи. Современата поетичко-естетска аксеологија произлегува во голема мера од некои традиционални теориски претпоставки, особено оние кои развиваат минуциозна реторичка и естетска анализа на книжевноста и кои својата смисла за поетичка прецизност ја задоволуваат и со востановување прескриптивно нормирани начела, со востановување прескриптивно нормирани начела, со недвосмислено естетски кодекси. Да се потсетиме само на некои школски примери на ексклузивно книжевни критериуми на истата таа „традиционална" теорија и нејзините вредносни начела: врзаниот стих и неговиот код, формалните норми на жанрите кои и опстанувале во својата посебност почитувајќи ги пропишаните естетски норми (сонетот, одата, химната, епиграмот, трубадурската песна и друго), нормите околу должината на песната, конструкцијата на стихот и вербалниот инструментариум надополнети со тематските конвенции на жанрите и слично.

Поради тоа, критиката на таканаречениот традиционален концепт на книжевното дело и на книжевниот контекст, не би требало да биде глобална, туку конкретна. Тоа ќе овозможи јасност и на критикуваниот, и на новиот концепт на книжевниот текст и неговиот контекст.

Предмет на критиката треба да биде, всушност, сфаќањето според кое книжевното дело е состав на две инкохерентни сфери, конкретно книжевната и генерално вонкнижевната. Тоа сфаќање се инспирира од постулатот за подвоеноста на формата (книжевната составка) од содржината (вонкнижевната составка). И, како и сите недоследни концепции, и оваа завршу-

ва со еден парадокс: залагајќи се за „поврзаност" на содржината и формата, оваа концепција фактички се залага за изолирана и автархична позиција на книжевноста. Она што е, имено, книжевно-естетско во текстот му опонира на некнижевното, така што да нема вистинска преобразба на некнижевниот елемент во нов книжевен квалитет, текстот е, така, механички склоп на меѓусебно туѓи и неспоиви елементи. Со тоа, таа концепција запаѓа во една друга крајност: ги меша „системите", нивните својства на функции, нивните кодови начела и законитости, ги заменува изведените корелативните својства со иманентните, она што е книжевноестетско го мери со вонкнижевни критериуми, и обратно, она што е вонкнижевно не го посматра интегрирано во книжевниот текст. Надминувањето на овој дуалистички пристап кон книжевното дело и неговите вредности, се одвива истовремено и како надминување на концептот за внатрешната подвоеност на книжевниот контекст на книжевен и вонкнижевен.

* *
*

Поместувањата, промените и во таа смисла развитокот на книжевниот естетски и аксеолошки систем, постепено зацртуваат и една линија на постојани и дејствени отстапки од официелните книжевни кодекси и норми. Таа развојна линија во книжевноста го овозможува и аксеолошко-естетскиот систем засниван врз бинарниот пар норма и отстапка. Овој критериумски пар е применлив како по однос на лингво-стилските, така и по однос на тематските и значенските аспекти на книжевните текстови. Тој битно ја ослабува позицијата на дуалистичкиот концепт на книжевното дело и контекстот. Критериумот норма — отстапка, иако се применува во книжевната критика и теорија од нивните почетоци, станува мошне влијателен и доведува до развиен книжевно-естетски концепт дури во поново време. Критериумот норма — отстапка се вклопува навистина функционално дури во плуралистичката книжевно-естетска теорија и во неа покажува радикален отклон од спомнатиот традиционален поглед на книжевниот текст и неговиот конттекст. Врз него се заснива еден нов примарно естетски, значи иманентен на книжевноста пристап, кој јазично-уметничкиот текст ќе го смета за неделива, значи за кохерентна и интегрирана целост, која остварува бројни функции меѓу кои и референцијалната. Таа неделива целост има и свој неделив контекст, исто така иманетно книжевен иако не и апсолутно нереференцијален. И книжевниот текст и неговиот контекст се плуридимензионални. структуирани комплексно и

конмплексно функционални. Со тоа, книжевниот контекст се доведува во непосредна врска и со структурата и книжевно-естетската функција и автономија на текстот. Токму на тоа рамниште и доаѓа до изделување и до осамостојување на книжевниот од вонкнижевниот контекст.

Квалитетната преобразба на еден текст (говор) од некнижевен во книжевен се остварува и како квалитетна преобразба на контекстот од некнижевен во книжевен. Она што станува составен дел на текстот, тоа е книжевен факт, односно контекст. Сè друго и понатаму припаѓа во сферата на некнижевното, преткнижевното, вонкнижевното. Автономијата на книжевно-уметничкиот текст е неразделна и незамислива од автономијата на книжевно-уметничкиот контекст. Ако и не се коегзистентни, тие се комплементарни и дијалектички поврзани. Проблемот на вонкнижевниот контекст, значи се актуелизира само пред текстови кои немаат стекнато статус на естетски целости и факти.

Еден од теоретичарите кои отворено се спротивставуваат на поделбата на книжевниот и вонкнижевниот контекст, е Мајкл Рифатер. По повод студијата на Стивен Улман „Стилот на францускиот роман", Рифатер истакнува дека „Фундаментална грешка на Улман е што тој се враќа на тековното значење на поимот *контекст*, то ест, ги меша *текстот* и *контекстот:* (и со тоа) одбива да го анализира текстот".[1] Рифатер не го посматра текстот и стилот низ призмата на критериумскиот пар норма-отстапка, лингвистичка норма — стилска отстапка. Тој го предлага парот *стилски контекст* наспрема *стилска постапка,* и при тоа смета дека двата составни дела на овој пат се колку опонентни еден на друг, толку и комплементарни меѓусебно. Стилскиот контекст, пак, тој го дефинира преку поимот лингвистички „патерн" „прекинат со *еден непредвидлив елемент*, а контрастот кој произлегува од оваа интерференција е стилски стимуланс". Според неговата дефиниција контекстот е „партинентен", но не нужно и нормиран, и „формира серија од контрасти со сукцесивни стилски постапки" (1971,64). Контекстот е суштински составен дел на текстот, следствено тој е секогаш книжевен, никогаш вонкнижевен. Текстот, пак, е резултат на интерференцијата меѓу контекстот или очекуваниот и конвенционален дел, и стилската постапка или неочекуваниот, импертинентниот и неконвенционализираниот дел од текстот.

Рифтер покажува дека контекстот, со самото тоа што е составен дел од текстот, никогаш не е вонкнижевен: тој е секогаш книжевен контекст. Но, од неговата дефиниција мо-

[1] Michael Riffaterre, *Essai de Stylystique structurale,* Paris, 1971.

же да се заклучи и тоа дека во книжевниот контекст не влегува стилската постапка, туку само книжевниот контекст е она што во дадено време е прифатено како книжевен стандард, а што е, на еден или на друг начин, присутно во конкретен текст. Наспрема или наспроти него се изделува стилската постапка, новумот. Со тоа Рифатер го партикуларизира и го специфицира значењето на поимот книжевен контекст, оној, кој — според нас — би требало да ги опфати обете компоненти и функции: и стандардната и оригиналната, и нормата и отстапката, и тоа како на ниво на јазик, така и на ниво на естетика на јазикот, како и во тесните рамки на поединечниот контекст на текстот, така и во пошироките рамки на книжевно-историскиот и книжевно-естетскиот контекст, посебно жанровскиот и стилскиот. Од книжевниот контекст не трера да се исклучува стилско-естетска отстапка, напротив, тој и самиот се формира низ соодносот и содејството меѓу нормата (стандардот) и отстапката (контрастот). Без тоа сопоставување нема книжевен контекст а нема ни релевантно проценување на квалитетите, значењата и функциите на книжевните текстови, ниту на книжевните појави пошироко (стилови и правци).

Еден од основните мотиви на Рифатер да го воведе во теориската расправа терминот стилски контекст (патерн, и со тоа да го коригира постоечкиот критериум стилска и лингвистичка норма, како што вели тој, е ограниченият карактер на нормата, поготово што неа ја смета пред сè за универзална и непроменлива категорија. Меѓутоа, секоја норма, па така и лингвистичко-стилската, односно книжевно-естетската, е само привремено непроменлива. Во историска перспектива погледнато, постои неизмерен след од разновидни и различни норми во секој домен посебно: книжевноста, јазикот, уметноста... Според тоа, нормата е само условно и ограничено трајна категорија, и бидејќи таа е не само теориска и логичка, туку и книжевноисториска, значи променлива категорија, нема суштинска причина овој поим да се замени со друг „пофлексибилен" (поим), каков што е Рифатеровиот „стилски контекст". Разликата меѓу нив нема категоријална вредност, туку квалификативна. Имено, и стилскиот контекст и стилската норма го означуваат предвидливиот елемент, наспроти стилската отстапка односно постапката, кои го означуваат непредвидливиот контрастен момент во еден книжевно-уметнички текст. Само при постојаното активирање и оделотворување на корелацијата и интерференцијата на овие два чинители, доаѓа до создавање стилски ефекти, книжевни факти и вредности, и конечно, до поширок жанровски и системски книжевно-естетски развиток. Како и да се нијансираат поимите, останува неизбежно и неодминливо поле на сличноста и различноста на угнетувањето и на оригиналноста, на

послушноста и на слободата, на почитувањето на норомите и на отстапувањето од нив. Надвор од историскиот хоризонт мошне е ризично теориското дефинирање на книжевно-естетскиот контекст, на текстот и неговите особености. Исто така, нема ниту валидно интерпретирање и вреднување без неопходниот увид во пошироκиот книжевно-историски и во актуелниот книжевно-естетски контекст, во кој настанува еден текст, еден жанр или една книжевна појава. Лоцирањето, препознавањето и споредувањето на еден текст, неговите составни делови и функции во контекстот на владеачките норми и стандарди, во контекстот на традицијата на жанрот, темата, јазикот, и книжевноста на еден или повеќе народи, е составен дел од читањето на еден текст, а согласно со тоа, и на структурата, квалитетите и функциите на тој текст. Но, оваа постапка на читање и препознавање на текстот во книжевно-естетскиот контекст, е неразделна и од самата стилска отстапка. Читањето претпоставува читање во контекст, читање на традицијата, конвенцијата и нормата, но и читање на отстапката и на стилската иновација, комуникација со новините што ги внесува даден текст. Всушност, контекстот се претпоставува, а неопходен е минимум увид во него ако се има намера да се направи едно покомплетно читање и толкување. Нема иновации, стилски ефекти, развиток и радикални промени, нема отстапки без книжевно-историски и естетски контекст, нема текст без конвенционален „претекст". Текстот кој се состои само од конвенции, не е уметнички.

Ако би се обиделе да го дефинираме книжевно-уметничкиот контекст (потесен), би рекле дека тој го опфаќа подеднакво и конвенционалниот, нулти аспект на книжевно-јазичните факти, постапки и процеси во еден текст, и неконвенционалниот, стилско-естетски аспект на текстот при што не треба да се пренебрегне квалитетна и функционална разлика меѓу нив. Материјално-лингвистичките и идејно-значењските компоненти на текстот се во постојана и плодна координација и корелација: тие се примаат како единствена книжевна вредност, неподелен естетски квалитет и ефект: тие започнуваат во текстот, но не завршуваат во него ни со него. Значењето или асоцијативниот, емотивно-естетски, сознајно-естетски и симболичен еквивалент на еден текст не запира врз текстот. Неговиот пат е, начелно, безграничен и ненасочен. Тој се упатува и води низ светот кој е склон и жеден за јазично-уметнички израз и комуникација. Без таков, слободен и асоцијативен книжевен контекст, секој текст би бил обичен предмет. Со него текстот станува субјект, станува битие: нешто повеќе од она што може да се види со голо око, нешто повеќе, поубаво и поречито од она што може да се слушне или да се допре. Контекстот е оној ин-

термедиум кој го поврзува светот на поетот и оној на читателот, било како препознавање или како љубопитство, како распрашување, како фасцинација, како различност, како сеќавање, како можност. Како слобода. Текстот е секогаш еднаков пред секој читател. Се менува само неговиот контекст зашто е кревок, зависен, условен, променлив, обележен како од авторот, така и од читателот, како од времето во кое се чита, така и од времето кое му претходи на текстот... Контекстот е заговор против залудноста и бесмисленоста, против писмото, книгата... Контекстот е почеток на естетскиот прием и почеток на дијалогот меѓу текстот и книжевноста, почеток на таканаречената интертекстуалност. Тој е првиот знак на дијалошката структура и функција на текстот (Бахтин). Нема контекст кај што има само монолог. Или, како што вели Ј. М. Лотман, книжевно-естетската или стилската „постапка е функција, а уметничкиот ефект на постапката однос: на пример, однос на текстот спрема очекувањата на читателот, спрема естетските норми на епохата, вообичаените сижејни и други клишеи спрема законитостите на жанрот). Вон овие врски уметничкиот ефект едноставно не постои".[2]

Од досега реченото произлегува дека не пречи, дури и е добро да се задржат термините норма и отстапка во одредувањето на стилски конвенционалните и неконвенционалните компоненти и постапки во еден текст (вклучувајќи ги кон нив и „минус-постапките" — Лотман — како вид отстапки од нормите), а со терминот книжевно-уметнички контекст да се опфати сè она што е корелациско меѓу нив, во потесна и во пошироко смисла.

* *
*

Ако го прифатиме гледиштето дека книжевниот контекст е текстот сам (Рифатер), тогаш би требало да изведеме уште една аналогна констатација за врската меѓу текстот и контекстот. Имено, дека и контекстот, како и текстот е плуридимензионално структуриран. На рамниште на контекстот доаѓа до проекција на лингвистичките, стилските, книжевно-историските, тематско-емантичките, антрополошките, жанровските, епистемолошките и другите аспекти на текстот. Тие, всушност, го сочинуваат самиот кон-текст. Книжевниот контекст нити е еден и едноставен, нити е аморфен и општо универзален. Тој се формира и се одредува непосредно по однос на еден текст. Затоа

[2] Ј. М. Lotman, *Struktura umetničkog teksta*, Beograd 1976.

и внатрешната контекстуална диференцијација (жанровски, лингвистички, тематски аспекти и традиција) треба да биде соодразена со „одделните" компоненти и функции на текстот, а пред сè со нивната доминантна и обединувачка функција, јазично-естетската.

Како што веќе рековме, дуалистичката концепција на книжевното дело како затворен склоп на форма и содржина се заокружува со постулатот за дуалистички изграденият контекст: на една страна се издвојува формата или текстот, на друга содржината или контекстот, во смисла на вонкнижевна, егзистенцијална, социјална категорија. Парадоксално, (но само од позација на ваквата концепција), содржинските то ест значенскоидејните и жанровско генеративните аспекти на текстот не се негов иманентен дел, туку дел изведен и додаден кон текстот, за кој ќе важат надворешните, екстралингвистички мерила. Плуралистичката концепција на значењето гледа како на суштествен дел од самиот текст, па согласно со тоа и од значењето поаѓа при анализата на текстот. Во нејзиниот вредносен систем, вонкнижевните аспекти стекнуваат превосходно книжевно-естетска функција штом станат дел од текстот, па и треба да се одмеруваат со естетски критериуми.

Така, доаѓаме до клучното прашање. Идејата за повеќедимензионалноста, повеќезначноста и отвореноста на текстот и контекстот не ја решава но нити ја исклучува расправата околу автономијата на книжевните текстови. Тоа е расправа која впрочем се отвара при создавањето на секој нов книжевен текст, се актуелизира во секој творечки уметнички процес, во секој „спор" меѓу нормите и отстапките. Токму прашањето на автономијата на текстот го оправдува, можеби и го налага расветлувањето на, би рекле рецидивниот, поим „вонкнижевниот контекст". Дали и кога може да се говори за вонкнижевен контекст?

Вонкнижевниот контекст не се изедначува и не се опфаќа со поимот (поширок) книжевен контекст, за кој пред малку стана збор. Тој, всушност, и не функционира при постоење кохерентен и автономен книжевен текст. Неговиот опстанок се забележува единствено кога се работи за некнижевен или за псевдокнижевен, значи за неавтономен текст, текст кој е подреден на некнижевни околности, функции и информации. Од тоа може да се заклучи дека вонкнижевниот контекст претставува критериум кој е битен за некнижевни текстови. Тој е, според тоа, и еден вид критериум за диференцирање на книжевните од некнижевните факти. Основната теза од која се раководиме во ова излагање е токму следната: текст кој содржи книжевно-естетски квалитети има и сопствен, автентичен и автономен книжевен контекст; наспроти него, текст кој претендира на книжевно-естетски статус, но истиот не го остварува, функ-

ционира со помош на вонкнижевни контексти и преку нив создава само привид за сопствената книжевна автентичност и автономност. Со други зборови: колку што е помала подреденоста и неопходноста на книжевниот кон-текст од вонкнижевниот, толку е поголема неговата естетска позиција, структуираност и функционалност, толку е понагласена неговата автономност и внатрешна кохерентност. Напротив, колку е поголема зависноста на книжевниот кон-текст од надворешни фактори и „контексти", од некнижевни информации и системи, толку е помала и посомнителна неговата јазично-естетска функција и автономност.

На каква *зависност* мислиме? Секако немаме намера да го негираме припаѓањето на книжевноста на Светот и нејзината предиспозиција да биде дел од еден поопшт, разгранет и универзален комуникациски контекст. Таа неизбежно влегува во корелација со други системи и серии, уметнички и неуметнички, таа има свој предмет, не ретко и свој „поконкретен" и „препознатлив" рефрент. Но, како посебен субјект, книжевниот текст не се претопува и обезличува во тој процес на корелација и комуникација. Тоа нужно е препуштен и изложен на најразновидни контексти и контекстуални толкувања, но исто така е нужно и автономен, онолку колку е тоа неопходно за да биде јазично-естетски факт. Неавтономните текстови примарно се свртени кон прагматско-когнитивни и гносеолошки функции, па и методи на рецепција и интерпретација. Тие ја потиснуваат естетската тенденција во себе. Уметничкиот текст, напротив, е примарно насочен кон естетскиот квалитет и облик на комуникација, битно непрагматски.

Дури и кога е видлива сличноста и препознатливата врска меѓу книжевно-уметничкиот предмет (значење, референца) и референтот (темата), — инаку референт кој не мора нужно да произлегува од таканаречена конкретна историска или животна стварност, туку и од самата литературна традиција, потоа од митологијата или пак да биде чиста измислица, — референцијално-програмската и „реалистичка" димензија на знакот е сосема споредна. Еден знак не е книжевен и уметнички поради неговата референцијална и миметичка функција, туку поради новостекнатата, поетско-естетска функција, која не го исклучува специфичниот и значењски плодотворен сооднос меѓу примарната референцијална, и стекнатата „авторефернцијална" нанасоченост. Певеќезначноста на јазично-уметничкиот знак и „предмет" ја ослабува врската со референтот (стварноста, темата, праксисот), а ја зголемува, можеби и ја создава за првпат, семиотичко-естетската поврзаност и функција на книжевните знаци. Текстот, имено, може и да не го исклучува првобитниот референт, протореферентот, но тој покрај него вклучува, по асо-

цијативно-комуникативен пат, и многу други фиктивни референти. Огромната е моќта на книжевно-уметничкиот знак да репродуцира нови, асоцијативно-фиктивни референти чиј сплет и семиотичко единство го чинат и самиот книжевен предмет, односно неговиот модел на структуирање и на рециперање. Верноста спрема почетниот референт, притоа, е сосема споредна и неодлучувачка по уметничкиот код на текстот. Значи, и кога еден текст и неговиот книжевен контекст се „верни" на одредена вонкнижевна ситуација и предмет, таа верност не е пресудна за текстот, дотолку што е само една од неговите димензии.

Многу посуштествено е дали од таа примарна „верност" можат да се изведат и да се надградат нови, оригинални и сложени естетски обликувани значењски координати, во крајна линија докрај никогаш несводливи на рационално-логички формули и сознанија, уште помалку на сознанија со практична намена и доказно-документарна функција. Почетната врска и почетниот контекст се оној минимум тематска основа или параметар врз кој се надоградува и се креира книжевниот предмет и значење, кое нема просто референцијално покритие надвор од книжевниот текст, на начин на кој тоа го имаат, на пример, дневно-информативните искази (вести), судските и логички искази, научните судови и слично. Книжевно-уметничкото значење и контекстот во кој тоа се создава, покажува тенденција на пренасочување на прото-тематскиот контекст (ако постои) во смисла на една над-конкретна контекстуално-семиотичка ситуација и на едно последавателно но оригинално и незаменливо, универзализирано значење: кон еден универзализиран симболичко-значењски склоп, облик и „референт". Книжевноуметничкиот референт и контекст нема, оттаму, ниту иста позиција, ниту иста вредност и функција како дискурзивно-прагматски знак, референт и контекст. Со други зборови, ако врската и верноста меѓу означеното и референтот во еден референцијален исказ има пресудно значење (новинарската вест *е должна* да известува верно за актуелните и другите настани, во спротивно ќе имаме работа со дезинформација, за кои може да се бараат деманти, извинувања или да се оди на суд . . .!), дотогаш таа врска во јазично-уметничкиот исказ, и кога се јавува во повидлива форма, не мора да биде ни верна, ни прецизна, ни целосна. Доволно е истата да биде асоцијативна и да биде дел од креативно-значењскиот процес кој се одвива во текстот како автономен и специфичен контекст на креирање и пренесување на значења, на светови и на светогледи.

Зависноста на неуметничките и псевдоуметничките текстови од вонјазични контексти ја сфаќаме пред сè како облик на непоседување естетска функција. Тие се оттаму и принудени

да ја компензираат таа своја празнина со тоа што ќе се вклопат во системот, и кодот на други говорни жанри и вонјазични системи. Тоа се огледа во отсуство на сопствен оригинален книжевен предмет. Псевдоуметничките текстови се пишуваат врз преземени, туѓи и уметнички непреобразени теми. Тие, имено, се хибридни: ниту можат стварноста да ја пренесат или да ја вградат во себе во вистинска смисла на зборот, оти претендираат на уметничка визија, ниту пак остваруваат уметнички говор, зашто се потчинети на нешто што не е книжевност, на стварноста и нејзините начела. Во псевдоуметничките текстови тукуречи нема разлика меѓу книжевниот и вонкнижевниот контекст: тие се оптоварени со општи места и идеи, било да се овие идеологизирани или интимизирани. Во нив не доаѓа до трансформација на темата во книжевно-естетоки предмет, значење и симбол, не доаѓа до преобразба на предкнижевниот контекст во јазично-естетски. Тие ја губат својата актуелност штом се извлечат од контекстот на времето и настаните во кои и за кои се пишувани. Тие се обеззначуваат, остануваат без предмет штом се стават надвор од некој контекст на реалноста, приватна или општествена. Книжевноуметничкиот контекст, напротив, го надиндивидуализира и го универзализира своето значење, со тоа и својот контекст, така што е податен за постојана реактуелизација. Уметничките текстови само поради тоа и имаат широка антрополошка вредност. Псевдоуметничкиот текст и контекст не се надраснува себе, не станува симбол, не станува антрополошки знак, зашто не е Знак на ниту едно време.

Katica ĆULAVKOVA

Summary

THE LITERARY CONTEXT AND DIFFERENTIATION BETWEEN LITERARY AND PSEUDO-LITERARY TEXTS

To difine the term literary context and to differentiate it from the »non-literary« one is a prerequisite for building up a consequent literary and theoretical system. The specific characteristics of the context of a literary and artistic text make up the parametre which differentiates the artistic from the non-artisitic and the artisitic from the pseudoartisitic expression. They are reflected in the relations between the text/expression and the non-literary context and in the application of literary and aestetic aspects and situations insignificant for the interpretation and evaluation of the text. There is a firm corelation and subordination between the non-literary (everyday) text and the outer situations, subjects, persons, phenomena, and a high dependance of the pse-

udo-artisitic texts on the non-literary factors. This dependance limits and, in a way, determinates the interpretation of such texts. These, continuously are burdened by new non-literary situations because, without them, they lose their meaning. The reception and the aesthetic values of the literary texts, on the contrary, are not determinated by some previous knowledge in the non-literar pretext regardless of its biographical, social, ideological or some other character. The literary and artisitic text rigurously selects the factors which determinate it and both transforms and interioris them creating at the same time its own, literary context.

Gerlinde GLASER

УДК 808.66—31

DIE FRAU IM MAKEDONISCHEN

In der nachfolgenden Untersuchung will ich zeigen wie sich in Anredeformen und Bezeichnungen für die Frau, Sprichwörter und Redewendungen, die auf die Frau Bezug nehmen, die gesellschaftliche Situation der Frau widerspiegelt.

Bevor ich auf die Vorgangsweise, Erfahrungen und Resultate meiner Forschungsarbeit eingehe, möchte ich einige offizielle Daten[1] zur gesellschaftlichen Situation der Frau in Makedonien voraus schicken.

Ende 1982 waren von 460 000 Arbeitnehmern 142 175 Frauen, darunter 28,2% in der Produktion, 50,7% im Dienstlestungssektor tätig. Die Textilindustrie beschäftigt die größte Anzahl Frauen, danach Handel und gastwirtschaftliche Betriebe.

Im Bildungssektor ist die Hälfte der Studierenden weiblichen Geschlechts. 12 899 Frauen haben an der Universität Skopje diplomiert, von 1971 bis 1981 wurden 50 Frauen Doktorinnen der Wissenschaft.

Anderseits steigt die Arbeitslosigkeit bei den Frauen wesentlich rascher als bei den Männern. Schwangerschaft und Verpflichtungen im Zusammenhang lit der Kindereziehung — die Frau trägt noch immer die Hauptlast der häuslichen Verpflichtungen, vor allem auch der Kindererziehung — sind ausschlaggebend dafür, daß bevorzugt männliche Bewerber angestellt werden, obwohl von offizieller Seite davon ausgegangen wird, daß bei der Arbeitsvergabe das Geschlecht keine Rolle spielen sollte. Die Arbeitsorganisationen leisten jedoch Widerstand, obwohl offiziell betont wird, daß die biologische Reproduktion nicht das Problem der Frau, sondern der Nation ist, und daß die ganze Gesellschaft an seiner Lösung arbeiten muß.

---

[1] Nova Makedonija, 7. III. 1983.

Hinzu kommt eine geringe Anzahl von der Politik aktiven Frauen. Von 62 650 Delegationsmitgliedern sind 13 709 Frauen; von 3 860 Delegaten in der Versammlung von 34 Gemeinden sind 591 Frauen; von 2 823 Direktoren sind 4,6% weiblichen Geschlechts; in der Republikskonferenz des SSRNM, die aus 244 Mitgliedern besteht, sind 59 Frauen vertreten.

Frauen sind aslo trotz steigender Anzahl von Akademikerinnen in führenden gesellschaftlichen Positionen noch immer ungenügend vertreten. Es ist zwar heute eine Selbstverständlichkeit, daß Frauen in Makedonien (abgesehen von Albanerinnen, Türkinnen und Zigeunerinnen) aktiv am Arbeitsprozeß teilnehmen, Mutterschaft und häusliche Verpflichtungen bilden jedoch weiterhin diskriminierende Faktoren, was bewirkt, daß sie in gesellschaftlich weniger relevanten Positionen verbleiben müssen dzw. in Randpositionen abgedrängt werden.

Meine Untersuchungsergebnisse beruhen auf von mir erstellten Fragebögen[2] zu den Problemkreisen Anrede der Frau, Definierung der Frau durch Zuordnung zum Vater oder Ehemann (Vatersnamen, Annahme des Familiennamens und Vornamens des Mannes), movierte oder nicht movierte Form der Berufsbezeichnung und sexistische Redewendungen und Sprichwörter, Pejorativa und Schimpfwörter, die sich auf weiblichen Geschlechtsbereich beziehen. Im Zasammenhang mit der Bestandaufnahme der sprachlichen Ausdrucksmittel bezüglich der Frau versuchte ich zu ermitteln, wieweit eine Sensibilisierung für ihre Behandlung in der Sprache unter den Frauen besteht.

Ich befragte 30 Frauen (untere Altersgrenze 17, obere Altersgrenze 50 Jahre) aus den sozialen Schichten Angestellte bis Akademikerin (Schülerinnen, Studentinnen, Büroangestellte, Hausfrauen, Universitätslektorinnen, Übersetzerinnen, Bibliothekarinnen, Sekretärinnen etc.). Meine Forschungsergebnisse berücksichtigen nicht Arbeiterklasse und Bauernstand. Was die Vertreterinnen nicht makedonischer Nationalität, Frauen albanischer, türkischer Nationalität sowie Zigeunerinnen, betrifft, liegt es u.a. an ihren mangelhaften Kenntnissen der makedonischen Sprache, daß sie nicht herangezogen werden konnten.

Meine Forschungsarbeit wurde durch ein beinahe durchgehendes Desinteresse an der Problemstellung bei den Frauen erschwert, woraus sich die geringe Anzahl an Befragten ergibt. Oft behinderten Scheu und Schamgefühle der Frauen meine Arbeit; in manchen Fällen brachte frau mir offen Verachtung oder Feindschaft ob meines Interesses an den weniger rühmlichen Wortschatzgebieten der makedonischen Sprache entgegen.

[2] siehe Anhang.

Deutlich wurde für mich eine Diskrepanz zwischen den offiziellen Bemühungen um eine Aufwertung der Frau, also nur ein Theoretisieren über Frauenfragen, das einmal im Jahr — kurz vor dem 8. März — stattfindet, und der willkürlichen, individuellen Lösung der Probleme, die die Züge der von patriarchalischen Wertmaßstäben diktierten Gesellschaft trägt.

Nach der Auflösung der dörflichen Frauengemeinschaft (Segregation), der Industrialisierung und dem damit verbundenen Eintritt der Frau in das Berufsleben kennt sie keine Gruppensolidarität mit Frauen mehr, woraus sich ein geringes Maß an Selbstbewußtsein, sowie eine antagonistische Einstellung der Frauen zueinander ergibt, was sich wiederum negativ auf einen etwaigen Emanzipationsprozeß der Frauen auswirkt.

Anredeformen und Bezeichnungen für die Frau

Bei Betrachtung der Anredeformen für die Frau und für den Mann fällt mir eine grundsätzliche Asymmetrie im System der Anreden auf. Es fehlt eine neutrale Bezeichnung der Frau als Mensch. Die Anrede wird einerseits vom Grad ihrer Zugeordnetheit zum Mann bestimmt, anderseits auch durch ihr Alter in Hinblick auf Gebärfähigkeit.

Sin (dt. Sohn) ist nicht nur die Anrede für männliche Kinder, sondern auch ein Kosenamen füu weibliche Kinder. Diese Anrede verwenden Eltern und andere dem Kind nahestehende Personen. Sie ist durchaus üblich in Kindergärten und Schulen. Weitere Verwendung findet sie in der Volksdichtung. Weibliche Kinder werden somit völlig geschlechtsunspezifisch betrachtet, ihr Geschlecht wird sogar verleugnet. Außerdem wird damit eine Überbewertung der männlichen Kinder zum Ausdruck gebracht. Eine Abwertung der weiblichen Kinder sehe ich auch in folgendem Phänomen: Die Bezeichnung »dete« (dt. Kind) bezieht sich in der Umgangssprache teilweise ausschließlich auf das männliche Kind. »Imaš dete ili ќerka?« (dt. Hast Du ein Kind / i.e. einen Sohn / oder eine Tochter?) oder »Kolku deca imaš?« (dt. Wieviele Kinder hast Du?) »Imam 3 deca i edno žensko«. (dt. Ich habe drei Kinder / i.e. drei Söhne / und eine Tochter) sind häufige Fragen in Makedonien.[3] Die Geringschätzung der weiblichen

[3] Weitere Beispiele: »Deteto mi e bolno.« »Malata?« »Ne, deteto!« (dt. Mein Kind/i.e. mein Sohn/ist krank. Die Kleine? Nein, das Kind/i.e. der Sohn/). »Samo da mi se rodi dete a ne orospija!« (dt. Wenn ich doch nur ein Pind/einen Sohn/ bekäme und keine Hure!).

Kinder wird auch durch eine große Anzahl von Sprichwörtern, die auf die Geburt von Mädchen Bezug nehmen, veranschaulicht.[4]

devojka,-če (dt. Mädchen, Fräulein) signalisiert: noch keinem Mann zugeordnet und wird vor allem als Anrede bzw. Bezeichnung für junge unverheiratet Frauen verwendet. Bei älteren Frauen bedeutet die Anrede nur mehr »univerheiratet«.

dečko (dt. junger Mann) ist das Gegenstück zu »devojka« und wird neutral verwendet. Es würde niemandem einfallen, einen Mann danach zu fragen, ob er »dečko« oder »maž« (dt. junger Mann oder Mann) sei, während die Frage »devojka« oder »žena« (dt. Fräulein oder Frau) bei einer Frau durchaus üblich ist.

nevesta (dt. Braut) wird als Anrede für eine junge Frau verwendet, die erst vor kurzem einem Mann zugeordnet wurde. »Nevesta« fungiert auch als Anrede bzw. Bezeichnung durch den Ehemann, wo »žena« (dt. Frau) als negativ empfunden wird. Falls die Anrede durch die Schwiegermutter für die Schwiegertochter verwendet wird, wird eher die verwandtschaftliche Baziehung ausgedrückt. Diese Anrede bzw. Bezeichnung hat kein männliches Gegenstück.

žena (dt. Frau) wird als abwertende Anrede des Ehepartners für seine Partnerin verwendet. Umgekehrt wird der Ehepartner von seiner Partnerin als »čovek« (dt. Mensch, Mann) oder per Familiennamen angeredet. Unter jungen Eheleuten ist allerdings auch schon der Vorname üblich.
Die Bezeichnung »žena« für die Ehefrau ist allerdings wertneutral. »Taa e mojata žena« (dt. Das ist meine Frau) »Žena mi raboti kako . . . (dt. Meine Frau arbeitet als . . .)

Meine Frage an die betreffenden Frauen, ob sie als Frau angesprochen werden wollen bzw. welche Anrede sie vorziehen, wurde unterschiedlich beantwortet, wobei die Ergebnisse generell auf ein geringes Bewußtsein als Frau schließen lassen.

Die Mehrzahl der Befragten (von 17 bis 30 Jahren) möchte mit dem Vornamen, in einigen Fällen auch mit »devojka« (dt. Fräulein) angesprochen werden.

Eine 17-jährige Befragte: »Ich möchte nicht anders angesprochen werden als mit meinem Vornamen, da sämtliche Anredeformen grob sind.« Ähnlich äußerte sich eine 19-jährige Befragte: »Alle Anreden sind frauenfeindlich.«

Jüngere unverheiratete Frauen, die auf die Anrede »devojka« Wert legen, wollen damit betonen, daß sie noch nicht den Status der verheirateten Frau haben, also noch »frei« sind.

[4] Siehe sprich wörter und Redewendungen in meiner Arbeit.

Berufstätige Frauen wollen prinzipiell als »drugarka« (dt. Genossin) angesprochen werden.

Verheiratete Frauen wollen allerdings als solche angesprochen werden. Die Tatsache, daß sie durch einen Mann definiert werden, bringt für sie eine gewisse gesellschaftliche Aufwertung (frau kann nur durch Hervorbringung von Nachkommenschaft ihren gesellschaftlichen Status aufwerten).

Gegenüberstellung der Anredeformen bzw. Bezeichnungen für die Frau und für den Mann.

moma, momiče, čupa (dt. junges Mädchen).
momče (dt. Junge).

ќerka (dt. Tochter) wird neutral verwendet.
sin (dt. Sohn) wird auch für weibliche Kinder von Eltern oder sonstigen nahestehenden Personen verwendet; wird als ganz normal empfunden.
čedo (dt. Nachkomme) wird für Mädchen und Jungen verwendet.
devoika,-če (dt. Mädchen, Fräulein- für junge unverheiratete Frauen.
ženska (dt. Mädchen) wird ebenfalls für junge Frauen ohne Mann verwendet.[5]
dečko (dt. junger Mann).
maško (dt. junger Mann).
fraer (dt. junger Mann) als Bezeichnung für einen jungen Mann im heiratsfähigen Alter; auch spöttisch, abwertend (für alle Altersklassen) für herausforderndes, auffälliges, nicht »normales« Verhalten.
sestra (dt. Schwester) ist eine vertrauliche Anrede; auch üblich unter nicht verwandten Frauen.
brat (dt. Bruder).
prijatelka (dt. Freundin) ist eine vertrauliche Anrede.
prijatel (dt. Freund) ist eine vertrauliche Anrede.
nevesta (dt. Braut) für junge verheiratete Frauen verwendet; üblich auch bei alten Ehepaaren als Anrede (wohlwollend freundlich gemeint).
žena (dt. Frau) ist die Anrede des Ehepartners für die Partnerin (als abwertend empfunden).
čovek (dt. Mensch, Mann) ist die Anrede der Ehepartnerin für den Partner.
drugarka (dt. Genossin).
drugar (dt. Genosse).

[5] »Ženska« wird vor allem von Jugendlichen verwendet und als abwertend empfunden. Eig. »ženska osoba« (dt. weibliche Person). Bezieht sich auf die körperliche Qualität, anerkennend bis hin zu abwertend (=pička).

koleška (dt. Kollegin) wird offiziell am Arbeitsplatz verwendet.
kolega (dt. Kollege) wird offiziell am Arbeitsplatz verwendet.
gospog'o (dt. Frau veraltete Bezeichnung bzw. Anrede für verheiratete Frauen, auch für ausländ. Staatsbürgerinnen
gospog'ica (dt. Fräulein) veraltet für Fräulein.
gospodin (dt. Herr).
tetka (dt. Tante) Bedeutung hängt vom Alter des Sprechers ab:
čičko (dt. Onkel) Jugendliche für Frau bzw. Mann in mittleren Jahren, Kinder auch für jüngere Frau bzw. Mann.
ergen (dt. Junggeselle).
bek'ar (dt. Junggeselle).
stara devojka (dt. alte Jungfrau) eine Bezeichnung für »Junggesellin« fehlt.
stara moma (dt. alte Jungfrau) eine Bezeichnung für »Junggesellin« fehlt.

In Einladungen, Formularen und anderen Dokumenten werden Frauen nur direkt angesprochen, wenn sie direkt betroffen sind. Briefadressen, wenn der Brief an eine Frau, einen Mann und Kinder (also an eine Familie) gerichtet ist, werden folgendermaßen abgefaßt: »Semejstvoto Dimitar Solev (dt. Familie D. S.) oder »Semejstvoto Solevi«. Bei Weglassung des Vornamens des Mannes wird der Familienname in der Pluralform verwendet (falls solche existiert). Oft wird auch das »semejstvo« (dt. Familie) weggelassen und der Brief nur an »Dimitar Solev« (Vor-und Familienname des Mannes) gerichtet, wobei alle Familienmitglieder unausgesprochen mitgemeint sind.

Bei der Verheiratung nimmt die Frau den Familiennamen des Mannes an, obwohl es vom Gesetz her auch die Möglichkeit gibt, daß der Mann den Familiennamen der Frau annimmt. Auch von der Variante des Doppelnamens der Frau (Familienname der Frau plus Familienname des Mannes) wird nur in hoheren sozialen Schichten Gebrauch gemacht.

Inoffiziell, vor allem in ländlichen Dorfgemeinschaften, wo der Mann Bezugsperson für die Frau ist und sie erst durch ihn definiert wird, übernimmt die Frau auch den Vornamen ihres Mannes. Mit Hilfe des Suffixes-ica wird die weibliche Form des Vornamens des Ehegatten gebildet; also: Petar — Petreica, Angel — Angelica, Trajko — Trajkovica. Die Ehefrau wird dann als Petreica, Angelica etc. angesprochen.

In offiziellen Dokumenten wie Personalausweis, Taufschein, Heiratsurkunde, Paß, Diplom etc. wird die Frau zasätzlich durch den Vatersnamen identifiziert.

Weibliche Berufsbezeachnungen

Meine Lektüre des Stellenangebots im »Večer«, der meistgelesenen Tageszeitung Makedoniens, überzeugte mich in meiner in meiner Annahme, daß bei solchen verantwortungsvollen Berufen wie »direktor«, »nastavnik« (dt. Lehrer), »profesor«, »monter« (dt. Monteur), »električar« (dt. Elektriker), »vozač« (dt. Chauffeur), »samostoen komercijalen referent (...da e žitel na grad Z.)« (dt. selbständiger Kommerzialreferent, der Einwohner der Stadt Z. sein soll), »deloven sekretar« (dt. Geschäftsführer), »rakovoditel na ugostitelsko-kuvarsko oddelenie« (dt. Leiter der gastronomischen Abteilung), »magacioner-elektrotehničar« (dt. M.-Elektrotehniker), »diplomiran gradežen inžener« (dt. diplomierter Bauingenieur), »diplomiran ekonomist (za rabota kako šef)« (dt. diplomierter Ökonome als Chef), »maturant«, »diplomiran pravnik (...za rabota kako samostoeg stručen sorabotnik)« (dt. diplomierter Jurist als selbständiger spezialisierter Mitarbeiter), »soobrak'aen tehničar« (dt. Verkehrstechniker), »finansov knigovoditel« (dt. Buchführer), »kurir so sredna gimnazija« (dt. Kurier mit Gymnasialausbildung), und »rakovoditel« (dt. Leiter) die männliche Form verwendet wird.

Um nicht den falschen Eindruck entstehen zu lassen, die makedonische Arbeitswelt sei nur von Männern dominiert, möchte ich hinzufügen, daß es auch weibliche Stellenangebote im »Večer« gibt, wie »čistačka« (dt. Reinigungsfrau), »kuk'na pomošnička» (dt. Hausgehilfin), »medicinska sestra« (dt. Krankenschwester), »frizerka« (dt. Friseuse). Daß Männer sich durch dieses Stellenangebot nicht angesprochen fülen, ist wohl klar.

Ich versuchte durch eine Umfrage festzustellen, inwieweit sich nun Frauen durch die nicht movierte Form der Berufsbezeichnung mit-angesprochen fühlen, ob sie Wert auf die movierte Form legen oder ob Frauen bei Verwendung der männlichen Form der Befragung von ca. 30 Frauen unterschiedlichen Alters ergab sich folgendes Bild. Keine der befragten Frauen hatte sich mit dem Problem männliche oder weibliche Form der Berufsbezeichnung auseinandergesetzt (Eine der Befragten bezeichnete sich sogar selbst als »student«). Frau akzeptiert die Tatsache, daß eine weibliche Form der Berufsbezeichnung sich nie auf Männer bezieht, während sich die männliche Form auch auf Frauen beziehen kann. Die befragten Frauen wollen sich prinzipiell angesprochen fühlen, aber aus dem Kontext des Stellenangebotes geht oft hervor, daß Frauen ausgeschlossen sind. So soll z. B. der Wirtschaftsreferent Einwohner einer bestimmten Stadt sein; der Ökonome und der Jurist sollen als Chef bzw. Mitarbeiter angestellt werden.

Frau ist sich darüber im klaren, daß für die meisten Berufsbezeichnungen movierte Formen existieren (Bilding mit dem Suffix-ka), findet sich jedoch vorläufig damit ab, daß die nicht movierte Form verwendet wird. So werden Frauen als »drugarka

pretsedatel« (dt. Genossin Vorsitzender), »drugarka minister« (dt. Genossin Minister) sowie als »drugarka direktor« (dt. Genossin Direktor) angesprochen.[6]

Die befragten Frauen sind sich einig, daß für Berufsbezeichnungen, die als »grob« gelten, wie »dzidar« (dt. Maurer), »monter« (dt. Monteur), »vodoinstalater« (dt. Installateur), »drvosečač« (dt. Holzfäller) und »rudar« (dt. Bergmann), movierte Formen ungewöhnlich bzw. selten sind.

Immer wieder verwiesen die Frauen bei meiner Befragung auf sog. typische weibliche Berufe wie »gotvačka« (dt. Köchin), »sekretarka« (dt. Sekretärin), »sobarka« (dt. Zimmerfrau), medicinska sestra« (dt. Krankenschwester), »babica« (dt. Hebame), »domak'inka« (dt. Hausfrau), »učitelka« (dt. Lehrerin, Kindergärtnerin), »peačka« (dt. Sängerin), »frizerka« (dt. Friseuse), »prodavačka« (dt. Verkäuferin) sowie »prostitutka« (dt. Prostituierte). Das läßt mich auf eine traditionelle Unterteilung in Frauen— und Männerberufe im Bewußtsein der Frauen schließen.

Frauenfeindliche Sprichwörter und Redewendungen

Frauen nannten folgende sexistische Sprichwörter und Redewendungen bzw. wurden sie dazu befragt.

Selo gori, a baba se češla (dt. das Dorf brennt und die Frau kämmt sich)
Trpi babo za ubavina (dt. Entsprechung »Schönheit muß leiden«)
Sekoja ubava žena e guska (dt. jede schöne Frau ist eine Gans)
Dolga kosa, kratka pamet (dt. lange Haare, kurzer Verstand)
Dve ženi pazar, a tri panag'ur (dt. zwei Fauen bilden einen Markt, drei Frauen einen Jahrmarkt)
Ednna žena pola g'avol, dve ženi deset g'avoli (dt. eine Frau ist ein halber Teufel, zwei Frauen sind wie zehn Teufel)
Ženata e raj za nadvor, pekol za doma (dt. die Frau bedeutet den Himmel außerhalb des Hauses, die Hölle zu Hause)
Itra kako lisica, grebe kako mačka (dt. die Frau ist schlau wie ein Fuchs, sie kratzt wie eine Katze)
Decata i ženite poznavaat sekogo, a mažite često ne gi poznavaat ni najbliskite sosedi (dt. Kinder und Frauen kennen jeden, die Männer kennen oft nicht die nächsten Nachbarn)
Se krie kako kurva (dt. sich wie eine Hure verstecken)
Ženite ne go prostuvaat neuspehot (dt. Frauen verziehen keinen Mißerfolg)

[6] Im konkreten Fall, wenn die Berufsausübende eine Frau ist, wird die Doktorin, Ärztin, Professorin, Direktorin allerdings als solche (mak. doktorka, lekarka, profesorka, direktorka) bezeichnet.

Zemjata e kako žena: kolku da ja menuvaš, taa ne te ostava (dt. das Land/die Erde ist wie die Frau: wie oft Du es/sie auch verläßt/betrügst, es/sie wird Dich nicht verlassen)
Mažot e glavata, a ženata vratot (dt. der Mann ist der Kopf, die Frau der Hals)
Ovca za strižen'e (dt. Frauen hält »mann« sich wie Schafe wegen der Schur; d. h. sie sind dumm, aber ein notwendiges Übel)
Oženi se — zacrni se! (dt. Verheirate Dich und Du wirst das ganze Leben lang Trauer tragen)
Žena e zlo bez koe ne se može (dt. die Frau ist ein natwendiges Übel)
Čovekot se ženi za da se povleče od društvoto, a ženata se maži za da vleze vo nego (dt. der Mann verheiratet sich, um sich von seinem Freundeskreis zurückzuziehen, die Frau heiratet, um in den Freundeskreis hineinzukommen)
Jas ne sum tvoja žena (dt. ich bin ja nicht Deine Frau; d.h. Du kannst mit mir nicht so verfahren wie Du willst)

Die Sprichwörter und Redewendungen nehmen durchgehend Bazug auf die untergeordnete Stellung der Frau in der Gesellschaft, die ihr zudem noch die übelsten Eigenschaften nachsagt. Eine große Anzahl von Sprichwörtern und Redewendungen hat sog. weibliche Eitelkeit zum Thema (Selo gori, a baba se češla; Trpi babo za ubavo), weibliche Schönheit, die Dummheit bedingt (Sekoja ubava žena e guska; Dolga kosa, kratka pamet), weibliche Tratschsucht (Dve ženi pazar, a tri saem), weibliche Bosheit, Unverträglichkeit (Edna žena pola đavol, dve ženi deset g'avoli; Ženata e raj za nadvor, pekol za doma), Falschheit (Itra kako lisica, grebe kako mačka), Neugier (Decata i ženite poznavaat sekogo, a mažite često ne gi poznavaat ni najbliskite sosedi), Feigheit (Se krie kako kurva), Unnachgiebigkeit (Ženite ne go prostuvaat neuspehot), erniedrigende Anhänglichkeit (Zemjata e kako žena: kolku da ja menuvaš, taa ne te ostava), Herrschsucht (Mažot e glavata, a ženata vratot).

Die Verbindung mit einer Partnerin wird zwar als gesellschaftliche Notwendigkeit betrachtet, gleichzeitig versucht »mann« seine Schwäche, die sich darin äußert, daß er sich mit einer Frau paart, zu kompensieren, indem er sich davon distanziert und die Frau herabwürdigt. Es wird die großartige männliche Freiheit gepriesen, die durch eine Verbindung mit einer Frau radikal beschnitten wird. Zudem unterstellt man der Frau das Fehlen von jeglicher Selbstständigkeit oder das Bestreben, einen Partner an sich binden zu wollen (Oženi se — zacrni se! Žena e zlo bez koe ne se može; Čovekot se ženi za da se povleče od društvoto, a ženata se maži za da vleze vo nego). Obwohl es sich in der Realität so verhält, daß der Mann, durch seine Verheiratung kaum bela-

stet, im außerhäuslichen Bereich frei auftreten kann, während die Frau zur Haussklavin und zum Sexualobjekt degradiert wird, wird in diesen Sprichwörtern und Redewendungen ein anderer Sachverhalt wiedergegeben. Daß die Ehefrau die allerletzte Beschimpfungesinstanz ist oder das Objekt, mit dem man willkürlich verfahren kann, läßt sich aus der Redewendung »Jas ne sum tvoja žena« (dt. Ich bin nicht Deine Frau) schließen, von der man dann Gebrauch macht, wenn man beleidigendes oder anmaßendes Benehmen zurückweisen will.

Meine Frage, ob sich die Frauen durch sexistishe Sprichwörter und Redewendungen angesprochen fühlen, wurde meist verneint. Die einzigen, die sich noch gegen den Sexismus auf diesem Gebiet zu wehren versuchten, waren die Frauen unter 20.

Versuch einer Gegenüberstellung von abwertenden Bezeichnungen für Frauen und Männer.

Auffällig ist, daß die Frau durchgehend durch ihre geschlechtliche Funktion definiert wird, ob es sich nun um eine scheinbar wertneutrale Anrede handelt (außer dem offiziellen »drugarka«, dt. Genossin) oder ein Pejorativum. Die Frau fungiert in erster Linie als Sexualobjekt (in zweiter als Haussklavin), was unter anderem durch die einfache Anrede »pička« (Vulgärausdruck für das weibliche Geschlechtsorgan), deren Bedeutung von pejorativ bis beinahe neutral reicht (»A onaa plavana dobra pička e«; dt. Die Blonde dort drüben ist eine gute ... »Koja beše onaa pička so tebe včera?«; dt. Wer war diese ... mit der Du gestern gesehen wurdest?) veranschaulicht wird. Die Frau wird also auf ihr Geschlechtsorgan reduziert.

Höchste Abwertung widerfährt einer Frau durch eine Anspielung auf ihre Untreue dem Ehepartner gegenüber oder Promiskuität, sei es nun eine tatsächliche oder imaginäre, was ich mit fologender Auswahl an Bezeichnungen illustrieren will: »kurva«, »orospija«, »uličarka«, »fuksa« (dt. Hure, Straßenmädchen); »lesna, rasipana ženska«, »rasturena ženska« (dt. leichte, verdorbene Frau). Mit diesen wenig schmeichelhaften Beinamen werden Brauen auch durch ihre Geschlechtsgenossinnen versehen, was auf ein geringes Maß an Solidarität unter den Frauen sowie eine Verinnerlichung der patriarchalen Wertmaßstäbe schließen läßt.

Es erübrigt sich darauf hinzuweisen, daß eine Symmetrie in den Wertvorstellungen fehlt, d.h. Männer werden durch ähnliche Attribute-also einen Hinweis auf ihre Sexualität oder Sexualverhalten —, deren Auswahl natürlich wesentlich geringer ist, eher aufgewertet. Die Bezeichnung »ebač« (abgeleitet von »ebe«, dt. »vögeln«) für einen Mann bezieht sich auf sein hohes Maß an Potenz, kann aber auch im übertragenen Sinn zur Hervorhebung seiner positiven Eigenschaften verwendet werden (vgl. dt. Kerl). Auch

die Bezeichnung »ženskar« (dt. Weiberheld, Schürzenjäger) ist unvergleichlich mild in ihrer Aussagekraft und wird möglicherweise sogar als Kompliment aufgefaßt.

Während zurückhaltendes Sexualverhalten eine Frau in der makedonischen Gesellschaft aufwertet, wird der Mann durch eine Anspielung auf seine geringe Potenz proportional abgewertet (»bez muda«, dt. ohne Hoden). Um einem Mann gegenüber tiefe Verachtung auszudrücken, muß man/frau schon auf vorhandene oder auch nicht vorhandene feminine Züge oder eine homosexuelle Neigung anspielen (»žena«, dt. Frau, »slabik'«, dt. Schwächling, »peder«, dt. Homosexueller, »kurva«, dt. Hure).

Weniger aussagekräftige Pejorativa für Frauen beziehen sich auf ihre nicht erwiesene aber trotzdem legendäre Tratschsucht (»ogovaračka«, »alapača«, dt. Tratschweib), ihre, von der Männerwelt propagierte Falschheit, Heuchelei (»zmija«, dt. Schlange), Bosheit, Bösartigkeit (»aždaja«, dt. feuerspeiender Drache, »vešterka«, dt. Hexe, »baba roga«, dt. Frau mit Hörnern,. eine bösartige Märchengestalt) sowie das Fehlen von Reinlichkeit, Nicht-Erfüllung von traditionellen Haushaltspflichten, was nur allzu leicht mit lockerer Sexualauffassung in Zusammenhang gebracht werden kann (»pačavra«, dt. Schlampe).

Werden nun Männer als nicht ganz den gesellschaftlichen Normen entsprechend charakterisiert, dann sind sie Faulpelze (»mrza«), Saufbolde (»pijaničište«), Scherzbolde (»šalabajzer«), widerliche Dreckskerle (»g'ubre«, »gad«), Nervensägen (»gnjavator«) und allenfalls noch Tiere (»stoka«).

Hinweise auf dörfliche Herkunft (»sel'anka«, »sel'ak«, dt. Bäuerin, Bauer), Dummheit (»glupača«, »glupak«, »budala« »zaeban,-a« dt, Dummkopf, »prostak«, »prosta ženska«, dt. Einfaltspinsel) werden geschlechtsunspezifisch gebraucht.

Wird die Tierwelt herangezogen, um eine Frau oder einen Mann negativ zu charakterisieren, geht man/frau nach den Auswahlkriterien vor, denen zufolge dem Tier traditionell weibliche oder männliche Eigenschaften zugewiesen werden. Männliche Rücksichtslosigkeit, Grobheit, Gefühllosigkeit und Dummheit wird mit »konj« (dt. Pfred), »majmun« (dt. Affe) und »slon« (dt. Elefant) in Zusammenhang gebracht, weibliche Falschheit, Dummheit, Niederträchtigkeit sowie nicht normgemäßes Sexualverhalten mit »zmija« (dt. Schlange), »kokoška« (dt. Huhn), »magarica« (dt. Eselin), »kučka« (dt. Hündin), »svinja« (dt. Schwein), »kobila« (dt. Stute), »guska« (dt. Gans) und »krava« (dt. Kuh).

Anhang

Fragebogen zur Behandlung der Frauen in der makedonischen Sprache

Anrede der Frauen

Werden Frauen in Einladungen, Formularen, offiziellen Schreiben direkt angesprochen?
Briefadresse
Nimmt die Frau bei der Heirat automatisch den Namen des Mannes an? (Familienname, Vorname)
Vatersname
Inweiweit werden z.B. bei Stellenangeboten ausdrücklich weibliche Berufsbezeichnungen verwendet? Für welche Berufsbezeichnungen gibt es auch weibliche Formen? Fühlen Sie sich miteinbezogen, wenn die männliche Form verwendet wird? (z. B. direktor)
Legen Sie Wert auf eine bestimmte Anrede als Frau?
Frauenfeindliche Sprichwörter und Redewendungen im Makedonischen. Inwieweit werden diese von Ihnen als frauenfeindlich empfunden?
Abwertende Bezeichnungen für Frauen (gibt es dazu männliche Gegenstücke?)
Fühlen Sie sich durch frauenfeindliche Witze in Zeitungen, Zeitschriften angesprochen?
Schimpfwörter aus dem weiblichen/männlichen Geschlechtsbereich. Inwieweit werden diese von Frauen verwendet? Wenn sie Verwendung finden, wie bewußt?

Герлинде ГЛАЗЕР

Резиме

ЖЕНАТА ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Во мојот труд „Жената во македонскиот јазик" сакам да покажам на кој начин формите за обраќање и називите за жената, поговорките и фразите, кои се однесуваат на жената, ја одразуваат нејзината општествена ситуација. Моите истражувачки резултати се темелат врз прашалници што ги составив за тематиката обраќање кон жената, дефинирање на жената по однос на таткото или сопругот (татково име, прифаќање на презимето и името на мажот), мовирање или немовирање за називи на занимања и сексистички фрази и поговорки, пејоративни изрази и пцости кои се однесуваат на женската полност. Во врска со инвентарот на јазичните изразни средства кои се однесуваат на жената, се обидов да откријам во која мера жените се чувствителни при нивната јазична употреба.

Ми стана јасно дека постои расчекор меѓу официјалните напори да се зголеми угледот на жената и третманот што жената го има во македонскиот јазик.

УДК 808.66—22

Лилјана МИНОВА — ЃУРКОВА

ЗА ВРСКАТА МЕЃУ ЗАВРШОКОТ НА ИМЕНКАТА И НЕЈЗИНОТО ВКЛОПУВАЊЕ ВО ЈАЗИЧНИОТ СИСТЕМ

Не е ново сознанието дека може да се предвиди како ќе реагираме во поглед на родот или на бројот при средбата со непознат збор што треба да биде именка: ако знаеме дека станува збор за еднинска форма, тогаш завршокот *-а* нè тера да помислиме на женски род; ако пак не знаеме дали се работи за еднина или за множина, завршокот *-и* го примаме како множински. Се разбира, овде станува збор за спонтано реагирање. Во овој прилог ќе изнесеме неколку постари и понови примери што ја покажуваат врската меѓу формата на именката и начинот на нејзиното прифаќање во јазикот, што уште еднаш покажува колку е важна формата во граматиката.

1. Да почнеме со *именките на -а*. За нас, денес, именките *врата* и *уста* се од женски род, и покрај тоа што во старословенскиот истите форми се именки од среден род во множина. И така, именката *врата* има своја множинска форма *врати*, а во нашиот печат понекогаш читаме:

— Заседанието на Иранскиот парламент ќе ја продолжи својата работа утре претпладне *зад затворени врати*.

— М. Загало одново „чука" *на вратите* на бразилската репрезентација.

Овие примери не претставуваат враќање кон старата состојба, туку се должат на фактот дека е именката *врата* plurale tantum во српскохрватскиот јазик, па некои наши преведувачи, изразите: *иза затворених врата, на вратима*, ги преведуваат со множински форми од именката *врата* — изгледа за секој случај: можеби се работи за повеќе врати?!

Се разбира, прифаќањето на именката според завршокот е далеку полесно кога се работи за некој друг јазик. На пример *дата* е за нас именка од женски род иако се работи за множинска форма од среден род во италијанскиот јазик (слич-

но на ова: *датум* е за нас именка од машки род и покрај тоа што претставува нелична глаголска форма од среден род во латинскиот). Во врска со ова, воопшто не зачудуваат следните примери:

— *Нова пролегомена* за комуналниот театар (наслов на еден прилог емитуван преку Радио Скопје).

— Концертот во СКЦ е прв надвор од Загреб, што значи дека во блиска иднина *„Л'синема"* ќе може да биде *видена* и во останатите поголеми градови во земјата.

Придавските форми покажуваат дека наведените именки (именски форми) на *-а* ги прифаќаме како именки од женски род во еднина, макар што кај *пролегомена* имаме множинска форма од среден род, а *синема* е во оригиналниот јазик — именка од машки род.

Интересен е во овој поглед случајот со именките на *-а* од машки род. Во најголем број се работи за лица со природен машки род и се чини дека се тоа во повеќето случаи именки со ограничена сфера на употреба, па и застарени (освен такви како *судија*, на пример); мислиме на именките како: *спаија* и *паша*, па *комшија* и *арамија*.

Ако ги погледнеме именките на *-а* од машки род од морфолошка гледна точка, ќе забележиме дека барем две од нив со своите множински форми покажуваат отстапувања од она што може да се смета за „доследно" вклопување во рамките на именките од женски род (по форма) тоа се: *шура* со множинската форма *шуреви* и *владика* со старата множинска форма — *владици*.

Во Граматиката на македонскиот литературен јазик од Блаже Конески[1] ги среќаваме примерите: На *таја судија* за поплака (Миладиновци) и *света владико* (М. Цепенков). Авторот со право забележува дека именките од машки род на *-а* „покажуваат формални особености како оние од женски род" но дека не е обично да се јавуваат со определби во женски род. Во четвртата книга на Јазикот наш денешен[2], поаѓајќи од примерот *една моја муштерија*, Благоја Корубин наведува дека е прилично голем бројот на именките „дојдени од турскиот јазик или направени со наставката *-џија, -чија*, па и други на *-ија*" што се од машки род, како *евтинџија, манџија, шегаџија* и сл. За именката *муштерија* авторот вели дека е дојдена (како и во српскохрватскиот јазик) од турскиот, па потоа дека „не се однесува на еден определен пол (муштеријата може да биде и маж и жена), но сепак како именка влегла во нашиот јазик со *граматички* машки род, и покрај нејзината *морфо-*

[1] Скопје, 1966, стр. 163.
[2] Скопје, 1986, стр. 210—212.

лошка адаптација во една форма на *-а*, односно *-ија*.[3] Дали се работи во случајов за влијание од српскохрватскиот јазик? Можеби, макар што, на пример, во Речникот на српскохрватскиот литературен јазик на Матица српска и Матица хрватска, за именката *муштерија* се наведува дека може да биде и од женски и од машки род, сп.: Пазио је да му *сваки муштерија* оде задовољан из дућана.

И уште еден пример: реченицата *Сотоната е неуништива* претставува повод за Емилија Црвенковска[4] да ги разгледа именките на *-а* машки род и да заклучи дека: „Именката *сотона* се придружува кон оние именки од машки род што по исклучок завршуваат на *—а*, а му припаѓаат на машкиот род затоа што означуваат лица од машки пол."[5] Се чини, сепак, дека овде треба да се постави извесна ограда, со оглед на тоа дека се работи за именка од малку поинаков карактер.

Во сите цитирани примери со именките: *судија, владика, муштерија* и *сотона* се среќаваме со јасно согласување по форма, кое обично се смета за попрепорачливо во граматиката. Ако се каже, на пример: *една моја муштерија*, тоа не мора да значи дека се работи за лице од женски пол, туку дека говорителот извршил согласување со форма со една именка на *-а* без оглед на полот на лицето за кое станува збор. Правилните искази: *на тој судија; свети владика; еден мој муштерија* и *Сотоната е неуништива* водат сметка за природниот род (пак со ограда во врска со *сотона)*, но тука се работи за своевидно согласување по смисла.

Да додадеме уште дека некои подоцна примени или појавни именки на *-а* што можат да се однесуваат и на лице од машки или на лице од женски пол, во нашиот јазик имаат граматички женски род, на пример: *странка, индивидуа, персона.* Ќе речеме: *една моја странка, благородна индивидуа, учтива персона* и во врска со женско и во врска со машко лице. И така, не е добро да кажеме: *една моја муштерија*, туку: *еден мој муштерија*, а од друга страна — не велиме: *еден мој странка*, туку само: *една моја странка*, додека само во врска со именката *роднина* можеме да употребиме определби и од едниот и од другиот род: *еден мој / една моја роднина.*

---

[3] Подвлеченото наше. Формулацијата се чини малку противречна и можеби требало да се остане на толкувањето на Димче Маленко (в. Јазикот наш денешен IV, стр. 210—211) дека муштерии биле мажите, па именката *муштерија* се третирала како и сите други именки на *-а* со природен машки род, со други зборови: како и другите именки на *-а* што означуваат лица од машки пол.

[4] Родот на именката *сотона*, Литературен збор, Скопје 1986/1, стр. 97—98.

[5] Цит. прилог, стр. 98.

Во врска со тенденцијата кон поларизација: за именки од машки род — завршок на консонант, за именки од женски род — завршок *-а,* можеби стои и фактот дека во нашиот јазик не е проширена групата на именките од машки род на *-а,* па имаме: *естет, хуманист* и сл., наспрема српскохрватските: *естета, хуманиста* и сл.

Патем ќе споменеме уште една поединост сврзана со споменатата поларизација: колебањата во родот кај именките на консонант, забележани во народниот јазик, се јавуваат и денес — во врска со други именки, на пример: Овој град мами со *својата раскош;* Тоа е во *извесна степен* оправдано и сл.[6]

Овој дел ќе го завршиме со неколку збора за именката *горила,* која е, според Речникот на македонскиот јазик, од машки род, но изгледа дека има некои тешкотии при нејзината употреба. Во реченицата: *Кутра горила,* требало некој да *му* каже; придавката се согласува по форма со именката, а заменката е во форма за машки род. Примерот треба да гласи: *Кутриот горила, требало некој да му каже;* и тоа под услов да ја прифатиме формата *горила.* Велиме под услов, затоа што оваа именка се јавува и во друга форма. За илустрација може да ни послужи цитатот од еден напис под наслов: *Горило* и мače — неразделни. Во текстот читаме: „Во зоолошката градина во Калифорнија живее *горилото* Коко, *кое* со усилби на зоолозите *се научило* да „зборува" со јазикот на глувонемите. Коко има само едно необично *за неа* пријателче — мало маченце, со кое *горилото* не се разделува по цел ден."

Да не беше употребена формата *неа,* не ќе знаевме дека се работи за женка, но и покрај тоа, како што се гледа, преведувачот не сметал дека е посоодветна формата *горила.* Ако ја употребиме во текстот, забележуваме дека нема многу да ја измени ситуацијата: ... живее *горилата* Коко, *кој ... се научил* да „зборува" ... Овде не е случајот како со именката *мечка* на пример *(мечка влегла* во ...), бидејќи во врска со ова животно се генерализирала формата од женски род — проблемот со *горила* е специфичен по тоа што именката завршува на *-а,* но треба да се третира како именка од машки род. Затоа можеби се оди кон форма — завршок што асоцира на среден род.

---

[6] Интересни примери од ваков вид среќаваме во јазикот на Мисирков. На страниците на книгата „За македонцките работи" можеме да прочитаме: *некаков надеж; сијот надеж наш;* а од друга страна: *до таква степен; во полна степен, преодна степен; по степента;* како и: *животта своја.* Именките *цел* и *реч* се за Мисирков од женски род, а се јавуваат во формите: *цеља* и *реча* (покрај *реч*): *крајната своја цеља; својата главна цеља; определена цеља; чоечката реча; литературна реча* итн.

2. *Завршокот —и.* На почетокот спомнавме дека кога немаме сигурен знак за тоа дали се работи за еднина или за множина, завршокот *-и* го прифаќаме како множинска наставка. Илустративен е во врска со ова случајот со името на една нова и успешна група во македонската забавна музика: *Калиопи.* Со оглед на фактот дека е во нашиот јазик обична формата *Калиопа,* формата на *-и* или збунува, или пак тера на размислување дека можеби се работи за некаква множина. Колебањата престануваат дури кога ќе се објасни дека солистката на групата се вика *Калиопи* Буклевска.

Друг пример ни дава насловот на еден филм од југословенскиот режисер Карпо Година. На српскохрватски тој гласи: *Црвени буги,* а нашиот преведувач напишал: *Црвените буги,* сфаќајќи ја формата *буги* како множинска (тука придонесла и формата на *-и* кај придавката во српскохрватскиот оригинал). Јасно е, меѓутоа, дека се работи за еден вид автомобил и дека насловот треба да гласи: *Црвеното буги.*

Во статијата „Родот и бројот на туѓите именки на самогласка", Кирил Конески[7] даде предлог именките на *-о, -е, -и, -у* што не означуваат лица — да се вклучат во средниот род. Факт е, меѓутоа, дека и до денес има колебања во поглед на родот кај некои од овие именки (*виски* — на пример). Дваесет и пет години подоцна истиот автор[8] вели: „Така, во услови на влијание од српскохрватскиот јазик што се чувствува уште кај некои говорители на македонскиот јазик, беше поставена основната норма со која се регулира прашањето за адаптација на туѓите именки на самогласка во македонскиот литературен јазик, во однос на која се можни извесни отстапувања во, барем засега, ретките случаи на поголема „демократизација" во употребата на одделни зборови (*ре́што, ре́шото — ре́ша, ре́шата; кли́ше, кли́шето — кли́шиња, клишиѝњата* и сл.)."

Токму во врска со споменатата „демократизација" ќе го споменеме случајот со именката *комби.* Со оглед на предметот што се означува со оваа именка, како и со оглед на составот на родените говорители што требаше да го употребуваат, можеше да се очекува постапка слична на онаа со именката *клише́.* Така и се случи. Многу брзо, во разговорниот јазик, а потоа и во јазикот на печатот покрај формата *комби* се појави *комбе,* именка во врска со која нема колебања во поглед на формата на определбите *(нашето комбе)* и од која може лесно да се направи множинска форма на *-иња: комбиња.*

---

[7] Литературен збор, Скопје 1958/V, 2 стр. 109—115.

[8] Адаптација туђих именица на самогласник (*-о, -е, -и, -у*) у српскохрватском и македонском књижевном језику, 13. Научни састанак у Вукове дане, Белград 15—18. XI 1983, стр. 115—119.

Случајот со именката *дементи* е поинаков, бидејќи таа скоро и не се употребува во разговорниот јазик, но сепак се почувствувало дека завршокот *-и* може да предизвика извесни тешкотии, па покрај: *нашето дементи*, среќаваме и: *нашиот демент*. Во таков случај добиваме именка од машки род на консонант, чија множинска форма ќе гласи *дементи*.

Се чини дека полека можеме да почнеме да излегуваме од фазата на претерано почитување на туѓата форма (вклучувајќи го тука и акцентот), дека треба да охрабруваме и да прифаќаме различни постапки што придонесуваат за целосна адаптација на туѓите зборови воопшто.

3. Ќе завршиме со *завршоците -о и -е*. Именските форми со нив спонтано ги прифаќаме како еднински и од среден род. Само извесен број роднински имиња на *-о* (повеќе) и на *-е* се третираат како именки од машки род поради нивниот природен род и во врска со нив, главно, нема несигурност при изборот на определбите. Па сепак, има некои вакви имиња на *-е*, окарактеризирани како хипокористици, кај кои се забележува извесно колебање, одбележано во Речникот на македонскиот јазик: именката *чиче* е од машки, а именките: *деде, деденце, татенце* се од среден род (бидејќи не станува збор за промена на природниот род, по сè изгледа овде превладала формата).

Поголеми колебања се среќаваат во врска со туѓите именки на *-о, -е, -и, -у* што означуваат лица од машки пол, а кои треба да се третираат како именки од машки род: *нашиот аташе́ — нашите аташе́и*. Именката *жиголо*, според тоа, би требало да добива определби во форма за машки род, но тоа не е случај со насловот на еден филм: *Американско жиголо*. Сигурно е дека и овде, употребата на формата за среден род од придавката не означува промена на природниот род, туку е само знак за согласување по форма. Со оглед на местото на акцентот, кај оваа именка не може да се очекува множина според образецот *аташе́и*, па изгледа треба да се определиме за *жиголи*, макар што формата *жигола* изгледа донекаде појасна во поглед на функцијата.

Кога сме веќе кај множината, да потсетиме на сосем добро познатиот факт дека именките од машки и од женски род имаат множински форми на *-и* (со проширувања), а оние од среден род — на *-а* (со можни проширувања). Овде, можеби, треба да се гледа уште една од причините за актуелното колебање во врска со третманот на збирните множини на *-је*. Се забележува, имено, дека кај збирномножинските форми на *-ишта* и на *-ја* нема дилеми во поглед на множинскиот карактер, а ако дојде до лексикализација, до преосмислување, (како кај *гробишта*) добиваме именка plurale tantum. Поместувања има, меѓутоа, во врска со збирниот карактер на горните фор-

ми, зашто *-ишта* исто така може да се третира и како наставка за обична множина. За наставката *-ја* исто така нема колебања во врска со множинскиот карактер, но таа често се употребува за диференцијација: *крилја — крила; перја — пера*, значи како наставка за обична множина.

Што станува со збирномножинската наставка *-је?* Таа нема некоја особена поткрепа во формите за множина кај именките, а при лексикализацијата, односно како резултат на преосмислување, сме добиле именки од среден род — еднински форми *(лозје, цвеќе)* со регуларни множински форми *(лозја, цвеќиња)*. Можеби, покрај правилните: *суво лозје, суво цвеќе*, може, во врска со горното, да се очекува и *суво лисје*, што воопшто не значи дека е збирното значење загубено (како што, се чини, не е ни кај *цвеќе*, и покрај тоа што можеме да го употребиме и во врска со еден цвет). Кога се наведуваат причините за прифаќањето на збирномножинските форми на *-је* како збирни но еднински, т.е. на *-је* како зборообразувачка наставка, треба да се земе предвид и горенаведениот факт: формите на *-је* не се прифаќаат автоматски, спонтано, како множински, иако означуваат множества, па повеќето родени говорители само со учење, со свесен напор ќе кажат *суви лисје*. Секако, збирномножинските форми заслужуваат поголемо внимание и поширока разработка, но во овој контекст ќе го додадеме само уште следново: ако се каже дека е *-је* зборообразувачки суфикс, ќе се „озакони" еднинското согласување, а ако се каже дека е *-је* (збирно)множинска наставка, ќе се „озакони" множинското согласување. Меѓутоа, бидејќи се работи за форми што означуваат збир од предмети земени заедно како едно цело — и наспрема едното и наспрема другото решение може да се јават грешки или отстапувања, во зависност од тоа дали ќе надвладее желбата да се нагласи збирниот или множественият карактер.

* * *

Јасно е дека се можни извесни обопштувања на тема: улогата на формата во јазикот, но ние овде се ограничивме само на една поединост. Како позитивна треба да се оцени тенденцијата за приспособување кон системот на именките или на именските форми што отстапуваат на некој начин од она што се смета за типично или обично. Позитивна е таа тенденција зашто како резултат на нејзиното спроведување се упростуваат често непотребно искомпликуваните нешта и се одбегнуваат грешките.

Liljana MINOVA — ĆURKOVA

Summary

ON THE RELATION BETWEEN SOME ENDINGS OF NOUNS AND THE ACCOMMODATION OF NOUNS TO THE LANGUAGE SYSTEM

There is an evident connection between the nouns' ending and the treatment of nouns in Macedonian language. For example, if we know that a noun ending in *-a* is in sungular, the first reaction is that we have a feminine noun. Also, if we know nothing about the number, the ending *-i* is a sign for plural.

In this paper we discuss some examples from that point of view.

Борис МАРКОВ

УДК 808.2—561.3:808.66—561.8

РЕДОТ НА ЗБОРОВИТЕ ВО РУСКАТА ПРОСТА РЕЧЕНИЦА ОД АСПЕКТ НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

Редот на зборовите во реченицата претставува суштествен фактор во однос на структурата на реченицата. Во науката преовладува мислењето дека тој исполнува три основни функции: конструктивно-синтаксична, комуникативно-синтаксична и стилистичка функција.[1]

За разлика од некои јазици како што е германскиот и др., редот на зборовите во современите словенски јазици е главно слободен. Таа слобода на деловите на реченицата сепак не е наполно неограничена, немотивирана или случајна. Редот на зборовите е слободен во смисла на тоа дека деловите на реченицата — главните и секундарните не се цврсто закрепени за ова или она место во реченицата, туку се можни и извесни поместувања пред или зад овој или оној реченички дел. Со други зборови, слободата на редоследот на зборовите во реченицата е обично обусловена од извесни фактори и ситуации. Како главни фактори што ја ограничуваат слободата на редоследот на зборовите во простата реченица се земаат: а) внатрешниот граматички строеж („mluvnická stavba vety") и б) делењето на контекстот во реченицата („kontextové členeni vety"[2].

а) Внатрешниот граматички строеж на реченицата се состои во тоа што одделни делови на реченицата обично мораат да стојат во определен редослед, т.е. да имаат свое место во реченицата. Сп.:

В класс вошел наш учитель истории (Во класот влезе нашиот професор по историја), но *Наш учитель истории вошел в класс (Нашиот професор по историја влезе во класот).*

---

[1] И. П. Распопов, А. М. Ломов, *Основы русской грамматики*, Воронеж, 1984, стр. 249.

[2] *Příručn mluvnice ruštiny*, Praha, 1960, стр. 320, ∅ 284.

Зборовите *наш* и *по историја*, коишто тука се среќаваат во својство на атрибут не можат да имаат подруго место, т.е. во случајов не можат да се одделат од зборот *учитељ (професор)*. Граматичниот строеж на реченицата, којшто ја ограничува слободата на редоследот на одделните делови на реченицата, се појавува главно во определени случаи, но обично има решавачко значење. Од понатамошното излагање ќе се види, меѓутоа, дека тој не претставува закон туку еден вид тенденција, па спрема тоа и тука се можни и извесни отстапувања.

б) Делењето на контекстот во реченицата е фактор којшто ја мотивира слободата на редоследот на зборовите во реченицата и ја ослободува од случајности. Од гледна точка на контекстот, деловите на реченицата имаат различна важност. Така, она што е најважно или ново во соопштението — има карактер на јадро во реченицата, и, обратно, она што не е најважно или ново, а произлегува од контекстот, има карактер на појдовна точка на соопштување на мислата („východisko sdelení myšlenky“).

Важноста на контекстот од реченичките делови наоѓа одраз во реченичкиот акцент, како и во редоследот на зборовите (во пишаната реч само во редоследот на зборовите). *Příruční mluvnice ruštiny*, стр. 321. Сп. на пр.:

Нашиот професор по историја влезе во класот (важно е дека влегол), но

Во класот влезе нашиот професор по историја (важно е кој влегол).

Има и други фактори коишто понекогаш влијаат на редоследот на зборовите во реченицата, но нивниот досег во случајов е далеку помал и тие обично влегуваат во рамките на споменатите два основни фактори. Таков е случајот пред сè со модалноста на соопштението и неговата чувственост, кое се среќава во извични и прашални реченици. Сп. на пр.:

Народу сколько! (Море, колку народ!); или:
Не буду я слушать его! (Нема да го слушам).

Одделни синтактичари со право одбележуваат дека во редот на зборовите во руската реченица само мал број фактори имаат карактер на строги правила, што е случај главно и со другите словенски јазици. Од оваа причина во голем број случаи се оперира со појаснувања од типот *често* или *ретко, книж., разг., поез.* и сл. Граматичка (значењска) функција редоследот на зборовите има главно во определени случаи, коишто се најчесто типични за овој или оној словенски јазик.

За рускиот јазик, на пример, е карактеристичен редоследот на *број* и *именка.* Имено кога даден број стои пред именка, тој служи за изразување на определеност, а кога стои зад именка, обележува приближност, сп.: *Пришло двадцать человек* (определено), но *Пришло человек двадцать* (приближно).

Стилистичкото значење на редоследот на зборовите се состои во тоа што со преместувањето на даден збор се создаваат дополнителни нијанси на смислата, се засилува или ослабнува смислата на даден реченички дел[3]. Сп. на пр.:

> *Я не уверен в его намерениях. — Не уверен я в его намерениях* (усиливается смысловая роль сказуемого *не уверен). Я охотно принял это предложение. — Я принял это предложение охотно* (усиливается смысловая роль обстоятельства образа действия охотно), цит. по СРЯ, стр. 347.

Посочените стилистички суптилности со редоследот на субјектот и прилогот во реченицата карактеристични се главно за рускиот јазик, додека во македонскиот јазик обично не се одразени, сп.: *(Јас) не сум уверен во неговите намери* или: *Радо го прифатив тој предлог* и *Тој предлог го прифатив радо.*

Во однос на местото на одделните делови од реченицата, за современите словенски јазици може да се прифати следнава констатација:

„При значительной свободе порядка слов в простом предложении все же для каждого члена предложения имеется более обычное для него место, определяемое структурой предложения, способом синтаксического выражения данного члена предложения, местом других слов, которые непосредственно с ним связаны. На этом основании различнаются прямой (обычный) порядок слов и обратный (являющийся отступлением от обычного). — Первый характерен для речи научной и публицистической, второй чаще встречается в произведениях художественной литературы (Валгина — Розенталь — Фомина — Цапукевич, *Современый русский язык.* стр. 347).

Независно од постоењето или непостоењето на значенски разлики сврзани со редот на зборовите во рускиот или во македонскиот јазик, двата јазика во поглед на редоследот на зборовите се карактеризираат со низа совпаѓања или сличности, но и со извесни специфичности. Суптилни разлики меѓу руски-

[3] Н. С. Валгина, Д. Э. Розенталь, М. И. Фомина, В. В. Цапукевич, *Современный русский язык,* Москва, 1966, стр. 347.

от и македонскиот јазик (односно другите словенски јазици) во поглед на редот на зборовите се забележуваат, повеќе или помалку, кај секој реченичен дел, па затоа се наложува разгледувањето на овој проблем да стане по пат на одделно претставување на секој реченичен дел во рускиот и македонскиот јазик.

Местото на субјектот и предикатот во простата реченица

Како во рускиот така и во македонскиот јазик, во простата нераспространета реченица во еднаква мера е можен редот на зборовите: S → P и P → S, кое зависи главно од јадрото на мислата, сп. на пр.:

Театры опустели, ожили вокзалы (Театрите опустеа, оживеа железничките станици); или *У порога стоял Егорушка* и *У порога Егорушка остановился (Крај прагот стоеше Егорушка,* но *Крај прагот се запре Егорушка),* т.е. не е обично: *Крај прагот Егорушка се запре.*

Додека во реченици од типот *Театры опустели, ожили вокзалы* рускиот и македонскиот јазик во однос на редоследот на зборовите се совпаѓаат, во другите реченици тоа совпаѓање е само делумно.

Главно ист е случајот и со т.н. тавтолошки реченици, за кои во рускиот јазик важи посочената формула S → P и P → S, сп.: *Киев — мать городов русских* и *Мать городов русских — Киев (Киев е мајка на руските градови* и *Мајка на руските градови е Киев).*

Местото на редоследот на зборовите сепак во извесна мера служи и за диференцијација на синтаксичките значења кај одделни литературни состави од типот *Мать любит дочь* и *Дочь любит мать (Мајката ја сака ќерката* и *Ќерката ја сака мајката).* Формата што му претходи на глаголот обележува субјект на дејството, а онаа што стои по глаголот истапува како објект на дејството. Тоа е норма и во едниот и во другиот јазик, но таа сепак може да биде нарушена од страна на своеобразна интонација, сп. *Но мать любит вовсе не сына. Дочь любит мать*[4] *(Но мајката сосем не го сака синот. Ќерката си ја сака мајката).* Имајќи на себе логички акцент, формата *дочь* во втората реченица не означува субјект на дејството туку негов објект.

[4] И. П. Распопов, А. М. Ломов, *Основы русской грамматики,* стр. 250.

Покрај изнесените општи укажувања, местото на субјектот и предикатот во разгледуваните јазици е сврзано и со низа други моменти. Тука ќе се задржиме само на некои од нив. Така, во рускиот јазик субјектот стои пред предикатот во наративни реченици, т.е. во случаи кога со реченицата се соопштува даден факт, дејство или настан. Логичката оптовареност тука лежи на предикатот. Сп. на пр.:

Маръя Иванова с трепетом пошла по лестнице (*М. И.* со трепет тргна кон скалите).
Сестра приехала (*Сестра ми пристигна* и *Пристигна сестра ми*) — зависно од логичката оптовареност); или:
Больной выздоровел (*Болниот оздраве* и *Оздраве болниот*)

Местото на субјектот е особено често пред предикатот ако тој претставува заменка или ако предикатот е сложен (составное сказуемое), сп.:

Я поужинал — (Јас) вечерав и *Вечерав (јас). — Я не неженка. И точно он не неженка: квартиру занимает за перегородкой в кухне...*, цит. по АГ (*Јас не сум размаженко* и *Не сум размаженко*). — *Девочка хочет спать* (*Девојчето сака да спие* и *Сака да спие девојчето*).

Во низа случаи субјектот е пообичен или единствено можен по предикатот. Во македонскиот јазик во случајов се можни отстапувања. Освен во реченици со инверзија, редоследот P → S во рускиот јазик е најчест во следниве случаи:
а) Местото на предикатот во почетокот на реченицата е карактеристично за раскажувачкиот стил, сп.:

Ушел старик. Стал Жилин спарашиватъ хозяина: что это за старик? Л. Тост., цит. по АГ (*Замина старецот. Почна Жилин да го прашува стопанот...*). — *Пришел я к Колосову. У него сидел некто П... (Дојдов* јас кај Колосов. Кај него седеше некојси П...).

б) Ако целта на соопштението е името предикатот, т.е. ако тој претставува новост на која е концентрирано вниманието:

Вошла девушка в меховой шубке, но *Девушка в меховой шубке вошла (Влезе девојчето со крзнена бунда).*

Во современиот македонски јазик редоследот од типот *Девојчето со крзнена бунда влезе* е редок и се среќава главно ако се потенцира на фактот дека *девојчето со...* влегло, а не некој друг.

Во првата реченица *(Вошла девушка...)* станува збор за појавување на ново лице кое порано не се споменувало, а во втората реченица — дека лицето му е познато на говорителот.

в) Кога предикатот има значење на настанување, на одвивање на дејството — главно по глаголите *быть, настать, наступать, прийти, пройти* и др., а субјектот означува отсечок на време, период и сл.

Была грустная августовская ночь (Беше тажна августовска ноќ) *Прошло два года* (Минаа две години). — *Наступило молчание* (Настапи молк). — *Начался ночной разговор о звездах* (Почна...)

г) При опишување на природата или давање на други описи:

Моросил дождик (Врнеше дождец).

д) По глаголите *виднеться, слышаться, раздаваться* и кратките придавки *виден, слышен, заметен,* сп. на пр.:

Но вот послышались мужские голоса (Ете се слушнаа машки гласови). — Раздался голос О *(Се слушна глас). — Вдали виднелся лес* О *(Во далечина се гледаше шума).*

ѓ) При укажување на изворот на исказот — во уводни реченици и во авторска реч:

Как передает ТАСС, вчера была запущена новая ракета (Како што пренесува ТАСС...) — „Все готово" — сказал вошедший (Се è готово — рече влегувачот).

е) Во авторски забелешки што се користат во драматуршки дела, во авторски зборови коишто стојат по директниот говор. Сп.:

Уходят все, кроме Ани и Дуняши, СРЯ *(Заминуваат сите освен...). — „Я не странный", — ответил мальчик грустно.*

ж) Предикатот е обично препозитивен ако во почетокот на реченицата стои прилог за место или време, а субјектот не е заменка Сп.:

Издали услышал Владимир необыкновенный шум и говор (Оддалеку Владимир слушна необичен шум и говор). — Через полчаса явился уездный лекарь. СРЯ... *(По четврт саат се јави околискиот лекар...).*

з) Предикатот е често препозитивен во прашални, императивни и извични реченици:

Не влюбленъı ли вы? (Да не сте влъубени?); но: *Так вы едете? (Значи, вие патувате?) — Поезжай, Петр!* — командовал... *(Тргнувај, Петре!* — командуваше...), но *Ну, молодчики, покажи работу!* или: *Как хороши, како свежи были розы! (Колку убави, колку свежи беа ружите!).*

и) Во однос на субјектот, постојано постпозитивно место предикатот има во реченици коишто стојат зад директен говор, сп.:

— Да, — согласился Савельев (Да, — се согласи Савелјев). — Скажи, пожалуйста! — удивился Егоров. Кажи, те молам! — се *зачуди Егоров).*

ј) Постпозитивно место предикатот има исто така во реченици со т.н. именски предикат (именное сказуемое) изразен со придавка, при што употребата на кратка и полна форма има диференциска функција, сп.:

Мальчик зол (Детето е лошо, привремено својство: *Мальчик злой (Детето е лошо* или *Лошо е детето по природа,* т.е. трајно својство).

Додека во македонскиот јазик тука е можен препозитивен и постпозитивен предикат, препозитивната употреба на полната придавка во рускиот јазик има функција на атрибут, (кратката форма денес воопшто не се употребува со таква функција).

Местото на објектот во реченицата

Објектот сам по себе може да биде директен и индиректен (рус. прямое и косвенное дополнение), којшто притоа истапува како именски или глаголски (рус. приглагольное и прииименное дополнение). Македонскиот јазик во случајов се карактеризира со постоење на прост (обичен) и двоен објект, како и со енклитички форми, коишто во рускиот јазик не се среќаваат:

Директниот објект изразен со именка или заменка обично стои по предикатот:

Пришлю вам боеприпасов и табаку СР (Ќе ви пратам муниција и тутун)... *Дмитрюк грубо отстранил его и продолжал свою работу, АГ (... Дмитрјук грубо го отстрани*

и си ја продолжи работата) Его равнодушие взбесило меня АГ *(Неговата рамнодушност ме збесна);* или: *Го стави во џебот,* МЈ, МР *(Он положил его в карман). Се исправа, ја крева чашата и ги поздравува гостите* (ВК, МР).

Директниот објект изразен со заменка сепак може да стои пред предикатот и во рускиот јазик. Сп. на пр.:

Неожиданное зрелище его поразило (Неочекуваната глетка го вчудоневиде). — Они что-то везли и уронили (Тие нешто носеа... и им падна, и *Тие носеа нешто и...).*

Индиректниот објект изразен со именка, супстантивизирана придавка, заменка или инфинитив обично стои по предикатот; а во македонскиот јазик може да стои пред предикатот и по предикатот. Сп.:

Засуха вредит посевам АГ *(Сушата им пречи на растенијата). — Отец был недоволен поведением сына* АГ *(Татко-то беше незадоволен од држењето на синот). — Он думал о больной матери. — Командир приказал наступать* АГ *(Командирот нареди да се напаѓа).*

При постоење на два или повеќе објекти изразени со именка или именка и заменка во разни падежи, директниот објект обично стои пред индиректниот. Кај дативни и акузативни форми во македонскиот јазик се употребуваат енклитични заменки:

Вошедший подал руку всем присутствующим (Влегувачот им подаде рака на сите присутни). — Я взял книгу у соседа (Јас зедов книга од соседот). — ...стоя у стола, резал жаренную баранину безрукому офицеру (...стоејќи кај масата, му сечеше...).

При постоење на неколку објекти, индиректниот објект со значењето л и ц е обично му претходи на директниот објект, при што и двата објекта стојат постпозитивно во однос на предикатот. Во македонскиот јазик во вакви ситуации обично се применува двоен објект:

Он прицелился и прострелил мне фуражку. АГ *(Тој нанишани и ми ја прострела капата). — Клим поцеловал ей руки.* АГ *(Клим ѝ ги бакна рацете).*

Препозитивниот директен и индиректен објект со значењето л и ц е коешто трпи некаква состојба чест е во безлични реченици. Во македонскиот јазик ваквите конструкции се предаваат со енклитични заменки пред предикатот. Сп.:

Меня влекло на Волгу, к музыке трудовой жизни. АГ *(Ме влечеше кон...* но схрв. *вукло ме...). — Ее ранило осколком гранаты.* АГ *(Ја рани...* или *беше ранета од парче граната);* или *Ему (ей) есть хочется (Му се јаде; ѝ се јаде);* но: *Мне (ему, ей) холодно — ладно ми е; ладно му (ѝ) е.*

Во однос на другите словенски јазици, за македонскиот јазик се карактеристични, конструкции со енклитични заменки, што стојат пред предикатот.

Нè чекаат: Ожидают нас, схрв. *чекају нас,* слов. *čakajo nas,* пол. *czekają nas. — Ве поздравувам (Приветствую вас,* схрв. *поздрављам вас). — Ви завидувам (Завидую я вам). — Ве сакам (Люблю Вас)* и др.

Препозитивна употреба во македонскиот јазик има редовно и повратната заменка *се,* на пр.: *се смее, се досадува, се кикоти, се фали; се темни, се развиделува* и сл., но схрв. *смеје се, досађује се,... кикоће се, хвали се; тамни се* (пол. *ćmi s sie,* рус. *темнеет), хвали се* итн., *но он се смеје, од се досађује, ми се хвалимо* и сл. Во рускиот јазик, како што знаеме, оваа заменка минала во частица која стои по глаголската форма, па денес има морфотактички а не синтактички карактер.

Местото на атрибутот во реченицата

Во однос на местото на атрибутот во реченицата за рускиот и македонскиот јазик се карактеристични следниве тенденции:

Т. н. согласованное определение (усогласен атрибут) обично стои препозитивно, сп.:

Сквозь о п у щ е н н ы е шторы не проникали с о л н е ч н ы е *лучи.* Чех., цит. по ОРГ. *(Низ опуштените завеси не се пробиваа сончеви зраци). — Он купил н о в ы й костюм (Тој си купил н о в костум).*

Ако се среќаваат повеќе атрибути, кои се изразени со посесивни заменки, со заменките *его, ее* и *их,* со неопределени, показни заменки и заменски придавки, тие стојат на прво место — како во рускиот така и во македонскиот јазик, сп.:

Наше безмятежное счастье никому не мешает. АГ *(Нашата спокојна среќа никому не му пречи). — Я издали увидел ее красную косынку. — Я должен был нанять быков, чтоб вытащить мою тележку на эту проклятую гору* (АГ). *— Постепенно се левой стороны появилось какое-то бледное овальное пятно.* А. Н. Тост., цит. по АГ.

Определената заменка *самый* обично стои по показните заменки *этот, тот.* Во македонскиот јазик таквите конструкции се предаваат главно со заменката *ист.* Сп. на пр.:

Купчиха Трюхина скончалась в эту самую ночь, цит. по АГ *(Трговката Трјухина умре во истата ноќ). — Да это и есть та самая верба — зеленая, тихая, грустная* (Чех., цит. по АГ). *— Па тоа е истата зелена тивка врба.*

Постпозитивната употреба на усогласен атрибут обично се среќава при неговото изделување. Сп.:

Ум, направленный на одно отрицание, бледнеет, сохнет, СРЯ *(Умот насочен само на откажување станува беден, се суши).*

Постпозитивниот атрибут во рускиот јазик се среќава со стилистичка функција. Со ваквата употреба атрибутот на речта ѝ придава карактер на народен јазик, архаичност, нијанса на свеченост и сл. Сп.:

Вышел месяц ночью темной, одиноко глядит из черного облака на поля пустынные, на деревни дальные, на деревни ближние. Нев., цит по СРЯ *(Излегол месецот во ноќта темна, осамено гледа на запустените ниви, на селата далечни, на селата блиски). — Я думаю только о фабрике, о делах, о невесте моей.* М. Г., цит. по СРЯ *(Мислам само за фабриката, за работата, за мојата свршеничка* II *свршеничката моја).*

Употребата на постпозитивниот атрибут во македонскиот јазик е карактеристична за уметничката литература, каде служи за придавање на поголема живост, сликовитост и разнообразност. Сп. на пр.:

Наквечерината сина, натопена во жолтиот пороj на сонцето заседна во очите на гимназистките... И очите требаше замаглено да сјаат меѓу четирите домашни ѕида и на нив да ги ишараат желбите светли, сончеви. БЃ, МР, но сп. и премиери од типот *... бродоломник на пуста карпа сред празната морска шир.* БЃ. МР.

Ваквиот атрибут во рускиот јазик е доста обичен и во случаи кога е изразен со посесивните заменки *мой, твой, его, ее, их* или со показната заменка *этот*. Во македонскиот јазик, меѓутоа, пообичен е препозитивен атрибут. Сп.:

Ну довольно! Ты не гувернер мой (Доста! *Ти не си мој воспитувач). — И вот отечество его находилось в беде (И ете неговата татковина се наоѓаше во несреќа). — ...старик этот много стоит (...тој старец има голема цена).*

Посебно одбележување и задржување кај усогласениот атрибут бараат случаите на инверзија. Под инверзија на даден атрибут се подразбира неговото оддалечување од именката кон која се однесува односно ја определува.[5] Во случајов тој може да стои во почетокот или на крајот на реченицата или пак по именката што ја определува. Инверзијата најчесто се користи за истакнување на смислата и сл. Најзабележлив случај на инверзија на атрибутот претставува одвојувањето на атрибутот од зборот којшто го определува. Во македонскиот јазик во вакви случаи пообичен е обичниот ред на зборовите, но можни се и извесни отстапувања. Сп.:

Больших желаю вам успехов: Желаю вам больших успехов — обичен ред на зборовите *(Ви пожелувам големи успеси* и *Големи успеси ви пожелувам). — Редкие в пепельном рассветном небе зыбылись звезды.* АГ *(Ретките звезди во пепелавото мугресто небо се бранувaa).*

Доста чест и типичен за рускиот јазик е атрибутот во почетокот на реченицата каде влегува во состав на предикатот со именките *человек, мужчина, женщина* и сл. На пр.:

...У меня все как-то шиворот на выворот получается. Безвольный я человек, цит. по АГ *(...јас сум човек без волја). Нелепый ты человек,* цит. по АГ *(Невешт (настран) човек си ти);* но сп. и мак. *Нерешителен маж (жена) е тој (таа) — Нерешительный од мужчина.*

Случај на инверзија претставува исто така позицијата на атрибутот изразен со придавка која стои пред заменка. Во македонскиот јазик заменката по правило стои пред придавката. Сп. на пр.:

---

[5] *Грамматика русского языка,* т. II, АН СССР, Москва — 1960, стр. 676.

В утренний этот серебристо-опаловый час спал весь дом. Фед., цит. по АГ *(Во тој утрински сребресто-опалов час спиеше сиот дом). — Ей казалось, что она скачет во весь упор, но смирная ее лошадь только трусила добросовестно, без понуканий.* Копт., цит. по АГ *(...но нејзиниот мирен коњ трчаше добросовесно со кас без да биде потуркуван).*

„Смысловому выделению согласованного определения способствует постановка его после определяемого слова. Постпозитивным определениям присущ оттенок предикативного значения.[6]

Постпозитивна употреба на неизделени усогласени атрибути се среќава предимно во следниве случаи:

1) Ако атрибутот се однесува кон именка со функција на предикат. Атрибутивите од овој вид во македонскиот јазик по правило се препозитивни. Сп. на пр.:

Бал вещь хорошая, неволя-то горька... Гриб., цит. по АГ *(Балот е убава работа, неволјата е горчлива) — Такой человек есть лицо трагическое.* Б., цит. по АГ *(Таквиот човек е трагично лице).*

Постпозитивниот усогласен атрибут во рускиот јазик е исто така обичен кога се однесува кон именка којашто истапува во својство на именски предикат (именное сказуемое) и лексички го повторува субјектот. Ваквиот атрибут е можен и во македонскиот јазик, но не е необичен и во препозитивна позиција. Сп.:

Напротив, физиономија Ивана Кузмича — физиономия смелая, уверенная. Г. Усп., цит. по АГ *(Напротив, физиономијата (лицето) на Иван Кузмич е физиономија смела и уверена ‖ смела и уверена физиономија).*

Постпозитивниот усогласен атрибут се среќава и во случаи кога има на себе логички акцент. Ваквиот атрибут во рускиот јазик е задолжителен, бидејќи неговото изделување или препозитивната позиција ја нарушува смислата на исказот. Во македонскиот јазик во случајов е можен како постпозитивен така и препозитивен атрибут — без тоа да влијае на смислата на исказот, На пр.:

---

[6] *Грамматика русского языка,* II, АН СССР, Москва, 1960, стр. 677, § 968.

Жалкий вид его тронул Чарского, который... имел сердце доброе и благородное. Пушк., цит по АГ *(Неговиот жалосен изглед го трогна Чарски, којшто имаше добро и благородно срце || срце добро и благородно). — Это был человек лет семидесяти, с лицом правильным и приятным.* Тург., цит. по АГ *(Тој беше човек на седумдесетина години, со правилно и пријатно лице || со лице правилно и пријатно).*

Местото на неусогласениот атрибут

Независно од начинот на кој се изразуваат, неусогласените атрибути (несогласованные определения) обично стојат постпозитивно во однос на зборот што го определуваат. Главно ист е случајот со ваквиот атрибут и во македонскиот јазик, само што и тука се можни извесни отстапувања во таа смисла што се предава со усогласен атрибут или пак има препозитивна позиција, сп. на пр.:

Напротив был виден дом с красной крышей., цит. по АГ *(Спротив нас се гледаше куќа со црвен покрив). — Происшествие этого вечера произвело на меня довольно глубокое впечатление* Лерм., цит. по АГ (*Настанот од тој вечер ми направи доста длабок впечаток),* но сп. и примери од типот *девушка редкой красоты* (ретко убаво девојче), *человек высокого роста* (висок човек).

Атрибути од овој вид изразени со именка во зависен падеж (косвенный), со цел на изделување или истакнување на смислата, можат да стојат и препозитивно во однос на зборот што го определуваат. Ваквиот препозитивен атрибут, меѓутоа, се среќава предимно во уметничката литература и особено во поезијата. Во македонскиот јазик тој не е обичен, т.е. стои главно по зборот што го определува, на пр.:

Этот самый старичок, с узелком-то, генерала Жукова дворовый. Чех. цит. по Аг *(Истото тоа старче со бовчата е слуга на генералот Жуков). — Судьбы свершился приговор!* Лерм., цит. по АГ (Се изврши пресудата на судбината); сп. и *Любви, надежды, тихой славы Недолго нежил нас обман...* Пушк., цит. по АГ.

До колку кај определуваниот збор напоредно се среќаваат усогласен и неусогласен атрибут, вториот (неусогласениот) стои по првиот (усогласениот). Во македонскиот јазик усогласениот атрибут во случајов стои пред определуваниот збор (именка), а неусогласениот доаѓа по неа. Сп.:

Огромный, с локонами, парик, какие носили в начале столетия, был неряшливо напудрен. А. Н. Тост., цит. по АГ *(Огромната перика со кадри, какви што носеле во почетокот на столетието, беше немарно напудрена). — В это время дверь в кабинет без стука приоткрылась и худенькая, невысокого роста женщина в белой официантской куртке и ...* Павл., цит. по АГ *(Во тоа време вратата во кабинетот без тропање се приотвори и слабичка невисока жена во бела келнерска блуза...).*

Место на прилогот во реченицата

„Место обстоятельства в предложении определяется его общим значением, тем, какой частью речи оно выражено, а также тем, к какому слову в предложении оно относится" *(Грамматика русского языка,* т. II, АН СССР, 1960, стр. 684). Општо земено, истото се однесува и до македонскиот јазик, во кој местото на одделните видови прилози е сепак нешто послободно. Големи сличности и совпаѓања меѓу рускиот и македонскиот јазик се забележуваат речиси кај сите видови прилози (за начин, за време, за место, причина и цел). Како во рускиот така и во македонскиот јазик, прилогот може да стои пред предикатот и по него. Во својство на примери можат да се приведат следниве реченици:

Я его хорошо знаю (Јас добро го познавам). — Мостовая гладко белела (Калдрмата глатко се белеше и *Калдрмата се белееше глатко);* или: *Беа троа испиле.* ЦМ, МР (= *Они немножко выпили). — ...по лицето на Дорина бавно се тркалаа солзи.* ПШ, МР.

Инверзија на прилогот за начин во рускиот јазик обично настапува:

а) Во случаи кога прилогот стои по предикатот:

А Иохим действительно играл хорошо. Корол., цит. по АГ *(А Иохим навистина убаво свиреше || свиреше убаво). — Женщина подошла и тоже смотрела боязливо.* Пан., цит. по АГ *(Жената се доближи и исто така гледаше исплашено).*

б) Во случаи кога прилогот стои во почетокот на реченицата прирокот е обично пред субјектот. Сп.:

Правильно и невозмутимо совершается там годовой круг. Гонч., цит. по АГ (Таму *правилно* и *спокојно* се остварува годишниот круг).

Сп. и примери за прилози за место и за време:

С запада шла туча (*Од запад* доаѓаше облак). — *Теперь очередь жены ехать в Сибирь.* Горьк., цит. по АГ *(Сега ѝ е ред на жената да патува во Сибир);* или: *После ужина он не мог спать (По вечера тој не можеше да спие).*

Постпозитивната позиција на прилогот за време во однос на предикатот служи за поголемо истакнување на прилогот. Во македонскиот јазик истакнувањето обично станува по пат на интонација (акцент). Сп.:

Там сидели мы долго Лерм., цит. по АГ *(Таму седевме долго* и *Таму долго седевме). — Я познакомился с Грибоедовым в 1817 году.* Пушк., цит. по АГ. *(Со Грибоедов се запознав во 1817 година).*

До колку во дадена реченица се среќаваат прилог за време и прилог за место — прилогот за време стои пред субјектот и предикатот, а прилогот за место по предикатот:

Четверть часа спустя Печорин вернулся с охоты. Лерм., цит. по АГ *(По четврт саат Печорин се врати од лов). — После полудня, разбитая, озябшая, мать приехала на большое село Никольское. Горьк.,* цит. по АГ (*По пладне мајка ми, потиштена и настината допатува во големото село Никољское).*

*
* *

Изнесеното за редоследот на зборовите во простата реченица дава можност за извесни согледувања и заклучоци. Главно кај сите делови на реченицата се забележуваат големи сличности и совпаѓања, но и суптилности карактеристични за едниот или другиот јазик.

Двата јазика го потврдуваат познатиот факт дека во однос на местото на деловите на реченицата најчесто не постојат строги закономерности, туку обично се работи за тенденции или ориентации коишто, од своја страна, се обусловени од извесни фактори. Во двата јазика решавачки е фактот дали имаме директен или индиректен говор (инверзија). Меѓу другите фактори што влијаат на местото на редоследот на зборовите одбележување бараат секако, стилот на јазикот, контекстот и др.

Општ впечаток е дека местото на одделните членови на реченицата во современиот македонски јазик не е толку определено или издиференцирано како во рускиот јазик. Исклучок

во случајов претставува местото на објектот изразен со заменка или „членувана именка (или по инаков начин определена, на пр. сопствена)"[7]. Енклитичната заменка во случајов во индикативни реченици по правило стои пред предикатот, а во императивни реченици по предикатот, сп. *Го видов;* или *Него го видов: Я видел его. — Ја крена чашата (Он поднял стакан, но Крени ја чашата (Подними стакан).*

Во однос на другите словенски јазици, за македонскиот литературен јазик е карактеристична препозитивната позиција на повратната заменка *се,* сп.: *се мие, се облекува, се смее, се оддалечува;* или *се темни, се видели (се развиделува), се зборува* и сл.

Б. МАРКОВ

СКРАТЕНИЦИ

О — С. И. Ожегов, *Словарь русского языка,* Москва — 1961.
АГ — *Грамматика русского языка,* II, АН СССР, 1960.
ОРГ — И. П. Распонов, А. М. Ломов, *Основы русской грамматики,* Воронеж, 1984.
СРЯ — Н. С. Валгина, Д. Э. Розенталь, М. И. Фомина, В. В. Цапукевич, *Современный русский язык,* Москва, 1966.
БҐ — Богомил Ґузел, *Машина за пишување.*
ВК — Владимир Костов, *Игра.*
ПШ — Петар Ширилов, *Преспанска свадба.*
СД — Симон Дракул, *Големиот коњ.*
ЦМ — Цветко Мартиновски, *Квечерина.*
МЈ — Мето Јовановски, *Човекот во сина облека.*
МР — *Македонски раскази,* II дополн. изд., Култура — Скопје, 1979.

Борис МАРКОВ

Резюме

ПОРЯДОК СЛОВ В РУССКОМ ПРОСТОМ ПРЕДЛОЖЕНИИ С АСПЕКТА МАКЕДОНСКОГО ЯЗЫКА

Как известно, порядок слов в предложении играет важную роль в структуре предложения. В отличие от немецкого и других языков, где порядок слов является закрепленным за тем или иным местом в предложении, в славянских языках он в

[7] Б. Конески, *граматика на македонскиот литературен јазик,* II, Скопје, 1954, стр. 43.

основном свободен. Такая свобода членов простого предложения все-таки не выступает вполне неограниченной, немотивированной или случайной. Другими словами, порядок слов в простом предложении в славянских языках обусловлен преимущественно двумя основными факторами:

а) внутренним грамматическим строением („mluvnická stavba vety) и

б) делением контекста в предложении (kontextové členeni vety).

Исходя из данных, имеющихся в нескольких грамматиках современного русского языка, автор статьи пытается провести параллель между русским и македонским языками. При каждом члене простого предложения заметны сходства или совпадения между упомянутыми языками, но в то же время имеются определенные расхождения или нюансы употребления. С другой стороны, оба языка подтверждают известный факт, что в области порядка слов в простом предложении нет строгих закономерностей, а имеются главным образом определенные тенденции в употреблении того или иного члена предложения, на что в свою очередь оказывают влияние упомянутые факторы.

Проведенные исследования в статье позволяют автору утверждать, что место отдельных членов простого предложения в македонском языке не настолько определено и дифференцированно как в русском, несмотря на то, что место дополнения, выраженного личным местоимением, в македонском языке как правило препозитивно.

Звонко НИКОДИНОВСКИ

УДК 804.0—558801.541.2

МЕТАГОВОРНИТЕ ГЛАГОЛИ ВО ФРАНЦУСКИОТ ЈАЗИК

ПРВ ДЕЛ*

ТЕОРИСКИ РАМКИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО НА МЕТАГОВОРНИТЕ ГЛАСОВИ

ПРВА ГЛАВА

ПРОБЛЕМАТИКАТА НА МЕТАГОВОРОТ И НА МЕТАГОВОРНИТЕ ГЛАГОЛИ

Кратка содржина. — Три етапи во теориското развој на поимите метаговор и метајазик во лингвистиката. Поимите метакомуникација и двогласен говор и нивниот однос кон поимот метаговор. — Метаговор е сè она што во говорот или во јазикот го означува самиот говор. Метајазик е сè она што во говорот или во јазикот го означува самиот јазик. Три видови метаговор: метаговор на усниот, на писменият и на мешаниот говор. — Поделба на метаединиците на јазични кои ја сочинуваат металексиката на еден јазик и на говорни кои се јавуваат како автоними. — Во семантичкото поле на метаговорни глаголи влегуваат и двете досега посебно проучувани групи глаголи: „verba dicendi" и перформативните глаголи. Метаговорни глаголи се сите оние глаголи што ја означуваат усната говорна активност која произведува говорни диници.

1. ТЕОРИСКИ РАЗВОЈ НА ПОИМИТЕ МЕТАГОВОР И МЕТАЈАЗИК ВО ЛИНГВИСТИКАТА

1. При опишување на поимите метаговор и метајазик ќе тргнеме од ситуацијата во југословенската лингвистичка литература.

Терминот „метаговор" речиси и не се употребува во домашната лингвистика. За разлика од него, терминот „метајазик" е, напротив, вообичаен кај нас и нему му се придаваат две сродни значења.

---

* Вториот дел од студијата ќе го објавиме во следниот број од Годишниот зборник.

Во првото значење, терминот „метајазик" го означува научниот апарат на одредена наука (нејзината терминологија и симболите). Така, на пример, Милка Ивиќ го дефинира метајазикот како „максимално логичен јазик на научната анализа" (1975:56).

Во второто значење, терминот „метајазик" го означува само оној јазик со којшто можат научно да се опишат природните јазици. Тоа значење го среќаваме кај Радослав Катичиќ кој метајазикот го дефинира како „посебен, преработен и вештачки создаден јазик на којшто може добро да се зборува за јазикот." (1971:122). Истото значење го наоѓаме и кај Дубравко Шкиљан. Кај него метајазикот претставува „систем во онаа јазична дејност со којашто, во научно-истражувачки цели, се опишува, интерпретира и објаснува јазикот." (1973:203).

За да видиме од кои теориски извори доаѓаат термините и поимите метаговор и метајазик, ние ќе го поделиме развојот на тие поими на три етапи. Сите гореспоменати дефиниции ја одразуваат првата етапа во развојот на тие поими.

1.1. *Прва етапа*

2. Терминот „метајазик" прв го вовел полскиот логичар Алфред Тарски во 1931 година. Воспоставувањето на тој термин имало голема епистемолошка вредност за образложување на резултатите до кои се дошло во математиката и логиката во врска со проучувањето на постапките за докажување и оспорување на вистините во формалните системи.

Воспоставувањето на терминот и поимот метајазик Тарски го утврдил во следната дефиниција: „Јазикот со чија помош ние зборуваме за првиот јазик и со чии термини ние сакаме да ја утврдиме дифиницијата на вистината за првиот јазик. Првиот јазик ние го нарекуваме 'јазик-објект', а вториот 'метајазик'."[1]

3. Набргу поимот метајазик преминал од логиката во семиотиката. Поимот добил теориска разработка во проектот на данскиот лингвист Луис Јелмслев.

---

[1] »Le langage dans lequel nous parlons du premier langage et avec les termes duquel nous voulons construire la définition de la vérité pour le premier langage. Nous appelons le premier langage ‚langage objet', et le second ‚métalangage'.«, A. Tarski: »La Conception sémantique de la vérité et les fondements de la sémantique«, in *Logique, Sémantique, Métamathématique*, т. II, стр. 279, Ed. Armand Colin, Paris, 1974 (Цитирано според J. Rey-Debove, 1978:13).

Стремејќи се да создаде општа теорија на јазикот, Јелмслев човечкиот јазик го разгледувал заедно со другите семиотики (семиотички системи). Тој утврдил дека постојат семиотики чиишто еден план (планот на изразот или планот на содржината) и самиот претставува одредена семиотика. Доколку тоа се однесува на планот на содржината, тогаш целата семиотика претставува метајазик или како што Јелмислев и поинаку ја нарекува „метасемиотика". За метасемиотиката тој вели:

„Тоа е семиотика која се занимава со одредена семиотика; во нашата терминологија тоа треба да означува семиотика чијшто план на содржината претставува семиотика. Самата лингвистика треба да биде една таква метасемиотика".[2]

По принципот на научност, метасемиотиката би била научна семиотика, додека конотативните семиотики т.е. оние семиотики чиишто план на изразот претставува семиотика би биле ненаучни семиотики. Меѓутоа, доколку принципот на научност се примени на семиотиката-предмет, тогаш метасемиотиката би била семиологија во Сосировото значење на зборот, зашто таа за предмет ги има ненаучените семиотики.

Како што логичарите воспоставиле хиерархија на јазиците, така и Јелмслев ја допушта можноста за постоење на една метасемиологија која за свој предмет би ја имала семиологијата. Во метасемиологијата анализита нема да се засновува на причини и причинители, туку тоа ќе биде чиста статистика по угледот на дескриптивната физика и фонетика (сп. Hjelmslev, 1971:150—157).

Основно во системот на Јелмслев е, значи, одредувањето на метасемиотиката, а во неа и на метајазикот, како наука која за предмет на проучување ги има ненаучните семиотики во коишто спаѓа и јазикот.

Учењето на Јелмслев за метајазикот го прифатил, меѓу првите во Франција, Ролан Барт и тој графички ги прикажал односите меѓу денотативните семиотики, метајазикот и конотативните семиотики (сп. Bart, 1971:382—5).

4. Првата етапа од развојот на поимот метајазик можеме да ја заокружиме со излагањето на учењето на американ-

[2] »C'est une sémiotique qui traite d'une sémiotique; dans notre terminologie, celc doit signifier une sémiotique dont le contenu est une sémiotique. La linguistique même doit être une telle métasémiotique.«, L. Hjelmslev: *Prolégomènes à une théorie du language*, Les Editions de Minuit, Paris, 1971, стр. 150.

скиот лингвист Зелиг Харис за проблемот на метајазикот. Тоа што Јелмслев го има назначено за метајазикот во главни црти, Харис го применил на полето на синтаксата.

Опишувајќи ги структурите на реченицитe во англискиот јазик Харис утврдил дека постојат и метајазични реченици, односно реченици кои нешто кажуваат за реченицитe или за реченичните сегменти од самиот тој јазик. Во тоа се состои и основата на Харисовата дефиниција којашто гласи:

„(Метајазикот претставува) вкупност од реченици коишто овозможуваат да се зборува за еден дел од јазикот, вклучувајќи ја тука и севкупноста на граматиката".[3]

Со оглед на тоа што метајазикот претставува дел од јазикот, Харис се прашува што е тоа што им овозможува на метајазичните реченици да бидат дел од јазикот, односно каква е нивната структура. Харис утврдува дека таа особина се засновува на постоењето, во именскиот предикат „е N", на една подкласа од предикати кои ја имаат формата „е N meta" кадешто „N meta" го означува множеството од имиња на: реченици, групи на реченици и реченични сегменти, множество во кое влегуваат имиња како што се: „јазична форма", „збор", „реченица" и др. Како заклучок произлегува фактот дека структурата на метајазичните реченици е иста со структурата на обичните реченици со таа разлика што оние првите ја содржат подкласата предикати „е N meta".

Проучувајќи ја структурата на метајазичните реченици, Харис најпрвин утврдил три видови метајазични реченици: метатипни реченици, метаупатувачки реченици и метареченици.

Во својот подоцнежен граматички модел Харис ги користи метајазичните предикати како оператори за опишување на реченицитe на англискиот јазик. За разлика од претходните три видови метајазични реченици сега постојат само два оператора: метадискурзивен и метајазичен (сп. Harris, 1976: 84—93).

Со трудовите на Зелиг Харис поимот метајазик се проширил и на планот на синтаксата, со што тој ја добил и својата практична примена во лингвистиката.

1.2. *Втора етапа*

5. Втората етапа во развојот на сфаќањата за поимот метајазик се одликува со поеластичен пристап. Сега поимот метајазик се применува не само на научната метајазична продук-

[3] »(La métalangue est) l'ensemble des phrases qui permettent de parler d'une partie de la langue, y compris la totalité de la grammaire.«, Z. Harris: *Structures mathématiques du langage,* Dunod, Paris, 1971, стр. 19.

ција тука и на секојдневната метајазична активност.

Творецот на ова сфаќање, Роман Јакобсон, го вовел поимот метајазична операција којшто се однесува и на секојдневната јазична активност. Имено, во обичниот разговор луѓето често се принудени да зборуваат за кодот и за неговите елементи и тоа во оние ситуации кога е потребно добро да се разберат зборовите на соговорникот или пак да се објаснат сопствените зборови.

Метајазикот, според Јакобсон, има значајна улога како при усвојувањето на јазикот, така и при неговото нормално функционирање во секојдневниот говор. Севкупната метајазична продукција во обичниот говор (еквативните реченици со помош на перифрази, на синоними или на преводни еквиваленти) може да биде многу значајна за лингвистичките проучувања како на лексиката така и на граматиката на еден одреден јазик.[4]

Истакнувајќи дека метајазичните операции на изворните говорници можат да бидат мошне сигурен и објективен патоказ за вистинско проучување на значењето, Јакобсон истовремено ја критикува чисто формалната постапка за утврдување на граматичноста на речениците, а којашто се состои во тоа од изворните говорници да се бараат метајазични информации за тоа дали некои реченици се прифатливи или неприфатливи.

Круна на Јакобсоновите сфаќања за метајазикот претставува неговата идеја за една посебна метајазична функција што јазикот ја поседува заедно со уште некои други функции (сп. Jakobson, 1963:53, 178, 203 и 217).

Ке наспомнеме само дека во Франција, лингвистот и семиотичарот Гремас успешно го споил учењето на Јелмслев за метајазикот и Јакобсоновото учење за метајазичните операции (сп. Greimas, 1966:14—17, 72—78).

Сфаќањето за метајазична функција на јазикот претставува основа врз којашто, во третата етапа, ќе се разработи и збогати поимот метајазик.

1.3. *Трета етапа*

6. Третата етапа е тесно поврзана со проширувањето на предметот на проучување на лингвистиката како и со концептуалниот развој што произлегол од тоа проширување.

---

[4] Оваа мисла како да претставува антиципација на погоре споменатите трудови на Харис.

Имено, во 60-те години и во почетокот на 70-те во еден дел од лингвистичката наука се зголемува интересирањето за одредени аспекти на говорното однесување коишто дотогаш не биле во центарот на вниманието. Лингвистиката сè повеќе и повеќе се интересира за говорната активност, за оној елемент од познатата Сосирова равенка што бил препуштен на надворешната лингвистика.

Приближно во истиот период се обелоденуваат и проучувањата на аналитичките филозофи кои за предмет на своите истражувања ја земаат говорната активност.

Се разбира дека ваквата ситуација оставила траги и во погледите на лингвистите за метајазикот.

7. На тој начин значењето на поимот метајазик морало да се прошири за да го опфати, во својата дефиниција, и поимот говорна активност.

Тука ќе треба да направиме една мала дигресија во областа на терминологијата. Имено, поделбата на теориските развој на поимите метајазик и метаговор на три етапи тргнува од нашата дефиниција на тие термини. Тоа значи дека ние го реконструираме развојот на тие поими со оглед на термините коишто ги изразувале. Имајќи предвид дека термините „метајазик" и „метаговор" се изведени од термините „јазик" и „говор", треба да видиме какви се значењата на тие појдовни термини во различни јазици.

Секоја лингвистичка дефиниција на тие термини тргнува од Сосировите основни дефиниции. Сосир спротивставува три термини кои постојат во францускиот јазик: „langage", „langue" и „parole". Кон нив треба да се додаде и терминот „discours" којшто во полето на горните разграничувања навлегува нешто подоцна во француската лингвистика (Гистав Гијом, Емил Бенвенист и др.).

Во македонскиот јазик постојат воглавно два термина кои можат да одговараат на Сосировите термини: тоа се термините „јазик" и „говор". Терминот „јазик", во своето вообичаено значење, највеќе одговара на поимот „langue". За останатите три француски термини останува само терминот „говор" кој, со значењата што ги поседува во обичниот говор, може да ги покрие сите три значења: човечкиот говор воопшто (langage), говорот како процес (parole) и говорот како производ (discours).

Што се однесува до терминот „métalangage" и до неговиот англиски еквивалент „metalanguage" и тие се повеќезначни со оглед на тоа што и појдовните термини од кои тие се изведени се повеќезначни. Тоа особено важи за англискиот термин „language" кој означува и „langage" и „langue", додека

француското „langage" честопати се употребува во обете значења. Токму затоа е потребно да се направи реконструкција на поимите метајазик и метаговор според контекстите во коишто се јавувале за да може прецизно да ги одредиме нивните значења.

8. Видовме дека значењето на поимот метајазик се проширило во толкава мера што, од гледна точка на нашите дефиниции, тоа значење наполно му одговара на поимот метаговор. Тоа ново значење се среќава во трудовите на разни лингвисти а ние најпрвин ќе ги изложиме ставовите на англискиот лингвист Џефри Лич (Geoffrey Leech) за метаговорот.

Во книгата под наслов „Semantics" Лич попатно се занимава и со проблемот на метаговорот. Тој го употребува поимот метаговор за да ја објасни, од како што тој го нарекува „прагматичко" становиште, перформативната анализа што ја вовел американскиот лингвист Џон Рос (John Ross). За метаговорот Лич вели:

„Секогаш кога го употребуваме говорот за да зборуваме или да пишуваме за говорот, ние го употребуваме говорот во метаговорна функција".[5]

Иако Лич како основен термин го употребува само терминот „language", од контекстот произлегува дека терминот „metalanguage" кај него го означува метаговорот. Како примери за лексички единици на метаговорот Лич ги наведува именките: „word", „syllable", „sentence", „question", „negation", како и глаголите: „say", „promise", „state", „warn", „bet" и „ask".

9. Свеста за улогата на метаговорот во секојдневниот говор како и неговото значење за лингвистиката и за семиотиката доведоа до тоа на проблемот на метаговорот да му се посветуваат посебни студии, дури и симпозиуми.[6]

Најдалеку во тој поглед отиде Жозет Ре-Дебов (Josette Rey — Debove) која во 1978 г. ја објави книгата под наслов „Le Métalangage". Таа за прв пат успеа многу јазични појави коишто пред тоа беа разгледувани одделно, да ги поврзе со помош на поимот метаговор. И насловот на нашиот труд произлегува од таа книга каде што за првпат беше искажана претпоставката дека метаговорните глаголи можат да се проу-

[5] »Whenever we use language to talk or write about language, we use language in a *metalinguistic* function«, G. Leech: *Semantics*, Penguin Books, Harmondsworth, 1974, стр. 352.

[6] Сп. го списанието »Littérature«, Larousse, Paris, бр. 27 од 1977 година во коешто се печатени соопштенијата од симпозиумот за метаговорот што се одржал во јануари 1977.

чуваат како единствена група. Подоцна пак ќе се навраќаме на таа книга, а тука само ќе истакнеме некои општи ставови на Ре-Дебов за метаговорот.

Одредувањето на метаговорот е исто како кај Лич додека за метаговорната функција Ре-Дебов вели:

„Секој од нас, за што и да зборува, мора да ја употреби 'метаговорната функција' во оние моменти кога коментарите за кажувањето стануваат неопходни за комуникацијата, поточно тогаш кога говорот треба да се прилагоди на она на што тој треба да упатува и на она што треба да го означува (за да се потсети, извести или пак да се отстрани повеќезначноста)".[7]

10. Поголемиот дел од анализите што Ре-Дебов ги направила за разни области на метаговорот се оригинални, а тоа важи особено за областа на автонимите за коишто подоцна ќе зборуваме. Понатаму, при опишувањето на значењето на метаговорните глаголи таа мошне успешно ги применила методите на семантичката теорија за синонимијата коишто малку се употребувани во лингвистиката. Тие методи, впрочем, само ја потврдуваат погоре спомнатата мисла на Јакобсон дека метајазичните операции претставуваат мошне сигурна и објективна постапка за опишување на јазичното значење.

Сепак одредени поставки на Ре-Дебов за метаговорот ни изгледаат недоволно образложени. Тоа во прв ред се однесува на нејзиното мислење за односот меѓу метаговорот, неговата реализација и неговата улога.

Имено, Ре-Дебов низ целата книга го анализира метаговорот како лингвистички поим (поточно семантички) кој, како и сите лингвистички поими, упатува на одредени појави во јазикот или во говорот, но таа истовремено сака значењето на поимот метаговор да го подреди на поимите „langue" и „discours". Ре-Дебов вели:

„Збирот од метајазикот и метаговорот (во потесна смисла, заб. на З. Н.) на еден јазик J_1 претставува метаговор M_1 (во поширока смисла, заб. на З. Н.) на еден јазик J_1".[8]

---

[7] »Chacun de nous, quel que soit son propos, recourt nécessairement à cette ‚fonction métalinguistique' lorsque des commentaires sur le dire sont indispensables à la communication, notamment lorsqu'il faut ajuster le discours à ce qu'il est censé désigner et signifier (pour rappeler, pour apprendre, pour désembiguïser)«, J. Rey-Debove: *Le Métalangage*, Le Robert, Paris, 1978, стр. 1.

[8] »L'ensemble de la métalangue et du métadiscours d'une langue L_1 est le métalangage M_1 d'une langue L_1.«, J. Rey-Debove, op. cit., стр. 21.

Од оваа дефиниција произлегува дека метаговорот во пошироко значење претставува дел од јазикот, а истовремено Ре-Дебов го спротиставува јазикот на говорот како нешто што е кодификувано наспроти она што е некодификувано. Значи, ако говорот може да биде дел од јазикот тоа е оттаму што авторката го употребува поимот јазик во две несоодветни значења.

И кога ја одредува улогата на метаговорот, Ре-Дебов како да го враќа тој поим на ниво на поимот метајазик. Ќе ја цитираме нејзината мисла во оригинал, затоа што во превод би морале да ги промениме а со тоа и повторно да ги интерпретираме нејзините термини. Еве што вели таа:

„On parlera de *compétence métalinguistique* pour signifier ‚compétence pour le métalangage'. La compétence linguistique permet de produire des phrases acceptables sur le monde, la compétence métalinguistique, de produire des phrases acceptables sur la langue, notamment celles qui affirment que les phrases sur le monde sont ou non acceptables" (1978:21).

Оваа мисла како да го негира токму она за што и Ре-Дебов се заложува на многу места во нејзината книга, а особено на стр. 42: да ја прошири и збогати Харисовата дефиниција на поимот метајазик.

11. Видовме дека Јакобсон го утврдил значењето и улогата на метајазичната функција за усвојување на јазикот. Тука би сакале да спомнеме само еден труд на Анри Бес (сп. Besse, 1980) во кој што многу успешно се анализира улогата и значењето на метаговорот во учењето на странските јазици.

И Анри Бес ги поврзал, од своја страна, мета-термините со основните Сосирови термини. Тој пишува:

„Да го наречеме métalangue она што во лексиката, синтаксата и прагматиката на еден одреден природен јазик дозволува нешто да се каже за тој јазик (и/или за други јазици).

Да го наречеме métalangage секој вештачки концептуален модел кој служи да се опише или да се симулира функционирањето на еден природен јазик (или на говорот воопшто). Да го наречеме, на крајот, métadiscours секој говор кој актуализира или формулира, меѓу останатото, еден метајазик (= métalangue) и/или еден метаговор (= métalangage)".[9]

[9] »Appelons *métalangue* ce qui dans le lexique, la syntaxe et la pragmatique d'une langue naturelle donnée permet de dire quelque chose sur cette langue (et/ou sur d'autres langues). Appelons *métalangage*, tout modèle conceptuel artificiel destiné à décrire ou à simuler le fonctionnement d'une langue naturelle (ou du langage en général). Appelons enfin, *métadiscours*, tout discours actualisant ou formulant, entres autres choses, une métalangue et/ou un métalangage.« H. Besse: »Métalangages et apprentissage d'une langue étrangère«, *Langue française*, nº 47, Larousse, Paris, 1980, стр. 121.

Според Бес, значи, односот меѓу метаговорот и метајазикот се артикулира во признакот „научност": метаговорот претставува специјално создаден лингвистички модел, додека метајазикот е дел од општиот јазик. Овие дистинкции Бес ги користи за да ги спротивстави термините „métadiscours langagier" и „métadiscours scientifique" коишто означуваат два типа говор што можат да се користат во наставата по странски јазици.

12. Треба да се спомене постоењето на еден поим којшто е близок до поимот метаговор и којшто се јавил во американската психијатрија и социјална психологија. Тоа е поимот „метакомуникација" којшто означува „комуникација за комуникацијата" (сп. Watzlavick, Beavin et Jackson 1972:35).

Во еден свој дел поимот метакомуникација го опфаќа поимот метаговор, додека во другиот дел тој е многу поширок од него. Значењето е слично кога поимот метакомуникација ја означува интерпретацијата на значењето на комуникацијата, додека неговото значење е пошироко кога поимот метакомуникација се однесува на разбирањето на комуникацијата и на воспоставувањето односи меѓу соговорниците.

Поимот метакомуникација го среќаваме и кај американскиот антрополог и лингвист Дел Хајмз (Dell Hymes) кој се чини дека тој поим му го припишува на Батесон (Gregory Bateson) (сп. Hajmz, 1980:52). Овој поим Хајмз го користи за да ја придодаде, на списокот од шест функции кај Јакобсон, и метакомуникативната функција која, според тоа, е различна од метајазичната функција на говорот.

Поимот на метакомуникација го користи и Фредерик Берте (Frédéric Berthet) во една студија за разговорот во делата на Марсел Пруст. Берте притоа забележува дека постојат луѓе кои страдаат од Котаровиот синдром („le syndrome Cottard"). Името на оваа болест доаѓа од името на еден Прустов јунак и таа, според Берте, се карактеризира со неспособност за метакомуницирање (сп. Berthet, 1979:122).

13. Би сакале да укажеме и на една употреба на терминот „métalinguistique" во францускатa лингвистика, којашто ни се чини несоодветна.

Се работи за терминот „négation métalinguistique" што го воведе Освалд Дикро (сп. Ducrot, 1972:174). Според Дикро, тој термин означува негација „чија цел е да го негира претходниот

исказ". За истиот поим Дикро го наведува и терминот „négation réfutatrice" којшто многу повеќе одговара на даденият вид негација. Дикроовата употреба на терминот „métalinguistique" ја превзеле Жудит и Жан-Клод Милнер (сп. J. Milner, 1977 и J. et J. — Cl. Milner, 1975).

Доколку се прифати тоа значење на терминот „métalinguistique", тогаш секоја употреба на говорот која се однесува со еден свој дел на говорот на соговорникот би ја оквалификувале како метаговорна а со тоа и поимот метаговор би го изгубил своето значење.

14. Во списокот на научници коишто се занимавале со проблемите на метаговорот секако треба да се додаде и името на рускиот теоретичар Михаил Бахтин.

Иако не го употребувал терминот „метаговор", Бахтин дал огромен придонес во таа област. Неговите проучувања на двогласниот говор, уште од далечната 1929 г., антиципираат голем дел од подоцнежните истражувања на метаговорот.

Бахтин јасно воочил дека тема на говорот, односно она за што се зборува, може да стане и самиот говор (нашиот или пак на некој друг). Говорот што станува тема на авторскиот говор Бахтин го нарекува „туѓ говор". Туѓиот говор значи станува дел од другиот говор, говор во говорот. Меѓутоа, со влегувањето во авторскит говор, тој истовремено и се менува станувајќи говор за изворниот говор.[10]

Секое перцепирање на туѓиот говор ги содржи, според Бахтин, следните два елемента: најпрвин туѓиот говор се опкружува со реалниот контекст-коментар а потоа се подготвува реплика. Тие две операции се тесно поврзани и, во зависност од перцепцијата на туѓиот говор, тие различно се реализираат во авторскиот контекст кој го опкружува туѓиот говор.

Бахтин ги проучил, со голема инвентивност, сите видови синтаксички шаблони (директниот, индиректниот, слободниот директен и слободниот индиректен говор), коишто се користат за изразување на туѓиот говор во писменият руски, германски и француски јазик.

---

[10] Интересно е да се одбележи дека оваа формулација на Бахтин меѓу првите ја презел Роман Јакобсон во својата статија: »Les embrayeurs, Ies catégories verbales et le verbe russe« / сп. R. Jakobson: *Essais de linguistique générale,* Les Editions de Minuit, Paris, 1963, на стр. 177.

На крајот од ова кратко излагање на Бахтиновите сфаќања за проблемот на туѓиот говор, да споменеме дека Бахтин го употребува терминот „металингвистика" за да ја постулира науката која за свој предмет на проучување ги има оние говорни појави што ги надминуваат рамките на тогашната лингвистика. Тоа се однесува, пред сè, на дијалошките односи (како на тие во дијалогот така и на оние во монолошкиот говор), во чие разјаснување Бахтин има дадено голем придонес (сп. Bahtin, 1967 и 1980).

2. ОДРЕДУВАЊЕ НА МЕТАГОВОРОТ И НА НЕГОВИТЕ ВИДОВИ

15. За да ги дефинираме поимите „метаговор" и „метајазик", треба да тргнеме од значењето на основните термини од кои тие се изведени. Веќе сугерираме дека терминот „говор" може да ги превземе значењата на француските термини „langage", „parole" и „discours". Според тоа, за поимот говор ја предлагаме следната дефиниција:

Говорот (langage) претставува посебен вид на човечко значенско однесување кое, употребувајќи го јазикот (langue) низ говорната активност (parole), произведува говорни единици (discours).

Од оваа дефиниција произлегува дека говорот (во пошироко значење) за *genus proximum* го има човечкото значенско однесување, додека неговата *differentia specifica* ја сочинуваат јазикот, говорната активност и говорните единици. Од дефиницијата уште произлегува дека говорот го опфаќа јазикот како свој конститутивен дел.

Јазикот, од друга страна, се дефинира како посебен вид на семиотички систем кој му овозможува на говорот да ги обавува своите функции. Основната функција на говорот како значенско однесување што се остварува со помош на јазичниот систем е да означува.

16. Со означувањето доаѓаме и до поимите метаговор и метајазик. Сè она што во говорот или во јазикот го означува самиот говор претставува метаговор, додека сè она што во говорот или во јазикот го означува самиот јазик претставува метајазик.

Поимите на метаговор и на метајазик се, значи, семантички поими (како што се тоа и поимите на синонимија, антонимија и др.). Од горните дефиниции произлегува дека метаговорот го опфаќа метајазикот како свој конститутивен елемент. Доколку од метаговорот го изземеме метајазикот, во тој случај

можеме да кажеме дека се работи за метаговор во потесна смисла на зборот којшто ги означува само говорната активност и говорните единици.

Треба да се нагласи дека не постои потполна аналогија во односите меѓу поимите говор и јазик, од една страна, и поимите метаговор и метајазик, од друга страна. Аналогијата се состои само во тоа што обата пара поими се наоѓаат во однос на генерички поим (говор и метаговор) наспрема видски поим (јазик и метајазик). Меѓутоа, содржината на поимите во обата пара е различна. Додека јазикот претставува систем со чија помош и се остварува говорот, дотогаш и метаговорот и метајазикот можат да бидат дел или од јазикот или од говорот. Единиците на метаговорот и на метајазикот можат да се разграничат единствено според значенскиот критериум.

17. Говорот, како значенско однесување, се остварува во внатрешниот и во надворешниот говор. Според супстанцата во којашто се остварува, надворешниот говор може да биде: устен и писмен. Меѓу овие два вида говор постојат допирни точки. Имено, писменият говор може да премине во устен (читање), а усниот може да стане писмен (диктирање). Тие сложени остварувања на говорот ги нарекуваме „мешан говор".

Според видот на говорот што го означува, метаговорот може значи да се подели на: 1. метаговор на усниот говор 2. метаговор на писменият говор и 3 метаговор на мешаниот говор.

3. МЕТАГОВОРНИ ЕДИНИЦИ

18. Метаговорот и метајазикот се остваруваат во говорот со помош на знаци коишто во своето значење го содржат значењето на поимите говор и јазик. Метаговорните и метајазичните знаци можат да бидат јазични или говорни единици.

Следните неколку страници ќе ги посветиме најпрвин на јазичните метаговорни и метајазични единици коишто ја сочинуваат металексиката на францускиот јазик а потоа и на говорните метаединици коишто се јавуваат како автоними.

Целово поглавје за метаговорните единици се инспирира од богатите анализи на „метаговорната лексика" што ги направи Ре-Дебов.

За разлика од Ре-Дебов, која сите метаединици ги групира во метаговорната лексика, ние тие единици ги делиме на јазични, коишто ја сочинуваат металексиката на еден јазик, и на говорни, коишто ги прават автонимите како дел од говорот на еден јазик. Во рамките на секоја од двете групи разликуваме метаговорни и метајазични единици.

3.1. *Метаговорна лексика*

А. Метаговорни зборови

19. Метаговорните зборови во францускиот јазик им припаѓаат на класите на полнозначни зборови: именки, глаголи, придавки и прилози. Ќе дадеме по неколку примери за метаговорни зборови од сите три видови метаговор:

1. Метаговорни зборови за устен говор

а) именки: „discours", „conversation", „querelle" и др.
б) глаголи: „parler", „bégayer", „prier" и др.
в) придавки: „mentionné", „nommé" и др. коишто се партицини употребени во придавска функција
г) прилози (и прилошки изрази): „en d'autres mots", „autrement dit", „à vrai dire" и др.

2. Метаговорни зборови за писмен говор

а) именки: „paragraphe", „lettre", „annonces" и др.
б) глаголи: „écrire", „(re)copier", „traduire", „inscrire", „noter", „signer", „barrer" и др.
в) придавки: „écrit", „scriptural" и др.
г) прилози: „ibid„, "passim", „ci-dessus" и др.

Во една студија за овој вид метаговор би можеле да се разграничат метаговорните зборови и врз основа на средствата за остварување на писмениот говор: на рака, со машина за пишување, со печатење и др.

3. Метаговорни зборови за мешан говор

а) именки: „lecture", „épellation" и др.
б) глаголи: „lire", „épeler", „dicter" и др.
в) придавки: „lu", „dicté" и др.

Б. Метајазични зборови

20. Метајазичните зборови им припаѓаат на истите зборовни групи како и метаговорните зборови:

1. Метајазични зборови за устен говор

а) именки: „consonne", „syllabe", „accent", „ton", „morphème", „mot", „aspect", „sémème" и др.
б) глаголи: „se prononcer", „se conjuguer", „signifier", „désigner", „régir", „s'employer" и др.
в) придавки: „vocalique", „nominal", „verbal" и др.

2. Метајазични зборови за писмен говор

а) именки: „lettre", „tiret", „apostrophe" и др.
б) глаголи: „s'écrire", „se placer", „s'élider" и др.
в) придавки: „placé", „terminé" и др.

3. Метајазични зборови за мешан говор

а) именки: „notation", „transcription" и др.
б) глаголи: „(se) noter", „transcrire" и др.
в) придавки: „noté", „transcrit" и др.

3.2. *Автоними*

21. Автоними претставуваат имиња на елементите на говорот (на јазикот или на говорот во потесна смисла). Терминот „автоним" го вовел германскиот филозоф и логичар Рудолф Карнап во 1934 г. за да го означи резултатот на едно својство на говорот кое во средновековната филозофија и логика се нарекувало „suppositio materialis" (сп. Rey - Debove, 1978:87).

Автонимот е говорна единица без којашто не може да се замисли говор за елементите на говорот. Автонимот, како име за одреден елемент на говорот, се употребува за да се означи тој говорен елемент (елементот како целосен знак, неговиот означувач и неговото означено), за разлика од обичната употреба на говорните елементи каде што тие се употребуваат за да упатат на референтите коишто се наоѓаат надвор од нив самите.

Средствата за автонимизација можат да бидат различни во разни јазици. Некои јазици поседуваат посебни морфеми кои, приподадени на говорните елементи, сигнализираат дека се работи за автоними. Во францускиот, како и во другите јазици, средствата за автонимизација се различни во писменият и во усниот говор. Додека усниот говор ги користи прозодиските елементи (тонот, паузата, акцентот) дотогаш писменият говор ги употребува правописните знаци (наводниците, курзивот, дебелината на буквите, шпацирањето, подвлекувањето и др.). Заедничко средство за усниот и за писменият говор е употребата на метакласификатори. Тоа се зборови коишто ги означуваат категориите на автонимизираните единици.

Според категоријалната припадност на единиците, автонимите можат да бидат метајазични и метаговорни.

А. Метајазични автоними

22. Зборот претставува истовремено најголема единица на јазикот и најмала единица на говорот. Како најголема јазична единица, зборот претставува плод на мисленьето и на говорот на бројни генерации луѓе на одредена јазична заедни-

ца. Зборот, како јазична категорија, е неопходен за постоење на говорот. Како основна единица на говорот, зборот истовремено претставува и синтаксичка категорија со оглед на тоа што во себе го содржи и значењето на зборовната група на којашто и припаѓа.

Врз таа позиција на зборот како меѓник меѓу јазикот и говорот, францускиот лингвист Гистав Гијом го засновал разликувањето меѓу морфологијата и синтаксата (сп. Guillaume, 1974: 101). Според него, сè она што се наоѓа во структурата на зборот како единица на јазикот ѝ припаѓа на морфологијата, додека синтаксата се занимава со комбинациите на зборовите како основни единици на говорот.

Метајазични автоними можат значи да станат сите зборови на францускиот јазик како и елементите коишто влегуваат во нивниот состав. Така, во примерот:

„Le mot „vache" est du genre féminin" се среќаваме со двоен автоним. Еднаш реченицата, којашто се наоѓа под наводници, претставува метаговорен автоним на истоимената реченица која би се употребила на пример во онаа ситуација кога некој би зборувал за именката „vache". Целата таа реченица претставува автоним кој е супстантивиран и тој има функција на прилошка одредба за место во структурата на нашиот текст. Од друга страна, во таа иста реченица, зборот „vache" е метајазичен автоним затоа што означува јазичен елемент со ист означувач и тој, за разлика од нормалната употреба на зборот, не упатува на некој вонјазичен референт (како што би бил случај на пример со истиот збор во реченицата „Il ne boit que du lait de vache" во нормална употреба).

Да наспоменеме дека на автонимизација подлежат сите елементи на усниот говор (од фонемата до зборовите со нивните означувачи или означени) како и елементите на писмениот говор (во тој случај некои букви во францускиот јазик имаат поинакви усни имиња од имињата на фонемите: тоа особено важи за имињата на графемите за консонанти).

Метајазични класификатори за автонимизација, во усниот и во пишаниот говор, можат да бидат следните именки: „voyelle", „consonne", „phonème", „morphème", „suffixe", „préfixe", „syllabe, adjectif", „mot", „verbe", „signifiant", „signifié", „monème" и др.

Б. Метаговорни автоними

23. Како основни единици на говорот, зборовите се елементи со чија помош говорниците го создаваат својот говор. Како што за еден збор постојат правила кои ја одредуваат неговата припадност кон одредена зборовна група, исто така и

за говорните единици постојат правила за комбинирање на основните единици. Тоа важи за сите сложени единици на говорот: од најмалата — синтагмата, па сè до најголемата единица — текстот.

Со оглед на тоа што кај сите овие единици се работи за комбинирање на помали единици (зборови во синтагми, синтагми во реченица, реченици во текст), често се зборува дека сите тие единици се јазични. Во таа смисла јазикот се сфаќа како нешто што е кодификувано, нормирано, додека на говорот му се припишува сè она што е индивидуално и ненормирано.

Се разбира дека може да се зборува за сите горни единици како за јазични (а некогаш и не се може поинаку затоа што таква е традицијата на граматичката терминологија), меѓутоа не треба да се заборави дека тоа се пред сè говорни единици кои се различни од јазичните (како што формулата на равенката y $=x^2-z^2$ се разликува од своите елементи или како што еден шаховски потег се разликува од фигурата со која се изведува).

24. Треба да се напомене дека автонимните коментари се доста слични меѓу себе без оглед на тоа дали се работи за метаговорни или пак за метајазични коментари.

Така, автонимните реченици (со или без класификатори) ја имаат воглавно следната структура:

(Метаговорен или метајазичен класификатор) + Автоним + глагол + мета-збор

Еве еден пример од горната структура:

„Le segment *va* est le verbe, tandis que le segment *venir* est une forme nominale" (Dubois, 1967:11).

Во оваа структура може да се појави уште еден автоним на крајот од реченицата како во следниот пример:

„La phrase ‚Pierre a fermé la porte' renvoie à une seule phrase de base: 'Pierre a fait que la porte est fermée" (Dubois, 1969:115).

Од овој пример се гледа ваквите автонимни реченици имаат својство да ги супстантивираат сите единици (како јазични така и говорни). Така, во првиот пример, зборот „va" ја попримил синтаксичката категорија на именка, затоа што е употребен како подмет, што не е случај со неговата обична употреба во функција на предикат.

Автонимите не подлежат на експлицитна супстантивација само кога цитираниот говор (или дел од говорот) не се вградува во говорниот контекст на тој што цитира. Во усниот говор тоа најчесто се случува кога се сака со имитирање да се исмее нечиј начин на зборување.

4. ПОЛЕ НА МЕТАГОВОРНИ ГЛАГОЛИ

Француските метаговорни глаголи претставуваат еден дел од метаговорната лексика која, заедно со автонимите, го сочинува метаговорот во пошироко значење на зборот во францускиот и на француски јазик. Ако метаговорот претставува семантички поим, тогаш за метаговорните глаголи можеме да речеме дека тие претставуваат едно семантичко (глаголско) поле во рамките на лексиката на францускиот јазик.

Иако терминот „метаговорни глаголи" е од поново време, семантичкото поле што го означува тој термин било познато и проучувано многу поодамна.

4.1. *„Verba dicendi"*

25. Во латинските граматики постои терминот „verba dicendi" кој обично се спомнува кога се изведуваат правилата за употреба на конструкцијата „акузатив со инфинитив" во латинскиот јазик. Тоа правило вели дека конструкцијата „акузатив со инфинитив" се употребува позади следните три групи управни глаголи: „verba dicendi", „verba sentiendi" и „verba voluntatis". Притоа се дава и список на некои глаголи „dicendi" (сп. Gortan, Gorski i Pauš, 1966:235).

26. Тој термин од латинските граматики влегол и во лингвистичките речници. За поимот „verba dicendi" во лингвистичкиот речник на Симеон ја наоѓаме следната дефиниција:

Под заглавниот збор „глагол" се наоѓа терминот „декларативен глагол" (сп. Simeon, 1969:102). Под заглавниот збор „декларативен глагол" (ibid: 216) дадени се две дефиниции на тој поим. Првата дефиниција вели:

„Декларативни глаголи — се означуваат понекогаш на тој начин оние глаголи кои изразуваат едноставна изјава (f. dire — зборува, expliquer — објаснува...) наспроти оние кои изразуваат некое душевно расположение на говорникот (f. croire — верува, vouloir — сака...) и кои како такви понекогаш управуваат посебна конструкција (на пр. инфинитивна реченица во латинскиот јазик)".

Иницијалите на изворот на дефиницијата наведуваат дека се работи за третото издание на Лингвистичкиот речник на Жил Марузо од 1951 година.

Втората дефиниција на истиот заглавен збор гласи:

„Декларативен глагол — латински израз којшто обично се употребува за да се означат оние глаголи кои изразуваат соопштување, изјава, раскажување, објаснување и сл., на пр. lat. declaro, demonstro, dico, edissero, explico, indico, narro, significo итн. се викаат исто така и verba declarandi".

Изворот на дефиницијата наведува дека таа е преземена од лингвистичкиот речник на Springhetti којшто е издаден на латински јазик во Рим во 1962 година.

Кај Симеон наоѓаме уште една дефиниција под заглавниот збор „изрични глаголи" на стр. 582. Во неа се вели дека со тоа име „се викаат оние глаголи со кои се искажува нешто едноставно (на пр. dicere — кажува, explicare — објаснува, narrare — раскажува, asserere — тврди, изјавува) за разлика од оние глаголи кои изразуваат некоја душевна состојба (на говорното лице, на пр. velle, putare, credere...)". И наводите за оваа дефиниција велат дека таа потекнува од речникот на Спрингети.

Од анализата на горните дефиниции произлегува дека групата „verba dicendi", за којашто кај нас постојат три па дури и четири називи (декларативни — исказни — изречни и глаголи на говорење), се дефинира како група од глаголи „кои изразуваат *едноставна изјава*" или „со кои се искажува *нешто едноставно*" или „кои изразуваат *соопштување, изјава, раскажување, објаснување* и сл." (Ние подвлекуваме).

27. Групата „verba dicendi" се проширува со нов семантизам во „Енциклопедискиот лексикон на српскохрватскиот јазик" од 1972 г. Таму, на стр. 104, под заглавниот збор „глаголи на говорење (verba dicendi)" само се наведени следните примери од таа група глаголи без никаква дефиниција: „рече", „кажува", „зборува", „раскажува", *„прашува"*, „одговара", *„вети"*, „соопштува", *„се заканува"*, *„забранува"*, *„шепнува"*, *„уверува"*, *„наредува"*, *„советува"* (Ги подвлекуваме оние глаголи чиишто семантизам го проширува семантичкото поле на „verba dicendi", во однос на оние глаголи што се дадени кај Симеон).

Во недостиг на каква и да е дефиниција можеме само да се запрашаме што ги натерало авторите на Енциклопедискиот лексикон да ја прошират групата глаголи на говорење, со оглед на тоа дека подвлечените глаголи некои други автори ги подведуваат во други групи. Така на пр., во погоре наведената латинска граматика, дел од тие глаголи („imperare" — заповеда, „suadare" — советува) е сместен во групата „verba postulandi", додека еден друг дел („interdicere" — забранува) е групиран во „verba impediendi" (сп. Gortan, Gorski i Pauš, 1966:280, 282).

28. Во француската лингвистика постојат исто така неколку термини за именување на „verba dicendi".

Швајцарскиот лингвист Шарл Баји ги употребува термините: „verba dicendi", „verbes qui relèvent de l'énonciation" и „verbes déclaratifs" (сп. Bally, 1969:197 и Bally, 1965:50). Инаку, групата декларативни глаголи Баји ја поврзал со поимот

„énonciation" што тој го вовел, разработил и којшто имал голем одек во подоцнежната француска лингвистика. Поимот искажување Баји го дефинира на следниот начин:

„Искажувањето е појава на комуницирање на една мисла со помош на говорот".[11]

На тој поим Баји му го спротиставува поимот модалност („modalité") со следната дефиниција:

„Модалноста го изразува ставот на субјектот спрема една виртуелна претстава".[12]

Притоа Баји многу успешно забележува дека многу декларативни глаголи го кумулираат и значењето на модалноста:

„Додека друг пат глаголот ги кумулира и модалната и декларативната функција: така, *affirmer* значи ‚да се каже дека веруваме', *se plaindre* (d'être oublié) ‚да се каже дека сме незадоволни', *louer* ‚да се каже дека одобруваме'; *promettre, jurer* тоа е ‚да се каже дека се ангажираме во нешто', *dire que* + *subj.* ‚да се каже дека сакаме да' итн.".[13]

Поврзувањето на модалноста и искажувањето (или комуникацијата, затоа што Баји ги употребува двата поими како синоними) одиграло голема улога во подоцнежните истражувања.

29. Терминот „verbes de dire" се среќава кај Лисјен Тенјер (Lucien Tesnière). Тенјер ја употребува таа група глаголи, заедно со групата „verbes de don", за да го илустрира постоењето на тровалентни глаголи во францускиот јазик. При тоа тој наведува 58 глаголи на кажување за коишто вели дека понекогаш се викаат и „декларативни глаголи".

Што се однесува до семантизмот на оваа група глаголи, Тенјер само наспомнува дека значењето на некои глаголи во однос на значењето на основниот глагол „dire" може да биде повторливо („répéter"), засилувачко („affirmer", „démontrer") или пак намалувачко („insinuer", „souffler") (сп. Tesnière, 1976: 255—6).

---

[11] »L'énonciation est le fait de communiquer une pensée par la parole«, Ch. Bally: »Les notions grammaticales d'absolu et de relatif«, in *Essais sur le langage*, стр. 197, (уред. J. — Cl. Pariente), Les Editions de Minuit, Paris, 1969.

[12] »La modalité exprime l'attitude d'un sujet vis-à-vis d'une représentation virtuelle«, Ch. Bally, *op. cit.*, стр. 197.

[13] »Tantôt enfin le verbe cumule les fonctions modale et déclarative: ainsi *affirmer* signifie ‚dire qu'on croit', *se plaindre* (d'être oublié) 'dire qu'on est mécontent', *louer* 'dire qu'on approuve'; *promettre, jurer*, c'est 'dire qu'on s'engage à qch', *dire que* + *subj.* 'dire qu'on veut que' etc., Ch. Bally: *Linguistique générale et linguistique française*, A. Francke, Berne, 1965, стр. 51.

Називот „verbes de dire" го употребува и Бернар Потје (сп. Pottier, 1974:180—83). Потје наведува 14 глаголи коишто сите заедно ги поврзува поимот „déclaration". Поимот на декларација кај Потје е најнизок поим во една скала од хиерархизирани поими: декларацијата е елемент на класата констативна визија („vision constative"), којашто е елемент на класата на модални оски („axes modaux"), којашто е елемент на класата модалност („modalité"), којашто е елемент на класата модална формулација („formulation modale"), којашто е елемент на класата комуникативна формулација („formulation communicative"), којашто е елемент на родниот поим формулација („formulation").

Суштината на целава пирамида од поими се состои во мислењето на Потје дека декларацијата е дел од модалноста којашто, според авторот, претставува „une critique subjective du propos" и дека модалноста, од својата страна, е дел од комуникативната формулација која претставува „la manifestation du Je énonciateur sur le propos et sur sa propre formulation". Со тоа, всушност, се доведува сосема во прашање пертинентноста на дистинкцијата, што ја вовел Баји, меѓу поимите на модалност и искажување.

30. За поимот „verba dicendi" во француската лингвистика се употребуваат уште и термините „verbes de parole" и „verbes de communication". Првиот термин се среќава, меѓу останатото, и кај Емил Бенвенист кој проучува некои глаголи на говорење („jurer", „promettre", „garantir", и „certifier") со цел да го илустрира својот поим на субјективност во говорот (сп. Benveniste, 1966:265).

За значењето на Бенвенистовите проучувања ќе кажеме нешто повеќе кога ќе зборуваме за перформативните глаголи.

Терминот „verbes de communication" се среќава во трудовите на Морис Грос (Maurice Gross). Во книгата „Méthodes en syntaxe" од 1975 г. Грос ги прикажал резултатите од проучувањата на синтаксичките можности на оние глаголи во францускиот јазик што управуваат комплетивни реченици. Сите оние глаголи што поседуваат заедничка структурна особина којашто е доволно специфична за да не се среќава и кај другите глаголи, Грос ги групирал во посебни табели. Во тие табели, вкупно 19 на број, се дадени, покрај главната заедничка структура, и други конструкции коишто можат да бидат специфични за одредена подгрупа глаголи. Табелите претставуваат бинарни матрици во коишто со помош на знаците „+" и „—" се означени способностите на секој глагол да гради одредени структури. Притоа, таму каде што било можно, некои структури се поврзани и со помош на трансформации.

Во тебалата бр. 9 (вкупно 352 глагола) се наоѓа една подгрупа глаголи (вкупно 193) којашто подоцна ќе стане и предмет на анализа во една статија на Грос од 1981 г. Според Грос, секој глагол од таа подгрупа може да ги гради следните четири структури:

„N_0V à N_2 que P	: Max dit à Ida qu'il est prêt
N_0V à N_2 V^0 — inf Ω	: Max dit à Ida être prêt
N_0V à N_2 que Psubj	: Max dit à Ida qu'elle parte
N_0V à N_2 de V^2 — inf Ω	: Max dit à Ida de partir"

(сп. Gross, 1981:46).

Оваа подгрупа глаголи, покрај тоа што поседува заеднички синтаксички особини, има и заеднички семантизам. За нивното значење Грос вели:

„Сите тие се глаголи кои овозможуваат да се комуницира еден факт (со помош на првите две структури), или една наредба (со помош на другите две). Сите тие глаголи имаат значење на глаголот 'кажува' плус значењето на начинот на емитување на комуникацијата".[14]

Со оглед на тоа дека семата „комуникација" се содржи во сите тие глаголи Грос ги нарекува „глаголи на комуникација" („verbes de communication").

4.2. *Перформативни глаголи*

31. Проучувањата на „verba dicendi" добија нов замав со откритието на поимот на перформативни глаголи. Терминот „перформативен глагол", како и одреден број други термини, го вовел англискиот филозоф Џон Остин (John Austin).

Перформативен глагол, според Остин, е оној глагол со чија употреба во еден исказ се остварува оној говорен акт којшто е означен со тој глагол (на пр. исказот на реченицата „Je promets que je serai là", кога има значење на ветување).

Инаку, придавката „перформативен" кај самиот Остин има две различни значења во два стадиуми на неговата теорија за говорните акти.

Во првиот стадиум Остин сите искази ги дели на констативни кои нешто опишуваат или тврдат и на кои можат да се применат вистиносните вредности, и на перформативни ис-

[14] »Ce sont tous des verbes qui permettent de communiquer un fait (au moyen des deux premières structures) ou un ordre (au moyen des deux autres). Ils apparaissent tous comme signifiant ‚dire' accompagné d'une modalité d'émission de la communication.«, M. Gross: »Les bases empiriques de la notion de prédicat sémantique«, *Langages*, nº 63, 1981, Larousse, Paris, стр. 46.

кази кои не опишуваат ниту тврдат, туку тоа се искази со чие изведување се остварува одреден акт и тие не подлежат на проверка на нивните вистиносни вредности.

Увидувајќи ја неоправданоста на првобитната дистинкција, Остин доаѓа до заклучок дека секое искажување претставува говорен акт со одредена илокутивна вредност. На тој начин, сега, и тврдењето и дескрипцијата претставуваат илокутивни говорни акти. При секое искажување говорниците, според Остин, изведуваат освен илокутивни и локутивни акти, т.е. тие изговараат одредени зборови коишто се дел од некој јазик и коишто имаат одредена граматичка форма и значење, и перлокутивни акти (на пр. „убедување", „охрабрување" и др.). На тој начин и поимот на перформативни глаголи кај Остин го добива она значење што најпрвин го наведовме.

Последната Остинова дефиниција на перформативните глаголи вели дека се тоа глаголи „коишто ја прават експлицитна илокутивната вредност на исказите, или илокутивната природа на актот што го изведуваме кога го формулираме тој исказ".[15]

32. Бенвенист согледал, независно од Остин, дека постојат искази коишто претставуваат остварување на актите што ги именуваат глаголите употребени во тие искази. Бенвенист наведува примери како што се: „je promets", „je garantis", „je certifie" и др. (сп. Benveniste, 1966:265).

Подоцна, во една друга статија, Бенвенист, анализирајќи ги Остиновите ставови, не го прифатил Остиновиот поим на илокутивни акти, туку ја задржал единствено дистинкцијата меѓу перформативните и констативните искази (сп. ibid.: 267—285).

Врз пионерските трудови на Остин и на Бенвенист се надоврзале многу истражувачи коишто го третирале проблемот на перформативните глаголи како и теоријата на говорните акти. За нашата тема е битно мислењето на многу автори дека перформативниот глагол мора да го означува говорот. Така Бенвенист вели:

„Кој и да е глагол на говорење, дури и најобичниот од сите, глаголот 'вели', може да образува перформативен исказ, доколку изразот 'велам дека . . .', изговорен во одредени услови, создаде нова ситуација".[16]

---

[15] »(. . .) qui explicitent la valeur illocutoire d'une énonciation, ou la nature illocutoire de l'acte que nous produisons en formulant cette énonciation.«, J. L. Austin: *Quand dire, c'est faire,* Seuil, Paris 1970, стр. 152.

[16] Un verbe quelconque de parole, même le plus commun de tous, le verbe ‚dire', est apte à former un énoncé performatif si la formule: ‚je dis que . . .', émise dans les conditions appropriées, crée une situation nouvelle.«, E. Benveniste: »La philosophie analytique et le langage«, in *Problèmes de linguistique générale I,* Gallimard, Paris, 1966, стр. 273.

И Дикро изнесува исто мислење:

„Во перформативните искази можат да влезат единствено оние глаголи коишто означуваат дејствија произведени преку говорната активност".[17]

33. Еден друг правец во понатамошните истражувања на илокутивните акти тргнал од хипотезата дека условите за изведување на илокутивните акти можат да се асимилираат во содржината на значењето на глаголите коишто ги именуваат поимите на соодветните говорни акти. Се сметало дека со проучувањето на значењето на глаголите ќе можат да се опишат универзалните говорни акти. Всушност, била опишана само онаа категоризација што секој јазик преку дадената група глаголи ја спроведува во континуумот на говорната активност на одредена говорна заедница.

Меѓутоа, анализите на поимите на илокутивните акти дадоа мошне исцрпни описи на значењата на илокутивните глаголи (сп. Fillmore, 1970 и Mihailă, 1976).

Друг правец на истражување започнал проучување на конкретните говорни акти со цел да се утврдат јазичните средства и начините на реализација на говорните акти. Тие истражувања го корегираа Остиновиот поим на експлицитни перформативни глаголи во таа смисла што покажаа дека употребата на перформативните глаголи, онака како што Остин ја замислил, е многу ретка и малку продуктивна во обичниот говор и дека во говорот, покрај илокуцијата, многу е важна и модалноста (пред сè интерперсоналната) која ја регулира употребата на перформативните глаголи.[18]

4.3. *Метаговорни глаголи*

34. Видовме дека разни автори согледале и утврдиле дека постои блискост во значењето меѓу групата „verba dicendi" и групата на перформативни глаголи. Идејата за нивно поврзување во една општа група била така да се каже во воздух. Тој заеднички именител бил поимот на метаговор.

Лич утврдил дека перформативните глаголи претставуваат метаговорни единици кои го експлицираат значењето на оние говорни акти што се изведуваат со помош на тие глаголи. Тој исто така утврдил дека метаговорните единици можат на раз-

[17] »Seuls peuvent entrer dans un énoncé performatif les verbes qui désignet des actions accomplies par la parole.«, O. Ducrot: *Dire et ne pas dire*, Hermann, Paris, 1972, стр. 75.

[18] Сп. ги на пример трудовите на Анскомбр (Jean-Claude Anscombre), на Слакта (Denis Slakta), на Руле (Eddy Roulet), на Корнулие (Benoît de Cornulier).

лични начини да го означуваат говорот: на синтаксички начин (тоа е, според Лич, на пр. зборот „word" којшто означува јазични единици што ги утврдуваме на синтаксичкото рамниште), на фонолошки начин (на пр. зборот „syllable") и на семантички начин (на пр. зборот „statement") (сп. Leech, 1974:352).

Меѓутоа, горното сфаќање за различни начини на означување на говорот Лич не го применил во описот на групата метаговорни глаголи, со оглед на тоа што тој не ги поврзал глаголите на говорење со перформативните глаголи.

35. Жозет Ре-Дебов ја има дефинирано и разработено групата на метаговорни глаголи. Нејзината класификација на метаговорните глаголи се разликува од онаа на Лич по тоа што таа тргнува од поопшти категории на значењето кои ги карактеризираат метаговорните глаголи.

Ре-Дебов тргнува од претпоставката дека сите метаговорни глаголи го означуваат говорот којшто се остварува со помош на јазични знаци. Доколку се земат знаците како исходишна точка, тогаш метаговорните глаголи, според Ре-Дебов, можат да се поделат во три групи:

Првата група глаголи го означуваат односот меѓу знаците и предметите (на пр. метаговорните глаголи: „désigner", „s'appeler", „se nommer", „se dénommer", „avoir pour nom" и др.).

Втората група метаговорни глаголи го означува односот меѓу луѓето и знаците (на пр. „parler", „dire", „répondre", „conjuger", „prononcer", „appeler", „demander" и др.) и

Третата група глаголи го означуваат односот меѓу самите знаци (на пр. „signifier", „vouloir dire", „avoir pour sens", „se prononcer", „s'écrire", „se traduire" и др.).

36. За разлика од Лич, Ре-Дебов смета дека поголемиот дел перформативни глаголи не се метаговорни затоа што не ја означуваат, туку само ја имплицираат, употребата на говорот. Таа вели:

„Перформативните искази најчесто содржат глагол којшто ја имплицира употребата на говорот (*Je condamne...*, *Je promets...*, *J'autorise...* и др.), но којшто не е метаговорен во правата смисла на зборот. Поголемиот дел перформативни глаголи се од таков вид".[19]

Ова мислење е спротивно на самата дефиниција на перформативните глаголи, меѓутоа тоа може да се разбере ако се тргне од фактот дека многу глаголи, коишто се сметани ка-

[19] »Les énoncés performatifs contiennent le plus souvent un verbe qui implique l'emploi de la parole (*Je condamne...*, *Je promets...*, *J'autorise...* etc.) mais qui n'est pas un verbe métalinguistique proprement dit. La majorité des verbes performatifs sont de cette nature.«, J. Rey-Debove: *Le Métalangage*, Le Robert, Paris, 1978, стр. 179.

ко перформативни од страна на Остин и некои други автори, всушност тоа и не се.

Меѓу примерите што ги наведува Ре-Дебов веќе два глагола не се перформативни. Така, глаголот „condamner" во значење „осудува некого" не е перформативен, затоа што говорната акција што се изведува со исказот „Je condamne . . ." претставува соопштување, изјава или нешто друго и не е воопшто „осуда" (во значење на изрекување пресуда на некој обвинет). Истото важи и за глаголот „autoriser" којшто е модален глагол за интерперсонални односи а не перформативен.

37. Во анализата на метаговорните глаголи Ре-Дебов употребила еден принцип што е донекаде сличен на оној според кого Лич ги класифицирал метаговорните единици, но и многу повеќе разработен.

Тргнувајќи од Сосировата равенка „знак = означувач + означено", Ре-Дебов ги проучувала метаговорните глаголи според тоа дали тие означуваат цел знак или пак го одбираат само означувачот, односно означеното. Притоа Ре-Дебов го проширува поимот знак и на говорните единици. Така на пр. метаговорниот глагол „dire" може да ги има следните три функции:

1. Тој може да го означува целиот знак (пр. „Il a dit: ‚Je l'aime")
2. „Dire" може да го одбере само означувачот (како во примерот на следната говорна размена: „Vous avez dit: ‚Il a un infractus' — Mais non! J'ai bien dit: ‚Il a un infarctus' (сп. Rey-Debove, 1978:230).
3. Тој може да го одбере само означеното (пр. „Il a dit qu'il l'aimait") (сп. Rey-Debove, 1978:230).

Ре-Дебов предупредува дека станало вообичаено гледиштето според кое глаголот „dire" го селекционира означеното, додека останатите негови функции се заборавaат.[20]

Употребувајќи го горе-наведениот принцип, Ре-Дебов опишала околу 50 метаговорни глаголи во францускиот јазик.

38. Имајќи ја предвид поделбата на метаговорот на метајазик и на метаговор во потесна смисла, можеме сега да кажеме што нема да проучуваме во овој труд.

[20] Такво „заборавање" среќаваме кај Дикро кој, сакајќи да ја објасни разликата меѓу поимите на импликација и на пресупозиција ги спротивставува глаголите „dire" и „parler" на следниот начин: »Le français, et sans doute beaucoup d'autres langues, opposent nettement l'acte d'utiliser le langage (‚parler') et la communication d'une information à l'aide du langage (‚dire').«, O. Ducrot: *La preuve et le dire,* Maison Mame, Paris, 1973, стр. 214.

Нема да се задржуваме на метајазичните глаголи ниту пак на оние метаговорни глаголи што говорат за единиците на говорот. Не влегуваат значи во рамките на нашето истражување оние метаговорни глаголи во пошироката смисла кои, според Ре-Дебов, го означуваат односот меѓу знаците и предметите, од една страна, и односот меѓу самите знаци, од друга страна.

Ќе ги проучуваме единствено оние метаговорни глаголи кои ја означуваат говорната активност или, да се изразиме во термините на Ре-Дебов, оние глаголи што го означуваат односот меѓу луѓето и знаците. Од говорната активност ја исклучуваме писмената говорна активност. Ни преостанува значи усната говорна активност чијашто интерпретација содржана во француските метаговорни глаголи ќе биде предмет на нашето истражување.

Пред да поминеме на анализа на француските метаговорни глаголи за усмена говорна активност, ќе треба да ја проучиме природата на говорната активност којашто, како означено, влегува во состав на метаговорните глаголи.

ВТОРА ГЛАВА

ГОВОРНАТА ИНТЕРКОМУНИКАЦИЈА КАКО ОЗНАЧЕНО НА МЕТАГОВОРНИТЕ ГЛАГОЛИ

Кратка содржина. — Структуирање на говорното производство како референт на значењата на метаговорните глаголи. Два вида комуникација кај луѓето: интра — и интеркомуникација. Видови интеркомуникации според средствата за екстериоризација на репликите: гестовни, мимички, олфактивни, такстилни, просторни, временски, ликовни, светлосни, музички, предметни, димни и говорни. — Видови говорни интеркомуникации: активна и пасивна говорна интеркомуникација и говорна интеракција. — Структура на говорната интеркомуникација. Видови говорни единици: говорни операции, говорни дејствија и говорни интеркомуникации. Структура на значењето на говорниот акт: 1. мисла 2. однос на говорникот спрема мислата 3. интеродноc на говорникот спрема интерговорникот и 4. цел на говорниот акт. Фактори на говорната интеркомуникација кои влијаат врз формата и значењето на говорот. Улогата на додатните кодови во означувањето на репликите во говорната интеркомуникација.

Како за сите семантички полиња во јазикот така и за полето на метаговорни глаголи важи правилото дека, доколку сакаме во него да видиме систем со одредена структура, мораме да утврдиме дали значењата на зборовите што го градат тоа поле се структурирани и на кој начин.

Во случајот на метаговорните глаголи се работи за говорот како активност. Мораме значи да видиме каква е структурата на говорното производство. Во таа смисла ќе треба и да разработиме појмовна апаратура за опишување на таа активност.

1. ВИДОВИ НА КОМУНИКАЦИЈА

39. За да го одредиме поимот говорна интеркомуникација, треба да тргнеме од поимот комуникација. Менувајќи го неговото вообичаено значење, ние поимот на комуникација кај

луѓето, во техничка смисла, ќе го дефинираме како раѓање на мислата и одговор на таа мисла. Човековата свест се наоѓа во континуиран процес на комуникација во којшто може да се препознаат посебни акти на комуникација.

Актот на комуникација би можел да се претстави на следниот начин: перцепираната стварност влегува во нашата психа и раѓа нова мисла којашто претставува замислена стварност; потоа, психата реагира на оваа мисла и создава реплика којашто претставува рефлектирана стварност.

Перцепирана стварност е сè она што раѓа нова мисла: тоа може да бидат внатрешните реакции на организмот (на разните органи, на несвесното и подсвесното, на сеќавањето, на волно-емотивните процеси), потоа надворешната стварност во којашто спаѓа сè она што го восприемаме преку сетилата а чијшто извор се наоѓа вон нас самите: дразбите на сетилото за слух (надворешниот говор и сите останати звуци), на сетилото за вид, за вкус, за мирис и за допир.

Горните три фази на комуникација се појавуваат во двата основни вида на комуникација: во интракомуникацијата и во интеркомуникацијата.

Интракомуникацијата претставува раѓање на мислата и одговор на таа мисла којшто останува во сферата на субјектот. Интракомуникацијата може да биде внатрешна или надворешна, во зависност од тоа дали одговорот е интериоризиран во организмот на субјектот или пак тој се манифестира во надворешна форма во вид на говор, движење, мимика итн.

Интеркомуникацијата претставува раѓање на мисла и одговор на таа мисла којшто се упатува некому. За да постои интеркомуникација, неопходно е упатениот одговор да биде примен, при што примачот нужно одговара со своја внатрешна или надворешна реплика. Оттука може да се рече дека интеркомуникацијата претставува спој, преку упатената реплика, на интракомуникацијата на испраќачот и на интракомуникацијата на примачот.

40. Гледаме, значи, дека поимот на комуникација, како што ние го сфаќаме, ги подразбира задолжително следните три елементи: перцепција на одредена содржина, разбирање и одговор на разбраната содржина. Овие три елементи се содржат во секој акт на комуникација.

Така, во човечка комуникација спаѓаат: поголемиот дел човечки дејствија, размислувањето со помош на внатрешниот говор и сите видови интеркомуникација.

Во онтогонетска смисла разните видови на комуникација се развиваат на различна возраст како и свеста за самите тие комуникации.

41. Сакал или не, свесно или несвесно, човекот мора да комуницира на себеси или пак на другите. Единствено може да одбере дали да интеркомуницира *со* другите. Имено, интеркомуникацијата е целна активност и таа претпоставува постоење на намера надворешната реплика да биде некому упатена и од некого примена.

Човекот, живеејќи во одредено општество, својот социјален нагон го манифестира во интеркомуникации во улога на испраќач или пак на примач на интеркомуникации. Поголемиот дел од човечкиот живот се одвива во интеркомуникации. Најразновидните меѓучовечки односи, од бебешкото плачење за храна па сè до љубовните односи, претставуваат интеркомуникации.

Во односот на средствата за екстериоризација на репликите, интеркомуникациите можеме да ги поделиме на: гестовни, мимички, олфактивни, тактички, просторни, временски, ликовни, светлосни, музички, предметни, димни и говорни. Од гледна точка на примачот, се разбира, најважни и најмногубројни се оние интеркомуникации што се примаат преку органите за вид и слух.

Областа на интра- и интеркомуникациите е голема и богата за проучување. За неа е заинтересиран секој човек, а многу науки се засноваат на разни елементи од таа област. Лингвистиката се занимава за оние интра- и интеркомуникации кај кои најмалку еден член од тријадата (перцепција, мисла, реплика) се остварува во говорот. Ние тука ќе се занимаваме само со говорните интеркомуникации.

2. ВИДОВИ ГОВОРНИ ИНТЕРКОМУНИКАЦИИ

2.1. *Пасивна говорна интеркомуникација*

42. Наједноставен вид говорна интеркомуникација претставува пасивната говорна интеркомуникација меѓу говорникот и слушателот. За примери можеме да ги земеме слушањето на радиопрограма, гледањето телевизиска програма и говорен филм, слушањето вокални композиции, читањето итн. Таа е пасивна со оглед на тоа што нејзиниот примач не е во можност да влијае на говорникот во моментот на актуалната интеркомуникација.

Во однос на репликата можни се понатамошни разграничувања: говор на еден говорник (вести, пренос на утакмица, песна итн.), или пак говорна интеракција меѓу повеќе соговорници (радио драма, интервју итн.).

Разлики постојат и во тоа дали репликата е претходно напишана (вести, радиодрама, филм) или пак не (разговор на улица, во фабрика итн.)

И во усните и во писмените пасивни говорни интеркомуникации честа е појавата на изоставување и фалсификување на изворот на репликата, а понекогаш дури не се знае ниту испраќачот на репликата (на пр. во графитите, во анонимните писма и др.)

Посебен подвид пасивна говорна интеркомуникација претставува прислушкувањето. Наместо слушател, тука се јавува прислушкувач кому што не му е наменет говорот или говорната интеракција туку тој сам си го присвојува правото на слушање. Примери на овој подвид се: прислушкување на телефонски разговори, на разговори во кафеана и др.

Пасивната интеркомуникација добила особен замав во поново време преку употребата на разни технички средства.

2.2. *Активна говорна интеркомуникација*

43. Втор вид говорна интеркомуникација претставува активната говорна интеркомуникација меѓу говорникот и аудиториумот. Таа е активна со оглед на тоа што примачите со своите реакции (аплаузи, извици на одобрување или негодување) делуваат на говорникот и на неговиот говор во актуалната интеркомуникација. Како примери за овој вид наведуваме: гледање театарска претстава, предавање, говор на митинг, рецитирање, проповедање и др.

Во поголемиот дел случаи репликата е претходно напишана, но говорникот може, со оглед на активната улога на аудиториумот, да го менува својот говор во зависност од ситуацијата.

Говорникот е секогаш присутен, додека изворот на репликата може да биде изоставен или фалсификуван. Предноста на говорникот во активната говорна интеркомуникација, во однос на пасивната, се состои во тоа што тој го гледа и слуша аудиториумот и што може својата реплика да ја прилагодува според реакциите на аудиториумот.

Активната говорна интеркомуникација е социјално високо кодирана, како во поглед на правото за збор, така и во поглед на темата на репликата, на изборот на зборовите и на реакциите на аудиториумот.

2.3. *Говорна интеракција*

44. Трет вид говорна интеркомуникација претставува говорната интеракција меѓу говорникот и соговорникот. Говорната интеракција е најважна, најкомплексен а, воедно, и нај-

распространет вид говорна интеркомуникација во секојдневниот живот.

Говорната интеракција ја сочинуваат најмалку две реплики и тоа: говорна акција што говорникот му ја упатува на соговорникот и говорна реакција што соговорникот му ја упатува на говорникот. Говорните интеракции обично траат подолго и во нив се изменуваат повеќе реплики.

Треба да се наспомене дека понекогаш некои пасивни и активни говорни интеркомуникации можат да прераснат во говорни интеракции. Така, на пример, една новинска статија може да прерасне во полемика; слушањето радиопрограма или гледањето телевизиска програма можат да прераснат во говорни интеракции во контактните емисии; еден говор или соопштение на конгрес можат исто така да прераснат во дискусија и др.

Од друга страна, некој говор може да биде наменет на некој соговорник, а да остане без одговор, и тоа ќе бидат неостварени говорни интеракции (пр. писмо или молба без одговор).

Честопати говорните интеракции се вметнати во други видови говорни интеркомуникации. Тие можат да се сретнат како во пасивните говорни интеркомуникации (во драми, во романи, во весници, на телевизија, на радио), така и во активните (во театарска претстава, на судење и др.).

И во самата говорна интеракција можат да бидат вметнати други интеракции. Тоа се случува кога во репликата на говорникот или на соговорникот ќе се најде една пренесена или измислена говорна интеракција (раскажување разговори, кажување вицови итн.)

ГОВОРОТ ВО ПРОЦЕСОТ НА ГОВОРНАТА ИНТЕРКОМУНИКАЦИЈА

3.1. *Структура на говорната интеркомуникација*

45. Иако природните јазици се разликуваат по своите структури, сите луѓе (освен оштетените) поседуваат моќ за говор, односно моќ да го користат јазикот за општење.

Говорот (внатрешниот и надворешниот) е најнепосреден учесник на сите човечки активности и најефикасно средство за мислење и општење. Надворешниот говор служи за остварување на нашите мисли, уверувања, желби и чувства. Говорот се развил од општествени потреби и постојано се развива во говорните интеркомуникации. Поради тоа, за да го разбереме говорот, мора да го проучуваме таму каде што тој и се јавува, во неговите природни рамки — во говорните интеркомуникации. Овде нема да ги земеме предвид писмените говорни интеркомуникации.

46. Надворешен говор, во поширока смисла на зборот, може да претставува каква и да е гласовна екстериоризација на репликата (викање, пеење, неразбирливо зборување, броење, сметање итн.). Во потесна смисла на зборот, говор претставува секој смисловен говор („смисловен" од гледна точка на другиот).

Надворешниот говор се остварува во говорните интеркомуникации како основни форми на човечко говорно општење. За да се оствари говорна интеркомуникација неопходни се најмалку два учесника: говорник и интерговорник. Основни единици преку коишто се остваруваат говорните интеркомуникации претставуваат говорните акции. Говорната акција е говорна низа што говорникот му ја упатува на интерговорникот и таа трае додека говорникот не престане да зборува, или пак додека не го прекинат, како што често се случува во говорните интеркомуникации.

Во хиерархиската структура на говорните акции, најмали единици се говорните акти. Тоа се смисловни и интонациски целини чиишто форми може да варираат од еден збор па сè до реченична низа. Говорната акција може да биде составена од еден или повеќе говорни акти. Меѓутоа, говорните акти можат да се поврзуваат врз основа на аргументативна вредност и да градат поголеми единици од говорниот акт во рамките на говорната акција. Тие меѓуединици ќе ги наречеме „говорни секвенци".

Како општо име за сите единици што ги изговара еден говорник (говорен акт, говорна секвенца и говорна акција), ќе го употребуваме терминот „говорно дејствие".

Аналогно на говорната секвенца — меѓуединица во рамките на говорната акција, може да се постулира и меѓуединица во рамките на говорната интеракција, единица којашто е помала од говорната интеракција а поголема од говорната акција, и којашто претставува одредена смисловна целина. За таа меѓуединица го преземаме терминотна Еди Руле (Eddy Roulet) „говорна размена".[21]

3.2. *Структура на значењето на говорниот акт*

47. Сите говорни единици, од најмалата — говорниот акт, па сè до најголемата — говорната интеркомуникација, имаат одредена форма и значење. Значењето на говорниот акт е секако наједноставно и најлесно можат да се одредат неговите составни елементи. Во значењето на секој говорен акт можеме да ги постулираме следните четири значенски слоеви:

[21] Сп. Eddy Roulet: *Langue maternelle et langues secondes*, Hatier, Paris, 1980, на стр. 38. Руле од своја страна, наспомнува дека тој термин го, презел од книгата на J. C. Sinclair и M. Coulthard: *Towards an Analysis of Discourse*, C. U. P., Cambridge, 1975.

1. Мисла
2. Однос на говорникот кон мислата
3. Интероднос на говорникот кон интерговорникот и
4. Цел на говорниот акт

Секој значенски слој учествува во остварувањето на целосното значење на говорниот акт. Меѓутоа, сите слоеви не се подеднакво важни за реализацијата на значењето на говорниот акт. Хиерархијата на важноста на значенските слоеви е обратно пропорционална на погоренаведениот поредок на значенските слоеви.

Доколку сакаме шематски да ја претставиме структурата на значењето на говорниот акт, тогаш ќе мораме да одбереме таков модел којшто всушност ќе ја одразува хиерархијата на неговите слоеви. Приближна слика на значењето на говорниот



акт би можел да ни даде следниот модел на концентрични кругови:

Важноста на значенскиот слој за севкупното значење на говорниот акт директно ја одредува и неговата моќ на влијание врз останатите значенски слоеви. Во горната шема моќта на влијанието е прикажана на следниот начин: полните линии одразуваат најголемо влијание, потоа испрекинатите и, на крајот, испрекинатите со точки.

48. Се разбира дека релациите меѓу значенските слоеви вариpаат во зависност од видот на говорна интеркомуникација, од видот на говорно дејствие, како и од конкретните услови на говорната ситуација. Меѓутоа, треба да се наспомене дека значењето во говорната интеркомуникација претставува интериндивидуална категорија и дека во одредувањето, како на вкупното значење, така и на неговите поединечни слоеви учествуваат, освен говорникот, и останатите учесници на говорната интеркомуникација.[22]

Ако си приспомнеме дека мислата претставува замислена стварност што се раѓа од перцепираната стварност, тогаш можеме да кажеме дека односот, интеродносот и целта се предикации на роденатa мисла.

Да земеме еден едноставен пример: ако частичката „oui" се употреби како одговор на поставеното прашање таа истовремено означува: 1. мисла којашто се состои од мислата на прашањето на интерговорникот и таа во одговорот е имплицитна 2. однос на говорникот кон мислата и тој, во овој случај, може да биде увереност во афирмативната вредност на мислата 3. интероднос на говорникот кон интерговорникот и тој претставува *одговор* на поставеното прашање и 4. цел на говорниот акт — да речеме желба да се одржи контактот.

49. Доколку говорниот акт не го наблудуваме веќе од гледна точка на говорникот, туку од становиштето на интерговорникот, и тоа како целна активност во рамките на говорната интеркомуникација, тогаш можеме да кажеме дека за интерговорникот постојат следните четири значенски слоеви:

1. Мисла
2. Смисла на говорниот акт — и таа претставува значење на односот во релација со мислата
3. Интерсмисла на говорниот акт — и таа претставува значење на интеродносот во релација со смислата

[22] Бахтин тоа одлично го изразил: „Значењето не е во зборовите, ниту во душата на говорникот, ниту во душата на слушателот. Значењето е ефект на взаемно делување на говорникот и слушателот врз материјалот од даденият гласовен комплекс. Тоа е електрична искра што се јавува само кога ќе се спојат два пола.", M. Bahtin: *Marksizam i filozofija jezika*, Nolit, Beograd, 1980, стр. 115.

4. Цел на говорниот акт — и таа претставува намера на говорникот во релација со интерсмислата

3.3. *Фактори на говорната интеркомуникација*

50. Говорот нуси значење. Меѓутоа, говорот и значењето што тој го остварува не се произволни, туку подлежат на разни норми на интеркомуникативното однесување. Тука ќе набројиме некои фактори кои влијаат врз нормите на говорот на говорникот и на интерговорникот во говорните интеркомуникации. Некои од тие фактори се заеднички за сите човечки интеркомуникации, некои се својствени само на говорните интеркомуникации, додека пак некои се специфични само за говорните интеракции:

ВИД ГОВОРНА ИНТЕРКОМУНИКАЦИЈА — во рамките на дадената ситуација може да одговара еден од трите видови говорна интеркомуникација:пасивна, активна или пак говорна интеракција.

УЛОГИ НА ИНТЕРГОВОРНИЦИТЕ — утврдените улоги на говорникот и на интерговорникот во својство на изведувачи на говорните акции во дадената интеркомуникативна ситуација и во даденият вид говорна интеркомуникација: оној што прашува, наредува, советува, храбри, порачува итн.

СИТУАЦИЈА НА ГОВОРНАТА ИНТЕРКОМУНИКАЦИЈА — животните ситуации во коишто се употребува говорот и кои директно го одредуваат видот на говорната интеркомуникација како и улогите што интерговорниците ги играат во неа.

ТЕМА НА ГОВОРНАТА ИНТЕРКОМУНИКАЦИЈА — може да биде претходно одредена или неодредена.

АМБИЕНТ — местото и временските услови на говорната интеркомуникација.

ЗАДНИНА — општествените односи, општествената идеологија, акутуелната политичка ситуација, историската традиција и култура и др.

ВОЗРАСТ НА ИНТЕРГОВОРНИЦИТЕ — доколку се работи на пример за женскиот пол таа може да биде: бебе, девојче, девојка, жена, старица.

ПОЛ НА ИНТЕРГОВОРНИЦИТЕ — машки или женски.

СТАТУС НА ИНТЕРГОВОРНИЦИТЕ — општествената, економската, државната, образовната, националната, религиската и семејната положба на интерговорниците.

СОСТОЈБА НА ИНТЕРГОВОРНИЦИТЕ — нивната психичка и физичка состојба.

СТАВОВИ НА ИНТЕРГОВОРНИЦИТЕ — во односот на сите видови реалност (вклучувајќи го и говорот) пред моментот на говорната интеркомуникација.

МОТИВИ И НАМЕРИ НА ИНТЕРГОВОРНИЦИТЕ — во актуалниот момент на говорната интеркомуникација.

ЕМОЦИОНАЛЕН ОДНОС НА ИНТЕРГОВОРНИЦИТЕ — пред и во моментот на говорната интеркомуникација. Тој може да се движи во распон од пријателски до непријателски.

ГОВОРНА АКТИВНОСТ — сите говорни операции коишто се неопходни за произведување на формите на говорните дејствија (фонематските, прозодиските и лексичко-граматичките операции).

КАНАЛ НА ГОВОРНАТА ИНТЕРКОМУНИКАЦИЈА — медиум преку кој се пренесува говорната интеркомуникација. Во принцип, тоа е материјата што ги пренесува репликите (звучните, електричните, електромагнетните бранови), но поимот на канал може да се примени и на средството на пренесување: радио, телевизија, телефон и др.

ВРЕМЕ НА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ГОВОРНАТА ИНТЕРКОМУНИКАЦИЈА — се однесува, пред сè, на пасивните говорни интеркомуникации и според него тие можат да бидат: актуални или пренесени во зависност од тоа дали интерговорникот ги прима говорните акции во моментот на нивното изведување или подоцна.

51. За нормално одвивање на говорната интеркомуникација потребно е интерговорниците да ги познаваат речиси сите фактори во дадената говорна интеркомуникација. Еден дел од тие фактори е даден непосредно во вид на одредени референцијални показатели на дадената ситуација, додека другиот дел интерговорниците можат да го сознаат единствено индиректно, преку екстраполација на разни индикатори од нивниот говор.

Секој од горните фактори е потесно или пошироко поврзан со одреден елемент од говорната интеркомуникација. Голем дел од современата лингвистика се оддал на проучување на ковариј ациите меѓу одредени елементи на говорната интеркомуникација и некои нејзини точно утврдени фактори.

Проучувањата на ковариј ациите укажуваат дека предвидливоста на говорот во говорната интеркомуникација е слична на нормите во останатите човечки активности.

52. На говорникот, освен говорот му стојат на располагање и други средства за означување на репликите. Во зависност од говорната интеркомуникација, тие можат да имаат поголема или помала улога во означувањето, а понекогаш тие претставуваат и единствено средство за пренесување на реп-

ликите. Во однос на говорот, тие сепак претставуваат додатни кодови. Тоа се: молчењето, гестовите, мимиките, допирите, звуците, мирисот, предметите, просторот и времето.[23]

Речиси сите овие средства се употребуваат во говорната интеркомуникација, а особено во говорната интеракција. Во однос на значењето што го пренесуваат, додатните кодови ги содржат многу повеќе значенските слоеви однос, интероднос и цел отколку слојот мисла.

53. Во активната говорна интеркомуникација улогата на говорникот е многу поважна од улогата на интерговорникот. Говорникот со својата реплика ја започнува говорната интеркомуникација, ѝ поставува тема, воспоставува емоционални рамки меѓу себе и интерговорникот и учествува во одредувањето на улогата на интерговорникот.

Во зависност од општествената говорна ситуација, се менува и репликата на говорникот. Меѓутоа, воочлив е голем степен на коваријација меѓу репликата на говорникот и дадената говорна ситуација во некои говорни интеркомуникации: отворање на состаноци (конгреси, спортски натпревари, изложби), најавување на телевизија, поздравен говор, изјава на државник по враќање од странство, здравица, говор на благодарност, проштален говор, обраќање во продавница (на пазар, во институција), телефонски разговор итн.

Некои говорни форми толку сраснуваат за дадената говорна ситуација што стануваат клишеи. Се случува, оттаму, значењето да им се промени па дури, како што е тоа случај понекогаш во дипломатскиот говор, тие можат да означуваат нешто спротивно од она што поединечните зборови на таа говорна форма означуваат.

54. На сите акции на говорникот, во сите говорни ситуации заедничко им е тоа што на сите им претходи долго размислување за разлика од репликите на интерговорникот кај кого размислувањето трае пократко. Говорникот започнува, тој ја создава речта од тишината што е особено тешко во интеркомуникацијата со непознати.

---

[23] Вацлавик, Бивен и Џексон сметаат дека луѓето можат да комуницираат на два начина: „дигитално" и „аналошки". Дигиталниот начин, според авторите, користи конвенционални знаци и тука првенствено спаѓа јазикот, додека аналошкиот начин користи спонтани и природни средства што се конвенционализирале и што се богати со семантика, а немаат разработена синтакса (сп. P. Watzlavick, J. H. Beavin et D. D. Jackson: *Une logique de la communication*, Seuil, Paris, 1972, на стр. 57 и понатаму).

Тие тешкотии многу добро ги опишал францускиот писател Пјер Данинос (Pierre Daninos) во книгата „Un certain monsieur Blot". Една од тие ситуации што тој ги опишува е и качувањето во лифт со состанарите. Писателот вели:

„Едноставно, нешто ми вели дека треба да му зборувам на лицето кое се качува со мене. Се чувствувам непријатно не само ако јас ништо не кажам тука и ако тоа лице не може ништо да каже".[24]

Друга една таква ситуација, што Данинос ја опишува, е уште понепријатна за говорникот. Се работи за салонската конверзација што Данинос вака ја опишува:

„Најпрвин треба да смислам што ќе кажам. А тогаш најтешкото: да се изусти првата реченица. Најчесто, она што се обидувам да го изговорам (...) ми изгледа толку бескорисно, толку празно што повеќе сакам да се повлечам. Што повеќе одложувам, тоа имам помала желба да зборувам. Многу брзу почнувам да жалам што не сум проговорил порано. Тогаш мојата тишина ме парализира. И тоа е почеток на вкочанетоста".[25]

[24] »Simplement quelque chose me dit qu'il faut parler à la personne qui monte avec moi. Non seulement je suis ennuyé si je ne dis rien, mais je suis ennuyé pour le locataire s'il ne trouve rien à dire.«, P. Daninos: »*Un certain monsieur Blot*«, Le livre de poche, Paris, 1973, стр. 41.

[25] »D'abord il faut trouver quelque chose à dire. Or ce qu'il y a de plus pénible, c'est le démarrage: la première phrase. Le plus souvent, ce que j'essaie de prononcer (...) me paraît tellement inutile, tellement creux, que je préfère y renoncer. C'est un tort. Plus j'attends pour parler, moins j'ai envie de le faire. Je regrette très vite de ne pas m'être lancé plus tôt. Mon propre silence me paralyse. C'est le début de l'engourdissement.«, P. Daninos: цит. дело, стр. 173.

ПРИЛОГ

СПИСОК НА МЕТАГОВОРНИТЕ ГЛАГОЛИ И ГЛАГОЛСКИ ИЗРАЗИ ВО ФРАНЦУСКИОТ ЈАЗИК

N.B. Подвлечените глаголски форми не градат метаглаголски релации и тие се дадени единствено како индикација за нивното место во азбучниот ред.

Abjurer
Aborder un sujet
Aboyer
Accentuer
Acclamer
Accomoder qn de toutes pièces
Accuser
  accuser ses péchés
Adjectiviser
Adjurer
Admonester
Adresser
  s'adresser
Adverbialiser
Affaler(s')
Affirmer
Ajouter
Allégoriser
Alléguer
Aller
  ne pas y aller avec le dos de la cuiller
  ne pas y aller par quatre chemins
  aller au cri
Allonger(s')
  allonger la sauce
  allonger les oreilles
Analyser
Anathématiser
Anecdotiser
Angliciser
Annoncer
  annoncer la couleur
Apostropher
Appeler
  en appeler à
  appeler au secours
  en appeler de
  appeler l'attention de qn sur
  appeler un chat un chat
    se faire appeler Jules (Arthur)
Appuyer sur la chanterelle
Arabiser
Archaïser
Argotiser
Arguer
Argumenter
Articuler
Aspirer
Assibiler

Assourdir
Assurer
Attaquer
  s'attaquer à
Attester
Attiger (la cabane)
Avaler
Avancer
Aventurer une explication
Avoir
  avoir des mots (une prise de bec etc.) avec
  avoir la bouche pleine de, en avoir pleine la bouche
  avoir la langue bien pendue (affilée)
  avoir la langue trop longue
  avoir le mot pour rire
  avoir une langue de vipère
  avoir qch sur le bout de la langue
  avoir vidé son carquois
Avouer

Babiller
Badiner
Bafouiller
Bagouler
Bailler
  la bailler belle
Baisser la voix
Balancer
  balancer la cavalerie
Balbutier
Baragouiner
Baratiner
Batifoler
Battre
  battre en brêche
  battre la breloque
  battre la campagne
  battre le rappel auprès de
  battre les buissons
Bavarder
Bavasser
Baver
Bécher
Bégayer
Bêler
Bénir
Berluer
Bêtifier
Beugler
Bigophoner
Biner
Bisser
Blablater
Blaguer
Blâmer
Blasphémer
Bléser
Bonimenter
Bonir
  la bonir belle
Boucler
  la boucler
Bouffer
  se bouffer le nez
Bouffoner
Bougonner
Bouler
Brailler
Braire
Bramer
Brancher la conversation sur
Brandir
Bredouiller
Briser
Brocarder
Broder
Brosser un tableau

Cadencer
Cafarder
Cafouiller
Cafter
Cailleter
Calomnier
Cancaner
Caqueter

Caractériser
Caricaturer
Carillonner
  carillonner une nouvelle
Casser
  casser le morceau
  casser le morceau à
  casser du sucre sur (le dos de)
Catéchiser
Causer
Célébrer
Certifier
Chamailler (se)
Chambrer
Changer de disque
Chanter
  chanter les luoanges de
  chanter pouilles à
  chanter Ramona
  chanter toujours la même chanson
  chanter victoire
Chapitrer
Chariboter
Charrier
  charrier dans les bégonias
Chercher
  chercher la petite bête
  chercher des poux (des crosses, des histoires, chicane, querelle) à
  chercher ses mots
Cherrer
Chevroter
Chialer
Chicaner
Chicoter
Chigner
Chiner
Chinoiser
Chipoter
Chiquer
Chuchoter
Chuinter
Chuter
Citer
Clabauder
Claironner
Clamer
Classifier
Combler qn d'éloges
Commander
Commenter
Commérer
Communiquer
Comparer
Complimenter
Comprendre
  faire comprendre ce que parler veut dire
Compter
  compter ses mots
Conclure
Condenser
Conférer
Confesser
  se confesser
Confier
  confier qch à qn sous le sceau de la confession
Confirmer
Congratuler
Conjuguer
Conjurer
Conseiller
Conter
  conter des balivernes
  conter fleurette à
  conter par le menu
Contester
Contredire
Contrer
Controverser
Converser
Convier
Convoquer
Coqueter
Corner
Corriger

Couper
se couper
Cracher
Crâner
Craquer
Criailler
Crier
crier à tue-tête (à plein gosier, comme un sourd: un putois, un perdu etc.)
crier au charron
crier au scandale (à la trahison, au meurtre etc.)
crier casse-cou (gare)
crier comme un aveugle qui a perdu son bâton
crier famine (la faim, misère)
crier famine sur un tas de blé
crier grâce
crier miracle (merveille)
crier sur les toits (à son de trompe)
Criticailler
Critiquer
Croasser
Croiser le fer avec
Croquer
Cuisiner

Darder des sarcasmes (des traits piquants)
Dauber
Débagoler
Déballer
déballer ses outils
déballer son savoir
Débattre
Débiner
débiner le truc
Débiter
Déblatérer
Débloquer
Déborder son sujet
Déboutonner (se)
Décharger (épancher) sa bile
décharger sa conscience
décharger son coeur
Déclamer
Déclarer
Décliner
décliner ses titres
Décocher
Décomposer
Déconner
Déconseiller
Décortiquer
Décrier
Décrire
Déculotter (se)
Dédire (se)
Dédramatiser
Défendre
se défendre
Défier
Définir
Dégoiser
Dégréner
Dégueuler
Délibérer
Délirer
Demander
demander des comptes
demander des dommages-intérêts
demander en grâce
demander pardon
demander raison
Démembrer
Déménager
Démentir
Dénier
Dénigrer
Dénombrer
Dénoncer
Dérailler
Déraisonner
Dériver
Descendre en flammes

Desserer
ne pas desserer les dents
Détacher
Détailler
Dévider
dévider son écheveau
dévider le jar (s)
Dévoiler
dévoiler ses batteries
Dialoguer
Dicter
Digresser
Diphtonguer
Dire
avoir beau dire
dire à qui veut l'entendre
dire au revoir (bonjour)
se dire
se dire des aménités
en dire de belles (de toutes les couleurs) sur
dire des vacheries
dire des vérités premières
dire de vive voix
le dire en bon français (en toutes lettres)
dire du bien (du mal) de
dire halte
dire le fin mot
dire le mot et la chose
ne dire mot
dire pis que pendre
dire sa façon de penser (son fait, ses quatre vérités) à
dire son mot
dire tantôt blanc tantôt noir
dire tout ce qu'on a sur la conscience
dire un mot (un petit mot)
Discourir
Discutailler
Discuter
discuter le bout de gras
Disputer
disputer sur la ■ pointe d'une aiguille
se disputer
Disséquer
Disserter
Divaguer
Dogmatiser
Donner
donner de l'eau bénite de cour
donner des coups d'épée dans l'eau
donner des coups d'épingle
donner des noms d'oiseaux à
donner le bonjour (bonsoir)
donner la parole à
donner sa bénédiction à
donner sa parole d'honneur
en donner sa tête à couper
donner un coup de patte
donner une entorse à la vérité
donner rendez-vous à
Doucher
Dramatiser
Dresser
se dresser sur ses ergots
Echanger
Echarper
se faire écharper par
Ecorcher une langue
Ecrier (s')
Effleurer un sujet
Elever qn jusqu'au ciel
élever la voix
Elider
Emailler ses propos de
Emboucher la trompette
Emettre
Enchaîner
En donner à garder à
Enfoncer des portes ouvertes
Enfourcher son dada
Engager une conversation

Engueuler
s'engueuler
engueuler qn comme du poisson pourri
Enguirlander
Enjoindre
Enoncer
Enquérir (s')
En remontrer à
Entamer une discussion
Entrer en matière
entrer en pourparlers avec
Entretenir
s'entretenir
Enumérer
Envoyer
envoyer au diable (à tous les diables, sur les roses, paître, promener)
ne pas envoyer dire à
Epancher (s')
Epeler
Epiloguer
Ergoter
Eructer
Espagnoliser
Estropier
Etre au bout de son latin
être plein de verve
être sur son beau dire
Evoquer
Exagérer
Exclamer (s')
Excuser (s')
Exemplifier
Exiger
Expliciter
Expliquer
s'expliquer
Exposer
Exprimer
s'exprimer
Faire
faire amende honorable
faire bravo
faire bruit de
faire de la casuistique
faire chanter
faire chorus
faire de la graisse
faire de l'esprit
faire des gorges chaudes de
faire des messes basses
faire des misères
faire du flan
faire grief de qch à
faire du jardin
faire du raffût (du Rébeca, du ramdam, du pétard, du barouf)
faire des remarques (une observation, des remontrances) à
faire l'apologie (l'" éloge, le panégirique) de
faire la grosse voix
faire le bilan de
faire le black-out sur
faire le marc de café (le grand jeu, la boule de cristal)
faire le rodomont
se faire leurs adieux
faire part de
faire parade de
faire profession de
faire ses doléances à
faire ses réserves sur
faire son autocritique
faire son mea-culpa
faire son numéro
faire un compte rendu
faire un dessin
faire un jeu de mots
faire un lapsus (une faute, un cuir, un pataquès)
faire une allusion
faire un topo (un pallas)

faire une comission
faire une tirade sur
se faire l'avocat de
Fanfaronner
Féliciter
Fendre un cheveu en quatre
Fermer
la fermer
fermer la bouche (sa boîte)
Flatter
Forcer la note
Formuler
Fourcher
la langue lui (me, te) a fourché
Foutre
se foutre à table
Franciser
Frotter les oreilles à
Fulminer
Fustiger
Gager
Galéjer
Garantir
Garder le silence
Gasconner
Gausser (se)
Gazouiller
Geindre
Gémir
Généraliser
Germaniser
Glapir
Glisser
glisser dans les feuilles
Gloser
Goguenarder
Gonfler
Gouailler
Gourmander
Grailler
Graillonner
Grasseyer
Gratteroù ça le démange
Gréciser
Griller
Grogner
Grognasser
Grognonner
Grommeler
Gronder
Groumer
Gueuler

Haranguer
Hébraïser
Héler
Heurter de front
Houspiller
Huer
Hurler
hurler avec les loups

Imiter
Implorer
Incendier
Indiquer
Infirmer
Injurier
Inscrire
s'inscrire en faux contre
Insinuer
Insister
Installer
en installer
Interdire
Interpeller
Interroger
Interviewer
Intimer
Invectiver
Inviter
Invoquer
Ironiser
Italianiser

Jaboter
Jacasser
Jacter

Jargonner
Jaser
  jaser comme une pie borgne
Jaspiner
Jeter
  jeter à la tête (au nez) de
  jeter de l'huile sur le feu
  jeter feu et flamme contre
  jeter des fleurs
  jeter des pierres dans le jardin de
  jeter la pierre à
  jeter (pousser) les hauts cris
Jouer
  jouer son va-tout
  jouer sur les mots
Jurer
  jurer comme un charretier
  jurer ses grands dieux (le ciel)
Justifier
  se justifier

Lâcher
  lâcher le paquet
  lâcher les écluses
Laisser
  laisser dormir
  laisser échapper
Laïusser
Lamenter (se)
Lancer
  lancer des pointes à
  lancer la flèche du Parthe
  lancer un appel
Larmoyer
Latiniser
Laver la tête à
  laver la cornette à
Lécher (cirer) les bottes de
  (lécher les pieds, le cul de)
Lever un lièvre
Ligoter
Lire
Livrer
Louanger
Louer

Mâcher
  ne pas mâcher ses mots
Mâchonner
Madrigaliser
Magnifier
Maintenir
Mander
Manger
  manger le morceau
  manger son blé en herbe
Marchander
Marivauder
Marmonner
Marmotter
Maronner
Marteler
Masculiniser
Maudire
Maugréer
Médire
Menacer
Mendier
Mentionner
Mentir
Métaphoriser
Mettre
  mettre à nu
  se mettre à table
  mettre à toutes sauces
  mettre au défi
  mettre en boîte
  mettre en question
  mettre les pieds dans le plat
  mettre les points sur les »i«
  mettre une sourdine à
  mettre sur le tapis
Moduler
Monologuer
Monter une garde à
Moquer
  se moquer
Moraliser

Mordre
se mordre la langue
Morigéner
Moucharder
Moucher
Moufter
Mouiller
Mousser
faire mousser
Murmurer

Narrer
Nasaliser
Nasiller
Négocier
Néologiser
Nier
Nominaliser
Nommer

Objecter
Objurguer
Offrir
offrir ses condoléances à
Opiner
Opposer à qn une fin de non recevoir
Ordonner
Oter la paille de l'oeil de
Ouvrir
s'ouvrir
ouvrir la bouche
ouvrir un avis
Ovationner

Palabrer
Palataliser
Papoter
Paraphraser
Parier
parier à cent contre un
Parlementer
Parler
en parler à son aise
ne parler que par pointes
se parler
parler à bâtons rompus
parler à coeur ouvert (coeur à coeur)
parler à la cantonade
parler à mots couverts
parler Auvergnat (Yiddish, Javanais)
parler chapeau bas
parler chiffons
parler chrétien (nement)
parler clair
parler crûment
parler d'abondance
parler dans le tuyau de l'oreille
parler de choses et d'autres
parler de corde dans la maison d'un pendu
parler d'or
parler en aveugle
parler en l'air
parler »ex professo« (»ex cathedra«)
parler français
parler français comme une vache espagnole
parler grassement
parler haut
parler par aphorismes (par paraboles, par sentences)
parler petit nègre
parler pour parler (pour ne rien dire)
parler pour la galerie
Parloter
Passer
passer au bleu
passer au crible
passer condamnation
passer comme chat sur braise
passer de la pommade
passer la brosse à reluire
passer sous le silence
passer un savon (un suif, un champoing)

Passiver
Patoiser
Payer de mots
Pécufier
Perdre
perdre sa salive
se perdre dans les nuages
Périphraser
Pérorer
Persifler
Peser ses mots
Pester
Philosopher
Phraser
Piailler
Pinailler
Piper
ne pas piper mot
Piquer (se)
Plaider
plaider le faux pour savoir le vrai
plaider le pour et le contre
Plaindre (se)
se plaindre que la mariée est trop belle
Plaisanter
Pleurer
Pleurnicher
Pointiller
Polémiquer
Polissonner
Politiquer
Pontifier
Porter
porter aux nues (au pinacle)
porter (pousser) une botte à
Poser
poser une question (une colle)
Posticher
Postposer
Potiner
Pousser
pousser les hauts cris
Prêcher
prêcher dans le désert
prêcher pour sa paroisse
Préciser
Préconiser
Prédire
Préfixer
Prendre
s'en prendre à
se prendre aux cheveux
se prendre de querelle
le prendre (de) haut avec
prendre fait et cause pour
prendre langue avec
prendre la parole
prendre qn à partie
Prescrire
Présenter
se présenter
présenter un tableau poussé au noir
Prétendre
Prêter serment
Prétexter
Prévenir
Prier
Proclamer
Proférer
Professer
Promettre
promettre monts et merveilles
promettre plus de beurre que de pain
Prôner
Prononcer
se prononcer
pronocer une allocution (un speech, etc.)
Prophétiser
Proposer
Prosodier
Protester
Psalmodier
Publier à son de trompe

Qualifier
Quémander
Quereller
se quereller
Questionner

Rabâcher
Rabrouer
Raconter
raconter des billevesées
en raconter des vertes et des pas mûres
en raconter une bien bonne
raconter par le menu
Radoter
Ragoter
Railler
Raisonner
Râler
Ramasser
se faire ramasser
Ramener sa fraise (la ramener)
Ramoner
Rappeler
Rapporter
Ratiociner
Réaffirmer
Récapituler
Réciter
Réclamer
réclamer à cor et à cri
se réclamer de
Recommander
Récrier (se)
Récriminer
Redire
Réfuter
Relater
Relativiser
Relever
Rembarrer
Remettre
en remettre
Remercier
Remonter au déluge
Remuer (troubler) les cendres (la cendre) de
Renauder
Rendre
rendre compte de
rendre raison de
Rengainer son compliment
Rentrer dans sa coquille
Renvoyer la balle à
se renvoyer la bale
Répandre
se répandre en reproches (éloges, etc.)
Reparler
Repartir
Répéter
se répéter
Répliquer
Répondre
répondre »ad rem«
répondre du tac au tac
répondre vertement
répondre la messe
Reprendre
se reprendre
Réprimander
Reprocher
se reprocher
Requérir
Ressasser
Rester
rester coi
rester court
Résumer
Rétorquer
Retracer
Révéler
Revenir à la charge
revenir à ses moutons
Riposter
Rogner
Rognonner
Rompre des lances avec qn pour

Ronchonner
Roucouler
Rouler
rouler les »r«
Rouloter
Rouscailler
Rouspéter
Rugir
Rythmer

Sabrer
Sacquer
Sacrer
Saisir au bond un mot (une remarque)
Saluer
se saluer
Sauter du coq à l'âne
Savonner (la tête de)
Scander
Secouer les puces
Semoncer
Seriner
Sermonner
Serrer
Signaler
Signifier
Socratiser
Soléciser
Soliloquer
Solliciter
Sonner
sonner les cloches à
faire sonner son grelot
Sonoriser
Sortir de la question
sortir de sa manche son plus grand atout
Souffler
ne (pas) souffler mot de
Souhaiter
Souligner
Soutenir
Spécifier
Substantiver
Substituer
Suggérer
Supplier
Susurrer
Syllaber

Tailler une bavette
Taire
se taire
Tancer
Taper
Targuer (se)
Tarir
ne pas tarir sur
Tartiner
Taxer
Téléphoner
Télescoper
Témoigner
Tendre la perche à
Tenir
se tenir coi
tenir le crachoir
Théoriser
Tirer
tirer au clair une question
tirer sur la ficelle
tirer sur qn à boulets rouges
Toaster
Tomber sur
Tonitruer
Tonner
Topicaliser
Tourner
tourner autour du pot
tourner dans un cercle vicieux
tourner en dérision (en ridicule)
Tousser
Traduire
Traîner
traîner sur les mots
traîner qn dans la boue (la merde)

Traiter
  traiter de Turc à More
  traiter qn de
Trancher
  trancher dans le vif
  trancher le mot
Transformer
Transmettre
Trépigner
Trompeter une nouvelle
Tronquer
Trouver
  trouver à redire à
  trouver les raisins trop verts
Tuber
Tutoyer
  se faire tutoyer

Tympaniser
Vanner

Vanter
  se vanter
Vaseliner
Vaticiner
Vélariser
Vendre
  vendre du vent et de la fumée
  vendre la mèche
Verbaliser
Vétiller
Vider son coeur (son sac)
Vitupérer
Vociférer
Vomir
Vouvoyer

Yiddishiser

Zézayer
Zozoter

ЦИТИРАНА ЛИТЕРАТУРА

Anscombre, J. — Cl., 1980: »Voulez-vous dériver avec moi?«, *Communications*, nº 32, 61—125.
Austin, J. L., 1970: *Quand dire, c'est faire*, Seuil, Paris.
Bahtin, M., 1967: *Problemi poetike Dostojevskog*, Nolit, Beograd.
Bahtin, M., 1980: *Marksizam i filozofija jezika*, Nolit, Beograd.
Bally, Ch., 1965: *Linguistique générale et linguistique française*, A. Francke, Berne.
Bally, Ch., 1969: »Les notions grammaticales d'absolu et de relatif«, in *Essais sur le langage*, 189—205, (réd J. — Cl. Pariente), Les Editions de Minuit, Paris.
Bart, R., 1971: *Književnost, Mitologija, Semiologija*, Nolit, Beograd.
Benveniste, E., 1966: *Problémes de linguistique générale, I*, Gallimard, Paris.
Berthet, F., 1979: »Eléments de conversation«, *Communications*, nº 30, 109—164.
Besse, H., 1980: »Métalangages et apprentissage d'une langue étrangère«, *Langue française*, nº 47, 115—128.
Cornulier, B. de., 1980: »Le détachement du sens«, *Communications*, nº 32, 125—183.
Daninos, P., 1973: *Un certain monsieur Blot*, Le livre de poche, Paris.
Dubois, J., 1967: *Grammaire structurale du français: le verbe*, Larousse, Paris.
Dubois, J., 1969: *La phrase et les transformations*, Larousse, Paris.
Ducrot, O., 1972: *Dire et ne pas dire*, Hermann, Paris.
Ducrot, O., 1973: *La preuve et le dire*, Maison Mame, Paris.
Fillmore, Ch., 1970: »Verbes de jugement«, *Langages*, nº 17, 56—72.
Gortan, Gorski i Pauš, 1966: *Latinska gramatika*, Školska knjiga, Zagreb.
Greimas, A. J., 1966: *Sémantique structurale*, Larousse, Paris.
Gross, M., 1975: *Méthodes en syntaxe. Régime des constructions complétives*, Hermann, Paris.

Gross, M., 1981: »Les bases empiriques de la notion de prédicat sémantique«, *Langages*, nº 63, 7—53.
Guillaume, G., 1974: *Leçons de linguistique de Gustave Guillaume, 1949—1950* (publiées par Roch Valin). *Structure sémiologique et structure psychique de la langue française, II*, Les Presses de l'Université Laval — Klincksieck, Québec — Paris.
Hajmz, D., 1980: *Etnografija komunikacije*, BIGZ, Beograd.
Harris, Z., 1971: *Structures mathématiques du langage*, Dunod, Paris.
Harris, Z., 1976: *Notes du cours de syntaxe*, Seuil, Paris.
Hjelmslev, L., 1971: *Prolégomènes à une théorie du langage*, Les Editions de Minuit, Paris.
Ivić, M., 1975: *Pravci u lingvistici*, Državna založba Slovenije, Ljubljana.
Jakobson, R., 1963: *Essais de linguistique générale*, Les Editions de Minuit, Paris.
Katičić, R.: *Jezikoslovni ogledi*, Školska knjiga, Zagreb.
Leech, G., 1974: *Semantics*, Penguin Books, Harmondsworth.
Mihaila, R., 1976: »Actes linguistiques de comportement«, *Revue roumaine de linguistique*, nº 2, 167—187.
Milner, J., 1977: »Négation métalinguistique et négation métalinguistique«, *Semantikos*, nº 1, 47—63.
Milner, J. et J. — Cl., 1975: »Interrogations, reprises, dialogue«, in *Langue, discours, société. Pour Emile Benveniste*, 122—148 (red J. Kristeva, N. Ruwet, J. — Cl. Milner), Seuil, Paris.
Pottier, B., 1974: *Linguistique générale. Théorie et description*, Klincksieck, Paris.
Rey-Debove, J., 1978: *Le métalangage*, Le Robert, Paris.
Roulet, E., 1980: »Modalité et illocution«, *Communications*, nº 32, 216—240.
Roulet, E., 1980: *Langue maternelle et langues secondes*, Hatier, Paris.
Simeon, R., 1969: *Enciklopedijski rječnik lingvističkih naziva I i II*, Matica Hrvatska, Zagreb.
Slakta, D., 1971: »L'acte d ‚demander' dans les ‚Cahiers de doléances'«, *Langue française*, nº 9, 58—74.
Srpskohrvatski jezik. Enciklopedijski Leksikon, 1972 (red. A. Peco i Ž. Stanojčić), Interpres, Beograd.
Škiljan, D., 1973: »Metajezik i jezik«, *Treći program Radio Beograda*, nº 3, 203—211.
Tesnière, L., 1976: *Eléments de syntaxe structurale*, Klincksieck, Paris.
Watzlawick, P., J. H. Beavin et D. D. Jackson, 1972: *Une logique de la communication*, Seuil, Paris.

Zvonko NIKODINOVSKI

Résumé

LES VERBES METALANGAGIERS EN FRANÇAIS I

L'étude sur les verbes métalangagiers en français comprend deux parties. La première partie, qui est publiée dans ce numéro, porte sur les problèmes théoriques liés à la détermination et à la constitution du champ sémantique des verbes métalangagiers.

L'étude commence par un apperçu du développement théorique des notions de métalangue et de métalangage. A partir d'une définition préalable de ces deux notions, on est passé à la re-

construction du contenu théorique du terme de métalangage employé chez différents linguistes (L. Hjelmslev, Z. Harris, R. Jakobson, G. Leech, J. Rey — Debove).

Dans le champ sémantique des verbes métalangagiers entrent tous les verbes qui désignent l'activité langagière qui produit le discours. Ainsi la notion de verbes métalangagiers a permis le rapprochement et le regroupement de différents termes et notions linguistiques: verbes de parole, »verba dicendi«, verbes énonciatifs, verbes de communication et verbes performatifs.

L'intercommunication verbale en tant que signifié des verbes métalangagiers représente le thème du deuxième chapitre. Sur la base du rôle de l'nterlocuteur dans l'intercommunication verbale on envisage trois sortes d'intercommunication verbale: 1. l'intercommunication verbale passive 2. l'intercommunication verbale active et 3. l'interaction verbale. L'interaction verbale se réalise dans des actions et des réactions verbales. L'action verbale est constituée d'au moins un acte de langage.

Pour la constitution du sens de chaque acte de langage sont postulés quatre couches ou éléments sémantiques: 1. pensée 2. attitude du locuteur envers la pensée 3. interattitude ou attitude du locuteur envers l'interlocuteur et 4. but de l'acte de langage.

Le discours qui se réalise dans l'intercommunication verbale est réglé par différents facteurs dont 16 sont énumérés dans la présente étude. Les couches sémantiques des actes de langage ainsi que certains facteurs de l'intercommunication verbale pris en compte vont jouer un rôle primordial dans l'analyse syntaxique et sémantique des verbes métalangagiers, l'analyse qui constitue la deuxième partie de l'étude et qui sera publiée dans le prochain numéro de l'annuaire.

УДК 801.6:820(73)—1
820(73)—1,09
82.07:820(73)—1

Д-р Лидија АРСОВА — НИКОЛИЌ

ПОЕТСКАТА ГРАМАТИКА НА ЕДГАР АЛАН ПО ВО ПЕСНАТА „ГАВРАН"

Американскиот поет Едгар Алан По (1809—1849) хронолошки му припаѓа на романтизмот, но по тематиката и по начинот на којшто ги соопштува своите пораки се смета за предвесник на симболизмот. Во историјата на книжевноста е познат како еден од највештите версификатори коишто создавале поезија на англиски јазик. Неговите дела го изразуваат односот на човековиот разум кон недофатливото, кон темните сили во човековата природа, и на крајот кон смртта. Неговото творештво е од доменот на иреалното, ирационалното, недофатливото, нејасното.

Се смета дека песната „Гавран" е едно од најдобрите поетски дела на Едгар Алан По. Во својот есеј „Филозофија на композицијата" По пишува за создавањето на оваа песна. „Се прашав — од сите најтажни теми, која е по општото мислење на луѓето, *најтажна?*" Смртта беше, сосема разбирливо, одговорот. „А кога е" реков, „таа најтажна тема најпоетична?" ... „Кога најтесно ќе се поврзе со *Убавината:* според тоа, смртта на убавата жена е секако најпоетичната тема на светот ..."[1] Во оваа песна поетот се идентификува со лирскиот јунак. Гавранот е симбол на таинственоста, видот на црното сведоштво дека човекот е немоќен пред судбината. Дијалогот којшто лирскиот јунак, односно самиот поет, го води со оваа птица е всушност дијалог со самиот себе во којшто рефренот „никогаш повеќе" постојано го потврдува човековиот очај и безнадежност пред појаките сили.

---

[1] *Edgar Allan Poe,* Tle Viking Press, New York 1951, стр. 557.

Поетските дела на Едгар Алан По се проучувани од повеќе аспекти. Еден од можните пристапи е лингвистичкиот којшто го применуваме во оваа анализа. Го застапуваме овој пристап поради тоа што сметаме дека на едно поетско дело може да му се пристапи како на јазична творба во која јазичните елементи се комбинираат на посебен начин — различен од оној што е вообичаен во стандардниот, секојдневен јазик. Необичноста се остварува преку комбинираното поврзување на елементите што ја сочинуваат јазичната структура на поетското дело. Ова не доведува до аграматичност на јазичкиот израз, туку е само еден од облиците во кои се реализираат возможностите на еден јазик преку неговите структури. Кога е во прашање јазикот на поетското дело, можно е да зборуваме за неговата поетска граматика. Оваа граматика има свои обележја кои се манифестираат на оние исти нивоа од кои се тргнува при анализирањето на јазичните структури воопшто. Лингвистичката анализа на поетското дело, според тоа, се врши на фонолошко, морфосинтактичко, лексичко ниво со цел да се покаже во што јазикот на ова дело се разликува од јазикот на секојдневната комуникација и како преку тој различен јазик се соопштува уметничката вистина, којашто се нарекува уметничка информација. Притоа се има предвид и изборот на елементите што се комбинираат за да јазичките структури остварат поетски цели.

Песната „Гавран" од Едгар Алан По е едно од оние поетски дела во кои обележјата на поетската граматика нарочно доаѓаат до израз. Оваа своја творба авторот ја создавал долго и стрпливо за што пишува во споменатиот есеј „Филозофија на композицијата", во кој покрај останатото изјавува: „Имам намера јасно да покажам дека ниедно место во неговиот состав не може да се припише на случај или интуиција — дека делото одеше напред чекор по чекор кон својот завршеток со прецизноста и строгата доследност на математички проблем."[2] И навистина ова се гледа во секоја строфа на песната. Таа се состои од 18 секстини, римувани на необичен начин, со вкрстени, парни и внатрешни (леонински) рими како и со беспрекорен ритам и честа алитерација.

Комбинациите на јазичните елементи на фонолошко ниво резултираат во создавањето на обележја на оваа песна како што се алитерацијата, асонанцата, римата.

Алитерација. Стихот во оваа песна е алитеративен, а алитерацијата, како и асонанцата, има фоностилематски карактер. Ја земаме за илустрација петата строфа:

[2] Op. cit. стр. 552.

*D*eep into that *d*arkness peering, long I stood there
wondering, fearing,
*D*oubting, *d*reaming *d*reams no mortals ever *d*ared to *d*ream
before;
But the *s*ilence was unbroken, and the *s*tillness gave no token,
And, the only *w*ord there spoken *w*as the *w*hispered *w*ord,
»Lenore«!
This I *w*hispered, and an echo murmured back the *w*ord,
»Lenore«!
Merely this and nothing more.

Согласката *d* се појавува на почетокот на зборот во првите два стиха — во првиот два збора *(deep, darkness)*, во вториот пет зборови *(doubting, dreaming, dreams, dared, dream)* почнуваат со оваа согласка. Во третиот стих согласката *s* ја прави алитерацијата *(silence, stillness)*, во четвртиот и петиот се појавува согласката *w (word, was, whispered, word* — во четвртиот и *whispered, word* — во петтиот стих).

Во седмата строфа исто така наоѓаме убаво изразена алитерација:

Open here I *f*lung the shutter when, with many a *f*lirt and
*f*lutter,
In there *s*tepped a *s*tately Raven of the saintly days of yore,
*N*ot the least obeisance *m*ade he; *n*ot a *m*inute stopped or
*s*tayed he,
But with mien of *l*ord or *l*ady; perched above my chamber
door —
*P*erched upon a bust of *P*allas just above my chamber door —
Perched and sat and nothing more.

Алитерацијата е карактеристична за целата песна.

Асонанца. Асонанцата исто така има фоностилематска функција и, иако не во толкава мера како алитерацијата, таа е исто така застапена во оваа песна. Еве неколку примери:

»'Tis some visitor *e*ntreating *e*ntrance *a*t my chamber door; —
Some late visitor *e*ntreating *e*ntrance *a*t my chamber door;

4 i 5 stih, 3 strofa)

»Doubtless«, said I, »what *i*t utters *i*s *i*ts only stock and store,
Caught from some *u*nhappy master whom *u*nmerciful Disaster

(2 i 3 stih 11 strofa)

»*I*s there — *i*s here balm in Gilead? — tell me I *i*mplore!«

(5 stih, 15 strofa)

Во некои строфи ноѓаме алитерација и асонанца истовремено како на пример во единаесетата строфа:

*S*tartled at the *s*tillness broken by reply so aptly *s*poken,
»Doubtless,« said I, »what *i*t utters *i*s *i*ts only *s*tock and *s*tore,
Caught from some *u*nhappy master whom *u*nmerciful Disaster
Followed fast and followed faster till his songs one burden
bore —
Till the dirges of his Hope melancholy burden bore.
Of never-nevermore.«

Рима. Римата има организаторска улога во ритмичката композиција на песната — таа ги поврзува стиховите во строфи. Секоја строфа се состои од шест стиха од кои шестиот е најкраток и секогаш е рефрен. Се римуваат, вториот, четвртиот, петиот и шестиот стих а сите тие секогаш завршуваат со гласот долго *о*. Овој глас се содржи како краен конституент на различни зборови во стиховите што се римуваат. Од овие стихови четвртиот и петиот секогаш завршуваат со ист збор, а понекогаш и со иста синтагма. На пример во првата, третата, седмата и деветата строфа се повтара именската фраза *chamber door*, во втората, петата, четрнаесетата и шеснаесетата строфа се повтара името *Lenore*. Во секоја строфа четвртиот и петиот стих завршуваат со ист збор во кој крајниот глас е долго о. Во шестиот стих којшто е рефрен овој вокал секогаш се наоѓа на крајот на еден ист збор — зборот *more*.

Во оваа песна нарочно вешто е постигната леонинската рима којашто се среќава во првиот и третиот стих на секоја строфа.

Доминантна ритмичка стапка е трохејот.

Морфосинтактичката анализа на оваа песна ни открива некои од битните нејзини обележја. За првите шест строфи е карактеристично чувството на мистерија, на нешто непознато и таинствено, на очекување на нешто што треба да се случи. Тоа се постигнува со посебна морфосинтактичка структура. Песната почнува со строфата:

Once upon a midnight dreary, while I pondered weak and
weary
Over manu a quaint and curious volume of forgotten lore —
While I nodded, nearly napping, suddenly there came a
tapping
As of someone gently rapping, rapping at my chamber door —
»Tis some visitor«, I muttered, »tapping at my chamber
door —
Only this and nothing more.«

Главната клаузa, носителот на дејството, настанот, *suddenly there came a tapping*, се наоѓа дури на крајот на третиот стих. Цел низ на граматички зависни структури е употребен пред оваа клаузa. Тоа се двете зависни клаузи *while I pondered weak and weary* i *while I nodded nearly napping*. Ним им претходи темпоралната адвербијална фраза *once upon a midnight dreary*, додека по првата клаузa следи адвербијалната фраза за место *over many a quaint and curious volume of forgotteen lore.*

Двете клаузи, коишто се темпорални и почнуваат со зборот *while*, покрај субјектот и финитната глаголска форма, *I pondered, I nodded*, се состојат и од додаток на субјектот *weak and weary* во првата и партиципот *napping* во адвербијална функција и модификован со интенсификаторот *nearly*, во другата клаузa. Самиот настан изразен со клаузата *suddenly there came a tapping* всушност и не е настан — тој е само увертира на нешто што треба да се случи. Неизвесноста и очекувањето, наговестени во првата строфа, се присатни во текот на следните шест строфи — очекуваниот настан, главниот настан, се случува дури во седмата строфа во која конечно се појавува Гавранот: In there stepped a stately Raven of the saintly days of yore.

Партиципот *rapping* во првата строфа е редуплициран и е од истото семантичко поле како и партиципот *tapping*, така да во првата строфа четири пати се употребени зборови со приближно исто значење: *tapping* два пати (во различна функција — како герундив и како партицип со постноминална модификативна функција) и *rapping* два пати (во иста функција — како постноминален модификатор). Употребата на овие лексеми има двојна улога. Прво, употребени се да соопштат значење што е релевантно за смисолот на песната, да придонесат во изразувањето на пораката на поетот, преку дочарувањето на одредена атмосфера. Второ, употребени се од причина која што има ритмичко значење. Ритамот во оваа песна е постигнат, помеѓу останатото, со помоќта на повтарања, односно редупликации. Во оваа строфа се повторуваат зборовите *tapping* и *rapping*, кои се римуваат, а исто така се римуваат со уште еден збор — *napping*. На овој начин, со повторувањето на исти зборови кои од фонолошки аспект се слични со трет збор (сите три збора го содржат суфиксот — *ing*), уште во првата строфа се наговестува ритмичка постапка којашто совесно се спроведува до крајот на песната.

Редупликациите имаат *синтактостилематска* функција — придонесуваат за ритмизацијата на текстот, со нив се постига поекспресивен ритам. Веќе напоменавме дека песната „Гавран" е ремек дело од версификациски аспект, а една од карактеристиките што ја чинат таква е нејзиниот ритам. Тој се постига помеѓу останатото со повторувања, односно редупликации. Нив-

ниот број е голем во скоро сите строфи, а граматичките форми што се употребени во оваа функција се разновидни. Редупликациите се:

1. Глаголски редупликации

а) *презент*

»On this home by Horror haunted — tell me truly, *I implore* —
Is there — is there balm in Gilead? — tell me, *I implore!*«
(15 strofa)

б) *траен презент*

And the Raven, never flitting, still *is sitting*, still *is sitting*
(18 strofa)

в) *презент перфект*

Till I scarcely more than muttered: »Other friends *have flown*
before —
On the morrow *he* will leave me as my Hopes *have flown*
before.«
(10 strofa)

г) *минато време:*

Followed fast and followed faster till his songs one burden
bore —
Till the dirges of his Hope that melancholy burden *bore*.
(11 strofa)

д) *императив:*

»*Leave* no black plume as a token of what lie thy soul hath
spoken!
Leave my loneliness unbroken — quit the bust above my door!
Take thy beak from out my heart, and *take* thy form from
off my door
(17 strofa)

е) *презент партицип*

As of someone gently *rapping, rapping* at my chamber door.
(1 strofa)
»'Tis some visitor *entreating* entance at my chamber door —
Some late visitor *entreating* entrance at my chamber door;
3 strofa)

2. именски редупликации

From my books surcease of *sorrow* — *sorrow* for the lost
Lenore —
For the rare and radiant maiden whom the angels name
Lenore —
(2 strofa)

3. прилошки редупликации

Till I scarcely more than muttered' »Other friends have flown
before
On the morrow *he* will leave me as my Hopes have flown
before.«
(10 strofa)

4. предлошки редупликации

But, with mien of lord or lady, perched *above* my chamber
door —
Perched upon a bust of Pallas just *above* my chamber door —
(7 strofa

5. сврзнички редупликации

And the Raven, never flitting, still is sitting, still is sitting
On the pallid bust of Pallas just above my chamber door;
And his eyes have all the seeming of a demon's that is
dreaming,
And the lamp-light o'er him streaming throws his shadow
on the floor
And my soul from out that shadow that lies floating on the
floor
Shall be lifted — nevermore.
(18 strofa)

6. редупликации на фраза

Ever yet was blessed with seeing bird above *his chamber*
door —
Bird or beast upon the sculptered bust above *his chamber door,*
(9 strofa)

7. редупликации на клауза

»It shall clasp a sainted maiden *whom the angels name*
Lenore —
Clasp a rare and radiant maiden *whom the angels name*
Lenore.«
(16 strofa)

8. редупликации на реченица

Реченицата *Quoth the Raven, »Nevermore«* се повтара на крајот на пет строфи — употребена е во функција на рефрен.

Рефренот покрај римата и метарот е основно обележје на поетското дело. Во песната „Гавран" е употребен на крајот на секоја строфа. Се има впечаток дека овде рефренот игра тројна улога — сугерира сличност или идентитет на искуство, го појачува монотониот ефект на зборот »Nevermore« и создава чувство на неизбежност враќајќи го првото лице, односно лирскиот херој, одново и одново на конфронтацијата којашто се воспоставува во почетокот со појавувањето на Гавранот.[3]

Рефренот е организиран на интересен начин. Постојат две клучни структури коишто се употребуваат во функцијата на рефрен. Тоа се фразата *and nothing more* и прилогот *nevermore*. Првата од нив, *and nothing more* се појавува како рефрен на крајот на првите шест строфи, т.е. во сите строфи освен една (втората строфа), заклучно со седмата строфа во којашто се појавува Гавранот. Кога се случува настанот, односно кога настапува пресвртниот миг — неизвесноста престанува, Гавранот се појавува, тогаш рефренот се менува. Сега збор што се повтара во сите останати строфи, т.е. во единаесет строфи, е прилогот *nevermore*. Овој збор во пет строфи се појавува во реченицата *Quoth the raven »Nevermore«*. Во останатите шест строфи зборот nevermore е конституент на различни структури коишто како целина ја имаат функцијата на рефрен: *With such name as »Nevermore«* (9 strofa), *Then the bird said, »Nevermore«* (10 strofa), *Of 'never-nevermore'* (11 strofa), *Meant in croaking »Neverlore«* (12 strofa), *She shall press, ah, nevermore!* (13 strofa), *Shall be lifted-nevermore!* (18 strofa).

Невообичаеното поврзување на јазичните елементи, што ја сочинува основата на поетската граматика, доаѓа до израз и во редот на зборовите. Редот на зборовите во поетското дело често пати отстапува од вообичаениот и има *синтактостилематска* функција. За песната „Гавран" е карактеристичен ред на зборовите во кој одделни граматички елементи се наоѓаат во позиција што не е карактеристична за јазикот на секојдневната комуникација. Причини за ова има повеќе: емфаза, постигање на ритам, а многу често — остварување на рима. Во текстот на оваа песна наоѓаме невообичаен ред на зборовите во следните случаи:

---

[3] David Halliburton *Edgar Allan Poe A phenomenological View* Princeton University Press, Princeton 1973, стр. 137.

1. Инверзија на субјектот и глаголската форма

In there *stepped a stately Raven* of the saintly days of yore.
Not the least obeisance *made he;* not a minute *stopped* or
stayed he
(7 strofa)

While I nodded, nearly napping, suddenly there *came a*
tapping,
(1 strofa)

2. Објект во почетна позиција

This I whispered, and an echo murmured back the word
»Lenore«
(5 strofa)

Nothing farther then he uttered; *not a feather* then he
fluttered —
(10 strofa)

Not the least obeisance made he; not a minute stopped or
stayed he
(7 strofa)

3. Адверби во почетна позиција

а. *Адверби за начин*

Ah, *distinctly* I remember it was in the bleak December
And each separate dying ember wrought its ghost upon the
floor.

Eagerly I wished he morrow; — *vainly* I had sought to borrow
(2 strofa)

»Sir«, said I, »or Madam, *truly* your forgiveness I implore;
But the fact is I was napping and so *gently* you came rapping,
And so *faintly* you came tapping, tapping at my chamber door
(4 strofa)

б. *Адверби за време*

Soon again I heard a tapping something louder than before.
(6 strofa)

Deep into that darkness peering, *long* I stood there wondering,
fearing
(5 strofa)

Изборот на јазичните елементи е второто основно обележје на поетскиот јазик Во песната „Гавран" овој избор е усмерен и кон употребата на архаизми којашто има стилематски карактер и спаѓа во обележјата на поетскиот јазик воопшто.

Архаизмите се употребени со цел да се дочара атмосфера карактеристична за готскиот роман (во 18 и почетокот на 19 век), преку која полесно ќе се разбере пораката на поетот. Овие архаизми не им се непознати на читателите — тоа се зборови коишто се познати но се сметаат за застарели, старомодни и се вон од јазичната употреба. Тие им припаѓаат на разни подрачја. Среќаваме морфолошки форми кои повеќе не се употребуваат и се заменети со други морфолошки форми, потоа зборови кои се употребувале како еден одреден вид на зборови а сега, во современиот англиски јазик, функционираат како друг вид на зборови, или зборови кои ја сочувале истата форма но го промениле значењето.

именки

Followed fast and followed faster till his songs one *burden* bore —
Till the dirges of his Hope that melancholy *burden* bore
(11 strofa)

Именката *burden* е употребена со значењето *refrain* а во совр. анг. се употребува со значењето *sommething heavy;* »thou, I said, art sure no *craven*...« (8 strofa). Во совр. анг. *craven* се употребува како придавка.

Much I marveled this ungainly *fowl* to hear...« *Fowl* во совр. анг. се употребува со значењето *poultry.*

Eagerly I wished the *morrow*... Во совр. анг. се употребува *morning.*

Quaff, oh quaff this kind *nepenthe*... Именката *nepenthe* е од *nepenthos* и е употребена со значењето »drink or drug supposed to bring forgetfulness«. And his eyes have all the *seeming*... (18 strofa). Во совр. анг. се употребува *appearance...;* vainly I had sought to borrow from my books *surcease* of sorrow (2 strofa) Во совр. анг. се употребува *end.*

заменки

лични заменки: thou art (8) — форма за 2 л. еднина; »hath sent *thee* — by these angels he hath sent *thee*... (14) »... or whether tempest tossed *thee* here ashore«, форма за 2 л. еднина во предметен падеж. Истата форма во »Get *thee* back into the tempest...« (17)

атрибутивни присвојни заменки: »Take *thy* beak from out my heart and take *thy* form from off my door!« (17); »Though *thy* crest be shorn and shaven...« Tell mle *thy* lordly *name*... (8); »*thy* God hath lent thee...« (14); »... from *thy* memories of Lenore!« (14). Овде се употребени форми на заменката за 2л. еднина.

придавки

What this... *ghastly*... bird of yore« (12) Pridavkata *ghastly* е употребена со значењето *ghostly* (како во староанглиски). Во совр. анг. се употребува со значењето *awful, very bad.*

Over many a *quiant* and curious volume of forgotten lore (1). Придавката *quaint,* употребена овде со значењето *strange, unusual,* во совр. анг. се употребува во значењето *peculiar-rather small, funny.*

глаголи

презент: »thou... *art* sure no craven« (8) — форма за 2 л. еднина на глаголот BE; *Quoth* the Raven, »Nevermore« (14, 15, 16, 17) — форма за трето лице еднина.

минато време: ...each separate dying ember *wrought* its ghost (2) — форма за 3л. еднина; Then *methought,* the air grew denser... (14) — форма за 1л. еднина.

сегашен перфект: »thy God *hath lent* thee — by these angels he *hath sent* thee... (14) — форма за 3л. еднина; »... thy soul *hath spoken!*« — 3л. еднина.

сегашен партицип: I shrieked, *upstarting* — (17) Во совр. анг. се употребува *starting up.*

Покрај архаичните форми на морфолошко ниво, во песната „Гавран" се среќаваат глаголи коишто или воопшто не се употребуваат или се употребуваат со друго значење: I *betook* myself to linking..... (12); »*Get thee* back into the tempest...« (17) Во совр. анг. се употребува глаголот без заменката; *Quaff,* oh *quaff* this kind nepenthe... (14). Во совр. анг. овој глагол се употребува во шеговита смисла. Исто така денес во шеговита смисла се употребува глаголот *quoth,* којшто во песната го среќаваме во рефренот *Quoth* the Raven, »Nevermore«.

прилози

Прилогот *nevermore* се среќава како конституент на рефренот во строфите од 8—18; Прилогот *yore* е исто така архаизам: ... this ominous bird of *yore* (12); Let me see, then, what *thereat* is... (6). Прилогот *thereat,* овде употребен како прилог

за место, денес се употребува само како прилог за време и притоа не се среќава во структурата TO BE ADVERB како во овој текст.

Би можеле да заклучиме дека песната „Гавран" навистина има своја поетска граматика. Таа граматика има свои закони и своја доследност. Би можело да се каже дека таа е многу сложена и оваа статија имаше за цел да назначи само некои нејзини елементи. Исто така констатираме дека поетската граматика како внатрешен закон на јазичката организација на песната се наоѓа во самата основа на она што ја чини нејзината естетска и поетска вредност. Би било невозможно поетската граматика на песната да ја раздвоиме од нејзината естетска вредност, зашто како што впрочем и покажавме со лингвистичката анализа на оваа песна, естетските фактори се реализираат на различните јазични нивоа — а сето тоа чини една органска целина. Според тоа евидентно е дека поетскиот јазик подлежи на законите на неговата поетска граматика. Меѓутоа, таа граматика е апсолутно индивидуална, наполно остварена во песната „Гавран". Таа е неповторлива како што е неповторлива и оваа песна. Иако сосема индивидуална таа дава резултати со универзална вредност.

ЛИТЕРАТУРА

Guberina Petar *Zvuk i pokret u jeziku,* Zagreb, II izdanje 1967.
Jakobson Roman, *Lingvistika i poetika,* Beograd 1966.
Jakobson Roman, *Ogledi iz poetike,* Prosveta, Beograd 1978.
Jović Dušan, *Lingvostilističke analize,* Beograd, 1975.
Jović Dušan, *Jezički sistem i poetska gramatika* BIGZ — Jedinstvo, 1985.
Language and Literature, Edited by Ronald Carter, George Allen and Unwin, London, 1982 (Second impression 1984).
Lešić Zdenko *Jezik i književno djelo,* Svjetlost — Zavod za udžbenike, Sarajevo, 1979.
Poe Edgar Allan, *Complete Tales and Poems,* Mladinska knjiga, Ljubljana, 1966.
Poe, A Collection of Critical Essays Edited by Robert Regan, Prentice — Hall, Inc., Englewood Cliffs, New Jersey, 1967.
По Едгар Алан, *Поезија,* Избор, поговор и препев Гане Тодоровски, Македонска книга, Скопје 1969.
Pranjić Krunoslav, *Jezik i književno djelo,* Školska knjiga, Zagreb, 1968.
Umetnost tumačenja poezije, Priredili Dragan Nedeljković i Miodrag Radović, Nolit, Beograd 1979.
Halliburton David, *Edgar Allan Poe, A Phenomenological View,* Princeton University Press, Princeton, 1973.
Škreb Zdenko, Stamać Ante *Uvod u književnost,* Grafički zavod Hrvatske, Zagreb 1983.

Lidia ARSOVA — NIKOLICH

Summary

THE POETIC GRAMMAR OF EDGAR ALLAN POE
IN HIS POEM »THE RAVEN«

Poetic language as different from the language of everyday communication has its own grammar — the poetic grammar. The linguistic elements in this grammar are combined in a specific way, different from that in the standard language. This combining of elements does not result in non-grammaticality — it is only a way of conveying the artistic information, whereby the choice of the elements combined is another factor which plays an important part in the poetic grammar.

The analysis of the poetic work has been carried out on various language levels, as with the analysis of any linguistic work. This analysis shows that the esthetic values of the poetic work are realised on the phonological, morphosyntactical and lexical levels. So, the esthetic values of the work of art are inseparable from its poetic grammar — they constitute an organic unity.

Коста ПЕЕВ

УДК 808.66-087.2(091)
808.66(091)

РЕДУКЦИЈАТА КАКО ФАКТОР ВО РАЗГРАНИЧУВАЊЕТО НА ЈУГОИСТОЧНИТЕ МАКЕДОНСКИ ГОВОРИ*

1.0. Под поимот југоисточни ги подразбираме оние македонски говори, што ги среќаваме јужно од линијата: Беласица, Кожув и Ниџе. Планината Беласица овие говори ги одделува од струмичкиот, а планинските масиви на Кожув и Ниџе претставуваат природна граница кон тиквешко-мариовското подрачје. На исток се граничат со серско-лагадинските говори, по линијата Солун — источните падини на Круша Планина. На запад ова дијалектна зона граничи со леринските и костурските говори, а границата оди од планината Ниџе кон Островското Езеро, преку планината Каражамен се управува кон реката Бистрица. Јужната граница на овие говори фактички го одделува нашиот од грчкиот етнос и се движи во правецот: река Бистрица — Солунски Залив.

Внатре во оваа омеѓеност проаѓа реката Вардар и односнава регија ја дели на источен и западен дел. Во границите на СРМ овде спаѓа гевгелискиот и дојранскиот говор, а во Егејска Македонија говорите во Кукушко, Солунско, Воденско и Пазарско.

1.1. За време на Втората балканска војна, којашто избувна на 29 јуни 1913 год. источниот дел од односнава дијалектна зона претрпе катастрофален погром. Меѓу грозните примери на геноцид и истребување на населението, што се повторуваат така често во нашиов век, хроничарите секако ќе мора да ги споменат и настаните што го зафатија ова подрачје, особено Кукушко, дел од Солунско и Дојранско, во текот на споменатa-

* Текстот е прочитан на XVIII Семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје — Охрид (1—22. VIII 1985 г.).

ва војна, инспирирана од шовинистичките и великодржавни аспирации на буржоазиите и владите на соседните земји: Бугарија, Србија и Грција.

Во првите дни од месец јули 1913 год., за време на жетва, под силен артилериски оган од грчката војска, којашто имала конкретна задача: да приготви услови за елинизација на овие области, македонското население, немајќи време за спремање, така речи од нивите, оставајќи ги сноповите и по жетварски алишта, често не можејќи дури да се соберат заедно сите членови на фамилијата, тргнале да бегаат на север, кон падините на Круша Планина и преку Демир Хисар се упатиле кон Кресна и Пиринска Македонија, а некои и понатаму кон Софија. „Во оваа војна, од страна на грчките војски беа заклани илјадници невини Македонци, од кои поголемиот дел жени и деца, посебно од Кукушко и Демир Хисарско, каде што се водеа воените операции. Исто така беа запалени и разурнати десетици македонски села и убавиот град Кукуш"[1].

За илустрација ќе ја споменеме судбината на селото Моларци, што се наоѓа северно од Кукуш и зазема централно место во областа Карадаг. Кон крајот на минатиот век имало 1.200 жители, а според пописот од 1920 год. во селото останале само 385 жители. Информаторот со носталгија заклучува: „... сéга бих, тáа éсин удúх, нéма нúшто. Кá óдум там, на-тóо мéсто (мисли на селскиот плоштад), шо ќи видиш? — сè пул'áни. Сáмо еднá жéна најдéме уд-нáште, што зна нáшо да гувóре, друк нéма, сè гáрчко".

Истава судбина, со сите грозотии на военото уништување, ја доживеа и западниот дел од односнава регија за време на Втората светска војна.

1.2. Говорите по долниот тек на р. Вардар уште кон крајот на минатиот век го привлекле вниманието на славистите, најпрво во потрага по дијалектната база на старословенскиот јазик, односно по архаизми зачувани од јазикот на Кирил и Методи, а второ, како периферно изоглосно огниште. Оттаму југоисточните спаѓаат меѓу оние македонски говори што се најшироко истражувани и за кои има најмногу пишувано.

1.21. Овде, на прво место, и хронолошки и по значење, треба да се спомена „Македонските студии" од В. Облак, објавени кон крајот на минатиот век, во кои го разгледува говорот на солунските села Сухо, Ново Село, Градобор, Бугариево, Ватилак и Вардаровци. „Одделни проблеми од говорот на Сухо и блиските со него Висока, Зарово и Негован, обработуваат и бугарските научници Јордан Иванов и Љубомир Милетич".

[1] *Т. Симовски,* Населените места во Егејска Македонија, Скопје 1977, стр. 13.

1.22. Наскоро, само пет години по Македонските студии на Облака, 1901 год., во сп. СБНУНК[2] од Димитар Мирчев се појави поголема студија за кукушко-воденскиот говор. Како што кажува авторот, трудот е работен, главно, врз материјалите од К. Шапкарев и Г. Л'жев, што Мирчев ги проверувал во Солун со информатори од Кукуш и Воден. Ваквиот начин на работа условил и извесни пропусти и оттаму В. Думев[3], осврнувајќи се критички врз работата ќе забележи: „родниот прилепски говор на Д. Мирчев, сосема различен од дијалектот во Кукуш и Воден не му дал возможност да ги забележи деталите на овие два говора..."

1.23. Полскиот славист М. Малецки во триесеттите години од нашиов век дошол во Солунско, и во селата Сухо и Висока (Богданско) вршел дијалектни истражувања. Резултатите од оваа работа планирал да ги презентира преку една комплетна студија за односниов говор, од која за жал, поради прераната смрт објавил само два дела: текстови и речник[4], а третиот дел — граматика на говорот, во поново време го обработи неговиот ученик З. Голомб[5]. „Во одзивите и оценката на двете книги на Малецки со право се истакнува неговата способност да ги улови и најсуптилните нијанси во артикулацијата на гласовите. Неговите записи се апсолутно комплетни и само како такви можеле на Голомба да му послужат за неговиот извонреден опис на дијалектот"[6].

1.24. Меѓу работите посветени на долновардарските говори со сериозноста на пристапот секако се истакнува студијата „Кулакиско евангелие", издадено од француските слависти Андре Мазон и Андре Вајан[7]. Се работи за евангелски текст, ракопис, пишуван на македонски јазик, долновардарски говор, со грчко писмо. Разгледувајќи го јазикот на евангелието А. Вајан направил комплетна студија на овој, можеби најјужен македонски говор — селото Кулакија се наоѓа непосредно до утоката на р. Вардар. Многу прашања, било фонетско-фоно-

---

[2] *Д. Мирчевъ*, Бѣлѣжки по Кукушко-воденския говоръ, СбНУНК, XVIII, 1901, стр. 426—470.

[3] *В. Думевъ*, Воденския говоръ МПр, XIII, 1943, кн. 3, стр. 21.

[4] *M. Matecki*, Dwie gwarö macedonskie, Suchó i Wysoka w Sotunskiem, Cześć I, Texty Kraków 1934, 90 s.; Cześć II, Slownik, Kraków 1936, 135 s.

[5] *З. Голомб*, Два македонски говора/на Сухо и Висока во Солунско, МЈ, XI—XII, кн. 1—2, с. 113—182; XIII—XIV, кн. 1—2, с. 173—276.

[6] *Б. Видоески*, Мјечислав Малецки како славист и испитувач на македонските дијалекти, МАНУ, Свечен собир посветен на Мјечислав Малецки, Скопје 1977, с. 14.

[7] *A. Mazon et A. Vaillant*, L'évangéliaire de Kulakia, Un parler slave du Bas-Vardar. Bibliothèque d'études balkaniques VI, Paris 1938.

лошки, било граматичко-структурални, во односнава студија се така обработени, што освен за споредби можат да послужат и како база при разрешувањето на одделни јазични проблеми.

1.25. Во односниов временски период, триесеттите години од нашиов век, паѓа и чешкото издание на народни приказни од југоисточна Македонија, собрани од С. Верковиќ.[8] Книгата ја приготвиле П. Лавров и Ј. Поливка, во издание на Чешката академија на науките и уметностите. Иако објавен како фолклорен материјал, Зборникот има соодветно значење и за македонската дијалектолошка наука и може да послужи како едно дополнување на општата дијалектна слика на југоисточните македонски говори. Во ова помага и опширната статија „Опис на говорот што претставува дијалектна база на Зборникот на Верковиќ", пишувана од П. Лавров. Сериозна слабост на Зборникот, при неговото користење за дијалектолошки потреби, претставува нередовноста во лоцирањето на материјалите.

1.26. Во студијата за долновардарските говори[9] С. Романски, главно врз материјалите од С. Верковиќ, користени од архиви и библиотеки, бидејќи чешкото издание на Зборникот сè уште било во печат, се обидел да даде пресек на македонските дијалекти од долниот тек на реката Вардар, почнувајќи на север од Гевгелиско па сè до Солунскиот Залив.

Во предговорот, зборувајќи за локацијата на материјалите, Романски истакнува дека некои од нив собирачот ги означил како „Песни сфатбарцки ут село Бугданци до Полелин близу", други како „Годишни адете (обичаи) от Мачуково", трети како „Приказни од Пазар (Енице Вардар)" и сл. Треба да се истакне дека на маргините од материјалите собирачите понекогаш давале ценети забелешки за односниов говор, пр. меѓу другите особености, во материјалите од Енице Вардарско, пот т. 5 пишува: „... во Пазар и за машки и за женски род кај придавките се употребува само формата за среден род".

1.27. Иако периферен во однос на долновардарските говори, гевгелискиот, што го зафаќа северниот дел, исто така го привлекол вниманието на лингвистите — дијалектолози. Како сериозен научен труд ни се претставува монографијата „Гевгелискиот говор" од Д. Иванов,[10] отпечатена исто така во триесеттите години. Авторот во почетокот дава географско-етнографски податоци за Гевгелиско, а во вторит дел ни презентира комплетен опис на дијалектот.

[8] *P. Lavrov a J. Polívka,* Lidové povůdky jihomakedonské z rukopisu St. Verkovičových. V Praze, 1932, IV + 596.

[9] *С. Романски,* Долновардарскиятъ говоръ, МПр, VIII, 1932, кн. 1, с. 99—140.

[10] *Д. Ивановъ,* Гевгелийскиятъ говоръ, Софија, 1932 г.

1.28. На прашања врзани за гевгелискиот говор повторно се навраќа Љ. Милетич во сп. „Македонски преглед"[11]. Предмет на неговиот интерес е говорот на селата што се наоѓаат северно од Гевгелија. Работена според материјали (М Пр, III, кн. 1—4), во споредба со претходно споменатиот труд на Д. Иванов, статијата на Милетич остава блед впечаток, недоволна задлабоченост во повеќе партии, особено во фонетиката, па и превиди, пр. завршокот *-ом* за 1. л. ед. през.: три сина *сом испратúла; — сáком да шúјом,* за гевгелискиот говор ни изгледаат невозможни, исто така нелогичен ни се чини резултатот *а* < *ѣ* под акцент во примерите: *прасáка* што е било *(пѫѣсѣка); — прад* мéне умрéно.

Сепак некои синтаксички проблеми се разработени посериозно кај Милетич, отколку кај Иванов. Такви се примерите во врска со конгруенцијата, во кои средниот род, во служба на атрибут се јавува генерализиран и за трите рода: *мójто жéна; — мójто вол; — еднó човéк;* па дури и: *еднó бráка.* Натаму побудува интерес проширената употреба на сврзникот *што:* — куцовлáси *што* сáмо с óвци и кóзи му е живóтот.

Милетич како интересна ја наведува употребата на глаголите *плаче* и *умре* со маркираност на преодност: — *си плáчех живóто;* — сипáле вода и *го умрéле вампúрот;* сп. уште: не *го пејáхме (ýмренио).* Уште ја споменува транзитивната употреба на глаголот *се напие* со партитивен генитив: — *нăпúј мăгáрто вóда.*

Да завршиме со забелешката од Милетич дека сложениот сврник *за да* во овој говор може да се јави и разделен: нé сам бúла *за кúтки да нóсам* јас.

1.29. На страниците на сп. Македонски преглед, пак во триесеттите години, на кукушкиот говор наново се навраќа Г. П. Христов[12]. Авторот, за разлика од Д. Мирчев, без поголеми претензии, за предмет на својата работа зел една поприродна целина: кукушко-дојранскиот регион. Постапката вака ја објаснува: „... за да се зачува појасно физиономијата на двата говора и да се истакнат нивните нијанси, се решив да не ги делам, туку подобро да бидат заедно и паралелно опишани, истовремено укажувајќи какви поклопувања и разлики се среќаваат во тие говори и нивните подраздели".

---

[11] *Л. Милетичъ,* Къмъ особеноститѣ на гевгелийския говоръ, МПр, VIII, 1932, кн. 2, с. 51—72.

[12] *Г. П. Христовъ,* По-забележителни особености на кукушко-дойранския говоръ, МПр X, 1936, кн. 1—2, с. 104—117.

1.30. Подоцна за една деценија од досега споменативе работи, во четириесеттите години се јавува студија за воденскиот говор од В. Думев[13]. Авторот, во почетокот зборува за местото на воденскиот во склопот на другите долновардарски говори. Притоа тој критички се осврнува на објавените работи во врска со овие говори.

1.4. Во апаратот користен за нашава работа, кон веќе објавените материјали, што ги споменавме, ја приклучивме и граѓата од најновите теренски истражувања за потребите на Македонскиот дијалектен атлас, вршени главно од авторот. Материјалот е собран од преселници од односниов дел на Македонија, а најмногу од Кукушко (пунктови: Крецово, Грамадна, Мутулово и др.), Дојранско (Патарос, Николич, Фурка), Гевгелиско (Стојаково, Којнско, Богданци), Солунско (Градобор, Амбар Ќој, Ватилак — од материјали), Енице Вардарско (Гуменца), Воденско (Тресино), Кајларско (Тремно).

На односниов — нетолку мал — простор, забележуваме релативно единство како во поглед на морфонолошката страна, така и во синтаксички поглед.

Во текот на излагањево, низ контрастивен метод, ќе укажуваме на она што ги поврзува и она што ги разединува односниве говори.

1.5. Прво, на фонолошки план единство покажуваат во поглед на вокалскиот систем, кој е единствен: шесточлен, двостепен и од трикласов тип. Во редот на високите вокали, освен самогласките *и* и *у*, го среќаваме и среднојазичниот вокал *ă*, што се јавува како висок корелат на *а*. Неговата дистрибуција е ограничена, во почетокот на зборoформите се јавува ретко, пр. *рлцке*, а на крајот само во најјужната зона, пр. *вудни́цă*.

Овој систем графички може да се претстави на следниов начин:

и ă у
е а о

Неговата релевантност се однесува само на акцентирани силабеми, тогаш вокалите *е, а, о* по своите звукофизиолошки особини не се разликуваат од соодветните гласови во литературниот јазик. Во неакцентирана позиција тие се изговараат повисоко, редуцирано, односно може и да се елиминираат опозициите *е* : *и*, *а* : *ă*, *о* : *у*, а системот се упростува до следнава шема:

[13] *В. Думевъ*, цит. раб., МПр XIII, 1943, кн. 3, с. 8—42, кн. 4, с. 26—88.

и ă у

Сепак резултатите на редукцијата, па и на обратната редукција, често не се јавуваат во чист вид, туку се работи за гласови омеѓени меѓу артикулацијата на *а* и *ă*, *о* и *у*, *е* и *и (ă)* т.е. *алофони* што ги предаваме со соодветни знаци; *а, о, е;* сп. *е* → *е* → *и* и сл.

Во одделни говори од Долновардарско, пр. во Дојранско и во северниот, планински дел од Кукушко, т.н. Карадаг, среќаваме и друг тип алофони: фонетски долги вокали, обусловени од дистрибуционите закони на овие говори за избегнување на хијатот. Ваквите должини се добиени, главно, во резултат на контракција на два еднородни вокали, на која можело да ѝ претходи асимилација, доколку вокалите биле различни, пр, *ла* < *лáа* < *лáе, сто* < *стóо* < *стóе*, во пр. *коста* кон асимилацијата и контракцијата се приклучила и метатеза: < *кóозта* < *кóазта* < *козата.*

1.6. Меѓу посебностите од областа на вокализмот во југоисточните говори, од дијалектен аспект особено се интересни дистрибуцијата на вокалните фонеми и редукцијата.

1.61. Редукцијата на неакцентираните вокали, врз чии резултати ќе се обидеме да ги разграничиме долновардарските говори, овде е комплетно изразена и таа е една од најкарактеристичните особини. Во поодделни говори можат да се следат сите нијансирања во степенот на стеснувањето на артикулацијата, што водат кон ограничување на акустичката јасност на ненагласените вокали[14].

Природната потреба да се зборува брзо и економично и изразито експираторниот акцент, овде поизразен отколку во другите македонски говори, се сметаат за основен агенс што ја забрзува редукцијата. Оваа гласовна појава, освен југоисточните македонски говори „...со вакви или слични резултати ја познаваат бугарскиот, северните грчки говори и ароманскиот. Тоа значи дека нашите источни говори се вклучуваат во една поширока балканска ареа во која таа појава е позната. Несомнено дека во овој случај се работи за заемодејство меѓу балканските јазици"[15].

Описот на редуцијата е компликувана работа. К. Мирчев во монографијата за неврокопскиот говор[16], правдајќи се за извесна недоследност при бележењето на редуцираните само-

[14] *З. Голомб,* цит. раб., МЈ, XIII—XIV, кн. 1—2, с. 252.
[15] *Б. Конески,* Историја на македонскиот јазик, Скопје 1965, с. 29.
[16] *К. Мирчевъ,* Неврокопскиятъ говоръ, Годишникъ на СУ, XXXII, 1936, бр. 1.

гласки забележува дека секој што имал работа со нашите југоисточни говори, сигурно забележил каков сложен проблем претставува овде неустановеноста и нередовноста во однос на редуцираните вокали.

1.62. Според Д. Мирчев, центар на редукцијата во југоисточните говори претставува говорот во Кукуш и Воден, и колку се оддалечуваме од тој центар (особено од Кукуш) во правец кон Гевгелија редукцијата се чувствува послабо, бидејќи тие граничат со говори во кои јасниот изговор на вокалите е обична појава. В. Думев во работата за воденскиот говор мислењето на Мирчев малку го модифицира: „...во споредба со редукцијата на самогласките во Кукушко и Гевгелиско, воденскиот говор зазема положба на центар, иако територијално не е таков"[17]. Како потврда за своето мислење го истакнува фактот дека во воденскиот говор неакцентираните *а, е, о* се редуцираат скоро во сите позиции, што не е особеност за посеверните говори (гевгелискиот и дојранскиот).

Така на пр. вокалот *о* ја чува јасната артикулација само ако е под акцент: *по́ле, до́л, по́чне;* обратно — во неакцентирана положба тој ја менува својата артикулација во *у* и на тој начин се пресретнува со етимолошкото *у*. Пр. во средина на збороформите: *пе́сук, во́сук, ни́сук, чуве́к;* во иницијална позиција: *уфча́рин, уста́ви́л, утиде́ме* (у до́м-му); на крајот: *гуве́ду,* ут *се́лу* (чуве́к бе́ше), *пра́сту* (ми *ка́жу́ва́*), *(аку са́-р а́ си́пе) вре́мту; пу-не́гу, шу* (о́јше); (*са́*-чини́) *не́бту* (пулви́нта) *ја́сну,* (пулви́нта) *убла́чну.*

Истово важи и за самогласката *а,* која „независно од потеклото и од местото што го има во збороформата, ја чува јасната артикулација само во акцентирани слогови, ако пак се најде во ненагласен слог *а* се редуцира во *ă*", пр. во средина на збороформите: *на́кра́ј ку́јка́та; на́-Го́спут ра́бо́тте; а на́па́лни́ у́ста́та;* во почетокот: *Ара́пин бе́ше,* (ви́иди) *ава́та, а́ку* (*са́*-ра́си́пе); во финална позиција: (*ă*-да́ва́ш) *пупа́ди́ата́, да́-вичéра́;* (дујде́) *но́јка́та́;* пулви́нта́ (на́-те́бе), (да́-кле́па́) *ца́рква́,* (риче́) *о́цта́: ча́лма́* (си-кла́де́л), *бра́да́* (си-пушчи́).

1.63. Во овој говор само вокалот *е* делумно отстапува од правилото за целосна редукција на неакцентираните *а, о, е* во соодветните корелати *ă, у, и,* со тоа што во финална позиција не подлежи на односниов закон и ја задржува јасната артикулација: *и́мше* (*ă*дну) *вре́ме ... бе́рше* (па́ри) ... (да́) *ка́жме ...* (пу-не́гу) *о́јше ...* (аку не́ *са́*) *ра́си́пе.*

---

[17] *В. Думев,* цит. раб., с. 25.

Обратно, внатре во зборoформите неакцентираното *е* редовно се редуцира во *и:* (по́пут) *ричé* ... (да) *вичéра* ... (си) *лигнá* ... (и си) *влизé* ... (ѝ вика) *сил'áнте.* Истово се случува и во соседство со сонанти: *лéсин, гóрин, бóлин, мúрин, árин, кáмин.*

Во воденскиот говор затворениот изговор на *е* ретко се пресретнува со изговорот на *ă.* Думев (цит. раб., стр. 33) ги наведува само примерите, во негацијата: *нă-мужáх, нă-мужáчка;* во броевите: *дéвăт, дéсăт* (покрај: *дéвит, дéсит), пăтнájсăт, шăснájсăт, дăвăтнájсăт* (покрај: *питнájсăт, шиснájсăт, дивитнájсăт).*

Во резултатите *е* > *ă* со редукција Думев ги вклучува и кратките заменски форми: *мă тă, сă* м. *ме, те, се,* меѓутоа за нив има и подруги објаснувања[18].

Зборувајќи за причините на блокирањето на законот на редукцијата кај гласот *е* во финална позиција, во воденскиот говор, Думев истакнува: „...вокалот *е* се зачувал како суштествен гласов белег на цела категорија зборови за род, број и сл., во *дéте, пóле, пúле* гласот *е* е суштествен белег за оваа група именки од с. р., ед.; ако би се изговориле редуцирано, формите би се измешале со оние за мн.: *пéрце — пéрци* или *пéрцă, пóле — пóли;* а во изговорот *бóлин* од *бóлен* ознаката за род, број и значење не се изгубува" (цит. раб., стр. 36).

1.64. На преодот од Воден кон источниот дел од долновардарските говори како контролен го обработив говорот во Гуменца. Материјалите нè упатуваат на фактот дека и овде редукцијата е прилично напредната: среќаваме неутрализација на неакцентираните вокали *е, а, о* со корелатите *и (ă), ă, у,* независно што претставуваат индикатори на одредени граматички категории, та како да се наложува заклучокот дека односниов „фонетски закон овде се наложил без остаток". Пр. за редукција на вокалот *а* во крајни отворени слогови (кај именките од ж. р. на — *а): прáĭа,* 'праќица', *скýра* 'згура', *фл'ýска* 'плуска', *вóса* 'оса'.

Во овој говор, за разлика од воденскиот, среќаваме неутрализација на вокалот *е* со *ă,* во финална позиција, со што се добил еднаков резултат од редукцијата на *а* и *е* — во односнава позиција. Ваквата измена на вокалот *е* ја среќаваме кога таа самата претставува морфема или пак е дел од морфема; пр.: се редуцира специфичниот завршок кај именките од среден род на *е* < *ѧ*: *црéфă* (:цревце), *бéбă* (:бебе), *с ăрцă*

[18] *Б. Видоески,* Заменските форми во македонските дијалекти, MJ, XVI, 1965, с. 38.

(:срце), *врéмă* (:време); во формите на збирната множина кај именката *л'ýдй (:л'ýде* — во др. говори), кај наставката — *ове*, за образување множина од едносложни именки: *врáтувă*, *сúнувă*. Изменета артикулација на *е* во *ă* среќаваме и кај карактеристичниот вокал за 3 л. ед. през.: нóго *мăлчă*, *вéл'а* (он), *снéжă* 'врне снег', исто: *дóжíă;* истиов резултат го среќаваме и кај множинските форми за 1. и 2. л. од помошниот глагол 'сум', сп.: идна́ пóра *снй* (:сме) 'на иста возраст сме', исто така: *стă* (:сте), натаму во 1. и 2. л. мн. аорист *jăдéмă*, *jăдéтă*, *кусúмă*, *кусúтă*, и во имперфектот: *глéдихмă*, *глéдихтă*, *йдихмă*. *йдихтă*, кај прилози: *нă трй* (:внатре). Значи во повеќето случаи редукцијата е извршена, независно што вокалот *е* има морфолошка функција.

Интересно е дека ваквиот резултат од редукцијата на *е* е позиционо ограничен, во почетокот и во средината на зборформите, обратно, се јавува редуцираниот вокал *и*, сп.: *исéнцко сéно* (:есен) *ичмéн* (:емчен), *изúк* (:език), во средината: *кривéт* (:кревет — независно што зборот не е од словенско потекло), кај именките на *-ец: клúниц, увдóвиц, jýниц*, исто и кај придавките на *-ен: винóвин, гнйсин, грóзин, жéдин;* и кај именките: *кáмин, плáмин, прéшлин, кóрин*, топ. *Кăлýгир Кáмин;* уште: *jáрим, бýбрик*. Треба да се одбележи дека и во соседство на сонанти, во средината на зборформите обичен е резултатот *и* за редуцираното *е*. Ограничен е бројот на примерите во кои неакценатираното *е* во споменатава позиција (соседство на сонанти) се изменило во *ă: вéчăр, кúсăл*.

1.65. Во солунскиот — најјужниот македонски говор, покрај утоката на реката Вардар „...вокалите */е о/* во неакцентиран слог во сите позиции на зборформите подлежат на квалитетска редукција и по правило преминуваат во соодветни високи корелати. По тој начин се елиминира опозицијата *е: и, о: у*. Сп.: *мóри: мур'éту, пóли: пул'éту, чиндá: чéнду*"[19].

Како преоден кон Солунско, што не се вклучува во лагадинските говори, го имам истражувано говорот на с. Градобор. Таму редукцијата, како и во Богданско[20], е силно изразена, се јавува во сите позиции и во морфеми што носат различни граматички информации. Пр. за вокалот *е*, во почетокот на зборот: *изúк, илéн, имúш;* во средината: *девидéсит, кéпиту, сикýнда, зилéну, нивóл'а, нивéста;* во претставката *пре-* (стсл. *пръ-*): да-ти *причéкă, призúрнăм*. На крајот на зборот во повеќе позиции: а) кај именките од среден род: *тéли* (:теле), *дéти* (бих), *дивójчи* (:девојче), *дýву зéли* (:зелје), б) кај наставката

[19] *Б. Видоески*, Фонолошки описи, Посебна издања, АНУБИХ, кн. LV, Сарајево 1981, Висока (ОЛА, 112), с. 802.

[20] *З. Голомб*, цит. раб., MJ, XIII—XIV, с. 217.

-ен за образување на придавки: *стре́брин, усла́нин, вре́дин* (*ма̀ш*); в) кај кратките и долгите заменски форми: *ми-виде́; уд-ме́ни, ду-те́би;* г) во наставката *-ец (:стсл. -ьць): ве́ниц, сил'а́ниц, Макидо́ниц;* д) кај личните имиња на *-е: Го̀ци* Дѐлчив, *Ми́три* уд-Илѝја; кај гл. форми за 3 л. ед. през.: ни мо́ж *да-би́ди; ми-чу́ди* то́ *на̀-ме́н*; но́го *си-по́ти;* е) во формите на императив за 2 л. мн.: *бига́јти сти; виде́јти, мулча́јти;* ж) во завршокот *е* кај прилозите: *у́три* да-до́јдиш; *у́три* ќи-бе́гум; *ма́лци* (:малце); *уд-го́ри* и́де. Оваа појава е толку изразена што резултатот се наложил и во соседство со сонанти, пр. *ко́рин, га́бир,* но сепак: *пе́пал, ки́сал.*

Редукцијата на неакцентираниот вокал *о* исто така во овој говор е комплетно изразена, сп. а) во почетокот на зборофор-мите: *ура́тин* кој̀н, *усно́ва, уфча́р;* б) во средината: *мо́зук, куле́ну, ву́јку-ми;* исто така и во членската морфема: *вра̀ис ка́минут, еди́нјут, бе́л'ут* кој̀н'; во микротопонимски единици: *Ри́дут, Ке́чавут* Рит, *На́чавут* Па̀т, *Царн'ут* Ка́мин; в) во финална по-зиција кај именки и придавки од среден род на *-о: се́длу, кури́ту, зиле́ну;* ош *по́-ху́буву;* кај лични имиња на *-о: Але́ку* гу-ве́л'ат; *на̀ Ма́рку* и сл.

1.7. Наспрема говорите што веќе ги разгледавме, како втора зона од долновардарското подрачје, што врз резултати-те од редукцијата се изделува во посебност е претставена од говорите во Кукушко, Гевгелиско и Дојранско. Односнава фо-нолошка појава овде, независно што е силно изразена, сепак покажува и извесни позициони ограничувања. Освен тоа, тре-ба да одбележиме дека и во оваа зона, на внатрешен план се забележуваат извесни подраздели и разграничувања.

1.71. Особено е забележлива разликата во резултатите од редукцијата на вокалот *е*. Г. П. Христов во својата работа за кукушко-дојранскиот говор, правејќи паралела забележил дека „...во Дојранско неакцентираното *е* поминува во *а̀*, а во Кукушко во *и*", во поткрепа ги наведува примерите: *па̀то́к, на̀да̀ба̀ле́л, ц а̀ле́зо, испа̀че́х, те́ма̀н, ја́са̀н, гре́ба̀н, зако́па̀н, ка́ма̀н, сре́бра̀н, па̀те́л* (Дојран), спрема: *пито́к, надибиле́л, циле́зо, ис-пиче́х, те́мин, ја́син, е́син, гре́бин, зако́пин, ка́мин, сре́брин, пите́л* (Кукуш).

Спомнатиот резултат на редукцијата на неакцентираното *е* во *а̀* консеквентно се забележува само во градскиот дојрански говор, додека во селата, па и најблиските, неутрализацијата на неакцентираното *е* во правец на *а̀* позиционо е ограничена, доследно се јавува само во соседство на сонанти, пр. во пунк-тот Патарос, покрај *бу́бра̀к, де́ва̀р, гу́шта̀р, ве́ча̀р, ра̀ше́то, а̀ма̀ну́шка, ча̀рта̀шо́во* да̀рво, кај придавките и именките на *-ен: гла́да̀н, же́да̀н, вре́да̀н; пра̀ста̀н. ка́ма̀н, ва̀гл'а̀н,* во подруга фо-

нетска окруженост за неакцентираното *е* се јавува резултатот *и: вичéра, дибéл, сă-залидúй* (: лед) и сл., исто така и во Николич, што се наоѓа само пет-шест километри од Дојран, покрај *врéдăн, сúлăн, кúсăл* и сл. среќаваме и: *билéк, свитéц* (*сă-прáве*), *свитéлник, свидóк, пилéни, ликувúт, нидéл'а, липéшка* (трева).

1.72. Во врска со искажувањата на Г. П. Христов дека во Кукушко неакцентираното *е* се редуцира во *и*, треба да се направат извесни доуточнувања. Имено и овде двојната измена на неакцентираното *е*, во *и* и *ă*, спаѓа меѓу диференцијалните особености што го одделуваат говорот на северните села, во т.н. Карадаг, од оној во Полето, поспецијално во селата кон Солунско. Таму резултатот *и* за неакцентирано *е* се јавува со особена фреквенција и во оние позиции во кои по на север среќаваме *ă* (< *е*), пр. така е во префиксот *при-* (< *пре-*), а специјално во соседство со сонанти. Тоа значи дека во односниов регион неакцентираното *е* скоро регуларно поминува во *и:* во почетокот и во средината на зборoформите, пред и по акцент, речиси независно од карактерот на соседните гласови, со извесни ограничувања во затворени слогови покрај сонантот *л* и на крајот на зборoформите. Сп. пр. од пунктот Амбар Кој, *а)* во почетокот на зборот: *илéн, изúк* (*:език*), *итарва* (< *етăрва*); б) пред акцент: *Билáсца, вирвирúца, питéл, пилéни, цидúлка, цилéзо;* в) по акцент: *јáдинто, нéбито, тéнцире, кáмин, дéвир;* г) во наставките *-ен, -енце* и *-ец: жéнин, рáнин, кáнин, загóрин, жéдин; крăцкăвиц* ('рскавица), *кóниц, јýниц, зáиц, мóлиц; дéтинце, тéлинце;* д) во префиксот *пре-: сă-причéстуве, призúрке, нă-причúка;* ѓ) во енклитики: *биз-мирáк, ни-мужéл.*

Во споменатиов пункт — Амбар Кој примерите со редукција *е* > *ă* се сосем малубројни и во повеќето случаи видливо е влијанието на аналогијата, пр. *măтăнúца.* Покрај сонантот *л* забележуваме неколку примери со *е*>*ă: пéпăл, кúсăл, дăлýнка.*

Односнава фонетска појава видливо е присутна и во други села на југ од Кукуш, во реонот Поле. Според нашите истражувања така е во: Беглерија, Иџеларе, Коџомарлија.

1.73. Во селата на север, во Карадагот, редукцијата *е* > *и* не е непозната, но исто така среќаваме и ред примери во кои измената оди во правецот на *ă*, и тоа не толку во северните села кон Дојранско, каде што регуларно *е* > *ă* колку во селата на исток, кон струмскиот говор. Оваа појава особено е изразена во пунктот Мутулово. Резултатот *е* > *ă* во соседство со сонанти, познат во други говори, овде е скоро стопроцентен: *Бăлáсица:* (Беласица), *пéпăл, кúсăл прицáпăл, зăлéн, жăлăдник,*

дăлýнка (:деланка), *лóпăн* (вид трева), *вéчăр, чăрéша, дéвăр, гáбăр, кáтăрица, гýштăр, нéрăс. кóрăн (и: корин), рăшéто,* во префиксот *пре-: прăгрúзе, прăфáште, прăдăдéх, прăзирке, сă-прăчéстăве (нă: прéчиста)* и сл. Ваквиот резултат, освен во соседството на сонанти, се јавува и во друга окруженост: *бăгáли уб-дóма; Кúро не-сăдé думузéт; сăчé* дăрва, *дéвăт; дăвăдăсé; пубăснéл* уд-инáт *на-пăчáлба* и сл.

Во многу помал обем среќаваме примери со редукцијата *е* > *и*, пр. *а)* во предакцентски слогови: *нивéста, тиминýшка, Виприни́цата* (:топ., ветер) и б) и поретко во слогови по акцент: *кóрăвица* (:вид диња со дебела кора), *мутулéниц, цăрвик, úмито.*

Слична измена забележавме и во соседните пунктови: Планица, Штемница, Алексово.

1.8. И овде секое неакцентирано *о*, првично или секундарно, ја стеснува својата артикулација кон *у*, а измената се движи од алофонот *о* до *у*. На односниве резултати влијаат истите фактори што ги споменавме: оддалеченоста од акцентот, фонетската окруженост и местото во зборoформата. Степенот на редукцијата е тешко дофатлива и многу неодредена, а забележлива е разликата само меѓу оние случаи кога вокалот *о* се наоѓа на крајот на зборoформата од една и сите останати од друга страна.

Примери: а) во почетната, предакцентска позиција: *урáтин којн, уснóва, уфчáр, уцéт, урúс, убрáјсто* (:образите), *убóр* 'заграден простор за стока'; б) во средината на зборoформите пред акцент: *уд-гудúна, вудупáт, купúто, Лузúнта* — топ. во с. Крецово; в) во слогови по акцент: *дудáкут* (устата) *бк(у)то, ýуто, Вóднијут Азмáк, Прáвјут Пăт* — топ. од пунктот Градодор, *Пăрнáрут* — топ. од Амбар Кој.

1.81. На крајот на зборот, во кукушкиот говор, како и во посеверните: дојранскиот и гевгелискиот, за разлика од солунскиот и воденскиот, се чува првичната зона на изговорот на односниов вокал *(о)* и редукцијата се движи до степен на алофон: *о (ау): сидéлко, рăцто* (:рацете), *Чифлúко* — топ. во с. Моларци, но сепак: *кýкту* (:кукавица) *кýке.*

1.9. Она што веќе го спомнавме за „недефинираноста" на редукцијата на неакцентираните вокали особено важи за вокалот *а* кој во неакцентирана позиција покажува различни степени на стеснување, почнувајќи од алофонот *а* па до темниот вокал *ă*. Степенот на редукцијата на вокалот *а* зависи од истите фактори што веќе ги спомнавме во врска со редукцијата на другите вокали.

1.91. Неакцентираното *а* се неутрализира со корелатот *ă* во средината на зборoформите, во предакцентска и поакцентска позиција: *стăрúнта* 'стариот', *пăзăрчин* ден, *кăшăрóк; мáн*

дрăта тúпкăтă. Ако судиме по елизијата, како најсилен степен на редукцијата, тогаш слоговите веднаш по акцентираниот слог се најмногу изложени на односниов фонетски закон. Многу често, ако законот за дистрибуција на согласките во односниов говор тоа го дозволува, вокалот *а* пред членската морфема се елидира: *армáсницта* (< *армасницата* 'вереницата'), *жéнта* (:жената), *ýста* (:устата). Во почетокот на зборoформите редукцијата на вокалот *а* е само делумна, а резултатот останува во границите на алофонот *а:* *армáсник* (:вереник), *арлăк* (:процеп/, но: *ајдýт*.

1.10. Гевгелискиот говор во однос на редукцијата покажува повеќе сличности со појужниот кукушки говор, отколку со соседниот дојрански. Прво, и овде неакцентирано *е* по правило се редуцира во *и*. Сп. примери во слогови пред акцент: *зилéн, пичéно, нивéста, сидéјне, пусидéл, лигнáл, пулигнáла, угријáла, питóк, вил'áл, Вилúка, динéска, шикéр, нимáл, пичáлба, тимнúца, литájте, пилúн, цилéзо, дивójка,* но и: *дăвójка, к'и м. к'е* (Д. Иванов, цит. раб., 67). Поретко, пред акцент, се среќава *ă* м. *е: свăкăрва, прăмéна, нă-можум*. Нивниот број се зголемува со префиксираните глаголи: *прăкóсăвум)* (:прекосувм), *прăстăнăвум, прăтăрнуве*. Кон нив се повеле и префиксите *при-, про-,* и се измениле во *прă-: прăкáжăвум* (:прикажувам), *прăшéтум, прăдóшле* — Иванов, 67.

Во слогови по акцент — во одредена фонетска окруженост — неакцентираното *е* се изменува во *ă: óрăл, пéтăл, вéчăру, кúсăл, áнгăл, ьóрăн,* — не без влијание на аналогија со групите *ăл, ăр*. Исто така *кáмăн, прăстăн, сúрăнце*.

Во селата кон Дојранско случаите со *ă* < *е* се побројни, така е на пр. во Богданци: *пăсóк, нăвéста* и сл.

1.101. Во врска со редукцијата на вокалот *о* во Гевгелиско според Иванов „... освен во крајниот отворен слог, секое неакцентирано *о* се редуцира во *у*, коешто во различни положби може да се разликува од етимолошкото *у* во степени и скоро никогаш не се совпаѓа со него: *ут тýк, утúăх, гу устăвúл, ус тáвум, устáнăвум... сунýвăм, сунúх, бучвáр... гувéдо, крóтук, дубúтук... сéло... дибéло, кójнто, свáтăвто, дéтто* (Гевг. говор, 70).

1.102. Истражувањата што ги имам вршено во Гевгелиско не ја потврдуваат мислата на Иванов дека „редуцираното *о* никогаш не се совпаѓа со етимолошкото *у*", т.е. не се забележува разлика во артикулацијата на вокалот *у* во: *учúтăл, ýтре, пуштýве*, и: *утúах, уснóва, бучвáр* и др. Веројатно и Иванов не бил сигурен во ваквото тврдење бидејќи, независно што го користи знакот за полуредуцирано *о*, сепак запишал: *устáнăвум, крóтук, дубúтук* и сл. Потврда за односново мислење наоѓаме

и во споменатава студија за воденскиот говор од В. Думев: „Ако остане без акцент гласот *о* се редуцира во *у*, сосем еднаков со етимолошкото *у*“ (цит. раб., 29).

1.11. За разлика од говорите во јужната зона, на пр. од воденскиот, во гевгелискиот говор, според Иванов: „Во придавските форми како *Стојáкăво, Мачýкăво, Сéăво, Пéтрево, сúнăве, сúнăвто, свáтăве свáтăвто Јувáнăвите, Мамкăве* и многу други од односниов тип скоро е невозможно да се определи точната артикулација на редуцираното *о* во суфиксите *-ов (-ова, -ово, -ови)*. Сепак, забележлива е тенденцијата кон *ă*. поради тоа на многу места во материјалите го бележам со *ă*. Од ова излегува дека неакцентираното *о*, освен во *у* се редуцира и во *ă*, и тоа во случаите што ги спомнавме погоре и во сите други од односнава категорија“ (цит. раб., 70). На крајот заклучува дека влијанието на консонантот *в* во односната фонетска промена е повеќе од јасно.

Авторот на студијата за долновардарските говори, С. Романски има подруго мислење, според него: „Придавските имиња на *-ов, -ова, -ово* покажуваат привидна редукција на *о* во *ă*, што се заклучува и по материјалите од Верковиќ, каде што се јавуваат случаи како *пóпава* м. 'попова' *(пóпава шáпка), мúшава* м. 'мишова' *(мúшава дýпка)* и сл., покрај: *горничково (дăрво горничково)*, со редуцирано *а*, што други запишувачи го одбележуваат дури со *ă* (сп. Иванов, 70). Всушност овде имаме замена на суфиксот *-ов* со *-ав* (од придавките како *глупав, рăждав, бозав* и сл.) и редукција на *а* во *ă* (С. Романски, цит. раб., 113).

1.111. Промената *о* > *ă* во неакцентирани слогови, и во одредена фонетска окруженост е општа особеност за втората, северната зона од Долновардарско. Освен во Гевгелиско ја среќаваме и во Кукушко, сп. микротопонимиските образувања: *Пéткăва Чéшма, Агăва Чéшма* од пунктот Крецово, оттаму се и формите: *сăдăфто, чúкăфци, кýкăво грóзде* (име на полско цвеќе). Во градскиот дојрански говор се јавува маргинално, но во пунктовите Фурка и Богданци, множинската наставка *-ове* скоро редовно се реализира како *-ăве: рóг е* (во Фурка: *рăгóве*) *грáдăве, дéнăве, ёжăве, кóлăве,* исто така и во еднинските придавски форми на *-ăв* (*-ăва, -ăво*), *нéгăф, нéгăво, брáтăво (дéте), јáлăва* (крава), натаму и во наставката *-ăвци* (<*-овци*) за образување на множина кај роднински фамилијарни имиња: *зётăфци, тáткăфци, шурăфци.*

1.12. Меѓу маркантните диференцијални црти, што јасно ги разграничуваат долновардарските говори на северна и јужна зона, сигурно претставува застапеноста на редукцијата на крајните отворени вокали во јужните пунктови, наспрема нејзиното отсуство во северните.

Зборувајќи за причините на јасниот изговор на крајните вокали Д. Мирчев во споменатава работа за кукушко-воденскиот говор (стр. 430) се задржува на физиолошкиот карактер и додава дека крајните самогласки секогаш се слушаат подолго отколку оние во средината на зборoформите. Д. Иванов за гевгелискиот говор го допушта влијанието на соседните говори, но додава дека тоа дејствувало повеќе врз цела категорија имиња и глаголи (с. 55). В. Думев е попрецизен (цит. раб., 36), тој истакнува дека на крајот на зборот самогласките *а, е, о* се зачувале како суштествен гласовен знак за одредена категорија.

1.121. На прашањето за блокирање на фонетскиот закон при редукција на последните отворени слогови во поново време се задржува проф. Б. Конески.[21] Тој заклучува дека во гевгелискиот говор морфологијата ѝ се спротивставува на фонетиката и редукцијата ги одминува крајните вокали бидејќи се носители на значајни граматички информации. Така е во Дојранско, а и во северните села од Кукушко, поточно во Карадагот каде што не се редуцираат ни *а* ни *о* кога се показатели на родот: *мо́ма, се́ло,* исто така и во членските морфеми *-та, -то: мо́мта, се́лто.* Натаму вокалот *-е* не се потчинува на законот на редукцијата кога е носител на морфолошкиот знак за мн. м.р.: *ма̀же, де́нàве,* уште кога е обележје на средниот род: *сàрце, вре́ме.*

На тој начин Конески во врска со редукцијата како фактор, освен фонетски силна и фонетски слаба позиција (акцентиран и неакцентиран слог), разликува и морфолошки силна и слаба позиција[22], а овие два услови ги исполнуваат средишни, неакцентирани слогови: *се́лто (< се́луто < се́лото), мо́мта (< мо́мата < мо́мата).*

1.13. Интересно е дека во јужната зона, т.е. во Солунско, Воденско и Гуменџиско како да не важат односниве закономерности и објаснувања за блокирање на законот за редукција во крајните отворени слогови, т.е. овде како да не постои стремеж за обезбедување на спомнативе морфеми, иако претставуваат релевантни знаци за дадени граматички категории, пр. *де́ти* (:дете), *по́ли* (:поле) — Во Солунско, *се́лу* (:село), *тѝрка́лу* (тѝрка́ло) — во Воденско; *вре́мà* (:време) — во Гуменџиско.

---

[21] *Б. Конески,* За некои морфолошки пречки на фонетските промени во македонскиот јазик, МЈ, XIII—XIV, кн. 1—2, с. 11—12.

[22] *Б. Конески,* За редукцијата на неакцентираните вокали, МАНУ, Прилози, I, 1—2, Скопје 1976, с. 58.

Одговор на односниов проблем наоѓаме во една маргинална забелешка од спомнатава статија за морфолошките пречки на фонетските промени во македонскиот јазик, во која се укажува дека изразот „морфолошка пречка" или „отпор" на фонетските промени, всушност ја одбележува само едната страна на одност што се воспоставува помеѓу фонетскиот и граматичкиот развој на даден јазик. Зашто, ако се земе предвид и другата страна, тогаш би требало да се истакнат ред случаи кога морфологијата токму создава услови за развивање на одделни фонетски промени — не им се спротивствува, а ги „помага".

1.131. Ваквите погодни услови приготвени во морфолошката база за „дејството на законот за редукција на неакцентираните вокали без остаток", и во крајните отворени слогови, ги наоѓаме во присутниот стремеж за иновации во системот на родовите опозиции. Односниов стремеж најзабележително е присутен имено во Воденско, Енице — Вардарско и Солунско, а најшироко се изразува во елиминацијата на одделната маркираност на машкиот и средниот род; сп. примери од Солунско: *загубе́нито син, ло́шо измиќа́р, пӑтот Господи́ново.* Поретко среќаваме и обратни случаи — со именка од среден се јавува одредница од машки род: *млад де́тенци, чу́до голе́м* (Кулакија).

1.132. Синтагми со нарушена конгруенција[23] од Воденско ни презентира, во споменатава работа, В. Думев: *адно́ уфча́р, а́рну чуве́к, ло́шу инса́н, угуе́ну дуби́тук, ни́ску тава́н, ку́су чуве́к;* сп. уште примери од Енице — Вардарско: *зла́тно ко́ниц, а́рно живо́т, пиче́но леп* и сл.

1.133. Засегнатоста на категоријата род репрезентативно е одразена и во микротопонимиската граѓа од односниов терен[24], сп.: *Ста́рто Ка́мен* (Ранце — Кајлар), *Ристе́муфто Буна́р* (Тремно — Кајлар), *Дӑлбо́куто Трап* (Баровица — Гуменца) и сл.

1.14. Во заклучок ќе истакнеме дека поклопувањето на дистрибуцијата на двете појави: редукција на вокалите во крајни отворени слогови и расколебаноста на категоријата род во најјужните македонски говори ни дава основа да претпоставиме дека: ако во северната зона морфолошкиот фактор — со цел да се зачува изразноста на морфемите — поставува граници на

[23] За ова в. *К. Пеев,* За некои посебности во конгруенцијата и категоријата род во југоисточните македонски говори, МЈ (во печат).

[24] *А. Поповски — К. Пеев,* Дијалектни особености во македонската топонимија како одраз на меѓујазичните контакти, МАНУ, Втора југословенска ономастичка конференција, Скопје 1980, с. 287—291.

дејствувањето на редукцијата, во јужната зона загубата на родот помага на односната фонетска промена во смисла на деблокирање, ја остава редукцијата да дејствува комплетно.

1.15. Во сето тоа, не може да се исклучи влијанието на структурата на несловенските балкански јазици, во овој случај турскиот и ароманскиот, бидејќи и концентрацијата на односново население овде била многу позначителна. Тоа допринело, покрај општопознатите балканизми присутни во повеќето македонски дијалекти, во најјужната зона да се пенетрираат и одделни морфолошки карактеристики врзани со категоријата род од споменативе балкански, несловенски јазици.

Kosta PEEV

Summary

VOCALIC »REDUCTION« AS A FACTOR OF DIFFERENTIATION OF THE SOUTHEASTERN MACEDONIAN DIALECTS

The Southeastern Macedonian dialects are those south of the line: Belasica — Kožuv — Nidže.

Insofar as their vocalism is concerned the main factors of differentiation are the distribution of vocalic phonemes and vowel reduction.

The six-element vocalic system is to be found only under stress. Unstressed vowels are shorter: the oppositions *e* — *i*, *a* — *ă* and *o* — *u* can be eliminated and the system can be reduced to its higher members: *i ă u*.

The center of the phenomenon is situated in Kukuš and Voden and as one travels in the direction of Gevgelija differences between stressed and unstressed vowels become smaller.

Агим ПОЛОСКА

УДК 808.66—316.3:809.198.3—316.3(497.17—21)

ЛЕКСИЧКА ИНТЕРФЕРЕНЦИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ И АЛБАНСКИОТ ДИЈАЛЕКТ ВО ПРЕСПА*

Во нашава работа се задржуваме главно на прашањето што е во врска со лексичката интерференција на македонскиот и албанскиот дијалект во Преспа. По својата суштина поставената тема предизвикува посебен интерес за проучувањето на дијалектната лексика на македонската јазична територија. По својата географска распространетост, повеќе националниот состав и мултилингвалниот белег на населението во преспанскиот регион (македонско, албанско, турско и др.), каде што има живи разнојазични вкрстувања и мешања, дава извонредни можности за проучување на лексичката интерференција на македонскиот и албанскиот дијалект во Преспа. Како резултат на ваквата етничка слоевитост на населението во преспанскиот регион доаѓало до необично широк спектар на влијанија во областа на дијалектната лексика.

Преспанските говори го исполнуваат котлинскиот дел околу Преспанското Езеро. Источната граница спрема централните говори ја сочинува планинскиот венец Бигла — Ѓавато — Пелистер — Баба. Од Баба границата се спушта на југ и оди по водоводот меѓу Преспа и охридскиот слив и преку планината Горбец излегува на јужниот брег на Мало Преспанско Езеро. На западната страна спрема Албанија во преспанските говори спаѓаат сите приезерски села сè до Галичница на север. На северната страна спрема охридското говорно подрачје исто така имаме природна граница која ја сочинува планинскиот

---

* Текстот е изложен како автореферат на магистерската теза под истиот наслов одбранета на 20. III. 1986 година, пред комисија во состав: проф. д-р Оливера Ј. Настева, проф. д-р Божидар Видоески и проф. д-р Љатиф Мујаку.

венец Галичица — Петрина и преку превојот Буково излегува на јужниот крај на Битла. Преспанските говори сочинуваат дел од западното македонско наречје[1].

Пред да преминеме на прашањата и темите по кои се движеше нашиот интерес, ќе укажеме на некои од факторите кои го обусловуваат јазичното мешање, особено на лексички план. Денес е општо прифатено мислењето дека лексиката има огромно значење не само за лингвистиката, туку и за ред други науки, како: фолклорот, етнографијата, книжевноста, историјата, географијата и др. Тоа убаво го забележал и познатиот лингвист Р. Филиповиќ кога вели: „Лексиката е индекс на културата која во целост може да ја опишува културата, бидејќи се смета дека лексиката изразува значења што ја претставуваат културата"[2]. Како што е познато, лексичката интерференција е процес кој настанува предимно во билингвална и плурилингвална средина. Мнозина лингвисти како што се У. Вајнрајх, Б. Хавранек, Е. Сапир, А. Мартине, Р. Филиповиќ и други се согласуваат со основната претпоставка според која интерференцијата е многу важна при заемањето. Ова е од посебно значење за лексиката како најотворен систем на јазикот. Според Р. Симеон, „самиот термин интерференција ги вклучува сите позајмени елементи од еден јазик во друг. Интерференцијата ги опфаќа сите области на јазикот: фонетиката, фонологијата, синтаксата, речникот и др. Потоа, таа може да ги опфаќа и следните облици: туѓиот акцент, јазичното мешање, неидиоматското изразување, калките, семантичкото заемање и др."[3]

Интензивните контакти на културен, стопански и економски план до кои доаѓало меѓу народите и народностите на Балканот, како и вкрстувањата и мешањата што се вршеле во етнокултурите, имале значаен удел и за лингвистичките позајмувања, пред сè лексички и семантички Нема сомнение дека за заемањето и влијанието на балканските јазици во областа на лексиката голема улога имал и долгиот заеднички живот на народите на Балканскиот Полуостров, географската конфигурација, стопанството, трговските и културните струења и размена, разни микро-миграции и др. Сето ова доведувало до блис-

[1] Поопширно за преспанските говори, види Божидар Видоески, Преспанските говори — класификација и основна карактеристика. Прилози, VII, 2, МАНУ, Скопје, 1982, с. 5.

[2] Rudolf Filipović, Kontakti jezika u teoriji i praksi, Zagreb, 1971, 1971, s. 105.

[3] Rikard Simeon, Enciklopedijski rječnik lingvističkih naziva, I, (A—O), II (P—Ž), Zagreb, 1971, s. 549.

ки контакти, па и до создавање голем број заеднички лексички елементи и низа други јазични појави карактеристични за балканските јазици. Јазичните контакти до кои се доаѓало во балканскиот ареал, како и заемните влијанија што јазиците ги имале овде, биле предмет на проучување на повеќе истакнати лингвисти како што се М. Фасмер, М. Миклошич, Кр. Сандфелд, П. Скок, С. Младенов, Б. Конески, О. Јашар — Настева, Е. Чабеј и др.

Македонскиот и албанскиот јазик, како балкански јазици, кои покажуваат толку многу наспоредни особености во фонологијата и граматиката, имаат и еден значителен заеднички фонд во речникот. Заедничките лексички елементи на овие јазици не се исцрпуваат со директните позајмувања на заемки од еден јазик во друг, туку, во моделирањето на лексичките елементи, како непосреден извор за позајмување, служи и процесот на интерференцијата на другите балкански јазици: грчкиот, латинскиот, романскиот, бугарскиот, ароманскиот, турскиот и др.

Заземајќи централно место на Балканот, во својот историски развој и во контакт со другите балкански јазици (грчкиот, ароманскиот, албанскиот, турскиот) македонскиот јазик повеќе се „балканизирал" од другите словенски јазици, а секако и најмногу влијаел врз несловенските јазици од ова подрачје. Од ова може да се заклучи дека значајна улога во развитокот на јазичното контактирање помеѓу македонскиот и албанскиот јазик одиграл фактот што тие се развивале во една плурилингвална територија. Овие моменти придонесле во македонскиот и албанскиот јазик да дојде до една богата лексичка интерференција, благодарение на тесните контакти, од една страна и без да се засегне подлабоко структурата на двата јазика, од друга страна.

Нема сомнение дека македонско-албанските јазични контакти, особено на лексички план, во СР Македонија се прашања кои би можеле да се вклучат во рамките балканистичката проблематика. Врз проблемот на јужнословенските и албанските лексички вкрстувања и мешања, врз заемањето и јазичната интерференција на поширок план пишувале Селишчев, Десницкаја, Скок, Конески, Ајети, О. Ј. Настева, Чабеј и др. Во последните неколку години за лексичките заемки и интерференцијата на словенизмите кои навлегле во албанскиот јазик пишувал и познатиот лингвист и балканолог Е. Чабеј. Според Чабеј албанскиот јазик има големи јазични врски со словенските јазици. Добар дел од лексичкиот фонд на земјоделската,

сточарската и административната терминологија е од словенско потекло, сп.: *kapinkë, brazdë, lopatë (капина, бразда, лопата)* и др. Од друга страна, Чабеј ги приведува и албанизмите кои навлегле словенските јазици, посебно македонскиот, меѓу кои: *шута, чупа, балега. угич* и др. *(shutë, çupë, bajgë, ugiç).*

Контактите на македонските говори со албанските на територијата на СР Македонија претставуваат, секако, посебен интерес и за изучување на појавата на интерференцијата на дијалектната лексика. Одделните дијалектни лексички изоглоси во повеќето подрачја со мешано македонско и албанско население покажуваат дека во некои сфери и тематски области наполно е извршена лексичката интерференција. Оваа тенденција, според нашето мислење, не се јавува само како резултат на непосредните контакти помеѓу двете етнолингвистички групи, туку повеќе се јавува како нужност во разговорниот јазик, како комуникативна потреба во секојдневниот живот на македонското и албанското население.

Оваа појава е карактеристична и за преспанскиот регион. Широкиот пласт на лексички елементи од областа на земјоделството, сточарството, овоштарството, рибарството, кулинарството, растителниот и животинскиот свет и др., јасно сведочи дека во македонскиот и албанскиот преспански говор е присутна појавата на интерференцијата. Ова значи дека и кај македонското и кај албанското население се употребува еден значителен заеднички лексички фонд во разговорниот јазик. Заедничкиот живот на населението во преспанскиот регион, секојдневното комуницирање, влијанието на училиштето, средствата за масовно комуницирање (телевизијата, радиото и печатот) придонесле албанското население во својот речник да прифати зборови и изрази од македонскиот јазик. По однос на прашањето за времето, изворите и патиштата на македонизмите кои навлегле во албанскиот преспански говор, условно, би можеле да се изделат два слоја: *постар* и *понов слој на заемки.*

Во постариот слој на заемки би можеле да се изделат следните: *jagotkë, kapinkë, malinkë· vllak, mrezh(d)ë, osten (< јаготка, капина, малина, влак, мреж(д)а, остен, бразда, носит, крап, стопан)* и др.

Од поновиот слој, пак, би можеле да се изделат оние заемки што почнале да се употребуваат поинтензивно во периодот по Втората светска војна. Добар дел од нив ѝ припаѓаат на администрацијата, општествено-политичкиот и културниот живот: *dogovor, zhallbë, pokanë, reshenje, opshtinë, vezhbë, pores,*

danak, kancellari, vnatreshni (< договор, жалба, покана, решење, општина, вежба, порес, данак, дечки, канцеларија, внатрешни /работи/) и др.

Од друга страна и македонското население во разговорниот јазик употребува лексеми позајмени од албанскиот кои не се многу на број: *пус, бир, чупа, нусе, страга* и сл. *(< pus, bir, çupë, nuse, strungë)*. Бројот на албанизмите во македонскиот преспански говор не е голем. Употребата на албанизмите во разговорниот јазик кај македонското население е доста ограничена. Тие се познати повеќе како лексички дијалектизми, бидејќи како такви, некои од нив се познати и во другите албански говори во СР Македонија (кичевскиот, струшкиот, и дебарскиот).

Во лексиката на македонскиот и албанскиот преспански говор се среќаваат и голем број заемки од турскиот јазик. Најчестите турцизми се од областа на кулинарството: *ашура, асуде, баклава (< aşure, asude, baklava)*, од овоштарството: *ѓулка, ѓулабија, карапаша, шербетка (< gül, gülâbi, karapaşa, şerbetli)*, од етнокултурата: *басамаци, далга, ѓол, ибрик, јадец, ракија* и др., *(basamak, dalga, göl, ibrik)*.

Во рамките на оваа опсежна проблематика секако дека посебно прашање претставуваат балканизмите, составени од елементи од различно етимолошко потекло. Извесен дел од нив им припаѓаат, веројатно, на супстратот. Некои од нив се среќаваат во латинскиот: *куластра, kulloshtër (< colostra)*, во грчкиот: *колиба, kolibe, саламура, sallamur* (грч. σαλμονρα) *(j)агурида, agurith* (грч. αγοριδα) како и во романскиот и аромански: *котар, kotar, кошара, kosharë, мамалига, mimilige*.

Како резултат на интензивните контакти со македонскиот јазик, во албанскиот преспански говор, позајмени се, како што видовме освен одделни лексеми и неколку суфикси. Меѓу овие со посебна продуктивност се изделуваат: *-ица (-icë), -ец (-ec), -ка (-kë), -ник (-nik), и -иште (-ishtë-ishte)*.

И овие неколку примери што ги зедовме само како илустрација јасно покажуваат дека во преспанскиот регион се извонредно интензивни процесите на лексичката и семантичката интерференција во рамките на дијалектната лексика.

На крајот би можеле да констатираме дека преку овие лексико-семантички процеси се проширува и збогатува во голема мера лексиката на македонскиот и албанскиот преспански говор. Нема сомнение дека развитокот на дијалектната лексика на преспанското подрачје покажува всушност редица белези што се карактеристични за слични етнички и лингвистички контексти.

Agim POLOSKA

Summary

A LEXICAL INTERFERENCE OF THE MACEDONIAN AND ALBANIAN DIALECTS IN THE REGION OF PRESPA

The language contacts among the nations and nationalities on the Balkan were widely investigated by many distinguished linguists such as F. Mikloshich, K. Sandfeld, P. Skok, B. Koneski, E. Chabei and others.

The lexical material for this article was collected in the villages of D. Bela Crkva, Grnchari, Asamati, Krani, Arvati and Nakolec.

The auhtor points out that some lexical isoglosses of the mentioned two dialects in certain areas of Prespa show that there are signs of a total lexical interference. The common life, everyday communication, school, mass media influenced the vocabulary of the Albanian population and widened it with some Macedonian loan words.

The author classifies the loan words in two groups: loan words from Macedonian introduced to the Albanian dialect in Prespa before the World War II and loan words from Macedonian (mainly socio-political, administrative and cultural terms) introduced to the Abanian dialect in Prespa after the World War II.

However, the author gives some examples of Albanian loan words used in the colloquial speech of the Macedonian population in Prespa.

Велко СИЛЈАНОСКИ

УДК 801.42:[371.32:802]809

АРТИКУЛАЦИСКАТА ФОНЕТИКА ВО НАСТАВНИОТ ПРОЦЕС: КАКО ЈА ДЕЛИМЕ ГОРНАТА ПОВРШИНА НА НАЈПОДВИЖНИОТ ОРГАН НА ГОВОРОТ

Во поново време во наставата по странски јазици посебно внимание му се посветува на комуникативниот аспект на говорот. Од наставникот се бара да го научи ученикот како да го постави правилниот исказ во правиот контекст со адекватна мелодика и гласовен систем приближен за соодветниот јазик.

Многу лингвистички фактори делуваат спротивно на наставниковата желба да ја оствари саканата цел. Отстранувањето и спречувањето на учениковите грешки често пати зависи од неговата теоретска подготвеност во одделни лингвистички дисциплини.

Кога е во прашање предавањето на говорниот јазик, неговата површинска структура, доволни ни се основни теоретски предзнаења од артикулациската фонетика. Ако ученикот не е во состојба да ги репродуцира странските „гласови" полезно е, секако, наставникот да знае кои органи учествуваат во нивното образување, како и во образувањето на „гласовите" на мајчиниот јазик за да може квалификувано да подготвува „терапија" со чија помош ќе го исправа погрешниот изговор.

Сите потребни информации за изговорот на „гласовите"[1] наставникот може да ги најде во постојните учебници по фонетика. Описот на артикулацијата на најфреквентниот алофон го вклучува координираното дејствување на сите активни органи на говорот (јазикот, усните, мекото непце, гласилките) како и неподвижните органи.

---

[1] Односно однесувањето на фонемите во соодветниот фонетски контекст.

Јазикот е веројатно најважниот орган на говорот. Тој е многу флексибилен и може да зазема различни положби модифицирајќи ја воздушната струја на различни начини. Тој има главна улога во образувањето на самогласките. Неговата положба во устата го менува обликот и големината на резонаторските празнини низ кои проаѓа воздушната струја. Од нив зависи акустичниот квалитет на самогласките. Јазикот несомнено има голема улога и во образувањето на скоро сите согласки.

Значи, во описот на артикулацијата на самогласките и согласките се настојува да се прикаже положбата на јазикот што е можно попрецизно. За да се постигне тоа неговата горна површина се дели на следниве делови:

1. Врв на јазикот (анг. tip, point of the tongue)[2] = коронка
2. Подвршок (анг. blande of the tongue)
3. Преден дел (анг. front of the tongue)
4. Среден дел (анг. center of the tongue)
5. Заден дел (анг. back of the tongue)

= грб или дорсум[3]



1. Заби
2. Врв на јазикот
3. Подвршок
4. Преден дел
5. Заден дел
6. Венец
7. Тврдо непце
8. Меко непце

[2] Ги даваме и англиските еквиваленти од причини што ќе станат јасни од натамошното излагање.

[3] анг. dorsum.

Во положба на мирување задниот дел од јазикот лежи наспроти мекото непце, предниот наспроти тврдото непце, а средниот на спојот меѓу нив. Целата горна површина на јазикот понекогаш се нарекува дорсум.[4] Подвршокот се наоѓа наспроти венецот, а врвот на самиот крај зад забите. Овие два дела се познати и под името коронка.[5] Ова, според нас, е најдобрата можна поделба.

Доброто познавање на движењата на јазикот при образувањето на „гласовите" на мајчиниот и странскиот јазик може да има голема полза во наставниот процес, посебно ако ученикот не е во состојба дури и по вежбањето на добро срочените вежби ниту да ги чуе ниту да изговори туѓите „гласови". Така, на пример, правилниот изговор на англиската венечна согласка (t) се постигнува релативно едноставно, ако на ученикот му се објасни[6] дека преградата за оваа согласка не се прави на забите како во мајчиниот јазик, туку малку погоре на гингивите.[7] Исправањето на грешката во местото на образувањето е скоро секогаш успешна затоа што ученикот може да го почувствува контактот на јазикот во устата. Тоа, се разбира, не може да се постигне, ако наставникот не ја познава физиологијата на говорот и ако не научил кои органи учествуваат во формирањето на одделните согласки и самогласки во сопствениот и странскиот јазик.

Погоре укажуваме на фактот дека информациите за артикулирањето на „гласовите" можат да се добијат од учебниците по фонетика. Такви учебници за англискиот јазик има публикувано во САД, В. Британија, СССР, Полска, Југославија и други европски земји. Тие се разликуваат по својот пристап на излагањето на материјата, но имаат една заедничка карактеристика: детално го опишуваат движењето на јазикот кон пасивните органи, но значително се разликуваат во поделбата на неговата горна површина. Тоа не би пречело, ако за истиот дел од јазикот не се употребуваат различни термини; ако не постојат контрадикторни толкувања, често пати дури во истиот извор на информации; ако биле исправени очигледните превиди кои го доведуваат педагогот — јазичар во заблуда; и на крај ако преведувањето на термините од англискиот јазик на српско-хрватски било направено повнимателно.

---

[4] Но не кај сите фонетичари (види подолу).
[5] Се споменуваат и страните на јазикот (анг. the rims).
[6] Особено во подоцнежната фаза на учењето на јазикот.
[7] Изборот на лексиката на инструкцијата несомнено ќе зависи од возраста на ученикот и степенот на неговите знаења.

Во написов ќе ги разгледаме сите овие проблеми за, во извесна смисла, да да ја оправдаме сопствената поделба на јазикот,[8] и, што е уште поважно, да ги информираме наставниците за состојбата на нештата во прирачниците по фонетика, надевајќи се дека изнесените факти ќе најдат практична примена во сложениот наставен процес.

Непосреден повод за овој напис претставува описот на артикулацијата на англиската согласка (s): *„Грбот на јазикот* (blade of the tongue) и венецот (teeth ridge) прават теснец, којшто е многу мал. *Предниот дел на јазикот* се подигнува кон тврдото непце. *Врвот на јазикот* се подигнува спрема забниот гребен. Мекото непце е подигнато. Гласилките не треперат. Забите се скоро доближени; усните се развлечени. Воздухот проаѓа низ малиот теснец и прави висок остар шум . . ."[9] (подвлеченото е наше).

На прв поглед ништо необично. Согласката (s) навистина се образува со „the blade of the tongue" на гребенот (венецот). Но дали грбот (с.х. леца) на јазикот учествува во образувањето на согласката? Или подобро речено кој дел од грбот (?) е вклучен во нејзината артикулација? Прашањето го поставуваме вака затоа што според авторот на приведениот опис, јазикот го дели на „врх језика" (анг. tip of the tongue) и „леца језика" (анг. blade of the tongue), а на грбот разликува:

1. „предњи дио језика" (front of the tongue)
2. „средњи дио језика" (centre of the tongue)
3. „задњи дио језика" (back of the tongue)[10]

Ако се одлучил за ваква поделба, тогаш тој во описот на (s) морал попрецизно да определи кое делче од грбот, односно предниот дел е вклучено во образувањето на согласката. Инаку може да се претположи дека артикулаторот е било кој од трите подделови на грбот. А сигурно е дека ниту средниот ниту задниот дел не го прават теснецот за (s), туку подвршокот.

Од сликата на целата горна површина на јазикот[11] се гледа дека терминот „врх језика" не го вклучува во себе подвршокот, туку најкрајниот дел од јазикот. Подвршокот не е исто така вклучен во предниот дел од јазикот. Според тоа, ако воопшто постои некоја непрецизност во описот, таа треба да се бара во несоодветната поделба на шилестиот дел од јазикот, а помалку во „несоодветниот превод" на англискиот збор „blade" или во „несоодветната употреба на зборот „леца језика".

---

[8] Види стр. 2.

[9] Филиповиќ (1954, стр. 214, преводот е наш). Слична е артикулацијата на македонската согласка с.

[10] Филиповиќ (1954, стр. 12—13).

[11] Филиповиќ (1954, стр. 12).

Каква е всушност семантичката поврзаност на лексемите „blade" и „леца јазика"? Да видиме најпрво какви толкувања ни нудат поавторитетните реченици:

а) blade — „површина јазика"[12]
б) blade — „површина јазика"[13]
в) blade — „равниот дел од јазикот, зад врвот"[14]
г) леца јазика — „горња површина јазика од врха до коријена" = хрбат јазика = дорсум[15]

Грбот на јазикот, значи, ја означува горната површина на јазикот (со или без врвот), интерпретација што значително не се разликува од интерпретацијата што ја разгледувавме пред малку. Па сепак, како што ќе видиме подолу, грбот на јазикот не е „the blade of the tongue". „The blade" денес има поинакво, стеснето значење. Се однесува на она делче од јазикот што лежи наспроти венецот.[16]

На друго место „the blade of the tongue" е преведен како *преден дел на јазикот:* „Фрикативот (s) е... согласка. Се образува со *предниот дел од јазикот* (blade of the tongue) кој му се приближува на венецот, но остава многу тесен премин за воздухот".[17] Овде нема грешки во описот на артикулацијата на согласката ниту во преведувањето на англискиот термин. Фонетичарот едноставно се одлучил за една поинаква поделба на јазикот од онаа што ја сугериравме на страна 2. „Предниот дел на јазикот" вели тој е оној дел на јазикот што се наоѓа наспроти алвеолата кога јазикот мирува. Предниот дел завршува со врвот на јазикот (tip of tongue)[18]. И натаму „the front of the tongue" станува среден дел од јазикот, а средниот дел го нема. На оваа поделба не би имале забелешка кога таа не би го усложнувала описот на самогласките, а посебно традиционалната класификација на самогласките на самогласки од преден, среден и заден ред. Првите не би можеле да бидат од преден ред затоа што се образуваат со „средниот дел од јазикот", а вторите би биле непостоечки, зашто не постои „среден дел од јазикот" во вистинската смисла на зборот. Тој е всушност „the front of the tongue".

Во „Енциклопедискиот речник на лингвистичките термини" од Р. Симеон[19] како синоними на исказот „леца јазика" беа дадени „хрбат јазика" и „дорсум".

[12] Филиповиќ (1955, стр. 91, значење 5).
[13] Бенсон (1980, стр. 68, значење 6).
[14] Вебстер (1970, стр. 148, значење 9), преводот е наш.
[15] Симеон I (1969, стр. 751).
[16] Има околу 1,25 см, а се наоѓа веднаш зад врвот кој има околу 0,65 см (една четвртина од инчата). Види Франсис (1958, стр. 69).
[17] Видовиќ (1967, стр. 159).
[18] Видовиќ (1967, стр. 13), преводот е наш.
[19] Симеон I (1969, стр. 751).

Во влезот „хрбат језика" е приложено следново објаснување: „1 дорсум (... е. dorsum) — леда језика, дорсум; стражњи дио језика уз меко непце"[20]. Веднаш забележуваме дека грбот на јазикот, односно дорсумот може да биде и задниот дел на јазикот, оној дел што лежи наспроти мекото непце. Второво значење е навистина ретко[21] и по сè судејќи некоректно затоа што буквално и едностранчиво го пренесува основното анатомско значење на лексемата дорсум, од која подоцна се развиле другите значења. Таа лексема го означувала задниот дел или подобро речено, горната површина, на пример, на некое животно[22]. Аналогно на тоа дорсумот на јазикот би требало да се однесува на целата горна површина на јазикот, без коронката, а не само на неговиот заден дел.

Затоа, со право, дорсалната артикулација во речникот на Симеон[23] е квалификувана како артикулација кај која активен орган е грбот на јазикот, а меѓу согласките со таква артикулација се ставени тврдонепчените и меконепчените согласки, но со напомена дека според руската терминологија дорсални согласки се пред сè среднојазичните и преднојазичните согласки при чија творба предниот дел од грбот на јазикот е подигнат спрема непцето. Тие согласки, се вели во истата напомена, се разликуваат од „кореналните" и веларните согласки. Тоа значи дека во руската фонетика задниот дел од јазикот не е составен дел на дорсумот.

А што се тоа кореналните гласови? Тоа се гласовите што се изговараат „рубом језика"[24]. Овде „руб језика" во никој случај не смее да се сфати како раб или ивица (страна) на јазикот. Се работи всушност за подвршокот на јазикот. Дека е тоа така може да се види од влезот „кореналан сугласник" во кој, покрај другото, го наоѓаме и ова образложение: „Артикулацијата на кореналната согласка се врши со подигање и потпирање на предниот дел од јазикот (т.е. делот меѓу врвот и грбот, којшто се вика и коронка) на непчениот лак — тука, значи се прави теснецот со рамната површина на јазикот без учество на врвот на јазикот"[25]. Според тоа „руб језика", „предњи дио језика" и коронката во овој речник имаат исто зна-

[20] Симеон I (1969, стр. 489).
[21] Го среќаваме, на пример, кај Франсис (1958, стр. 63, 69) или кај Вроштајн (1966, стр. 65).
[22] Види dorsum во Вебстер (1970, стр. 419).
[23] Симеон I (1969, стр. 262).
[24] Симеон I (1969, стр. 713, влез — кореналан).
[25] Симеон I (1969, стр. 714).

чење. Ако е така, тогаш кореналната артикулација треба да биде таа артикулација кај која подвижниот орган е коронката, а не грбот на јазикот како што е подвлечено малку порано во истиот речник и во истиот влез: „Кореналнa артикулација — у фонетској терминологији: формирање гласа на тај начин да *хрбат језика* дође у додир с неким делом усне празнине"[26]. Имајќи го предвид претходното објаснување за зборот „хрбат", последново толкување на кореналната артикулација изгледа наполно депласирано.

Како стојат работите со врвот на јазикот? Не така едноставни како што би требало да бидат. Ќе се послужиме повторно со речникот на лингвистичките термини: „Врх језика или вршак језика" се вели во него (налази се, н.з.) „непосредно иза оштрице и око ње — апекс (— e. blade)."[27] Шилестиот дел од јазикот, според тоа, би требало да се состои од два дела, од „оштрица" (= предњи руб језика, e. point[28]) и „врх језика" (анг. blade), односно апекс (анг. apex).

Врвот на јазикот може да се прифати како еквивалент на англискиот термин „blade of the tongue" само ако ги вклучува во себе крајниот дел од јазикот заедно со подвршокот. Такво значење впрочем му е дадено во трудовите на многу англоамерикански автори.[29] Него, како што истакнавме порано, не го сметаме за најпрецизно. Многу сме попрецизни кога „blade" го употребуваме за оној дел на јазикот што лежи наспроти гребенот,[30] односно кога тој го означува подвршокот, а не врвот на јазикот. Исказот „the blade of the tongue" изгледа најмалку прифатлив кога се однесува на предниот дел од јазикот, оној дел што се наоѓа наспроти тврдото непце.[31] Од овие образложенија произлегуваат заклучоците (1) дека терминот „the blade" има неколку интерпретации, од кои само една одговара на онаа што ја приложивме на стр. 2 и (2) дека „врх језика" не е најпогодниот негов српскохрватски еквивалент.

Образложението дека врвот на јазикот (= апексот) се наоѓа зад „оштрицата" е контрадикторно со примерите со кои се илустрираат апикалната артикулација и апикалните соглас-

[26] Симеон I (1969, стр. 713).
[27] Симеон II (1969, стр. 731).
[28] Симеон I (1969, стр. 1004).
[29] Види Ворд (1958, стр. 49, фиг. 2); Кристоферсен (1956, стр. 12, фиг. 2); Макарти (1967, стр. 18, дијаг. 2); Томас (1958, стр. 15, фиг. 1); Џоунс 1960, стр. 14, фиг. 1); Џоунс (1967, стр. 6, фиг. 1).
[30] Види на пример, Видовиќ (1969, стр. 13, сл. 1).; Гимсон (1962, стр. 8, фиг. 1).; Оконор (1973, стр. 36).; След (1959, стр. 37). Франсис (1958, стр. 63).
[31] Види кај Харли (1947, стр. 5).; Вронштајн (1960, стр. 65, фиг. 9).; Стренг (1968, стр. 33, фиг. 2).

ки. Тие зборуваат во прилог на едно поинакво толкување на нештата. А имено, дека врвот на јазикот (како превод на латинскиот термин apex) го претставува самиот крај (анг. point или tip) на јазикот со чија помош се артикулираат, на пример, српскохрватските согласки (l, r, t, d) или англиските дентали (θ, ð).[32] Дека под поимот „врх језика" во српскохрватскиот јазик повеќе се подразбира неговиот преден (краен) дел, а не нешто друго се потврдува и со следниве два примера:

1. „латерал [l] је звучни алвеоларни сугласник... Настаје кад се *врхом језика* дотакне алвеола[33] (подвлеченото е наше).

2. [n] је звучни, алвеоларни назал. *Врх језика* и алвеола чине потпун затвор.[34] (подвлеченото е наше).

Бидејќи споменатите согласки се прават со самиот краен дел на јазикот, повеќе е од очигледно дека врвот, апексот и острицата во споменатиот речник имаат исто значење, па според тоа апексот повеќе му одговара на англискиот термин point, односно tip of the tongue, а не blade of the tongue, иако апексот некогаш го покрива и врвот и подвршокот.[35]

И врвот и острицата на јазикот асоцираат на нешто што се наоѓа на неговиот крај. Затоа tip или point ги посочивме како нивни можни англиски еквиваленти. Но тие исто така би можеле да бидат употребени како термини што ќе ги означуваат двата крајни дела на јазикот (врвот и подвршокот — што одговара на грчкиот термин χορανη)[36] или како лексеми со реска семантичка подвоеност (првиот, да речеме, да се однесува на крајот, а вториот на делот до него — подвршокот).

Разложувањето на шилестиот дел од јазикот на два дела е императив во артикулациската фонетика. Без таквата поделба не сме во состојба да правиме разлика, на пример, во описот на образувањето на македонските согласки р и с. Кај првата во образувањето учествува само врвот на јазикот, а кај втората врвот, заедно со подвршокот[37].

---

[32] Види *апикална артикулација* во Симеон I (1969, стр. 86).
[33] Види Видовиќ (1969, стр. 143).
[34] Види Видовиќ (1969, стр. 137).
[35] Види Гимсон (1962, стр. 14, пар. 2.28).
[36] Во македонскиот јазик погоден е терминот коронка. Слично значење има фонетскиот признак (±) коронален во генеративната фонологија на Чомски (1968). Види, на пример, стр. 304, пар. 4.1.1.
[37] А врвот е свиткан надолу, зад долните заби.

ЗАКЛУЧОК:

За потребите на артикулациската фонетика горната површина на најважниот подвижен орган — јазикот ја делиме на врв, подвршок, преден дел, среден дел и заден дел. Нивните англиски еквиваленти се: tip (point), blade, front, centre, back of the tongue.

Ваквата поделба не е општоприфатена. Во фонетската литература се нудат поделби на јазикот кои не се погодни за прецизно опишување на согласките и самогласките. Несоодветната поделба често доведува до несоодветна терминоловија, нередок извор на забуни и недоразбирања.

Несоодветната поделба исто така го прави преведувањето на фонетските термини од еден јазик на друг (во случајов од српскохрватски на англиски) многу тешко. А неадекватниот превод од друга страна ги доведува во заблуда консументите на таа литература, најчесто наставниците по странски и мајчин јазик.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Bronstein, J. A. (1960). The Pronunciation of American English. Appleton — Century — Grofts, New York.
Benson, M. (1980). Englesko-srpskohrvatski rečnik. Prosveta, Beograd.
Chomsky, N. / Halle, M. (1968). The Sound Pattern of English. Harper and Row, Publishers, New York.
Christophersen, P. (1956). An English Phonetics Course. Longmans, London.
Filipović, R. (1954). Engleski izgovor. Školska knjiga, Zagreb.
Filipović, R. (1955). Englesko hrvatski rječnik. Zora, Zagreb.
Francis, W. N. (1958). The Structure of American English. The Ronald Press Company, New York.
Gimson, A. C. (1962). An Introduction to the Pronunciation of English. Edward Arnold, London.
Jones, D. (1960). An Outline of English Phonetics. Heffer and Sons, Cambridge.
Jones, D. (1967). The Pronunciation of English. Cambridge University Press, Cambridge.
Harllee, F. E. (1947). Pronunciation Drills in English. Kings Cross Press, USA.
MacCarthy, P. (1967). English Prounciation. Heffer and Sons, Cambridge.
O'Connor, D. J. (1973). Phonetics. Penguin Books.
Simeon, R. (1969). Enciklopedijski rječnik lingvističkih naziva, I, II. Matica Hrvatska, Zagreb.
Sledd, J. (1959). A Short Introduction to English Grammar. Scott Foresman and Company, Glenview, 111.
Strang, B. (1968). Modern English Structure. Edward Arnold, London.
Thomas, K. C. (1958). Phonetics of American English. The Ronald Press Company, New York.
Vidović, V. Engleski glasovi, naglasak, ritam i intonacija. Beogradski grafički zavod, Beograd.
Ward, C. I. (1958). The Phonetics of English. Heffer and Sons, Cambridge.
Webster. (1970). Webster's New World Dictionary. Simon and Schuster, New York.

Velko SILJANOSKI

Summary

ARTICULATORY PHONETICS IN THE TEACHING PROCESS: THE DIVISION OF THE UPPER SURFACE OF THE TONGUE

For the needs of articulatory phonetics the upper surface of the tongue is divided into: tip or point, blade, centre and back. Their Macedonian equivalents (the Serbo-Croation counterparts are parenthesised) are: vrv (vrh), podvrshok (S-C?), preden del (prednji dio) sreden del (srednji dio) and zaden del (zadnji dio).

This division is not commonly accepted. Various sources dealing with phonetic issues offer different and often inadequate divisions of the tongue which hinder the precise description of vowels and consonants.

The inadequacy of tongue division makes the translation of phonetic terms from one language into another (in our case from Serbo-Croation into English) very difficult. Wrong translation, on the other hand, may mislead the readers of phonetic literature, and may negative effects in the teaching process, if the readers happen to be teachers of foreign languages.

Дореана ХРИСТОВА

УДК 808.66—559.3:804.0—559,3

КОНСТРУКЦИИ СО СВРЗНИКОТ „ДА" ВО МАКЕДОНСКИОТ И ВО ФРАНЦУСКИОТ ЈАЗИК

ДА во македонскиот јазик наоѓа честа примена при искажувањето на клетви или благослови, каде и во двата случаи доаѓа до израз желбата на субјектот — изказувач на дејството, бидејќи и во клетвата она што е лошо за другиот, а тоа му се пожелува, добро е за оној што зборува и тоа го пожелува. Од своја страна клетвите и благословите се доближуваат до заповедниот начин — кај нив се создава исказ каде доминира интерсубјективниот карактер:

пр. нека падне и нека си го скрши вратот!
(сакам) да падне и да си го сруши вратот

Ако во истиот контекст се замени перфективната (свршената) употреба на глаголот со неговата имперфективна (несвршена) форма, се добива еден помалку прифатлив исказ од типот на:

сакам да паѓа и да си го крши вратот

но од друга страна постои исказот:

пушти го нека крши врат

паралелно со:

пушти го нека си го скрши вратот

Исказот: пожелувам да падне и да си го скрши вратот може да се замени со доста архаичната форма која сепак често се употребува:

да даде господ да падне и да си го скрши вратот

или формата со „белки", каде во сличен контекст се исклучува прифатливоста на формата со „да", т.е. таа се заменува со футур:

? белки да падне и да си го скрши вратот →
→ белки ќе падне и ќе си го скрши вратот

Со употребата на „белки" се искажува желбата за извршување на дејството преку претпоставка.

Кај пожелувањата во македонскиот јазик организирањето на реченичниот контекст, како што беше случај и со клетвите поаѓа од односот „добро — лошо", т.е. „она што е добро за мене, го потенцирам", каде ДА е во тесна врска со исказниот извор:

пр. Ах (само) да ги имам твоите години, светот ќе го освојам!
или: ах (само) да ги имав твоите години, светот ќе го освоев!

ДА никогаш не се употребува во конструкции со идно време или условен начин, т.е. во тој случај ДА преминува во КОГА или ШТОМ:

*да ќе ги имам твоите години . . .
кога ќе ги имам твоите години
(штом)
само *да би ги имал твоите години . . .
само кога би ги имал твоите години . . .

Желбата што сè уште не е реализирана во македонскиот јазик не може да се искаже со минато несвршено време, кое пак е најчест случај за францускиот јазик:

пр. А ако утре *беше убаво времето?
et s'il faisait beau demain?
→ а ако утре биде убаво времето?
(е)
?а да биде утре убаво времето?
што ќе речеш на тоа ако биде утре убаво времето?
que dirais-tu s'il da faisait beau demain?

Често хронолошкиот индикатор (означувач) во македонскиот јазик игра пресудна улога во употребата на времето и при искажувањето на желби:

ех, да беше и вчера убаво времето! . . .
денес
утредента
*утре
ех, да биде утре убаво времето! . . .

кога би било утре убаво времето!

Во францускиот јазик е сосема правилно да се каже:

ah, s'il faisait beau demain!
ех да беше утре убаво времето!
кога би било утре убаво времето!

каде се смета дека хипотетичноста, несигурноста во извршувањето на дејството најдобро се изразува со имперфектот (минато несвршено време), дури и кога станува збор за прилогот за време „утре“.

Слично на ова во францускиот јазик за искажување на несигурната иднина се употребува минато време:

qu'en dirais-tu si on allait au cinéma (maintenant)?
што ќе речеш на тоа да одевме на кино (сега)?
а да одевме на кино (сега)?

Најчесто на таа француска конструкција би ѝ се дал следниот превод:

што ќе речеш на тоа да одиме на кино (сега)?
а да одиме на кино (сега)?

Во македонскиот јазик постои еден сооднос меѓу ДА, ДЕКА, АКО, ШТО и во некои случаи тие даваат можност меѓу себе да се заменуваат, но притоа понекогаш се менува семантичката вредност:

чудно е да зборува така il est étrange de parler comme ça
дека „ qu'il parle „
што „ ? s' il parle „
ако

Таа замена потешко оди во идно време и условен начин:

чудно е *да така ќе зборува (*да би зборувал така)
чудно е* ако така ќе зборува (?ако би зборувал така)

Не насекаде ДА може да се замени со „ако“, „дека“, „што“:

одвај да го осетив боцкањето на иглата
ако
*дека
?што
Ø

ДА во условни (хипотетички) реченици најчесто се заменува со АКО:

(сега) да го сретнам, му го вртам грбот
(сега) ако го сретнам, му го вртам грбот,

кое може да се прошири во:

секогаш кога го сретнувам му го вртам грбот
— овде во исто време се јавува итеративното (повторливо) значење.

Токму кај допусните реченици и во македонскиот јазик се јавува слагање на времињата, тоа што е всушност редовна одлика за францускиот јазик:

да сакаше ќе го стореше тоа
да сакаше ќе го *стори тоа
да сака ќе го стори тоа
да сака ќе го *стореше тоа

да сакаше тоа *беше сторено веќе
да сакаше тоа ќе беше сторено веќе

да сакаше (да сакал) тоа ќе било сторено веќе
да сакаше (да сакал) тоа ќе *биде сторено веќе

По допусните сврзници ДА, АКО никогаш не се употребува идно време или условен начин:

ако сака (да сака)
ако *ќе сака (да *ќе сака)
ако *би сакал (да *би сакал)

за разлика од КОГА кој наоѓа честа примена во македонскиот јазик придружен од футур или условен начин:

кога ќе сака
кога би сакал

Спротивно на македонскиот јазик, во францускиот јазик по употребата на „кога“ најчесто се избегнува футур или кондиционел (условен начин), освен во директните прашања од типот на:

кога ќе дојдеш?
кога би дошол?

Замена на ДА (АКО) со КОГА (ШТОМ) се јавува и при искажувањето на извесен интерсубјективен однос во кој доминира текстуалната повторливост:

ако
(за) да
го рекол тоа — не го рекол случајно
кога
штом

кое може да се сведе на:
да речеме *(како што ти велиш)* го рекол тоа, но не го рекол случајно штом *велиш* дека така рекол, не случајно тоа го рекол ако.

Сврзникот ДА се јавува и во причински (каузални) реченици:

(за) да е (сега) настинат, значи му било ладно
ако е настинат, значи му било ладно
бидејќи му било ладно, настинат е.

АКО (да)... ЗНАЧИ... — го означува односот на истовременост и последичност:

ако е настинат — му било ладно (бидејќи кога му е ладно повторливост) — настинува

Ако со мало *п* се одбележи последицата, а со големо *П* — причината, би се добило нешто слично на ова:

ако п → [[П] тогаш п]
ако п → [[П] ◡→ п]

што значи од причината произлегува последицата:

П ◡→ п

BIBLIGRAPHIE

A. CULIOLI, J. P. DESCLES, Systèmes de représentations linguistiques et métalinguistiques. Collection ERA 642, DRL Paris, 1981.
G. REBUSCHI, Structure de l'énoncé. DRL, Paris 1982.

Doreana HRISTOVA

Resume

LES CONSTRUCTIONS AVEC LA CONJONCTION „DA" (QUE)

En macédonien la conjonction DA trouve place dans les constructions intersubjectives comme par ex. les bénedictions et les malédictions qui sont souvent exprimées à l'aide de „belki" (pourvu que):

belki ќe bideš tamu sreќen.
pourvu que tu sois heureux là-bas

DA (que) n'accompagne jamais en macédonien le futur ou le conditionnel, c'est-à-dire dans ce cas là „da" est remplacé par koga, štom
quand, dès que — ce qui est tout à fait différent en français:

samo * da bi gi imal tvoite godini . . .
koga
si * quand j'avais ton âge . . .
si Ø j'avais ton âge . . .